

Славе Катин

# ПАТУВАЊА ОКОЛУ СВЕТОТ

СЛАВЕ КАТИН

# ПАТУВАЊА ОКОЛУ СВЕТОТ

*На туристите ширум светот*

**КНИГОИЗДАТЕЛСТВО „*МАКЕДОНСКА ИСКРА*" – СКОПЈЕ**
**==========================================**
**ЕДИЦИЈА: ПАТЕПИСИ**

**ПАТУВАЊА ОКОЛУ СВЕТОТ**

**РЕЦЕНЗЕНТИ:**
**Д-Р ЛЕФТЕР МАНЧЕ, КАНАДА**
**ДУШАН РИСТЕВСКИ-МАКЕДОН, АВСТРАЛИЈА**
**ВАСИЛ СТЕФАНОВСКИ – САД**

Сите права се задржани. Ниту еден дел од оваа книга не смее да биде препечатуван, умножуван или објавуван во која било форма, електронска или механичка, вклучу-вајќи и фотокопирање, без посебна дозвола на авторот, освен да се вклучат кратки делови и документирани цитати во рецензија

# ПАТУВАЊА ОКОЛУ СВЕТОТ

# ВОВЕД

Патувањата во различни земји во светот на Славе Катин беа мошне возбудливи, исполнети со многу непреспиени ноќи, искушенија, возбуди, релаксирачки моменти, сознанија и предизвици да запознае различни држави, места, градови, народи, култури, религии, обичаи и многу карактеристики на современиот свет.

Притоа, Славе Катин, често заедно со неговата сопруга Нада имал можност да посети бројни држави, метрополи и споменици кои имаат светско значење и кои оставаат вечни траги во сеќавањата на посетителот.

Затоа, тешко е посебно да се издвои место, град, метропола или држава, бидејќи сите тие Господови дарби на мајката Земја имаат свое значење, карактеристики и улога во афирмирањето на државите од светот каде тие се чувствувале како дома

Тој е голем вљубеник во патувања и посети на нови држави, градови, споменици и нови пронајдоци и откритија во светот. Затоа, имал можност да посети шеесетина држави на земјината топка, стотици градови, илјадници споменици кои имаат светско значење и кои оставаат вечни траги во сеќавањата на посетителот.

Како резултат на неговите патувања и на неговата љубов кон пишаниот збор за сè она што го видел да остави пишан документ, тој е автор на репортерските иданија: ***„Моите патувања низ светот“***, „Македонска искра“ - Скопје, 2001, на 192 страници на, македонски јазик; ***„Светот на дланка“***, „Македонска искра“, Скопје, 2014, на 424,страници (на македонски), ***„По патеките на Евлија Челебија“*** „Македонска искра“ - Скопје, 2005, на 192 страници (на турски јазик), ***„Преспанска разгледница“***, „Македонска искра“, 2020, на 424 страници, (на македонски), а публикацијата ***„Патувања околу светот“***, Македонска искра“ - Скопје, 2025, на 350 страници (на македонски), ќе биде негово петто репортерско издание за неговите видувања на светот.

Треба да се забележи дека импресивната публицистичка продукција на Славе Катин во 2001 година, е збогатена со книгата *„Моите патувања низ светот“*, чиј рецензенти се проф. д-р Томе Груевски и д-р Васил Тоциновски, во која се опфатени возбудливите импресии од неговиот престој во 20 држави на сите континенти, во кои живеат и македонски иселеници.

Публикацијата *„Светот на дланка“*, која е продолжение на книгата *„Моите патувања по светот“* е дело каде на едно место, како на дланка пред читателот се отвораат широки хоризонти.

Тоа е прилика и читателот да може да пропатува ширум светот, да се запознае со голем број земји, места, градови, интересни споменици на културите на домородното население, со културите и религиите донесени од освојувачите,

особено на Англичаните, Шпанците, Французите и Португалците како и со креолизацијата на јазиците, народите...

Рецензенти на ова дело се проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ и Ставре Циков. Третото дело репортажи на Славе Катин е *„По стапките на Евлија Челебија"*, издание на „Македонска искра", Скопје, на турски јазик, во превод на Нестрим Наумовска и Халит Зеинулах

Репортерските записи, пак, насловени како „Патувања околу светот", кое е 65 дело на авторот Славе Катин, всушност се однесуваат, пред сè на посетите на метрополите во светот, а потоа на краишта, предели, градови, држави, во кои тој како новинар патувал и го опишува она што на тој пат го привлекувало неговото внимание.

Во новинарското обликување на репортажите кај авторот доаѓа до израз неговата автентичност, документарност и конкретно прикажување на она што е најбитно. Тоа го потвдија рецензентите на публикацијата: д-р Лефтер Манче од Канада и Душан Ристевски – Македон од Австралија и Васил Стефановски од САД.

Во поголемиот број земји во светот што ги посетил Славе Катин живее и македонско население од сите делови и краишта на етничка Македонија. Затоа, одењето по светот како новинар; потпретседател на Комисијата за односи со верските заедници на Република Македонија; како член на државни, црковни, новинарски и други делегации, и како човек на кого светот му е предизвик, патувањата беа тесно поврзани со разговорите кај поглаварите на Романската, Украинската, Руската и Српската православна црква, во Цариградската патријаршија и во Ватикан. Потоа бил на погребот на Мајка Тереза во Калкута, а повеќе пати ги посетил МПЦ во Австралија, Канада, САД и ЕУ.

Сите тие посети на светот вродиле со плод и ги збогатиле шеесеттината публикации и над 5.000 новинарски текстови објавени во Македонија и во светот, како и стотината научни трудови, кои се посветени, главно, на етничка Македонија, религијата и животот на Македонците во иселеништвото.

Сите овие патувања се дел од доживувањата и посетите на педесетина земји во светот, тоа: со 70 двонасочни, или 140 еднонасочни патувања преку Атлантскиот Океан, почнувајќи од првиот лет во САД во 1965 година и во Канада во 1966 година, па се до денес, потоа трите патувања до Австралија, посетите на: Израел, Индија, Емиратите, Средна и Јужна Америка, Европската Унија и голем број земји на Блискиот Исток и Африка.

Овој пат ќе се осврниме на неговото најново дело ***„Патувања околу светот"***, кое е посветено на неговата новинарска патувачка дејност. Со ова дело Славе Катин потврди дека е истакнат и докажан новинар, духовен посветеник и горд припадник на својот библиски род и македонската земја.

Оваа публикацијата претставува исцрпен осврт за бројни метрополи кои тој ги посетил и се запознал со нивните историски карактеристики, со посебна нагласка

на културата, архитектурата, литературата, јазикот, историјата, журналистиката, религијата и многу други вредности кои ги поседуваат метрополите во светот.

Инаку во биогравските податоци за публицистот Славе Катин е забележано дека тој е книжевник, журналист, публицист и аналитичар на вистините со кои тој се запознал во неговиот живот. Тој е познат на македонската и на меѓународната јавност по неговите шеесеттина публикации, лексикографски изданија, преводи од македонски на англиски јазик и обратно, на над пет илјади новинарски и научни трудови, кои се посветени, главно, на етничка Македонија, на животот на Македонците во светот, на Македонската православна црква–Охридска архиепископија и на Античка Македонија.

Затоа, со право е забележано дека Славе Катин е вљубеник, пред сè во својата татковина Македонија, во македонскиот народ насекаде по светот, а за тоа секогаш го водела светата мисла да остави вечни траги за идните македонски генерации, за да не се заборави македонската вистина, македонските вечни корени и етничка Македонија.

Славе Катин учествувал на шеесетина симпозиуми, трибини, конференции и друг вид сесии во земјата и во светот, на кои има презентирано, главно, реферати што се однесуваат на културата, литературата, јазикот и религијата, како и на информативната и друга дејност на македонските иселеници во прекуокеанските и во западно-европските земји.

На тие патувања, контакти, приеми и учество на различни собири и државни и дрруги средби, на Славе Катин домаќините ги ценеле и почитувале неговите ставови за низа прашања од нивните области. Во овој поглед, Катин воспостави богата и динамична комуникациска врска со многу луѓе во земјата и ширум светот. Така, тој почна да гради голем златен мост за поврзување на македонското иселеништво со Татковината, особено откако Македонија стана независна демократска и самостојна држава.

Во еден подолг период Катин го свртува вниманието на себе со својата динамична информативна и публицистичка дејност поврзана со овој корпус. Поради тоа тој беше централна фигура во односите меѓу црквата и државта, од една, и односите на државата, црквата и иселеништвото, од друга страна. Ваквата негова позиција му овозможи номинација во разни друштва, здруженија и организации во Републиката и во иселеништвото.

Исто така, забележително е неговото учество на бројни симпозиуми, трибини и семинари во земјата и странство, на барање од нивните организатори кои ги ценат и почитуваат неговите погледи по низа прашања од сферите во кои дејствуваат. На овој план, Катин оствари исклучително богата и динамична комуникација со бројни субјекти во државата Македонија и светот.

***Џорџ Бранов***

# ДЕЛОТО „ПАТУВАЊА ОКОЛУ СВЕТОТ“ - ГОЛЕМ ПРЕДИЗВИК

Во мојот живот имав можност да посетам бројни држави, метрополи, споменици кои имаат светско значење и кои оставаат вечни траги во сеќавањата на посетителот. Затоа моите патувања во различни земји во светот ми беа мошне возбудливи, исполнети со многу непреспиени ноќи, искушенија, релаксирачки моменти, сознанија и предизвици да запознаам различни држави, места, градови, народи, култури, религии, обичаи и многу карактеристики на современиот свет.

Публикацијата *„Патувања околу светот“*, која има 340 страници е на македонски јазик, и токму во неа на едно место, се обидов како на дланка пред читателот да ги отвораат широките хоризонти на светските метрополи и држави. Да пропатувам ширум светот, да се запознам со голем број земји, метрополи, места, помали градови, интересни споменици на културите на домородното население, со културите и религиите донесени од освојувачите, особено на Англичаните, Шпанците, Французите и Португалците.

Во поголемиот број метрополи во светот што ги посетив живее и македонско население од сите делови и краишта на етничка Македонија. Затоа, одењето по светот како новинар; потпретседател на Комисијата за односи со верските заедници на Република Македонија; како член на државни, црковни, новинарски и други делегации, и како човек на кого светот му е предизвик, патувањата беа тесно поврзани со запознавањето, истражувањето и афирмацијата на македонските православни цркви, друштва и други асоцијации ширум светот.

Инаку, патувањата кои обично се одвиваат по копно или вода, а најмногу во воздух во различни земји во светот ги започнав токму од Македонија. И покрај тоа што во изминатите педесетина години нашите родители живееја во Торонто, Канада, сепак, за нас Македонија била почетна и завршна станица на патувањата. Сите патувања по светот имале своја цел, а од нив се понесени безброј видувања, спомени, куп впечатоци, многу материјали, љубов...

Сепак, враќањата во Македонија биле највпечатливи, највозбудливи и исполнети со една неопислива љубов кон својата родна земја, која човек и каде да оди, љубовта кон родната грутка, кон родната Татковина во себе ја носи, таа љубов е голема и тешко може да се опише. Затоа, во книгата поместувам материјали кои зборуваат за патувањата и враќањата кои почнувале и завршувале во мојата наубава земја во светот - Македонија, за што има бројни причини, факти, пишани документи, но најсилна е љубовта кон родната земја.

Историски гледано, почнувајќи од древните времиња на Александар Трети Македонски, преку римскиот и византискиот период, како и преку големите миграции на различни племиња кон југ, а потоа и за време на отоманскиот период, Македонија била раскрсница на нации, цивилизации, култури, јазици и религии.

На многу народи судбина им била историјата, а на Македонците историјата им била судбина. Следејќи ја хронологијата во последни векови, Македонците цели девет века поминале под разни ропства и само 80 години поминува во слобода. Народот на кој најубавата песна му е орото кое се вика „Тешкото". Но, се знае дека орото „Тешкото" започнало уште во времето на Атичка Македонија, а објективно е дека Македонецот и не можел да има поинаква судбина и потешко минато. Македонија не само што отсекогаш била на секот на многуте мечеви и јатагани, сабји и ками, туку во неа се судрувале и се вкрстувале многу различни култури. И токму таа Македонија, всушност, била и е лулка на цивилизациските средишта како една не само од најстарите, туку поточно и една најстара цивилизација.

Така, македонските освојувања на Исток со Александар Велики Македонски, довеле до крупни, глобални трансформации во животот на цела една епоха. Во тоа придонело развиеното македонско стопанство и култура оснивањето на повеќе од седумдесет нови македонски градови во Азија и Египет и нивно колонизирање.

Македонските градови како што се Александрија во Египет, и многу други, биле не само сообраќајни и трговски центри, туку и општествено-политички и културни фактори за ширење на македонската религија, уметност, наука и култура. Тие станале центри на мирот и соработката, толеранцијата и самоуправувањето на граѓанските слободи, коегзистенција и проникнување на посебни цивилизации.

Делото на Александар III Македонски е посебно вредно, како од воено-стратегиски, така и од научно-истражувачки аспект, заради неговите методи во воените планирања, логистиката и оперативата, нови географски и астрономски сознананија, проширување на духовниот хоризонт на светот.

Понатаму, откривање нови флори и фауни, објаснувања за поплавите на Нил, утврдување патишта за сувоземна и морска комуникација меѓу Европа и Индија, воспоставување контакт со Кина, создавање нов паричен и финансиски систем итн.

Од огромно значење е создавањето на политичка идеја за космополитизмот, развој на филозофијата, историографијата, културата информативниот систем, архитектурата, механиката, бродоизградбата.

Покрај тоа, во современиот свет тие ги поставиле основните принципи на сегашната ООН, во создавањето на единствен светски монетарен систем, колективна одбрана, Комонвелт-ЕУ. Неговото гигантско дело името на неговата омилена Македонија и неговото лично име Александар ќе опстанат и по неговата смрт во мислите на луѓето и истражувачите сè до денес. Македонизмот го означуваат периодот на македонскиот дух и техника, јазик и филозофија, од доаѓањето на Филип II на чело на Македонија во 360 година п.н.е.

Инаку мојата земја Македонија, најверојатно, е единствената земја во светот која, воопшто не го менувала своето име, од античкиот период, до присилниот, страмен и ненароден „Пријателски договор од Нивици". Како што се смета, Македонија името го добила според богот Македон, Богот на светлината и син на Зевс. Познатите истражувачи на митологијата се на мислење дека зборот Зевс доаѓа од македонскиот збор-ѕвезда, па така симболот на Македонија била ѕвездата со шеснаесет зраци, односно Сонцето со шеснаесет зраци од Кутлеш (Вергина - Палатица).

Голем број историски и археолошки наоди, на коишто изворите им се од Македонија и за кои ние Македонците треба да бидеме горди, потврдиле бројни факти од балканско, европско и светско значење. Меѓу бројните карактеристики за Македонија се следните:

Во Македонија е роден Александар III Македонски (Велики), кој заедно со својот татко Филип II Македонски претставува меѓник на историјата на војувањето, тактиката и досега е ненадминат војсководец;

Античка Македонија како прва европска империја воспоставила специфични цели и однесувања со потчинетите народи, како: почитување на културите на покорените, неприменување насилство и грабежи на оние кои доброволно се согласиле да се приклучат кон Империја; Македонците биле првите во Европа кои го прифатиле христијанството како религија и преку кои се проширило во Европа и Азија;

Од Македонија потекнуваат браќата свети Кирил и Методиј кои ги превеле црковните христијански книги; на посебно славјанско писмо (старомакедонското), со корени од Македонија;

Во Охрид е отворен првиот словенски универзитет, од кој покрај христијанството се формирала посебната славјанска (македонската) култура;

Во селото Таор, Скопско е роден и најпознатиот византиски владетел Јустинијан, чии правни одредби се учат и денес во сите светски универзитети;

Во Македонија е роден „таткото" на современа Турција, Кемал Ататурк, чие семејство потекнува од селото Коџаџик, кај Дебар;

Во Скопје е родена света Мајка Тереза, една од најхуманите жени во светот. Таа потекнува од македонско семејство, а го сакаше целиот свет.

Затоа, со право се вели дека Македонците не само што постоеле, не само што постојат, туку и ќе постојат сè додека светот светува и векот векува, зашто не е лесно да се искорени еден народ таму каде што живеел со векови.

Општо познато е дека македонскиот народ, според своите карактеристики и обичаи, јазично и етнички е различен од народите од соседните земји. Од тие причини туѓите буржоазии од првиот момент од 1913 година, својата власт ја

прошириле над Македонија, изградиле политика на физичко истребување на македонскиот народ и менување на етничкиот состав во своја корист.

За жал, во цела Беломорска и Пиринска Македонија денес владее национално и политичко ропство. Таму националистите, јаничарите и шовинистите, поткрепени од големите сили, прават големи усилби да го обезличат македонскиот национален дух и да го уништат и длабоко да го закопаат богатото историско и културно минато на македонскиот народ, за што пишувале голем број интелектуалци, паталци, патеписци и добронамерници.

Својата вековна слобода, но само во Вардарскиот дел, Македонија ја извојувала во Народноослободителната борба што ја водела во текот на Втората светска војна против германско-бугарско-италијанските и албанските фашистички окупатори. Во текот на, речиси, петгодишната крвава борба, во која Македонија дала повеќе од 20.000 жртви, македонскиот народ за првпат во својата историја се здобил со своја државноправна заедница.

Од 1991 година па до денес Македонија минува низ макотрпен период во својата демократска трансформација. Иако со статус на членка на Обединетите нации, асоцијативна членка на Европската Унија, на Советот на Европа и на многу меѓународни организации, членка на НАТО, македонската млада држава, сè уште не може да се ослободи од старите апетити на некои соседи.

Една од најголемите трагедии на македонскиот народ е Букурешкиот мировен договор, со што на 10 август 1913 година етнојазичната територија на Македонија била распарчена, а со неа и живото ткиво на македонскиот народ, кој дотогаш опстојувал и живеел како единствена целина во рамки на своите природни етнички и географски граници. Поделбата на Македонија беше условена од геополитичките интереси на моќните европски сили.

Од денешна перспектива, Македонците сè уште ги чувствуваат негативните последици од Букурешкиот договор, во овој контекст се актуелните негирања на македонските малцинства во Грција и во Бугарија, како и денешните негирања на македонската нација и нејзините особености од страна на Софија.

Слична трагедија се случи со „Договорот од Нивици“. Со овој договор не се менува само името на државата, туку и идентитетот! Со промена на идентитетот, Преспанскиот договор навлезе во сферата на културен геноцид и затоа мора еднострано итно и безусловно веднаш да се раскине! Договорот е раскинлив ако е геноциден, културоциден, етноциден итн.

Според договорот, понижувачките делови се тие што Република Македонија го промени своето официјално и уставно име во *Република „Северна“ Македонија*,

И прикаската со (не) „пријателскиот“ идентитетски договор со Бугарија кој е нелегален и заедно со договорот со Грција дејствуваат во ист правец. Едниот го ништи идентитетот, го калеми својот идентитет како наш, го претставува бугарскиот идентитет како македонски, всушност ги асимилира Македонците

и го поништува македонскиот идентитет и го вградува својот, а се врши асимилација.

Бидејќи двата „пријателски“ договори со Грција и со Бугарија се слични на Букурешкиот договор, Република Македонија како самостојно, независна држава треба што е можно побрзо да ги раскине двата договори.

Инаку, треба да се знае дека на 8 септември 1991 година, на плоштадот „Македонија“ претседателот на Референдумската комисија ги соопшти првите резултати, според кои Македонија изгласа да стане за прв пат независна, самостојна и суверена држава.

Масовен беше одзивот и на Македонците во иселеништвото, во САД, Канада, во Австралија и Европската Унија каде што гласањето беше извршено предвреме, а на повеќе места беше констатирано дека сите гласачи се изјасниле позитивно за самостојноста и сувереност на Македонија.

За жал, во деновите пред Референдумот беа упатени повици до сите политички водачи и до граѓаните да одат да го дадат својот глас. Повикот беше прифатен од сите, освен од партиите на албанската националност кои повикаа на бојкот, тврдејќи дека Албанците се обесправен народ. Поради тоа, граѓаните од албанска националност го бојкотираа овој Референдум.

Меѓутоа, 8 септември 1991 година кај македонскиот народ во етничка Македонија и кај македонското иселеништво во светот се слави како Трет Илинден.

Нашиот Трет Илинден е печатот ставен на личната карта на Македонија во Обединетите Нации, држава во која официјален и службен е македонскиот јазик. Македонскиот трет Илинден е нашата борба и нашата победа на демократските наспроти декадентните вредности. Победата на парламентаризмот и дијалогот наспроти едноумието, омразата и насилството во нашето едно и еднавкво општество за сите.

Македонското заедништво, што се градеше со векови, претставува обврска за македонската заедничка иднина и за континуитетот во остварувањето на нашите стратешки интереси како наш Трет Илинден.

Исто така, сега славиме 80 години од Првото заседание на АСНОМ кој претставува државно конституирање на македонскиот народ и народностите во Македонија.

На него се донесени повеќе решенија, меѓу кои се решението за конституирање на антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија АСНОМ во врховно законодавство и исполнително тело на Македонија и заведување на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава, решение за донесување декларација за основните права на граѓаните во самостајна и демократска Македонија.



СЛАВЕ КАТИН


СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ - КАТИН
МОИТЕ
ПАТУВАЊА
НИЗ СВЕТОТ


СЛАВЕ КАТИН
СВЕТОТ НА ДЛАНКА


SLAVE NİKOLOVSKİ – KATİN
EVLİYA ÇELEBİ'NİN
DÜNYA SEYAHATLERİ
İZLERİNDEN


Славе Катин
ПАТУВАЊА
ОКОЛУ СВЕТОТ






*Музејот во Петрополис*



*Споменикот на Исус Христос во Рио*



*Плажата „Копакабана“ во Рио де Жанеиро*

# 1. БРАЗИЛ

## 1. БРАЗИЛ – ЗЕМЈАТА НА КАФЕТО, ТАНЦОТ, ФУДБАЛОТ, УБАВИТЕ ЖЕНИ...

При нашата посета на Бразил бевме воодушевени дека денешната територија била населена уште пред 6 илјади години. Повеќето домородни народи кои живееле и живеат на територијата на Бразил се верува дека се потомци од првиот бран емигранти кои пристигнале овде од Северна Азија, поточно од Сибир. Во 1500-та година од нашата ера територијата на модерен Бразил броела население од околу 3 милиони жители, разделено во повеќе од 2 илјади нации и племиња.

Во текот на наредните три века, Бразил бил постојано колонизиран од Португалци. Лингвистиката, пак, открила дека во Бразил има над 188 живи домородни јазици со над 150.000 говорници и дека 67 домородни племиња кои сè уште живеат без допир со конвенционалната цивилизација. Според податоците што ги прочитавме, Бразил е најголема држава во Јужна Америка. Површината и е речиси повеќе од половина на целиот континент, со главен град Бразилија. Бразил на исток е заграден од Атлантскиот Океан со долга брегова линија од околу 7.500 километри. На север се граничи со Венецуела, Суринам, Гвајана и со прекуморскиот оддел на Француска Гвајана.

На северозапад се граничи со Колумбија, на запад со Боливија и Перу, на југозапад со Аргентина и Парагвај и на југ со Уругвај. Бројни архипелази припаѓаат на Бразил, како Фернандо де Нороња, Атолските Карпи, Свети Петар и Павлевите Карпи и Тринидад и Мартин Ваз. Оваа огромна јужноамериканска држава е десетта светска економија. Бразил е член и основач на Обединетите нации и Унијата на јужноамерикански нации. Во Бразил е доминантна римокатоличката религија, а државен јазик е португалскиот.

Бразилската култура, главно, била под влијание на европската, африканската, и домородните култури и традиции. Најголемо влијание има, португалската култура, поради силните колонијални врски на Португалската Империја. Бразил има доста наследено од Португалците, меѓу другото наследен е јазикот, католичката религија и колониалните архитектонски стилови. Исто така, бразилската култура има влијание од италијанската, германската и од други европски доселеници.

Домородните народи влијаеле на кујната и јазикот, додека Африканците, донесени во Бразил како робови, влијаеле на јазикот, кујната, музиката, игрите и религијата. Кујната, пак, многу варира од регион до регион.

Карневалот со спектакуларни улични паради и музика, е една од посилните слики на Бразил. Тој се одржува секоја година пред Велигден кога се означува почетокот на великите пости. Карневалот се слави во цел Бразил, секаде е обележан со своите регионални карактеристики, но најспектакуларните славења надвор од Рио де Жанеиро се одржуваат во Салвадор, Ресифе, и други.

Религијата е многу разнолика во Бразил, уставот дава слобода на вероисповед, и владата генерално го почитува тоа право во практика. Во Бразил преовладува Римокатоличката црква, правејќи го Бразил најголема католичка нација во светот. Формалната врска меѓу државата и римокатолицизмот ослабнала кон крајот на XIX век, сепак, црквата го задржала големото влијание. Споменикот на Исус Христос над Рио е едно од новите седум светски чуда и симбол на религиозноста на Бразил. Тој е едно од најпосетените и најинтересните места во Рио.

При нашата посета на Рио (авторот на овој текст како учесник на меѓународен симпозиум за религијата, заедно со сопругата) се уверивме дека бројот на протестантите расте. До 1970 година, мнозинството бразилски протестанти биле следбеници на „Традиционалните цркви", повеќето лутеранци, презвитеранци и баптисти. Од тогаш па наваму, бројот на пентокостните и неопентокостните следбеници значајно нараснал.

Традиционалните африкански верувања од донесените робови се имаат измешано со католицизмот, и така се создале афробразилските религии макумба, кандомбле и умбанда. Домородните религии варираат од група до група во градовите Рио де Жанеиро, Сао Паоло, Порто Алегро, Флорианополис, Салвадор и други.

Рио де Жанеиро лежи на бразилскиот брег на Атлантскиот Океан, близу до јужниот напоредник, чие што крајбрежје е ориентирано од исток кон запад. Овој град е основан на мал залив наречен Гуанабара, чијшто влез е местото наречено Шугер Лоф. Центарот, јадрото на Рио, лежи на рамнините на западниот брег од заливот Гуанабара. Поголемиот дел од градот, најчесто именуван како Северната Зона, се протега на северно - западните рамнини.

Јужната Зона на градот ги опфаќа плажите кои ги допираат краевите на отвореното море, оваа зона е одделена од Центарот и од Северната Зона со помош на крајбрежните планини. Западната Зона, која долго време била отсечена поради непроодните планински терени, станала проодна и се здобила со нови патишта и тунели до крајот на XX век.

Бразил бил колонија на Португалија сè до 1822-ра. Во почетокот независен како империја, во доследност Бразил е Република од 1889-та, иако бикамералната легислатура сега нарекувана Конгрес датира од 1850 -та. Моменталниот устав ја дефинира.

Инаку, Бразил како Федерална Држава е составена од федерален округ и 26 државни и еден федепален округ. Ниеден од конституентите нема право

на оттуѓување. Државите се основани на историски, конвенционални граници создавани низ времето, иако некои граници се обсудливи. Државите можат да бидат делени и соеди-нувани со цел создавање на нови по основа на плебицит. Државите имаат нивна управа, право да собираат свои даноци и данок на ниво на федерацијата. Тие имаат гувернатор и легислативно тело избрани од нивниот народ. Поседуваат исто така и независно судство. Но сепак го немаат правото да создаваат свои закони.

Бразилија ,пак, е изградена со цел да биде Бразилска престолнина. Идејата била да се префрли главниот град од јужниот морски дел во централниот дел на Бразил. Пред тоа главен град на Бразил бил Рио де Жанеиро а пред него Салвадар. Со преместувањето на главниот град во централните области на земјата, владата имала намера да ја зголеми густината на населението во тие области.

Луѓе од цел Бразил биле најмени во неговата изградба, а најмногу од северен Бразил. Луцио Коста го проектирал градот така што не би имало потреба од семафори. Голем дел од оригиналниот план е променет поради брзиот пораст на Бразилија. Коста не предвидел толку брз раст, Бразилија денес има семафори како и секој друг град.

Тука фудбалот е религија а Бразилците се познати како најдобрите фудбалери во светот. Тие се рекордери на најмногу освоени титули во светот, по што следат Италија и Германија. Бразил е единствената земја чиј тим игра на 21 светски шампионат од 1930 до 2014 година.

Големата земја на богатството, играта и фудбалот, на север се граничи со Венецуела, Суринам, Гвајана и со прекуморскиот оддел на Француска Гвајана. На северо-запад се граничи со Колумбија, на запад со Боливија и Перу, на југозапад со Аргентина и Парагвај и на југ со Уругвај. Бројни архипелази припаѓаат на Бразил, како Фернандо де Норања, Атолските Карпи, Свети Петар и Павлевите Карпи и Тринидад и Мартин Ваз.

Оваа огромна јужноамериканска држава е десетта светска економија. Бразил е член и основач на Обединетите нации и Унијата на јужноамерикански нации. Во Бразил е доминантна римокатоличката религија, а државен јазик е португалскиот. Доста различни елементи го сочинуваат бразилското општество со својата мултиетничка комплексност.

Бразилската култура, главно, била под влијание на европската, африканската, и домородните култури и традиции. Најголемо влијание има, секако од португалската култура, поради силните колонијални врски на Португалската Империја

На почетокот, Португалија не гледала со многу интерес кон Бразил, претежно поради профитот што го остварувала при тргување со Индија, Индонезија, Кина и Јапонија. Во текот на овој период, дрвото со црвена боја, пау-бразил бил најексплотираниот ресурс од страна на португалските освојувачи.

# 2. РИО ДЕ ЖАНЕИРО – НАЈПОСЕТУВАНАТА МЕТРОПОЛА ВО ЈУЖНАТА ХЕМИСФЕРА

Ние летавме од Сао Паоло до Рио де Жанеиро, кој често е нарекуван само Рио. Бевме нестрпчиви кога ќе стасавме во метрополата Рио за која многу сме дискутирале, читале различна литература и гледале бројни филмови и фудбалски утакмици. Нашето пристигнување беше проследено со пречек од Владата на Бразилија, која го организи-раше Симпозиумот за религијата.

Рио се Жанеиро е главна метропола на Бразил и по Сао Паоло, втор по големина и трета метропола во Јужна Америка, достигнувајќи над 6 милиони жители, во центарот и околу 12 милиони жители со околината, правејќи го шести град по големина во Северна и Јужна Америка, а дваесет и шести во светот.

Тој бил главен град на Бразил речиси два века, од 1763 до 1815 година за времетраењето на Португалската колонијална ера, после 1815 до 21 година станува главен град на Обединетото Кралство на Португалија, Бразил и Алгарвеш.

Рио де Жанеиро многу често е нарекуван „Волшебниот град". Тој претставува втор по големина град во земјата по бруто-домашен производ, а триесетти по големина во светот. Рио е седиште на двете големи бразилски компании–Петробас и Вале, и големите нафтени компании и телефонија во Бразил, покрај најголемиот конгломерат на медиуми и комуникациски компании во Латинска Америка.

Овој град е најпосетуваниот град во јужната хемисфера и е познат по неговите природни опкружувања, славењето на карневалите, самбата, босанова и плажите како што се Бараде Тихука, Копакабана, Опанема и Леблол. Во прилог на плажите оди и најпознатата знаменитост, огром-ната статуа на Исус Спасителот на врвот на планината Корковадо. Оваа статуа е дел од новите седум светски чуда. Потоа планината Шугер Лоф, Самбадроме, област во која се стационирани повеќе училишта за самба танцот.

И на крај да спомeнеме дека стадионот Маракана е еден од најголемите фудбалски стадиони во светот. Летните олимписки игри во 2016 година се одржат во Рио де Жанеиро, а со тоа за првпат се запиша дека Јужна Америка беше домаќин на голем настан. Стадионот Маракана во Рио, исто така, беше домаќин на финалниот меч за Светското првенство во фудбал во 2014 година, а во 2013 година Рио де Жанеиро беше домаќин на Светскиот ден на младите.

Пoновите историски податоци за Бразил, односно за Рио де Жанеиро, укажуваат дека Америго Веспучи бил првиот морепловец - Италијанец кој стасал во Рио. Тоа се случило во далечната 1502 година.

Кога Португалците дошле на тоа парче земја и кога нивниот брод за прв пат го заминал Шугер Лоф и навлегол длабоко во заливот Гуанабара, навигаторот забележал ситно струење на водата и помислил дека впловил во утока на некоја голема река. Тоа се случило во почетокот на јануари и затоа новото место го нарекол Рио де Жанеиро, што значи „јануарска река".

Португалците му посветувале малку внимание на Рио де Жанеиро, бидејќи со откривањето на новите територии, требало нивната главна грижа да биде одбраната од Индијанците и од француските освојувачи. Но, работите од корен се измениле кога се откриени златото и дијамантите во државата Минас Жераис.

Ова богатство било наменето за кралскиот португалски двор, чиј директен пат до него водел преку Рио де Жанеиро, а оттаму преку океанот за Европа, односно за Лисабон и Португалија. Затоа пристаништето во Рио само се проширувало и наместо градот Бахија, Рио станал главен град на новата колонија во 1763 година.

Исто така, во литературата за Бразил е запишано дека кога Наполеон Бонапарта навлегол во Португалија во 1808 година, кралскиот двор брзо пребегал во Рио де Жанеиро, уживајќи во сета своја раскош и убавина на новите простори. Животот течел, парите и дијамантите се множеле, а кралскиот двор се проширувал и станувал сè посилна институција. Така, по смртта на португалската кралица Марија во 1816 година, принцот Дон Жоао бил крунисан за крал, а Рио станал главен град на Португалија.

Провинцискиот град со тропска клима, за разлика од европскиот Лисабон со медитеранска клима, станал вистински цивилизиран со банки, музеи, пошти, патишта, цркви, културни и други објекти и установи, а француските модни креа-тори ја подготвувале облеката за членовите на кралскиот двор,

Но, еден ден во 1821 година кралот се вратил во Португалија. Веднаш по заминување дошло до израз незадоволството во државата со која продолжил да управува неговиот син. Притисокот бил голем така што наместо да се врати во Португалија и да биде португалски владетел, на 7 септември 1820 година тој прогласил независност на Бразил, и секрунисал за император, со титула Дон Педро I.

Тој започнал да води расипнички приватен живот и да троши огромни суми пари. Во скандалозниот начин на живеење, станал татко на четири деца со слугинките. Развратот и некадарноста да владее и да ја води државата по девет години го натерале Дон Педро Први да абдицира во корист на својот син кој имал само пет години.

Денес, меѓу бројните жители на Рио де Жанеиро има и од Македонија. Се смета дека првите Македонци пристигнале во оваа далечна земја по Првата светска војна. Тоа биле претежно политички емигранти или авантуристи, а некои продолжиле на патот за Аргентина. До пред повеќе години тој број се движел и до стотина.

Нашата посета ја искористивме да го пронајдеме живеалиштето на мојот биолошки татко Ристо Николовски (Барџевски), кој учеше во Русија (Советскиот сојуз), беше партизан, функционер, затвореник, избеглица од повеќе земји по светот, за на крајот, без да го види семејството, да го направи својот вечен дом во градот Јагуажа во Бразил.

По долго трагање со помош на неколку пријатели, припадници на Католичката и Протестанската црква, пронајдовме дека мојот биолошки татко живеел во Рио де Жанеиро, а кога формирал друго семејство се преселил на југ во градот Јагуажа, што е сместен на другиот крај на оваа пространа земја, во непосредна близина на Уругвај. Овој податок го потврдивме со информацијата на конзулот на поранешна Југославија, кој нè упати до еден роднина на сопругата на Ристо.

Податоците што ги добивме од тоа лице беа оскудни, но единствено беше добро што добивме неколку адреси од ќерките кои ги добиле од бракот со Португалка, на кои подоцна се обративме и добивме низа потребни информации за неговиот живот, новото семејство, работата, успесите и падовите во животот и тагата за Македонија.

Поради ограничениот престој во Рио посетата на семејството на нашиот роднина не ја оствaривме, но останавме со мислата дека при некоја друга прилика таква средба ќе има и дека ќе го посетиме вечниот дом на мојор татко кој остави изгубени траги во Бразил.

Периодот во кој го посетивме Рио беше крајот на јуни и почетокот на јули. Во Македонија жешко летно сонце, а во Бразил иако годишно време беше зимата, просечната температура се движеше меѓу 25 и 30°C. Тогаш сонцето откај океанот се издига во вид на златно црвена топка дури во 7.30, наместо во 5,30 часот кога и почнува денот на Копакабана. Бевме во Рио во времето кога рибарите се враќаа од ноќното фрлање мрежи во океанот токму на почетокот на Копакабана, каде сè уште постои пазар за риби.

Во тие утрински часови плажата станува гимнастички центар; повеќе групи играат одбојка или фудбал на песокот, а илјадници џогери и рекреативци се движат долж четири километарскиот тротоар. Авенијата „Атлантика" е една од најфреквентните артерии во Рио. Преку цел ден и ноќ се движи бесконечна колона автомобили кои, се најчисти во светот, бидејќи не видовме валкано возило како што е случај на Балканот.

Кога сонцето ќе се подигне над океанот, а сенката од дрвјата долж авенијата ќе се намали, тогаш џогерите се враќаат во своите домови, а на „сцена" на плажата настапуваат бејбиситерките и мајките кои со најмладите и со најмалите доаѓаат на плажа. Кристалниот ситен песок е вистинско игралиште за нив.

Инаку, Копакабана е предградие на Рио Де Жанеиро, најдобро познато по својата четири километри долга плажа, една од најпознатите плажи во светот. Според туристичките податоци, на Копакабана се наоѓаат 63 хотели и 10 мотели. Плажата Копакабана секоја година е домаќин на милиони луѓе

кои доаѓаат овде за новогодишната прослава, а неколку пати е официјалното место за одржување на Светскиот Куп за Фудбал на плажа.

Нашиот престој во Рио траеше 19 дена и бевме сместени во хотелот „Сонце" на плажата Копакабана, Плажата е долга четири километри и е навистина огромна и тука ќе видите секаков народ, а од страна голем број на кариоки кои што џогираат, возат ролери и точаци.

Долж плажата има многу барчиња ресторанчиња каде што посетителите можат да се освежат со кокосова вода, или некој друг тропски коктел. На плажите ќе видите многумина што продаваат канга, најчесто со мотиви од Рио де Жанеиро и Бразил.

Исто така, треба да се нагласи дека Рио де Жанеиро претставува вистинска туристичка атракција која го привлекува вниманието на посетителите од целиот свет. Овој крајбрежен град е познат по своите уникатни природни и архитектонски знаменитости. Меѓу најиконските симболи на Рио се статуата на Исус Христос, која се наоѓа на врвот на планината Корковадо, како и планината Шеќерна Глава, која нуди незаборавни панорамски глетки.

Во Рио де Жанеиро се наоѓа и најголемата урбана шума во светот, националниот парк Тиџука, кој е дом на 71 вид цицачи. Во паркот Боа Виста, пак, каде што посетителот ужива во зелените ридови, може да го посетат Храмот на Аполон или да ја истражи Националната палата, некогашниот дом на бразилската кралска фамилија, која денес е дел од Националниот музеј на Бразил.

Со тоа Рио де Жанеиро останува неизоставна дестинација за оние кои сакаат да ја доживеат магијата на Бразил – град кој ги комбинира природните богатства со културното наследство, создавајќи неповторливо искуство за секој посетител.

Инаку, Државата Бразил е распослана во Јужна Америка, на атлантскиот брег и е петта по големина земја во светот. Градот е светска референца за планиран град. Сместувањето на резиденцијални градби околу широки урбани области, градејќи го градот околу големи улици и делејки го на сектори, поттикнало дебата околу животот во големи градови во 20 век.

Проектираниот дизајн на градот вклучувал специфични области за скоро сè, вклучувајќи акомодација - Хотелски сектори, јужен и северен. Сепак нови области се планираат и денес како локации за хотели, како сектори за Хотели и Туристички северен сектор, сместен на бреговите на езерото Параноа. Во 1960 година градот Бразилија е избран за главен град.

Локалното население се нарекува "кариоки". Официјалниот јазик е португалски поради колонизацијата на Португалската империја од времето на Големото географско откритие до XIX век.

Бразилскиот устав им дава право на секој граѓанин слободно да ја практикува секоја религија. Католицизмот е најраспространет, а тоа го прави Бразил најголемата католичка земја во светот.

# 3. ПЕТРОПОЛИС – ЦЕНТАРОТ НА ИМПЕРИЈАТА И БОГАТСТВОТО

Вториот император Дон Педро Втори бил надарен со способност, мудрост и со широко срце. Ја зел власта во свои раце на возраст од 15 години и владеел цели 49 години, сè до укинувањето на робовладетелството. Тоа бил период на економски растеж на земјата, развој на производството за кафе, памук и шеќер. Животот во кралскиот двор се одвивал по рецептот на европските земји, а Дон Педро Втори бил чест гостин на Европа.

Така, при една негова посета на Европа, како последица од неговото лошо здравје, принцезата Изабела ги ослободила робовите без да им плати на сопствениците на плантажите. Меѓутоа, како што рекол некој од очевидците, кој бил и потписник на тој документ, „Нејзиното Височество спаси една раса, но ќе го загуби престолот". Така и се случило. На 15 ноември 1889 година монархијата била отфрлена и Бразил се прогласил за република.

Имавме можност да се запознаеме со овие податоци и настани од минатото при посетата на градот Петрополис, 80-тина километри северозападно од Рио, каде се наоѓа и Музејот на Империјата. Всушност, сегашниот музеј бил Кралската палата на Дон Педро Втори во период од десетина години, односно тоа била летна резиденција на императорот од каде тој ја водел државата.

Таа прекрасна зграда е во неокласичен стил, со пространи паркови наоколу, исполнети со разновидни дрвја и цвеќиња и други егзотични растенија. Во таа оаза на слободата на духот, како што рече преведувачката Глауција, симпатична мулатка, императорот поминувал шест месеци во годината во летната резиденција во Петрополис.

Денес музејот има вредна колекција на документи од кои може да се проучува историјата на Бразил во XIX век. Посебен простор заземаат предметите и вредностите кои говорат за минатото, но и за сегашноста на земјата, што е составена од 22 сојузни републики, 4 федерални територии и еден федерален округ - Рио де Жанеиро.

Со самото пристигнување на дивите простори на Бразил, Португалците биле вчудовидени од убавината што го опкружувала тогашниот град Рио. Всушност, по слегувањето од бродовите се среќавале со бескрајни падини со бел песок, зеленило и појас на шуми меѓу граничните врвови што се издигаат над кристално чистата вода.

Тамоуосите, староседелски индијански племиња кои живееле и го користеле тој рај, не ги сакале новодојденците, ниту, пак, оние кои пристигнувале во наредните години. Тие, веројатно, биле свесни дека белиот човек нема никогаш да престане да доаѓа во нивната земја. Во тоа биле и во право.

Тамоуосите знаеле дека тие простори на кои се протегал Рио де Жанеиро и заливот што го поврзува не биле река, туку само залив (гуанабара), што на

нивниот јазик значи „заштитник, знаме на морето". И кога првите Португалци се доселиле кај заливот, староседелците и од љубов и од омраза ги нарекла „кариоки" што на нивниот јазик значи „куќа на белиот човек".

Денес, по повеќе од 500 години, во Рио непрекинато доаѓаат посетители од целиот свет. И сè уште се вчудовидени од неговата убавина. Кога ќе се пристигне на интернационалниот аеродром во Рио, првиот поглед на градот е од кај заливот - Порта (гуанабара) кој останал со истите раскошни планини, шуми, песок и вода како пред 500 години, од времето на Америго Веспучи.

Инаку, за составот на населението во Бразил постојат бројни податоци. За потомците на Бразил, чии предци се припадници на разни раси, постојат повеќе имиња, а најчесто е името мелези. Децата на еден бел и еден Афроамериканец родител се викаат мулати, децата, пак, од брак на белец и американски Индијанец - местаци, а потомците од мешани бракови меѓу американски Индијанци и Афроамериканци - замбоси.

Во земјите на Латинска Америка често било мешањето меѓу различните групи народи и се формирал мозаик на луѓе потомци на разни раси. Најголемата група ја сочинуваат мелезите (местаците, потоа мулатите и замбосите), а од нив најбројни се местаците.

Португалските освојувачи кои станале господари, освојувајќи големи територии од новиот свет, со себе не ги повеле своите жени, а тоа се однесува и за подоцнежните португалски доселеници. Тие се женеле со Индијанки во времето на колонијалното владеење од XVI до XVII век. Португалците не им дозволувале на другите Европејци да се доселуваат во Бразил.

Португалците со Индијанците постапувале како со ниска класа и немало мешани бракови. Меѓутоа, толерантноста на Португалците во однос на склучувањето бракови со Индијанки, истовремено, се совпаѓало со најсвирепото поробување на индијанските племиња. Така, меѓу другите племиња целосно е уништено индијанското племе Аравак, чии припадници биле принудени претерано да работат на тропските плантажи со шеќерна трска на островите во Карипското Море.

Во раниот колонијален период бројот на белците бил незначителен. Точни податоци не постојат, но се смета дека во 1800 година пред самиот почеток на војната за независност во Бразил имало 400 000 белци, 1 500 000 Афроамериканци и 600.000 Индијанци. Денес бројот на белците (условно да кажеме) е значително поголем.

Кариоките не одат на плажа, тие живеат на плажата. А, Рио е опкружен со плажи. Копакабана и Панема се најпознатите и најпривлечните плажи поврзани во низа од 32 километри од Пуркаја до Тижукаја. Тоа е, веројатно, најдолгата плажа во светот што им е на располагање на капачите кои доаѓаат во Рио, каде постои вечното лето коешто го прави Рио погодно место за живеење, разонода и туризам.

Копакабана, веројатно, е најпознатата плажа не само во Јужна Америка, туку и во светот. Таа е највозбудливиот дел на Рио. Триста илјади Кариоки живеат во стотина улици на Авенида „Атлантика“, најблиската авенија до океанот, чиј широк тротоар е послан со фамозниот црно - бел мозаик, кој е направен од мермерот што се носел со бродовите од Португалија и Шпанија за непотонат бродовите во океанот, а на враќање да понесат голема количина богатство од новиот континент. Оваа авенија е долга 4 км и на неа од јужната страна, меѓу другите е лоциран еден од најубавите и најлуксузните хотели „Рио Гранде“.

Според демографскиот попис од 2010 година, во Петрополис живееле 186.642 белци (63,5%), 75.025 мешани луѓе (25,4%), 31.463 црнци (10,6%), 970 азиски луѓе (0,4%) и 281 американско население (0,1%).

Главните народи кои учествувале во етничкото и културното формирање на Петрополис биле Германците и Португалците (главно од регионот на Азорските Острови). Други етнички групи како Италијанците, Французите, Англичаните и Либанците исто така имаа експресивно учество во формирањето на градот.

Инаку, административен центар на Бразил е метрополата Бразилија која е сместен во рамнината Планалто и има околу 2, 5 милиони жители и е на листата на Светското наследство на УНЕСКО. Престолнината Бразилија е седиште на трите гранки на Бразилската власт. Исто така, таа е и седиште на многу бразилски компании, банки и други административни установи. Тој е планиран град во кој сместувањето на резиденцијалните градби се на широки урбани простори, со големи улици поделени на сектори, што поттикнало дебата околу животот во големите градови.

Градот е планиран и развиен во 1956 година, а во 1960 година и официјално станал бразилска престолнина. Гледан одозгора формата на градот наликува на авион или пеперутка. Бразилија е изградена со цел да биде бразилска престолнина. Идејата била да се префрли главниот град од јужниот морски дел во централниот дел на Бразил. Пред тоа главен град на Бразил бил Рио де Жанеиро, а пред него Салвадор.

Местаците се од чисто португалско-индијанско потекло. Склучувањето бракови меѓу Португалец и Индијанка имало за последица и некоја општествена толерантност, каква што немало меѓу англосаксонците кои го населиле најголемиот дел од северно - американскиот континент.

Таму тие со Индијанците постапувале како со ниска класа и немало мешани бракови. Меѓутоа, толерантноста на Португалците во однос на склучувањето бракови со Индијанки, истовремено, се совпаѓало со најсвирепото поробување на индијанските племиња.

Така, меѓу другите племиња целосно е уништено индијанското племе Аравак, чии припадници биле принудени претерано да работат на тропските плантажи со шеќерна трска на островите во Карипското Море. Многу Индијанци отишле во смртта работејќи и во рудниците за злато и сребро или како робови на огромните латифундии.

# 4. ПРЕД СПОМЕНИКОТ НА ИСУС ХРИСТОС – СПАСИТЕЛОТ НА РИО ДЕ ЖАНЕИРО

Исус Христос беше пророк и учител од Назарет, кого многу Евреи го сметале за голем проповедник. По неговата смрт станал главна личност во христијанството, како и важна личност во другите религии. Муслиманите го сметаат за пророк, а христијаните за Месија и Син Божји, односно второто лице на Светото Тројство. Исто така се нарекува уште и Бог Слово, кој поради спасувањето на човечкото општество од неговите гревови се „претворил" и станал човек — Исус Христос

При нашата посета на Рио се уверивме дека таму се вишнее највпечатливата височинка од која можат да се видат спомениците на оваа метропола на контрасти. Корковадо е имиџ на Исус Христос со раширени раце кој е заштитник на Кариоките и симбол на Рио де Жанеиро.

Споменикот на Исус Христос - Спасителот се наоѓа на самиот врв на планината Корковадо. Тоа е дело на архитектот Хелтор да Силва Коста, а скулптор бил Французинот Паул Ландовски. Овој значаен, впечатлив и по многу нешта уникатен споменик од светската култура, е поставен на надморска височина од 710 метри, а бил изграден во 1931 година на највисокото плато.

Само статуата е висока 30 метри, пречникот на раширените раце е 28 метри, а вкупната тежина на споменикот е 1.145 тони. Низ него минува тунел од околу 30-тина метри (во просторот на раширените раце на Исус Христос) во кој е сместена мала христијанска црквичка со капацитет за околу 150 посетители.

Кога се пишува за Исус Христот треба да се потенцира дека според Новиот завет, Исус Христос е роден во градот Витлеем, најсветото место од сите свети места за христијаните. Секоја година илјадници верници и посетители доаѓаат во Витлеем да се поклонат на светото место во пештерата и во црквата „Раѓањето на Исус Христос". Овој храм доживеал многу архитектонски градби и надградби и постојано бил зголемуван во различни периоди од историјата. Црквата претставува творечко постигнување на човештвото преку вонредно убавите креации на повеќе библиски мотиви, содржини и специфични христијански карактеристики.

Таму, во срцето на Палестина, се наоѓа едно од најсветите места на оваа Земјина топка, црквата „Раѓањето на Исус Христос". На истиот плоштад се наоѓа и џамија. Таму се случува истовремено да се слуша молитва од џамијата и чукање на камбаните од црквата. Овие два звука, на овој познат плоштад во Витлеем, даваат еден вид хармонија, што само по себе е чудо на денешнината. Исто така, кон ова свето место, припадниците на муслиманската вероисповед покажуваат голема почит спрема Исус, кој го сметаат како битна фигура во нивната религија

Ова место има енергија и смиреност, која дава сила да се издржи со часови стојејќи само за поклонување на местото каде што Исус е роден. Искуството од посетата на Витлеем е тешко да се искаже со зборови, тоа може да се почувствува само во тоа свето место На неколку чекори погоре, во срцето на Витлеем, се наоѓа црква која е подигната на местото каде што Дева Марија за првпат го надоила

Исус. Според преданијата, на тоа место паднала капка млеко на карпата. Таа капка, е причина зошто карпата станала бела. Затоа на тоа место има убав храм, во кој се поставени уникатни икони и кои се карактеристични само за оваа црква.

Исто така, кога се пишува за Исус Христот треба да се потенцира и неговиот вечен дом во Ерусалим, град на вечните убавини и на светите места. Низ милениуми населението на Ерусалим, но и тие што доаѓале и доаѓаат да му се поклонат, го воспевале и го воспеваат како град на вечноста, како центар на светот, како главен град, како град со голема политичка моќ...

Ниту на едно свето место во светот не потекле толку потоци крв како овде. Никаде толку жестоко не се воделе борби, никаде толку гневно не се мразело и напаѓало како во овој свет град што е сместен на студените и сиви карпи на планината Јуда. Трите светски религии - еврејската, христијанската и муслиманската, од градот направиле центар на раздорот. Истовремено, никаде не се кажале толку многу молитви како во Ерусалим.

Најинтересно место за секој христијанин е, секако, гробот на Исус Христос..Местото каде Исус е распнат, исто така, е дел од оваа црква и е поставено точно над местото каде што е гробот на Адам. Крвта помешана со вино која капела од телото на Исус, протекла низ гробот на Адам. Оттаму е симболиката дека Исус со неговото воскреснување, всушност ја измил целата вина на човечкиот род.

Црквата е главна атракција и за туристите и за аџиите. Како огромен мозаик од капели, тунели и пештери со архитектонски остатоци што датираат од IV век, таа опфаќа широк спектар традиции. Во неа се сместени последните „станици“ на Виа Долороса – последното патување на Исус до распнувањето.

До споменикот на Исус Христос се доаѓа со автомобил и со воз. Отидовме со возот, кој од подножјето кон врвот на Корковадо (се движи како стариот воз од Кичево до Охрид) стигнува за дваесетина минути. Од подножјето до споменикот се качувавме по 225 скалила и дојдовме до статуата и панорамската платформа од која се гледа голем дел на градот.

Најпрвин паѓа во очи мостот Нитерој, еден од најдолгите мостови на светот, кој го поврзува растојанието од Рио до поранешната престолнина Нитерој, град со околу еден милион жители. Потоа се забележува Шугер Лоф, Ботаничката градина, Клубот за јахти, а во далечините се бранува Атлантскиот Океан.

Покрај Корковадо, Рио е познат и по гранитниот масив Шугер Лоф, кој се издига на околу 400 метри надморска височина на самиот брег од северната страна на Копакабана. На ова чудесно место може да се дојде само со жичарницата, бидејќи ридот стрмо се спушта кон океанот. Некоја Англичанка уште во 1817 година, на чудесен начин се искачила на овој масив и го поставила англиското знаме. Потоа тоа знаме било симнато, па потоа и заменето со знамиња од друга група планинари.

Меѓутоа, се смета дека 1912 година е роденденот на овој значаен споменик, кога Германците ја монтирале жичарницата, најпрвин до првото возвишение

Ирка, а потоа до Шугер Лоф. Кабините можат да соберат по 72 патника, кои понекогаш на патникот му приредуваат изненадување но, и страв. Кога се движат, се гледа голем дел од градот, како и плажите Леблон и Копакабана и двата аеродрома на северната страна.

Стадионот Маракана, пак, е имиџот на спортското живеење во Рио и во светот. Тој е најголемиот фудбалски стадион во светот со капацитет од 180 илјади гледачи, изграден за Светското првенство во 1950 година. Го посетивме во обичен ден кога нема фудбалски натпревари, меѓутоа без оглед на тоа, беше исполнет со народ, зашто Рио живее за фудбалот, а фудбалот живее за Рио.

Вниманието ни го привлече и манастирот „Свети Бенедикт", еден од најдобрите примероци на барок стилот во религиозниот Бразил, изграден во 1691 година. Кога Португалците пронашле големо богатство во оваа земја не го штеделе златото за изработка на храмот во кој се позлатени речиси сите делови од олтарот до натриксот. Затоа, овој огромен и значаен манастир претставува богат католички храм во Рио. Исто така, и црквата Канделарија од 1775 година, која е лоцирана во строгиот центар на Рио, е значаен еклизијастички центар.

Го запознавме градот на самбата и на февруарскиот карневал што се одржува на температура од 40°C, неколку денови и кога во градот и на плажите не може да се најде слободно место, не само во хотелите, туку и на песокот. Го запознавме градот во кој живеат голем број богати луѓе од целиот свет, а во кој, во исто време, живеат едни од најсиромашните на планетата Земја. Рио е гнездо на сиромаштијата што се шири во фавелите во кои тешко може да се одреди што е улица, а што е куќа.

Имавме прилика да направиме споредба меѓу овие контрасти кога посетив една фавела на западната страна на Рио, еден километар на брегот од океанот. Хотелот „Интерконтинентал", пак, е „база" каде луѓето живеат во еден друг свет, во чудесниот свет на наследеното богатство и благосостојба.

Рио има древна историја. Тој е исполнет со бројни монументи од минатото и сегашноста, безброј паркови, плажи и други интересни места кои се мета на посетителите. Во оваа пригода ќе ги спомeнеме неколкуте културно-историски и други споменици кои ги посетивме за време на нашиот престој: Кариока аквадуктот, Националниот музеј, Фламенго паркот, Тујука националниот парк, црквите Глорија и „Свети Себастијан", преку кои се запознавме со еден сегмент од богатата историја и култура на еден од најубавите градови во светот – Рио де Жанеиро.

Во Рио ги почувствувавме тропските ноќи кога се палат илјадници светилки околу најубавиот залив на светот. Посетителот на Рио ужива во неговата панорама, но, се чини, најмногу ужива во самракот. Тогаш може да се видат три слики на Рио:

Рио преку ден, кога контрастот меѓу синилото на заливот и белите облакодери е најубав; во вечерниот самрак, кој во тропските предели трае премногу кратко време, но, сепак, доволно панорамата на Рио да добие нови тонови од бои.

Веќе по неколку минути самрак, над Рио се спушта вистинска ноќ. Тогаш се палат стотици илјади електрични контрасти, убавини, предизвици и специфични карактеристики што го прават Рио де Жанеиро еден од најинтересните, најубавите и најпривлечните градови на светот.

Последниот ден го искористивме во прошетка во околните места на Рио. Домаќините нè однесоа во националниот парк „Тујука“, кој е непрегледен и, веројатно, најпространво светот.

Се наслaдувавме на зимските банани, кои се двојно помалечки од обичните, како и со некои други тропски плодови. Ги посетивме просториите кои се покриени со густа тропска шума и мочуриштата во кои живеат крокодили.

На неуморните патници им останува да ги истражат и спектакуларните места кои нудат незаборавни фотографии како Pedra do Telegrafo и Arraial Do Cabo каде бескрајно сината и зелена боја се сливаат во раскошна вегетација. Тука ве чекаат недопрени плажи и проѕирна вода како и мноштво на големи кактуси.

Доколку сакате да одите уште понатаму во најмоќната природа на Бразил тогаш навлезете во Foz de Iguazu и раширете ги рацете пред моќните водопади Iguazu. Игуазу водопадите се чудо на природата кои се наоѓаат на границите помеѓу Бразил, Аргентина и Парагвај. За панорамско фотографирање бразилската страна важи како исклучителна.

Целото подрачје околу самите водопади е прогласено за Национален парк кој се најде на листата за светско културно и историско наследство под заштита на UNESCO. Инаку, бразилската култура претставува богат микс на португалско влијание, локална индијанска традиција и придонес на културата на африканските робови кои тука се доведени во ерата на колонијализмот. Тој амалгам секако придонесува полесно да се заљубите во Бразил и да посакате повторно да се вратите.

Инаку, економската состојба во Бразил во моментов не е најдобра. Земјата со 200 милиони жители е соочена со рапидно влошени економски перспективи, за што придонесоа падот на цените на најважните извозни суровини како железната руда и нафтата, растечката стапка на инфлација и тешката внатрешно-политичка ситуација поради корупциски скандал во владата и долгото натегање околу една прграма за штедење. Резултата на сето тоа е намаленото расположение за поголемо инвестирање и за потрошувачка.

Меѓутоа, денес Бразил е најважниот трговски партнер на Германија во Јужна Америка.  Бразил е земја во забрзан подем на стопанството и некогашен џин на економијата во Јужна Америка.

Според пишаните документи, пак, во Бразил живеат околу 190 милиони жители, но просечната густина на населението е нерамномерна, односно 22,31 жител по квадратен километар или 57,8 / sq mi), со соодност на мажи со жени од 0,95: 1 и 83,75% од популацијата дефинирана како урбана. Најгусто населени се градовите Рио де Жанеиро и Саун Пауло, а најмала густина на население има в о Американската Низина. Најголем дел од населението се белците (55%) и тоа најмногу потомците на Португалци, Германци, Италијанци, Шпанци, Евреи и Полјаци. Понатаму, 38% од населението им припаѓа на Мулатите, кои се двапати побројни од Местиците и сочинуваат главен дел на селското население. Црнците сочинуваат 6% од населението, а останатите 1% им припаѓа на Јапонците, Арапите и на американските Индијанци.






*Буенос Аирес*


*Плоштад во Буенос Аирес*


*Водопадите Игуасу*

# 2. АРГЕНТИНА

## 1. АРГЕНТИНА – ЗЕМЈАТА НА БОГАТСТВО, КОНТРАВЕРЗИ И НА ТАНГОТО

Да се биде во Јужна Америка за нас од Европа значи да сме од другата страна на Земјината топка. Тоа чувство го доживеавме во Аргентина – земјата на тангото, како често ја нарекуваат ова голема, богата и контраверзна јужноаме-риканска земја. Таа е сместена меѓу Андите и Атлантскиот Океан, а се граничи со Парагвај, Бразил, Боливија, Уругвај и Чиле.

Во текот на нашиот престој бевме информирани, меѓу другото, дека првите европски новодојденци кои пристигнале во Аргентина биле шпанските и португалските колонизатори. Најпрво, тие дошле во Буенос Аирес на Рио де ла Плата што значи *„Сребрена река"* уште во XVI век. Пред доаѓањето на европските колонисти територијата на Аргентина била ретко населена. Индијанскиот народ Диагуити самостојно и слободно живеел на овие интересни и богати простори, особено во северозападниот дел на Аргентина, во соседство со Империјата на Инките.

Меѓутоа, сѐ се изменило со стапнувањето на првите Европејци на чело со Америго Веспучи на оваа територија во 1502 година. Шпанците основале постојана колонија на местото каде денеска се наоѓа престолнината на Аргентина, милионскиот град Буенос Аирес, која била дел од Вицекралството Перу, кое било формирано во времето на Карло V, царот на Светата Римска Империја со потпишувањето на кралскиот декрет во Барселона во 1542 година. Веднаш по ова започнала граѓанската војна помеѓу Франциско Пизаро и Диего де Алмагро за тоа кој да управува со Перу.

По создавањето на Вицекралството Рио де ла Плата во 1776 година, Аргентина заедно со денешните земји Парагвај, Уругвај и голем дел од Боливија биле вклучени во нејзиниот состав. Престолнина на Вицекралството бил градот Буенос Аирес, кој станал голем трговски и финансиски центар.

Целта на формирањето на Вицекралството била заштита на шпанските колонии од сѐ почестите англиски и португалски амбиции за овој регион. Веќе во 1810 година започнало пропаѓањето на Вицекралството по објавува-њето на независноста на Аргентина и Уругвај под името Соединетите Покраини на Рио де ла Плата, а потоа независноста, на Парагвај, Боливија и Уругвај.

Од огромната литература научивме дека во втората половина на XIX век, Аргентина се развила, главно, поради својата добра географска положба и пред сѐ' поради излегувањето на море. Но, како земјите на Балканот, така и земјите во Јужна Америка, Аргентина заедно со Бразил и Уругвај воделе војна против Парагвај.

Во текот на модерната историја на Аргентина, на чело на земјата застанале поголем број избрани власти и воени диктатури. Социјалните и политичките прилики условиле за доаѓањето на власт на Хуан Доминго Перон во 1946 година. Самиот Перон спровел агресивна политика во земјата, главно насочена кон зајакнување на земјата. Перон се задржал на власт до 1955 година, кога со воен удар тој бил сменет и на негово место застанал Едвардо Лонарди.

Во текот на 60-тите години на минатиот век, власта се обидела да се соочи со проблемите околу економскиот раст на земјата и социјалните проблеми. Во следните годи-ни владееле голем број немири помеѓу приврзаниците на Перон и неговите непријатели. Така, на крај Перон се вратил од прогонство и на изборите во 1973 година победил. Тој починал во 1974 година, а власта по ова била преземена од страна на милитаристите. Земјата и во следните години се соочувала со неповолната економска состојба.

Овој период од историјата на Аргентина е познат и како валкан период, во кој биле убиени и затворени голем број на неистомисленици на воената диктатура, прослед-ено преку кршење на основните човекови права. Сепак, милитаризмот во Аргентина дошол во криза, главно, пора-ди нерешените економски проблеми на народот.

Во 1982 година се водела Фолкландската војна помеѓу Аргентина и Обединетото Кралство на Англија за спорните Фолкландски острови, Јужна Џорџија и Јужните Сендвички Острови. Во времето пред војната, Аргентина била зафатена со голема економска криза и граѓански немири против воената хунта. Аргентинската воена власт настојувала да ја задржи моќта преку пренасочување на вниманието на јавноста на вековниот спор со Велока Британија околу суверенитетот на островите, но не очекувала дека Велика Британија ќе одговори со воена сила.

Суверенитетот на Фолкландските острови бил предмет на тензии кој ескалирал кога една група најмени аргентински трговци го истакнале знамето на Аргентина на Јужна Џорџија, што подоцна било сметано со прв офанзивен акт во војната. Аргентинската воена хунта, сметајќи дека Велика Британија може да го засили воеността присуство во јужниот Атлантик, ја наредила инвазијата на островите.

Велика Британија, најпрво, била изненадена од нападот на Аргентина, и покрај повеќекратните предупредувања од своите морнарски офицери за можната инвазија. Само неколку недели подоцна, Британците започнале поморска и воздушна офанзива, и за кусо време ги зазеле островите и ги заробиле сите аргентински војници што биле стационирани на нив.

Според пишаните документи, територијата на денешна Аргентина била ретко населена пред доаѓањето на европските колонисти. Индијанскиот народ Диагуита живеел на овие простори во денешна северозападна Аргентина, во соседство со Империјата на Инките, а недалеку, односно источно живеел и опстојувал народот Гварани.

Првите Европејци на оваа територија стапнале во 1502 година, на чело со Америго Веспучи. Шпанците основиле стална колонија на местото каде денеска

се наоѓа престолнината на Аргентина, Буенос Аирес во 1580 година, како дел од Вицекралството Перу. Вицекралството било формирано во времето на Карло V цар на Светото Римско Царство на 20 ноември 1542 година со потпишувањето на кралскиот декрет во Барселона. Вед-наш по ова започнала граѓанската војна помеѓу Франсиско Писаро и Диего де Алмагро за тоа кој да управува со Перу.

По создавањето на Вицекралството Рио де ла Плата  во 1776 година, Аргентина заедно со денешните земји Парагвај, Уругвај и голем дел од Боливија биле вклучени во нејзиниот состав. Престолнина на вицекралството бил градот Буенос Аирес, кој станал голем трговски центар. Ова вицекралство било формирано во 1776 година по неизиното одвојување од Вицекралството Перу. Целта на формирањето била заштита на шпанските колонии од се почестите англиски и португалски амбиции за овој регион

Според историските податоци, во текот на модерната историја на Аргентина, на чело на земјата застанале поголем број на избрани власти и воени диктатури. Социјалните и политичките прилики довеле до доаѓање на власт на Хуан Доминго Перон во 1946 година. Самиот Перон спровел агресивна политика во земјата, главно насочена кон зајакнување на земјата. Хуан Доминго Перон на власт се задржал до 1955 година, кога на негово место застанал со воен удар Едвардо Лонарди. Перон бил принуден во прогонство и покрај тоа што останал многу популарен во земјата.

Во текот на 1960-тите, власта се обидела да се соочи со проблемите околу економскиот раст на земјата и социјалните проблеми. Во следните години владееле голем број на немири помеѓу приврзаниците на Перон и неговите непријатели. Така, на крај Перон се вратил од прогонство и на изборите во 1973 година победил на изборите. Тој починал во 1974 година, а власта по ова била преземена од страна на милитаристите. Земјата и во следните години се соочила со неповолната економска состојба.

Често се вели дека извозот на земјоделските производи во Европа тотално придонеле за промена на Аргентина во повеќе полиња. Денешната архитектура во голем број градови настанала токму во овој временски период. Често производите од Аргентина можат да се најдат во голем број земји во светот, Тоа ја прави Аргентина значајна производствена земја од Јужна Америка.

Исто така, треба да се одбележи дека Аргентинците се мешавина на различни национални и етнички групи, доминанто потомци на италијански и шпански доселеници кои заедно сочинуваат околу 88% од населението. Брановите на имиграција од многу европски земји стигнале во Аргентина на крајот на XIX и почетокот на XX век.

Аргентиската култура одржува мултиетнички и мултикултурален карактер на своето население. Најголемо влијание на создавањето на аргентинската култура имале европските доселеници, што може да се забележи во архитектурата,модата и дизајнот. Исто така и традицијата на американските домородци е дел од аргентиската култура

# 2. БУЕНОС АИРЕС (РИО ДЕ ЛА ПЛАТА) – ГЛАВНИОТ ГРАД НА АРГЕНТИНА

Во Буенос Аирес човек не може да биде незаинтересиран и рамнодушен. Градот привлекува и освојува со карактеристичните градби и стилови, со таа колку разноликост, толку убава нишка која го сврзува минатото и сегашноста, со многуте споменици, со долгите авении, паркови, плоштади, кејови ресторани и кафулиња, со еден збор: динамика која домородното население го спојува со многубројните туристи.

Ние бевме (авторот на овој текст во својство учесник на меѓународен симпозиум) дел од аргентинската вистина во главниот град Буенос Аирес, каде живеат околу 3 милиони жители. Буенос Аирес, што на шпански значи „добар ветер, добар воздух“) е метропола и најголем град во Аргентина. Како што градот Петрополис во Бразил бил престолнина на Португалската Империја, исто така и Буенос Аирес, под името Рио де ла Плата бил главен град на Кралството Шпанија.

Град којшто го заплиснуваат водите од струењата на Атлантскиот Океан и кој со својата местоположба е распослан во должина и широчина на тој дел од Аргентина. И ние бевме дел од таа метропола во хотелот кој беше распослан на брегот од реката Ла Плата, за неколку дена во текот на еден симпозиум.

Инаку, населението на Буенос Аирес, главно, се Аргентинци од шпанско и италијанско потекло, а ги има со еврејско арапско, кинеско, корејско, балканско и друго потекло, од кои поголемиот број од населението се припадници на католичката црква, но има и јудеисти и муслимани. Интересно е да се спомене дека во 1806 година Буенос Аирес бил окупиран од Британците. Шпанија во тој период не била доволно силна за да го одбрани градот, па самото население се дигнало на бунт и само се ослободило. Всушност, тоа ја претставува и борбата на Аргентина за самостојност.

При посетата на Буенос Аирес имавме желба да посетиме многу споменици од историјата, културата, природни убави, но најмногу да го почувствуваме овој град со моќта на тангото. Минувавме километри и километри од влезните булевари на главниот град на Аргентина, љубопитно посматрајќи ги специфичните архитектонски обележја на метрополата надалеку позната по својата особеност и привлечност.

Буенос Аирес облеан со сончевина среде пладне, и среде лето, не маѓепса со неговата убавина, раскош, богатство на споменици кои ја сочинуваа прекрасната разгледница, а пред нас се отворија нови сè поинтересни видици за кои имавме претстава од обемната литература.

Младиот црномурест и елегантен таксист, кој течно зборуваше шпански и англиски јазик го замоливме да нè информира за многуте интересни градби на градот, додека тој брзо не носеше кон едно од најцентралните подрачја во раскошниот дел - Рекоба. Навистина момчето не престана да нè информира за голем број споменици, за начинот на живеење на населението во градот, за религијата и бројните споменици на католичката црква и на други религии, за културното наследство за сè она што тој во улога на професионален водич можеше да ни го долови.

Но, се чини врв на неговата љубов кон Аргентина ја искажа на свој посебен начин. Имено, во еден момент застана, излезе од автомобилот и онака сам направи повеќе, можат да се речат професионални чекори од познатото аргентинско танго, како да сме на некоја претстава, за што од нас доби и заслужен аплауз.

Влезе во автомобилот и ни рече дека ќе видиме еден многу интересен монумент. Така вниманието ни го насочи кон спиралното метално поприлично високо споменобележје во модерна верзија, посветено на тангото. Многумина како нас љубопитно го гледаа споменикот на тангото. Многу туристи од различни земји со задоволство се сликаа и гласно коментираа.

Ако некогаш тангото било игра на улицата, на сиромашните и можеби безнадежните, како што појаснуваше водичот од групата нордиски туристи на кои им се приклучивме и ние, така сега тангото е престижот на Аргентина. Со задоволство може да се каже дека тангото е брендот на Аргентина. Тоа е некаков препознатлив знак на оваа земја. Моќта на тангото, не е само во оние беспрекорни движења на чудесната игра, туку е тоа е спој на емоцијата, елеганцијата, движењето, љубовта...

Туристите понесени од оваа мини-сторија за тангото која ја слушаа од  високото момче, кој беше водич на поголема група дојденци, не им дојде како изненадување, или, пак, да им падне незгодно, дека сега тука, баш и ќе ги направат првите чекори на кои ги покани нив, ама и сите нас кои бевме присутни крај споменикот на тангото. Тоа и се случи. Секој за себе играше, се разонодуваше и изведуваше некакви играорни вештини. Сите на свој начин почнаа да креваат и нозе и раце, да прават некои чекори, да се приближуваат еден кон друг, да се смеат и да уживаат во забавата на отворено. Се создаде пријатна атмосфера во авенијата на дрворедите, на чиј сам крај многумина ги направија првите танго-обиди, и на завидно добро ниво. Во сетаа таа игра на телото, на рацете, на умот се приклучивме и ние.

Како да ни помогна и нашата македонска играорна надареност, ние се обидувавме да покажеме поголема професионалност во играњето. Затоа на крајот нашата игра на тангото беше наградена со аплауз. Кога веќе кажавме дека сме од Македонија, сите гласно извикавме - вива Македонија, вива Канада, вива Аргентина!

Во текот на нашиот престој во овој мегалополис на реката Рио дел Плата имавме време наредните дни да го почувствуваме одблизу пулсирањето на убавиот град, и особено бевме задоволни дека запознавме толку љубезни луѓе и драги пријатели. Инаку, Аргентиците зборуваат шпански, а мал број го познаваат англискиот јазик. Меѓутоа, кај младите генерации има напредок во оваа насока, слична како кај нас во Македонија, и многу од нив се трудат да го зборуваат светскиот јазик. Често не прашуваа за земјата од каде сме. А ние со задоволство им кажувавме дека сме од Македонија, од земјата на Александар и Филип Македонски, каде како во Аргентина каде се игра танго, во Македонија се игра „Тешкото", античко оро кое е дел од богатиот македонски фолклор, познат насекаде во светот.

Многумина со внимание не следеа во нашите искажувања за Македонија, но одреден број, во исто време, се чудеа за ступидното прашање за името на нашата земја наметнато од јужниот сосед. Во моментот кога ѝ објаснувавме на една дама од Чиле, ни пријде еден Аргентинец по националност Евреин и гласно прокоментира:

*„Се радувам што гледам Македонци, блиски на мојот еврејски народ, со слична судбина и проклета историја, да ни дојдат тука во Аргентина. Од Израел и од Македонија, завојувачите постојано краделе низ вековите. Но, сите што ви краделе низ вековите, па еден ден мора да платат и да вратат што зеле, па затоа сега ги прават таквите егзибиции околу името"*, беше коментарот на Евреинот.

Кога се зборува за природните убавини на Аргентина треба да се каже дека дел од природната граница меѓу Бразил и Аргентина, во нејзините северни поднебја, ја исцртуваат едни од највеличествените, најполноводните, најатрактивните водопади на планетата-волшебните водопади Игуасу. Кога човек ќе застане пред тоа чудо на водената симфонија, едноставно, ќе занеме и ќе биде понесен од магичната моќ на мајката природа. Дури 275 водопади се испреплетени низ џунглата во која има десетици животински и со илјадници растителни видови кои се карактеристични за овој дел од континентот. Реки од луѓе од сите меридијани доаѓаат за да уживаат во оваа уникатна убавина. Притоа, не може да се опише чувството кога ке се застане на платформата, а од спротива на само десетици метри, секоја секунда се струполуваат милиони литри водена маса.

Најатрактивен е водопадот со име „Грлото на ѓаволот"! Кој му го дал името не погрешил. Токму така може да се нарече таа водена мистика која се распостила пред очите на посетителот. Мар дел Плата, пак, е туристички бисер каде среде лето нормално е да врие како во кошница. Распослано на брот на Атлантскиот Океан ова монденско одморалиште заслужува да биде меморирано во некои наши сеќавања на незаборавот, бидејќи, навистина, е доста специфичен и латино-американски несекојдневен, карактеристичен град по многу нешта.

Од рано утро со часови одевме низ долгите песокливи плажи кои се недогледни, и веќе не се чудевме кога пред нашите нозе големите бранови од океанот исфрлуваа на брегот фоки, морски лавови, риби или малечки ајкули.

На крајот од аргентинското лето и европската зима, ние заминуваме од оваа голема, интересна и убава земја. Авио „друмовите" не водеа кон Виена, а оттаму кон нашата Македонија. За време на долгиот лет по повеќедневниот престој во Аргентина, ги прелистувавме впечатоците за прекрасно поминатото време, за доживувањата, посетите, тангото и откривањето на цели непознати страници од чудесната аргентинска земја.

Инаку, туристи во Аргентина има од цел свет. Во оваа глобализација, особено категоријата на оние кои можат да ги „растегнат нозете" по светот од Северна Америка, Аргентина е вистинското место за прошетки, убави денови, разонода...

Како што бевме информирани од нашите домаќини, Аргентина е осма земја по големина на мапата на континентите, а триесетта според нејзините четириесетина милиони жители. Таа е распослана во својата долгнавеста линија, до глечерите на југот од Јужна Америка, а низ Патагонија се испреплетуваат најразлични климатски зони, четири жетви, како и многу уникатна флора и фауна.

Аргентина ја заградува планинскиот венец на Андите и водените пространства на Атлантскиот Океан. Многуте планини и реки и рамнини, како и Патагонија, ја прават оваа земја богата со суровини, со руди, земјоделски производи и е привлечна дестинација за светските глобалисти. Кога човек ја има можноста да ужива во убавините, тогаш се користи секој миг за да се види и доживее што повеќе, за да се запамети и понесе со себе што побогато сознание и трајни впечатоци од светските метрополи. Не можевме да останеме рамнодушни на динамич-ниот живот, на многуте културни настани, на фудбалските еуфории, на тоа кога крај океанскиот брег млади и стари, играат танго и се забавуваат во ритмот на латино - звуците.

# 3. ДЕЛ ОД ПРВИТЕ МАКЕДОНЦИ ВО АРГЕНТИНА

Во оваа пригода треба да кажеме дека пред нашето патување во Аргентина имавме контакти со едно македонско семејство во Буенос Аирес. Затоа, еден ден во хотелот не посетија тие наши далечни роднини - аргентински Македонци по потекло од Преспа. Тие заминале за Аргентина уште пред Втората светска војна, но не ги заборавиле дедовските корени.

За жал, никогаш дотогаш не се вратиле во Македонија, меѓутоа, во себе ја задржале питомата Преспа и синосребреното езеро. Долго разговаравме за Македонија, за нивните роднини, за нивниот имот во Преспа, за нивното минато и сегашност, за сè она што нив ги интересираше. Средбата и разговорот беа трогателни.

Кога ги прашав за македонскиот народ во таа далечна земја, нè информираа дека во Аргентина има малку Македонци. Поголемиот број од нив биле заминати од родната земја пред многу децении и се интегрирале во новото општество.

Така, многумина од нив, гурбетџиски од различни поводи и причини кинисале на патот на непознатото од Преспа, Богданци, Прилеп, Битола, Тетово,Лерин и други места во Македонија за да направат македонско гнездо на другата страна на Земјината топка – во Аргентина. Но, иако тие векуваат во оваа далечна земја, повеќето и не се одродиле, не заборавиле од каде се.

Тие со гордост зборуваат за своето потекло, за своите македонски корени и прават сето тоа да биде пренесено, да биде аманет на оставнината на нивните потомци во овиејужно американски простори

Има иљадници приказни за Македонци кои бегајќи од сите делови од Македонија, кои биле под окупација, оделе и во најдалечните земји низ светот по подобар живот.

Една од тие е и за фамилијата на Евтим и Илинка Петко од селото Шулин, која денес е во границите на Албанија. Тие се доселиле во Аргентина, каде продолжиле да ја негуваат македонската традиција. Текстот е објавен во весник "Македониум" од Тирана,

Ја пренесуваме приказната објавена на страницата на Фејсбук Macedonia: a True Endless Story ... која објавува документи од историјата и животот на Македонците.

Евтим Петко е Македонец од село Шулин, во делот од Македонија наречен Мала Преспа, којшто денес е под власт на Албанија.

Евтим со неговата сопруга Илинка, исто така по народност Македонка, се преселил во Аргентина во 1917 година. Имале четири деца, а една од двете ќерки, Ирма Елена Петко, денес на 81 годишна возраст, сведочи дека биле национално свесни Македонци.

Ирма исто така сведочи дека Илинка зборувала на мајчиниот македонски јазик, додека Евтим покрај маке-донски знаел грчки и албански.

Семејството Петко, со другите Македонци во Аргентина, ги негувале народните обичаи во македонскиот клуб во Буенос Ајрес, каде што се дружеле, „играле танци во круг“, односно ора, готвеле „питули(ци)“ и „бурек“ итн. Им помагале на Македонците што останале во Македонија праќајќи разни пратки, претежно со облека.

Семејството Петко, со другите Македонци во Аргентина, ги негувале народните обичаи во македонскиот клуб во Буенос Ајрес, каде што се дружеле, „играле танци во круг“, односно ора, готвеле „питули(ци)“ и „бурек“ итн. Им помагале на Македонците што останале во Македонија праќајќи разни пратки, претежно со облека.

Исто така, посебно внимание заслужува текстот на поранешниот амбасадор на Република Македонија во Бразил, Ивица Боцевски кој ги спојува македонските иселеници во Аргентина со нивните роднини во Македонија

Имено, Елијас Јосифовиќ од Ел Мајтен Аргентина, потомок на македонски иселник кој во триесетите години на минатиот век пристигнал и се населил во оваа јужноамериканска држава, во потрага по своите корени по прв пат го посети родното огниште на неговиот дедо Царев Двор.

Елијас живее во Ел Мајтен, а средбата со неговиот братучед Митко Маринчевски се случи со помошта што ја добил од македонската Амбасада во Бразил и на градоначалникот на Општина Ресен, д-р Живко Гошаревски. Дедовците на Елијас и на Митко се родени браќа, а Јордан, дедото на Елијас, пристигнал во Аргентина со својот брат Ангел во 1931 година, патувајќи со бродовите на Црвениот крст, како и бројни други Македонци од тој период.

Ивица Боцевски појаснува дека Амбасадата добила телефонски повик од градот Ел Мајтен (El Maitén), кој што се наоѓа во провинцијата Чубут во аргентинска Патагонија. Македонците во таа област потекнуваат, вели, главно од Ресенско и од Битолско, а ја бараа амбасадата затоа што сакаат да го посетат своето родно огниште.

Според амбасадорот Ивица Боцевски, најголем проблем со македонската заедница во Аргентина (и општо во јужната хемисфера) е фактот што нивните здруженија се пред изумирање и најчесто се врзани со останатите словенски народи од Балканот во кровни организации. Исто така, вели, Амбасадата веќе побара од Националната библиотека на Буенос Аирес да бидат дигитализирани и врачени на самата Амбасада и на Државниот архив печатените весници и магазини кои што излегувале на македонски јазик во Буенос Аирес во 1940-тите и 1950-тите.

Статистичките податоци, покажуваат дека Буенос Аирес бил еднакво атрактивен за македонските иселеници, колку и Њујорк, сè до страотниот економски пад на земјата во доцниот период на првото владеење на Перон. За жал, македонските иселеници се расеани ширум Аргентина, Уругвај, јужен Бразил (пред сè државата Рио Гранде до Сул), околу градот Сао Паоло во Бразил и градот Лима во Перу, па дури и во низинските подрачја на Боливија. Тие најповеќе работеле во градежната индустрија, како најо-бични физички работници, или добивале земја за работа во широките пространства на пампасите.


Havana
Bahamas
Cuba
Cayman
Islands
Haiti
Jamaica
Caribbean Sea



*Хавана*



*Плажа на Варадеро*



*Дел од Хавана*

# 3. КУБА

## 1. КУБА – СВЕТСКА ДЕСТИНАЦИЈА ЗА ОДМОР И РЕКРЕАЦИЈА

На пат за Куба тргнавме од аеродромот „Пирсон“ во Торонто во попладневните часови. Во делот каде го чекавме авионот имаше патници за трите авиони кои летаа на различни аеродроми во Куба. Ние летавме од Торонто до Хавана, главниот град на Куба, земјата за одмор и рекреација за сите возрасти, меѓутоа таа е „окупирана“ повеќе од возрасни, особено од пензионерите. Тоа се должи на фактот што аранжманите во летувалиштата во Куба се многу поповолни од другите дестинации на Карибите, затоа голем број Канаѓани, кои како да се привилегирани, одат на одмор во Куба, за разлика од Американците, кои, за жал, можат само да ја гледаат Куба од Флорида.

Инаку, Куба е прекрасна дестинација за Македонците од Канада, особено за пензионерите, кои зимскиот период го поминуваат во Куба, Флорида или на други Карибски Острови. Како што слушнавме од еден Македонец од селото Баница, од Егејска Македонија, кој повеќе години имал ресторан во Торонто, секоја година одел од две до четири недели во различни места во Куба.

Нашата дестинација беше од Торонто до Хавана, а оттаму со автобус се префрливме на почетокот на полуостровот Варадеро. Патувањето беше удобно и траеше повеќе од три часа со авиокомпанијата од Монтреал, која секој ден лета за Куба.

За разлика од аеродромите на северноамериканскиот континент, аеродромот во Хавана е од стар тип. Меѓутоа, љубезноста на царинските и другите службеници заслужуваат посебно внимание. Сè беше во најдобар ред, особено за нас кои имавме македонски патни исправи, не гледаа со голем респект. Потоа се упативме надвор каде нè чекаа повеќе автобуси кои ги превезоа патниците до различни хотелски дестинации.

Инаку, островот Куба е еден од првите острови во „новиот свет“ населен од Шпанците, а првпат посетен од страна на Колумбо во 1492 година.

Кога Колумбо пристигнал на островот, го нашол во неговата недопрена форма, рајска градина со огромни дрвја, прекрасни животни, мал број жители-домородци, кои биле пријателски настроени. Но, она што најмногу ги интересирало Шпанците, секако, било златото и другите племенити метали кои се наоѓале насекаде на островот, а Индијанците биле накитени со злато. Со цел да ги искористуваат богатствата на островот, Шпанците на чело со Колумбо ја основале својата колонија Куба.

Затоа, со право се вели дека денес градот Хавана е град со типична колонијална архитектура, но со многу примеси на она локалното и новото - кубан-

ското. Тој е интересен за истражување, неверојатно шарен, убав и живописен, разигран и жив.

И што е најинтересно, тој освен тоа што е град со историја, подразбирајќи ја тука историјата на првите шпански доселеници на „новиот свет“, тој сосема ги има сплетено различните традиции, култури и обичаи низ различните народи, локалните домородци, доселениците од Шпанија, доселените црни робови од Африка, кои изградиле една уникатна карипска традиција.

Тука се бројните фестивали кои се едни од најшарените и најинтересните настани во Куба. Секако, за Куба е многу значајно доселувањето на Американците во текот на минатиот век, за кои, од повеќе причини овој остров им бил „мека“ на американските контроверзни личности. Исто така, покрај Хавана, во Куба се интересни и голем број други градови расфрлени по островот, од Гвантанамо, како американски затвор до Хувентур, посебен остров-општина.

Постојат повеќе одлично уредени летувалишта. Најдобро место е Варадеро, кое со право е сместен во најголемите и најдобрите одредишта на Карибите. Ама, Куба има уште многу туристички адути. Првокласни услови за одмор има и во Гладавико, островите Санта Марија, Гилермо, Коко и други.

Освен уживањето на плажите кои се како од разгледниците, домаќините нудат мноштво интересни излети. Не е ефтино одвојувањето од хотелските соби. Но, Куба може да се види во вистинско светло само со излетите. Турис-тите, без оглед каде се сместени прво ја посетуваат Хавана, па вториот по големина град Сантјаго де Куба.

Стасавме во хотелот „Пантарена“, во Варадеро, во кој останавме седум дена. Таму удобно се сместивме и ги добивме сите потребни информации. Потоа со љубопитност се упативме кон километарските бели песочни плажи недалеку од хотелот. Човек таму се чувствува како да е дел од некој филм што Американците умеат да направат за такви природни убавини. Се чини дека белите песочни плажи кои го опкружуваат целиот остров, се едно од најголемите богатства на Куба.

Традицијата на туризмот почнува од 19. век. Сепак, сé почнало кога американските богаташи стартувале да купуваат недвижности на Варадеро, па местото добило статус на ексклузивно летувалиште. До револуцијата од 1959 година, таму одседнувале многу познати личности.

Секоја од плажите е специфична на свој сопствен начин. Секоја плажа овозможува по нешто уникатно и незаборавно. Гостите можат да се занимаваат со нуркање, сурфање, подводен риболов, пловење со едрилица и многу други спортови. Но, можеби најубаво од сè е шетањето по плажите и низ околните палмови шуми, каде човек може вистински да ги почувствува убавините на недопрената Мајка природа. Каде и да се свртевме, околу нас гледавме огромни палми полни со овошки. Не обземаше чувство дека, навистина, се наоѓавме на најпрекрасниот остров кој постои, каде сè што постои ни беше дадено од Бога, на наше располагање

Инаку, Куба има тропска клима со постојани температури на воздухот од 25°С. Со своите долги песочни плажи и водените површини со неверојатна сина боја, секоја година примамува милион туристи од целиот свет. Најголемото и најпознатото место Варадеро, го посетуваат 1 милион странски туристи годишно.

Варадеро е ексклузивниот дел на Куба со прекрасни плажи. Сместен е на полуостровот Хикакос, на околу 140 км источно од Хавана. Варадеро претставува најголем комплекс од ресорти на Карибите, со голем број на ресторани и хотели. Поради преубавите бели, песочни плажи и море што остава без здив, останува меѓу најпопуларните туристички места на светот.

Нашата авантура ја започнуваме во Варадеро каде започнавме да учиме најзначајни зборови на шпански јазик, сѐ со цел да дознаеме повеќе за историјата на Куба од нашите гостопримливи домаќини, кои не запознаа со некои историски факти што ние неможевме да ги најдеме во литературата што ја имсвме.

Се запознаваме со секое ќоше, улица и плоштад на овој колониален полуостров, додека звуците на салса ја правеа нашата авантура уште подраматична и весела. За да патуваме за Хавана нé очекуваше возење со стари автомобили од '70тите, ветар во коса и поздравување со насмеаните локалци.

Патот не донесе и до живописната долина Вињалес, каде се запознавме и научивме како Кубанците го обработуваат тутунот и како се подготвуваат светски познатите кубански пури кои можат да се видат на секоја улица.

Инаку, Аргентинците се мешавина на различни национални и етнички групи, доминанто потомци на италијански и шпански доселеници кои заедно сочинуваат околу 88% од населението. Брановите на имиграција од многу европски земји стигнале во Аргентина на крајот на XIX и почетокот на XX век.

Аргентиската култура одржува мултиетнички и мултикултурален карактер на своето население. Најголемо влијание на создавањето на аргентинската култура имале европските доселеници, што може да се забележи во архитектурата,модата и дизајнот. Исто така и традицијата на американските домородци е дел од аргентиската култура

Според историските податоци, Куба станала социјалистичка република со уставот од 1976 година, но тој устав бил заменет со нов во 1992 година кој се заснова на марк систички, ленинистички и идеите на Фридрих Енгелс. Уставот ја карактеризира Комунистичката партија на Куба како „водечка сила на општеството и државата".[

Првиот секретар на Комунистичката партија е претседател на државниот совет или наречен Претседател на Куба и претседател на советот на министри или порано познат како Премиер на Куба . Членовите на двата совета се избрани од страна на Националното собрание на народната сила. Претседателот на Куба исто така е избран од страна на Собранието за мандат од пет години, но без ограничување при кандидирање

# 2. ХАВАНА – ГЛАВНИОТ ГРАД НА КУБА

Хавана е главниот град на Куба - најголемата островска земја во групата на Големите Антили. Таа од сите страни е опколена со водите на Атлантскиот Океан на исток, Мексиканскиот Залив на север и Карипското Море на југ.

Локацијата на Хавана покрај прекрасниот длабок морски залив со заштитено пристаниште го направи градот примарна локација за економски развој од шпанските колонијални времиња на почетокот на 16 век. Куба е опремена со голем број такви пристаништа, но Хавана на северниот брег беше ценета над другите од раните шпански колонизатори. Со земјиште од двете страни на пристаништето, пристаништето лесно се бранеше.

Раните колонисти подигнаа голем број утврдувања во областа што им одолеа на повеќето напаѓачи. Во колонијалните времиња, Хавана беше првото копно за шпанските флоти кои доаѓаа во Новиот свет, и таа стана област на сцена, прво, за освојување на Америка од страна на шпанските освојувачи и, подоцна, за економска и политичка доминација на хемисферата од страна на Шпанија.

Градот рано станал космополитски центар со огромни утврдувања, калдрмени плоштади и згради со украсни фасади и украсени железни убави балкони. Денешна Хавана ги меша овие структури со различни конвенционални модерни згради

Градот се наоѓа на заливот Ла Хабана (Хавана) на северниот брег на островот. Тој е најголемиот град во регионот на Карибите и има една од најголемите ризници на историски колонијални зачувани на западната хемисфера. Пред 1959 година, кога Фидел Кастро дојде на власт, тоа беше мека за туристите од Соединетите Држави, кои беа привлечени од многуте атракции на градот, кои покрај историјата вклучуваа клима и ноќен живот.

Меѓутоа, во текот на следните години, и покрај нејзината континуирана важност како главен економски центар на островот, Хавана изгуби голем дел од својот сјај, бидејќи социјалистичката влада на Кастро ги пренасочи ресурсите на земјата првенствено кон подобрување на условите во рурална Куба.

Така, Хавана се влоши, иако проектите за рехабилитација започнаа во 1980-тите. Градската област Стара Хавана (Ла Хабана Виеја) и нејзините утврдувања беа прогласени за светско наследство на УНЕСКО во 1982 година. Град (провинција) со околу 2 милиони жители

Локацијата на Хавана покрај прекрасниот длабок морски залив со заштитено пристаниште го направи градот примарна локација за економски развој од шпанските колонијални времиња на почетокот на 16 век. Куба е опремена со голем број такви пристаништа, но Хавана на северниот брег беше ценета над другите од раните шпански колонизатори. Со земјиште од двете страни на пристаниш-тето, пристаништето лесно се бранеше.

Раните колонисти подигнаа голем број утврдувања во областа што им одолеа на повеќето напаѓачи. Во колони-јалните времиња, Хавана беше првото копно за

шпанските флоти кои доаѓаа во Новиот свет, и таа стана област на сцена, прво, за освојување на Америка од страна на шпанските освојувачи и, подоцна, за економска и политичка доминација на хемисферата од страна на Шпанија.

Градот рано станал космополитски центар со огромни утврдувања, калдрмани плоштади и згради со украсни фасади и украсени железни балкони. Денешната Хавана ги меша овие структури со различни конвенционални, во случајот, модерни зград

Богатото културно милје на Хавана вклучувало не само Шпанци од различни региони на Пиринејскиот Полуостров, туку и други европски народи. Малото домородно индиско население на Куба не беше значаен фактор во областа Хавана и, во секој случај, беше во голема мера десеткувана во нејзиниот ран контакт со Шпанците.

Колонијалните години донесоа голем прилив на црни робови од Африка кои, по крајот на ропството кон крајот на 19 век, почнаа да се собираат во Хавана. Денешната Хавана е мешавина од бел шпански, црни етнички групи и значајни видови мулати

Куба (шпан. Repъblica de Cuba)-најголемата островска земја во групата на Големите Антили. Таа од сите страни е опколена со водите на Атлантскиот Океан на исток, Мексиканскиот Залив на север и Карипското Море на југ.

Куба има тропска клима со постојани температури на воздухот од 25°C. Со своите долги песочни плажи и водените површини со неверојатна сина боја, секоја година примамува милион туристи од целиот свет. Најголемото и најпознатото место Варадеро, го посетуваат 1 милион странски туристи годишно. Варадеро е ексклузивниот дел на Куба со прекрасни плажи.

Сместен е на полуостровот Хикакос, на околу 140 км источно од Хавана. Варадеро претставува најголем комплекс од ресорти на Карибите, со голем број на ресторани и хотели. Поради преубавите бели, песочни плажи и море што остава без здив, останува меѓу најпопуларните туристички места на светот.

Куба е прекрасна дестинација за семеен одмор затоа што станува збор за безбедно, природно место и има многу културни знаменитости кои што вредат да се видат. Пристапот до интернет е исклучително скап. Имено, еден час користење на интернет чини 6 долари, а неколку долари поскапо е користењето на безжичниот интернет. Исто така, има сосема мал број на хотели кои нудат интернет во својата понуда.

Во Куба, за само 40 центи можете да се возите во Форд, Шевролет или друг американски автомобил кој е постар од вас, а можеби и од вашите родители. Во 1962 година, Америка ѝ забранува на Куба увоз и извоз на автомобили, па Кубанците, поради тоа што не можеле да ги одржуваат своите автомобили, морале ги „паркираат“ за некои подобри времиња. Поради тоа што се добро зачувани, овие автомобили претставуваат вистинско богатство за своите сопственици.

Куба има тропска клима со постојани температури на воздухот од 25°C. Со своите долги песочни плажи и водените површини со неверојатна сина боја, секоја година примамува милион туристи од целиот свет. Најголемото и најпознатото место Варадеро, го посетуваат 1 милион странски туристи годишно. Еден од најпознатите жители на Куба бил познатиот писател Ернес Хемигвеј (Ernest Hemingway) кој поминал цели 22 години на овој егзотичен и магичен остров.

Инаку, Хемингвеј е еден од писателите познати како припадници на „изгубената генерација". Покрај со романите, тој се прославил и со кратките раскази за кои придонел да се зацврстат како полноважен жанр. Во нив применува економичност во изразот - со малку средства да раскаже сугестивна и емотивно обоена приказна. Централна опсесија во неговите раскази и романи се машкоста и смртта, често поврзани сокоридата која ја обожавал. Во 1953 година, Хемингвеј ја добил Пулицеровата награда, а една година подоцна и Нобеловата награда.

Над нашата авантура ја продолжуваме кон најшармантниот град на Куба -- Тринидад. Многу филмски град со автентични куќи и камени улици во колонијален стил. Танцување на улица и посета на Casa de la Musica и Casa de la Trova! Најстарите и најпознатите барови на Куба. Јавање коњи, прошетка во националниот парк, бањање на водопадите, локалните селца и Карип-ското Море...

Во романот „Шунка на 'ржен леб", Чарлс Буковски наведува дека еден од првите писател кои му оставиле впечаток бил Хемингвеј, опишувајќи го со следниве зборови: „А тогаш се појави Хемингвеј. Колкаво возбудување! Тој знаеше како да ја постави реченицата. Уживав. Зборовите не му беа здодевни, зборовите станаа предмети кои можат да ти го придвижат духот." Во 1984 година, македонскиот писател Митко Маџунков го објавил кусиот расказ „Хемингвеевиот лимон"

Имавме лежерни денови исполнети со уживање на најубавата плажа во јужниот дел на островот - Playa Ancon. Од Тринидад посетуваме два града од светско наследство Cienfuegos и Santa Clara, градот каде завршила кубанската револуција и се наоѓа спомен куќата на Че Гевара (Che Guevara).

Нашата приказна за убавата прошетка ја завршивме во Варадеро. Таму бевме сместени во убав хотел, каде нашите денови беа исполнети со масажи, коктели, музика, насмевки, сонце на убавата плажа.

Варадеро е сместено источно од централна Хавана, од каде се патува два часа со автобусе. Варадеро се наоѓа на полуостровот Хикакос, помеѓу заливот Карденас и теснецот на Флорида, околу 140 километри источно од Хавана, на источниот крај на автопатот Виа Бланка.

Полуостровот е широк само 1,2 km во неговата најширока точка и е одделен од островот Куба со каналот Кавама, одделен од копното со Лагуна Пасо Мало. Оваа полуостровска земја се протега на повеќе од 20 километри од копното во североисточен правец и нејзиниот врв, Пунта Хикакос, е најсеверната точка на островот Куба.

# 3. ВО ЗЕМЈАТА НА КОЛУМБО И КАСТРО

Условите за туризам во Куба се врвни. Хотелите се првокласни. Услугата најчесто е "ол инклузив", или народски речено "за џабе". Секако дека е далеку од бадијала, затоа што се прилично скапи аранжманите за летување на овој карипски остров. Но кога ќе се измери квалитетот на сместувањето, можностите за забава, спортските активности и излети, па ако се додаде топлото море со тиркизна боја, плажите со ситен песок и ладовината од палмите, тогаш одморот на Куба вреди за парите.

Туристите на Куба купуваат, покрај одмарањето и уживањето. Најмногу се бараат познатите кубански пури или рум. Агенциите организираат посета до плантажите со тутун и фабриките за пури. Но, познавачите велат дека е подобро соло откривање на квалитетните пури и цигарите.

Инаку, Република Куба (шпански *República de Cuba*), или како често ја викаат земјата на Колумбо и Кастро е најго-лемата островска земја во групата на Големите Антили. Таа од сите страни е опколена со вода, Атлантскиот Океан на исток, Мексиканскиот Залив на север и Карипското Море на југ.

Куба има интересен издолжен облик во правец истоксеверозапад и е долга околу 1.200 километри, со просечна широчина од околу 110 километри. Во овие граници на тој простор денес живеат повеќе од 11 милиони жители. Куба е средноамерикански островски архипелаг во Карипското Море и интересниот Мекискански Залив. Куба е најнаселениот карипски остров. Биолошкиот и геолошкиот диверзитет е импресивен. На островот има 6000 видови билки, од кои половината се ендемски. Заради тропската клима, температурните осцилации се мали, па просечна годишна температура е 25 степени. Воздухот е доста влажен, но посетителите брзо се навикнуваат на тоа.

Северозападно од Куба се наоѓаат Соединетите Американски Држави, северно се протегаат Бахамите, источно се наоѓа Хаити, јужно се Кајманските Острови и Јамајка додека на запад преку заливот е Мексико. Главниот остров на државата е Куба, но во околината се наоѓаат групи острови. Главниот остров претежно е низински, но присутен е и планинскиот масив Сиера Маестра. Куба има тропска клима со постојани температури на воздухот.

Општо гледано од ноември до април во државата е сушна сезона, додека од мај до октомври е влажниот период. Главен град на Куба е Хавана, додека официјален јазик е шпанскиот јазик.

При нашата посета бевме информирани дека името „Куба" потекнува од јазикот *таино* и неговото точно значење не е целосно познато. Називот може да се преведе како *„место каде плодната земја е во изобилство"* или како *„големо место"* (*„коабана"*).

Покрај ова тврдење, постои уште едно, кое, веројатно, е поточно, со кое се тврди дека кога Кристофор Колумбо пристигнал на островот го именувал островот според стариот град Куба во Португалија.

Исто така, според пишаните документи се вели дека Куба станала социјалистичка република со уставот од 1976 година, но тој устав бил заменет со нов во 1992 година, кој се базира на марксистич-ките, ленинистичките и идеите на Фридрих Енгелс. Уставот ја карактеризира Комунистичката  партија на Куба како „водечка сила на општеството и државата". Првиот секретар на Комунистичката партија е претседател на државниот совет или наречен претседател на Куба и претседател на Советот на министри или порано познат како премиер на Куба.

Членовите на двата совета се избрани од страна на Националното собрание на народната сила. Претседателот на Куба, исто така, е избран од страна на Собранието за мандат од пет години, но без ограничување при кандидирање. Меѓутоа, во Куба е забрането политичка партија да има политички ангажман како собири, митинзи или кандидирање на пратеници, иако Комунистичката партија досега има забележано такви ангажмани.

Во пишаните документи се вели дека Куба произведува шеќерна трска, тутун, кафе, ананас банани, лимони, портокали и др. По производство на шеќер Куба го зазема првото место во светското производство. Во помали количества се одгледува: пченка, ориз, градинарски производи, овошје и друго. Рудното богатство во Куба се состои од големи резерви на железна руда (околу 3,5 милијарди тони), потоа на бакар, хром, манган, злато и друго.. На основа на рудното богатство многу индустриски гранки се во развој. Од нив најразвиени се прехранбената (производство на шеќер во повеќе од 200 фабрики), потоа, тутунската, текстилната, хемиската, градежната индустри-ја и други. Во поново време подигнати сè повеќе рафине-риина нафта, кои ја навестуваат иднината на Куба.

Куба извезува: шеќер, кафе, пури, ананас, банани а увезува: машини, автомобили и друго. Меѓутоа, се чини дека во Куба значајна стопанска гранка е туризмот. Пријатната клима и долгите песочни плажи секоја година привлекуваат сè поголем број туристи, особено од Канада, Германија и други земји на Европската унија.

Покрај тоа што Куба официјално е атеистичка држава, ние се уверивме дека на територијата на држа-вата се практикуваат поголем број религии. Најдоминантна религија во Куба, секако, е католицизмот. Во тоа се уверивме при посетата на Католичката црква во Хавана, каде добивме податоци за „забранетиот" духовен живот.

Инаку, на почетокот на своето владеење Кастро не спроведувал радикални општествени реформи. Дури и не бил непријателски расположен кон САД. Но поради притисоците од масите, Кастро почнал да презема мерки кои одеа против интересите на американскиот капитал во Куба. Голем удар на американскиот капитал на Куба бил национализацијата на нафтените рафинерии во 1960, по што САД престанале да купуваат кубански шеќер и воведе економско ембарго кон Куба. Уште повеќе, почнале да ги организира кубанските бегалци за насилно соборување на Кастро од власт, што кулминирало со фијаското со истоварувањето во Заливот на свињите во 1961 гдина.

# 4. КУБА – ЗЕМЈА НА КУЛТУРАТА, МУЗИКАТА, ИГРАТА, СПОРТОТ...

Во нашите повеќегодишни посети на Куба се уверивме дека и кубанската култура е доста богата и има силни влијанија од Шпанија и Африка. Спортот е една од најголемите преокупации на народот. Поради поранешната блискост со Соединетите Американски Држави, во Куба се попу-ларни спортовите кои се среќаваат во Северна Америка. Најпопуларен спорт е бејзболот, но доста популарни спортови се и одбојката, кошарката, крикетот, атлетиката и, се разбира, боксот. Се разбира статуата на Исус Христос, кој ја благословува Хавана, е налик на онаа во Рио де Женеиро. Сместена е во старото градско јадро. Кипот висок 20 метри, направен е од италијански мермер и е поставен во 1958 година. Импозантни се и гробниците Кристобал Колон, кои се активни повеќе од 130 години. Таму се наоѓаат преку милион гробови што е своевиден музеј на отворено.

Имавме можност да разговараме со верници и во други христијански храмови. Интересно беше што тие ја имаат речиси сличната духовна филозофија како онаа во Македонија веднаш по Втората светска војна

Меѓутоа, за посетителите кубанската музика беше нешто највозбудливо. Таа е доста богата и е еден вид симбол за кубанската култура. Главен елемент во кубанската музика е јужноамериканскиот мелос, што е основа за голем број музички правци како салса, румба и мамбо. Исто така, позната е кубанската ча-ча-ча. Затоа и Куба често се нарекува дека е земјата на убавите плажи, музиката, играта, спортот, љубовта... Во текот на нашиот престој во Куба ја посетивме Хава-на (шпански: *La Habana*) која е главен град на Куба и во кој живеат околу 2,5 милиони жители. Тој е најголем град во Куба и на Карибите. Хавана се наоѓа на околу 160 км југозападно од Ки Вест на Флорида. Градот Хавана е една од покраините на Куба.

Конквистадорот  Диего Веласкез де Куелјар ја основал Хавана во 1515 година, на јужниот брег на островот, блиску до денешниот град Сиргидеро де Батабано. Градот Хавана бил преселен на сегашната локација (тогаш позната како Карењас) во 1519 година.

Хавана првобитно била трговско пристаниште, а станала главен град на шпанската колонија Куба во 1607 година, како и главно пристаниште на шпанските колонии во Новиот свет. Хавана е прекрасен и возбудлив град, бидејќи претста-вува синтеза на екстремно старото и прогресивното ново.

Таа полека се спушта кон морето, кое ја прави да биде привлечна метропола. Архитектонски гледано, пак, Хавана е како една грациозна старица која седи од страна на морето, со очите загледана кон длабоките сини бранови на теснецот кон Флорида.

Улиците на Хавана се живописни. По нив се движат стари американски автомобили од предреволуционерното време заедно со руски “лади” и “москвичи”, како и најнови руски автомобили.

Во исто време Куба како да е чекор назад во времето, и тоа е необично и истовремено возбудливо, иако човек може се прашува колку долго може да трае тоа.

И разбирливо е тоа. Но, денес населението од Хавана сака да го модернизира градот и да го обнови, но треба да го задржи уникатниот оригинален карактер, кој му пркоси на времето во периодот од изминатите шеесетина лета.

Нашето Варадеро е неверојатно место, главно, поради тоа што е убаво, пријатно, привлечно и чудно место. Тоа е храмот на Хемингвеј, каде светски познатиот писател изградил куќа во непосредна близина на големиот гангстер Ал Капоне. Затоа овој дел на Куба бил привлечен во минатото, а и во сегашноста.

Инаку, Кубанците се неверојатно добри луѓе. Тие во материјална смисла на зборот имаат многу малку, но се весели, гостоприемливи, задоволни како во нивните раце да го држат богатството на овој свет. Кубанските куќи во селата се лоши, стари и трошни, без цврсти прозорци и врати, заработувачката е мала, но секој Кубанец има широко отворено срце што ретко може да се сретне на друго место

И покрај тоа што Кубанците живеат сиромашно, меѓутоа тие се среќни, задоволни, пијат рум, пеат, седат во импровизираните кафулиња од трска со буриња наместо маси, ги забавуваат туристите за ситни пари, за неколку долари, а над нив висат фотографии на Че Гевара. Веројатно од сонцето, здравата храна и, се разбира генот, Кубанците, особено женскиот пол се многу убави, љубезни, симпатични, благородни...

Инаку, Кубанците се многу образована нација. Многу од нив како интелектуалци работат по хотелите, кои за среќа ги има во голем број на целиот брег околу Куба. Разговаравме со една професорка по англиски јазик и литература која работеше во барот. Таа беше многу љубезна, услужлива и ја ценеше својата работа, поради што беше наградувана. Таа, за жал, не информира дека подобро е што работи во хотелот, отколку да предава во некое училиште, каде примањата се многу мали.

И пред да си заминеме од Куба, по нашите впечатоци, многу сонце и мирисот на солта по нашите тела, по вкусот на морската храна, која никогаш нема да ја заборавиме, по мирисот на различното овошје и сè она што не опкружуваше во текот на една недела можеме да се заблагодариме на љубезните и школувани Кубанци, кои за да опстојат на таа ветрометина искажуваат силна љубов кон дојденците од другите десно-ориентирани земји.

Но, може да се заклучи дека Куба е родното место на игрите салса и мамбо. Таа одушевува со својата историја, колонијална архитектура, квалитетните цигари – пури, убавите Кубанки и прекрасните плажи. Затоа, илјадници Канаѓани заминуваат на одмор и рекреација токму во Куба, во земјата на Кристофор Колумбо и Фидел Кастро.

Кубанската култура е доста богата и има силни влијанија од Шпанија и Африка. Спортот е една од најголемите преокупации на народот. Исто така и кубанската музика е доста богата и е еден вид симбол за кубанската култура. Главен елемент во кубанската музика е сон што е основа за голем број музички правци, како: салса, румба и мамбо. Исто така, позната е кубанската ча-ча-ча.






*Летовалиштето Козумел*



*Порто Вењарта*



*Катедрала во Порто Вењарта*

# 4. МЕКСИКО - ВАЛЈЕРТА

## 1. ВО КОЗУМЕЛ – ЈУЖНОТО МЕКСИКАНСКО ТУРИСТИЧКО ПРИСТАНИШТЕ

По една недела престој во Флорида, немирувавме и го продолживме нашето патување по светот. Беше недела - Господов ден кога се упативме кон големото пристаниште Форт Лодердел. Бевме пријатно изненадени кога од далечините ги гледавме прекуокеанските патнички бродови наредени во океанската шир.

Неповторлива глетка. Тие доаѓаат и поаѓаат токму од ова американско пристаниште. Се упативме кон отворените влезови во кои имаше неколку илјади патници кои брзаа да влезат во бродот наречен „Волшебникот на моријата" (Allure of the Seas). Ние се приклучивме то толпата патници и како да се изгубивме во таа безкрајна колона на патници од целиот свет.

Пред да го организираме оваа патување, по обичај, се запознавме со основните податоци за она што беше потребно да знаеме за патувањето, државата и местата кои требаше да ги посетиме и друго.

Така,  според податоците што ги добивме за бродот како морско чудовиште беа дека тој, бил изграден во пристаништето Турку во Финска во 2008 година, а по пристигнувањето во Флорида  бил крстен како „Волшебник на моријата" од кумата - принцезата Фиона на 28 ноември 2010 година.

Бродот е огледало на современото живеење, на софистицирана опрема што пружа удобно живеење и престој. Во бродот, покрај другото, има театар за 1.400 посетители, големо казино, место за претстави на вода, ресторани, продавници, детска градинка, голф клуб, сала за вежбање, козметички салони и други простории, каде човек се чувствува како да е во град некаде во Европа.

Од добиените податоци за бродот, просто човек не може да поверува дека бродот е долг 362 м, широк 60 м, висок 72 м (има 16 ката), тежок е 250.000 тони, и може да развие брзина од 42 км на час. Ние во бродот бевме едни од 6.300 патници заедно со 2.300 екипаж и послуга. Интересен е податокот дека бродот чини околу две милијарди долари.

Бродот замина тивко од Форд Лодердеи и се упати кон Тахити. Патувањето од два дена и две ноќи не го почувствувавме, бидејќи имавме вистински, топли, романтични, летни периоди исполнети со многу активности, гурмански седенки, музика...

Притоа, глетката од бродот ја збогатија десетината делфини кои во непосредна близина на бродот скокаа во водите, со цел да ја постигнат брзината на движењето на „големата риба". Но, откако бродот се покажа дека е побрз од нив, тие како да се изгубија и ги снема во длабочините на морската вода.

Беше утро кога стасавме во монденското пристаниште Лабади (Labadee) на островот Хаити, во најсиромашната земја на светот. Бевме информирани дека од сигурносни причини летовалиштето е заградено пристаниште и се користи исклучително за американските патни-чки бродови.

Таму не пречека домородна музика составена од свирачи кои свиреа музика со јужноамерикански мелос. На прекрасната плажа од неколку километри екипата на бродот, со одреден број вработени од Хаити ни обезбедија услови за одмор, рекреација и гурманство како да сме на „Волшеб-никот на морињата", кој се вишнееше недалеку од плажата.

Го напуштивме Хаити и по два дена и две ноќи стасавме во пристаништето Фалмаут (Falmouth), кое се наоѓа на северната страна на островот Јамајка. И тука излеговме од бродот и денот го поминавме во пристанишниот град. Таму имаше бројни дуќани, ресторани и други објекти за да ги послужат патниците од бродовите со различни сувенири, златни предмети, туристичка облека и друго. И тука, сите патници се прибраа во вечерните часови.

Ја напуштивме Јамајка и бродот нечујно заплови во Мексиканскиот Залив кон островот - пристаниште Козумел во Мексико. И до Мексико беа потребни две ноќи и еден ден да ја допреме земјата на Маите. Таму можевме слободно да излеземе од бродот, каде бевме пречекани со оркестар кој со мексиканска музика ни посака добредојде. Ова значајно пристаниште ни беше дозволено да го посетиме од утринските часови до доцна во ноќта.

На самото пристаниште имаше стотина различни продавници за сувенири и други производи. Од централниот дел на пристанишното гратче, каде, исто така, се слушаше мексиканска музика, беа наредени безброј автобуси и други возила кои со туристи од бродот заминавме до различни туристички еднодневни дестинации во Мексико. Инаку, според пишаните документи, Козумел  е остров кој лежи на Карипското Море,  источно од брегот на полуостровот Јукатан, спротивно од плажата Плаја Дел Кармен и близу каналот Јукатан. Козумел е една од деветте општини на државата Кинтана Ро и е главна туристичка дестинација, позната по бројните одмаралишта и нуркачки активности. Најголемиот град на островот е Сан Мигел Де Козумел

Островот е долг 48км (30 мил) и 16км (9.9 мил) широк и е најголемиот мексикански остров што лежи во Атлантикот. Тој е трет по големина во државата, по островот Тибурон и Анхел де ла Гуардиа. Оддалечен е 20 км (12 мил) од копното и 60км (37 мил) јужно од Канкун.

Голем дел од населението на Козумел живее во градот Сан Мигел (население од околу седумдесет илјаду), кој се наоѓа на западниот брег на островот. Општината вклучува уште две мали области на главното копно, кои се енклави на општината Солидаридад. Островот е низок, рамен и со густа вегетација.

За нас од Македонија беше интересно да се запознаеме со една нова култура, архитектура, народ, религија, обичаи... Притоа, најмногу се интересиравме за историскиот и културниот развои на Маите. Бевме информирани дека Маите биле

први кои се населиле на Козумел, на почетокот на првиот милениум од нашата ера, Исто така се најдени артефекти и од древните Олмеци.

Островот бил светилиште на мајската божица на месечината Иш Чел, а храмовите биле свето место, особено за жените кои посакувале плодност. На островот постојат урнатини од пост-класицизмот. Најголемите маиски урнатини биле расчистени за да се направи простор за аеродромска писта за време на Втората светска војна. Другите урнатини што останале се Сан Гервасио и се наоѓаат во а близина на центарот на островот и до ден денес постојат.

Првиот шпански освојувач на Конзумел бил Хуан де Грихалва во 1518, а наредната година Хернан Кортес пристигна со флота и уништил многу маиски храмови. Тогаш на островот живееле околу 40.000 Маи, но малите сипаници ги уништија и до 1570 останаа имало само 30 Маи. Во годините што претстоеле, Козумел бил напуштен и се користел од време на време како скривалиште на пиратите.

Во 1848 година избувна Јукатанската војна, која резултирала со емиграција на бегалци. Во врска со бегалците и денес на спомен плочата во музејот во Козумел стои дека американскиот претседател Абрахам Линколн имал намера да го купи островот и да го користи како место за ослободените робови. Но војната во Јукатан го премислила.

Во 1960 година, пак, истражувачот Жак Кусто ја запознал убавината на коралниот гребен Палансар, кој се наоѓа кај јужниот дел на Козумел и го претставил како едно од најубавите места за нуркање во светот.

Но, оваа репутација падна во вода, поради контраверзната смрт на британската пејачка Кристи Мек Кол додека нуркала таму во 2000-та година. Иако првичниот аеродром, кој бил изграден за време на Втората светска војна, имал капацитет за примање на воени и интернационални летови, многу поголем аеродром бил изграден во доцните 70ти години. Тоа придонесе уште повеќе да се развие туризамот во Козумел. Нуркањето е сѐуште една од главните атракции во Козумел, што во главно се должи на маринските заедници на коралниот гребен. Во 1996 владата на Мексико го заштити националниот парк - коралниот гребен на Козумел, со тоа што забрани допирање или отстранување на организми од морето во границите на паркот.

Козумел е место кое навистина има што да понуди, Први доселеници биле древните Маи, кои островот го населиле околу 300та година. Пред да стане туристичка атракција, местото било познато како верска локација. Многу жени доаѓале да оддадат почит на Божицата на плодноста Ixchel. Влијанието на Маите се чувствува и денес. Тоа е и причината поради која островот се разликува од другите острови.

Денес, овој остров е една од најважните туристички атракции во Мексико. Годишно го посетуваат најмалку 2 милиони туристи од сите делови на светот. Овој податок не е изненадувачки, со оглед на егзотичните плажи со најубава песок, тропското море богато со корали и разни видови риби

# 2. ВО ЛЕТОВАЛИШТЕТО ПОРТО ВАЉАРТА НА ТИХИОТ ОКЕАН

После прошетката до еден дел од островот се вративме во бродот, со цел да гледаме како сонцето зајдува во далечините на земјата на Маите, што е специфичен момент за пристаништето Козумел. Бродот заплови и се изгуби во далечините на водената шир меѓу Флорида и Куба.

Ние имавме среќа да седиме и да пиеме виски на најгорниот раскошен кат на бродот,  од просторот за рекреа-ција, од каде се гледаа повеќе мексикански населби, над кои Сонцето, кое ние го нарековме „Македонско сонце од Палатица - Кутлеш", зажарено како да е вулкан се спушташе во непрегледните далечини.

Глетка што остави впечаток кај голем број туристи на најголемиот брод на светот кој го гледаа залезот на „Македонското сонце".

Патувањето за туристичкото пристаниште Порто Ваљарта на Тихиот Океан во Мексико, во вистинската смисла на зборот за нас претставуваше ретко доживување. Во исто време таквите патувања се и предизвик и возбуда и задоволство и момент за паметење за посетителот на оваа контраверзна јужноамериканска земја.

За патувањето за Мексико како водич ни` послужија големиот број литературни дела од бројни канадски и американски публицисти и патеписци, кои детално и точно ги пренесуваат податоците за Мексико. Во таа интересна и богата земја на Маите од кога дошле Шпанците има огромни турбуленции, војни, покорувања, уништувања, промени, напредок, религиски измени и уште други карактеристики се запишни во историскиот развој на мексиканскиот народ.

Беше пролетно утро кога полетавме со авионот на „Ка-надиан еирлаинс" од аеродромот „Пирсон" во Торонто. Сон-цето штотуку се појавуваше од далечините на езерото Онтарио од исток, а метрополата со голем број околни места како да потонала во маглата што беше се јавила од испарувањето на водата од Езерото. Го прелетавме Онтарио, а со тоа ја  напуштивме Канада и се упативме кон Соединетите Американски Држави.

Потоа, „железната птица" продолжи да лета преку непрегледните територии на САД од северо-исток кон југозапад и продолжи кон брегот на Тихиот Океан, на западната страна на Мексико.

Патувањето траеше повеќе од  пет часа, кога на пладне слетавме на меѓународниот аеродром Густаво Дијаз Ордаз во Порто Ваљарта. Ова авионско пристаниште се наоѓа на самиот брег на Тихиот Океан, од чии води се спуштавме кон копното, слично како на аеродромот во Охрид кога авионите се спуштаат од кај Свети Наум кон Аеродромот „Охрид" кај  Подмоље

Затоа со право констатиравме дека каога човек е во Порто Ваљарта и на брегот на Пацификот има одредено чувство дека се наоѓа како да е во Охрид и на

Охридското Езеро, бидејќи Порто Ваљарта наликува на Охрид и по својата местоположба, конфигурација и по возвишените природните убавини.

Тука, на тие многу поголеми простори од Охрид природата подарила многу богатство, климатски услови и природни убавини кои се искористени и се мамка за илјадници посетители од светот, особено за Канаѓаните и Американците.

Скоро сите патници во авионот од Торонто беа туристи од Канада кои доаѓаа во Порто Ваљарта како монденско летовалиште со пролетна клима, каде можат да се поминат безгрижни денови и многу недели за одмор, уживање, рекреација...

За кусо време ги поминавме граничните и царински процедури, бидејќи на Мексико му требаат туристи, затоа тие живеат и работат за туристите. Потоа се упативме кон аеродромската зграда во која врвеше од претставници на агеции и хотели кои им организираат на гостите превоз и сместување, ги осигуруваат и се грижат за новодојденците.

Одма при влезот нé почестија со локум и со по една чашка текила за добредојде (слично како во Македонија). На излезот од зградата лесно ги најдовме претставниците на нашиот домаќин, кои љубезно не сместија во возилото и не однесоја во хотелот „Лас Палмас“, во кој останавме две недели, што ни остана во нашите спомени.

Инаку, Порто Ваљарта е мексиканско градско крајбрежје кое се наоѓа во заливот Бахија де Бандерас на Тихиот Океан. Тоа е владино седиште на истоимената општина, која го опфаќа градот, како и населени центри надвор од градот, кои се протегаат од Бока де Томатлан до границата Најарит (реката Амека). На север се граничи со југозападниот дел на областа Најарит. На исток се граничи со општината Маскота и Сан Себастијан дел Оеште, а на југ се граничи со значајните општините Талпа де Аленде и Кабо Кориенте.

Градот Порто Валарта е именуван по Игнасио Ваљарта, поранешен гувернер на Халиско. На шпански, Порто Ваљарта често се скратува во “Ваљарта”, додека на англиски често го нарекуваат градот П.В. Близината на Порто Ваљарта до Заливот Бандерас, земјоделската долина на реката Амека и важните рударски центри во Сиера, му дале на градот поинтересно минато од повеќето туристички дестинации во Мексико.

Порто Ваљарта било просперитетна мексиканско село долго пред да стане меѓународна туристичка дестинација. Туризмот е главна економска активност поради климата, конфигурацијата, тропските плажи и богата културна историја. Неколку детали се познати за историјата на оваа област пред 19 век.

Имено, постојат археолошки докази кои укажуваат на континуирано живеење на луѓе од 580 п.н.е. до денес. Слични докази, особено од локалите-тите во близина на Икстапа и во месноста Лазаро Карденас укажуваат дека областа припаѓала на културата Азталан, која доминирала на тие простори.

Шпанските мисионери и конквистадори документираат хронични пресметки помеѓу шпанските колонизатори и локалните народи. Во 1524, на пример, голема битка помеѓу Хернан Кортес и армија од 10.000 до 20.000 Индијци резултирала со победа на Шпанците, кои ја презеле контролата над поголемиот дел од долината Амека. Тогашната долина била наречена Бандерас (знамиња), по шарената облека што јаноселе домородците.

Исто така, областа е заведена во некои извештаи како место за пиратски операции и за шверцување и пиратски напади. Во текот на 17-тиот и 18-тиот век, долината Бандерас и нејзините плажи по должината на заливот Бандерас служеле како места за снабдување на бродовите кои барале засолниште во заливот. Областа, исто така, служела како точка каде шверцуваната стока можела да се испрати до градовите Сиера во близина на Маскота, избегнувајќи ги царинските операции и давачки.

Во текот на 19-тиот век, историјата на Порто Ваљарта, тогаш наречена Ел Каризал или Лас Пенес, била поврзана со историјата на градовите Сиера во Сан Себас-тијан де Осте, Талпа де Аленде и Маскота. Додека денес овие градови се сметаат за необични туристички дестинации, во поголемиот дел од 18-тиот век, Маскота бил втор по големина град во Халиско, по Гвадалахара.

Маскота и неговите соседни градови лоцирани во високите висорамнини на Сиера, се развиле како земјоделски градови за поддршка на растечките рударски операции во Сиера.

За да биде здодевно од многу податоци одвреме – навреме Мексиканката во соработка со возачот пуштаа убава мексиканска музика. Оние кои не беа многу заинтересирани за историскиот развој на Порто Ваљарта слушаа мексиканска музика и се наслaдуваа на природните убавини долж на Тихиот Океан.

Нас не интересираа историските податоци и со внимание ја слушавме убавата Мексиканка која нé информира дека според пишаните документи, во текот на 18-тиот век, како што растела Маскота, Порто Ваљарта пораснала со тоа, преобразувајќи се од мало рибарско и бисерско село во мало пристаниште.

Во тоа време главното пристаниште што служело на Халиско било лоцирано во Сан Блас, но неповолното копнено патување од Сан Блас до градовите Сиера го направило Порто Ваљарта попогодна алтерна-тива за помали пратки, а да не ги споменеме шверцу-вачките операции што ги избегнувале собирачите на данок во Сан Блас.

Порто Ваљарта, исто така, станала дестинација за одмор за жителите на Сиера градовите, а до средината на 19 век, градот веќе имал редовно враќање на бројни туристи. Повеќето од поранодојдените доселеници во Порто Ваљарта биле семејства кои го напуштиле градот Сиера од една или друга причина.

Треба да се одбележи дека годината 1859 била важна пресвртница за малото село, тогаш позната како Лас Пенес. Таа година една рударска компанија поседувала земјиште кое се протегало од Лос Аркос до реката Питиллал и назад во Сиера.

Бевме информирани дека официјалната основачка приказна за Лас Пенес, а со тоа и за Порто Ваљарта, е дека тие биле формирани од Гвадалупе Санчез Торес, на 12 декември 1851 година, како Лас Пенес де Санта Марија де Гвадалупе.

Во тоа време тој простор бил населен со рибари, бисерни нуркачи, шверцери и фалсификатори, од кои сите имале свој живот и постоење во областа. Во тие години почнал животот на Порто Ваљарта како село, кое опфаќало околу 250 домови и околу 800 жители.

За разлика од тие немирни времиња, при нашата посета на Порто Ваљарта бевме информирани дека според пописот на населението објавен во 2010 година таму живее мексиканско население од 255.725 жители, што го прави петтиот по големина град во државата Халиско, а втор по големина како урбана агломерација во државата по Митрополијата Гвадалахара.

Во групата од десетина туристи од Канада кои домаќинот ја доведе во хотелот „Лас Памас" бевме и ние. Во влезот на хотелот бевме пречекани со чашка текила, а потоа ни беа предадени клучевите на собите. Ние добивме соба на третиот кат со поглед кон Тихиот Океан. По сместувањето во собата се упативме кон една од хотелските сали каде бевме почестени со мексиканско јадење и пиење, со што ни беше укажано пријатно и топло добредојде во хотелот „Лас Памас, во Порто Ваљарта. Во Месико.

Во тоа време тој простор бил населен со рибари, бисерни нуркачи, шверцери и фалсификатори, од кои сите имале свој живот и постоење во областа. Во тие години почнал животот на Порто Ваљарта како село, кое опфаќало околу 250 домови и околу 800 жители. За разлика од тие немирни времиња, при нашата посета на Порто Ваљарта бевме информирани дека според пописот на населението објавен во 2010 година таму живее мексиканско население од 255.725 жители, што го прави петтиот по големина град во државата Халиско, а втор по големина како урбана агломерација во државата по Митрополијата Гвадалахара. Во групата од десетина туристи од Канада кои домаќинот ја доведе во хотелот „Лас Памас" бевме и ние. Во влезот на хотелот бевме пречекани со чашка текила, а потоа ни беа предадени клучевите на собите. Ние добивме соба на третиот кат со поглед кон Тихиот Океан. По сместувањето во собата се упативме кон една од хотелските сали каде бевме почестени со мексиканско јадење и пиење, со што ни беше укажано пријатно и топло добредојде во хотелот „Лас Памас, во Порто Ваљарта. Во Месико.

Инаку, Порто Вељарто е во државата Мексико, која е еден од најголемите економски и регионални сили, од 1994 година е првата членка од Латинска Америка во Организацијата за економска соработка и развој, и полека но сигурно го покачува приходот во државата. Мексико се смета за една од новите индустријализирани држави со големи потенцијали. Го зазема тринаесеттото место и единаесеттото место според најголемиот паритет на куповна моќ.

Мексико се рангира на петтото место во светот и на првото место во Америка во Списокот на светско културно и природно наследство на УНЕСКО со 31 локација, а беше и на 10-тото место според списокот на најпосетени држави со 22 милиони меѓународни посети

## 3. НА ПЕСОЧНИТЕ ПЛАЖИ НА ТИХИОТ ОКЕАН

Истиот ден по пристигнувањето во Порто Ваљарта, по обимниот ручек во хотелот „Лас Памас", ја почувствувавме убавата песочна плажа што се раширила пред хотелпт, а ситниот песок се простира во недоглед. Таму, за прв пат го гледавме сонцето како зајдува во океански далечини. Гледка која ни остана во длабоко сеќавање и која скоро секој ден ја повторувавме.

Секојдневно уживавме на зајдисонцето во тропската клима, со дневни температути повисоки од 30°С во текот на целиот ден. Притоа, бевме информирани дека во летните месеци, пак, редовно паѓа дожд, а зимите се, главно суви.

Ги гледавме водите на најголемиот и најдлабокиот океан на Земјата, Тихиот Океан кои се брануваа од далечините до брегот. Океанот кој се протега од Беринговото Море на Арктикот до Антарктикот на југ и од Индонезија до Колумбија.

Површината на океанот изнесува околу 180 милиони км$^2$, а најдлабоката точка е 11 км под површината на водата која се наога во Маријанската Бразда близу Маријанските Острови, што воедно ја претставува и најголмата длабочина на воден објект во светот. Во Тихиот Океан има голем број островски држави. Исто така во него постојат околу 25.000 острви (повеќе отколу во сите океани заедно), од кој најмногу се наоѓаат јужно од екватораот.

Во аналите за Тихиот Океан е забележано дека долж неправилните западни граници лежат многу ивични водени базени кои денес се именуваат како мориња, од кои најголемисе Коралното, Јужнокинеското, Јапонското, Тасмановото и Жолтото Море. Така во текот на патувањата на Фер-нандо Магелан до Филипините, по излегувањето од теснецот низ Огнената земја (теснец кој подоцна го добил името по него) познат по јаките бури, тогаш му се причинило дека Тихиот Океан е многу мирен, по што и го добил името.

Сепак, подоцна се испоставило дека не е секогаш мирен. Копното по Тихиот Океан било подложено на вулкански ерупции и земјотреси. Исто така, бројни тајфуни започнале на тоа подрачје. Еден од најопасните е цунами, (ветрови кои се последица од подводните потреси) со огромни бранови кои ги уништуваат островите и градовите каде поминуваат.

На третиот ден од престојот во хотелот „Лас Палмас", една од агенциите која се наоѓаше во непосредна близина на рецепцијата, нѝ организираше разгледување на дел од Порто Ваљарта. Автобусот беше полн со истите гости со коу патувавме од Канада до Мексико.

Убавата Мексиканка која ни беше домаќин и водич веднаш ни посака добродојде и започна со некои куси историски информации за Порто Ваљарта. Така, таа рече дека во 1918 година, селото било издигнато во статус на опш-тина и преименувано по поранешниот гувернер на Игнасио Ваљарта.

Инаку, активниот градски живот во Порто Ваљарта започнал кога таму пристигнала првата авионска служба во 1932 година и изградбата на малиот аеродром. Потоа, бил изграде мост над Куала со што се поврза со патот кон Компостела.

Дотогаш единствениот пристап до Порто Ваљарта бил преку море и воздух. Нашата домаќинка особено ја истакна 1942 година кога се појавила првата реклама за Порто Ваљарта во списанието „Модерн Мексико", со седиште во Њујорк, за потоа во 1945 година, да слета првиот авион носејќи 21 патник.

Така, до 1950-тите, градот Порто Ваљарта почнал да привлекува Американци, главно писатели и уметници во ерата на Ајзенхауер и Макарти. Градот исто така привлекол мексикански уметници и писатели кои биле подготвени да ги остават удобностите на животот во поголемите градови и да се населуваат на брегот на Тихиот Океан. Новиот аеродром бил изграден во 1962 година, поврзувајќи ја Порто Ваљарта со Лос Анџелес кога мексиканската авиокомпанија почнала да нуди пакетни патувања, слични како оние што ние ги имавме „all inclusive".

Во шеесетите и седумдесетите години летовалиштето Порто Ваљарта започнал да биде главна туристичка дестинација. Во 1964 години американскиот режисер Џон Хјустон таму го снимил филмот "Ноќта на Игуана". За време на снимањето, американските медиуми детално ја покривале вонбрачната врска на Елизабет Тејлор со Ричард Бартон, како и за честите борби помеѓу Хјустон и четирите ѕвезди на филмот. Таквата рекламна пропаганда помогнала да се стави Порто Ваљарта како една од главните дестинации на мапата за американските туристи.

Тоа ги поттикнало мексиканските власти значително да инвестираат особено во подобрувањето на транспортот за да го направат Порто Ваљарта лесна дестинација за патување. Така, се развил меѓународниот аеродром во градот, патниот транспорт значително се подобрил, а и многу се инвестирало во развојот на автопатот и комунална инфраструктура.

Кога автобусот беше во близината на пристаништето Ел Саладо, каде што се наоѓа постојниот терминал за крстарење, Мексиканката нé информира дека тоа било отворено на 1 јуни 1970 година, со што Порто Ваљарта станал првиот пристанишен град во Халиско. Тука туристите од САД и Канада почнале да влегуваат со своите јахти. Тоа бил периодот од кога Порто Ваљарта доживеал туристички бум, како меѓународна туристичка дестинација, а со тоа привлекол бројни туристи и доселеници од САД, Канада и Европа.

Исто така, за Порто Ваљарта била значајна посетата на американскиот претседател Ричард Никсон, кој се состанал со тогашниот мексикански претседател Густаво Диас Ордаз во Порто Валарта во август 1970 година. Посетата го поттикнала развојот на меѓународната аеродромска и туристичка инфраструктура во Порто Ваљарта, со што во медиумите биле печатени бројни рекламни материјали за убавините на градот.

Потоа бевме информирани дека економската криза во Мексико ги предизвикала туристите да доаѓаат уште повеќе во Порто Ваљарта. Како резултат на девалвацијата на мексиканскиот песос, ова летовалиште постанало дес-тинација особено за американските туристи. Додека девалвацијата на песото донела ре-

корден број туристи, во исто време во оваа област кај обичните граѓани се јавува значително зголемување на големите проблеми поврзани со сиромаштијата.

Исто така, нашето тиристичко патување беше да ги посетиме островите Мариета. Тие се група мали ненаселени острови кои се наоѓаат неколку километри од брегот на Порто Ваљарта. Со кристално чисти води и песочни плажи овие острови се едни од најживописните места на светот и се многу популарна туристичка дестинација, особено поради изобилството на морски животни.

Меѓутоа, островите се заштитени од лов и риболов од мексиканската влада, со што претставуваат еден вид резерват на риби, особено за грбавите китови, делфини и други морски животни кои посетителите можат да ги видат на ова интересно место.

Според информациите што ги добивме од нашиот водич, стровите се формирале пред илјадници години како резултат на вулканска активност и се целосно ненаселени. Во 1900-тите години мексиканската влада ги користела како цел при воените вежби, токму поради тоа што биле ненаселени, при што наместо урнатини и пустош, се формирале неверојатни пештери и карпести формации, кои се атракција за посетителите.

Една таква формација е скриената плажа која претставува еден вид отворен кратер и е формирана од експлозија на бомба во комбинација со ерозија на карпите како резултат на локалните временски услови. Оваа плажа фицијално е наречена „Playa De Amor",плажа на љубовта. До скриената плажа може да се пристапи само кога плимата е ниска, а посетителите треба да поминат низ краток тунел кој води до спектакуларната плажа опкружена со флора и фауна

Островите Мариета се природен резерват заштитен од мексиканската влада. За да се посети скриената плажа потребна е дозвола. Но, и без дозвола тие заедно со песочните плажи на Тихиот Океан се привлечни места за вљубениците на природата и посетителите на Порта Ваљарта.

Островот настанал поради вулкански активности пред неколку илјади години во близина на мексиканскиот брег. Од градот Пуерто Ваљарта е оддалечен околу еден час возење со чамец. Најголемата туристичка атракција е скриена плажа, до која може да се дојде со пливање преку тунел долг 50 метри. Песокот е многу мек, водата пријатна за капење, а во близина се наоѓаат и неколку корални гребени, каде аматерските нуркачи сакаат да истражуваат.

Поради својата убавина е голема туристичка атракција, а со оглед на тоа дека е изолирана главно ја посетуваат само двојки. Затоа не е чудно што го носи прекарот „плажа на љубовта". Сепак, нејзиното потекло нема никаква врска со љубовта. Владата на Мексико на островот изведувала експерименти во текот на Првата светска војна. Поточно експериментирање на најефикасните оружја во тоа време.

Детонациите предизвикале голема дупка над „плажата на љубовта", а се верува дека островот е полн со неексплодирани експлозивни направи, па не се препорачува истражување по диви патеки.

# 4. ТУРИСТИЧКИ ПРОШЕТКИ ВО МЕКСИКО И ВРАЌАЊЕ ВО КАНАДА

Во текот на нашиот престој во Порто Ваљарта посетивме различни културно-историски и други споменици. Таму има мал број музеи, но тие што ги има се ориентирани кон продажба на уметнички дела и други интересни предмети за туристите.

Еден од нив е музејот на Мануел Лепе, кој се наоѓа во центарот на Порто Ваљарта и е посветен на животот и делото на починатиот мексикански уметник Мануел Лепе, кој е автор на многу уникатни дела. Исто така и музејот Навал е во центарот на градот, а во него, меѓу другото, има и керамики, накит, таписерски креации, чамци и минијатурни скулптури.

Музејот на Куала е сместен исто така во централниот дел на Порто Валарта покрај реката Куала, по која го добил името. Во него има импресивна колекција на антички предмети, заедно со разни други уметнички предмети Тој е простран и содржи голем број информативни материјали од минатото на Западно Мексико.

Меѓу експонатите можат да се видат голем број археолошки богатства што се најдени во овој регион, традиционални мексикански уметнички дела, предмети од различни занаети, фолклорни експонати и некои добро сочувани предмети од периодот пред да дојдат Шпанците во Мексико.

Покрај тоа што градот Пуорто Ваљерта е значајно летовалиште на брегот на Тихиот Океан, тој е град кој нуди широк спектар на цркви и храмови од главните религии и вери. Таму постојат голем број католички храмови, но има и други христијански, баптистички, мормонски, храмови на Јеховините сведоци и други религии.

Ние ја посетивме католичката црква „Пресвета Богородица на Гвадалупе", која доминира над хоризонтот во центарот на градот и е еден од омилените симболи и обележја на Порто Ваљарта. Таа е еден од најважните споменици на градот и духовниот центар на католиците на тие простори.

Оваа црква пленува со својата големина, и со сé она што го видовме во храмот и надвор од него. Таа е најголемиот католички храм на тие мексикански простори, на кои христијанството преовладува. Беше задоволсто да се седи во храмот и да се разгледа внатрешниот дел со сите богати христијански предмети од влезот до олтарот. Во црквата се препознаваат различни стилови, како што е неокласицизмот во главната зграда и ренесансните стилизирани кули.

Бевме информирани дека во црквата „Пресвета Богородица на Гвадалупе", на празник на Гвадалупе, секоја година од први до дванаесетти декември се одржува фестивал. Карактеристично за свеченостите е тоа што во текот на фестивалот има мешавина од традициите од христијаните и Ацтеките.

Така, млади воини танцуваат по улиците, во поворка која поминува по целиот град, каде се вклучуваат многу банери, музика, пеење и разнобојни декорирани предмети по повод одбележувањето на чудесното појави на Богородица од Гвадалупе на домородниот селанец наречен Хуан Диего на 12 декември, 1531 година.

Всушност празникот на света Богородица од Гвадалупе е една од најпознатите сакани, почитувани и популa-рни прослави на кои присуствуваат десетици илјади луѓе, локални жители, туристи и посетители на Пуерто Ваљарта.

Во текот на нашиот двенеделен престој во Порто Валарта имавме можнот да посетиме еден вид фабрика за правење текила. Таке, едно утро, пред неколку дена да заминеме во Канада, заедно со уште четири туристи од хотелот тргнавме на западниот дел на градот, а потоа навлеговме длабоко во џунглада. Патот беше неасфал-тиран и со многу дупки, но нашата љубопитност беше пого-лема од скокањето во џипот.

По половина час возење стасавме пред една неугледна зграда покриена со високи тропски дрва. Таму нé пречекаа неколку мажи и две убави мексикански дами. Ние бевме со големо љубипитство, а во исто време се прашувавме за целиот тој бизнис.

Домаќините ни ги покажа голем број од просториите и не запознаа со процесот на правењето текила, процес кој многу не се разликува од македонскиот начин на варење комова и шливова ракија. По разгледувањето на дел од оваа Фабрика за текила го посетивме салонот за гости, каде бевме почестени со текила како нивен производ.

Изненадување за нас беше кога ни дадоја по едно половина литарско шише со текила, на кои професионално беа ставени наши фотографии кои тие ги направија уште со самото пристигнување. Но, уште поголемо изненадување беше кога ни побараа по 50 американски долари за секое шишече со фотографија.

Ја напуштивме оваа оаза на текилата и се упативме кон еден уникатен ресторан во џунглата во кој имаше многу гости. Таму се јадеше и пиеше до доцна попладне, кога малку во поднапиена состојба го напуштивме ресторанот и се упативме кон Порто Ваљарта. Бидејќи се враќавме по друг пат низ џунглата, застанавме во едно мало село каде живее домородно население.

Тие не почестија со некој нивни пијалок, налик на нашата струмичка мастика, ни продадоја прекрасни рачни ракотворби за кои плативме по само неколку долари, што за нив беше голема зделка, потоа пријателски и топло се поздравивме и си заминавме.

Во доцните попладневни часови се вративме во хотелот каде ја продолживме нашата патувачка турнеја, но овој пат на пространата тераса на хотелот „Лас Палмас", каде уживавме во мексиканската музика, танци и песни. Како и во минатите вечери така и таа вечер која за нас беше последна во Мексико имаше посебен драж, задоволство и зголемување на спомените кои со внимание ги забележувавме во нотесот.

Ни се причина дека ноќта во Порто Ваљарта беше куса. Во утринските часови пред заминување за на аеродромот излеговме пред хотелот „Лас Палмас" на песочната плажа на Тихиот Океад, од каде  во далечините се покажаа непрегледни океански предели.

Од глетката во Океан човек има чувство дека на песокот и водите им нема крај и дека таму некаде во некои далечни простори престанува животот.

Стасавме на меѓународниот аеродром во Порто Лаварта, каде имаше многу патници кои се враќаа од одмор. Затоа, подолго време почекавме за да ги провериме биле-тите, но потоа брзо ги завршивме царинските процедури и се најдовме во „железната птица", која за петнаесеттина минути полета кон Тихиот Охеан. Долго вртеше над недог-ледните води за да го продолжи патот кон Торонто.

Ги прелетавме од крај до крај Соединетите Американски држави и се најдовме на канадскиот простор и бевме над недогледијата на патот кон Торонто. И над овој светски град, веројатно поради големиот авионски метеж на аеродромот, леталото направи круг над Торонто. Ова беше можност за миг да се ужива во прекрасната глетка над Торонто и езерото Онтарио.

Беше големо доживување од птичја перспектива да се види Торонто, неговите високите облакодери, безбројните широки автопатишта и новите населби. Авионот слета на аеродромот „Пирсон" кој е изграден во непос-редна близина на Мисисага.

Тој е огромен и беше преполн со авиони и други летала. Тука го завршивме нашето патување и престој во Порто Лаварта, во Мексико, кое за нас претставуваше вистинско доживување, голем предизвик и своевидна авантура.

Во Торонто останавме уште неколку дена да се видиме со нашето семејство и пријателите, а имавме среќа да присуствува и да бидеме почесни гости на прославата на Македонското патриотско радио "Обединета Македонија" од Торонто. Тоа е едно од неколкуте радио часови во ова канадска петропола, кај кое доаѓаат до израз, пред сé и над сé, националните белези на македонскиот народ од етничка Македонија.

Македонското патриотско радио "Обединета Македонија" ја започна својата информативна дејност уште во 1998 година, со своја аматерка програма и скромни финансиски можности. Водитети и уредници е брачната двојка Драгица и Мицко Димовски, кои водат потекло од битолскиот крај.  Радиото се емитува секоја сабота од 9-10 часот наутро на 1430 АМ на Радио станицата СНКТ, а повторно емисиите се емитуваат на интернет на Етничкото радио за слушателите во Ванкувер и Калгари, во западниот дел на Канада.

Инаку, Македонското патриотско радио "Обединета Македонија" настојува во голема мера да ги запознае слушателите со политичката состојба во Македонија, со македонскиот јазик, културата, религијата, историјата, фолклорот, обичаите и други постигнувања на Македонците во Канада, САД и во Република Македонија.

По неколку дена повторно се најдовме на аеродромот „Пирсон" во Торонто, но овој пат го чекавме авионот на „Аустриан Еирлаинс" кој требаше да лета од Торонто за Виена, а потоа од Виена за Скопје.

И овој пат како и повеќе од стотина пати во изминатите педесеттина години, чувствата и помислата дека се враќаме во нашата убава татковина Македонија беа големи. А Македонија и македонскиот народ од Етничка Македонија ги носевме во срцата и душите во сиве овие наши патувања.

Полетавме од аеродромот „Пирсон" и повторно од висините го гледавме Торонто и езерото Онтарио и се упативме кон Монтреал, Атланскиот Океан и Европа. Заради временските разлики од седум часа, ноќта беше мноу куса и во утринските часови долетавме во Виена.

Беше убав, сончев ден кога полетавме од Виена и се упативме кон Скопје. За час и половина се најдовме на маке-донските висини и авионот го промени курсот на слетување некаде над Велес и започна да се спушта кон аеродромот „Александар Велики" во Скопје.

И тука како и на другите светски метрополи брзо ги поминавме царинските контроли и се најдовме на македонска земја, а со тоа го завршивме едно од најдолгите патувања во нашите анали, и тоа: од Скопје за Торонто, од таму за Порто Лаварта, од Мексико назад за Канада и од Канада за Македонија.

Во Торонто останавме уште неколку дена да се видиме со нашето семејство и пријателите, а имавме среќа да присуствува и да бидеме почесни гости со интервју на прославата на Македонското патриотско радио "Обединета Македонија" од Торонто. Тоа е едно од неколкуте радио часови во ова канадска петропола, кај кое доаѓаат до израз, пред сé и над сé, националните белези на македонскиот народ од етничка Македонија. Македонското патриотско радио "Обединета Македонија" ја започна својата информативна дејност уште во 1998 година, со своја аматерка програма и скромни финансиски можности. Водитети и уредници е брачната двојка Драгица и Мицко Димовски, кои водат потекло од битолскиот крај.

Радиото се емитува секоја сабота од 9-10 часот наутро на 1430 АМ на Радио станицата СНКТ, а повторно емисиите се емитуваат на интернет на Етничкото радио за слушателите во Ванкувер и Калгари, во западниот дел на Канада. Инаку, Македонското патриотско радио "Обединета Македонија" настојува во голема мера да ги запознае слушателите со политичката состојба во Македонија, со македонскиот јазик, културата, религијата, историјата, фолклорот, обичаите и други постигнувања на Македонците во Канада, САД и во Република Македонија.

По неколку дена повторно се најдовме на аеродромот „Пирсон" во Торонто, но овој пат го чекавме авионот на „Аустриан Еирлаинс" кој требаше да лета од Торонто за Виена, а потоа од Виена за Скопје.


CANADA
Edmonton
Vancouver
Regina
Winnipeg
Quebec
Ottawa
Montreal
Toronto
Seattle
Olympia
Washington
Salem
Oregon
Helena
Montana
Idaho
Boise
North Dakota
Bismarck
Minnesota
St. Paul
South Dakota
Pierre
Wyoming
Wisconsin
Madison
Michigan
Lansing
Detroit
Iowa
Des Moines
Chicago
Cheyenne
Nebraska
Lincoln
Sacramento
Carson City
Salt Lake City
San Francisco
Utah
Nevada
Denver
Colorado
Topeka
Kansas
California
Las Vegas
Illinois
Springfield
Indiana
Indianapolis
Ohio
Columbus
Maine
Augusta
Montpelier
N.H.
Concord
Boston
Albany
Mass.
Providence
New York
Hartford
Conn.
Pennsylvania
Harrisburg
Philadelphia
Trenton
New Jersey
Washington, D.C.
West Virginia
Charleston
Richmond
Virginia
Frankfort
Kentucky
Nashville
Tennessee
Raleigh
North Carolina
St. Louis
Jefferson City
Missouri
Los Angeles
Arizona
Santa Fe
Oklahoma
Oklahoma City
Arkansas
Memphis
Little Rock
Phoenix
New Mexico
Columbia
South Carolina
Atlanta
Georgia
Mississippi
Jackson
Montgomery
Alabama
Dallas
Louisiana
Texas
Austin
Baton Rouge
New Orleans
Tallahassee
Houston
Florida
Miami
Gulf of Mexico
MEXICO
Chihuahua
Mexicali
Monterrey
North Pacific Ocean
North Atlantic Ocean
THE BAHAMAS
Nassau
★ National capital
U.S. State
State capital
Scale 1:13,500,000
Albers Equal-Area Projection
500 Kilometers
500 Miles


Welcome to
FLORIDA
THE SUNSHINE STATE



*Нејплс*



*Бродот „Волшебникот на морињата“*

# 5. ФЛОРИДА

## 1. ВО ПОСЕТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ФЛОРИДА

Флорида е интересна и значајна од север со границата на државата Џорџија, па до југ кај Флоридскиот Мореуз, кој е еден од најважните морски теснеци на Западната хемисфера. Таму живее бизнисменот Стив Пљакас од Канада, кој потекнува од селото Зелениче, Леринско. Тој е Македонецот кој прв отиде во посета на Хунзите во Пакистан да ги открие и да остави вечна трага кај едни од потомците на Александар Македонски во големата Македонска Империја.

Често се вели дека богатите Американци не случајно ја одбрале Флорида, каде живеат претежно во есен и зима. И ние се шетавме по сите убави интересни и по многу нешта карактеристични простори, за кои е потребно многу време за да ги видиш. Меѓутоа, одличната инфраструктура, поврзаноста со главните и споредни сообраќајници патувањето го прават пријатно и интересно.

Во пишаните материјали кои ги читавме пред нашето патување, меѓу другото, се вели дека Флорида е сојузна држава на Соединетите Американски Држави, на полуостровот Флорида, помеѓу Атланскиот Океан и Мексиканскиот Залив, чиј главен град е Телахаси, но се чини Мајами е најзначајниот град, како и градовите Џексонвил, Темпа и прочуените  морски капалишта Мајами Бич, Палм Бич и Дејдона Бич. Флорида е пространа рамница, со песочни брегови и суптропска клима, со многу благи зими и топли лета.

Низ Флорида течат многу реки со бавен тек. Има голем број мочуришта и езера, а поголемо е езерото Окичоби. Туризмот е најразвиена гранка во Соединетите Американски Држави, но, исто така, во Флорида е развиена и прехранбената, дрвната и други индустрии. По најголемото производство на минерални фосфати е прва во Западната хемисфера.

Инаку, Флорида ја открил шпанскиот истражувач Понсе де Леон во 1513 година. Под Шпанија била до 1763 година, потоа под Англија сè до 1983 година, кога повторна потпаднала под Шпанија. Во 1819 година Соединетите Американски Држави ја откупиле од Шпанија, меѓутоа долготрајната битка меѓу Соединетите Американски Држави и семинолските Индијанци оставила траги. Флорида е сојузна држава на Соединетите Американски Држави  од 1845 година.

Таа е интересна и значајна од север со границата на државата Џорџија, па до југ кај Флоридскиот Мореуз, кој е еден од најважните морски теснеци на Западната хемисфера. Тој ја дели Флорида од Куба, а со тоа дели два различни света.

Ние имавме среќа да го видиме тоа и да го почувствуваме од двете страни Од Флорида при посетата на еден наш роднина од Преспа каде имавме прекрасни мигови и поминавме незаборавно и од Куба, пак, при нашите посети ја гледавме

Флорида од каде од двете држави гледавме чудесно зајдисонце кое остава траги во сеќавањата на посетителот.

Во монденските летувалишта на Флорида - Форт Лодердел, не пречекаа нашите домаќини Лили и Стив Пљакас. Тие се познати и признати Македонци во македонската комуна во Торонто и се едни од бројните Македонци од Канада и северните делови на САД кои во текот на есента и зимата се преселуваат во Флорида. Инаку, тие кои во летниот период живеат во Маркам или патуваат за Македонија и на многу места ширум светот, се едни од Македонците кои се населиле како ластовички од Канада во Флорида.

Но, во Канада тие се едни од најактивните во македонската заедница во Торонто. Меѓу другото, Стив Пљакас, кој потекнува од селото Зелениче, Леринско бил претседател на организацијата „Обединети Македонци" и еден од најактивните во текот на одржувањето на Средбата на децата бегалци од Беломорска Македонија во 1988 година, што се одржа во Република Македонија.

Меѓу другото, тој бил и претседател на Македонската православна црква „Свети Климент Охридски" во Торонто. Стив Пљакас е Македонецот кој прв отиде во посета на Хунзите во Пакистан да ги открие и да остави вечна трага кај едни од потомците на Александар Македонски во големата Македонска Империја.

Исто така, тој беше еден од спонзорите на олимпијците од Република Македонија на Олимписките игри во Атина и во Пекинг, каде го носеше македонското знаме и, покрај спортистите, тогаш тој беше најгордиот од сите горди Македонци во светот.

Лили Пљакас, животниот сопатник на Стив, пак, е родена во селото Желево, Леринско, која со неполни две години го напуштила родното огниште и патиштата ја однеле во Полска, а потоа дошла во Канада. Таа со своите активности во женските секции на македонските православни цркви во Канада и Флорида и други асоцијации е позната и призната Македонка.

Лили, заедно со Стив, меѓу другото, се донатори на значаен инструмент за дијализа во болницата во Скопје, финансиски поддржувачи на голем број активности на Македонците во Канада и САД, како и на македонските православни цркви, друштва и различни македонски асоцијации во Македонија, во Беломорието, во Пирин, во Албанија и други места ширум светот каде живеат Македонци.

Исто така, Стив и Лили Пљакас и нивното семејство со своите бизниси играат значајна улога во канадското општество. Меѓутоа, се чини дека тие особено се познати по трговскиот центар именуван како „Македонската плаза' во Маркам, во Канада единствен од таков вид во македонската дијаспора. Бевме сместени во нивниот убав и богат апартман на 22 кат, како тие често го нарекуваат македонски дом. Зградата претставува интересно архитектонско здание со сите потребни простории за одмор, удобно живеење и рекреација. Таа е зграда каде претежно живеат Евреи од САД и Канада.

На тие простори можат да се видат десетици повеќекатни згради, распослани покрај океанот, кои се значајни сами за себе и претставуваат една богата архитектонска целина. Се чувствува дека брегот дише многу потопло и поубаво и за очите и за душата од каде и да било на друго место во светот.Да се види Флорида, во исто време значи човек да се запознае со вистините кои се видени на филмското платно, преку малиот екран, во фантазиите,

Затоа, со право Евреите, кои ги запознавме кај базенот и џакузите во дворот за рекреација на зградата, велат дека општината каде се наоѓа зградата - Авентура е вистинското место за живеење и рекреација. Со своите трговски центри, места за рекреација, со културниот центар и синагогата, со прекрасните океански плажи и многуте заливи за паркирање на богатите јахти, Авентура станало многу популарно место на богаташите од северниот дел на САД и од Канада, кои привремено или постојано се населиле во Флорида.

Флорида е една од најинтересните простори на Земјината топка со својата географска положба, клима и посебност од секаков вид. Имаш впечаток дека по должината на брегот на океанот се наоѓа еден град чија големина е непрегледна иљадници километри од Џонсонвил до Мајами.

Богатите Американци не случајно ја одбрале Флорида, каде живеат претежно во есен и зима, А нив, со право нив ги викаат „птици преселници", кои се шетаат по убавите и интересните и по многу нешта карактеристични простори, за кои за да се видат е потребно многу време.

Во текот на нашиот престој во Флорида бевме гости на Годишниот македонски пикник што го организираше Македонската православна црква „Свети Димитрија" од Јужна Флорида. Во еден од парковите за рекреација се собраа околу 250 Македонци од различни возрасти, меѓу кои членовите на црквата и други добронамерници и пријатели на Македонците.

На присутните на пикникот им се обратија претседателот на црковната управа Васил Дзајковски, поцесниот конзул на РМ во Јузна Флоридам САД Дина Клаин,, координаторот на пикникот бизнисменот Стив Пљакас, донаторот на оваа црква бизнисменот Георге Атанасовски, Лена Гогова и Славе Катин. Тие во своите поздравни говори ја истакнаа улогата на МПЦ Св. Димитрија сто ја има мегу Македонците во Флорида, потребите за доизградба на храмот и за иднината на овој знацаен духовен,национален и семакедонски центар во Јузна Флорида. На пикникот настапија македонски играорки, а гостите ги забавувасе естрадниот уметник Перо Христов.

Исто така, тогаш се одржа и Традиционалниот голф турнир, кој го организираа македонски бизнисмени од Канада и САД. Во тие денови во акцијата за собирање средства за црквата „Свети Димитрија" беа собрани околу 50 иљади долари. Тоа значеше и нов почеток на започнувањето на почетните градежните работи и посветла иднина на овој македонски храм.

## 2. ОД ПАТУВАЊЕТО И ПРЕСТОЈОТ ВО НЕЈПЛС

Да се види Флорида, во исто време значи човек да се запознае со вистините кои се видени на филмското платно, преку малиот екран, во фантазиите, мечтите... Затоа со право многумина велат дека особено градот Нејплс е вистинското место за живеење и рекреација.

Со својата 5-та авенија, со своите трговски центри, места за рекреација, со културните центри, со прекрасните океански плажи и многуте заливи за паркирање на богатите јахти, Нејплс е многу популарно место на богаташите од север на САД и од Канада кои привремено или засекогаш се населиле во Флорида на Мексиканскиот Залив

Моето патување за Нејплс го започнав од Торонто во средината на ноември оваа година. Беше недела, утро, ден Господов кога со „Еир Канада“ појдов на пат за Флорида. Тргнав од Торонто од аеродромот „Пирсон“, кој е еден од поголемите аеродроми на тие американски простори.

И покрај тоа што е огромен, аеродромот е едноставен, практичен, со голем паркинг на катови, со безброј патокази и упатства за да може патникот лесно да се снајде кон својата дестинација. А мојата дестинација беше аеродромот Форт Маерс во Западна Флорида кој е сместен на околу триесеттина километри од градот Нејплс.

Патувањето траеше три часа кога ја допревме почвата на топлата Флорида на Мексиканскиот Залив. На аеродромот ме пречека мојот домаќин господинот Луј Влашо, кој ми искажа македонско-американско гостопримство, пред сѐ, со топлина и љубов, а потоа со удобното сместување во престижниот хотел „Хилтон“ што се наоѓа во еден убав дел на градот Нејплс.

Според податоците што ми беа достапни, се запознав дека Флорида е сојузна држава на САД, на полуостровот Флорида, помеѓу Атлантскиот Океан и Мексиканскиот Залив, чиј главен град е Телахаси. Флорида е пространа рамница со песочни брегови и суптропска клима, со многу благи зими и жешки лета.

Има голем број мочуришта, езера и бројни острови. Флорида ја открил шпанскиот истражувач Понсе де Леон во 1513 година. Под власта на Шпанија била до 1763 година, потоа потпаднала под власта на Англија и останала сѐ до 1783 година, кога повторна потпаднала под власта на Шпанија.

Во 1819 година САД ја откупиле од Шпанија. Меѓутоа, долготрајната битка меѓу САД и семинолските Индијанци оставила траги. Од 1845 година Флорида е сојузна држава на САД.

Таа е интересна и значајна од северната страна со границата на државата Џорџија, па до југ кај Флоридскиот Мореуз, кој е еден од најважните морски теснеци на западната хемисфера. Тој ја одделува Флорида од Куба, а со тоа дели два различни света.

Инаку, Флорида е една од најинтересните простори на земјината топка со својата географска положба, клима и посебност од секаков вид. Мислиш дека по

должината на брегот на океанот се наоѓа еден град, чија големина е непрегледна илјадници километри.

Затоа често се вели дека богатите Американци не случајно ја одбрале Флорида, каде голем број од нив живеат претежно во есен и зима. Со право нив ги викаат "птици преселници" "snow birds", кои се шетаат по убавите, многу интересни и по многу нешта карактеристични простори, за кои за да се видат се потребни големи желби, средства, многу напор и време.

Јас по втор пат го посетив Нејплс, кој поради многу добрата геостратешка положба и околните населени места, е важна туристичка раскрсница. Според пишаните податоци, Метрополитенската статистичка област на Флорида, каде лежи Нејплс има население од над 300.000. Нејплс, пак, е еден од најбогатите градови во САД. Тој е на шесто место со најголем приход по глава на жител и втор по проценти на милионери по глава на жител во САД. Затоа, често се вели дека Нејплс е место на богаташи.

На аеродромот „Форт Маерс" ме пречека господинот Луј Влашо, роден Американец, но Македонец по потекло од селото Брезница, Леринско, во егејскиот дел на Македонија. Тој е интелектуалец, бизнисмен, хуманист, познат и признат во американското општество, како и почесен кон-зул на Република Македонија за Флорид.

Луј (Илија) Влашо има огромна љубов кон Макдонија, со што неговиот позитивен став и подготвеност е да помогне на неговата дедовска земја. Тоа особено го прави преку Хуманитарната организација „Хабитат", која има своја гранка и во Македонија,а која ми го организираше моето патување и престој во Нејплс, за што изразувам посебна благодарност.

Инаку, Луј Влашо е почесен член на одборот на „Хабитат" за хуманост во Македонија, кој обезбедува едноставни, пристојни и достапни решенија за домување за оние кои живеат во сиромаштија. Благодарение на заложбите на Луј Влашо, во 2008 година, округот Колиер (Флорида) „Хаби-тат" за хуманост потпиша партнерство со „Хабитат" за хуманост од Македонија.

Во период од педесетина години Луј Влашо бил на високи позиции во бројни компании и различни организации во повеќе држави на САД. Во исто време Луј Влашо беше силен поборник за независноста на Македонија и пријател на претседателот Борис Трајковски.

Меѓу другото, тој помогна да се олесни програмата за награди на стипендисти на неговата програма, на универзитет во Охајо, која донесе бројни македонски студенти кои добија стипендии во САД. Неговата визија за менторство на овие студенти помогна тие да се интегрираат во американското општество и да бидат еден вид амбасадори за Македонија.

Кога во долгите разговори што ги водевме во хотелот и во неговиот топол дом го прашав за неговата посветеност на Македонија. Луј Влашо како роден Американец ми одговори дека неговата љубов кон прадедовската земја Македонија е вкоренета од воспитувањето што го добил од неговите македонски ро-

дители кои го напуштиле родното село Брезница и емигрирале во САД, големата земја, за подобри можности за своето семејство.

Со Луј Влашо го прокрстаривме Нејплс и околните места. Меѓутоа, во сеќавање ќе остане средбата во ресторанот „Вергина" (Кутлеш, Палатица) во Нејплс, во хотелот на кој пред повеќе години менаџер беше токму Луј Влашо, кога и за прв пат се сретнавме. Хотелот се наоѓа во цента-рот на градот, на главната улица, а ресторанот „Вергина" е дел од луксузниот хотел на македонскиот бизнисмен Ристо Гуштеров

Во ресторанот „Вергина" бевме договорени да се сретнеме со Џорџ Атанасоски и неговата Марија, како и со поранешниот директор на списанието „Македонско сонце", Елизабета Андоновска. Средбата беше многу срдечна, пријателска, македонска.

Првата средба со Џорџ Атанасовски во „Вергина" пред осум години, беше во македонски амбиент под македонското сонце, кога се договоривме со бизнисменот Атанасоски да напишам монографија за неговиот живот и дело во САД и во Македонија.

Според договорот јас подготвив две изданија на професионални монографии кои се лика и прилика за најзначајните дела што овој бизнисмен ги постигнал на сите полиња. Истовремено монографиите се огледало за него и гордост за Македонија исполнети со материјали од античко до денешно време.

Сличен, или идентичен разговор во истиот ресторан водев и со Луј Влашо и се догововивме да напишам слична монографија и за неговиот живот и него-вите постигнувања на сите полиња.

Инаку, животната приказна на семејството Влашо е многу интересна страница од мозаикот на македонскиот иселенички летопис во САД, но и во пошироките простори на северно-американскиот континент. Лу, чие македонско име е Илија, е познат активист за афирмација на македонското име, јазик, идентитет, култура и традиции во мултиетничката мапа на САД. Животната приказна на семејството Влашо, истовремено, е и скромен дел од историјата на Македонците од Егејска Македонија, на Македонците во иселеништвото, а преку него и на дедовкста татковина – Македонија

По разделбата со Џорџ Атанасоски, ние со Луј појдовме во неговиот дом кој се наоѓа во непосредна близина на хотелот „Хилтон". Таму се сретнав со неговата сопруга Патришија, позната американска активистка на хумани-тарен и општествен план.

По неколку дена престој во Нејплс, заминав за Торонто и се разделивме со мојот пријател Луј Влашо кому му припаѓа заслуженото високо место во хиерархиската пирамида на луѓето кои имаат големи заслуги во градењето пријателски и бизнис мостови меѓу Соединетите Американски Држави и Република Македонија.

# 3. НАЈДОЛГОТО ПАТУВАЊЕ ОД ФОРТ ЛОДЕРДЕЛ ДО ХАИТИ, ЈАМАЈКА И МЕКСИКО

Флорида е една од најинтересните простори на земјината топка со својата географска положба, клима и посебност од секаков вид. Мислиш дека по должината на брегот на океанот се наоѓа еден град, чија големина е непрегледна илјадници километри од Џонсонвил до Мајами. Затоа често се вели дека богатите Американци не случајно ја одбрале Флорида, каде голем број од нив живеат претежно во есен и зима. Затоа, со право нив ги викаат "птици преселници" "snow birds", кои се шетаат по убавите, многу интересни и по многу нешта карактеристични простори, за кои за да се видат се потребни големи желби, многу напор и време.

Инаку,Флорида е сојузна држава на САД, на полуостровот Флорида, помеѓу Атлантскиот Океан и Мексиканскиот Голф, чиј главен град е Телахаси. Но се чини Мајами е најзначајниот град, како и градовите Џексонвил, Темпа и прочуените светски плажи – Мајами Бич, Палма Бич и Дејтона Бич. Флорида е пространа рамница со песочни брегови и суптропска клима, со многу благи зими и жешки лета. Има голем број мочуришта, езера и бројни острови.

Поради многу добрата геостратешка положба, Мајами и околните населени места, вклучително и општината Авентура се важна сообраќајна раскрсница и место на богаташи. Таму се наоѓа и градот Форт Лодердел кој е најголемото пристаниште на американските јахти и со најбогати куќи на тој дел од Флорида, а можеби и во светот. На тие простори живеат бројни македонски иселеници нашите пријатели, кои ни искажаа Македонско гостопримство, пред сè, со топлина и љубов, а потоа со удобност во нивниот богати апартмани и куќи на брегот на Атлантскиот Океан, во близина на познатата плажа Холивуд, на север од Мајами Бич, во живописниот предел на Авентура. По една недела престој во Флорида, го продолживме нашето патување. Беше недела - Господов ден кога се упативме кон големото пристаниште Форт Лодердел. Бевме пријатно изненадени кога од далечините ги гледавме прекуокеанските патнички бродови наредени во океанската шир. Тие доаѓаат и поаѓаат токму од ова пристаниште. Се упативме кон отворените влезови во кои имаше неколку илјади патници кои брзаа да влезат во бродот наречен „Волшебникот на морињата" (Allure of the Seas), кој е најголемиот патнички брод во светот.

По брзите контроли, сликања и други потребни гранични процедури, патниците брзаа да влезат во таа „чудесна птица на водата". Влеговме во бродот и се упативме кон третиот кат, каде се наоѓаше нашата бродска соба, која не се разликуваше од современа хотелска соба од висока категорија и имаше поглед кон океанската водена шир.

Инаку, бродот „Волшебникот на морињата" е најголемиот патнички брод во светот, сопственост и управуван од „Royal Caribbean International". Заедно со неговата сестра - бродот „Оаза на морињата", тој го држи рекордот за најголем патнички брод некогаш изграден, симболично 50 милиметри (2,0 инчи) е подолг од сестрата брод „Оаза" со кој имаат идентична градба.

Според податоците што ги добивме, бродот бил изграден во пристаништето Турку во Финска во 2008 година, а по пристигнувањето во Флорида бил крстен како „Волшебник на морињата" од неговата кума принцезата Фиона на 28 ноември 2010 година. Бродот е огледало на современото живеење, на софистицирана опрема што пружа удобно живеење и престој. Во бродот, покрај другото, има театар за 1.400 посетители, големо казино, место за претстави на вода, ресторани, продавници, детска градинка, голф клуб, сала за вежбање, козметички салони и други простории, каде човек се чувствува како да е во град некаде во Европа.

Од добиените податоци за бродот, просто човек не може да поверува дека бродот е долг 362 м, широк 60 м, висок 72 м (има 16 ката), тежок е 250.000 тони, и може да развие брзина од 42 км на час. Ние во бродот бевме едни од 6.300 патници заедно со 2.300 екипаж и послуга. Интересен е податокот дека бродот чини околу две милијарди долари.

Уште од првиот ден од престојот на бродот, кога ни ја одредуваа масата за ручек, не поведе една млада и убава дама, навидум како Украинка или Србинка. Кога ја прашав-ме од која земја е, таа ни одговори дека е од Македонија. Беше неверојатно, но вистинито и кога ѝ прозборивме на македонски и ѝ кажавме дека и ние сме од Македонија, таа се изненади и се возбуди, но во исто време се одушеви дека гледа гости – Македонци.

Таа млада штипјанка со топлина и професионалност во своето однесување, си даде слобода малку подолго да поразговараме. Нѐ информира дека на бродот работат 14 лица од Македонија, кои таа веднаш ќе ги информира и дека ние сме трет пар од Македонија кој бил на крстарење на овој голем и скап светски брод.

Бродот како објект беше навлегол длабоко во Карипското Море, меѓутоа, за нас патниците тој беше една голема морска населба. Се шетавме по сите значајни и интересни катови, со цел поскоро да се запознаеме со сè она што бродот поседува.

Бројни продавници, ресторани, казино и други објекти беа сместени во средината на бродот на петтиот кат, кој според големината и изгледот се чувствувавме како да се наоѓаме на Широк Сокак во Битола.

Навистина, така изгледаше таа бродска улица. Потоа ги посетивме театарот, просторот за претстави на вода, но најмногу време посветивме на неколкуте базени за возрасни и за деца и на огромните по големина џакузи, кои се наоѓаа на 16-от кат. Над овој рекреативен центар имаше огромна тераса од каде како на дланка ни беше непрегледната морска шир. Тоа беше местото за сончање, одмор и рекреација, каде човек се чувствува како да се наоѓа во Бразил, на Копа-кабана во Рио де Жанеиро.

Патувањето од два дена и две ноќи не го почувствувавме, бидејќи имавме вистински, топли, романтични, летни периоди исполнети со многу активности, гурмански седенки, музика... Притоа, глетката од бродот ја збогатија десетината делфини кои во непосредна близина на бродот скокаа во водите, со цел да ја постигнат брзината на движењето на „големата риба". Но, откако бродот се покажа дека е побрз од нив, тие како да се изгубија и ги снема во длабочините на морската вода.

Беше утро кога стасавме во монденското пристаниште Лабади (Labadee) на островот Хаити, во најсиромашната земја на светот. Бевме информирани дека од сигурносни причини летовалиштето е заградено пристаниште и се користи исклучително за американските патнички бродови.

Таму не пречека домородна музика составена од свирачи кои свиреа музика со јужноамерикански мелос. На прекрасната плажа од неколку километри екипата на бродот, со одреден број вработени од Хаити ни обезбедија услови за одмор, рекреација и гурманство како да сме на „Волшебникот на морињата", кој се вишнееше недалеку од плажата.

Патниците од бродот се сончаа, капеа, јадеа и пиеја, а одреден број се забавуваа на долгата жичарница, поминувајќи од ридот преку плажата до крајот на заливот. Тие се спуштаа поединечно во специјални седишта, со голема брзина, предизвикувајќи лично одушевување и возбуда кај капачите. Помала таква жичарница имаше и за децата и пострашливите.

Во попладневните часови сите патници се вратија во бродот. Од сигурносни причини сите поминавме со посебните бродски легитимации преку софистицирани инструменти. Изморени од дневните активности, не почувствувавме кога во ноќните часови бродот заплови кон Јамајка.

По два дена и две ноќи стасавме во пристаништето Фалмаут (Falmouth), кое се наоѓа на северната страна на островот. И тука излеговме од бродот и денот го поминавме во пристанишниот град. Таму имаше бројни дуќани, ресторани и други објекти за да ги послужат патниците од бродовите со различни сувенири, златни предмети, туристичка облека и друго. И тука, сите патници се прибраа во вечерните часови. Ја напуштивме Јамајка и бродот нечујно заплови во Мексиканскиот Голф кон пристаништето Козумел (Cozumel) во Мексико. И до Мексико беа потребни две ноќи и еден ден да ја допреме земјата на Маите.

Таму можевме слободно да излеземе од најголемиот брод во светот, каде бевме пречекани со оркестар кој со мексиканска музика ни посака добредојде. Ова значајно пристаниште ни беше дозволено да го посетиме од утринските часови до доцна во ноќта. На самото пристаниште имаше стотина различни продавници за сувенири и други производи.

Од централниот дел на пристанишното гратче, каде, исто така, се слушаше мексиканска музика, беа наредени безброј автобуси и други возила кои со туристи од бродот заминуваа до различни туристички еднодневни дестинации во Мексико.

После прошетката до дел од пристаништето и една католичка црква се вративме во бродот, со цел да гледаме како сонцето зајдува во далечините на земјата на Маите, што е специфичен момент за пристаништето Козумел. Од најгорниот кат на бродот од просторот за рекреација се гледаа повеќе мексикански населби, над кои Сонцето, кое ние го нарековме „Македонско сонце од Палатица – Кутлеш", зажарено како да е вулкан се спушташе во непрегледните далечини. Глетка што остави впечаток кај голем број туристи на најголемиотброд на светот кој го гледаа залезот на „Македонското сонце".

# 4. НА ПАТ ОД ФЛОРИДА ДО НИЈАГАРА

Доцна во вечерните часови го напуштивме мексиканското пристаниште Козумел и се упати кон Вест Ки, кон Флорида. Исто така, по две ноќи и еден ден во Мексиканскиот Голф, во утринските часови стасавме во Форт Лодердел, правејќи круг околу Куба во должина од околу 2.400 км. На картата гледавме дека сме недалеку од Хавана, главниот град на Куба, кој порано го имаме посетено и сме се увериле дека тој е изолиран и осиромашен остров во Карипското Море, кој ја чека својата светла иднина.

После седум дена и седум ноќи поминати на морската, непрегледна шир пристигнавме на почетната пристанишна станица на Форт Лодердел, од каде другиот ден нови 6.300 патници требаше да ги уживаат сите удобности и убавини на бродот. Ова патување, секако, ни беше едно од најубавите, највозбудливите од кое понесовме безброј трајни спомени.

Беше сабота кога во утринските часови ја напуштивме Јужна Флорида и се упативме со џипот на нашите домаќини Лили и Стив Пљакас кон север, кон Торонто. Беше планирано да патуваме два дена, а една ноќ да преспиеме во некој мотел на автопатот. Долгото патување од Авентура го започнавме по автопатот број 95 кој води од јужниот до северниот дел на САД.

Го поминавме излезот на автопатот каде одевме на пикниците, а потоа стасавме во непосредна близина на Македонската православна црква „Свети Димитрија", за која не врзуваат многу спомени и промоции на книги.

По неколку часа го поминавме Ормонд Бич, каде претходно ја посетивме познатата компанија „Мајкрофлекс" на браќата Јосиф и Џорџ Атанасоски и се упативме на север кон Џексонвил што е на границата меѓу Флорида и Џорџија.

Возењето беше удобно во кое имавме долги разговори за животот, активностите и постигнувањата на Маке-донците во Флорида. Затоа, по подолг период возење ја напуштивме Флорида и влеговме во државата Џорџија, американска држава со исто име како и азиска Џорџија (Грузија). Никој не рекол, не напишал ништо и не е против за истото име на двете држави, како што, за жал, е случајот со Македонија и јужниот сосед.

Километрите си поминуваа а ние гледавме голем број карактеристични места, простори, градови... Затоа и патувањето до Јужна Каролина, а потоа до Северна Каролина ни го исполни целиот ден. Тука се сместивме во еден мотел за да се одмориме, бидејќи другото утро нè чекаше пат да почне уште еден напорен ден на патување преку државите Вирџинија, Пенсилванија и Њујорк до Нијагарските Водо-пади во Канада.

Граничниот премин меѓу САД и Канада беше формален и веднаш влеговме на мостот кој ги дели овие две американски држави. Од далечините ги гледавме Нијагарските Водопади и се потсетивме на нашите поранешни посети на ова чудо на природата.

За убавината на водопадот придонесува височината, од која, неверојатни 7 000 км3 вода во секунда паѓа во бездната од огромната водена маса. Во зависност од годишното време се менува и ликот на водопадите. Есента е пријатна со изразити есенски тонови. А кога настапува пролетта и бујните води на Нијагара ќе ги понесат огромните ледени блокови, трескотот што се создава при струполувањето и од триењето на мразот од ѕидовите на водопадот, е уште посилен. И тогаш огромното виножито што се раѓа го разубавува денот.

Беше попладне кога пред нас се појави и најголемиот водопад од канадската страна, кој е поживописен и повпечатлив од помалиот водопад што е на американската страна. Овие два водопади изгледаа како скромни речни јазови што ги создала природата да бидат единствени на Земјината топка.

Тоа беше глетка што не може да се заборави и остава трајни впечатоци кај посетителот. Исто така, го посетивме и Веландскиот Канал, низ кој водниот сообраќај претставува главна артерија меѓу езерата Ири и Онтарио, а оттаму преку реката Сент (Свети) Лоренц водената маса навлегува во Атлантскиот Океан.

Интересно е да се спомене дека петте големи езера во граничната област меѓу Соединетите Американски Држави и Канада според површината што ја зафаќаат наликуваат на море. Не случајно и се нарекуваат Средоземно Море на Северна Америка. Нивните води во Атлантскиот Океан ги носи реката Сент Лоренц.

По изминати 54 километри од езерото Ири истекува реката Нијагара и се влева во езерото Онтарио. Во почетокот реката Нијагара е широка дури 1200 метри, а по изминатите десетина километри се разделува на две ракавици меѓу кои е Големиот Остров.

Низводно повторно се соединуваат нејзините води, кои течат преку брзаци и слапови, за по изминати седум километри и да ги формираат прочуените и прекрасните Нијагарски Водопади.

Ова чудо на природата е една од најпосетените туристички атракции на северноамериканскиот континент и на сите меридијани. Водената симфонија на Нијагара е спој на природата, митското, сонот и јавето.

Интересни беа податоците од кои се запознавме дека Нијагарските Водопади постепено „ползат" кон езерото Ири, каде и започнува стрмниот дел. Пресметано е дека секоја година водопадот се повлекува за 5-6 сантиметри, а голе-миот за 60 - 70 сантиметри.

Тоа се објаснува со разурнувањето што го предизвикува водата и материјалот што го носи врз скалестиот праг. За сегашниот изглед биле потребни 6 000 години, а за да стигне до езерото Ири и да исчезнат водопадите или да бидат уште поголеми потребни му се уште не помалку од 180 000 години.

За Канада и Соединетите Американски Држави Нијагара и нејзините водопади се голем извор на приходи. Водопадите ги посетуваат милиони посетители кои како на една своевидна авантура доаѓаат од целиот свет.

Од друга страна, пак, огромната водена сила се користи за доби-вање на електроенергија. Направени се голем број гигантски хидроцентрали, особено од канадската страна.

Инаку, градот Нијагара се наоѓа на левиот брег на реката и претставува голем туристички центар. Во него живеат над осумдесет илјади жители, кои претежни се занимаваат со туристички гранки. Таму има бројни хотели, ресторани, казина и други атрактивни објекти, кои привлекуваат милиони туристи од целиот свет. И ние во Нијагара се чувствувавме како дел од глобалниот свет кој доаѓа и од американската, а повеќе од канадската страна на Нијагарските Водопади.

Во вечерните часови ја напуштивме Нијагара и се упативме кон Хамилтон, крстопатот меѓу Торонто и Нијагара. По автопатот кој води низ рамничарскиот дел на Онтарио се чувствувавме како да сме во Македонија. Имено, тој предел со своите лозови плантажи наликува на лозо-вите полиња во Кавадарци и Неготино. Инаку, градот Хамилтон е сместен на југозападната страна на езерото Онтарио. Тој се вбројува меѓу водечките центри на железната индустрија во Канада, затоа и голем број Македонци, особено од егејскиот дел на Македонија се доселиле на тие простори уште во дваесеттите години од минатиот век. Таму со успех работи Македонската православна црковна општина „Свети Наум Охридски-Чудотворец".

Впечатлива беше глетката кон Хамилтон што се пружа од високиот мост што се вишнее на еден крак на езерото Онтарио и кој го премостува густиот сообраќај од Нијагара кон Торонто. Од мостот кој е вистински современ објект се гледаат рамните богати површини на Онтарио кои со погледот се губат кон север.

Од Хамилтон до Торонто се возевме по современиот автопатот што го носи името „Кралицата Елизабета", посветен на англиската кралица. И лево и десно од автопатот има безброј објекти кои ги поврзуваат овие два индустриски центри на Канада. Затоа, на тој простор од педесетина километри човек се чувствува дека се наоѓа во некој град.

По едночасовно возење, во вечерните часови стасавме во Торонто, во втората македонска престолнина, како многумина нашинци го нарекуваат овој велеград.

Инаку, кога човек пристигнува во Торонто, главниот, најголемиот и најубавиот град во провинцијата Онтарио се чувствува како да е во светот во кој се измешала американската и европската култура, старото и новото. Торонто е општосветски град во кој живеат околу пет милиони жители од сите меридијани. Тој е сместен на северозападниот брег на езерото Онтарио, едно од трите најголеми езера во Северна Америка и во светот, кое заедно со езерото Хјурон и Ири преку речниот тек на Лоренцова Река поврзува голем број американски и канадски метрополи кон Атлантскиот Океан и светот.

Исто така, за Торонтосе вели дека е третиот македонски град по големина, по Скопје и Битола, во кој се задомиле околу 100.000 Македонци. Нив ги има од сите делови на Македонија, од многу градови и села во етничките граници на Македонија, меѓутоа, се чини дека најголем е бројот на доселениците и нивните поколенија кои се од егејскиот дел на Македонија.



*Македонците пред Белата Куќа*






*Детроит*



*Кливленд*

# 6. САД

## 1. ВО ПОСЕТА НА СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ, ВО ВАШИНГТОН И ЊУЈОРК

Поголемиот број Американци се доселени од Европа, главно, од Велика Британија и од Ирска, од Германија, Шпанија, Италија, Русија, Полска, Чешка, Словачка, Украина, Грција, Норвешка, Шведска, Данска, Македонија и голем број латиноамерикански земји. Исто така, во САД има бројно афроамериканско население, голем број Евреи, Мексиканци, Индијанци, потоа Јапонци, Кинези, Јужно Американци и други народи. Таму владее од континентална, суптропска, приморска, континентално-планинска и арктичка до умерено топла океанска клима. Соединетите Американски Држави (САД) распо-лагаат со големи природни богатства (планини, езера и реки). Најзначајни езера се: Горното, Хјурон, Мичиген, Ири и Онтарио, а од реките Мисисипи со Мисури, Рио Гранде, Колорадо и многу други. САД имаат бурна и богата историја од своето формирање до денес. Така, покрај борбите со Индијанците, во 1775 година почнале првите судири меѓу американските доброволни одреди и англиската војска, со што, всушност, почнала борбата на северноамериканскиот континент за независност. Во 1783 година, со потпишувањето на Версајскиот мировен договор, Англија им ја признава независноста на САД, со што настануваат крупни промени не само во Соединетите Американски Држави, туку и во целиот свет.

САД претрпеа повеќе потреси, пред сè Граѓанската војна од 1861 до 1865 година, потоа економската криза која траеше од 1929 до 1935 година, Втората светска војна, особено војната со Јапонија и употребата на атомското оружје над Хирошима и Нагасаки, па сè до денешните кризни жаришта и војните и потреси во многу земји во светот, меѓу кои се Сирија и Авганистан.

Според економската структура, САД се индустрискоаграрна држава, која има висок степен на развој на производните сили во сите стопански гранки. Со тоа, тие имаат економска доминација во светот, што придонесува за зголемување на капиталот во целиот свет, поради што тие претставуваат една од водечките светски економски сили. Главен град на Соединетите Американски Држави е Вашингтон, кој се наоѓа во сојузниот округ Колумбија и заедно со предградијата има повеќе од три милиони жители. Други важни метрополи се Њујорк, Чикаго, Лос Анџелес, Филаделфија, Детроит, Бостон, Балтимор, Кливленд, Сан Франциско и др. Релјефот на Соединетите Американски Држави е многу разновиден, така што континенталниот дел се дели на неколку големи географски области, различни по простор и природни богатства. Вашингтон, главниот град на САД го добил своето име по првиот Претседател, Џорџ Вашингтон. Се наоѓа во Федералниот округ Колумбија, специјална област која не е сојузна држава. Градот и округот на Вашингтон се наоѓаат на бреговите на реката Потомак и се граничат со државите Вирџинија (на југозапад) и Мериленд (на север, исток и југ).

Градот е испланиран и изграден кон крајот на XVIII век за да служи како главен град на државата, а федералниот округ е основан за да го одвојува главниот град од државите. Од 1800 година, Вашингтон е дом на сите три најважни гранки на Владата на САД: Конгресот, Претсе-дателот и Врховниот Суд. Исто така, Вашингтон е дом и на Светската банка, Меѓународниот монетарен фонд и Организацијата на американските држави. Бидејќи е дом на Претседателот и е значаен за политиката на САД. Во него многу групи одржуваат демонстрации и протести, најчесто во Националниот парк. Многуте културно – историски споменици, музеи и други установи на културата, уметноста и спортот, пак, го прават Вашингтон популарно туристичко место. Инаку, според историските податоци кога во 17 век во областа на денешен Вашингтон пристигнале првите Европејци, тој бил населен со Индијанците, од кои во 18 век во голема мера биле преселени подалеку од оваа област.

Според историските документи, Џејмс Медисон истакнал на 23 јануари 1788 година во својот есеј "Федералисти № 43", дека престолнината на земјата треба да се разликува од државите, за да обезбеди сопствената егзистенција и безбедност. Инаку, правото за создавање федерална престолнина е предвидено во Уставот на Соеди-нетите Американски Држави, дозволувајќи им на "округот (не поголем од десет квадратни милји) да стане седиште на владата на САД преку признавање на територии на одредени држави и одобрување од Конгресот.

На 16 јули 1790 година со посебен закон се предвидува новата престолнина да биде распоредена за секогаш крај реката Потомак, а точната површина да биде избрана од претседателот Вашингтон. Новиот "Федерален град" е изграден на северниот брег на реката Потомак источно од утврденото населба во Џорџтаун.

На 9 септември 1791 година "Сојузниот град" е именуван во чест на Џорџ Вашингтон и округот е прогласен за територија на Колумбија, користена во тоа време како поетско име за САД. Конгресот го одржал својот прв состанок во Вашингтон на 17 ноември 1800 година, кога и официјално се обединиле градовите Вашингтон, Џорџтаун и Александрија, формирајќи го делот од федералната територија на округот Колумбија. Во Вашингтон постои рганизацијата „Обединета македонска дијаспора"(ОМД), која се смета за водечка меѓународна организација која ги застапува интересите на Македонците кои живеат надвор од Македонија - ширум светот. Од формирањето во 2004 година до денес таа има постигнато завидни резултати. Таа е врвна меѓународна, невладина организација чија главна цел се интересите и потребите на луѓето со македонско потекло и македонските заедници ширум светот. Примарната цел на ОМД е да го обедини македонскиот народ и нивните интереси. Активностите на ОМД се фокусирани кон промоција на нашето македонско историско, духовно и културно наследство.

Организацијата беше основана во 2004 година и е со седиште во Вашингтон во САД. ОМД има мноштво претставници во: Австралија, Австрија, Канада, Франција, Германија, Грција, Русија, Обединетото Кралство. Македонија и во САД. Благодарение на поддршката од страна на членовите и донаторите ширум светот, ОМД има постигнато значителен напредок во однос на застапувањето на Македонците и нивните права, како резултат на што, македонскиот глас во светот е погласен и повлијателен.

ОМД е првата и моментално единствената македонска организација во центарот на светската политика – Вашингтон. Таа ја отвори својата  прва канцеларија во 2008 година, во срцето на Вашингтон на само неколку чекори од Белата куќа и Конгресот. Притоа, основаше програма преку која нуди стипендии за студенти и дипломци да дојдат таму и да се здобијат со искуство во меѓународните односи.

Присуството на ОМД во Вашингтон е од исклучително значење што може да се види по политиката на Америка спрема Македонија. Пред основањето на ОМД интересите на различни групи во Америка имаа значително влијание врз креирањето на американската политика спрема Македонија.

Од своето основање, организацијата работи на воспоставување односи со членовите на Конгресот на кои би им ја акцентирале важноста на пријателските односи помеѓу Македонија и Соединетите Американски Држави. Пред 2004 година Македонија и Американците со македонско потекло немаа голема поддршка во Конгресот. Тоа се промени во 2011 година кога за првпат во историјата на односите помеѓу Македонија и Америка беше создадена групата на пријатели на Македонија и Американци со македонско потекло во Конгресот којашто од неодамна брои 15 членови. За првпат една организација на членови во Конгрес во своето име го содржи името „Македонија" и „македонски", реафирмирајќи го правото на самоидентификација и  самоопределување на нашата нација.

Една од главните цели на ОМД е обединување на македонската дијаспора ширум светот. Почнувајќи од 2009 година, ОМД организира годишна конференција за македонската дијаспора. Во 2009 година успеа да собере  над 1500 претставници од 23 земји ширум светот како би ги дискутирале проблемите и предизвиците со кои се соочува македонскиот народ. Покрај тоа, ОМД повикува на активно учество на дијаспората во креирањето на иднината на Македонија.

Меѓутоа, најголема метропола на Соединетите Американски Држави е Њујорк. Тој е светски центар кој со поширокта градска околина има околу 17 милиони жители и претставува најголемо пристаниште и најголем стопански центар во светот. На почетокот на најважниот дел од Њујорк, кој се вика Менхетен, од источната страна на реката Хадсон, Холанѓаните во 1625 година подигнале тврдина, а неколку години подоцна за ситници, вредни 24 долари, од Индијанците го откупиле Менхетен.

Тој регион на Њујорк денес е најскапиот дел од овој голем град, каде секоја педа земја се плаќа со баснословни суми пари и злато. Холанѓаните го нарекле Нов Амстердам. Меѓутоа, во 1664 година тој простор го освоиле Англичаните и го нарекле Њујорк. Во 1789 година станува главен град на Соединетите Американски Држави, кога Џорџ Вашингтон е прогласен за прв претседател на САД.

Често се вели дека патиштата на северноамериканскиот континент, главно, водат, се вкрстуваат или заминуваат од светската метропола - Њујорк. Овој мегалополис по многу нешта е карактеристичен, контроверзен, убав и зна-чаен, ако не и најзначајниот град на светот, чија архитек-тура, култура, религија, минато и сегашност се еден импозантен и многу впечатлив мозаик, кои му даваат посебен и уникатен белег.

Затоа, не случајно се рекло дека да се види Њујорк значи да се почувствува големината, постигнувањата и развојот на човештвото, со вистините кои се видени на филмското платно, преку малиот екран, во фантазиите, мечтите на јаве.

Меѓутоа, се чини дека од сè највпечатлив е Њујорк од авион, кога сите карактеристичните згради, авениите и друмовите со своите нишани од птичја перс-пектива се имаат како на дланка. Се шетавме со автомобилот на нашите пријатели кои постојано ни раскажуваа некои нови податоци за овој град. Нé информираа дека според официјалните податоци, бидејќи најголемиот број од американските доселеници дошле преку Њујорк, тоа значело дека секој ден се доселувале по околу 3.000 луѓе, од сите раси, меридијани и народи. Меѓу нив најмногу имало Ирци, Британци, Италијанци, Евреи, Германци, Шпанци, Руси, Полјаци и при-падници на други народи, меѓу кои и Македонци од етничка Македонија. Денес во Њујорк живеат околу 200 нации, а и весниците се печатат на 200 јазици. Бројот на припадниците на некои народи е многу голем. Така, во Њујорк живеат повеќе Ирци отколку во глав-ниот град на Ирска - Даблин. Италијанци има повеќе отколку во Рим, а со над 500 000 Афроамериканци, Њујорк е голем град на таа раса.

Њујорк е граден во европски стил, со збиени улици и квартови. Должината на улиците во Њујорк изнесува 9.000 км, колку што изнесува растојанието од Охрид до Рио де Жанеиро. Улиците, главно, се прави и наместо имиња се означени со броеви, и во одделни делови на Њујорк се движат повеќе од 5,5 милиони патнички возила 1,5 милиони автобуси и повеќе од еден милион жолти такси-возила.

Освен тоа, во Њујорк од разни правци и градови дневно влегуваат околу 600 000 автомобили. За да се сфати колку е жив целокупниот сообраќај, треба да се додаде и тоа дека и подземните железници дневно превезуваат околу 10 милиони патници. Бројки што навистина пленуваат и збунуваат.

Ете, тоа се дел од особеностите на овој голем град, кој има жители колку Белгија и Австрија заедно. Тоа е градот на прочуената Статуа на слободата, на 11 универзитети, театри, музеи, галерии, значајни издавачки куќи, економски, трговски, научни и други институции; тој е седиштето на Обединетите нации, а во исто време Њујорк е градот на филмот, музиката, љубовта.

Њујорк, со пошироката градска околина има околу 17 милиони жители и претставува најголемо пристаниште, најголем стопански и културен центар во светот. Овој велеград се развил на утоката на реката Хадсон и на бреговите на заливот кој го затвора островот Лонг Ајленд

По Торонто следната наша дестинација беше Њујорк. Се поздравивме со нашите домаќини, а потоа се упативме кон излезот кон најсветскиот од сите светски градови Њујорк. Точно во 10.30 часот, полетавме кон височините загледани во панорамата под нас. Во далечината се гледаше поголем дел од светската метропола, како и бројни објекти во државата Њу Џерси, која е на десниот брег од реката Хадсон. Поврзани со неколку тунели и мостови, меѓу кои и мостот „Џорџ Вашингтон", кој е на два ката и еден од најголемите и најубавите мостови во светот. Авионот слета на аеродромот „Њуварк" во Њу Џерси точно напладне.

# 2. МАКЕДОНЦИТЕ ВО СВЕТСКАТА МЕТРОПОЛА ЊУЈОРК

Често се вели дека патиштата на северноамериканскиот континент, главно, водат, се вкрстуваат или заминуваат од светската метропола - Њујорк. Овој мегалополис по многу нешта е карактеристичен, контроверзен, убав и значаен, ако не и најзначајниот град на светот, чија архитектура, култура, религија, минато и сегашност се еден импозантен и многу впечатлив мозаик, кои му даваат посебен и уникатен белег.

По Торонто следната наша дестинација беше Њујорк. Се поздравивме со нашите домаќини, а потоа се упативме кон излезот кон најсветскиот од сите светски градови Њујорк. Точно во 10.30 часот, полетавме кон височините загледани во панорамата под нас

Во далечината се гледаше поголем дел од светската метропола, како и бројни објекти во државата Њу Џерси, која е на десниот брег од реката Хадсон. Поврзани со неколку тунели и мостови, меѓу кои и мостот „Џорџ Вашингтон", кој е на два ката и еден од најголемите и најубавите мостови во светот. Авионот слета на аеродромот „Њуварк" во Њу Џерси точно напладне.

Поминавме низ градот Патерсон кој некогаш бил најголем центар на свила, за што сведочеа и бројните објекти од минатиот век. А во продолжение на Њуварк, покрај Патерсон следеа и Клифтон, Гарфилд, Пасаик, Тотова и други градови кои се нанижани еден до друг и кои ги дели некоја улица или канал, што за посетителот од Европа не е многу јасно, бидејќи сите тие градови претставуваат една целина што се протега долж автопатот бр. 80, кој преку автопатот бр. 95 е главната артерија меѓу Њу Џерси и Бронкс во Њујорк.

Од Њу Џерси преку реката Хадсон се доаѓа, главно, преку подводните тунели „Холанд" и „Линколн", како и преку мостовите „Џорџ Вашингтон" и „Верзано – Нероуз". Се движевме по автопатот бр. 4 и затоа се приклучивме во долгата колона автомобили што ја преминуваше реката Хадсон преку мостот „Џорџ Вашингтон", по линиите на кат, како што в-лат њујорчани..

Њујорк, со пошироката градска околина има околу 17 милиони жители и претставува најголемо пристаниште и најголем стопански центар во светот. Овој велеград се развил на утоката на реката Хадсон и на бреговите на заливот кој го затвора островот Лонг Ајленд. На почетокот на најважниот дел од Њујорк, кој се вика Менхетен, од источната страна на реката Хадсон, Холанѓаните во 1625 година подигнале тврдина, а неколку години подоцна за ситници, вредни 24 долари, од Индијанците го откупиле значајниот Менхетен.

Тој денес е најскапиот дел од овој голем град, каде секоја педа земја се плаќа со баснословни суми пари и злато. Холанѓаните го нарекле Нов Амстердам. Меѓутоа, во 1664 година тој простор го освоиле Англичаните и го нарекле Њујорк. Во 1789 година станува главен град на Соединетите Американски Држави, кога

Џорџ Вашингтон е прогласен за прв претседател на Соединетите Американски Држави.

Се шетавме со автомобилот на нашите пријатели кои постојано ни раскажуваа некои нови податоци за овој град. Велеа декаспоред официјалните податоци, бидејќи најголемиот број од американските доселеници дошле преку Њујорк, тоа значи дека секој ден се доселувале по околу 3.000 луѓе, од сите раси, меридијани и народи. Меѓу нив најмногу има Ирци, Италијанци, Евреи, Германци, Руси, Пољаци и припадници на други народи.

Денес во Њујорк живеат околу 200 нации, а и весниците се печатат на 200 јазици. Бројот на припадниците на некои народи е многу голем. Така, во Њујорк живеат повеќе Ирци отколку во главниот град на Ирска - Даблин. Италијанци има повеќе отколку во Рим, а со над 500 000 Афроамериканци, Њујорк е голем град на таа раса.

Њујорк е граден во европски стил, со збиени улици и квартови. Должината на улиците во Њујорк изнесува 9.000 км, колку што изнесува растојанието од Охрид до Рио де Жанеиро. Улиците, главно, се прави и наместо имиња се означени со броеви, и во одделни делови на Њујорк се движат повеќе од 5,5 милиони патнички возила 1,5 милиони автобуси и повеќе од еден милион жолти таксивиозила. Освен тоа, во Њујорк од разни правци и градови дневно влегуваат околу 600 000 автомобили. За да се сфати колку е жив сообраќајот, треба да се додаде и тоа дека и подземните железници дневно превезуваат околу 10 милиони патници. Бројки што пленуваат и збунуваат.

Животот во Њујорк е на улиците, но и под земјата, каде се наоѓаат милион дуќани, локали и др. Под површината на њујоршките улици и згради се наоѓа густа мрежа на подземни патишта и пруги на подземни железници, водоводни цевки, канали, електрични и телефонски инсталации и други уреди..

Ете, тоа се дел од особеностите на овој голем град, кој има жители колку Белгија и Австрија заедно. Тоа е градот на прочуената Статуа на слободата, на 11 универзитети, театри, музеи, галерии, значајни издавачки куќи, економски, трговски, научни и други институции; тој е седиштето на Обединетите нации, градот на филмот, музиката, спортот, љубовта...

Поради сето тоа Њујорк стана многу привлечен мегалополис. Најпосетена е зградата на ООН, низ која дневно поминуваат повеќе од 3.000 луѓе, потоа Емпаер стејт билдинг, Статуата на слободата и други. Низ Њујорк годишно поминуваат милиони туристи. Њујорк е пристаништен град, полн со движење и работа, со богатства, сиромаштија и раскош, со најголеми контрасти. Вистинска арена на отворено.

Често се вели дека патиштата на северноамериканскиот континент, главно, водат, се вкрстуваат или заминуваат од светската метропола - Њујорк. Овој мегалополис по многу нешта е карактеристичен, контроверзен, убав и значаен, ако не и најзначајниот град на светот, чија архитектура, култура, минато и сегашност се еден импозантен и многу впечатлив мозаик, кои му даваат посебен и уникатен белег.

Затоа, не случајно се рекло дека да се види Њујорк значи да се почувствува големината, постигнувањата и развојот на човештвото, со вистините кои се видени на филмското платно, преку малиот екран, во фантазиите, мечтите на јаве. Меѓутоа, се чини дека од сè највпечатлив е Њујорк од авион, кога сите карактеристичните згради, авениите и друмовите со своите нишани од птичја перспектива се имаа како на дланка.

Македонците кои живеат и работат во САД, главно, се организирани преку македонските православни црковни општини, во кои, покрај духовното живеење, ги задоволуваат и своите културно-просветни потреби. Еден од таквите значајни македонски центри е, секако, Македонската православна црковна општина "Свети Кирил и Методиј" од Пасаик во државата Њу Џерси, а е една од позначајните македонски црковни општини на Северноамериканскиот континент. Идејата за изградба на овој маке-донски дом била одамнешна. Меѓутоа, организи-рањето на македон-ските иселеници на црковен план почна во 1972 година. . За купување на зградата на првиот објек на црквата се заслужни поголема група Македонци, меѓу кои посебно место му припаѓа на Ѓорѓи Танев, по потекло од Ресен. Тој е и најзначајниот донатор за оваа црква и за првиот македонски манастир во странство "Св. Ѓорѓи", во Њу Џерси. Исто така, голем придонес имаат и другите 21 член на управата избрана од Собранието. Нејзин прв претседател беше Богдан Симоновски, Ѓорѓи Танев е почесен претседател, а големи заслуги, покрај другите, имаат и претседателите Панде Димитровски, Науме Наумовски, Наум Трајковски и др. Еден од светлите датуми на овој значаен македонски центар е 15 март 1973 година, кога е извршено регистрирањето на црквата кај американските власти во Њу Џерси. На 27 мај истата година, надлежниот архиереј митрополитот Кирил, во една руска православна црква ја отслужи првата света литургија на македонски јазик, на која присуствуваа неколку стотини македонски иселемици од повеќе американски држави

Потоа, со одлука на членовите и Управата е купен друг објект во Пасаик Кој е преуреден и адаптиран за потребите на македонските верници. МПЦО "Св. Кирил и Методиј", на 24 ноември 1974 година, официјално е осветена од митро-политот Кирил, во сослужение на Методи Гогов, тогашниот повардарски митрополит Михаил, а потоа поглавар на МПЦ, прота ставрофор Борис Поповски и тогашниот парохиски свештеник Јован Босеовски, а во присуство на неколку илјади Македонци. Како продолжување на традициите на изгорената православна македонска црква "Свети Кирил и Методиј во Пасаик, Македонците од Њу Џерси во 1993 година решиле да градат нова црква. Така е купено место од десетина хектари заедно со времена сала во 1994 година. На кое е изградена македонска православна црква, исто така во стилот на Света Богородица во Калиште, односно по планот на црквата Свети Никола во Кентон, Охајо, но со зголемени димензии. Потоа на 7 август 1993 година беше осветен каментемелникот од митрополитот Михаил. На оваа свеченост меѓу другите присуствуваа видни личностиод САД и Македонија, меѓу кои и тогашниот претседател на Република Македонија г-дин Киро Глигоров

# 3. ДЕТРОИТ – НАЈГОЛЕМАТА МАКЕДОНСКА КОЛОНИЈА

Често пати се вели дека Америка е земјата на бизнисот и религијата. Тоа се потврдува со фактот што на тие богати простори век векуваат еден крај друг многубројни народи и нации од сите расни групи со различни религии и од сите континенти во светот. Меѓу нив, значајно место имаат и Македонците, кои ги уживаат сите права и слободи за развивање на своите национални чувства, на својата култура, религија и на сѐ она што  што го донеле и го чуваат од етничка Македонија и ја карактеризира нивната самостојност и самобитност.

Во минатото Македонците на северноамериканскиот континент биле во поподредена положба во споредба со емиграцијата на соседните земји на Балканот. Затоа биле постојана цел на туѓите пропаганди. Соседните земји, со своите освојувачки и асимилаторски апетити, настојувале со сите сили и перфидни средства, да ги придобијат и да се наметнат на неорганизираните Македонци, со цел да ја деформираат и да ја потиснат нивната национална свест. Така заразени од туѓите пропаганди, за жал, како религиозни луѓе некои се приклучиле кон (про)бугарски, (про)српски, (про)грчки православни цркви и други организации и клубови.

Меѓутоа, положбата рапидно се смени по конституирањето на Република Македонија и особено по обновувањето на Охридската архиепископија во лицето на Македонската православна црква. Како резултат на тие придобивки, Македонците во Соединетите Американски Држави формираа многу македонски православни цркви, манастири, црковни општини македонски друштва, клубови и различни асоцијации, отворија радија и ТВ-програми, започнаа да печатат весници, списанија и други информативни гласила на македонски јазик.

Детроит е центарот на автомобилската индустрија и на други важни компании, затоа и станал „мека" за Македонците со право се вели дека Вратница - Тетовско и Љубојно - Преспанско скоро се преселиле во Детроит, а нив, за жал, ги има повеќе таму отколку во Македонија и тоа: околу 300 семејства од Вратница, а околу 120 семејства од Љубојно

Америка отсекогаш била „ветената земја" за Евро-пејците, односно народите од оваа страна на океанот. Тие се населувале на тој богат и по многу нешта карактеристичен континент од почетокот на освојувањето до денешни дни. Процесот на доселување непрекинато трае и, веројатно, ќе продолжи и во иднина.

Детроит е центарот на автомобилската индустрија и на други важни компании, затоа и станал „мека" за Маке-донците. Најголем број нашинци нашле сигурна егзистенција токму во автомобилските компании, а одреден број, особено доселениците од Тетовско отвориле фурни, ресторани, слаткарници, дуќани и средни индустриски капацитети, во кои работат голем број доселеници од Македонија и пошироко од Балканот.

Од Чикаго отпатувавме за Детроит со летот кој траеше околу еден час. Беше пладне кога авионот се вивна во висините и леташе од североисточната страна, долж брегот на езерото Мичиген, во кое како во море пловат бродови, јахти, лаѓи...Во далечината се забележуваше градот Милвоки во државата Висконсин, кога авионот сврте кон исток, а потоа преку езерото и копнениот дел на државата Мичиген се најдовме над центарот на автомобилската индустрија - Детроит.

Детроит е велеград на езерото Ири - една од петте метрополи во Соединетите Американски Држави  и седиште на автомобилските компании „Форд", „Крајслер" и „Џенерал моторс". Тоа е град на авионската и електронската индустрија, кој уште во 1796 година го формирале Французите. Исто така, Детроит е еден од големите центри на афроамериканското население, како и значаен културен, административен и спортски центар на тие американски простори.

Меѓутоа, за нас најзначајно е тоа што Детроит е средиштето на најбројната македонска колонија во Соединетите Американски Држави, во која првите печалбари од егејскиот дел на Македонија се доселиле уште при крајот на XIX век. Денес во него живеат четириесетина илјади Македонци и тоа претежно од Преспанско, Тетовско и Битолско. Затоа, со право се вели дека Вратница - Тетовско и Љубојно - Преспанско се преселиле во Детроит, а нив, за жал, ги има повеќе таму отколку во Македонија и тоа: околу 300 семејства од Вратница, а околу 140 семејства од Љубојно.

Во Детроит ја посетивме Македонската православна црква „Света Богородица". Таму се сретнавме со доста нашинци кои најдоа слободно време да дојдат и да слушнат за поголем број прашања и проблеми од „стариот крај", како што често велат за Македонија. Се отвори дискусија, при што присутните посебно се интересираа за состојбите во Македонската православна црква, за состојба во Ма кедонија и за животот и настаните особено во Тетовско и Преспанско.

При нашата посета на Детроит бевме информирани дека постоела иницијатива за формирање и изградба на македонска православна црква меѓу Македонците од Детроит уште од поодамна. Меѓутоа, таа желба се исполнила дури во 1975 година кога Македонската православна црква „Света Богородица" била примена во крилото на Светиклиментовата црква и потпаднала под нејзина јурисдикција и кога митрополитот Кирил отслужил прва архијерејска литургија на македонски јазик.

Бевме запознати со активностите на овој многу значаен духовно-културен македонски центар, во чиј состав работи Културно-уметничкото друштво „Танец", во кое членуваат педесетина млади момчиња и девојчиња, претежно родени во САД, а кои се вљубеници во убавиот македонскиот фолклор.

Овие млади Американци од македонско потекло редовно учествуваат на голем број манифестации што се одржуваат во САД и во Канада, особено на црковно-народните собири што се организираат на тие простори. Женската секција е десна рака на управата на црквата.

Денес стариот објект на црквата е продаден а изградена е нова црква која претставува соборен храм и најголем објект на Македонската православна црква во Соединетите Американски Држави. До храмот се изградени големи сали и други простории што претставуваат убав македонски архитектонски комплекс. Местото беше осветено на 25 септември 1995 година, а црквата беше осветена на 21 септември 2002 година од поглаварот на МПЦ архиепископот гг.Срефан и митрополитот Кирил..

Фармингтон Хилс е дел од метрополата Детроит и пријатно место за живеење. Таму, група Македонци претежно од Битола и Преспа ја формираа Македонската православна црква „Свети Ѓорѓи Кратовски", која е втора црква на територијата на Детроит. Таа е основана, пред сѐ, за да ги задоволи верските, духовните и културните потреби на голем број македонски иселеници во тој дел од Детроит. Црквата е основана на 19 декември 1993 година, кога и се одржа првото организациски собрание. На тој ден беше донесено решение црквата да се именува по македонски светител, свети Ѓорѓи Кратовоски.

Првите активности започнаа со првата црковна служба која се одржа во една Либанска православна црква, во која Македонците привремено ги вршеја црковни активности во период од повеќе една годинап. Потребата да се воспостави и да се изгради своја сопствена маке-донска православна црква беше голема. Затоа, членовите на црквата одржува редовни контакти со архиепископот на МПЦ г.г. Михаил од кого побара нивната црква да биде благословена и да биде под јурисдикција на Македонската православна црква. За таа цел, тие имаа неколку корисни средби со бројни црковни и црковни и државни делегации од Република Македонија, при нивните посети на голем број места во САД и Канада..

Во втората половина на 1995 година, купија куќа akoја е адаптирана во црква. На 27 Август 1996 архиепископ Михаил изврши мало осветување, а на 8 септември 1997 година, е извршено осветувањето на црквата „Свето Ѓорѓи Кратовски"од архиепископот на Македонската православна црква г.г.Михаил.

Храмот „Свети Ѓорѓи Кратовски" може да собере стотина верници, а подрумот е адаптиран во мала сала за да се задоволат црковните, забавните и други потреби на Македонците од тој дел на Детроит. Идните планови на членовите на Управата и членовите на црквата планира се проширување на зградата и изграддба на голема сала, која ќе служи за голем број верски, духовни, културни и едукативни активности.

Монографијата за бизнисменот „Светле-Стив Стамевски" од Детроит, а по потекло од Тетовско, чиј автор е Славе Николовски-Катин е издание на „Македонска искра", Скопје, 2005, 1-222, (на македонски и англиски)

Исто така, во најбројната македонска колонија во САД - Детроит, во делот Дирборн, постои Бугарско-маке-донската православна црква „Св. Климент Охридски". Таа била иградена во далечната 1935 година и припаѓа на МПО. Одреден број Македонци во Детроит, по потекло од Тетовско, црквувале, а и денес се едни од најбројните и најактивните во Српската православна катедрална црква

„Св. Лазар – Раваница", чиј нов храм е изграден во 1965 година. Во Детроит постои и таканаречената Вратничка црква „Св. Петка", во која црквуваат голем број вратничани.

Овие три цркви се како резултат на состојбите во Македонија. За жал, тие се изградени претежно со средства и даренија на Македонци, кои избегале од „македонското стадо" и им служат на туѓите пропаганди.

Од посебно значење за македонската заедница во Детроит беше, секако, Катедрата по македонски јазик што со успех работеше на Универзитетот „Ен Арбор". Македонскиот јазик како признат, познат и рамноправен со другите светски јазици, започна да се изучува во Детроит од септември 1991 година.

На првиот курс беа запишани десет студенти, од кои пет Американци од немакедонско потекло. Средства за одржување на Катедрата, покрај образовните установи, обезбедуваше и МПЦ „Света Богородица".

Инаку, за организираното дејствување во Детроит, а и пошироко во други градови во САД и Канада, треба се каже дека тоа го опфаќа мнозинството македонски иселеници. Притоа, важна компонента на ваквото организирање е тоа што тие се сплотени во самостојни асоцијации, пртед се цркви, во кои членуваат Македонци, без оглед од кој дел на Македонија потекнуваат.

Притоа, верско-националните објекти иселеничките организации и нивното членство постојано се зголемуваат, а нивната активност се проширува и квалитетно се подобрува.

Македонските православни цркви се најзначајните и најмасовните собиралишта на Македонците од сите делови на Македонија. Во тие македонски храмови, покрај богослужбата, слободно се слуша македонскиот збор, мајчи-ниот јазик донесен од стариот крај.

Притоа, македонските православни цркви опстојуваат во иселеништвото како несоборлива стварност, како важен фактор во иселеничките средини. Црквите постојат како траен белег, признати се од домашниот фацтор и без никакви пречки дејствуваат во средината во која живеат и работат Македонци.

*Македонците во Соединетите Американски Држави се организирани во македонските православни цркви и манастири и во различни друштва и асоцијации кои се во состав на црквите. Така, според делата „Македонските православни црквни општи во Австралија, Канада и САД" и „Македонците во САД и во Канада" од авторот на овие редови, Славе Катин се формирани голем број македонски православни цркви,*

Од особено значење за активноста на македонските иселеници е создавањето на македонските православни цркви и црковни општини. Така, во изминатиот период се постигнати видни резултати во духовниот и културно-просветниот живот. Формирани и изградени дваесетина цркви и манасатири, голем број друштва, организации, и други форми на дејствување, во кои масовно се собираат македонските иселеници.

# 4. МЕЃУ МАКЕДОНЦИТЕ НА ЦРКОВНИОТ СОБОР ВО КЛИВЛЕНД

На Црковно – народниот собор во Кливлен се собраа околу 2.500 Македонци  Од сите делови на Македонија кои живеат во САД и Канада. Тоа беше Собир за дружење, разговори за црковното живеење, претставување на голем број фолклорни групи и фудбалско екипи

По неколку дена од Детроит заминавме за Кливленд. Се возевме сѐ до границата меѓу државите Мичиген и Охајо. Го поминавме гратчето Монро, каде на езерото Ири е лоцирана атомската централа „Ферми" и брзо стигнавме во градот Толидо. Таму, кај Порт Ауторити, сообраќајот беше сопрен, бидејќи мостот, под кој поминуваат прекуокеански бродови, беше подигнат за да се отвори широката заливска порта, каде што е сместена Железарницата и другите индустриски капацитети, во кои, како што дознавме, доаѓаат суровини и од Македонија.

Колона автомобили се движеше по автопатот број 80 кој води на североисток кон Кливленд. Таму во непосредна близина на бројните богати фарми со мали акумулации, кои личат на непрегледни оази во котлината Охајо, застанавме  на еден простор каде што стоеше патоказ дека Клив-ленд е оддалечен 100 км, а Њујорк 600 километри.

Направивме шега со некои слични патокази во Македонија, на кои, на пример, стои Атина 462 километри (бројка што тешко се запаметува), а нема никаде патоказ за Солун. Патот врвеше и сѐ повеќе се намалуваа километрите кон Кливленд. Во автомобилот ечеше македонска музика и во паузата одвреме-навреме разговаравме со пријатниот сопатник за состојбите во Македонија и САД.

На еден од црковно-народните собири кој се одржа во Кливленд, во организација на Американско-канадско-македонската православна епархија, домаќин беше Македонската православна општина „Св. Климент Охридски" од Еивн (Авон), предградие на Лореинг, во државата Охајо.

Свеченостите започнаа кога река од Македонци се слеваше во центарот на Кливленд, во најголемите и најмодерните хотели „Мариот" и „Шератон" и во неколку други што се наоѓаат во центарот на градот. Таму вриеше како во кошница. Сѐ беше македонско. Се вееја американското, канадското и бројни македонски знамиња. Се чувствуваше македонската и американската атмосфера.

Потоа, забележителни беа пораките на англиски и на македонски јазик на кои беа напишани имињата на македонските православни цркви и нивните фолклорни и спортски асоцијации што зедоа учество на оваа македонска манифестација, на која главната порака беше за национално и духовно единство кај македонските доселеници од северноамериканскиот континент.

Заедничката семакедонска свеченост се одржа во строгиот центар на метрополата Кливленд, која беше со сосема поинаков имиџ, што е карактерис-

тика за современите американски градови, во кои центрите се уредени, чисти, со фонтани, булевари и места за бизнис и разонода.

Така и во Кливленд, центарот изгледаше како евро-пски плоштад со кој секој градоначалник може да биде не само горд, туку и секому да се пофали со чистотата, уреденоста и архитектонските решенија.

На Собранието на Епархијата, што се одржа во прекрасната сала на хотелот „Шератон" беа пристуни делегати, претставници и свештеници од сите македонски црковни општини од САД и Канада, а на кое се расправаше за актуелните прашања и проблеми на Епархијата. Тоа беа дел од македонските патриоти кои вложиле многу време и труд за афирмација на Македонската православна црква и македонското име во целина.

Кога почнуваше официјалното отворање на Собирот, дознавме дека околу 2.500 соби се резервирани од нашинци од тие американски простори. Тоа зборуваше дека тој собир беше еден од најпосетените, ако не и најброен.

Така и беше на првиот официјален ден од Собирот. Насекаде во центарот на Кливленд ечеше македонскиот збор, музиката и песната. Можеа да се видат десетици момчиња и девојки во македонски носии.

Според програмата на Собирот, во попладневните часови се одржаа мирни демонстрации пред споменикот што е лоциран пред општинската зграда што се наоѓа во непосредна близина на центарот и на хотелот „Мариот", во кој беа сместени голем број учесници на оваа семакедонска манифестација. Околу илјада луѓе беа собрани пред овој хотел од каде што тргнаа кон споменикот. Се вееја десетици знамиња на САД, Канада и Македонија

Македонија секогаш раѓала горди синови и раѓа чеда кои се борат пред правдољубивиот свет да ја докажат вистината за Македонија. Грчката нечесна пропаганда, за жал, бара да се одземе од Македонците најсветото - светото гордо име, кое е длабоко врежано во душата на маке-донскиот народ. Церемонијата беше проследена од бројни американски средства за информирање.

Исто така, на присутните им се обратија и познати Македонци родени во САД и Канада. Еден од нив, меѓу другото, рече дека неговиот род води потекло од Беломорска Македонија, во сегашните граници на Грција, земјата од каде што излезе зборот „демократија", а самите Грци не знаат што е демократија. Потоа, тој додаде дека нашето свето име македонско не е на распродажба и за ништо на светот нема да го продадеме, бидејќи уште од дамнина нашите прадедовци биле Македонци, а сега, во овој циви-лизиран свет, и ние ќе се викаме онака како што е нашата волја и како што сакаме ние – Македонците.

Во гратчето Еивн, предградие на Лореин, Охајо, со успех работи Македонската православна црква „Свети Климент Охридски", која беше домаќин на Собирот. Овој значаен црковен храм и културно-просветен центар е собиралиште на македонските доселеници, кои живеат и работат во Еивн, Лореин, Илирија, Кливленд и други места.

Меѓу педесет и петте националности од целиот свет што живеат во Лореин, град што е основан во 1807 година, видно место зазема македонската етничка група. Таа е една од постарите на тие простори, која започнала да се организира на црковно-национално поле.

Инаку, идејата за изградба на Македонската православна црква „Свети Климент Охридско" во Лореин била реализирана на 9 април 1978 од членовите на црквата, кои претежно дошле од преспанскиот, битолскиот и други краишта на поделена Македонија.

Прва богослужба на македонски јазик била отслужена во Украинската црква. Тогаш е купено место каде била изградена сала со привремено адаптиран олтар, каде денес до салата е црквата „Свети Климент Охридски".

Во состав на црковната општина, покрај играорната група и женската секција активни биле црковниот хор, фудбалскиот тим и секцијата за бинго. Македонците во Лореин редовно учествувале на Фестивалот на нациите што се одржува секоја година во Лореин.

Големата сала на овој значаен црковен храм и црковно-просветен центар во која се одржа црковнонародниот собир, пак, се наоѓа во непосредна близина до хотелот „Шератон". Таа вечер таму Македонците од сите делови на САД и Канада се слеваа во големата сала каде што настапија 15 играорни групи..

Потоа настапија играорни групи, кои се претставија со македонски ора и песни со што оставија силен впечаток кај присутните. Програмата траеше до доцна во ноќта, а веселбата младите играорки и играорци ја продоложија по улиците на Кливленд.

Фудбалските екипи, пак, кои работат во составот на црковните општини, ги одмерија силите во попладневните часови, на фудбалските терени на „Комјунити колиџ". Нив ги имаше 16 на број, кои се натпреваруваа во куп систем и ги покажаа своите спортски вештини.

Собирот заврши со голем банкет што се одржа во ексклузивниот хотел „Мариот", на кој присуствуваа околу 800 гости, меѓу кои и градоначалникот на Еивн, претставникот на гувернерот на Кливленд, претставникот на Одделот за здравство на Охајо и други.

Го напуштивме Кливленд по автопатот што се наоѓа во непосредна близина на езерото Ири и се упативме кон аеродромот. Долго ги гледавме прекрасните пејзажи долж езерската шир, која непрегледно се протегаше кон американските хоризонти.

За неколку часа авионот полета од Кливленд за Торонто и се вивна над езерото Ири, на чии брегови живее голем број Македонци од етничка Македонија. Уживавме во езерската гледка која остава силен впечаток кај посетителот на овие богати простори на Соединетите Американски Држави и Канада.






*Градското собрание на Торонто*



*Нијагарските Водопади*



*Чикаго*

# 7. КАНАДА

## 1. НА ПАТ ОД МАКЕДОНИЈА ДО КАНАДА

Да се патува од Скопје до Торонто значи да се биде десетина часа во небесните височини над мајката земја. Така и ние полетавме од аеродромот во Скопје во утринските часови и се упативме кон Охрид - градот на свети Климент, свети Наум, Шапкарев, градот на Прличев и многу други кои овде ја втемелиле македонската историја, религија, култура, јазик...Потоа, патувањето го продол-живме за Канада.

Ние, (полошко кумановскиот митрополит Кирил, ѓаконот Александар Цандовски и авторот на овие редови Славе Катин, во својство на потпретседател на Комисијата за односи со верските заедници на Република Македонија), патувавме од Скопје за Торонто. И ние, заедно со другите патници во авионот бевме воодушевени од чудесната глетка над непрегледните ширини на Охридското Езеро. Кога авионот се приближуваше кон аеродромот, чиниш дека со раце ќе може да се дофатат далгите од неколкуте кајчиња кои во водите на ова “македонско море”, како што многумина го нарекуваат Езерото, низ езерската шир ја делеја оваа водена убавица.

На охридското воздушно пристаниште народ како плева. Ни се чинеше како половина Охрид и Струга да дошле да ги испратат десетиците иселеници кои патуваа за Австра-лија. Ги гледавме топлите прегратки, солзите и тажните лица и на оние што патуваа и на оние што остануваа. Гледавме еден дел од таа македонска тажна сага што се вика иселување во прекуокеанските земји, овој пат за Австралија.

По извесно време авионот се наполни со патници и повторно се најде над езерската шир од каде што Охрид се гледаше како на дланка; ги видовме многуте летувалишта и модерните хотели распослани на брегот на Охридското Езеро, а потоа дел од славната и борбена Дебарца и за миг се најдовме над пластот облаци што покриваше еден дел од Западна Македонија. За момент како да ја изгубивме ориентацијата на земјата и мислите ни беа насочени кон Загреб, кон нашата втора попатна станица.

Патувањето од Охрид кон Загреб беше навистина пријатно. Од големите височини ги гледавме природните контрасти и убавини, кои одвреме – навреме се губеа низ облаците и повторно се појавуваа.

На аеродромот „Плесо” во Загреб времето за чекање беше кратко и набрзина ги извршивме сите царински процедури и за веднаш се најдовме во бесцаринската зона, преполна со патници од цел свет и за цел свет. Некои седеа, некои спиеја, некои пиеја и јадеа и се смееја. Стаса времето за полетување кон Торонто.

Се сместивме во птвиот дел од авионот и по неколку минути го напуштивме Загреб. Некои од патниците се крстеа, а многумина ги затворија очите и пропаднаа во своите длабоки мисли и искушенија.

По кратко време летање кон запад, патувањето станувааше сè попријатно и поудобно и мислиш како во авионот да се одвива нормален „авиоживот". Во непосредна близина седеше една симпатична Италијанка и го читаше списанието „Ла Ривиста ди Пополо", до неа седеше една Германка, која постојано спиеше, а од левата страна седеше една наша Македонка, иселеничка во Канада. Ни кажа како се вика и дека е од Суводол, Битолско, млада пензионерка, разговорлива, љубопитна и со ведар дух.

Ни раскажуваше за нејзиното патување во стариот крај, за промените што настанале во периодот во којшто таа отсуствувала, за изградбите во Битола, за напредокот, за некои непријатни сцени во продавниците и по улиците и за убавите сончеви денови поминати во Охрид, како и за бројни згоди и незгоди на нејзините патувања ширум Македонија.

По осум часа летање се приближивме кон аеродромот во Монтреал во провинцијата Квебек, каде што ја допревме канадската земја. Во Монтреал, најевропскиот град на северноамериканскиот континент, како што многумина го нарекуваат градот на индустријата и контрастите, се простивме од Италијанката и одреден број патници и полетавме за Торонто, каде што за неполн час патување стасавме на аеродромот „Пирсон", што е сместен на запаната страна на главниот град на провинцијата Онтарио.

Токму тука нè пречекаа наши роднини, пријатели, познати и бројни свештеници на Американско-канадско-македонската епархија, кои со голем респект се однесуваа кон нас, особено кон многупочитуваниот митрополит Кирил. Таму, во огромната врвулица од патници од целиот свет, нашите домаќини, го збогатија и го олеснија нашиот носталгичен лет за Канада.

Инаку, во метрополата Торонто која е и главен град на Онтарио живеат повеќе од сто нации, меѓу кои и Македонците. Често се вели дека Торонто е третиот македонски град по големина, во кој се задомиле околу 100.000 Македонци. Нив ги има од сите делови на Македонија, од многу градови и села во етничките граници на Македонија, меѓутоа, се чини дека најголем е бројот на македонските доселеници и нивните поколенија кои се од егејскиот дел на Македонија.

Се претпоставува дека баничани, желевци, буфчанци, ошчимци, преспанци и битолчани се најбројни во Торонто и околните места. Тешко се определува нивниот број, бидејќи тие дошле со разни патни исправи и во зависност од тоа нивните презимиња се приспособувале според земјата од каде дошле.

Треба да се одбележи дека некои од Македонците припаѓаат на различни политички, национални и други организации. Многу од нив го згрешиле патот и избегале од македонското јадро (трло). Пропагандата од соседните земји ги вознемирила, ги преобразила и ги натерала да си го заборават својот род.

Меѓутоа, со обновувањето на Охридската архиепископија во лицето на МПЦ и со изградбата на првата маке-донската православна црква „Свети Ѓорѓи" во Мелбурн, и во Торонто во 1964 година се изгради првата македонска црква во Канада, „Св. Климент Охридски", што претставува пресврт во македонското движење. Таа е еден од најпознатите црковно-просветни центри на Македонците во Северна Америка, најголема и најимпозантна што ја имаат македонските иселеници во овој дел од светот.

Ние ја посетивме црквата „Свети Климент Охридски" во Торонто во недела каде имаше голем број верници по потек-ло од сите делови на Македонија и со нетрпение го очекуваа митрополитот Кирил да го видат, да поразговараат... Во преполнатион храм, митрополитот Кирил, во сослужение на повеќе свештеници одржа богослужба, која за многумина ќе остани во долго сеќавање.

Инаку, според пишаните докумети црквата „Свети Климент Охридски" не само што е прва македонска православна црква во Канада, туки е и една од најзначајните културно-просветни институции на Македонците во Северна Америка и пошироко. Иницијативата да се формира и изгради црковна општина се роди на четвртиот илинденски пикник што националната организација „Обединети Маке-донци" го одржа во 1962 година, како израз на љубовта кон Македонија.

На тој ден било свикано сеопшто македонско национално собрание, чија основна задача била да се формира комитет во чиј состав влегле четириесетина истакнати доселеници од македонско потекло, од кои поголемиот број од егејскиот дел на Македонија, а кои пред тоа членувале во разни македонски и други друштва, црковни општини, кулутрно-просветни и селски друштва.

Затоа со право се вели дека организацијата „Обеди-нети Македонци" е прва македонска национална организа-ција во Канада и собира најголем број иселеници од сите делови на Македонија.

А, црквата „Свети Климент Охридски", пак, е најзначајна црковна општина, која е сопственик на храм во кој се насликани македонски икони и фрески, изработени од раката на уметникот Ѓорѓи Даневски. Таа има три сали и кујна за повеќе од 2.000 посетители, а објектот на црковната зграда претставува убав прилог во канадската архитектура. Исто така, црквата има библиотека и помошни простории.

Покрај духовното живеење, Македонската православна црква „Свети Климент Охридски" е средиште на националното црковното, културно-просветно, културното и спортско живеење на поголемиот број македонски доселеници и нивните потомци.

Во составот на општината активно работи познатата фолклорна група „Македонка". Исто така, во општината работи и Литературното друштво „Браќа Миладиновци", прво од ваков вид во Канада. Во севкупното живеење на црквата „Свети Климент Охридски" женската секција има посебна улога и дава значаен прилог.

# 2. ТОРОНТО – ВТОРАТА МАКЕДОНСКА ПРЕСТОЛНИНА

Често се вели дека Канада е „ветената земја" за Македонците, особено од егејскиот дел на Македонија, кои во Канада ги уживаат сите човекови права. Додека во своите родени земји Грција (Елада) и Бугарија се еден вид туѓинци: немаат свои училишта, ни цркви; им се оспорува националниот идентитет; врз нив се врши асимилација денационализација и систематско истребување од родната грутка. Затоа, со право и со гордост Македонците во Канада ја пеат химната „О, Канада..."

Кога човек пристигнува во Торонто, главниот, најголемиот и најубавиот град во провинцијата Онтарио се чувствува како да е во светот во кој се измешала американската и европската култура, старото и новото. Торонто е општосветски град во кој живеат повеќе од пет милиони жители од сите меридијани.

При нашата посета на таа важна канадска и светска метропола со огромни перспективи, од бројната литература на англиски и на француски бевме информирани дека Торонто е формиран во 1793 година под името Јорк, а во 1839 година го добил сегашното име. Метрополата се простира од Оквил до Ошава на околу сто километри.

Тој е бисерот на Онтарио, во кој се сместени, меѓу другото, голем број образовни центри: тогаш највисоката кула во светот, позната како „Си Ен Тауер", Забавниот парк „Онтарио Плеис", „Харбоур фронт", каде што се одржуваат голем број музички, театарски и други претстави, Спортскиот и културен центар „Скај Дом", Научниот центар „Онтарио" и голем број знаменитости познати ширум светот.

Торонто е град во кој културното живеење е со долги традиции и е многу блиску до она во Европа. Градот има голем број современи театарски куќи и други центри на културата, во кои чести гости се врвни уметници од сите делови на светот. Притоа, привилегија е да се присуствува на некоја од културните манифестации во оваа метропола, особено на оние на кои за билет се чека подолг период и потребни се повеќе пари.

Исто така, во Торонто е задоволство, меѓу другото, да се посети некој од многубројните паркови. Таму во прекрасните амбиенти на парковите, каде се вишнее познатиот канадски јавор, чиј лист во исто време е симбол на нацијата, човек се чувствува пријатно, опуштено и безгрижно. Тука се измешале и посетителите и верверичките, кои во Канада се заштитени со закон. Врие од народ. И бели и црни и жолти од сите делови на светот. Секој се забавува на свој начин во парковите каде што се чувствува свежина и чист воздух.

Според делото „Македонците во САД и во Канада" од авторот на овие редови, во оваа канадска метропола и главен град на Онтарио живеат повеќе од сто нации, меѓу кои и Македонците. Често се вели дека Торонто е третиот македонски град по големина, по Скопје и Битола, во кој се задомиле околу 100.000 Македонци. Нив ги има од сите делови на Македонија, од многу градови и села во

етничките граници на Македонија, меѓутоа, се чини дека најголем е бројот на македонските доселеници и нивните поколенија кои се од егејскиот дел на Македонија. Се претпоставува дека баничани, желевци, буфчани, ошчимци, преспанци и битолчани се најбројни во Торонто и околните места. Тешко се определува нивниот број, бидејќи тие дошле со разни патни исправи и, за жал, во зависност од тоа нивните презимиња и националната припадност се приспособувале според земјата од каде дошле, а не кој се.

Одреден број од Македонците во Канада припаѓаат на различни политички, национални и други организации. Многу од нив и го згрешиле патот и избегале од македонското јадро. Пропагандата од соседните земји ги вознемирила, ги преобразила и ги натерала да си го заборават својот род.

Меѓутоа, со обновувањето на Охридската архиепископија во лицето на Македонската православна црква и со изградбата и осветувањето на првата македонска православна црква „Свети Ѓорѓи“ во Мелбурн во 1960 година, и во Торонто во 1965 година беше изградена и осветена првата македонска православна црква во Торонто, „Свети Климент Охридски“, што претставува пресврт во македонското движење во Канада. Таа е еден од најпознатите црковно-просветни центри на Македонците во Северна Америка, најголема и најимпозантна што ја имаат македонските иселеници во овој дел од светот.

Инаку, промените во економската, социјалната, образовната и квалификационата структура, паралелно со остварениот материјален потенцијал, условуаат и делумна трансформација на животните навики на македонските иселеници во Торонто. Притоа, голем број од нив, особено од егејскиот дел на Македонија се пробиле во повисокото општество во кое живеат.

Меѓутоа, во политичкиот живот во новите средини и општества, македонските доселеници осетно заостануваат зад другите етнички групи, а тоа е случај и со другите иселеници од балканските земји. Сепак, нивните постигнувања на економски, духовен, образовен, културен и спортски план, сѐ повеќе придонесуваат тие да бидат третирани како интегрален и важен фактор во новите средини во мултиетничките општества на Канада.

И покрај разликите што иселениците од македонско потекло во Канада ги поседуваат во социјалната структура, а кои се резултат на различните нивоа на образование и материјална состојба, за нив се карактеристични некои заеднички обележја во социјалниот живот. Така, голем број од доселениците од етничка Македонија, на одредн начин, се асимилирани или се наоѓаат “зовриенѝ во котелот на асимилирањето. Поголемиот дел, пак, само привидно ја прифатиле интеграцијата во тамошното општество, а му остануват верен на традиционалниот вечен македонски начин на живеење.

Тие и понатаму се тесно врзани со семејството, во суштина засновано и одржувано во традиционален и патријархален македонски дух. Обезбедувањето и комплетирањето на семејството претставува еден од приоритетните животни цели на иселеници во новата средина.

# 3. НА НЕЗАБОРАВНИТЕ И ВЕЧНИ НИЈАГАРИНИ ВОДОПАДИ

Од Торонто се упативме за Хамилтон, градот што е сместен на југозападната страна на езерото Онтарио и кој се вбројува меѓу водечките центри на железната индустрија во Канада. Таму, со успех работи Македонската православна црковна општина „Свети Наум Охридски-Чудотворец". Во овој развиен индустриски град што се наоѓа на крстопатот меѓу Торонто и Нијагара, Македонци, претежно од егејскиот дел на Македонија почнале да се доселуваат уште во дваесеттите години од минатиот век.

Бидејќи на источниот дел на езерото Онтарио, во Торонто веќе постоеше црквата „Свети Климент Охридски", што потсетува на црквата „Свети Климент" во Охрид, беше одлучено црквата во Хамилтон да го носи името на свети Наум Охридски, на другиот голем просветител и да потсетува на црквата „Свети Наум" во Охрид. Иницијатор за формирање на оваа црковна општина беа членовите на Националната организација „Обединети Македонци" – гранка Хамилтон.

Пред конституирањето на црквата во Хамилтон постоеше Фудбалски клуб „Обединети Македонци" кој подоцна го промени името во „Македонија"", а потоа и во „Илинден". Членовите на овој клуб формираа иницијативен одбор за организирање на црковната општина. Така, на 24 февруа-ри 1970 година управата успеа пред канадските власти да го регистрира овој духовен и културен центар на сите Македонци во Хамилтон и околните места.

Потоа, на 9 мај 1971 година, во присуство на голем број Македонци од Канада и Соединетите Американски Држави, црквата „Свети Наум Охридски" беше осветена од тогашниот дебарско-кичевски митрополит Методи. Во рамките на црковната општина уште во 1973 година започна со работа неделното училиште на македонски јазик.

Потоа, започна емитување на македонска радио-програма како дел од мултикултурната информативна дејност, а во 1978 година за првпат се слушна македонскиот збор и на мултикултурната телевизиска програма.

Исто така, во состав на црквата активна беше Играорната група „Илинден"", а денес се активни: женската и спортската секција. Црквата „Свети Наум Охридски" денес е во новиот објект кој е поголем и овозможува подобри услови за бројни активности. Оваа црковна општина го одбележа своето 40-годишно постоење во октомври 2011 година, кога и се одржаа голем број активности.

Меѓутоа, да се биде во Канада, неодминливо е да се посетат интересните Нијагарските Водопади. Ние го посетивме тој дел на Онтарио во делник кога пред нас се појави и најголемиот водопад од канадската страна, кој е поживописен и повпечатлив од помалиот водопад што е на американската страна.

Тие изгледаа како скромни речни јазови што ги создала природата да бидат единствени на Земјината топка. Тоа беше глетка што не може да се заборави и остава трајни впечатоци кај посетителот.

Исто така, го посетивме и Веландскиот Канал, низ кој водниот сообраќај претставува главна артерија меѓу езерата Ири и Онтарио, а оттаму преку Сент Лоренц водената маса навлегува во Атлантскиот Океан.

Петте големи езера во граничната област меѓу Соединетите Американски Држави и Канада според површината што ја зафаќаат наликуваат на море. Не случајно и се нарекуваат Средоземно Море на Северна Америка.

Нивните води во Атлантскиот Океан ги носи реката Сент Лоренц. Планот да се изгради континентален пловен пат во должина од над 3 700 км од утоката на Сент Лоренц до Дјулут на Горно Езеро е многу стар. Во 1932 година САД и Канада склучиле договор за заедничка изградба на водениот пат Сент Лоренц.

Меѓутоа, поради висинските разлики меѓу езерата и брзината на истекувањето на водата во реката било неопходно да се изградат брани и канали. Така, најголемиот континентален воден пат на светот бил готов во 1959 година. Шеснаесет брани го подигнале овој воден пат до 184 метри над морската површина.

Од езерото Ири истекува реката Нијагара која, по изминати 54 километри, се влева во езерото Онтарио. Во почетокот реката Нијагара е широка 1200 метри, а по изминатите десетина километри се разделува на две ракавици меѓу кои е Големиот Остров.

Нијагарските Водопади кои се чудо на природата се една од најпосетените туристички атракции на северноамериканскиот континент/. Водената симфонија на Нијагара е спој на природата, митското, сонот и јавето.

Нијагарските Водопади со Козјиот Остров и островчето Лунен се разделени на два одделни водопада - лев и десен. Левиот дел - канадски, наречен „Потковица", бидејќи има облик на голема коњска потковица, ги спушта водите од околу педесет метри височина, а во широчина речиси од еден километар.

Низ „Потковицата" која е најубавиот дел на водопадот, протекува поголемиот дел од нијагарската вода. Десниот дел на водопадот, пак, се наоѓа во Соединетите Американски Држави. Тој е помал, висок е 51 метар и широк околу 320 метри. Силната бучава на водопадите се слуша во пречник од неколку километри, бидејќи водената маса се струполува од двете страни на Козјиот Остров.

Во воздухот се издигаат пена и воден прав. Сончевите зраци се прекршуваат од нив, растурајќи се во спектар од бои. Виножитото се гледа на оддалеченост од десетина километри. Спектарот од бои, пак, е ист како и оној на македонското виножито.

За убавината на водопадот придонесува височината, од која околу 7 000 км3 вода во секунда паѓа во бездната од огромната водена маса. Во зависност од годишното време се менува и ликот на водопадите. Есента е пријатна со изразити есенски тонови.

Зиме водениот прав замрзнува уште во воздухот и од врвот на водопадите до студената бездна се формираат прекрасни кристални завеси.

А кога настапува пролетта и водите на Нијагарините Водопади ќе ги понесат огромните ледени блокови, трескотот што се создава при струполувањето и од триењето на мразот од ѕидовите на водопадот, е уште посилен.

Тогаш виножитото што се раѓа го разубавува денот. Меѓутоа, ноќните екскурзии до Нијагара сѐ уште поинтересни.

Осветлени со илјадници електрични светилки (рефлектори), водопадите добиваат фантастичен изглед, кој го опијанува посетителот застанат пред ова големо чудо на природата.

Нијагарските Водопади постепено „ползат" кон езерото Ири, каде и започнува стрмниот дел. Пресметано е дека секоја година малиот водопад се повлекува за 5 - 6 сантиметри, а големиот за 60 - 70 сантиметри. Од создавањето па до денес „Потковицата" се приближила до езерото Ири за 11 км.

Тоа се објаснува со разурнувањето што го предизвикува водата и материјалот што го носи врз скалестиот праг. За сегашниот изглед биле потребни 6 000 години, а за да стигне до езерото Ири и да исчезнат водопадите или да бидат уште поголеми, потребни му се уште не помалку од 180 000 години.

За Канада и Соединетите Американски Држави Нијагара и нејзините водопади се голем извор на приходи. Водопадите ги посетуваат милиони посетители кои како на една своевидна авантура доаѓаат од целиот свет.

Од друга страна, пак, огромната водена сила се користи за добивање на електроенергија. Направени се голем број гигантски хидроцентрали, особено од канадската страна.

Инаку, градот Нијагара се наоѓа на левиот брег на реката и претставува голем туристички центар. Во него живеат стотина илјади жители, кои претежно се занимаваат со туристички гранки.

Таму има бројни хотели, ресторани, казина и други атрактивни објекти, кои привлекуваат милиони туристи од целиот свет. И ние во Нијагара се чувствувавме како дел од глобалниот свет кој доаѓа и од американската, а повеќе од канадската страна на Нијагаските Водопади.

Ја посетивме првата хидроцентрала што е сместена под градот Нијагара, а за која проектот го направил Никола Тесла чија биста е на видно место во знак на благодарност за неговото големо дело, од каде се шират нијагарските хоризонти, а на восхитот на уникатните водени танци му нема крај.

Таму е големото дело на научникот Никола Теспа, кој беше научник, истражувач и пронаоѓач на полето на електротехниката и радиотехниката, познат како татко на наизменичната струја и бројни футуристички пронајдоци, голем патриот, борец за мир и братољубие меѓу народите.

Големиот научник Никола Тесла се почитува и слави и во Хрватска и во Србија и во Соединетите Американски Држави и во целиот свет. Тоа го потврдуваат современите проучувачи на ликот и делото на Никола Тесла, кои го нарекуваат "Човекот што го измислил дваесеттиот век" и "светецот - заштитник на модерниот електрицитет."

# 4. ДЕЛ ОД ПАТУВАЊЕТО ОД ТОРОНТО ДО ЧИКАГО

Беше пладне кога го напуштивме Торонто од аеродромот „Пирсон“ и се упативме кон езерото Онтарио. Потоа, авионот ја смени насоката кон убавите и богати простори на Онтарио, во Канада и Илиноис, во САД, за да се стаса во Чикаго.

Според историските податоци, Чикаго бил основан во 1883 година како град кој ги поврзува Големите езера со системот на реката Мисисипи. Наскоро тој станал транспортниот центар на стариот северозапад со главни водни врски, канали и од 1855 година со железница. Од 1890 година тој бил еден од десетте највлијателни светски градови.

Интересно е и да се напомене дека Чикаго има специфична клима која изобилува со ветар во текот на целата година и е еден од најветровитите градови во светот. А прекарот "ветровитиот град" не доаѓа поради климата туку поради честото менување на страната на чикашките политичари.

Во Чикаго, на аеродромот „Охеира" не пречекаа прет-ставници на црковниот храм и неколку наши пријатели, за потоа со белата лимузина, која беше под рента за таа пригода, се упативме кон новата македонска православна црква „Свети Кирил и Методиј" во месноста Бервин.

Пред црквата имаше поголема група Македонци, стари и млади, а меѓу нив имаше и облечени во народни носии, со цвеќиња во рацете ја дочекуваа делегацијата од Република Македонија на чело со многупочитуваниот митрополит Кирил. Сите тие беа во македонскиот храм за да го збогатат мигот на осветување на црквата „Свети Кирил и Методиј". Секако, за нас убавиот духовен празничен повод и свечената пригода претставуваше вистинско задоволство.

Свеченоста по повод осветувањето на Македонската православна црква „Свети Кирил и Методиј" започна со отслужување доксологија (молитва за добро пристигнување), на која присуствуваа бројни иселеници, а тоа претставуваше прва архијерејска молитва. Пред црквата се вееја бројни македонски знамиња. Сè беше подготвено за свечениот момент – осветувањето на црквата, што треба-ше да се изврши наредниот ден.

На тоа македонско место од неколку хектари е изграден еден од најубавите духовни и културни центри на американскиот континент. Македонската православна црква „Свети Кирил и Методиј" е пространа црква, изградена од тврд материјал.

Во храмот има голема и убава свечена сала за околу 500 луѓе, две помали сали и други простории и голем паркинг. Во таа прекрасна оаза од зеленило што излегува на две улици е изграден дом за свештеникот и убав простор за одржување пикници и други манифестации, во што се вградени трудот, средствата и љубовта на целата управа и на сите членови и донатори на црквата.

Свеченостите за евангелисувањето на црквата започнаа во претпладневните часови, кога река од луѓе и автомобили се слеваше кон новиот македонски храм. Во присуство на повеќе од илјада луѓе свечениот чин го изврши полошко-кумановскиот митрополит г. Кирил, во сослужение на поголем број македонски свештеници. Се отслужи прва архијерејска литургија, се направи опход околу црквата, потоа на македонски и на англиски јазик се читаше Апостолот, а се извршија и други церемонии од архије-рејската литургија.

Во попладневните часови првпат во новата сала се одржа банкет на кој присуствуваа повеќе од 500 верници, за кои управата на црквата приреди бесплатна гозба. Во атмосфера на големо расположение од осветувањето на црковниот, културно-просветниот и спортскиот дом, дарежливите Македонци на дело ја покажаа љубовта кон црквата и дедовската земја – Македонија.

Во тие мигови на радоста беа собрани околу 50.000 долари, што го збогатија фондот на Црквата за во иднина да биде центар за собирање на македонските доселеници од тие простори. Најголемата радост на банкетот, секако, беа четириесетината Американчиња од македонско потекло на друштвото „Гоце Делчев", кои пред присутните, по химната „Денес над Македонија се раѓа".

Инаку, иницијативата за покренување на изградба на македонскиот духовно - културен дом „Свети Кирил и Методиј" што служи за интересите на македонските доселеници од сите делови на Македонија беше покрената на 21 мај 1976 година. Притоа, беше одлучено храмот да го носи името на светите Кирил и Методиј, со што Македонска општина беше примена како дел од Македонската православна црква со писмо на Светиот архијерејски синод.

Потоа, во потесното градско подрачје на Чикаго управата купи зграда на една лутеранска црква што ја преуреди и ја приспособи за вршење на православни богослужби. Тогаш беше купено новото место каде се поставија темелите и беше изграден храмот „Свети Кирил и Методиј". Инаку, во состав на Црквата работи Фудбалскиот тим „Македонија", неделно училиште, женска секција и Културно-уметничкото друштво „Гоце Делчев".

Другиот ден го искористивме за разгледување на Чикаго и за посета на значајни места. Нашите домаќини нè однесоа во строгиот центар на градот, каде се наоѓаат бројни високи згради многу познати во светот. А центарот на метрополата Чикаго, или „даун таун", како нашите го презеле збо¬рот од англискиот јазик, навистина е, можеби, еден од нај¬ка¬рак¬теристичен за Америка.

Се шетавме по сите квартови во кои живеат Кинези, Италијанци, Елини (Грци), Полјаци, Евреи... Според составот на населението така се нарекуваат и квартовите. Меѓутоа, центарот се чини е најпривлечен и со многу топлина. Затоа често се вели дека и Ал Капоне, не случајно го одбрал центарот на Чикаго.

Домаќините ни ги покажаа и улиците од времето на Ал Капоне и од филмовите за него. Беше интересно кога слушнавме дека и еден Македонец од Преспа бил дел од гангстерскиот живот на Чикаго во тие години.




Spanish Civil War
1936-1939




*Мадрид*



*Барселона*

# 8. ШПАНИЈА

## 1. ШПАНИЈА – ЗЕМЈАТА НА ЦИВИЛИЗАЦИИТЕ, УБАВИНАТА, ФУДБАЛОТ...

За туристичките вљубеници, секое патување во Шпанија, е нов предизвик и желба да се откриваат убавините на атрактивниот Пиринејски Полуостров. Особено кога таму, на самото место, може да се почувствува ритамот на тангото и коридата, на вековите и како на дланка да ги има многуте природни и други особености.

Шпанија, е една од водечките светски туристички велесили која го населува најголемиот дел од Пиринејскиот Полуостров, делејќи го ова раскошно парче земја со комшиската Португалија, со Гибралтар и Андора. Таа е трета по големина држава во Европа, по Украина и Франција и се наоѓа на 51 место на мапата на планетата Земја.

Во своето поседство ги има Балеарските Острови, распослани на нејзиниот јужен дел, а уште подолу во Атланскиот Океан, ги вклучува и Канарските Острови, плус градовите Сеута и Мелијла на северниот дел од африканскиот брег.

Под капата на Шпанија се и неколкуте помали острови кај Гибралтар, како и Хавиринските Острови, или на нивни јазик кажано - Карпите, во богато разгранетото нивно крајбрежје од повеќе страни. Морските граници изнесуваат речиси 5.000 километри, и нив ги заплискуваат водите на Средоземното Море и Атлантскиот Океан.

Шпанија е парламентарна монархија. Парламентот кој ја има законодавната власт во државата, се избира на секои четири години преку непосредни парламентарни избори. Извршната власт, пак, ја има Владата, на чело со премиерот кој е назначен од кралот по претходна консултација со најважните политички сили кои се застапени во парламентот.

Долга е историјата и цивилизациските етапи на оваа ибериска земја. Праисторијата својот почеток го бара во откривањето на најстарите фосили од постоењето на човештвото, и тоа најмалку од пред еден милион години. Исто така, се смета, барем според пронајдените траги, дека една од првите населби е стара 15.000 години.

Археолошките проучувања дошле до сознанијата дека имало своевидни културни и други траги особено во источниот дел на Пиринејскиот Полуостров, во доцниот неолит и бронзената ера.

Феникијците и Картагинците, населувале дел од тамошните простори од 11.000 година пр.н.е, па сè до VI век пр.н.е. Праисториската етапа поставува граница со почетокот на Пунските војни.

Се смета дека во античко време името „Иберија“ немало географска туку етничка основа. „Хиспанија“ е називот со кој Римјаните го нарекувале Пиринејскиот Полуостров. А тој, под нивна доминација бил речиси цели два века и со крваво платен данок.

Но, од друга страна, пак, романизацијата на тамошните народи придонела до некој степен, за развој на Полуостровот. Портите на Римјаните им се отвориле со триумфот на Картагина во Втората пунска војна. Тие, главно, се населувале во постојните градови, но и основале нови покраини.

Шпанија била земја која ја газеле многу војски со различни владетели, кои ги сменувале имињата или правеле кованици од нив, но, сепак, не ја прекрстиле оваа земја. Кога биле протерани Маврите кои останале предолго, дури повеќе од 700 години, почнала нова ера во развојот и воопшто во животот на тамошните народи. Меѓутоа, Шпанците како воини и морепловци, оставиле долги и големи траги во историјата на човештвото.

Еден дел од историјата на Шпанија е исполнет со окупаторски војски и други режими. Меѓутоа, најважниот дел од многувековниот развој на оваа значајна земја започнал кога таа врти нова страница и кога почнува шпанското колонијално царство, кое станало едно меѓу најголемите во светот.

Откривањето на други држави како и на Америка веќе го менува ликот на дотогашното устројство, границите, верските и други формации. Шпанија под свое знаме има земји и народи во Европа, Америка, Африка, Азија и Океанија.

Прв кој почнал со откривањето на други држави бил Кристофор Колумбо. На 3 август, 1492 година, испловил со бродовите, тргнувајќи со надеж и желба да го пронајде морскиот пат за Индија. И сѐ натаму што следи за морските и освојувачки походи, е долга и необична колонизаторска приказна, која се протега со векови. Првата шпанска република почнува со воведувањето на парламентарното управување.

Втората шпанска република била основана во 1931 година, на чие чело по осум години доаѓа Франциско Франко кој владеел сѐ до 1975 година.

Оваа голема иберискa земја е поделена на 50 покраи-ни, 17 области и два автономни града кои се наоѓаат на северниот дел од Африка. Според територијата, најголемата автономна област е Кастиља, а најмали се Балеарските Острови. Гледано низ економските параметри со меѓународен предзнак и аршините на Светската банка, економијата на Шпанија е деветта по големина во светот и петта во Европа. Ја потресуваа големи кризи, но успеа да исплива во тегобните времиња, справувајќи се со големите проблеми.

Денес, се чини Мадрид е стожерот на политиката, економијата, културата и над сѐ тој е престолнина на Шпанија. Тој е градот за кои се воделе многу битки, во кои учествувале голем број Македонци. Мадрид е метрополата во која, само во централното подрачје живеат над три милиони жители, додека, пак, тој со урбаниот дел и предградијата брои повеќе од 6 милиони жители.

Затоа се смета дека Мадрид е трета најнаселена општина во Европската Унија, по Париз и Лондон, а трет по големина по Лондон и Берлин.

Мадрид е карактеристичен со бројни споменици, меѓу кои: Кралска палата, Кралскиот театар со неговата обнова во 1850 година, во оперска куќа, паркот Буен Ретиро и величествената зграда на Националната библиотека, Шпанскиот историски архив, Археолошкиот музеј, како и три врвни уметнички музеи: музејот Прадо, Националниот музеј и Музејот на современата уметност.

Посебно доживување е посетата на спортскиот стадион на Фудбалскиот клуб „Реал Мадрид", каде врие како во кошница од посетители.

Таму човек може да се запознае со многу интересни кажувања од спортот, и спортското живеење во оваа престолнина на светскиот фудбал и коридата

Инаку, клубот Реал Мадрид своите домашни натпре-вари ги игра на стадионот „Сантјаго Бернабеј"во Мадрид. На 23 декември 2000 година ФИФА го наградила кралскиот тим со наградата "Најдобар клуб во 20 век". Реал Мадрид е најуспешниот тим во сите натпреварувања организирани од УЕФА, со освоени 10 титули во Лигата или Купот на Шампионите и две во Купот на УЕФА.

Реал Мадрид е најголем и најуспешен фудбалски тим во светот според истражувањето на Универзитетот Харвард спроведено во 2007 година .Исто така е еден од најбогатите во светот

Инаку, имокатоличкото христијанство е најголема религија во Шпанија. Таа е држава која во текот на својата историја водела големи борби на религиозно ниво, главно, против исламот и јудаизмот, а во помала мера и со протестантството.

Поголемиот дел од Пиринејскиот Полуостров бил христијанизиран во времето кога истиот бил дел од Римската Империја.

По слабеењето на Рим, германските племиња извршиле инвазија врз поголемиот дел од териториите на поранешната Империја. Во 410 година Шпанија била заземена од страна на Визиготите кои го наметнале аријанството.

Во 711 година Пиринејскиот Полуостров бил нападнат од Маврите од Северна Африка, каде формирале држава наречена Ел Андалуз и како таква (со мали промени) се задржала во следните 8 векови.

Така, ис ламот станал најголема религија на овие простори, бројот на муслимани се зголемил во голема мера а додека поголемиот дел од населението останало христријанско.

Во текот на нашиот престој во Шпанија се уверивме со вистините на оваа земја и дека оваа земја е место на цивилизациите, убавината, фудбалот, тангото, љубовта...

# 2. ПОВРЗАНОСТА НА ШПАНИЈА И МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ АЛОНСО ДЕ ОХЕДА – ДРАГАН ОД ОХРИД, ЕВРЕИТЕ И ШПАНСКИТЕ БОРЦИ

Христијанството во Шпанија успеало да се задржи само во Сантијаго де Компостела. Средновековна Шпанија била местото на постојаното војување меѓу муслиманите и христијаните, бидејќи во тој период, многу цркви биле претворени во џамии. Шпанската инквизиција за заштита на верата против разни еретици и кривоверци успеала да се прифати католичката вера. Во оваа група подоцна влегле и Евреите по што биле присилени (во 1492) да се преселат од Пиринејскиот Полуостров, од кои илјадници се доселиле во етничка Македонија

Шпанија има медитеранска клима. Летата се суви и топли, а температурите скокаат и до плус 40$^{0}$C на југот, каде има и најголем број сончеви денови во Европа. Во северо-западните делови, Шпанците ги чувствуваат студовите и снеговите на зимските месеци.

Главни столбови во развитокот на Шпанија се: туризмот, автомобилизмот, бродоградбата, електротехниката, хемиската, текстилната индустрија и секако спортот и аграрот. Оваа туристички привлечна земја, годишно ја посетуваат околу 60 милиони намерници, вљубеници на тангото, фудбалот и коридата

Шпанија од секогаш била интересна дестинација за Македонците. Така, се претпоставува дека првиот Македонец – некој си Драган од Охрид бил голем конквистадор, морепловец и откривател на новите шпански земји по светот, а бил познат под името Алонсо де Охеда. Тој бил во екипажот на морепловци на Колумбо.

Меѓутоа е чудно за Алонсо де Охеда “ако е шпански католик” да ги наименува отворените земји и острови, реките, заливите, со “варварски” имиња како: Аруба, Орхилја, Лихнид, Тамара, Барбакала и др. и да се нарече првата европска населба на континентот Свети Себастијан, кога тој не се разделил од иконата на света Богородица, а во Шпанија, во тоа време најголемите светци биле: Сантијаго (Свети Јаков),света Магдалена, свети Хуан и др.

Според шпанските податоци, Алонсо де Охеда (Драган од Охрид) починал во 1515 година и неговиот вечен дом му е на островот Хиспањола во францискански манастир на градот Санто Доминго. Последната неговата желба била да биде погребан под прагот на манастирот.

Исто така, треба да се одбележи дека Македонија и Шпанија се поврзани и со судбината на македонските Евреи кои од крајот на XV и почетокот на XVI век биле протерани како резултат на шпанската инквизицијата. Тие, главно доаѓале од Шпанија и Португалија, откако биле истерани од нивните татковини.

Најголем број Евреи се доселиле од Шпанија во Македонија, пред сѐ во Солун, Битола, Штип и други градови, каде биле во можност да успеат во трговијата, медицината и во правото. Евреите извршиле големо влијанија врз духовната и материјалната култура во етничка Македонија.

Во 1910 година во Македонија живееле повеќе од 90.000 Евреи во времето кога Солун бил најнаселениот еврејски град. Всушност, во Солун живееле поголем број Евреи отколку сите народи заедно и говореле Ладино (мешавина од јудејски и шпански јазик). Исто така, и Шабат (Сабота) се славел низ целиот град Солун.

Меѓутоа, во 1912 година Грците го окупирале и го превзеле Солун и на Евреите им било забрането да престојуваат во одредени делови од градот. Тоа довело до уште една масовна преселба на Евреите, кои претешно биле со шпанско потекло да се преселуваат во Соединетите Американски Држави, Канада и европски држави.

Исто така, поврзаноста на Шпанија и Македонија се зацрта во текот на Шпанската граѓанска војна од 1938 година, во која служеле голем број Македонци. Тие биле еден вид предвестие на големата бура што подоцна се случила, а тоа била Втората светска војна која повеќепати ќе ја надмине својата предходничка и во бројот на жртвите и во силината и мокноста на оружјето над обичниот човек.

Инаку, Граѓанската војна во Шпанија се водела помеѓу силите на генералот Франциско Франко и Империјалната војска, која што била крајно фашистички ориентирана и која најголемата поддршка за својата активност ја добивала од Мусолини и Хитлер.

Од другата страна, пак, се бореле бунтовници, борци за демократија и слобода, меѓу кои, и Ернест Хемингвеј кој бил дел од таканаречените Интернационални бригади во кои свое место и учество зеле и македонски слободо-љубиви борци од сите делови на етничка Македонија.

Според пишаните документи се знае дека во воените дејствија во Шпанија учествувале 137 Македонци од трите дела на Македонија. Меѓутоа, голем бил бројот на борци - доброволци ентузијасти од македонското иселеништво кои што се вклучиле во борбите за демократска Шпанија.

Македонските доброволци учествувале речиси на сите главни фронтови и герилата во Валенсија, Арагон, Мадрид, Каталонија, Харама, Кордоба, Брунето, Мадрид и на други места. За жал, на воените боишта животите ги положија 65 Македонци, од сите делови на Македонија и од иселеништвото..

Искуството добиено во Граѓанската војна во Шпанија станала и основа за подоцнежниот развиток на Втората светска војна во Македонија. Во недостиг на војнички кадар способен да ги воспитува и образува идните генерации на македонската војска, тие искусни шпански борци ја воделе македонската војска за ослободување на поробена и разделена Македонија.

Инаку, во Граѓанската војна во Шпанија Хитлер и Мусолини му дале воена помош на Франко, додека Сталин ги помагал републиканците, а на помош им дошле и доброволци од САД, Франција и други земји, меѓу кои и 137 македонски доброволци (Алексо Демниевски - Бауман, Цветко Узуновски, Ганчо Хаџипанзов, Елисие Поповски, Кирил Ќамилов итн.). Најпознати кои се бореле за республи-кан-ците биле Џорџ Орвел, Ернест Хемингвеј и Андре Малро.

# 3. ВО МАДРИД – ПРЕСТОЛНИНАТА НА ПИРИНЕЈСКИОТ ПОЛУОСТРОВ

Мадрид е престолнина на Шпанија. Во него, само во централното подрачје живеат над три милиони жители, додека, пак, тој со урбаниот дел и предградијата брои повеќе од 6 милиони жители. Затоа се смета дека Мадрид е трета најнаселена општина во Европската унија, по Париз и Лондон, а трет по големина по Лондон и Берлин.

Градот се наоѓа на реката Мансанарес и во чиј состав се издвоени и проширени предградија и села. Тој како општина се граничи со автономните заедници на Кастилја и Леон и Кастилја - Ла Манча. Освен тоа што е главен град на Шпанија и седиште на Владата, тој е и престолнина на шпанскиот монарх, што го прави и политички центар на Шпанија.

Поради своето економско производство, животниот стандард, како и големината на пазарот, Мадрид се смета за главен финансиски центар на Пиринејскиот Полуостров; домаќин е на седиштата на мнозинство од главните шпански компании, како и седиштето на три од 100-те светски најголеми фирми.

Освен тоа, Мадрид бил рангиран на 10-то место заедно со Хонгконг за најмоќните градови во светот, пресметани во топ 20 градови во 5 од 6 категории.

Иако Мадрид поседува модерна инфраструктура, сепак, го задржал изгледот и чувството на многу од неговите историски градби, населби и улици и на традиционалното шпанско живеење. Во тоа се увеenv при нашата посета и прошетките со професионалните разгледувања на градот со отворен туристичкиот автобус.

Во неговите обележја се вклучени огромната Кралска палата на Мадрид, Кралскиот театар со неговата обнова во 1850 година, во оперска куќа, паркот Буен Ретиро и величествената зграда на Националната библиотека.

Исто така, во него се сместени: Шпанскиот историски архив, Археолошкиот музеј, како и три врвни уметнички музеи: музејот Прадо, во кој е сместена една од најдобрите уметнички колекции во светот, Националниот музеј и Музејот на современата уметност.

Го пропатувавме Мадрид за неколку дена и посетивме и други споменици на културата, уметноста, архитектурата и религијата. Посебно доживување беше посетата на спортскиот стадион на Фудбалскиот клуб „Реал Мадрид“, каде вриеше како во кошница од посетители.

Таму се запознавме со многу интересни кажувања од спортот, и спортското живеење во оваа престолнина на фудбалот и коридата. Исто така, го посетивме и универзитетскиот град на Мадрид, кој е во непосредна близина на стадионот.

Го напуштивме Мадрид во попладневните часови и се упативме кон Тенерифе, патувањето на Канарските Острови со џамбоџетот на Авиокомпанијата „Иберија“ траеше повеќе од два часа. Без ниту трепет од турбуленција, се движиме

надолу кон синилата на океанот, ѕиркаме љубопитно од прозорците, додека под нас ги врвевме копнените пространства, а потоа се најдовме над широките водите на Атлантикот.

Брзо слетавме во Тенерифе, кое е атрактивна дестинација како дел од некоја митска приказна. Пред нас се распослаа планини и рамнини, вулкански предели и камени стрмнини. Чист е воздухот од струите кои донесуваат пријатна клима во ова парче земја, чиниш изникнато од длабочините на океанот.

Канарските Острови, всушност, се некаков, веројатно, африкански архипелаг, кој според сплетот на историските и други околности е под управа на Кралството Шпанија. Потопени во морето, овие острови се состојат од седум поголеми, два помали и неколку малечки острови.

Канарските Острови се автономна област. Имаат 2 милиона жители, а како главни градови што ја делат оваа улога на метропола се Санта Круз де Тенерифе и Лас Палмас де Гранд Канарија.

Има многу што да се каже за овие острови. Од нивната почва, флора и фауна, до нивните цивилизациски траги и други посебности. Сепак, основната и носечка гранка е туризмот.

Со самото тоа што годишно доаѓаат околу десетина милиони туристи од сите страни на светот, е доволен показател колку е привлечна оваа дестинација, каде реки од народ од сите меридијани, доаѓаат, престојуваат и заминуваат секој по својот пат.

Канарските Острови како дел од шпанското кралство, припаѓаат на Европската унија, но, тие не се вклучени во царинската и даночната шема на старата европска дама. Пријатната клима, сончевината и условите на овие места, токму се создадени за да успеваат голем број егзотични растенија, или агропроизводи и овошја, кои со своите еколошки и други квалитети се барани на пазарите.

Со модерните сместувачки капацитети, со хотелските комплекси од највисока категорија и со вонпансионската богата понуда, Канарските Острови имаат за секого по нешто, за намерниците што доаѓаат на визита. Песочните плажи и чистата вода, бурниот ноќен живот, вкусната храна се доволна причина и повод да се помине подолг пат ама да се стаса до Островите.

Ги прокрстаривме некои од островите, но се чини дека вулканот. Отидовме најблиску што можевме до дел од планинските врвови, се спуштивме надолу до морскиот брег, каде што брановите удираат високо и силно, за да се почувствува онаа исконска магија на Канарските Острови.

Се простивме и им се заблагодаривме на нашите домаќки кои имаа посебно внимание и почит кон мас и се упативме кон аеродромот на Канарските Острови. Таму вриеше од луѓе како на некој голем пазар. Се упативме кон авионот кој леташе за Шпанија. Така, ги напуштивме Канарските острови заминавме за главниот град Мадрид..

# 4. ВО БАРСЕЛОНА – ПРЕСТОЛНИНАТА НА КАТАЛОНИЈА И ГРАДОТ НА ФУДБАЛОТ

Главниот град на Каталонија - Барселона и втора метропола по големина во Шпанија после Мадрид, која ја посетивме во пролет, кога во Македонија беше сè расцветано. Од Скопје до Софија патувавме со автомобил. На границата на брзина ги завршивме царинските церемонии и се упативме кон пиринскиот дел на Македонија. Нашата прва и најглавна дестинација беше манастирот Св. Јоаким Осоговски“ Го посетивме манастирот Св. Јоаким Осоговски“ кој се наоѓа на излез од градот Крива Паланка кон падините на Осоговските Планини. Одејќи по кривулестиот пат, кој води до манастирот не можете, а чпвек да не се воодушеви кога ќе се појави манастирскиот комплекс, кој скриен во густото зеленило претставува пријатно место за одмор и починка. Скриен во прегратките на мајката природа, манастирот нуди блажено чувство на духовен мир и спокојство. Во тој простор далеку од градската врева можете само се ужива во чистиот планински воздух и да се почувствува како некоја натприродна сила зрачи од немите градби и ве враќа во минатото, тогаш кога на тие простори живеел пустиникот Јоаким.

Доколку е повече текстот, да се исфрли овој пасосВо приказната за манастирот „Св. Јоаким Осоговски“ севели дека манастирот се наоѓа на неколку километри од Крива Паланка, на падините на Осоговските Планини. Манастирот е познат и по името Сарандопор – по местото каде што е граден. Нудејќи ја можноста да се почувствува како минатото и историјата живеат во сегашноста, тој плени со својата духовна, архитектонска и уметничка естетика и вредност.

После убавите духовни моменти во манастирот „Св. Јоаким Осоговски“ го напуштивме овој убав македонски храм и духовно светичиште и се убативме кон граничниот премин со Бугарија, На границата на брзина ги завршивме царинските церемонии и се упативме кон пиринскиот дел на Македонија.

Пријатно беше чувството кога ни се редеа пиринските населени места. Имавме време на патот да се одмориме и да се освежиме во една кафеана каде врвеше од патници, од кои поголемиот број беа од Македонија, кои претежно се враќаа од купување од Истанбул. Од Софија за Барселона патувавме со бугарска авиокомпанија. Патувањето беше пријатно исполнето со убави мигови. Аеродромот во Барселона е еден од поголемите во Европа. Таму бевме пречекани од нашиот пријател, кој како канадски Македонец работи како менаџер во една канадска фирма и живее во еден убав и луксузен дел на Барселона.

Во Барселона, прекрасната метропола на шпанската Каталонија, се уверивме дека таа се бори како да се извлече од чадорот на Мадрид, како да се ослободи од вечната сенка дека е вториот град на таа ибериска земја. Поради гордоста на Каталонците и европскиот имиџ што успеале да го создадат, апсолутно е пожелна дестинација на намерниците од целиот свет. Не случајно нашиот пријател ни рече дека можеме да ја крстосуваме Шпанија, но доколку не се почувствува магијата Барселона, треба да заборавиме дека сме биле во таа земја.

Во право беше нашиот канадски пријател, бидејќи набргу се уверивме во неговата голема приказна, кога дојдовме во главниот град на Каталонија. Од Олимписките игри во 1992 година, Барселона му испрати на светот една поинаква, можеби дотогаш помалку позната културна, цивилизациска, спортска, политичка и национална порака.

Архитектурата, боите, иновациските предизвици, спојот на минатото и сегашноста, индустрискиот и културниот подем, и уште многуте други белези и карактеристики, ја прават поразлична, поинаква, посамосвојна личната карта на градот. Повеќе медитерански отколку шпански, со своите историски турбулентни но и триумфални страници, како важен центар на поморското трговско царство од дамнина, со еден голем развоен залет.

Барселона станува модерен амбициозен град, кој уште во многу далечната 1274 година ги втемелила првите 'ркулци на свој начин на првиот европски парламентарен систем, на евродемократијата.

Кога стапнавме во оваа метропола, таа блескаше на секој чекор, и обземени од сè околу нас, не можеше а да не нè понесе сета преубава и динамична атмосфера што е „гозба" за сите сетила на намерникот.

Низ „Ла Рамбла", главната авенија, за која велат дека е една од најдолгите па и најубавите не само на Иберискиот Полуостров туку и на стариот континент, ве мамат на сите страни да не ги заобиколите, туку да минете часови и часови загледани во луксузните бутици, обичните продавници, ресторантите и таверните, музеите, галериите, шета-лиштата за рекреативците и опуштените.

Готиката ве ѕирка од сите страни. Специфичните градби, исто така. Особено привлечна е црквата „Санта Марија дел Мар", во која спокојот и мистиката, духовното и овоземното, чудно, неосетно, се испреплетуваат, а сето тоа многу или малку, ама сигурно ќе допрат до посетителот.

Антони Гауди спектакуларно ја обележал својата епоха и својата Барселона оставајќи големи градбени аманети но и недовршени дела. Саграда фамилијата станала најпознатата од недовршените, која долго ги расплламтува дискусиите на архитектите, на градителите, естетите, политичарите и граѓаните, на кој начин да се доврши. Тешко би одела таа работа, тешко дека некогаш ќе се усогласат хоровите од различни опции, предлози и видувања, зашто делот на Саграда фамилијата кој е дополнително изграден, е далеку од визиите на Гауди. Живеел 74 години и водичот вели дека уникатниот креатор го прегазил трамвај.

Но, никако не смеевме да ја пропуштиме приликата да го разгледаме музејот на големиот мајстор Пабло Пикасо, каде е спојот на неговите временски не врамени сликарски правци, каде се наоѓаат неговите ремек-дела, неговите колку необични, толку и провокативни остварувања. Својата младост ја минал во Барселона, но и своите слики ги отстапил како дар на градскиот музеј. Сакал тука во Каталонија да останат засекогаш. Колекцијата од неговите дела е постојано достапна, а бројни туристи постојано доаѓаат за да го видат творештвото на генијалецот.

Барселона е фасцинантен град. Пулсираат во неа сите денонoќија, во сите 365 дена со една голема динамика, посебност, шарм и убавина. Шпанската музика, ритамот, убавите танчерки и танчери на оригиналното *фламенго* кога останувате без здив на виртуозната младост, игра, убавина, карактеристичната *сангрија* што ќе ја дегустирате додека уживате во песните и танцот, сето тоа е незаборавно доживување од престојот во Барселона, во вториот, или како би рекле тие, првиот град во Шпанија и на Полуостровот. Барселона е едно ретките места во Европа каде може да се искусат двете најубави нешта кои едно место може да ги понуди – прекрасен град и традиција и најубавите песочни плажи кои ги видовме.

Една од најпознатите плажи во Барселона каде лесно можете да стигнете со јавен транспорт што ја прави одлично место за брзо бегство од градската жештина. Тоа е плажана на која со прекрасниот поглед на позната скулптура во форма на риба на Франк Гери.

Место кое главно е посетено од постарото население кое сака да избега од хаосот е плажата „Barceloneta". Создадена по повод Олимписките игри во 1992 година, оваа плажа покажува дека може да се ужива во смиреноста и тишината дури и во толку голем град како Барселона.

Исто така, Барселона важи за еден од најубавите градови во светот. Позната е по прекрасната архитектура на кој скоро никој не може да одолее. Медитеранската клима им одговара дури и на најпребирливите, кога е во прашање времето.

Ова е град кој никогаш не спие. Така и ја препознаваат Барселона. Луѓето во овој град имаат свој ден на вљубените. Тоа е 23 април, ден кога мажите им подаруваат рози на своите сакани, жените пак возвраќаат со книга.

Барселона е едноставна за да се снајдете. Улиците главно се вкрстуваат под прав агол во насока север-југ и исток-запад. Метрото е добро организирано и доаѓа на секои три минути.

Барселона има богата историја, традиција и разни културни влијанија. Градот има седум плажи со вкупна брегова површина од 4.5 км. Плажите „Сант Себастија" и „Барселонета", се најдолгите и најпосетени плажи во Барселона. Барселона има 68 паркови меѓу кој најголем е „Parc de la Ciutadella", каде што се наоѓа зоолошката градина. Најпознат пак е паркот Гуељ, дизајниран од Антони Гауди, во периодот од 1900 до 1914 година, кој е најим-пресивниот и најневообичаениот парк.

Со сите трговски центри како: Mare Magnum, El Corte Ingles, Diagonal Mar, L'ill a, шопинг улици со бутици од најпознатите шпански брендови како: Zara, Bershka, Mango, Pull and Bear, Stradivarius, па сè до светски познатите брендови, Барселона нуди вистинска можност за шопинг особено во периодот од почеток на јули до крајот на септември, кога има големи попусти и распродажби. Магичната фонтана во Барселона е еден спектакуларен приказ на бои, светлина, движење, музика и акробатика со вода. Сите овие елементи помешани во една целост креираат чиста магија! Магичната фонтаната е нешто што мора да се види.

Меѓутоа, престижот и докажувањето им го оставаме на домаќините, ние оттаму заминавме презадоволни и со авион се упативме кон големиот Мадрид.


Bern
Lausanne
Bolzano
AUSTRIA
Graz
HUNGARY
Trento
Ljubljana
Pécs
Milan
Bergamo
Venice
Rijeka
Zagreb
Alessandria
CROATIA
Parma
Genoa
Banja Luka
Bologna
Forlì
Sarajevo
Monaco
Pisa
Ancona
Split
Florence
Toulon
Adriatic Sea
Perugia
Grosseto
Pescara
Podgorica
Ajaccio
Viterbo
L'Aquila
Rome
ITALY
Bari
Naples
Sassari
Taranto
Nuoro
Salerno
Oristano
SARDINIA
Cosenza
Cagliari
Tyrrhenian Sea
Catanzaro
Reggio di Calabria
Palermo
Mediterranean Sea
Catania
Agrigento
Tunis
Ragusa
Syracuse



*Рим*



*Ватикан*



*Црквата Св. Климент во Рим*

# 9. ИТАЛИЈА

## 1. ИТАЛИЈА – ЗЕМЈАТА НА МИНАТОТО, РЕПИГИЈАТА, ЉУБОВТА

Беше убав сончев пролетен ден, насекаде зеленило, а мирисот од пролетните цвеќиња се ширеше низ полињата. Во тие попладневни часови на аеродромот „Александар Велики" во Скопје се чувствуваше раздвиженост, бидејќи се очекуваа неколку летови од европските метрополи повр-зани со прекуокеанските земји.

Се освеживме со пијалак во царинската зона на аеродромот, а оттаму се упативме кон авионот кој беше специјален комерцијален лет за Рим. Откако ги заземе довме своите места во авионот го гледавме официјалното испраќање на некои видни патници од Република Македонија.

Авионот полека се креваше кон запад од каде се гледаше дел од Скопје, но по кусо летање се најдовме над Бистра и Мавровското Езеро, приклештено меѓу планинските масиви кои овде-онде беа покриени со снежна покривка. Авионот се упати на запад кон Тирана, а оттаму кон Јадранското Море, па кон Пиринејскиот Полуостров и конечно кон Рим во Италија.

Италија е јужноевропска земја, географски сместена на Апенинскиот Полуостров и два големи острова во Средоземното Море: Сицилија и Сардинија. На север преку Алпите се граничи со Франција, Швајцарија, Австрија и Словенија. Независните држави Сан Марино и Ватикан се сместени на италијанска територија.

Италија била населена уште во времето на долниот палеолит. Просторот бил населен од страна на неандерталскиот човек. Најпознатите италијански праисториски цивилизации живееле во периодот на неолитот. Овде спаѓаат камунската цивилизација, терамарскатам вилано-ванската и други цивилизации.

Во праисторијата, Апенинскиот Полуостров и неговата површина била поинаква за разлика од денес. Така, на пример, островот Елба и Сицилија биле поврзани со копното, а Венеција била плодна рамнина со влажна клима.

Италијанците, пак, се потомци на старите племиња кои уште во почетокот на првиот милениум пр.н.е. се населиле во краевите помеѓу Алпите и по целиот Апенински Полуостров и Сицилија. Овие народи биле од различно потекло, а најстари биле Лигурите и Илирите.

Некаде во VIII век пр.н.е. на територијата на денешна  Италија се населиле и Етрурците кои се прошириле до реката По и Корзика. Во близина на територијата на денешна Венеција, исто така, живееле Венетите, додека Сабјаните и Латините живееле во градот Лацио и околу него. Фре-нтаните, Пицентите и Ма-

ручените се населувале околу Јадранското приморје. Со мешање на сите овие племиња се создал новиот народ, Италијанците.

Исто така е забележано дека Римската империја беше еден од најголемите империи во древни времиња. Варварската инвазија го уништи Западното Римско Царство и дозволи создавање на германски држави на територијата на Италија.

Византија и Франконија во раниот среден век поседу-вале значајни делови на Италија. Последователните по-делба на Италија во мали држави им овозможи на Светото римско царство, Франција и Австрија да доминираат во италијанската политика. Италија беше обединета во втората половина на 19 век. Од обединувањето и на крајот на Втората светска војна, Кралството Италија создаде колонијална империја во Средоземното Море и Источна Африка. Од 1946 година, Италија е република.

По средниот век, Италија претставувала седиште на хуманизмот и ренесансата кои ја препородиле европската култура и уметност. Италија била расцепкана на повеќе градови - држави сè до 1861 година кога сите заедно се поврзале во едно големо кралство. Рим се придружил во 1870 година што претставувало конечно обединување на Италија.

Денес, Италија е членка на НАТО и Европската унија, а во 1957 година била една од државите која ги поставила темелите на Европската унија. Станала една од водечките сили во целиот свет и спаѓа во групата на земји G8.

Според историските факти, меѓу другото, се вели дека првите литературни дела пишувани на италијански дијалекти, наместо на латински јазик, се појавиле во XIII в. Благодарение на творештвото на Данте Алигери (Божествена комадија) Франческо Петрарка (Песнарка) и Џовани Бокачо (Декамерон), тосканскиот дијалект станал доминан-тен во XIV век.

Во Фиренца се афирмирал италијанскиот како книжевен јазик (почеток на XV век), а напоредно се развивале и сите други уметнички изрази со кои бил навестен периодот на општата преродба (ренесанса).

Со творештвото на сликарот и архитект Џото (фрески во црквите во Асизи, Падова, Фиренца) во преродбен период навлегле и ликовните уметности. По делото и дејноста на музичкиот теоретичар Гвидо Аретински (XI в.), патувачките музичари и пејачи и творците на граѓанската музика, раната ренесанса се почувствувала во световните дела на композиторот Франческо Ландини (XIV век).

По основачот на оперското творештво Јакопо Пери (Дафне 1597), втемелувачот на стилот белканто Џулио Качини и приврзаникот на драмскиот стил во операта Клаудио Монтеверди италијанската музика добила раскошен замав на оперската сцена која својот значаен зенит ќе го доживее во XIX век.

Напоредно, создавале и прочуените композитори Антонио Вивалди – творец на формата концерти во три става, Џузепе Тартини– автор на творби со романтичарска инспирација, и Доменико Скарлати – композитор на предкласичните сонати во рококо стил. Векот XIX е време на италијанската опера, кога своите

вредни дела ги создале Џоакино Росини Винченцо Белини и Џакомо Пучини кој навлегол во XX век.

Италијанскиот филм почнал да се произведува во 1904 година, остварил некои специфични жанрови,се потчинил на политиката во ерата на фашизмот, а најголемите дострели ги реализирал во периодот по Втората светска војна, создавајќи дела во неореалистички правец кој подразбираше снимање во реални амбиенти на последиците од Војната, бедата, остатоците од фашистичкиот период, невработеноста...

Италија уште во XI и XII век има развиено цела мрежа универзитети, кои спаѓаат меѓу најстарите во Европа. Иако во некои извори се наведува дека Парма го добила својот универзитет во 1065 година, вообичаено Болоњскиот Универзитет од 1119 (или:1088?) година се смета за прв на Полуостровот.

Други универзитети основани до почетокот на XIV век: Модена 1175, Перуџа 1200, Падова 1222, Неа-пол 1224, Сиена 1240, Мачерата 1290 и Рим во 1303 година, град во кој бил основан Конзерваториум во 1570 година.

Инаку, според Уставот од 1948 година Италија има дводомен парламент кој е составен од Застапнички дом и Сенат како и посебно судство. Претседателот на Републиката се бира на секои седум години, а го бира парламентот заедно со мал број на одбрани регионални пратеници.

Претседателот го предлага претседателот на владата, односно премиерот кој ги предлага останатите министри. Поголем број од министрите треба да ја зачуваат довербата на двата органи.

Италија е позната по своите кулинарски вештини, модата, дизајнот, облеката, архитектурата, уметноста, музиката, и други знаменитости. Затоа со право се вели дека Италија е земјата на минатото, на љубовта, на религијата...

Инаку, според историските податоци Рим станал центар на Римското Царство кое сè до V век владеело со голем дел од Европа. Иако на почетокот било целосно подоцна се поделило на два дела и тоа: Источно Римско Царство и Западно Римско Царство. Во составот на Римското Царство влегла и Македонија како римска провинција.

Рим, градот на Ромул и Рем, е градот на шармот, грациозноста, убавината, индивидуалноста и универзалноста, град кој е предизвик за секој патник, намерник, патеписец... Оваа италијанската метропола се смета за најго-лем град на Средоземјето.

Нашиот престој во Рим го реализиравме во еден хотел во центарот на градот, каде имаше стотина гости од целиот свет. Престојот беше незаборавен со игрите и песните што беа изведени во ноќниот дел на ресторанот. Тогаш се уверивме дека Рим не е само град на минатото, туку тој е и град на иднината.

## 2. РИМ – ГРАДОТ НА СВЕТЛИНАТА, УБАВИНАТА, ШАРМОТ И АРХИТЕКТУРАТА

Според историските документи, Рим е подигнат пред два и пол милениума на реката Тибар, на седумте ритчиња: Палатин, Капитол, Квиринал, Виминал, Цеијан, Авентин и Есквилин. Тој претставува средиште на италијанската култура, наука, образование, мода и општествен живот.

Во Рим уште во 1303 година е основан првиот универзитет, а има и бројни високи школи, како што е Академијата на науките, потоа научни и други институти, уметнички галерии, библиотеки, театри, музеи, цркви, капели и друго културно богатство. Величенствени обележја на градот Рим се и црквата „Свети Петар", Колосеумот, Римскиот форум, Пантеонот со многубројните стари палати, аквадуктите, старите бањи, катакомбите, триумфалните порти и други монументи.

Исто така во Рим е развиена индустријата за метали, машинската, хемиската, графичката, стакларската, ќерамичката и филмската индустрија. Градот претставува железнички јазол, има два аеродрома, морско пристаниште и други значајни објекти што го прават светска метропола.

Според преданијата, Рим бил формиран во 753 година пред Христовото време, а го изградиле браќата Ромул и Рем. Во тоа време бил град - држава, а потоа република и империја. Денес Рим претставува најголема уметничка ри-зница во светот.

Во него се наоѓа дури 60% од вкупното уметничко богатство на планетата, а убавината на старата архитектура и вајарството извираат од секоја негова пора, планот од неговите авении, фасади, монументи, платоа, плоштади... Тоа е град со повеќе од 2000 фонтани и 450 цркви, храмови, бањи, амфитеатри... Во исто време тој е град со над четири милиони жители.

Колосеумот е градба со исклучително архитектонско значење, место каде што оставиле печат крвавите гладијаторски борби пред аристократијата и плебејците. Вниманието го привлекува и величествената, грандиозна црква „Свети Петар", во која се наоѓа едно од најубавите дела на големиот мајстор Микеланџело.

Траен спомен на посетителот на Рим е, секако, црквата „Свети Петар". Ја посетивме во еден од повеќето слободни денови кога се слеваше река посетители кон овој голем, значаен, величествен и по многу нешта единствен христијански споменик на вечниот град.

Уште кога човек ќе дојде на плоштадот пред црквата, може да ја почувствува величественоста на овој монумент. А на плоштадот секојдневно врие како во кошница. Таму има верници, намерници, дојденци, и бели и црни и жолти, од сите меридијани на светот.

Се пробивме низ толпата луѓе и влеговме во големиот храм. Тука човек се чувствува поголем, поважен и позначаен. Веројатно, кај посетителите се отвора-

ат сите сетила и секој се труди што повеќе да види, да почувствува, да се запознае и да запамети.

Инаку, за нас Македонците е, исто така, важен Рим, бидејќи сесмета дека споменикот кој му бил подигнат на последниот македонски крал Персеј се наоѓал на западната градска некропола.

Споменикот бил на околу 3 км западно од Рим, покрај самата Виа Валерија, каде е поставена  масивна бронзена спомен-плоча со вечното шеснаесеткрако македонско сонце, подарок од бизнисменот Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски, на која на македонски, англиски и италијански јазик пишува:

*ПЕРСЕЈ*
*КРАЛ НА МАКЕДОНИЈА*
*ОД МАКЕДОНСКИОТ НАРОД*

Чинот на поставувањето на спомен-плочата, всушност, претставува темел за обнова и продолжување на македонското кралство.

Со тоа се потврди ширењето на корените на античка Македонија до вечниот Рим и продлабочување на добрите односи и релации меѓу денешните две држави Република Италија и Република Македонија.

Таму географскиот амбиент наликувал на македонскиот пејзаж. Кон југозапад и југ се протегале разбранували ниски ридови и рамнината на пресушеното Фукин-ско Езеро кон југоисток.

Кон север по неколку километарската висорамнина, која наликувала на Пелагонија, речиси наеднаш високо во облаците се издигнувал дури до 2.487 метри замаглениот планински врв Велино, со околните врвови Кафорнија (2.409 м) и Севиче (2.331 м). Амбиентниот колорит е типично медитерански, би се рекло дури и балкански.

Според археолозите, пак, самиот објект - споменикот бил оформен во цврста малтерна техника, со средно големи варовнички камења. Тој бил во форма на доминантна кула, според стара фотографија која, за жал, се урнала во силниот земјотрес кој се случил во 1915 година.

Денес, се зачувани остатоците од долниот дел, кои по малку наликувале на фигура на слон, што секако е случајно. Во урнатините до споменикот се гледа и дел од една покривна ќерамида-тегула, коринтски тип, што датира од подоцнежно време. Се претпоставува дека токму остатоците од тој споменик се на кралот Персеј и дека се темели на неговата монументалност и местоположба.

Инаку, по изминати речиси 22 века, се знае дека тогаш Персеј имал само 13 години, кога како македонски принц јавал на чело на дел од македонската армија кон пелагонисиките теснеци, кај прилепското село Барбарас, каде го запрел пробивот на дардански теорди.

Долг е списокот на херојските подвизи на Персеј и на војската на Македонците за одбрана на македонската цивилизација и на Кралството Македонија.

# 3. ВАТИКАН – ЦЕНТАРОТ НА РИМОКАТОЛИЧКАТА ЦРКВА

Посетата на Ватикан секогаш буди пријатни чувства, но овој пат и средбата со папата Јован Павле II оставија неизбришливи траги во сеќавањето за сè она што го видовме, почувствувавме и доживеавме. А, таму, во градот кој е и држава - Ватикан, има што да се види, да се научи, да се прошират видиците, сознанијата, да се збогати големото духовното живеење...

Оваа самостојна папска држава со површина од 44 хектари е лоцирана во центарот на Рим, сместена на дешниот брег на реката Тибар, опкружена со ѕидови. Во минатото Ватикан постоел како собир на папските згради и цркви, а од 11 ноември 1929 година постои како самостојна држава. Ватикан има своја железничка станица, радиостаница, ПТТ служби, монетарен систем и друго, во кој има формално неограничена власт.

Ватикан како држава има дипломатски односи со голем број земји во светот, меѓу кои и со Република Македонија. Тоа е особено изразено со Македонската православна црква, која долги години одржува верски посети во текот на празнувањето на гробот на свети Кирил.

Ватикан го има папскиот дворец што е изграден во 1146 година, а во состав на дворецот подоцна се изградени бројни згради во кои се сместени: познатата библиотека, архивата, музејот и други простории, во кои се чуваат ретки уметнички и културни вредности од египетската и античката култура, до највредните дела од минатиот и овој век. Меѓу нив има и бројни историски предмети од минатото и уметнички дела од сегашноста на Македонија. Под ватиканска управа има 13 цркви и други установи во Рим, кои заедно со Ватикан претставуваат организациски центар на Римокатоличката црква.

Рим плени. Неописливо е чувството од онаа чудесна мешавина на старото и новото. Покрај духот на историјата, кој го носи како белег на своето постоење, Рим динамично и впечатливо живее како европска метропола и како главен град на Италија. Кога сон¬цето ќе почне да заоѓа зад хоризонтот, ноќта свечено настапува на сцената осветлена со илјадници рефлектори, лампиони, разнобојни рекламни паноа и блескави из¬лози.

Во луксузните продавници на Виа де Кондоти и Виа Венето испаруваат скапоцените парфеми. Кафулињата, ресторaните и дискотеките се полнат со бројни туристи секогаш во чекор со модата на самите римјани. На крајот на прекрасната Виа де Кондоти со својата убавина блеска и Шпанскиот плоштад со огромни скалила за кои велат дека се вистинско место за „безделничење“. На овој плоштад се одржува една од на јатрактивните модни ревии во светот.

Рим може да се доживее и на друг начин. Да се почувствува преку мирисот на морето и какафонијата на какви се не јазици на дојденците, или можеби преку хаотичниот сообраќај. Или, пак, едноставно, да уживате во темперамен-

тот на Италијанците. Рим се и илјадниците веспи и убавите девојки на нив. Рим се и тортелините, и пиците, и лазањите, и шпагетите, и виното, и...

Слики, икони по ѕидовите, мали капели, прекрасни скулптури на познати христијански црковни лица и други сакрални нишани кои кај намерникот и репортерот будат восхит. Црквата „Свети Петар" е огромна уметничка оаза, една галерија, каде човек може да остане сам со себе и да му се предаде на уживањето што му го предизвикуваат бесценетите експонати и силниот гениј на уметникот.

Особено мамат формите на грандиозните фигури, кои колку подолго се гледаат, човек мисли дека тоа е визија и пренесување во некој друг свет. Ги посетивме катакомбите во подрумот на црквата, како и неколкуте храмови од левата и од десната страна. Во нив се наоѓаат голем број уметнички слики, орнаменти, скулптури, бисти и други вредности што го прават овој светски споменик и привлечен за сите посетители од светот, без разлика на возраста и рели-гиозното убедување.

Со посетата на храмот човек го збогатува духот и се чувствува поголем верник отколку пред влегувањето во храмот. Затоа, со право се вели дека посетата на црквата „Свети Петар" претставува ново доживување, продлабочување, збогување и проширување на човековиот видик.

Посетата на базиликата „Сан Клементе Римски" и поклонението на свети Кирил Солунски беа незаборавни. Црквата се исполни кога делегациите од Македонија, заедно со хорот „Русикум", влегоа во просторот во кој се наоѓа гробот на свети Кирил. Сите посетители во црквата, пред гробот на свети Кирил застануваат молкум пред светите големи сесловенски просветители, преведувачи, книжевници, духовници...

Македонија му оддава катагодишна должна почит на свети Кирил Солунски. Во базиликата на црквата „Сан Клементе Римски", каде што почиваат моштите на свети Кирил, тие мајски деновимакедонската државна и црковна делегација одржа чествување, со што истовремено и официјално започна традиционалната манифестација „Македонија во чест на свети Кирил". Црквата беше исполнета со посетители. Влеговме во просторот во кој се наоѓа гробот на свети Кирил.

Големо беше задоволството што ни се укажа таа ретка можност да му изразиме благодарност на свети Кирил што јазикот на старите Македонци го издигна до степен на книжевен, прифатен од целото словенство. А македонската држава и црква му оддаваат должна почит на великиот просветител свети Кирил Солунски секоја година, токму во базиликата на црквата „Сан Клементе Римски", каде што почиваат неговите мошти.

Кај нашиот народ отсекогаш било длабоко и искрено почитувањето кон свети Кирил Солунски и неговиот брат свети Методиј. Нашите предци им се обраќале молитвено за закрила и духовно, речиси, секојдневно, а не само кога

бил денот на нивниот празник. Ги споменувале за да се потсетат какви светители стојат во нивното црковно и национално битие и богатство.

Им се молеле за духовна поткрепа и светлина тогаш кога нивните непријатели биле жестоки и кога сопствените сили им биле при крајот, тогаш кога темнината била ужасна, а надежта на умирање. И тогаш кога ропството и гневот биле неподносливи светите браќа и нивните ученици им болско-теле во мракот и ја поткрепувале нивната вера во посветла и поубава иднина.

По толку векови кога се обновени древните црковно-народни обичаи и традиции, кога е обновена Охридската архиепископија во лицето на Македонската православна црква, кога на најсвечен начин се прославуваат јубилеите на нашите црковни и народни великани, одлуката за поклонички патувања во периодот од четириесет и пет години, пред гробот на сесловенскиот апостол, е одлука на чувството на благодарност и пиетет кон свети Кирил, зошто тој ги посеал првите `ркулци на македонската и словенската писменост, кои станале движечка и животна сила за сите словенски народи.

Светите браќа ги развиле своите духовни дарби и создале дело од непроценлива културно-уметничка вредност, што претставува голем придонес во духовната и културната ризница, не само за македонските и другите славјански народи, туку и за човештвото во целина.

Инаку, историската вистина за прославата „Македонија во чест на свети Кирил“ започнала уште во 1970 година. Таа година со златни букви ќе остане забележана во историјата на Светикириловиот гроб во Рим, на Маке-донската православна црква, на македонскиот христијански народ и на Македонија. Имено, во таа година, по повод празникот на словенскиот апостол, по вторпат беше одржана поклоничка свеченост, на која присуствуваше поглаварот на Македонската православна црква Неговото Блаженство архиепископот охридски и македонски г.г. Доситеј, кој ја откри спомен-плочата изработена во бакар на која на македонски јазик е испишан следниот текст:

Инаку, првото чествување од смртта на свети Кирил Солунски се одржа на 14 февруари 1969 година во Рим во базиликата „Свети Петар“, со концелебрација (сослужение) во слово на просветителското дело.

Чинот се одржал во таа импозантна катедрала посве-тена на првиот Христов апостол, кој, исто така, како и свети Кирил Солунски, дошол од Исток во илјадалетниот град, или градот на вечноста - Рим, за да го проповеда христијанското учење.

Свети Кирил Солунски дошол да го брани тоа учење, да докаже дека може да се проповеда на јазикот на Словените (на Македонците), а не само на латински, еврејски и елински јазик, како што дотогаш се верувало. Дошол кај поглаварот на западните христијани пред единаесет веко-ви и бил разбран, и оттогаш христијанската вера се проповеда и на словенски - старомакедонски јазик

Се вративме од Рим во вечерните часови кога сон-цето тонеше кон запад и кога на аеродромот „Петровец" се спушташе ноќта. Авионот како орел го надлетуваше градот од кај Водно, за потоа да направи полукружно движење кон Велес и за неколку минути да се најде кон пистата од јужната страна.

Потоа, авионот силно зачкрипи на пистата и за миг се најде спроти пристанишната зграда на аеродромот „Александар Велики", од каде се приклучивме кон реката автомобили што се движеа кон Скопје.

Македонската држава и црква му оддаваат должна почит на великиот просветител свети Кирил Солунски секоја година, токму во базиликата на црквата „Сан Клементе Римски", каде што почиваат неговите мошти. Во текот на прославите *„Македонија во чест на свети Кирил"* се одржуваат бројни средби, културни и други манифестации.

Македонија му оддава катагодишна должна почит на свети Кирил Солунски. Во базиликата на црквата „Сан Клементе Римски", каде што почиваат моштите на свети Кирил, тие мајски деновимакедонската државна и црковна делегација одржа чествување, со што истовремено и официјално започна традиционалната манифестација „Македонија во чест на свети Кирил". Црквата беше исполнета.

Влеговме во просторот во кој се наоѓа гробот на свети Кирил. Големо беше задоволството што ни се укажа таа ретка можност да му изразиме благодарност на свети Кирил што јазикот на старите Македонци го издигна до степен на книжевен, прифатен од целото словенство.

Затоа. македонската држава и црква му оддаваат должна почит на вели-киот просветител свети Кирил Солунски секоја година, токму во базиликата на црквата „Сан Клементе Римски", каде што почиваат неговите мошти.

Инаку делото „Во чест на светите Кирил и Методиј" (1994), е издание на „Матица македонска", отпечатена на 212 страници на македонски јазик. Публикацијата е израз на долготрајната истражувачка дејност на авторите д-р Вера Стојчевска-Антиќ и Славе Николовски – Катин на животот и делото на сесловенските (македонските) просветители светите Кирил и Методиј. Рецензенти на ова дело се проф. д-р Радмила Угринова – Скаловска и архиепископот на Македонската православна црква г.г. Михаил, а беше издадено во 1994 година, кога се навршуваа 50 години самостоен слободен, просветен и културен живот и растеж во Република Македонија.

Во својата рецензија за  делото „Во чест на светите Кирил и Методиј", д-р Радмила Угринова – Скаловска ќе напише: „Кирилометодиевската традиција зафати-ла благородни и длабоки корени во Макеоднија. Вредните ученмци на светите браќа Кирил и Методиј, светите Климент и Наум Охридски, ја продолжиле нивната целокупна глаголска традиција, особено кога Климент Охридски во 886 година ги ставил темелмте на Охридската книжевна школа".

# 4. НА ГРОБОТ НА СВЕТИ КИРИЛ СОЛУНСКИ ВО РИМ

Кај нашиот народ отсекогаш било длабоко и искрено почитувањето кон свети Кирил Солунски и неговиот брат свети Методиј. Нашите предци им се обраќале молитвено за закрила и духовно, речиси, секојдневно, а не само кога бил денот на нивниот празник.

Ги споменувале за да се потсетат какви светители стојат во нивното црковно и национално битие и богатство. Им се молеле за духовна поткрепа и светлина тогаш кога нивните непријатели биле жестоки и кога сопствените сили им биле при крајот, тогаш кога темнината била ужасна, а надежта на умирање. И тогаш кога ропството и гневот биле неподносливи светите браќа и нивните ученици им болскотеле во мракот и ја поткрепувале нивната вера во посветла и поубава иднина.

По толку векови кога се обновени древните црковно народни обичаи и традиции, кога е обновена Охридската архиепископија во лицето на Македонската православна црква, кога на најсвечен начин се прославуваат јубилеите на нашите црковни и народни великани, одлуката за поклонички патувања во периодот од над четириесет години, пред гробот на сесловенскиот апостол, е одлука на чувството на благодарност и пиетет кон свети Кирил, зошто тој ги посеал првите `ркулци на македонската и словенската писменост, кои станале движечка и сила за словенските народи. Светите браќа ги развиле своите духовни дарби и создале дело од непроценлива културно-уметничка вредност, што претставува голем придонес во духовната и културната ризница, не само за македонските и другите славјански народи, туку и за човештвото во целина.

Делегацијата од Република Македонија ја сочинуваа архиепископот г.г. Михаил, поглавар на Македонската православна црква, митрополитот Кирил, надлежен архијереј на Полошко–кумановската епархија, бискупот на Католичката црква д-р Јоаким Хербут, ѓаконот Александар Цандо-вски и авторот на овие редови, Славе Николовски-Катин како потпретседател на Комисијата за односи со верските заедници на Република Македонија.

Пред голем број присутни верници и бројни посетители во посланието архиепископот на МПЦ г.г. Михаил, меѓу другото, рече:

*„Словенските апостоли и учители светите браќа Кирил и Методиј кои беа основоположници на сесловенското христијанство се служеле со јазикот на македонските Словени, со македонскиот древен јазик, кој е прв книжевен словенски јазик.*

*Така, сесловенскиот рамноапостол свети Кирил Солунски е автор и творец на сесловенската азбука и темелоположител на нашата писменост. Тие од Бога вдахновени луѓе се раководеле многу повеќе со идеите и идеалите на Светото евангелие и на Светата црква, отколку што го прават денес оние што се сметаат за продолжувачи и закрилници на Светата ортодоксија.*

*Делото на свети Кирил го продолжија неговите ученици светите Климент и Наум Охридски, на чии изворишта низ вековите опстојуваат македонскиот народ и Црквата. Благодарение на тоа ние денеска имаме самостојна држава и автокефална црква".*

Во текот на прославата *„Македонија во чест на свети Кирил"* бевме примени во посебна аудиенција кај поглаварот на Католичката црква папата Јован Павле II. При средбата на верските поглавари, по упатувањето на своето апостолско писмо во кое иницира помирување меѓу католичкиот Запад и православниот Исток, посебно се интересираше за состојбите во Македонија. Особено кога се работи за духовната и културната ситуација во Маке-донија и за дејноста на Македонската православна црква во развивањето на христијанските вредности и евангелските начела.

Притоа, беше нагласено задоволството од соработката и односите меѓу Македонската православна црква и Римокатоличката црква, бидејќи нивните претставници делат екуменски размислувања за христијанството. Папата Јован Павле II беше особено расположен и покажа интерес за нашата Црква, за нашето минато, за Охридската архие-пископија, за христијанизирањето на Македонците и дру-гите народи во светот.

Црковната делегација го посети Радио Ватикан каде се разговараше за можностите за отворање на радио час на македонски јазик, потоа го посети Хрватскиот завод „Свети Јероним", Институтот „Русикум" и бројни други значајни институции и многу културно-историски споменици на Рим.

Историската вистина за прославата *„Македонија во чест на свети Кирил"* започнала уште во 1970 година. Таа година со златни букви ќе остане забележана во историјата на Светикириловиот гроб во Рим, на Македонската православна црква, на македонскиот христијански народ и на Македонија.

Имено, во таа година, по повод празникот на словенскиот апостол, по вторпат беше одржана поклоничка свеченост, на која присуствуваше поглаварот на Македонската православна црква Неговото Блаженство архиепископот охридски и македонски г.г. Доситеј, кој ја откри спомен-плочата изработена во бакар на која на македонски јазик е испишан следниот текст:

***„На свети Кирил Солунски,<br>Сесловенски просветител со<br>Благодарност од македонскиот народ"***

Инаку, првото чествување од смртта на свети Кирил Солунски се одржа на 14 февруари 1969 година во Рим во базиликата „Свети Петар", со концелебрација (сослужение) во слово на просветителското дело.

Чинот се одржал во таа импозантна катедрала посветена на првиот Христов апостол, кој, исто така, како и свети Кирил Солунски, дошол од Исток во илјадалетниот град, или градот на вечноста - Рим, за да го проповеда христијанското учење.

Свети Кирил Солунски дошол да го брани тоа учење, да докаже дека може да се проповеда на јазикот на Словените, а не само на латински, еврејски и елински јазик, како што дотогаш се верувало. Дошол кај поглаварот на западните христијани пред единаесет векови и бил разбран, и оттогаш христијанската вера се проповеда и на словенски старомакедонски јазик.

Ова чествување на гробот на свети Кирил во Рим беше едно од повеќето, а овој пат празнувањето беше збогатено со голем број државнички, културни, духовни и други средби и манифестации. Меѓу нив, секако, силен впечаток остави отворањето на македонската изложба која предизвика големо внимание кај италијанската јавност и најде свое место во италијанските медиуми.

Исто така, во текот на оваа значајна манифестација, покрај одржувањето на бројни средби на државно ниво, приеми кај папата на Римокатоличката црква, секоја година во многу градови ширум Италија се одржуваат концерти, изложби, театарски претстави и други културни мани-фестации.

Инаку црквата Св. Климент (италијански :*Basilica di San Clemente*) е црква која се наоѓа во Рим, Италија и е во склопот на Римокатоличката црква. Црквата била изградена во вториот век посветена на папа Климент Први. . Во оваа црква се наоѓа гробот на Свети Кирил, еден од создавачите на глаголицата.

Првата црква на ова место била изградена во домот на римскиот конзул Тит Флавиј Клемент, кој бил внук на Веспазијан.. Според римската црковна традиција Тит е всушност Папа Климент Први. Во текот на 6 век, на ова место била изградена голема базилика, во која главно биле зачувани фрески од животот на Свети Климент. Во текот на 816 година, Свети Кирил го пронашол телото на Свети Климент во Крим. Шест години подоцна, тој заедно со неговиот брат Свети Методиј биле поканети од страна на папата да ги донесат останките од папата во Рим. По пристигнувањето, телото на Климент било свечено погребано во оваа црква. Во 1084 година, јужниот дел од Рим бил ограбен од норманите на чело со Робер Жискар. Во времето на Папата Паскал Втори, базиликата била реновирена.

Инаку, публикацијата „40 поклоненија пред гробот на Св. Кирил Филозоф во Рим", од авторите д-р Вера Стојчевска – Антиќ, Славе Николовски – Катин и викарниот епископ хераклејски Климент е едно од изданија на оваа реномирана издавачка куќа во Македонија, чиј главен и одговорен уредник е авторот на овие редови, Славе Катин. Рецензенти на ова дело се Архиепископот г.г. Стефан и проф.д-р Ѓоко Ѓорѓиевски, декан на Богословскиот факултет „Свети Климент Охридски" во Скопје, а беше издадено во 2008 година, кога се навршуваа шеесетина години самостоен слободен, просветен и културен живот и растеж во Република Македонија.

Треба да се нагласи дека во публикацијата „40 поклоненија пред гробот на Св. Кирил Филозоф во Рим", се проследени јубилеите кои во одредени години ги потенцираат активностите и дејностите во врска со претставувањето, изучувањето или откривањето на нивното сестрано дело. Исто така, своевиден простор е посветен на манифестација „Во чест на св. Кирил" и поколенијата на гробот на св. Кирил Солунски во Рим, во период од 40 години (1969-2014).


Thurso
OUTER HEBRIDES
Ullapool
ISLE OF SKYE
Inverness
Aberdeen
Perth
Dundee
Stirling
Glasgow
EDINBURGH
SCOTLAND
Londonderry
NORTHERN IRELAND
Stranraer
Newcastle-upon-Tyne
Durham
Carlisle
BELFAST
ISLE OF MAN
York
Leeds
Kingston-upon-Hull
Blackpool
Preston
REPUBLIC OF IRELAND
DUBLIN
ANGLESEY
LIVERPOOL
Holyhead
MANCHESTER
Caernarfon
Llangollen
ENGLAND
Leicester
Norwich
Aberystwyth
BIRMINGHAM
WALES
Brecon
Stratford-upon-Avon
Cambridge
Ipswich
Pembroke
Oxford
LONDON
Cardiff
Bristol
Bath
Stonehenge
Dover
EUROTUNNEL
Folkestone
Calais
Exeter
Salisbury
Portsmouth
Plymouth
Brighton
ISLE OF WIGHT
Penzance



*Лондон*



*Кралството на Велика Британија*



*Лондон*

# 10. ВЕЛИКА БРИТАНИЈА

## 1. ВЕЛИКА БРИТАНИЈА – ЗЕМЈАТА НА МИНАТОТО И ИДНИНАТА

Голем е предизвикот да се патува за Велика Британија, земјата на Обединетото Кралство, која често пати многу автори од многу причини ја нарекуваат „средиште на светот". Нашето патување (авторот на овие редови и неговиот син Александар Николовски) започна во еден зимски ден кога Македонија беше покриена со снег и кога од патници на аеродромот во Скопје вриеше како во кошница. Тоа беше повеќе од причини што густата магла надвисна над Скопје, а особено над Аеродромот „Александар Велики" за што многу летови за различни дестинации беа откажани. Седевме во аеродромската зграда и се мислевме како ли ќе биде времето во магловитиот Лондон, кој во светот е препознатлив по оваа природна појава - густата магла. Времето полека си минуваше и кон пладне, кога како нешто да се случило со маглата која беше многу ретка и дозволуваше авионите да полетуваат и слетуваат.

Влеговме во авионот на британската компанија кој леташе на релацијата од Скопје до Париз, а потоа за Лондон. Како авионот се оддалечуваше во височините, така видли-воста на просторот над Македонија беше појасна, поубава и впечатлива. Но тоа траеше за кратко време и, кога се најдовме над облаците, во непрегледните небесни простори, нашата ориентација за простор ја изгубивме и чекавме што поскоро да стасаме над убавините на Франција, над Париз.

Во Париз времето беше сончево и топло, преубаво, како некој друг Господ да имаат парижани. Гледавме населени делови на предградието на Париз, за кои човек тешко е да каже и да одреди дека е во Франција, бидејќи такви населени места има речиси пред сите европски метрополи.

Меѓутоа, кога авионот полека се спушти на аеродромот „Орли" се почувствува темпото на светската авионска сообраќајница. Влеговме во аеродромската зграда во која човек се чувствува дека се наоѓа во некој голем град и, доколку не се погледне на надворешните простори, се мисли дека е во некој трговски центар, каде можат да се посетат бројни бесцарински дуќани.

Времето брзо одминуваше и по два часа повторно заминавме во авионот и го продолживме патувањето за Лондон, светската метропола. Бидејќи небото беше чисто, немаше облаци, од височините се гледаа многу населени места и брзо се најдовме над каналот Ламанш. Тогаш разговаравме за значењето и историското минато на овој морски канал кој ги дели и ги спојува двете светски сили Франција и Велика Британија. Во исто време се потсетивме дека растојанието што ние го поминавме со авион, неколку Македонци го поминале во студените води на Ламанш, препливувајќи го каналот од Франција до Велика Британија.

Според пишаните документи, Велика Британија лежи помеѓу Ирска и континентална Европа, Таа е остров што лежи на растојание од северозападниот брег на Европа, чинејќи го главниот дел од територијата на Обединетото Кралство (United Kingdom). Трите земји што го покриваат островот се Англија, Шкотска и Велс. Покрај нив во рамките на кралството се наоѓа уште и Северна Ирска. Островот Велика Британија е најголемиот од британските острови. Друг голем остров во архипелагот е Ирска. Велика Британија е најголемиот остров во Европа и осмиот најголем остров во светот. Тој е исто така трет најнаселен остров во светот по Јава и Хоншу. Главен град е Лондон. Тој е културен, политички и административен центар. Други поголеми градови се Ливерпул, Манлестер, Бирминген, Лидс, Бристол, Единбурх, Глазгов и други. Велика Британија е остров кој се наоѓа на северозападниот дел на Европа, помеѓу северниот дел на Атланскиот Океан и Северното Море, а на северозападно од Франција. Се состои од четири земји - Англија, Шкотска, Велс и Северна Ирска

Велика Британија се протега во должина од околу десет степени латитуда според нејзината подолга, север-југ оска. Географски островот е обележан со ниски земјишта на исток и југ, додека пак ридовите и планините доминираат во западните и северните региони. Пред крајот на последнота ледена доба, Велика Британија била полуостров на Европа; нивоата на морињата кои се издигнувале како резултат на топењето на ледниците по ледената доба го предизвикале формирањето на Англискиот Канал, водена површина која сега го дели островот од европското копно.

Во Лондон, каде има пет аеродроми, авионот со кој доаѓавме од Скопје, слета на аеродромот „Гетвик" („Gatway"), кој е второ по големина авионско приста-ниште во големата метропола. Ако во Скопје чекавме и молевме Бога да се крене маглата, во магловитиот Лондон небото беше чисто, без облаци, како да не е тој Лондон, за кој многу сме читале дека е покриен со магла. После сите царински процедури се упативме во аеродромската зграда каде срдечно бевме пречекани од нашите пријатели.

Бевме информирани дека ќе патуваме од аеродромот до одредена дестинација со еден вид воз со вагони од подземното метро и дека ќе го продолжиме нашето патување до станицата Викторија, која е центарот на транспортот во Лондон, а потоа ќе продолжиме на нашата одредена дестинација за Западен Лондон.

Таквиот транспорт овозможува многу побрзо стасување до целта, отколку со автомобил кој по лондонските улици се движи неколку пати побавно отколку од метрото. А, во Велика Британија автомобилите се движат на левата коловозна лента, за разлика од другите европски земји, каде се вози на десната коловозна лента. Во текот на патувањето од аеродромот до домот на нашите домаќини бевме информирани за многу интересни улици, плоштади и згради на Лондон, особено за бројни споменици на културата, квартови, театри и други државни, кралски и други објекти и туристички места од кои барем дел од нив ќе треба да ги посетиме.

Пред нашето доаѓање во Велика Британија, кое беше петто по ред, читавме различна литература за историскиот развој на оваа една од најголемите империи во историјата на човештвото.

Инаку, Велика Британија е официјалното име кое се однесува на двете кралства, и тоа на Англија, со главниот град Лондон и на Шкотска, со главниот град Единбург, како и на Велс, со главниот град Кардиф и Северна Ирска со главниот град Белфаст, кои ја сочинуваат оваа значајна светска сила.

Единбург како главен град на Шкотска,пак, е вториот најнаселен град во Шкотска, а со околу половина милион луѓе е седмиот град во Обединетото Кралство. По речиси три века на унитарна влада, мерките на локалната самоуправа го пренесле шкотскиот парламент официјално во Единбург во 1999 година.

Градот е место на многу национални институции, како што се: Националниот музеј на Шкотска, Националната библиотека, Националната галерија и бројни други споменици на историјата на Шкотланѓаните кои имаат слична судбина како и Македонците.

Единбург е богат со многу значајни историски градби од минатото, како што се замоци, цркви и други споменици на културата. Градот одамна е познат како центар на образованието, особено во областа на медицината, законодавството, науката и инженерството. Универзитетот во Единбург, е основан во 1583 година и е еден од четирите во градот.

Во 2004 година Единбург стана првиот светски УНЕСКО град на книжевноста со наградата доделена како признание за нејзиното литературно наследство и за живите литературни активности. Тој е најпопуларна туристичка дестинација во Шкотска, која секоја година привлекува голем број на странски посетители.

Инаку, Единбург е главен град на Шкотска уште од 15 век (1452година). Денес тој е дом на шкотскиот Парламент,седиште на многу државни институции како Нацио-налниот музеј на Шкотска, Националната библиотека на Шкотска, шкотската Национална галерија, а во него се наоѓа и една од палатите на Монархијата Палатата „Холируд" (Holyrood Palace), палата во која и денес кралицата Елизабета II и нејзината фамилија престојуваат кога се во Единбург.

Долги години Единбург бил, а и денес сѐ уште е центар за едукација, особено во полето на медицината, шкотското право, литературата и инженерството. Универзитетот во Единбург е основан во 1582 година и денес е еден од четирите универзитети во градот.

Кога се зборува за Велс, треба да се нагласи дека Кардиф е главен и најголем град, во кој живеат околу 250.000 жители и е деветтиот најголем град во Обединетото Кралство. Тој е главен трговски центар на земјата и место за повеќето национални културни и спортски институции, центар на велшките национални медиуми, како и седиштето на Националното собрание на Велс. Кардиф е значаен туристички центар и една од светските туристички дестинации во сегашноста.

Белфаст, пак, е административен центар, главен град и најголем град на Северна Ирска. Тој е осумнаесеттиот најголем град во Обединетото Кралство и вториот по големина на островот Ирска, со околината брои околу половина милион жители. Белфаст одигра клучна улога во индустриската револуција, како глобален индустриски центар до втората половина на XX век.

# 2. ДЕЛ ОД ИСТОРИСКИОТ РАЗВОЈ НА БРИТАНСКОТО КРАЛСТВО

Денес, Белфаст е значаен центар на индустријата, уметноста, високото образование, бизнисот и економијата на Северна Ирска. Во исто време, градот е центар на унионистите, кои се противници на внатрешната управа. Всушност, проблемот е религиското прашање изразено преку нетрпеливоста помеѓу протестантите и католиците.

Инаку, Велика Британија е предизвик за голем број ројалисти, капиталисти, спортисти, авантуристи, бизнисмени, уметници, писатели и други глобалисти. Сите тие се информирани дека Велика Британија или Британија, како често ја нарекуваат, е деветтиот најголем остров во светот и најголемиот европски остров, како и најголемиот од Британските Острови.

Со население од околу 60 милиони жители тој е трет најнаселен остров во светот, по Јава (во Индонезија) и Хоншу (во Јапонија). Британија е остров кој е опкружен со повеќе од 1000 помали острови и островчиња.

Кралството Велика Британија како политичка унија на кралствата Англија и Шкотска било формирано на 1 мај 1707 година, за време на владеењето на кралицата Ана. Во 1801 година, пак, со новиот Закон на Унијата, ова Кралство се споило со кралството на Ирска по што се создало Обединетото Кралство на Велика Британија и Ирска. По Ирската војна за независност поголемиот дел на Ирска се одделил од Унијата и се формирало Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

Во богатиот историски развој на Велика Британија постојат повеќе сојузи од што произлегле повеќе имиња. Покрај тоа што со Актот на Унијата Англија и Шкотска форми-рале Обединето Кралство на Велика Британија, тоа било нарекувано и со имињата „Едно Кралство", „Обединетото Кралство на Велика Британија" и „Обединетото Кралство".

Сепак, државата основана од Унијата на Англија и Шкотска во 1707 година, се однесувала на кралството на Велика Британија од кога се смета дека Велика Британија станала доминантна колонијална сила во светот. Заедно со Франција и Шпанија биле главните ривали за освојување на „новиот свет".

Обединетото Кралство, составено од Велика Британија (Англија, Велс и Шкотска) и Северна Искра е уставна монархија чиј владетел воедно е владетел на државата и шеф на Владата. Власта е поделена меѓу Парламентот кој ја има законодавната власт, Кабинетот на министрите (соста-вен од 20 министри и премиерот) кој ја има извршната власт и судското тело.

Културата на Обединетото Кралство е насликана преку четирите земји кои го обединуваат кралството во политичка унија. Секоја земја придонесува со сопствените традиции, обичаи и симболика. Благодарение на Британската Импе-рија, британското влијание може да се види со своите траги во јазикот, култу-

рата и правниот систем на многу од нејзи-ните поранешни колонии, како што се Канада, Австралија, Индија и САД.

За културата, уметноста, традициите, религијата и другите посебности на Велика Британија може многу да се пишува. Меѓутоа, ние ќе споменеме, меѓу другото, некои важни аспекти на англискиот јазик.

Имено, тој е мајчин јазик на најголемиот број луѓе во Австралија, Искра, Канада, Комонвелтот, Карибите, Нов Зеланд, Обединетото Кралство и САД, кој често се нарекува како англосфера. Во голема мера се користи како втор јазик и како службен јазик низ светот, особено во земјите од Комонвелтот како Индија, Пакистан и Шри Ланка и од многу различни меѓународни организации.

Англискиот е доминантен меѓународен јазик во комуникациите, науката, деловното работење, воздухопловството, медиумите, дипломатијата и друго. Влијанието на Британската Империја е главната причина за првичното проширување на јазикот далеку од Британските Острови.

По Втората светска војна, растечкото економско и културно влијание на САД значително го забрза ширењето на англискиот јазик без кој не може да се замисли денешното живеење.

Нашето патување од Македонија до Велика Британија беше со цел да се посети и да се престојува во Лондон, „центарот на цветот“, како обично го нарекуваат. А да се посети Лондон значи посетителот да се запознае со еден голем дел од вистината на денешната вистина на животот.

Инаку, Лондон е главен и најголем град на Англија и на Обединетото Кралство, а според некои показатели тој е и најголемата урбанизирана зона во Европската унија, каде се кројат многу државнички судбини од светот. Се наоѓа на реката Темза на подрачје каде постојат населби веќе два милениума.Историјата на овој велеград датира уште од времето на Римската Империја за кој се смета дека бил основан од Римјаните кои го нарекле „Лондиниум“. Античкото јадро на Лондон во голема мера ги има задржано своите граници.

Лондон е еден од водечките глобални градови со развиена уметност, трговија, образование, забава, мода, финансии, здравство, медиуми, професионални услуги, истражувања, развој, туризам и транспорт, кои придонесуваат за неговата важност како светска метропола

Лондон е важно културно, економско и образовно средиште во Европа и во светот, кој, меѓу другото, беше домаќин на Летните олимписки игри во 2012 година. Заедно со Париз, Њујорк И Токио, Лондон се смета за еден од најголемите и најзначајни светски центри. Лондон е културна престолнина на светот.

Тој има 43 универзитети што претставуваат најголема концентрација на високото образование во Европа. Повеќе од 300 јазици се зборуваат во границите на Лондон, кој има околу осум милиони жители што го прават најнаселен велеград во Европската унија.

# 3. ВО СВЕТСКАТА МЕТРОПОЛА ЛОНДОН

Во текот на престојот во Лондон посетивме голем број културноисториски споменици. Меѓутоа, треба да се нагла-си дека Лондон е центарот на: Лондонската кула, Вест-минстерската палата и црквата „Света Маргарета", потоа, на праисториската населба на Гринич. Други познати знаменитости се: Бакингемската палата, Лондонското Око, Пикадили, катедралата „Свети Павле", „Тауер Бриџ", „Трафалгар Сквер", „Хајд Парк", „Винбелдон", театарот „Викторија" и многу други.

Во историските документи е забележано дека главен град на Обединетото Кралство е Лондон, првично основан од страна на Римјаните во 43 година од нашата ера, на мочуришното подрачје околу реката Темза, денешен Сити (City). Лондон денес претставува најширока урбана зона на Европа, како и град во кој живеат преку 300 националности, така што со локалците можете да разговарате и на други јазици освен на англиски, и сето тоа додека грицкате фиш и чипс (fish & chips) и потпивнувате домашно пиво.

Според пишаните документи, Лондон е главен град на Англија и на Обединетото Кралство, а според некои пресметки, воедно е и најголемиот град во Обединетото Кралство и најголемата урбанизирана зона во Европската Унија. Се наоѓа на реката Темза на подрачје каде постојат неселби веќе два милениуми. Историјата на Лондон почнува уште од времето на Римското Царстви кога се смета дека бил основан од страна на Римјаните кои го нарекле Лондиниум. Античкото јадро на Лондон во голема мера ги има задржано своите граници. Од периодот на 19. век, името Лондон започнало да се однесува и на делот од градот кој се развивал околу јадрото. Лондон е еден од водечките глобални градови со развиена уметност, трговија, образование, забава, мода, финансии, здравство, медиуми, професионални услуги, истражување и развој, туризам и транспортот кои придонесуваат за неговата важност.

Лондон е важно културно, економско и образовно средиште во Европа и во светот, а со него се Париз, Лондон, Токио, се смета за еден од светските центри. Избран е за град-домаќин на на многу спортски и културни натпреварувања.

Обединетото Кралство на Велика Британија, пак, е формирано на 1 мај 1707 година, како резултат на политичкиот сојуз на Кралството Англија (во кое е вклучен Велс) и Кралството Шкотска. Договорот за обединување е склучен со Акт за Обединување втемелен една година пред неговото потпишување, а потоа ратификуван од парламентите на Жкотска и Англија.

Треба да се нагласи дека на 18 септември 2014 година, во Шкотска бил одржан референдум за независност на Шкотска, на кој се одлучувало дали Шкотска треба да стане независна држава и со тоа да излезе од Обединетото Кралство. Сепак, реферндумот не успеал, бидејќи со тесно мнозинство, по-

веќето од гласачите гласале против отцепувањето на Шкотска од Обединетото Кралство.

Лондон е дом на бројни музеи, галерии, библиотеки, спортски терени и други културни институции, вклучувајќи го, меѓу другите, и Британскиот музеј, Националната галерија, Британската библиотека, бројните театри и други светски институции. Како интересен податок ќе спомeнеме дека Лондонското метро е најстарата подземна железничка мрежа во светот.

Исто така, нашата посета на Лондон беше врзана со присуството на свадбениот чин меѓу нашата ќерка Дафинка и нејзиниот сопруг Италијанецот од Рим Џампаоло Скатоца што се одржа во Општинската канцеларија на Западен Лондон.

На таа свеченост присуствуваа околу триесетина нивни пријатели, Македонци и Италијанци. Таа свеченост остана во трајно сеќавање на младоженците и на нивните роднини и пријатели од Македонија и Италија.

Тоа беше светол чин што остави траги не само по официјалниот чин – свечена англиска регистрација, туку и по свадбените церемонии, обичаи и друго. По свечената церемонија во еден ресторан се слушаше англиска, италианска и македонска музика. Големо беше задоволството кога под контрола на зетот, кој е музичар по професија се свиреше и пееше песната „Македонско девојче".

Во текот на нашата посета бевме гости на неколку македонски и италијански семејства, при што можеше да се види и почувствува мелодичноста од двете етнички групи и да се заборават неправдите од минатото. Туку, напротив се почувствува љубов, топлина, другарување...

Инаку во Лондон живеат повеќе стотини Македонци, од студенти до професори, од работници до бизнисмени и од бездомници до уметници. Таму постои Македонската православна црква „Свети Архангел Михаил и сите ангели", во која Македонците од тие британски простори ги задово-луваат своите духовни, црковни и национални потреби.

Исто така, во Лондон, меѓу другото, постои Асоцијацијата на Македонците во Обединетото Кралство, Македонскиот совет за унапредување и промоција, Училиште на македонски јазик, Македонското културноуметничко друш-тво „Сонце" и други асоцијации.

При посетата на неколку членови на Македонската православна црква разговаравме за проширување на соработката со Македонската православна црква во Македонија. Притоа, стана збор за одредување македонски свештеник кој ќе биде столбот на сите духовни и црковни активности кај Македонците во Лондон и околните градови.

Исто така, ја посетивме светската новинарска куќа „БиБиСи" која има локално радио, телевизија, телетекст и онлајн-услуги во Лондон и делови од

околината. BBC Лондон може да се гледа во кој било дел на Велика Британија и Европа на дигитален сателитски канал.

Меѓутоа, посетата на Британскиот музеј, кој е посветен на човечката историја и култура беше посебно доживување. Неговата постојана колекција која брои околу осум милиони дела, е меѓу најголемите и сеопфатни во постоењето во светот и потекнува од сите континенти, прикажувајќи документи на приказната за човечката култура од нејзините почетоци па до денес.

Британскиот музеј е основан во 1753 година, во голема мера врз основа на збирки на лекарот и научникот сер Ханс Слоан. За првпат бил отворен за јавноста на 15 јануари 1759 година. Таму има голем број експонати на културата од Македонската Империја, меѓу кои и *Розетата на камен*, напишана со коите - писмото на Александар Македонски.

Исто така, го посетивме и „Хајд Парк“, најголемиот од сите паркови во Лондон и еден од најголемите во светски рамки. Исто така, тој е еден од кралските паркови со познатата говорница на слобода на говорот. Тој е место за шетање за млади и стари за бедни и богати, за музичари, натрапници, патеписци, фашисти иројалисти.

Еден од најзначајните споменици на Лондон, секако, се Кенсингтоновите градини кои се едни од кралските паркови во Лондон. Тие се сместени на западната страна на „Хајд Парк“, а биле дизајнирани од 1728 до 1738 година. Денес, тие како кралски градини се едни од најсовремените и најинтересните природни чуда во светот.

Покрај тркалезното езеро, во нив тече река, има плоштад кој се наоѓа точно во центарот на реката, има фонтани со голем број класични скулптури, разновидни цвеќиња, дрва, со посебна нагласка на украсениот самовилски даб стар 900 години и, се разбира, изобилство англиска трева, која служи за пример како треба да се негува тревата.

За овој парк се поврзани голем број легенди, вистини и литературни творби. Но најважно од сè е тоа што таму е сме-стена кралската палата и други јавни објекти на Велика Британија. Кенсингтоновите градини се отворени само за време на часовите на дневна светлина, додека „Хајд Парк“ е отворена од пет часот наутро до полноќ.

По неколкудневниот престој, по посетите и на други споменици од културата, уметноста, државните, кралските и други знаменитости го напуштивме Лондон. Од плоштадот „Викторија“ се упативме кон аеродромот „Гетвик“, а оттаму повторно кон Париз, за во вечерните часови да пристигнеме во Скопје.

# 4. ОДГЛАСИ НА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ВО ВЕЛИКА БРИТАНИЈА

Скоро целокуониот светски печат во помала или пого-лема мера го коментирала овој значаен настан. Големите новинарски куќи и агенциите имапе свои постојани или специјални дописници и известувачи во Македонија. Тие со своите извештаи придонеле да се запознае јавноста со состојбата во Македонија во времето на Востанието. Повеќето светски весници го окарактеризирале Илинденското востание како „општа револуција".

Печатот во светот бил оној регулатор што придонел да се прошири интересот за илинденската македонска борба. Токму нелосредно преку печатот јавното мислење се запознало со борбата на Македонците и презело акција за посредно ангажирање во македонските работи.

Илинденското востание ја изненадило европската дипломатија. Империјалистичките големи сили и балканските капиталистички држави не се надевале дека револуционерниот потфат на македонските маси ќе добие такви размери.

Големите сили заинтересирани за опстанокот на Османлиската империја, сметале дека се засегнати и нивните интереси и затоа инсистирале кај Портата за воспоставување на ред и мир. Презеле мерки за реорганизирање на османската армија и за поенергично дајствување во задушувањето на македонското востание.

Започнало да се говори за полезноста од донесување на нови реформи, но за задржување „status kvo" и без примена на воени интервенции. Се појавиле и различни планови за уредување на Македонија и тоа како автономна држава; федерација; самостојна држава; назначување на генерален гувернер и слично.

Тогаш, „најзаинтеросираните" држави: Царска Русија и Австро-Унгарија, донеле во Австрија на 2 октомври 1903 година реформи (Мирштетски реформи) кои само делумно ја „реформирале" состојбата.

Биле назначени цивилни агенти за средување на администрацијата и воени претставници за реорганизација на османлиската жандармерија. Тоа било „привремен" лек за „немирна" Македонија, во која продолжувала борбата за национално и социјално ослободување.

Во Британскиот парламент Илинденското востание се следело со жив интерес. Во Долниот и Горниот дом настаните во Македонија станале предмет на живи дискусии. Во она време на чело на Британската влада биле конзервативците, кои воделе протурска политика. Затоа и во Пар-ламентот таа политика ја критикувале либералните пратеници.

Така, на едно заседание одржано на 10 август 1903 година, либералниот пратеник Брајс поднел интерпелација до Владата, определувајќи се во полза на македонските револуционери. Одговорот на Владата, во кој бил заземен протурски став, предизвикал бура на негодување сред либералите, а и сред напредната јавност.

Повторно прашањето за Македонија било подигнато на заседанието на Долниот дом на 14 август 1903 година. Прв зел збор либералниот пратеник О'Конор, кој говорел за востанието во Македонија, за односот на турската солдатеска и масакрот над македонскиот народ.

Тој го допрел прашањето за критичната состојба во Македонија и одговорноста на силите, особено на Британската влада. Тој истакнал дека „симпатиите на оваа земја се со угнетените, а не со угнетувачите". Тој го подвлекол сочувството на британската јавност со борбата на Македонците за слобода.

Пратеникот О'Конор ги навел податоците за масакрот на македонското население и за анархијата во Македонија, за што била одговорна Британската влада. На крајот тој рекол дека „народите на Европа јасно гледаат дека треба да се ослободи народот во Македонија".

По пратеникот О'Конор говорел пратеникот Брајс, кој го поддржал и ја нагласил тешката положба во Македонија. Тој пледирал за поголема и енергична акција на силите, а како што самиот нагласил *„...За елиминирања на турското господарство на овие територии, со давање на народот шанса со автономија да стекне среќа и просперитет".* Слична дебата либералите воделе и во Горниот дом.

Дебатата во Парламентот имала силен одглас, како во самата Британија, така и надвор од неа. Со големо одобрување во јавноста биле дочекани истапувањата на либералите. Тоа и било повод да се развие уште поголема агита-ција во полза на Македонското ослободително движење.

На 17 август 1903 година, во Лондон се одржал голем митинг во полза на македонскиот народ. Била донесена Резолуција во која се барапо укинување на директното управување на турскиот султан со во голем број маке-донски провинции.

Уште со самиот початок на Илинденското востание, во Велика Британија биле преземени низа промакедонски акции. Јавноста била возбудена од настаните во Македонија и апелирала за преземање чекори за организирање промакедонски манифестации и помош на Македонците.

Дебатите во Парламентот имале силен одглас во бри-танската јавност. Тоа придонело уште повеќе да се зголемат симпатиите кон праведната борба на македонскиот народ. Биле преземени низа чекори и за организирано оформување на промакедонски акции. На чело на овие акции застанал „Македонскиот комитет" кој бил основан непосредно пред започнувањето на Илинденската епопеја во 1903 година.

Членовите на овој Комитет развиле широка активност во полза на Македонците низ цела Велика Британија. Преку специјални публикации тие го популаризирале Македонското ослободително дело. Најголем ангажман овој комитет имал во организирањето митинзи низ цела Велика Британија во полза на Македонската ослободителната борба. Биле одржани над 200 митинзи во сите краишта на Велика Британија.


Mediterranean Sea
Sallum
Matruh
Alexandria
Port Said
Dead Sea
ISRAEL
CAIRO
GIZA
Suez
JORDAN
Nile River
MT. SINAI
SAUDI ARABIA
BENI HASAN
Sharm el Sheikh
TUNA EL GABAL
TEL EL AMARNA
Asyut
Hurghada
LIBYA
Sohag
Qena
KARNAK
Red Sea
EGYPT
Luxor
Aswan High Dam
Aswan
Lake Nasser
SUDAN



*Каиро*



*Александар Македонски во Египет*



*Македонско-египетската кралица Клеопатра*

# 11. ЕГИПЕТ

## 1. ЕГИПЕТ - ЗЕМЈАТА НА ФАРАОНИТЕ И ДРЕВНАТА КУЛТУРА

Некои патувања не само што го предодредуваат престојот, туку за патеписецот остануваат забележани и запаметени со одредени впечатливи траги. Такво беше нашето патување и престојот во Каиро, главниот град на Египет, којшто магично привлекува, особено со чудниот спој на минатото и сегашноста.

Мистиката и реалноста, легендите и стварноста. А сè она што го видовме и почувствувавме побуди голем интерес, возбуда, задоволство. Во земјата на милиони квадратни километри оази и пустина, земјата што ја заплискуваат сините води на Средоземното Море и на Црвеното Море, како и земјата што ја делат сребренозелените води на реката Нил.

Египет е библиска земја, чие име на еврејски е Мусраим, па оттука произлегува името Мисир, земја која се протега долж реката Нил. Според библиските преданија Египет било големо и влијателно царство и како такво во текот на целото свое постоење вршело силно влијание на соседните народи.

Синовите и потомците на Јаков живееле во Египет околу 400 години, а потоа биле ослободени со Божја помош, под водството на Мојсеј. Египќаните честопати ги освојувале израелските земји, сè до времето на Давид, кога нивната моќ ослабела.

При нашата посета на Египет (попатна посета на авторот на овие редови на Каиро) се послуживме со огромна литература за историскиот развој на Египет. Во неа, меѓу другото, се вели дека Египет претставува стара цивили-зација во источниот дел на Северна Африка, сконцен-трирана во долниот тек на реката Нил, каде што сега се наоѓа денешен Египет. Оваа цивилизација претставува дел од еден збир на цивилизации. Со еден збор Египет е денешниот прозорец кон далечното минато на човештвото.

Успехот на старата египетска цивилизација делумно произлегол и од нивната способност да се приспособат кон условите во долината по течението на реката Нил. Предвидливите поплави и контролираното наводнување на плодната долина придонело кон произведување на вишок култури, кои ги разгореле општествениот развој и културата.

Со вишок ресурси, власта го поттикнала искористувањето на минералните суровини од долината и околните пустини. Развивањето и организирањето на колективно градење и земјоделски проекти, трговијата со околните региони и воената опрема наменета за поразување на надворешните непријатели ја осигурале египетската доминација.

Поттикнувањето и организирањето на овие активности било изведено од страна на бирократијата сочинета од првокласни писари, верски водачи и службеници кои биле под контрола на фараонот кој обезбедувал соработка и единство на египетскиот народ во смисла на религиозните верувања.

Помеѓу многуте достигнувања на античките Египќани биле и техниките за експлоатација на каменоломите, надзорните и градежните техники кои ја олеснувале изградбата на величествените пирамиди, храмови и обелисци.

Египќаните, исто така, развиле и математички систем, практичен и ефективен медицински систем, систем за наводнување и техники за земјоделско производство, тие ги направиле и бродовите за кои се смета дека се први, имале технологија за производство на стакло, создале нови литературни форми и го направиле првиот мировен договор за кој се знае.

Египет зад себе оставил долготрајно наследство кое е од исклучитено значење и за Египет и за светот. Египетските архитектура и уметност се широко имитирани, а египетските антиквитети се носени во многу далечни делови од светот. Урушевините од спомениците со векови ги поттикнувале фантазиите на патувачите, патеписците и писателите. Новопронајдените антиквитети и ископувања во модерното време доведоа до научни истражувања на египетската цивилизација и поголема почит кон културното наследство во Египет и во светот.

Треба да се нагласи дека единството на древниот Египет се однесувало во господарството на фараонот кој имал неограничена власт низ целата држава. Фараонот бил глава на митот кон сите богови во древниот Египет при што и самиот тој бил сметан за Бог.

Тоа тврдење најмногу доаѓа до израз при градењето на пирамидите за кои се смета дека, биле гробници на фараоните како Џосер, Снофер, Кепс (Хуфи). Кефтен (Хафра) и Микерин (Менкаур). Исто така, многу зајакнал и култот кон Богот на сонцето Амон Ра, а фараоните се нарекувале негови синови.

Низ Египет минува најдолгата река во Африка – Нил, која со своите 6,5 илјади километри крие безброј тајни од дамнина до денес. Таа во Библијата се споменува и како „река“ и како „море“. А години наназад и токму таму египетската цивилизација доживеала процут. Преку реката Нил биле воспоставени трговските патишта од Судан до Мала Азија, Сирија и Македонија. Пролетните поплави и тогаш, како и денес, со своите наноси земјиштето околу реката го правеле плодно, што било услов за поволни природни погодности за живот.

Во текот на нашата посета на Каиро слушнавме бројни информации за оваа земја. Така, запишано е тоа што ќе го чуете многу пати – дека историјата на Египет датира од пред 5.000 години пред Христа. Во тоа време Египет бил

организирано и бирократско царство кое се развивало со векови и оставило големи траги во историјата на човештвото.

Така, пред околу три илјади години, за време на Старото Царство биле изградени првите канали и насипи и биле изѕидани прочуените гробници на фараоните, пирамидите. Нив ги има околу седумдесет и се подигнати во делтата на реката Нил.

Најголема е Кеопсовата пирамида, која е висока 146 метри. Во текот на Средното царство (2100-1550 година пр.н.е.) се изградиле големите канали за наводнување и прочуеното вештачко езеро Мерида (Мерис). Инаку, главен град на древното Египетско Царство бил Меноф, а било оформено од кралот Менес кој ги обединил Горен и Долен Египет, кога е изградена и првата голема пирамида.

Во текот, пак, на Новото Царство (1550-671 година пр.н.е.) биле преземани освојувачки походи во Сирија и Мала Азија.

Интересно е да се одбележи дека еден ракав на делтата на реката Нил бил поврзан со Црвеното Море со канал. Така, Египќаните го прокопале Суецкиот Канал 2500 години пред Европејците. Феникиските морнари во египетска служба за првпат отпловиле околу Африка 2000 години пред Васко де Гама.

Во Египет во голема мера се развила културата, а од науките во особено голем подем биле астрономијата и математиката.

Во астрономијата, на пример, Египќаните знаеле дека годината има 365 дена, а со математиката се служеле да ја пресметаат површината, речиси, на сите геометриски слики и волуменот на некои тела.

Во Египет проникна најстарата писменост; писмото се состоело од слики и цртежи, слично на карпестото писмо во Македонија

Во 640 година Египет бил освоен од Арапите кои останале да владеат околу десет века. Потоа дошле Османлиите, па бил освоен од Наполеон, за подоцна во 1882 година Египет да стане протекторат на Англија.

Во тој период трговијата и земјоделството доживуваат подем, а со прокопот на Суецкиот Канал и развојот на бродоградбата, земјата се здобила со странски капитал и станала монархија. Но, со укинувањето на кралството во 1952 година Египет бил прогласен за република.

Денес Египет го посетуваат милиони туристи, намерници, научници, пустоловци... кои доаѓаат да се запознаат со антиката, која се среќава насекаде во земјата. Ние се уверивме во тоа при посетата на Каиро.

Тој е главен град на Египет и еден од фасцинантните градови во светот. Арапите го викаат Ел Кохра, Англичаните Каиро, а Французите Ле Каир.

# 2. ВО КАИРО – ПРЕСТОЛНИНАТА НА ЕГИПЕТ

Каиројe најголем град во Африка и во арапските земји, кој е сместен, главно, на десниот брег на реката Нил. Каиро е град на ретка убавина и контрасти, каде се вкрстуваат многу елементи од Истокот и Западот. Таму се прочуените пирамиди и сфингата, од една страна, а цитаделата со голема џамија од другата страна на градот.

Има околу 300 џамии и бројни храмови на Копската православна црква. Во него се наоѓа прочуениот муслимански Универзитет „Ал Азхар", кој е формиран во 972 година, потоа националниот универзитет, големата библио-тека, уметничкиот музеј, како и еден од најбогатите и најинтересните египтолошки музеи во светот. Во Каиро постои една од најубавите и најбогатите зоолошки градини.

Во Каиро е неопходно да се посети Египетскиот музеј на плоштадот Тарар, каде е сместена најубавата колекција на артефакти (вештачки производи, ракотворби), вклучувајќи го и богатството на Тутанкамон со неговиот ковчег и неговата мумија од пред 3.000 години, кои се зачувани до ден денес.

Тие се откриени во 1922 година во „Долината на кралевите" во Луксор, каде е најдена многу скапоцена археолошка граѓа. Музејот обилува, исто така, и со големи богати експонати од фараонската, исламската и византиската уметност.

Инаку, древните Египќани ги граделе пирамидите како гробови за да ги заштитат телата на мртвите кралеви, бидејќи тие верувале во нивното воскреснување и бесмртност. Пирамидите во Гиза се најпознатите во светот. Исто така, Музејот за исламската уметност е еден од важните споменици на културата не само за Каиро и Египет, туку и пошироко за арапскиот свет.

Во него, меѓу другото, се чуваат околу 80.000 ретки експонати од почетокот на исламот до крајот на отоманскиот период. Таму се наоѓа најзначајната и ретка збирка на ракописи, вклучувајќи го најголемиот примерок на Куранот во куфитски ракопис на кожа. Овие и многу други значајни предмети ја збогатуваат и така богатата култура и историја на Египет.

Каиро е главен град на Египет, а воедно и најголем град во Африка и на Арапскиот Полуостров. Градот се протега од обете страни на јужниот дел на делтата на реката Нил. За време на своето постоење градот бил центар на многубројни култури во Египет. Каиро е политички, економски и културен центар на Египет и на Блискиот Исток. Градот е престолнина на египетската влада, парламентот како и на сите државни, религиозни структури и дипломатски претставништва во Египет.

При нашата посета бевме информирани дека почетоците на Каиро се наоѓаат во неколку пранаселби. Староегипетската населба на источниот брег на Нил, која од Елините (Грците) била наречена Мемфис Римјаните ја доизградиле во тврдина. На север од неа, за време на арапското освојување во VII век од н.е., бил изграден логор кој подоцна се развил во град. И двата града растеле на местото на денешната Каирска чаршија.

Откако градот делумно бил уништен од страна на пожари, Абасидите основале нова населба лоцирана на брегот на реката Нил. Откако Фатимидите во 969 година го освоиле Египет, основале главен град кој го нарекле *ал Каира* (al-Qahira-„Победничкиот"). Под власта на Мамелуките (1250-1517), Каиро станал најважен центар на исламската култура. Во 1517 година, Османлиите го освоиле Каиро и останале да владеат во градот сè до XVIII век.

Под водство на Наполеон I, француските трупи го освоиле Каиро во 1798 година, за време на нивната експанзија во Египет. Во 1801 година, градот повторно е освоен од страна на Османлиите..

Исмаил-паша, кој владеел од 1863 до 1879 изградил доста објекти во градот и го искористил отворањето на Суецкиот Канал во 1869 година, да го презентира Каиро на европските сили како една вистинска метропола. Голем удел во развојот на градот имале заемите од странство каде што најважна улога играла Велика Британија. Тие ја диктирале и политиката на градот и државата сè до Првата светска војна.

Помеѓу војните, населението на Каиро растело со голема брзина и до пред почетокот на Втората светска војна ја достигнало границата од 2 милиона жители, за денес да брои околу 17 милиони жители. Стапката на раст се задржала и во наредните години. Со текот на времето сликата на градот значително се изменила преку високите станбени, комерцијални и владини висококатници.

Како седиште на Арапската лига и важната улога која ја имал во мировниот процес на Блискиот Исток, Каиро добива уште поголемо меѓународно значење. Конференцијата на светското население под закрила на ООН, која во 1994 се одржа во Каиро, само го утврдила, па дури и зголемила добриот углед на Каиро на меѓународната сцена.

За жал, и денес Каиро го потресуваат терористички напади врз странски туристи од страна на исламски фундаменталистички групи. Целта на овие екстремистички организации е да се одвратат туристите од патување во Египет и да се дестабилизира внатреполитичката атмосфера на државата.

Службена религија во Египет е исламот, а друга религија која е застапена во државата е египетското христијанство, т.н. Копти. Инаку Коптите се жртви на муслиманите кои постојано се борат да формираат стриктно исламска држава. Притоа, организацијата за човекови права установила дека владата во Египет врши дискриминација над Коптите.

Исто така, за Каиро бевме информирани дека местоположбата, помеѓу Јужна Европа, Ориентот и Африка била пресудна за оваа метропола да игра улога низ историјата како еден од најважните трговски центри во регионот. Најважни гранки на производството во градот се: преработка на метали, производство на текстил, обувки, мебел, тутун како и материјал за печатење. Тој е економски центар од најголемо значење во регионот, седиште на многу концерни и економски организации.

# 3. АЛЕКСАНДАР ТРЕТИ МАКЕДОНСКИ ВО ЕГИПЕТ

Интернационалниот аеродром се наоѓа во североисточниот дел на Каиро. Во изминатите неколку децении е забележан рапиден раст на населението во египетската престолнина, а како најголема причина за тоа се смета големата стапка на раѓање.

За да може полесно да се контролира растот на градот, во околината се изградени неколку мали гратчиња. Центарот на Каиро има околу 8 милиони жители а заедно со околината и предградието повеќе од 17 милиони жители,

Старите Египќани ги обожавале природните сили; најмногу ги обожавале животните и таканаречените „земјоделски" богови, Богот на сонцето - Амон Ра, Богот на плодноста - Озир; мртвите ги балсамирале, на тој начин останале мумиите.

Спомениците на културата, меѓу кои пирамидите, обелисците, старите храмови, замоци, записи на камења, како и папирусите, се зачувани до денес. Нивната култура извршила силно влијание врз културата на сите источни народи и на античките Македонци и Елините (античките Грци).

Исто така, Египет е значаен и за нас Македонците. Со него се поврзува освојувањето на оваа земја од страна на Александар Македонски, бранителот на луѓето и основачот на царството на античките Македонци. Освојувачот, кој се сметал дека е Бог за Египќаните, војсководецот кој основал град и кој во негова чест го добил името – Александрија. Инаку, градот Александрија на арапски се вика Искендерије и се наоѓа на Средоземното Море.

За Александар Македонски Египет бил голем предизвик и земја за која сонувал. Така, кога бил во подем со неговите походи во 332 година пред Христа го освоил Египет. Тогаш била прекратена фараонската ера и на устието на Нил го подигнал градот Александрија.

Во преданијата стои дека Александар Велики го освоил Египет со многу мал отпор од страна на Персијците и бил добредојден кај Египќаните кои го сметале за ослободител. Администрацијата која ја поставиле наследниците на Александар, птоломејците, се засновала врз тогашниот египетски модел и се наоѓала во новиот главен град Александрија.

Новата престолнина била излог на моќта и престижот и станала седиште на учењето и културата кои биле сконцентрирани во славната библиотека во Александрија. Светилникот во Александрија го осветлувал патот за многу бродови со кои тргувал градот откако птоломејците ги поставиле за приоритет трговијата и претпријатијата за производство на папирус.

Новата култура не ја потиснала египетската култура, бидејќи птоломејците ги поддржувале долготрајните традиции со цел да стекнат лојалност и популарност. Тие граделе нови храмови во египетски стил ги поддржувале традиционалните култови, па дури и самите се портретирале како фараони. Некои традиции дури и се споиле бидејќи боговите се обединиле.

Птоломејците се соочиле со народни востанија и покрај нивните напори да ги смират Египќаните. Востанијата ги иницирале фамилијарни ривали и моќната народна маса во Александрија која се создала по смртта на Птоломеј IV. Бидејќи Рим сè повеќе се потпирал на увозот на жито од Египет, Римјаните почнале сè повеќе да се интересираат за политиката во Египет.

Инаку, Александрија е најпозната по монументалниот Александриски светилник, кој е наречен седмо светско чудо, и кој го изградиле владетелите од македонско-египетската династија на Птоломеј во III век пред Христа. Тој бил сместен на островот Фар и бил еден вид светилник „прататко на сите светилници".

Бил висок 110 метри, а неговиот пламен можел да се види и од 60 км оддалеченост. За жал, светилникот бил срушен од земјотресот во 1307 година, по 1.600 години опстојување и функционирање.

Исто така, треба да се нагласи дека според бројни автори Александровиот музеј и библиотеката биле идеја на Александар Македонски. Библиотеката која била изградена во 294 година пред Христа, а била во склоп на Музејот одиграла големо значење во развојот на македонската и светската култура и цивилизација.

Оваа најпозната античка библиотека во 250 година пред Христа имала фонд од 500.000 ракописи, за да во времето на Цезар достигне до 700.000 ракописи. Со тоа Александрија навистина станала најважен светски научен центар, привлечен за интелектуалците и други личности и од најдалечните земји.

Во нејзината гимназија се изучувал Александровиот македонски (коине) јазик, а на тој јазик е преведен Стариот завет од јудејски, од страна на 70 научници за време на владеењето на Птоломеј Втори.

Овој значаен цивилизациски превод званично има два назива и тоа Александриски, бидејќи бил направен во Александрија и септуагинта по бројот на преведувачите. Според преданието секој од седумдесетината научници требало да работи целосно независно од останатите.

Сепак, на крајот, сите преводи биле идентични, што се толкува во општата инспирација на Светиот дух кој се излеал врз Евреите кои ја извршиле работата.

И како што Александар тежнеел кон создавање единствен глобален свет, исто така, и во религиски поглед во Македонско-Египетското Кралство се родила идејата за соз-давање на единствена монотеистичка христијанска религија и нови облици на религиска свест, што претставувало натамошен прилог на Македонците во светската цивилизација.

Исто така, за одбележување е тоа што во Александриската библиотека е извршен препис на будистичките канони на кинески јазик. Покрај тоа, библиотеката влијаела на формирањето на библиотеки во будистичките центри во Индија. Тој моќен културен центар ги привлекол најмоќните мислители на тогашниот свет.

Библиотеката била запленета во VII век од арапскиот калиф Омар кој рекол:

*„Она што им е потребно на луѓето да знаат тоа е напишано во Куранот, а што не е напишано во Куранот, тоа не е ни потребно на луѓето да го знаат“.*

И покрај тоа многу документи биле сочувани и подоцна биле препишувани. И денес, после толку векови, во поче-токот на овој милениум, во 2002 година, се завршени работите околу реконструкцијата и повторно е отворена новата Александриска библиотека во Египет, чиј спонзор е УНЕСКО.

Зградата којашто има 11 ката е изградена таму каде што порано била Македонската александриска библиотека и станала симбол на целокупното светско знаење и уште еднаш го потсетила светот дека Македонците и под власта на Птоломејците биле оние кои ги создале темелите на денешната цивилизација.

Денешната библиотека е институција на информатичката епоха со околу еден милион книги, 3.000 читатели и конференциски амфитеатар за 3.500 учесници и, како и во времето на Македонскиот комонвелт, ќе служи на цела-та светска култура и наука. Работата на библиотекарите била да се здобијат со најквалитетни текстови од најдобрите автори, да го изведат нивното критичко издание, а понекогаш и да го дополнат со коментари и воведи, граматички, лексички или метрички студии и да ги делат на папирусни ролни според содржината и должината. Потоа, според литературните жанрови се комбинирале делата на различни автори и се создавале каталози и хронологии.

Но, активноста на музејските научници во никој случај не била мирна бидејќи, како што дознаваме од некои од нив, тие биле изложени на озборувањата на нивните ривали, нурнати во комплицирани расправии и речиси секогаш на сметка на властите.

Оваа институција во Александрија не престанала да функционира дури и кога Египет паднал под Рим во 30 година п.н.е.. Библиотеката продолжила да привлекува научници долго време потоа, иако била уништувана за време на Цезар во 47 годин п.н.е., од страна на христијаните во 391 година и за време на муслиманското освојување на Александрија во 642 година.

На крајот, од Библиотеката не останало ништо, па по речиси илјада години од нејзиното формирање, таа исчезнала засекогаш. Наместо тоа, се родила легенда за место каде најучените луѓе го собрале сето знаење познато во тоа време и го проучувале. Исто така, во тој период Александрија станала светски трговски и културен центар во кој полни три века се развивале бројни гранки од културата. Најпозната културна институција бил александрискиот „Музеон“, храм на музите, односно комплекс згради каде се наоѓала прочуената Александриска библиотека, сала за предавања, кабинети за научни работи, зоолошката градина и друго.

Многу научници живееле во Александрија за да ја унапредат науката. Меѓутоа, кога Римјаните во 30-тите години пред Христа ја уништиле египетската држава и ја смениле Клеопатра, последната кралица на династијата Птоломеј и најпознатата египетска кралица која, неможејќи да го прифати поразот, извршила самоубиство. Во времето на римсковизантиската власт, најголем дел од населе-нието во Египет го примило христијанството.

# 4. МАКЕДОНСКО – ЕГИПЕТСКА КРАЛИЦА - УБАВИЦАТА КЛЕОПАТРА

Наспроти милениумските неправди и големи лаги, како последица на широката пропагандата на Октавијан, најголем непријател на кралицата Клеопатра кој ја опишува дека таа била алчна, неморална и многу сурова, денешните аналитичари, пред сè историчари, културолози и други, оваа македонска кралица ја оценуваат како високо интеле-гентна жена, со брилијантно знаење јазици (покрај маке-донскиот, уште седум), чудесни управувачки способности и како единствена жена на стариот век.

Од современите историчари, прв тоа прашање го покренал Тарн (1913), заслужен англиски истражувач на елинизмот, т.е. македонизмот, кој тврдел дека Клеопатра е жртва на една од најстрашните кампањи на омраза во целата историја.

Меѓутоа, се заборава што изнесол за Клеопатра уште Плутарх (46-12 н.е.), книжевник, историчар и писател на значајната творба „Паралелни животописи" (III, Антнонио, 27, 394).

Тој рекол дека македонската кралица Клеопатра „поседувала шарм со неза-држлива сила во обраќањето, па нејзината појава со впечатливоста на нејзините зборови и воедно нејзиното значење кое некако го проникнувало нејзиното однесување со другите, оставале некакво осило во срцата.

Уживање било да се слуша звукот на нејзиниот глас, а својот јазик како музички инструмент со многу жици, без тешкотии го свртувала во било кое наречје, а сосема ретко во разговорите со варварите ѝ требал преведувач, туку на повеќето од нив сама им давала точни одговори било да биле Етиопјани, Троглодити, Евреи, Арапи, Сиријци, Меѓани или Парти.

Се раскажува дека научила и други јазици иако кралевите пред неа не се потрудиле да го научат ниту египетскиот јазик, а некои го запуштиле и своето „македонско наречје".

Таквата Клеопатра, за да го сочува опстанокот на сојот народ и својата династија, го освоила големиот Цезар, кога во 48 п.н.е. дошол во Египет и таа се омажила за него. По две години Цезар ја повикал Клеопатра во Рим, каде била дочекана со највисоки почести и во таа прилика била направена златна статуа со нејзиниот лик, која била сместена во најголемиот римски храм.

По смртта на Цезар, 44 п.н.е., Клеопатра се вратила во Александрија, а власта во Римското царство ја поделиле младиот Октавијан и Марко Антонио од владата на триумфиратот.

Марко Антонио, ветеран во многу битки, сметал дека на Египет треба да му се даде независност, но истовреме треба добро да се врзе за Рим.

Во таквата идеја Клеопатра видела сигурност и гаранција за иднината и континуитетот на својата династија, па заради тоа, по една од најпознатите и

најстраствените љубови во историјата, во 41 п.н.е., се омажила за Марко Антонио.

Таа врска помогнала Македонско-египетското кралство за кратко да ја поврати некогашната слава. Клеопатра му родила на Антонио близнаци, Александар Хелиј и Клеопатра Селена, додека во 36 п.н.е. го родила синот Птоломеј Филаделф.

За македонската свест и традиција која владеела во периодот на римската окупација на Македонската империја, во понатамошниот текст повторно сведочи Плутарх (III, Антон. 54, 409), а во врска со прославата во Александрија по повод извојуваната победа од страна на Антонио во Ерменија:

„Бидејќи го исполнил вежбалиштето со светост и поставил на сребрениот подиум два златни престола, еден за себе а другиот за Клеопатра, а и други поскромни за своите синови, најнапред ја назначил Клеопатра за кралица на Египет, Кипар, Либија и Келесирија, а како ковладетел Цезарион, за кого се сметало дека е син на постариот Цезар, кој ја оставил трудна, а како второ, јавно ги прогласил своите синови со Клеопатра за кралеви на кралевите, па на Александар му ги доделил Арменија, Медија и Партија, откако ги покорил, а на Птоломеј Феникија, Сирија и Киликија.

Воедно, ги преоблече синовите, Александар во медиска облека која вклучувала и тијара (турбан, круна) и прав појас, а Птоломеј во чизми, лесен горен фустан (хламида) и македонски бел шешир украсен со кралски повез (кој го означувал македонското кралство достоинство, како подоцна круната). Оваа втората била носија на кралските наследници на Александар, а првата на Меѓаните и Арменците.

Откако синовите ги прегрнале родителите, околу едниот застанала телесната стража од Арменци, а околу другиот од Македонци. Клеопатра и тогаш и во иднина, кога излегувала во јавноста, облекувала фустан посветен на Изида и носела службено име „Нова Изида".

По смртта на Клеопатра, последен формален крал на Македонската египетска династија бил Птолемеј XV-Цезарон, кого го убил Октавијан Август и Египет бил припоен на Рим. Децата на Клеопатра со Марко Антонио биле усвоени од неговата претходна сопруга Октавија, која била и сестра на Октавијан Август.

Интересирање за Клеопатра имало не само кај Шекспир, Бернард Шо и Алфиериј, кои се занимавале со нејзината судбина и ликот на трагична хероина, туку била инспирација за многу уметници, скулптори и сликари како што се Тицијан, Рубенс, Делакроа и други, како и музичарите од типот на Берлиос, Масне, Чимароз и други, потоа филмски продуценти и други.

Во почетокот на новиот милениум, Клеопатра, последната македонска кралица, без конкуренција и понатаму претставува голема инспирација. Таа е тоа не само за класичните историчари, кои го докажуваат нејзиното чисто македонско потекло низ генерациите, туку и за други научници.


Shiraz
شیراز
Kuwait
Persian Gulf
Bahrain
Riyadh
الرياض
Saudi Arabia
Qatar
Dubai
دبي
United Arab
Emirates
Gulf of Oman
Muscat
مسقط
Oman


Dubai
timelapse



*Дубај*



*Пустинска прошетка*

# 12. ЕМИРАТИ

## 1. ВО ДУБАЈ – НОВАТА СВЕТСКА МЕТРОПОЛА

Патувањето од Македонија за Обединетите Арапски Емирати го започнавме во едни студени декемвриски зимски денови кога насекаде се чувствуваше дека снегот е пред прагот на балканските простори. Беше понеделник, ден Господов. На аеродромот во Цирих вриеше како во кошница. Пред полноќ, кога ги завршивме царинските процедури се најдовме во меѓународната зона на аеродромската зграда.

А, таму многу патници кои брзаа кон своите дестинации речиси од сите држави, раси, бои, народи... Меѓу нив имаше десетина патници од Македонија. Ние со нетрпение ја чекавме најавата за заминување на авионот за Дубаи, кој потоа продолжуваше за Австралија–далечната „непозната" земја на Јужниот Пацифик.

Ја извршивме царинската обврска и се упативме кон авионот, кој заедно со патниците повеќе личеше како да е големо село. Имаше неколку стотини патници: и бели и црни и стари и млади... Нашите седишта беа во близината на прозорецот до една Унгарка, мажена за Италијанец, која за првпат била на посета во родната земја кај своите, во Будимпешта. Таа зборуваше течно англиски и италијански јазик и веднаш разврза муабет за нејзините роднокрајни средби и разделби. Исто така, се пофали дека во Сиднеј имала пријатели Македонци од Леринско, па научила и неколку македонски зборови, кои ни ги повтори неколку пати.

Домаќините во авионот не угостија со пиење и јадење и со муабет, а пред сè поради спротивната насока од движењето на Земјата, не почувствувавме кога летна ноќта. Бргу се раздени и започна еден нов ден на Истокот. По пет и пол часа летање, авионот ги надлета Обединетите Арапски Емирати. Во Заливот можеа да се видат многу бродови, а на копното во непосредна близина на брегот голем број рафинерии и нафтени полиња.

Авионот меко се спушти на пистата на аеродромот во Дубаи, градот што се простира во полупустинскиот дел. И лево и десно се гледаше само песок, а можеа да се видат и забележат контрастите на животот: од пустински делови, до прекрасни оази како рај на поднебјето.

Се поздравивме со нашата сопатничка која патуваше за Сиднеј, го напуштивме авионот и се упативме кон пасошката и царинската контрола. На излезот од авионот кон пристанишната зграда нè пресретна топол пустински воз-дух. Температурата на воздухот во утринските часови беше како да сме се нашле сред лето, а во аеродромската зграда, восхитуваше асортиманот на стоките, светските брендови и љубезните и убави продавачки. Таму видовме повеќе вработени

од женски пол, кои можеа да се препознаат дека се муслиманки, бидејки носеа шамии, но сите зборуваа течно англиски јазик.

Ги завршивме потребните контроли и со такси-возилото што беше на ред се упативме кон хотелот. Љубезниот таксист кој, исто така, зборуваше течно англиски јазик нѐ информира дека во Дубаи сите такси-возила се дел од државниот апарат, дека тие добиваат плата и се обврзани да покажат максимум љубезнот, коректност и сигурност кон патниците.

Младото момче се трудеше да ни објасни многу работи и да не воведе во големото чудо што се вика Дубаи, кој е предизвик и за градежниците и за бизнисмените и намер-ниците и за светските патници кои го посетуваат овој убав град и по многу нешта карактеристична метропола во пустината.

По половина час стасавме во хотелот кој беше со 4 ѕвезди, се сместивме во една прекрасна голема соба на четврти кат, а потоа излеговме да ги видиме просториите во хотелот и да се запознаеме со околината. Вработените во хотелот беа мошне љубезни, ни подарија поголем број проспекти за градот и околината, со цел како туристи да се запознаеме со сето она што не интересира за градот, со културно-историските споменици, плажите...

Инаку, првата асоцијација кога се стапнува на почвата на Обединетите Арапски Емирати се богатите полиња нафта, шеиците со скапи автомобили, раскошните хотелски капацитети, космос-архитектурата која стана заштитен знак во тој дел на азискиот континент, а со некои градби и во планетарни рамки и секако, непрегледните пустински песочни пејзажи.

Во литературата прочитавме дека од седумте емирати кои ги сочинуваат ОАЕ, најголем е Абу Даби, заземајќи близу 90% од целата територија на оваа богата земја. По некое парче од останатите проценти им припаѓаат на уште шесте останати емирати – Аџман Дубаи, Фуџера, Рас Ел Хајма, Шарџа и Ум Ал Кајвејн.

На географскиот атлас, Обединетите Арапски Емирати се наоѓаат во југозападна Азија кај Персиските Залив а граничните линии ги делат со Оман, Саудиска Арабија и Катар. Најголемиот дел од територијата ја прекриваат пустински предели, додека највисокиот плански врв Јибир (1527 метри), речиси е за помалку од половината повисок од највисоката зграда на светот Бурџ Калифа, која, кога сте на нејзината платформа и пред влезните врати, погледот доста тешко ја фаќа целината одоздола. Бидејќи колку и да го истегнете вратот напрегнувајќи се да фатите некој метар од тие последни височини, дали едвај ќе ви успее, бидејќи овој колос, чиниш го допира небото.

Интересно е да се спомене дека само пред еден - два века, пирати од тој дел на светот ги напаѓале корабите што пловеле под британско знаме во персиските води и Индискиот Океан. И сè било така, додека Британското Кралство во 1819 година со повеќето договори не ги стави земјите од Арапскиот Полуостров под своја капа, пред сè, одбраната и надворешната политика.

Кога заврши британската доминација, тогаш слободните земји се определија за свој развоен концепт како Бахраин и Катар. Додека седумте емирати, заедно, обединети, креираа сопствен модел на живот и иднина.

А во самостојноста како да се распредели власта меѓу двата најмоќни емирата, се воделе дискусии и се барале модалитети. По цели десетина години ривалство и нејаснотии, најдено е соломонско решение. Функцијата претседател ја зазема емирот на Абу Даби, додека функцијата премиер е доделена на емирот на Дубаи. Во државата има вистинска мултиетничка шареница. Голем дел од населението се Индијци, локални Арапи, Иранци и Персијци а дојденци од регионот на Јужна Азија има веќе повеќе од половината од сите тамошни жители.

Секој емират има своја автономија, своја влада, карактеристични белези и други посебности, но колку што се различни, толку се и слични со тие од останатото емиратско семејство. Затоа често се вели дека владеењето на државата е во вид на пирамида и претставува убав пример и за другите земји во светот, кои на свој начин и модел сакаат да го заштитат богатството и да ја обезбедат иднината на својот народ и својата држава.

На површина од 83.600 километри квадратни, живеат околу два и половина милион жители, од кои една третина се во метрополата Дубаи. Или близу 90 проценти се во градовите, бидејќи во пустинските сурови услови се знае колку може да се опстане. Сепак, има и помали населби кои се навикнале на животот на работ од пустината.

Првата асоцијација при доаѓањето во Обединетите Арапски Емирати и која бргу се потврдува на самото место, е нафтата и придобивките кои од неа ги добива и ужива оваа земја.

Таа се смета за трет по големина производител на нафта на Блискиот и Средниот Исток. Веднаш по Саудиска Арабија и Иран. Затоа и нафтата е оската околу која се создава и се врти економската и временска машина на земјата.

Најголемите резерви се во Абу Даби, меѓутоа, бидејќи тие се празнат, затоа и раководството на Обединетите Арапски Емирати, се насочува и на други сектори во трговијата, финансиите, индустријата и туризмот. Додека престојувавме во овој емират, многупати слушнавме за разните погодности кои може да ги дава една богата земја.

Здравствената заштита и школувањето се на товар на државата, а многу научници, стручњаци и професори од развиените држави бргу наоѓаат работа во Обединетите Арапски Емирати

Инаку и туризмот е еден од поголемите ненафтени извори на приход во Емирратите, со тоа што некои од најлуксузните хотели во светот се сместени во оваа богата земја. Голем градежен бум, проширена производствена база и просперитетен сектор на услуги им помагаат на Емиратите да ја диверзифицираат својата економија.

# 2. ДОЛГИ И ИНТЕРЕСНИ ПУСТИНСКИ ВОЗБУДУВАЊА

При нашата посета на Емиратите се уверивме дека Дубаи тргна во голема градежна офанзива, која тешко може да се мери и споредува со сличните на него. Тоа е експлозивен градежен бум кој моментално ја достигнува стапката од 350 милијарди долари. На светската листа на градежните чуда се додадени највисоката зграда на светот, меѓународниот аеродром, потоа Островите на Палмата, кои велат, се гледаат и далеку од небото, пона-таму, рачно направениот архипелаг со името – Свет, каде се изградени чуда во морето, забавниот мегапарк Дубаиленд и хотелот со најмногу ѕвезди на планетата.

Сите овие градежни достигнувања пленат со извонредните, чудесни архитектонски фантазии кои успеала да ги изгради човечката рака, среде морето во пустинските песоци и на места каде што ги скротиле  ветровите кои шибаат со огромна силина, особено од морската шир која со својата убавина го мами секој посетител или намерник.

Во сите овие достигнувања се уверивме кога се сретнавме со еден наш скопјанец, Дејан, школки другар на нашиот син, кој како претставник на една германска банка се пресели, најпрвин од САД па во Шпанија, а потоа од Мадрид во Дубаи. Тој и неговата сопруга – права Американка, а која зборува и македонски јазик, со нивниот спортски автомобил нè зедоа од хотелот и тргнавме на една подолга прошетка низ Дубаи. При разгледувањето на градот често зборувавме дека Дубаи со своите облакодери во центарот и со копијата на бројни архитектонски остварувања личи на Њујорк.

Нашите пријатели нè однесоа и во нивниот апартман на 45 кат токму во една од високите згради, за кои не информираа дека таму живеат претежно странци. Во нивниот апартман се чувствувавме како да сме во Скопје. Американката донела од Македонија многу сувенири, карактеристични македонски предмети, со што направила топло македонско катче во пустинскиот град.

Иако почитувањето и негувањето на традиционалната домородна култура е примарно, сепак, Обединетите Арапски Емирати, одат и пред своето време. Дубаи прави мамутски чекори и бргу се приспособува на условите, за да привлече што повеќе туристи и други деловни луѓе од целиот свет. За да му се угоди и да потроши што повеќе тој што дошол, понекогаш традиционалното се потиснува со современото и модерното, бидејќи „ѕвекотот на парите“ не разликува раси, вери и други кованици и предрасуди.

Бурџ Дубаи, која е највисоката зграда на светот, како да ги помести границите на човековата фантазија и реалност. Се издигна до врвот, (барем досега, а веќе стасуваат најави да биде надвишена на други места), на скалилата на модерното, новото и уникатното. Затоа, конкретно, Дубаи, е планетарна дестинација на глоб-тротерите на многу земји.

Градот го живее поодминатиот XXI век со ваквите престижни атракции, кои поради цената на чинење не биле изградени во другите светски метрополи. Меѓутоа, таквите чудесни архитектонски остварувања си нашле свое место во Дубаи. На милионите гости тие им го овозможуваатона што сакаат да го видат и почувствуваат, уживајќи во спојот на локалното со универзалното.

Дубаи има многу жешки лета, ама затоа зимите се многу пријатни, кога од декември до февруари, температурите се околу 31ОС. Летата се со јужни и врели ветрови и суви клими, тогаш просечно живата во термометрите се искачува и до 48-50ОС. Наоколу, пустинската клима е жестока а оваа земја е дом на повеќе специфични видови флора и фауна.

Во текот на нашиот престој се уверивме дека градот е еден вид цветна градина, каде има алеи од различни цвеќиња и украсни дрвја на секоја улица. Локалните власти го купиле системот за наводнување капка по капка од Израел и го адаптирале на свој начин за да го разубават градот, слично како нашите овоштари во Преспа.

Ние ги гледавме тие убави цветни градини кога специјалниот автомобил (специјален џип) на хотелот не носеше на прекрасната плажа, каде поминавме голем дел од нашиот престој. А плажата, која беше место за туристите кои престојуваат во неколку хотели во градот, навистина, беше убава, чиста, снабдена со повеќе мали угостителски објекти. Затоа гостите на плажата се чувствувавме опуштено, слободно и безбедно.

Инаку, внатрешното уредување на Обединетите Арапски Емирати, е приспособено на условите и барањата на седумте емирати, и, пак, функционира целината на држав-ниот политички систем. Владините претставници на земја-та се еден вид елитистички орбитариум, со славата, моќта и парите.

Дубаи е глобален бизнис центар, и една од најпознатите светски туристички меки. Градот има архитектонски креации што не постојат на друго место. Највисоката зграда е 828 метри над земјата. Навистина фасцинантно.

Наспроти тоа што е денес, кога малку ќе се прелиста литературата, ќе се види дека најраната населба со име Дубаи датира од 1799 година. Официјално е основана 1833 година. Малку се знае за почетокот, бидејќи се пронајдени само неколку прастари населби. Остатоци од древното Мангровно мочуриште од пред 7.000 години пред нашата ера, се откриени во близина на Дубаи Интернет Сити.

Провокација ни беше ноќната прошетка со луксузните џипови низ пустинската темнина. Помалку изгледаше како да сме на некои нови космички светови, бидејќи пејзажот, атмосферата, темнината и сè заедно, не пренесуваа во некакви други простори.

Сепак, тоа беше интересно доживување, зашто домаќините направиле многу досетки и финти, како да не однесат и вратат безбедно, а ние да почувствувате дека сме биле во филмот на една посебна ноќна пустинска атракција.

Во овој туристички дел од светот, доаѓањето, престојот и заминувањето, му доаѓа како една своевидна, инте-ресна приказна во пустинските недогледии, од каде се оту-ѓува педа по педа простор, за да биде оплеменет, дотеран и изграден. Сигурно ќе ја запамтиме приказната за Дубаи, градот кој лежи на нафта, во култивирана пустина, со многу модерна архитектонска регија на планетата Земја. Инаку, економија на Арапските Емирати е многу динамична и како брзорастечка, веќе се брои на четиринаесетото место во светот и трето место на Средниот Исток, веднаш по Катар и Кувајт.

Името на државата Обединети Арапски Емирати е самото описливо. „Обединети“ се однесува на федералниот систем на управување на државата, „арапски“ се однесува на етно-географското потекло на народот и регионот (види Саудиска Арабија) и „емирати“ се федералните единици каде управува емир. Поранешните имиња на државата биле Примирски Оман и Примирски Држави. Имињата ги добиле кога се ослободиле од британската колонизација и биле отфрлени со воведувањето на денешното име. Имињата потекнуваат од името Оман, а „примирни“ се однесува на примирјето меѓу Обединетото Кралство и локалните шеици.

Обединетите Арапски Емирати се изворно формирани од организираниот Арапски Полуостров низ јужниот брег Персискиот Залив и северозападниот брег на заливот на Оман. Тоа е дел на Оман и затоа е наречен Заливот на Оман . ОАЕ се создадени во 1971 кога емиратите се одединиле во една обединета држава . Таа е развиена во модерна високодоходна држава.

Престојот од една недела во Дубаи ни заврши како да беа неколку дена. Едно утро го напуштивме хотелот и се упативме кон аеродромот, од каде со авион отпатувавме до Истанбул, а потоа до Скопје.

Во текот на нашиот престој во Дубај бевме информирани дека исламот е официјална религија во Обединетите Арапски Емирати, но државата се труди да обезбеди религиска толеранција за сите останати жители од немуслиманска вероисповед и немешање во активностите кои ги има секоја религија. Според истражувањата на Министерството на Економија на Обединетите Арапски Емирати во 2005 година официјалните резултати за бројот на жители изнесува Муслимани 76%, Христијани 9% и Други националности 15% (Хинду и Будисдти).

Во Обединетите Арапски Емирати е висок стандардот во здравствениот систем, кој се задржал и за време на економската криза во државата. Според Владата на државата во периодот помегу 1996-2003 година се проценува дека се потрошени 436 милиони долари за целите на здравствениот систем. Според Светската Здравствена Организација во 2006 година е проценето дека 2,6% од трошоците се наменети за здравствено осигурување, додека трошоците за здравствено осигурување по глава жител изнесувал 673 долари.

Обединетите Арапски Емирати се една од најбрзо растечките туристички држави во светот, со сите потребни атрибути кои гарантираат незаборавено летување, сонце, море, песок, спорт, неповторлив шопинг, хотели и ресторани од А* категорија, интригантна традиционална култура и сигурна и пријатна атмосфера.


Punjab
Himalayas
Thar Desert
Aravalli
Garo
Khasi
Vindhyas
Chota Nagpur
Rann of Kutch
Satpuras
Deccan Plateau
Sundarbans
Western Ghats
Eastern Ghats
Lakshadweep Is.
Nilgiris
Andaman and Nicobar Is.
Cardamom Hills



*Калкута*



*Од погребот на Мајка Тереза*



*Есма и Стево во Индија*

# 13. ИНДИЈА

## 1. ИНДИЈА – ЗЕМЈАТА НА СКОПЈАНКАТА МАЈКА ТЕРЕЗА

Индија е земја која кај намерникот буди и возбуда и потрага по непознатото и љубопитство и предизвик да се види што поодблизу, да се почувствува што повеќе нејзината пулсација. За љубителите на уметноста таа е трезор на древните храмови; за етнолозите таа е земја во која се вкрстуваат повеќе религии и култури, во чуден спој, виден само во Индија; за историчарите и статистичарите таа е втора најнаселена земја во светот.

Според големиот број пишани материјали кои ги прочитавме при нашата посета, дознавме дека Индија е држава лоцирана во Јужна Азија и го зафаќа поголемиот дел од индискиот потконтинент, опфаќајќи многу значајни и историски трговски рути. Со крајбрежје од преку 7.000 километри, Индија дели граници со Пакистан, Народна Република Кина, Мјанмар, Бангладеш, Непал, Бутан и Авганистан. Шри Ланка, Малдивите и Индонезија се одделни островски нации. Индија е втора земја по број на жители во светот и седма по географска големина чиј главен град е Њу Делхи. Како дом на прастарата цивилизација на индиската долина и област на историските трговски патишта и пространи империи, индискиот потконтинент бил идентификуван со своите комерцијални и културни богатства во поголемиот дел од својата долга историја.

Четири од главните религии во светот: хиндуизмот, будизмот, џаинизмот и сикизмот, потекнуваат од тука, додека зороастризмот, јудаизмот, христијанството и исламот, пристигнале на тие простори во првиот милениум пред нашата ера и го оформиле регионот на разновидни култури.

Постепено, припиена од страна на Британскатаисточ-ноиндиска компанија од почетокот на XVIIIвек била колонизирана од страна на Велика Британија восредината на XIX век. Индија станува независна држава во 1947 година, по борбата за независност која била одбележана како ненасилен отпор предводен од Махатма Ганди. Индија е федерална уставна република со парламентарна демократија што се состои од 28 држави и унија на седум територии. Составена е од плуралистичко, повеќе јазично и мултиетничко општество, Индија, исто така, е дом на разновиден жив свет во најразлични заштитени животни средини. Индиската економија е единаесетта по големина светска економија и четврта по големина од паритетот на куповната моќ.

Од воведувањето на пазарната економија и економските реформи во 1991 година, економијата на Индија станува една од брзо растечките економии во светот, но, сепак, земјата продолжува да се соочува со сиромаштијата, неписменоста, корупцијата и предизвиците поврзани со јавното здравство.

Индија е класифицирана како една од ново индустри-јализираните земји. Таа е шеста држава во светот *„де факто"* држава со нуклеарно оружје и е трета по

големина вооружена сила во светот, а нејзините воени трошоци се рангирани на десеттото место во светот. Индија е регионална сила во Јужна Азија.

Оваа земја имала значајна улога во историјата на светот, бидејќи била место каде што се развивале четирите најголеми стари цивилизации кои биле центри на трговијата и големата владетелност.

Во Индија се развивале три големи религии: будизам, ламаизам и хиндуизам, а и исламот оставил неизбришлива трага. Цртежите од каменото време сведочат за постоењето на Индијците. Остатоците од првите населби во Индија се стари 9.000 години, а луѓето најчесто се населу-вале по долините на реките Инд и Ганг поради поволните услови за живот. Оваа земја имала неколку владетели кои биле од различни религии и на различен начин придоне-сувале за нејзиниот развиток.

Индија е држава која се протега на југ од Хималаите, преку рамничарскиот дел на Индискиот Полуостров, до Индискиот Океан, а на исток од Арабиското Море до Бенгалскиот Залив и реката Ганг.

Индија е земја на монсунските дождови, на старата цивилизација, земја на богатството и, конечно, на најсиромашните на планетата Земја.

Првите староседелци биле Дравидите кои живееле од IV до VI век пред Исус Христос, потоа од север дошло племето Аријци, кое со Дравидите војувале повеќе од илјада години, до нивниот пораз.

За оваа вековна нетрпеливост и омраза меѓу овие два народа се напишани многу легенди, особено во ариевските верски книги, а подоцна и во Махабхарата и Рамајана, светски познатите дела на санскритски јазик.

Индија има бурна историја, почнувајќи од пред нашата ера до денешни дни. Богатството на Индија како што е зачинот, златото, слоновата коска и скапоцените камења, привлекувало голем број освојувачи уште од древни времиња. Еден од нив бил персискиот цар Дариј I, кој успеал да ја покори Индија и да го формира држава која ја нарекол Пенџаб.

Се чини дека Индија го одушевила и го магепсала и големиот војсководец и освојувач Александар Македонски. Така, според голем број извори, и тој откако го покорил Персиското Царство на Дариј, во летото 327 година пред Христа тргнал по неговиот пат за Индија, поробувајќи голем дел од сегашна Индија и дошол до реката Ганг. Треба да се нагласи дека додека Александар Македонски бил во Персија, особено по освојувањето на градот Суса, каде што била одржана голема свеченост со парада на војската, со одликување и награди за заслужните борци, големиот освојувач дошол на идеја за збратимување со Персијците и создавање единствен свет.

Се стремел да ги спои македонскиот и персискиот народ и да направи асимилација на персиската аристократија. Затоа им предложил на своите офицери и војници да се оженат со Персијки, придржувајќи се на персиските обичаи за полигамија. Во таа пригода покрај него во брак стапиле уште 80 хетери и 10.000 војници.

# 2. АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ ВО ИНДИЈА

Според романот „Александар Македонски", чиј превод од англиски на македонски јазик го направи авторот на овој текст, Славе Катин се вели дека основната цел што го поттикна Александар да оди во Индија не беше заради победување или заради враќање на ахеменидската моќ. Тој отиде уште подалеку.

Со одењето во Индија имаше намера да втаса до источниот крај на светот. Доколку се сака да се разбере тоа, мора да се разјаснат географските поими за кои беше информиран. За античките Грци, Индија беше најисточната земја со населен свет, според Хекатеј, како и според Херодот и Ктесија, но никој од нив не ја видел Индија.

Нејзиниот источен брег го заплискуваа брановите на океан што ја окружува земјата. Колку тесна беше нивната концепција за големината на Индија се гледа во изреката на Аристотел, дека штом се премине планината Парнас (т.е. Хинду-Куш), се појавува надворешното море (океанот). Александар Македонски израсна со уверувањето дека Индија е источната крајна граница на светот.

Ова доаѓа од одговорот до Фарасман, кога му рече дека сака да ја потчини Индија, „бидејќи тогаш тој целосно би ја имал Азија во свои раце". Ова јасно го изразува неговиот мотив дека тој не сака, како Ахеменидите, да ја носи само титулата суверен на светот, туку да стане реален суверен на светот кој ја проширил својата империја до природната граница на населениот свет.

Оваа идеја за светски суверен што со години беше во неговите мисли, сега започна да се реализира со навлегувањето зад претходната источна граница на Персиската империја.

Целта на Александар Трети Македонски (Велики) за походот во Индија била создавање нова светска монархија, запознавање со нови народи, нови морски патишта, нови економски односи и да се достигне крајниот свет, што во тоа време се мислело дека „таму е крајот на светот".

Походот на Александар Македонски бил поддржан од околу 120.000 војници, кои тргнале од Бактрија на чело со големиот Александар, преку денешен Авганистан и Пакистан, до Индија. Оваа експедиција го чинела Александар многу труд, борби и војници.

Во „земјата на чудата" Македонците влегле во 326 година пр.н.е. Индискиот цар Пор дал силен отпор и тоа била една од најкрвавите Александрови битки, но како и во другите делови на Земјината топка тој ја остварил својата цел – покорил дел од Индија. Се смета дека Александар во освоениот дел на Индија изградил 12 храмови со височина од 22 метри, кои ги посветил по имињата на своите богови, како Амон, Аполон, Херкул...

На огромен обелиск напишал „Тука застанал Александар". Исто така, и во Пенџаб и долж реката Инд изградил многу градови, пристаништа и бродоградилишта, со што се воспоставиле цврсти врски меѓу Античка Маке-донија и Индија.

Затоа, со право се вели дека со Александровите походи и освојувањата, дошло до големи промени во историјата на човештвото. Во воена смисла се истакнува дека Александар како војсководец бил таков гениј како никој друг во историјата.

Се изнесуваат неговите лични особини, натпросечна интелигенција, големо другарство, храброст, дисциплина, неговите доблести во управувањето и контролата на Македонската Империја. Особена позитивно се оценуваат неговите настојувања за глобализација и создавање мостови на соработка меѓу народите на Европа, Азија и Африка.

Индиските уметнички производи се доста познати на целиот свет околу 5.000 години. Народната уметност секогаш била една од основите на индиската економија, бидејќи производите биле извезувани во многу земји - од Египет до Кина.

Така, индиската жена, по традиција, мора да биде украсена од главата до петиците.

Главните украси од сребро, потоа и дијаманти вклучуваат во себе изработени клинци со розетки, приврзоци, ѓерданчиња и венчиња (што се ставаат во косата), обетки, бразлетни (со различни украси) и прстени.

Половината ја опашуваат со широки појаси на кои се ставени по неколку редови синџирчиња и други приврзоци. Филиграниски производи се ставаат и на прстите на рацета и на нозете.

Квалитетот на украсите што ги носат жените зависи од материјалната состојба на семејството, но нивниот број најчесто е поголем само на празнични денови, додека жените на село своите украси - нараквици, прстени, обетки и друго, ги носат постојано.

Традиционална и најзастапена женска облека е сарито - ткаенина со должина од 4 до 9 метри, која како завеса го обвиткува женското тело. Шарата на секое сари е неповторливо уметничка композиција.

Таа може да биде исткаена, печатена, везена или нанесена при процесот на боењето. Бенарес е центар каде што се изработуваат скапоцени сари, сребрени шалчиња и шамии со најбогата орнаментика, испреплетени со златни и сребрени конци.

Низ цела Индија се изработуваат најразновидни производи од метал, преку лиење, жешко и ладно,ковање и изработка на филиграни. Металниот прибор секогаш го придружува орнаментика.

Орнаментот се нанесува со гравирање, со чекан, ковање и зарежување. Често гравираната шара се прелива со бојосан емајл или со специјални лакови.

Најпознати се месинговите и бронзените изработки со емајл во државата Раџастан, каде се изработуваат во легени со зафатнина од неколку литри вода, и помали - јувелирни украси, а по вакви предмети се познати и мајсторите од Кашмир.

# 3. МАКЕДОНСКА ДЕЛЕГАЦИЈА ЗА ПОГРЕБОТ НА МАЈКА ТЕРЕЗА ВО КАЛКУТА

Уште еден занает, раширен низ цела Индија, е плетењето. Од слама, јута и палмини влакна, украсени и најукрасени, се плетат најразлични предмети како рогозини, кошнички, салфети, дамски чанти и торби за домаќинствата, капи итн.

Речиси сите видови уметнички занаети биле во застој за време на долгите години на англиското колонијално владеење. По добивањето на независност, големо внимание почна да се посветува на обновувањето на занаетите и на нивниот натамошен развој.

Во сите делови на Индија се создадени производствени корпора-ции на занаетчии, а се отворени специјализирани продавници за уметнички и занаетчиски производи. Во современа Индија занаетите заседоа едно од врвните места во националната култура на земјата.

Во туристичко-историска понуда стои дека пробивот на освојувачите во Индија доведува до обединување на делови на северот од земјата во моќното Царство Магатха, едно од најзастапените во стариот период на Индија, кое егзистирало повеќе векови. Меѓутоа, во текот на времето навлегува хинду религијата, будизмот, потоа исламот и христијанството и во еден подолг период се градат големи храмови и други споменици кои зборуваат за историскиот развој на оваа земја.

Подоцна Индија станува колонија на Велика Британија. Британците ја изградиле првата железничка пруга и поврзале многу значајни историски и економски простори на богатата Индија. Тие го наметнале англискиот јазик во земјата на Индусите кои зборувале десетици дијалекти и тешко можеле да се разберат меѓу себе, за потоа англискиот да стане службен јазик.

Сè до 1920 година кога Махатма Ганди го презема водството на Конгресот, а потоа Нехру ја подига националната свест кај народот, за во 1942 година да се ослободат од британската управа и во 1947 година да добијат целосна независност.

При посетата на Калкута од страна на делегацијата на Република Македонија присуствуваа: министерот Владо Наумовски, градоначалникот на Скопје, Ристо Пенов, авторот на овие редови како потпретседател на Комисијата за односи со верските заедници и Јасминка Миронски, уредник во весникот „Нова Македонија". Кога стасавме во градот беше запурно и тешко се дишеше.

Уште со доаѓањето на аеродромот ја почуствувавме климатската непријатност. За време на посетата на Калкута ни беше речено дека никој точно не знае колку жители има градот, зашто стотина илјади немаат друго живеалиште освен мало местенце на улиците, па не е можно да се опфатат во статистиката. Велат дека „голема Калкута", со индустрискиот појас и предградијата, има повеќе од десет милиони жители.

Калкута е пристаниште низ кое поминуваат повеќе од 15 милиони тони стока годишно и е оддалечена од морето стотина километри. Таа се протега на голема површина па тешко е да се каже дали отсекогаш е голема или мала во лавиринтот на нејзините фабрички оџаци, старите бунгалови и новите повеќекатници, пространите авении и тесните сокачиња.

Калкута е огромен град изграден на најнепогодна подлога од солени мочуришта. Оваа џиновска населба е многу млада; од пред три века Калкута била анонимно рибарско селце на еден ракав на Ганг во споредба со некои други градови во Индија.

„Вистинска Калкута“ се калкутските улици. Тесни, меѓу ниските, речиси импровизирани згради, покриени со лим или ќерамиди. Тоа е простор со ќепенци на кои стои трговец меѓу полиците пренатрупани со тегли и канти од кои испаруваат топли јадења со силен мирис. Овде се туркаат луѓето, често голи до појас и со испотени лица.

На тие и такви улици тропаат милиони велосипеди, се влечат рикши во традиционален кас, а меѓу нив, пак, се пробиваат автобуси. Редици канти и ќупови чекаат покрај железните пумпи за вода која тече многу бавно. Таква е Северна Калкута, таква е и Јужна Калкута, градот на најголем број сиромаси и бездомници.

Во Калкута бевме кога монсунските дождови беа многу интензивни. Излегувавме неколку пати од хотелот со цел да се запознаеме со интересни споменици на културата и воопшто со животот во тој милионски град, каде е тешко да се одреди бројот на жителите.

Улиците беа преполни со пешаци и беше многу тешко автомобилот да се пробие низ толпата луѓе. Секој секому му свиреше, секој возач се лутеше еден на друг, но како да имаа непишано правило да не се судрат или физички да се пресметуваат.

Повод за нашата посета на Индија и престојот во Калкута беше смртта на најхуманата личност на минатиот век - скопјанката Мајка Тереза, или како што е нејзиното родено име Агнеса Гонџа Бојаџиу.

По стапнувањето на почвата на Калкута веднаш стекнавме чувство на блискост со Мајка Тереза, со која во една прилика се сретнавме во Скопје. Тогаш се запознавме со мисионерката која од Скопје со себе ја понесе идејата дека љубовта треба секому да му се дарува а тагата со секого да се споделува.

Инаку, за Мајка Тереза е запишано дека таа стана добитник на бројни признанија и награди за исклучително хумано ангажирање во згрижување на најсиромашните од сиромашните, поради што ја доби и Нобеловата награда за мир. Мајка Тереза почина на 5 септември 1997 година, во Куќата на милосрдието што таа ја основа во Калкута.

Крајот на животниот пат на еден од најголемите алтруисти на столетието ги трогна сите, но, секако, најмногу оние кои ги почувствувале хуманоста и бенефициите од нејзините активности - гладните, бездомниците. Немоќните и болните.

# 4. СВЕЧЕН ПОГРЕБ ЗА ГОЛЕМАТА МИСИОНЕРКАТА

Легендарната мисионерка Мајка Тереза е добитник на Нобеловата награда за мир, на наградата УНЕСКО за придонес во образованието, на индиската награда „Џаваха-рлал Нехру", на наградата „Универзална мајка" и на многу други награди и признанија.

Меѓутоа, за Мајка Тереза најголема награда и признание претставуваше моментот кога некому даваше помош. Таа беше една од оние кои се борат да се надмине сиромаштијата и бедата што му се заканува на човештвото. Затоа, ја заслужи почитта за нејзината хумана истрајност, за да стане легендарна мисионерка.

Погребот на Мајка Тереза се изврши во Калкута, каде по богослужбата во црквата „Свети Томас", всушност, започна погребната церемонија. Имено, колата со ковчегот на Мајка Тереза влезе во преполнетиот затворен стадион Нетаџи, кој, иако преполн со илјадници лица и високи државни функционери, кралски и дипломатски претставници, за момент се исполни со тишина, како израз на исклучителниот респект кон животот и делото на големиот хуманист кој целиот свој живот го посвети на сиромашните, на кои им подари добрина и љубов.

Свечената церемонија се одликуваше со одлична организација на индиските власти, кои на Мајка Тереза ѝ приредија државен погреб, со исклучителна љубов. Белите букети цвеќе, аранжирани ненаметливо, едноставно, а сепак доминантно, каков што беше и животот на легендарната мисионерка.

Меѓу многуте светски делегации се наоѓаа премиерот и претседателот на Индија, првата дама на САД, Хилари Клинтон, кралицата Нор од Јордан, првата дама на Франција, леди Бернадет Ширак, сопругата на премиерот на Канада, Алин Кретјен, Соња Ганди, војвотката од Кент, пре-тседателот на Албанија, претседателот на Гана, повеќе министерски делегации, поранешната кралица на Белгија и Други јавни личбости

Свечената церемонија на која присуствувавме заврши по 3,5 часа кога македонската делегација во името на целиот македонски народ и на државата - Република Маке-донија положи венец во знак на почит од македонските граѓани, а особено на скопјани, чија сограѓанка беше Мајка Тереза.

Последен поздрав на благодарност од сите присутни и од сите оние кои ја сакаа и ѝ оддадоа признание, упати нејзината наследничка сестра Нирмала. Таа, меѓу другото, нагласи дека животот на Мајка Тереза претставувал *„жртва, молитва и љубов за сите, особено за најсиро-машните од сиромашните".*

На крајот свечената церемонија заврши со молитвени песни кои ги пееја хорот на мисионерките од нејзиниот ред, а потоа телото на Мајка Тереза беше однесено до нејзината Куќа на милосрдието во центарот на Калкута. Во овој десетмилионски град подолго време се чувствуваше присуството на Мајка Тереза, нејзините слики, нејзините молитви, нејзиното дело...

Во текот на престојот, делегацијата од Република Македонија имаше одвоени средби со министерот за правосудство и законодавство на Западен Бенгал и со градоначалникот на Калкута. На двете средби се разговараше за можностите за развој на соработката меѓу Република Македонија и Индија, како и на градовите Скопје и Калкута.

Притоа, беше истакната потребата од обновување на некогашните врски, контакти и можности за вклучување на Република Македонија за посматрач на Движењето на неврзаните. Исто така, беше покрената и иницијатива за збра-тимување на градовите Скопје и Калкута и за поставување спомен-плоча на гробот на Мајка Тереза во Калкута, на која би било одбележано дека таа е скопјанка од Република Македонија, на која граѓаните од Скопје и' изразуваат почит кон нејзиното големо дело што таа го направи, а светот тоа знаеше да го цени и почитува.

Инаку, оваа исклучителна жена, која беше прогласена за најголема хуманистка на XX век, припаѓаше на Скопје, Калкута и на целиот свет. Но, за време на една од неколкуте посети на Скопје во 1980 година, запрашана дали по националност е Македонка, Влаинка, Албанка, Србинка или нешто друго, изјавила на начин типичен за нејзиниот животен стил: *„Се чувствувам како граѓанка на Скопје, мојот роден град, но му припаѓам на светот, во исто време".*

Бевме исполнети со задоволство од посетата на Индија, но бевме тажни зошто таму отидовме поради тажниот настан. Задоволството беше големо кога слетавме на аеродромот „Хитроу" во Лондон, а оттаму се упативме кон Македонија за да го заокружиме нашето патешествие по еден голем дел од светот, од Калкута преку Лондон до Скопје.

Слично патување имала и Мајка Тереза која засекогаш заминала во спротивна насока, од Скопје преку Ирска до Калкута, а оттаму во вечноста.

Есма е најголем промотор на ромската и на македонската музичка приказна насекаде низ светот. Таа и Стево пееле за сиромашните и беспомошните во Индија, Мексико, Пакистан, Иран и други земји во светот. Затоа, Есма Реџепова-Теодосиевска не случајноја нарекуваат втора Мајка Тереза

Македонската естрадна уметничка, Есма Реџепова - Теодосиевска е родена на 08.08 1943 година, во Скопје. Потекнува од сиромашно работничко семејство. Но, потеклото и историјата на нејзиното семејство е интересно, преселничко, составено од повеќе нации, космополитско, во кое царувале трите најважни светски религии: еврејската, муслиманската и православната.

Есма пеела за беспомошните во Индија, Мексико, Србија, Босна, Пакистан, Хрватска, Иран и други земји во светот, но најмногу во Македонија. Таа е најголем промотор на ромската, особено на македонската музичка приказна насекаде низ светот. Затоа, Есма Реџепова-Теодосиевска не случајно, ја нарекуваат втора Мајка Тереза.

# 5. СТЕВО И ЕСМА ПО ПАТОТ НА АЛЕКСАНДАР ДО ИНДИЈА

Тие заедно, безгранично ја сакале својата земја и во себе ја носеле и ја ширеле традицијата на македонскиот и ромскиот народ, кој како трепет е прелеан низ звуците што се шират. Нивното заедничко мото „Ако имаш две, подари едно" било и е доследно на нивната мисија да даруваат на кого му е потребно.

За време на заедничката кариера Стево и Есма Теодо-сиевски, присвоиле 47 момчиња, ги здомиле, воспитувале, образувале, овозможувајќи им да завршат музичко училиш-те во нивниот дом и сега сите тие имаат сопствени музички кариери. Денес Есма, со нејзина целосна поддршка ја финансира девојка Елеонора Мустафова, која се очекува да биде соодветна замена во пеењето.

Покрај создавањето на вака бројно музичко семејство, Есма Реџепова - Теодосиевска и Ансамблот „Теодосиевски" имаат одржано повеќе од 2.000 хуманитарни концерти, имаат спроведено повеќе хуманитарни активности и донации, од кои би се издвоила донацијата направена за градот Скопје „Домот на хуманоста и Музејот на музиката на Есма и Стево Теодосиевски", во кој живееше Есма Реџепова–Теодосиевска.

Со право се вели дека хуманоста и борбата за мир со песна и благородни дела е основна содржина и богатство на животот на Есма. Со порака за мир, Есма со Ансамблот „Теодосиевски" престојуваше во многуте кризни подрачја во светот, зафатени со војни, природни катастрофи, епидемии, охрабрувајќи ги и духовно помагајќи им на луѓето да ја пребродат кризата.

Сепак, Есма и Стево најпосле си зеле парче време само за нив, само за двајцата главни носители на Ансамблот „Теодосиевски". Есента, 1968 година, решиле да го кажат своето судбоносно – ДА. Објавиле венчавка и тоа двојна. Едната во Драчево, според традиционалните ромски обичаи, и втората, според желбата и очекувањата на Паца, мајката на Стево, која сакала свадба според македонските – кочански традиции.

Бидејќи во тој период по свадбата била закажана турнеја по далечната Австралија преку Матицата на иселениците од Македонија, па таквиот спој, направил интересна комбинација за да биде тоа и концертно и свадбено патување.

Австралија е интересно поднебје и предизвик, дестинација и туристичка и музичка. Од студената европска зима новиот ансамбл „Есма - ансамбл Теодосиевски" се приземјил на врелата летна австралиска почва. Одржале голем број концерти во Сиднеј, Мелбурн, Перт, Аделаида, Канбера, Волонгог...

Со широко срце биле дочекувани од нашите доселеници Македонци, на кои со секоја песна се труделе да им пренесат и донесат, парче роднокрајни убавини и поздра-ви. На концертите присуствувале многу Австралијанци, кои не можеле да ги задржат солзите. Емоциите биле силни од двете страни.

Набргу по враќањето од Австралија, следело ново патување. Тоа било прво гостување на индискиот потконтинент. Влезната врата им била градот Бомбај. Таму се претставиле со популарни ромски, но и други нумери. Почнале од конзулатот за потоа да засвират и запеат за јуградежниците на работа во Индија. Следел концертот во „Интернационал" за членовите на дипломатскиот кор.

Есма и Ансамблот „Теодосиевски" добиле интересна покана која не можеле да ја одбијат. Тоа било многу голем настап на некаков „Каменов брод". Брод од флотата на Индиската морнарица кој бил направен од бетонски и камени делови. Непосредно пред концертот, слетал хеликоптер со првиот адмирал на индиската воена флота, кој специјално дошол сакајќи да присуствува на концертот на гостите од Европа.

Морнарите и сите присутни, без малку на раце ги кренале Есма и музичарите, восхитени од уникатниот настап и специфичниот и редок вокал на солистката.

Во сите земји ширум земјината топка прозвучела ромската и македонската песна, носени од моќниот глас на Есма Реџепова-Теодосиевска. Со години светот ја препознава по нејзината ретко убава песна „Зошто си ме мајко родила" и „Чајорије шукарије" (Убаво девојче) и одговорот на овие стихови е веќе кристално јасен дека таа е на овој свет поради една своја мисија – да пее, да облагородува, да помага...

Инаку, што се однесува до културата во Индија, таа е обликувана според нејзината долга историја, единствената географија, најразличната демографија и апсорција на обичаи, традицијата и идеите на некој од своите соседи. Но секако и зачувување на своето античко наследство, кои биле формирани за време на цивилизацијата во долината на реката Инд и кои продолжиле да се развиваат во Ведскиот период, прифатени или отфрлени од Будизмот, Златната Доба, Муслиманското освојување и Европската колонизација. Огромното шаренило на религијата, јазиците, обичаите и традицијата во Индија ја илустрираат оваа исклучителна мешавина, во последните пет милениуми. Различната Индиска традиција и религија кои произлегуваат од ова соединиување имале големо влијание во светот.

Индија е родно место на древните религии како што се  Будизмот, Хиндуизмот, Џаинизмот и Сикизмот. Древните религии попознати како Индиски религии претставуваат форми на светска религија веднаш до Аврамските. Денес во светот Хиндуизмот и Будизмот претставуваат трета и четврта најголема религија со околу 1.4 милијарди следбеници.

Индија е една од најголемите религиозно различни нации во светот, со длабоко религиозно општество и култура. Религијата сè уште игра централна и дефинитивна улога во животот на поголемиот дел од населението.

Процентуално 80.4% од населението во Индија се следбеници на Хиндуизмот, додека 13.4% од населението се Муслимани. Јанизмот и Сикхизмот, а особено Будизмот се влијателни не само во Индија туку и ширум светот. Исто така и Христијанството и Јудизмот се застапени во Индија меѓутоа во многу мал број.

И покрај силното влијание на религијата во животот на луѓето, присутен е и атеизмот заедно со толеранцијата кон другите вери.

Тие немале време за одмор, бидејќи влегувале од една во друга гостувачка тура. Во годините на маестралниот подем на Ансамблот, добиле покана за повторно гостување во Индија од Романолошкиот институт, и за учество на Првиот фестивал на ромската музика во градот Чандигар.

Не само што поканата била прифатена, туку на пат до Индија тргнале малку со авантуристички дух. Толку далеку решиле да тргнат со свое возило минувајќи низ какви сè не  предели, планини, реки и долини, снегови и дождови, и сè така, до портите на Чандигар. Или тоа со обична математика значи, дека извозиле 7,5 илјади километри пат до Индија.

Сите години заедно со Стево Теодосиевски, сè до неговата смпт, одржале многубројни концерти по целиот свет. Меѓутоа, концертите во Инсија ќе останат во трајно сеќавање. Имено, во Пенџап, од каде се корените на ромскиот јазик во 1976 година, Есма и Стево се прогласени за „Кралица и Крал на ромската музика во светот". Затоа тие изјавиле дека во Индија се чувствуваат како дома.

Пролетта, 1974 година, во домот на Теодосиевски влегол човек во години. Тој бил црномурест и бил менаџер по име Риши кој дошол од Индија како директор на Романолошкиот институт.

Неговата цел била да ги запознае Есма и Стево и да го испита пулсот дали имаат желба да патуваат за Индија на ромскиот фестивал. Секако, дека една таква укажана чест и лично врачена покана од организаторот, не можела да биде одбиена и пропуштена. Туку и тоа индиско патешествие со толку почести и внимание, уште повеќе го дополнува богатиот мозаичен естраден живот.

Како резултат на преговорите со менаџерот од Индија, Есма и Ансамблот „Теодосиевски" гостувале во градот Чандигар, каде се одржал Светскиот фестивал на ромската музика, со учество на  претставници од 20 земји од светот. Таму Есма и официјално била прогласена за „Кралица на ромската музика".

Меѓутоа, како што им прилега на „Крал и Кралица" во престолнината на Индија – Њу Делхи, им укажале висока чест и уживање, претседателот и премиерот на Индија, Индира Ганди, примајќи ги во своите официјални резиденции...

Средбата била незаборавна. Многу спомени, многу искушенија. Таму, во Идија Есма ги нашла корените на својот ромски јазик, на своето дамнешно потекло. Сето тоа Есма и Стево го почувствувале со возбуда и одушевување. Затоа, во нивните изјави рекле дека во Индија се чувствувале како дома во Македонија.

Повторно Есма и Стево со другарите биле поканети повторно да патуваат во Индија. Откако биле возвишено испратени од Првиот фестивал на Ромите, и по постигнатиот успех, тие заминале да учествуваат и на Вториот фестивал кој го отворила Индира Ганди, а настапот на Ансамблот „Теодосиевски" бил проследен со многу симпатии. Во Њу Делхи се сретнале со претседателот на Републиката, кому му донеле дарови од својата татковина.

Тогаш одржале специјален концерт во претседателската палата. Исто така, присуствувале на 94. роденден на легендарната личност на Индија и светот, Џавахарлал Нехру, во неговиот град Алахабат. Таму била и родната куќа на Индира Ганди. Се разбира, и сето тоа не поминало без музичкиот настап на Есма и Стево.

Во дел од биографијата на Есма Реџепова-Теодосиевска, меѓу другото е запишано дека таа како естраден уметник одржала илјадници концерти насекаде во светот, околу шестотини композиции се трајно впишани на плочи касети и компакт-дискови, отпеани на 20 јазици; теле-визијата - како електронски медиуми ѝ има отстапено многу часови; има добиено повеќе од 2.000 благодарници за хумано дело, затоа ја споредуваат со Мајка Тереза.

Таа е носител на златен и сребрен Титов медал за особени придонеси во културата во поранешна Југославија; добила златен медал за „Пејач на милениумот", доделен во Москва во конкуренција на врвни пејачи од 83 земји; добитник е на наградите „13 Ноември" и „20 Ноември", освојувач е на наградата на УНИЦЕФ во Белград и носител на првиот пасош од Детската амбасада  во светот; два пати била кандидат за Нобеловата награда за мир зад чија кандидатура се потпишале повеќе од 50 невладини хуманитарни институции од татковината и ширум светот;

Носител е на титулата „Примадона на европската песна" и „Кралица на ромската песна во светот"; добитник е на државната награда „Мајка Тереза"; добила „Орден за заслуги на Македонија" и, исто така, добитник е на титулата „Национален уметник на Македонија".

Освен бројните видео клипови, Есма Реџепова се појави во неколку филмови, и измислени и документарни. Дебитираше како глумица во „Крст Ракоц", југословенски филм објавен во 1962 година, а во главната улога ја играше Бата Живоиновиќ.

Во 2000-тите Реџепова ја продолжи својата филмска кариера. Таа се појави во четири документарни филмови во текот на деценијата, почнувајќи од германската Им Герцен де Лихтс - Die Nacht der Primadonnen во 2002 година. Потоа беше проследено со „Кога патот се наведнува ..."

Приказни за цигански караван во 2006 година, документарен филм за пет роми музиката дејствува на нивната турнеја низ САД. Таа сепак беше многу несреќна поради овој филм и сликата што ја дава за нејзината заедница.

Мислеше дека публиката ќе замисли дека сите Роми живеат во неволји, игнорирајќи дека има Роми од средна класа, исто како и самата. Филмот „Rromani Soul", објавен една година по и во режија на Луј Муше, го карактеризира Есма како водич за вистинското потекло на Ромите што се наоѓа во Каннај, Утар Прадеш од ромскиот јазичар Марсел Куртијад. Во 2009 година таа се појави во вториот германски документарен филм, Балкан душа и цигански блуз


LEB
SYRIA
GOLAN HEIGHTS
Nahariyya
Akko
Haifa
Zefat
Tiberias
Nazareth
Hadera
Netanya
Mediterranean Sea
Tel Aviv-Yafo
Dan
Ephraim
Gad
Benjamin
Jerusalem
Ashqelon
Bethlehem
Reuben
Judah
Hebron
Be'er Sheva
Simeon
ISRAEL
Judah
JORDAN
SAUDI ARABIA
EGYPT
32°
0 25 50 mi
30°
0 25 50 km
33°
34°
35°
Elat
36°
37°



*Ерусалим*



*Витлеем - родното место на Исус Христос*



*Масада*

# 14. ИЗРАЕЛ

## 1. ИЗРАЕЛ - ВЕТЕНАТА БИБЛИСКА ЗЕМЈА

Да се посети Светата земја значи да се доживее нешто што останува трајно во сеќавањата на посетителот, нешто недоживеано, и библиски и свето и човечко; нешто ново што е карактеристично само за Израел, за еврејскиот народ и за арапскиот свет, а најмногу за христијаните. Тоа го потврдивме при нашата посета на оваа по многу нешта единствена и карактеристична земја, каде се доживува едно неописиво чувство на чудна мешавина на старото и на новото, на историјата, на Библијата...

Таму се чувствува духот на историјата; таму човек се запознава со библиските преданија, со сѐ она што е поврзано со трите вери на човекот: јудејската, христијанската и муслиман-ската.

Таа е земјата каде се обединија еврејските племиња - Израелците и Јудејците во едно царство на чело со водачот на Јудејците, царот Давид. Тој успеал да ги разбие Филистејците, а Ерусалим – Светиот град да го прогласи за престолнина на државата.

Во Ерусалим, царот Соломон, синот и наследникот на Давид го изградил прочуениот Храм посветен на еврејскиот Бог Јехова, храм од кој денес е останат само Ѕидот на плачот, симболот на секојдневната средба на Евреите од целиот свет со својата судбина. Израел за христијаните е Света земја и местото каде се родил Исус Христос - синот Божји, кој дошол меѓу луѓето, ги подучувал да се здобијат со добродетелство, да му служат на доброто, а да го избегнуваат злото.

Ерусалим е местото каде Исус Христос бил осуден на смрт со распнување на крст, за потоа да воскресне. Таму, во Ерусалим се наоѓа Куполата на карпата и џамијата Ал-Акса, чие име значи „најдалечниот пат" за што муслиманите веруваат дека по Мека и Медина, Ерусалим е третиот град по значење во исламот, од каде пророкот Мухамед го примил Куранот.

Посетата на Израел, а со тоа и на најголем број свети места, ја остваривме заедно со поранешниот министерот за иселеништво на Република Македонија, м-р Мартин Тренески и нашите сопруги. Посетивме бројни свети места, значајни културно-историски и други споменици кои оставија длабоки траги кај нас како посетители.

А желбата на секој дојденец, верник, намерник или случаен патник е повторно да ја посети Ветената земја за поубаво да се доживее и да се почувствува сѐ она што го оставила историјата на човекот. А, таму во Израел има што да се види, да се научи, да се доживее, да се прошират видиците, сознанијата, духот и духовното живеење.

Таму човек се чувствува повозвишен и позначаен како човечко битие. Таму луѓето зборуваат различни јазици: од еврејски и англиски до руски, шпански и македонски, но нивните срца и чувства се едни исти израелски.

Таму се отвораат сите сетила и секој кој ќе дојде во Израел, се труди што повеќе да види, да научи, да почувствува, да запамети како сознание, да го доживее сè она што се случувало со векови пред и по христијанството, како и во сегашноста во третиот милениум.  Од литературата бевме информирани дека според библиските преданија Израел, значи човек кој се бори со Бога. Тоа е име што му го дал ангелот на Јаков, непосредно пред состанувањето со брат му Исав, на крајот од тешката ноќна борба со непознатото битие.

Неговите дванаесет синови се зачетници на дванаесетте племиња израелски; а изразот „синови израелски" ги означува сите Евреи. Првиот израелски цар бил Саул. По него дошол далеку помоќниот Давид, кого го наследил син му Соломон. По неговата смрт царството се распаднало на два дела, Јужно Царство – Јудеја и Северно Царство – Израел.

Израел било поголемото и помоќното царство составено од десет племиња со двојно поголемо население од Јудиното Царство и имало три пати повеќе земја и обработлива почва. Земјата се збогатила преку трговија зашто низ неа минувале значајни трговски патишта.

Таквата состојба траела околу 200 години, сè до освојувањето на Асирците во 721 година пред Исус Христос, кога племињата биле раселени низ Сирија и Северното Царство. Ова Израелско Царство никогаш повеќе не се обновило под истото име сè до 1948 година, кога се појавила втората, денешната држава Израел.

Инаку, Израел или на еврејски Мединат Исраел, е еврејска држава во Палестина, во Ветената земја на Евреите, во која дошле после ропството во Египет и долгото лутање по пустината. Името, пак, Палестина, на еврејски Ерез Исраел (потекнува од Филистејците, најголемите непријатели на Евреите), го добила своето име од Римјаните. Сите настани во Светото писмо (Библијата) се случувале токму во Палестина, која секогаш е третирана како родна земја на Евреите.

Зборот Евреин, на еврејски Иврим има неколку значења. Едно од значењата е: дојденци, оние кои дошле од друга земја, име со кое другите народи ги нарекуваат Израелците. Аврам се нарекувал Евреин, а Мојсеј добил заповед на фараонот да му предаде порака од „еврејскиот Бог". Во Новиот завет, во делата апостолски со името Евреи се нарекувале палестинските христијани, кои зборувале еврејски или арамејски. Не постои израз „еврејски" или „еврејски јазик" како ознака на древниот јазик на Евреите во Стариот завет. Таму древниот еврејски јазик се нарекувал канански или јудејски јазик.

Во црквата "Раѓањето на Исус Христос", во најсветото место на сите христијани – Витлеем, Божик се слави три пати во текот на годината, католиците го слават на 25 декември (според Грегоријанскиот календар), православните христи-јани на 7 јануари (според стариот – Јулијан-скиот календар), додека верниците на Ерменската право-славна црква го прославуваат на 19-ти јануари.

# 2. ВИТЛЕЕМ – РОДНОТО МЕСТО НА ИСУС ХРИСТОС

Според Новиот завет, Исус Христос е роден во градот Витлеем, најсветото место од сите свети места за христијаните. Секоја година лјадници верници и посетители доаѓаат во Витреем да се поклонат на светото место во пештерата и во црквата “Раѓањето на Исус Христос”.

Овој храм доживеал многу архитектонски градби и надградби и постојано бил зголемуван во различни периоди од историјата. Црквата претставува творечко постигнување на човештвото преку вонредно убавите креации на повеќе библиски мотиви, содржини и специфични христијански карактеристики.

Денес Витлеем е туристичко место и е преполн со гости од целиот свет, особено за време на деновите на одбележувањето на раѓањето на Исус Христос. - Божиќ. Таму Божик се слави три пати во текот на годината. Католиците, кои се собираат од целиот свет, заедно со палестинските Католиците го слават на 25 декември (според Грегоријанскиот календар), православните христијани го слават на 7 јануари (според стариот - Јулијанскиот календар), додека верниците на Ерменската православна црква го прославуваат Божиќ на 19-ти јануари.

Витлеем се наоѓа на десетина километри јужно од Ерусалим. Градот е лоциран на планината Јудеја и по многу нешта наликува на ридот од библиските времиња. Денес на овие карпести површини се изградени свети христијански места, цркви, манастири и други верски објекти, во знак на сеќавање на божиќната ноќ.

Сето тоа го враќа верските изглед на Витлеем  како во времето од раѓањето на Исус Христос, на Божик. Витлеем е град под палестинска автономија, со население од околу триесетина илјади жители, од кои околу 70% се муслимани, а 30% се христијани. Она што некогаш била пештера издлабени во карпа, денес е просторот на црквата “Раѓањето на Исус Христос” и е најсветото место на сите христијани во светот. Според историските податоци на црквата “Раѓањето на Исус Христос” се вели дека во 332 година императорот Константин ги поставил темелите на денешниот храм.

Величествената и најкарактеристичната црква во светот храмот “Раѓањето на Исус Христос” има оригинални мозаици од тој период со големи уметнички креации во различни бои.

Во текот на бурната историја за доминација, црквата била урната, но во периодот на царот Јустинијан била повторно обновена.

За одбележување е тоа што пристапот, влезната врата која е наречена “врата на понижување” е многу ниска и посетителот на симболичен начин, се наведнива или се поклонува на Исус Христос, за да се чувствува како да влегува во пештерата каде е роден Спасителот.

Местото каде бил роден Светителот Исус Христос е во карпа до која може да се дојде со подземен кружни скали. Денес 14-зрачната сребрена ѕвезда го означува светото родно место на Исус Хрисдтос. Тоа ги прикажува 14. генерации од

Аврама до Давида, потоа 14. генерации од Давида до Вавилонската империја, како и 14. генерации од Вавилон до Исуса Христа.

Каменот на кој мајката Божја, Дева Марија го породина својот син Исус е во близина на Сребрена ѕвезда. Постојат тврдења дека оригиналниот каме бил однесен во Рим за време на крстоносните војни.

Раѓањето на Исус Христос во пештерата не е случајно, туку тоа било за да се покаже дека целиот свет е една темна пештера, дека само Тој може да светне. Раѓањето на Господ Исус Христос се случило во Витлеем, а Витлеем значи Домот на леб, да се покаже дека само Тој е единствениот леб на животот, достоен за вистинските луѓе. Во црквата велат дека Христос е роден без покрив над главата, бидејќи се очекува во христијанските срца и души да биде неговиот дом и засолниште.

Многу различни случки се забележани за црквата "Раѓа-њето на Исус Христос" во текот на еден долг период на посети на христијаните од целиот свет на ова Светото место. Така, во 1850 година во внатрешноста имало пожар од запалените свеќи, при што изгореле голем број икони. Затоа, Наполеон III поставил ѕид направен од азбест, кој сè уште стои и денес. Исто така има и бројни христијански, а и непријатни случки кои остануваат забележани во историскиот развој на Црквата и Витлеем. Базиликата "Раѓањето на Исус Христос" е поделена и раководени од римокатолички, грко-православни (елинистички) и ермениски свештеници.

За жал тоа се случува во христијанството, особено во Израел. Сите тие три претста-вници на своите цркви имаат свое време за молитва. Посетителите, христијаните, на кои ова им е најсветото место, палат свеќи, се молат за да им се исполнат нивните желби, едноставно се молат на Бога.

И ние при нашата посета на Израел, со помош на палестинска групација, малку на чуден начин го посетивме Витлеем, местото каде бил роден Исус Христос и запаливме свеќи, се помоливме на Бога, се почувствувавме возвишено, необично, единствено, што беше голем момент во животот за нас христијаните од Македонија.

Меѓутоа, имавме мала непријатна сцена во црквата "Раѓањето на Исус Христос". Имено, при нашата посета на ова свето место, храмот беше речиси празен, а времето за молитва, според распоредот беше на елинскиот (грчки) свештеник.

И кога на свештеникот се претставивме дека сме од светата земја Македонија, тогаш, за жал, тој заборави дека служи на Бога и реагираше многу не христијански, особено кога го фотографиравме епископскиот престол.

За среќа, веднаш по нехристијанска средба во Светиот град, се сретнавме и со еден ермениски свештеник од Ерменската православна црква, кој беше многу љубезен со нас и нè третираше како вистински христијани. За возврат, ние му дадовме книга со македонски репродукции на икони и фрески од бројни македонски православни цркви и еден Библиски речник на македонски јазик.

Притоа, тој изрази голема благодарност на пријателската и со слична судбина Македонската православна црква и на македонскиот народ. Исто така, голема

чест ни беше укажана и во католичкиот дел на Светата црква, каде, по препорака на Ватикан бевме гости на еден бискуп од Католичката црква.

Ја напуштивме црквата "Раѓањето на Исус Христос" и се упативме во центарот на светиот град Витлеем, каде имавме средба со нашиот пријател со кого имавме другарски и пријателски врски уште од времето кога со него студиравме во Скопје. И оваа средба беше трогателна, незаборавна, пријателска.

Со нашиот пријател, неговото семејство и пријателите кои топло не пречекаа, зборувавме за минатите поминати времиња во Македонија, за иднината на Палестина, на Израел, на Македонија, за космополитскиот иден свет на мајката Земја. На вечетна го напуштивме Витлеем и се упативме кон Ерусалим.

Кога патувавме кон југ покрај Мртвото Море пристигнавме до остатоците од познатата планинска тврдина Масада, местото кое е запишано со големи букви во историјата на Евреите. Мртвото Море е разделено на два дела - северен, кој е и подлабок и јужен кој е поплиток (само 6 м), во кој се наоѓаат и големите количини на сол, кои приликуваат на леденици. Во текот на летото температурите достигнуваат до 50 степени по Целзиј и водите на реката Јордан и неколку помали потоци, оставајќи остатоци од глина, песок, камења од сол и гипс на дното на езерото.

Масада, пак, е пустинско плато што на околу 400 метри се извишува над западниот брег на Мртвото море од каде тешко може да се забележи. До висината на платото се стасува за неколку минути со современата жичарница, а само најхрабрите се искачуваат или слегу-ваат (како што ние направивме) по „змискиот пат", што стрмо се спушта од големата височина.

Искачувањето кон Масада значи задоволство, завет и голем предизвик не само за Евреите, туку и за бројните туристи кои доаѓаат да се потсетат на она што се случувало во почетокот на минатиот век, а кои на убав начин се пренесени преку спектакуларниот англиски филм „Масада" за Евреите чии делови им се презентираат на посетителите при посетата на ова свето место.

Кога Римјаните дошле пред Масада, на местото каде една мала група Евреи им пркосела, сметале дека проблемот ќе го решат многу брзо, за неколку месеци, од причини што биле уверени дека во пустината Евреите не би издржале долго без вода и други прехранбени продукти.

Меѓутоа, во Масада бил вљубен Ирод Велики, кој, веројатно, плашејќи се од непријателите ја одбрал Масада за свое место каде ќе може во случај на опасност да се скрие и таму да живее подолг период. Така, тој на Масада изградил систем за собирање на дождовницата која се собирала во цистерни издлабени во камењата како и други помошни простории за вода, дури и два отворени базена за капење. Исто така, Ирод Велики на платото изградил голем број магацини за складирање храна и место за чување домашни животни и гулаби.

Според сведоштвото на Јосиф Флавиј жителите на Масада ја издржале тригодишната опсада. Меѓутоа, римската војска успеала да направи рампа на западната страна за да стаса до утврдувањето. За тоа биле ангажирани голем број робови од Египет, кои успеале да го поврзат просторот со платото.

# 3. СУДБИНСКАТА ПОВРЗАНОСТ НА ЕВРЕЈСКИОТ И НА МАКЕДОНСИКИОТ НАРОР

Кога патувавме кон југ покрај Мртвото Море пристигнавме до остатоците од познатата планинска тврдина Масада, местото кое е запишано со големи букви во историјата на Евреите. Имено, Масада е пустинско плато што на околу 400 метри се извишува над западниот брег на морето од каде тешко може да се забележи. До висината на платото се стасува за неколку минути со современата жичарница, а само најхрабрите се искачуваат или слегуваат (како што ние направивме) по „змискиот пат“, што стрмо се спушта од големата височина.

Искачувањето кон Масада значи задоволство, завет и голем предизвик не само за Евреите, туку и за бројните туристи кои доаѓаат да се потсетат на она што се случувало во почетокот на минатиот век, а кои на убав начин се пренесени преку спектакуларниот англиски филм „Масада“ за Евреите чии делови им се презентираат на посетителите при посетата на ова свето место.

Според сведоштвата на познатиот римски историчар Јосиф Флавиј, во книгата „Јудејска војна“, се вели дека жителите на ова место, чиј број бил околу 1.000, бегајќи од римската наезда на војници, се скриле и дошле да живеат во Масада.

Тоа се случило во 70-тата година по Христа, кога римската војска ја прегазила Јудеја и сите други тогашни предели на тие простори. Кога Римјаните дошле пред Масада, на местото каде една мала група Евреи им пркосела, сметале дека проблемот ќе го решат многу брзо, за неколку месеци, од причини што биле уверени дека во пустината Евреите не би издржале долго без вода и други прехранбени продукти.

Меѓутоа, во Масада бил вљубен Ирод Велики, кој, веројатно, плашејќи се од непријателите, ја одбрал за свое место Масада каде ќе може, во случај на опасност, да се скрие и таму да живее подолг период.

Така, изградил систем за собирање на дождовницата која се собирала во цистерни издлабени во камењата, како и други помошни простории за вода, дури и два отворени базена за капење. Ирод Велики на платото подигнал голем број магацини за складирање храна и место за чување домашни животни и гулаби.

Според сведоштвото на Јосиф Флавиј жителите на Масада ја издржале тригодишната опсада. Меѓутоа, римската војска успеала да направи рампа на западната страна за да стаса до утврдувањето. За тоа биле ангажирани голем број робови од Египет, кои успеале да го поврзат просторот со платото.

Пред тоа, Евреите се собрале во синагогата и одлучиле секој да си го убие своето семејство. Потоа од мажите што останале биле избрани десетмина кои ги убиле останатите мажи, а од десетте мажи што останале деветте биле убиени од еден, кој веројатно бил водачот и кој умрел пред римската војска.

При нашата посета на Масада слушавме дека денес на ова историско место за Евреите, тенковските единици на израелската армија земаат заклетва и се колнат дека ќе ја бранат својата татковина и ако треба ќе загинат за неа, исто како нивните предци.

Исто така, обичај е децата - Евреи кои полнат 13 години, во Масада свечено да станат членови на еврејската заедница. Тоа зборува за нејзината историска и национална важност, од која и не е лошо да учат другите народи како и на кој начин јакне духот на еврејското опстојување.

Инаку, кога се зборува за судбинската поврзаност на македонскиот и еврејскиот народ и на Македонија и Израел, треба да се спомене дека Република Македонија се граничи со четири земји: Албанија, Бугарија, Грција и Србија.

За жал, овие земји како во договор имаат аспирации и негаторски однос кон Македонија. Грција го негира уставното име на Република Македонија и со сите можни средства се бори да ја омаловажи и државата и народот со употреба на неприфатливата додавка ПЈРМ. Албанија има територијални претензии кон западниот дел на Македонија, каде се случува популациска инвазија. Бугарија, пак, ја призна државата, а го негира македонскиот јазик. Од тие причини и не случајно Македонија е наречена *„јаболко на раздорот на Балканскиот Полуостров"*.

Исто така и Израел се граничи со четири држави и тоа: Либан, Сирија, Јордан и Египет. Израел се наоѓа во изолирана положба како еврејска држава која е опкружена од Арапи, кои претежно се муслимани. Сите тие соседни земји, на свој начин имаат територијални претензии и се однесуваат негаторски кон еврејскиот народ и еврејската држава. Затоа, и Израел често се нарекува како *„јаболко на раздорот на Блискиот Исток"*.

Меѓутоа, макотрпниот живот, целокупните состојби, силната љубов кон својата вера, народ, земја, минато и иднина направи и Македонците и Евреите да си формираат свои суверени и независни држави. Од Израел и од израелскиот народ треба да се учи колку тешко, макотрпно и со многу пожртвуваност се формира држава, како уште потешко се стекнува слободата и, како сето тоа возвишено, со силна вера, со голема љубов и со најголема надеж треба да се брани, да се гради, да се чува и да се развива новосоздадената држава. А, еврејскиот случај на создавање на држава и опстојување на истата е единствен пример во светот

# 4. ЕРУСАЛИМ – „ГРАДОТ НА МИРОТ“ И ВОЈНАТА

Макотрпниот живот, целокупните состојби, силната љубов кон својата вера, народ, земја, минато и иднина направи и Македонците и Евреите да си формираат свои суверени и независни држави. Од Израел и од израелскиот народ треба да се учи колку тешко, макотрпно и со многу пожртвуваност се формира држава, како уште потешко се стекнува слободата и, како сето тоа возвишено, со силна вера, со голема љубов и со најголема надеж треба да се брани, да се гради, да се чува и да се развива новосоздадената држава. А, еврејскиот случај на создавање на држава и опстојување на истата е единствен пример во светот. Инаку, Ерусалим е вечната борба меѓу маслиновата гранка и мечот. Тој е сведок на највозвишените чувства и на најниските страсти, особено кога псалмите ќе станат дел од политичките говори

Ерусалим е расположен на неколку суви, вжештени и безводни ридишта со што доминира над сета околина. Многубројните цркви, други верски објекти и модерни градби му нудат контрастна слика на восхитениот посетител. Месностите Маслиновата Гора, Голготата и Гетсиманската Градина, како и цвеќињата во дворовите на богатите Ерусалимци му даваат посебна убавина и привлечност, за што и странецот за овој град добива впечаток дека тој е создаден само за филмско платно или за прекрасна разгледница. На старохебрејски "Ерусалим" значи "град на мирот". Арапите го викаат ал – Кудс што значи "свет град". Евреите, христијаните и муслиманите веруваат дека Господ е еден и единствен. А да веруваш во Господ значи да посакуваш мир за себе и за другите. Маслиновата гранка е симбол на мирот. Во близината на Светиот град се наоѓа Маслиновата Гора во која Исус ја оплакувал судбината на Ерусалим.

Навистина историјата на Ерусалим е вечна борба меѓу маслиновата гранка и мечот. Светиот град и местото каде што се преплетуваат трите големи монотеистички религии, со векови е сведок на највозвишените чувства и најниските страсти, особено, кога псалмите ќе станат дел од политичките говори. Прогласувањето на императорот Константин за цар во 313 година значи пресвртница во историјата на Црквата. Константин, не само што се покрстил, туку христијанството го издигнал на ниво на државна религија, пред сè, зашто во него гледал обединувачка сила за своето поделено царство. Со тоа христијанството станало официјална религија во Ерусалим. Во тој период почнале да се градат манастири и цркви, а стариот дел бил обновен и претворен во модерен трговски центар, кој претставувал вистинска туристичка атракција.

Подоцна, во 634-та година, калифот Омар го освоил Ерусалим и го вовел Коранот, а градот го нарекол град на храмови. На ридот на храмовите никнале нови храмови а се градел и познатиот Храм на молитвата. Но, како што се граделе новите храмови, така се уривале и старите. Така, во 1012 година агресивниот калиф Ал –Хаким ги разурнал синагогите и црквите, по што Ерусалим станал мал град со одвај 30-тина илјади жители. Со Ерусалим Арапите владееле 450 години, сè до доаѓањето на крстоносците во 1099 година, кога тие Ерусалим го претвориле во свет град. Тогаш тие ги масакрирале муслиманите и Евреите, а градот останал центар на крстоносците, добивајќи ново име Ерусалимско царство. Во тој период крстоносците ги обновиле и познатите христијански места.

Меѓутоа во 1250 година градот го освоил Мамелук, а Ерусалим станал мал неважен град далеку од светот со само 10-тина илјади жители. Се вратил исламот и се граделе исламски свети места. Турската власт, пак, се зацврстила за времето на Селим Први кој го освоил во 1517 година. Дури пет векови подоцна,

Ерусалим почнал да се менува и да јакнат европските интереси за Блискиот Исток. За време на Првата светска војна овде навлегува британската војска и воспоставува британски мандат и власт. Подоцна, на 29 ноември 1947 година, со одлука на Обединетите нации градот станал интернационален и поделен на два дела. Така, во Стариот град живееле муслиманите, а во Новиот град Евреите.

Вака поделениот град останал сè до војната во 1967 година, кога по израелската поделба двата дела се споени во единствена целина на денешниот Ерусалим, кој со изградбата на новите населби многу брзо се шири по издигнатите ритчести предели. Оттука и се вели дека по површината што ја зафаќа, тој е најголем град во Израел и е најблиску до Јудејската Пустина. Сепак, со тоа спојување и со масовното ширење на градот, речиси ништо не е изменето, зашто тој и понатаму останува поделен како што бил порано на стар и нов дел.

Стариот град и денес го сочинуваат четири дела: еврејски, ерменски, христијански и муслимански, кои се обиколени со ѕидишта од сите страни. Секоја страна е долга по околу еден километар, а целата ѕидна обиколка е од ерусалимски камен. На места има блокови тешки и по 400-тини тони.

Тука се и осумте порти, од кои секоја засебе има своја историја, свое значење, своја судбина, свое име. Тоа се портата на Давид, Златната порта, Портата на Свети Стефан, Јафа Портата, Портата Дамаск итн.

Маслиновата Гора во Ерусалим е поврзана со преданијата за спасителот Исус Христос, кој “ќе се врати и ќе дојде овде да ги воскресне мртвите”. Според преданијата, тие што се најдблизу до местото од каде што ќе доаѓа спасителот, ќе воскреснат најбрзо. Затоа за да се купи место овде, за малата парцела за урната со посмртните останки се плаќаат по 5.000 долари. Странските државјани, пак, од кои во последно време сè почесто се изразува желбата “да почиваат во вечниот мир на Маслиновата Гора”, нудат многу повеќе. Честопати низ шега Израелците меѓусебно си дофрлуваат дека одвај чекаат да умрат за да бидат погребани на Маслиновата Гора. Но, колку и да е тоа шега, сепак е непобитно дека ова е едно од најобожаваните места кое е поврзано и со непрегорот со подигањето на градот на овие ритчести предели, со желба да се опстои во тешкиот живот во пустината.

Целиот овој простор порано бил со маслинови дрвја кои давале богат плод, со што ридот го добил и своето име Маслинова Гора, кое се користи и денес. Тогаш маслинките биле единствените плодови, со чија преработка и трговија можеле да се обезбедат минималните потреби за живот.

Со огромни камени тркала издлабени во пештерите се пресувале маслинките за да се добие маслиново масло. Оттука и не случајно се вели дека производството на масло е еден од најстарите занаети и датира повеќе од 2.000 години. Сега со ова производство се занимаваат некои кибуци каде се подигаат нови плантажи со маслинови дрвја, а се изградени и современи индустриско – преработувачки капацитети. Денес над Маслиновата Гора се вкрстуваат патиш-тата на трговијата со многу други производи, што не е ништо необично, па секојдневно овде на каме-

ната ограда што ја дели Маслиновата Гора од сообраќајницата има продавачи на разни сувенири и други украсни предмети. Тука најчесто застануваат и автобусите на разните туристички и бизнис групи што доаѓаат во посета на светата земја. Има и зошто, бидејќи оттука на целиот овој простор можат да се видат најсветите места и други историски споменици интересни за секој дојденец.

Според преданијата, пак, Исус Христос посматрајќи го Ерусалим од Маслиновата Гора, рекол: "О Ерусалиме, ти кој ги убиваш пророците, И ги каменуваш оние кои ти се испратени, Колку пати сакав да ги соберам децата твои, како што кокошката ги собира, пилињата под крилјата свои..."

И покрај сите историски искушенија, во Ерусалим се слушаат и еврејски и христијански и муслимански проповеди. Има, навистина и проклетства. Меѓутоа исконската човечка желба за мир секогаш мора да смета на суровата реалност.

Сите светски проблеми, недоразбирања и историски (не) правди се преплетуваат во ерусалимскиот микрокосмос. Затоа Ерусалим е град над градовите. Се додека постои Ерусалим, со сите свои псалми и проклетства, ќе постои и оваа наша цивилизација; несовршена, можеби и болна, но единствена што ја имаме.

Поминаа четири години откако конзерваторите за прв пат го отворија Исусовиот гроб по повеќе од два века. Гробот на Исус, односно неколку метри висока и широка мермерна плоча, веќе неколку години е заштитен од распаѓање со метална конструкција. Во него се собрани мермерни блокови кои се распаднати од времето и влијанието на илјадници аџии и туристи. Фотограф од агенцијата АФП сведочи за дел од историските дела и го фотографирал местото каде се верува дека има карпа под која било положено телото на Исус во 33 година. Мермерната плоча што ја покрива гробницата е преместена и три дена се вршело рестав-рација и археолошка анализа врз неа.

**Тоа било прв пат мермерната плоча да биде поместена од најмалку 1810 година, кога биле извршени последните градежни работи поради пожарот во базиликата, а можеби дури и порано, вели отец Самуилио Егојан од Ерменската црква, која управува со базиликата.**

Сликата на Исус може да се види во тесниот дел од просторот под поместената плоча. Пронајдени се некои материјали кои се анализирани. Грчки експерти биле задолжени за реконструкцијата, а целиот процес за потребите на документарниот филм го снима National Geographic. Отворањето на гробницата ќе им овозможи на експертите единствена можност да ја испитаат оригиналната позадина на најсветото место во христијанството", објави тогаш медиумската куќа.

-Морам да признаам дека ми се тресеа нозете- **рече Фред Хиберт, постојан археолог на списанието.** Едикулата и внатрешната гробница во моментот се во процес на реставрација која ја врши тим научници од Националниот технички универзитет во Атина, под водство на проф. Антонија Моропулу. Анализата на карпата би можела да им помогне не само подобро да се запознаат со првичната форма на погребната комора, туку и како ево-луирала во централно место за обожување и почит откако била откриена од Елена, мајката на римскиот император Константин во 326 г. н.е.

**Заменети се само екстремно слабите или скршени делови, а мермерните плочи беа исчистени и врз нив била извршена конзервација. Сето ова е финансирано од трите главни христијански деноминации што ја водат базиликата на Светиот гроб (католици, православни и ерменски христијани).**


BULGARIA
GR.
THRACE
Black Sea
GEORGIA
AZER.
ARMENIA
Mount Ararat
AZER.
IRAN
Bosporus
Istanbul
Sea of Marmara
Kocaeli
Sakarya
Ereğli
Samsun
Trabzon
Dardanelles
Bursa
Balıkesir
Eskişehir
ANKARA
Sivas
Euphrates
Erzurum
Lake Van
Van
Aliaga
Manisa
İzmir
ANATOLIA
Kayseri
Elazığ
Aegean Sea
Denizli
Konya
Malatya
Diyarbakır
Tigris
GREECE
Kahramanmaraş
Gaziantep
Şanlıurfa
Antalya
Adana
İçel
Toros
İskenderun
Euphrates
Mediterranean Sea
CYP.
SYRIA
IRAQ
0 50 100 km
0 50 100 mi



*Анкара*



*Истанбул*



*Црквата на Мајка Богородица во Ефес*

# 15. ТУРЦИЈА

## 1. ВО ЗЕМЈАТА НА ГОЛЕМИОТ КЕМАЛ АТАТУРК

Татковината на Кемал Ататурк е земјата на големите контрасти, а Истанбул е најголем економски и културен центар кој се протега на три морски брега и се простира на седум ридови. Тој е градот на Јустинијан I кој бил роден во селото Таор, кај Скопје, во Македонија, а бил византиски цар, император на Источното Римско Царство За многу луѓе на светот е предизвик да се посети татковината на Кемал Ататурк. Земјата на големите контрасти, која се разликува од онаа Турција во минатото.  Земјата која била освоена од Александар Македонски и приклучена кон Македонската Империја. Потоа империјата во која беше и Македонија цели пет векови.

Кемал Ататурк чии родители потекнуваат од Македонија, од селото Коџаџик, Дебарско (а тој се води дека бил роден во Солун), е човекот кој животот го посветил на Турција и на нејзината посреќна иднина. Човекот кој, меѓу другото, ја одбулил турската жена, ја одвоил верата од државата и го вовел латинското писмо во турскиот јазик. Тој е човекот кој е широко прифатен од народните маси. Затоа нашето патување беше предизвик и во исто време големо задоволство.

Најпрво, ја посетивме метрополата Истанбул која се протега на три морски брега и се простира на седум ридови. Тоа е Бизантинион, римски Константинопол и турски Истанбул. Јужните Словени и Македонците отсекогаш го викале Цариград. Менувањето на овие имиња е последица на претходните драматични настани околу овој град, за кого се грабале повеќе народи: царот Константин во 330 година од н.е. го прогласил за престолнина на Источното Римско Царство, па според владетелот го добил името Константинопол; на 29 мај 1453 година го освоил турскиот султан Мехмед Втори Фатих (Освојувач) по што градот бил наречен Истанбул. Градот се развил по должината на бреговите на Босфорот, Златниот Рог, Мраморното Море и на околните ритчиња, па тешко е да се каже каде тој завршува, а каде почнуваат приградските населби. Сепак, познати се и убавите туристички квартови: Станбул, меѓу Златниот Рог и Мраморното Море; Бејоглу, меѓу Златниот Рог и западниот брег на Босфорот; Искадар или Скутари на источниот брег на Босфорот; и Кадикеј по најуг од Искадар, главно, на брегот на Мраморното Море.

Бизантион, Цариград, Константинопол, Истанбул. Доста имиња за единствениот босфорски град. Доста страници во историјата говорат за неговата многувековност и опстојување. Славата го следи уште од моментот кога римскиот император Константин решил да ја пресели престолнината од Рим во Визант, како што тогаш се нарекувал Истанбул.

Денес тоа е град со многубројни сведоштва за култур-ноисторискoто минато, со споменици од византискиот и од отоманскиот период, а во исто време е најго-

лем економски и културен центар на современа Република Турција. Всушност, Истанбул е раскрсница на азиската и европската култура, цивилизација и религија. Тој, всушност, претставува врата од север кон југ и од исток кон запад.

Турските истражувачи велат дека ни неговите постојани жители не ги знаат доволно сите негови убавини. Не се знае ни точниот број на неговото население. Според офици-јалните документи, во Истанбул живеат околу 10 милиони жители. Добрите познавачи на турските прилики, пак, тврдат дека тој број изнесува повеќе од 12 милиони жители. Освен тоа, градот секојдневно го посетуваат илјадници намерници и туристи. Друг интересен податок е дека во овој град се собираат 40 отсто од средствата, што како данок се слеваат во касата во целата држава. Тоа доволно зборува за моќта на Истанбул, градот на Босфорот во современа Турција.

Инаку, Станбул не само што е најстар дел од градот, туку е и најбогат со културно-историски споменици; оттаму, тој е најважен туристички кварт на Истанбул. Некои од неговите знаменитости ги оштетил или уништил забот на времето; некои настрадале од природни непогоди, пред сѐ од земјотреси или исчезнале во честите пожари, додека, пак, некои имале и поинаква судбина.

Во Истанбул има над 50 царски палати и други културноисториски споменици. Најпознатата меѓу нив е палатата на Топкапи со преубавите царски одаи и хареми. Да споменам дека во музејот "Топкапи" ги видовме и специјалните чинии што ја менуваат бојата при допир со отров, наменети само за царевите. Без здив останавме и пред дијамантот познат како "Кашички елмас" и пред камата украсена со дијаманти и други непроценливо вредни предмети.

Над Истанбул доминира „Аја Софија". На посетителот ќе му биде тешко врз основа на денешниот изглед да ја открие променливата судбина на оваа градба. Сто и педесет години е славена како светско чудо и секој и' се восхитува, зашто таа е споменик на високата култура, архитектура и градителски човечки достре-ли, и таков споменик што веќе никогаш не е изграден. Само величествената купола, чие кубе се наоѓа 56 метри во височина од што над не загуби ништо од својата непроценлива вредност и убавина. Таа им послужи на многу источнички џамии како модел. Царот Константин Велики прв изградил црква на местото на денешна „Аја Софија" кога Визант, под ново име - Константинопол, го прогласил за главен град на Источното Римско Царство во 336 година, а оваа црква ја нарекол „Голема црква".

Двесте години подоцна „Аја Софија", а со неа и голем дел од Константинопол, изгореле во пожарот за време на бунтот против царот Јустинијан. Но, Јустинијан, пак, изградил црква, поголема и поубава отколку порано. Антемие од Трал и Изидор од Милет, најславни градители на Источното Римско Царство, ги направиле скиците. Царот непрекинато го следел развојот на овој проект. Еден ангел на сон му ги покажал плановите за градење, се шепотело кај народот. Градежните работи чинеле 36.000 килограми злато. Шест години, десетици илјади занаетчии ги собирале сите скапоцености на Источното Римско Царство, најблескавиот мермер, најубавите столбови. Златни мозаици ги краселе ѕидовите.

Инаку, Јустинијан I бил роден во селото Таор, кај Скоп-је, во Македонија, а бил византиски цар, император на Источното Римско Царство, христијанин и

православен теолог. Настојувал да ја обнови моќта и големината на Римската Империја која била ослабена со упадите на варварските племиња.

Познат е по проширувањето на Империјата, првенствено, со воените кампањи на Велизариј, како и по неговиот брак со контроверзната царица Теодора. Историјата го памети и како најголем кодификатор на класичното римско право. Јустинијан бил една од најзначајните личности во доцната антика, и со него завршува периодот на благосостојба во Византија, сè до IX век кога таа повторно ќе се издигне.

Кога била завршена црквата „Аја Софија", таа станала главен храм на христијанството. Тоа останало така сè додека во 1435 година Турците не го зазеле Константинопол, кој оттогаш го носи името Истанбул. Црквата е преправена во џамија, а во 1935 година, Кемал Ататурк ја прогласил „Аја Софија" за музеј.

При нашата посета на Истанбул бевме информирани дека покрај легендарната „Света Софија" од големо значење се: Сината џамија, Ат Мејдани или Коњски плоштад (дел од византискиот хиподром) со три прекрасни споменици: Теодосиевиот обелиск, Змискиот столб и Константиновиот столб, Топкапи сарај, Бејоглу, Капали чаршија и друго.

Султан-Ахметовата или Сината џамија се наоѓа спроти „Аја Софија". Градена е од 1609 до 1616 година, и претставува ремек-дело на отоманското градежништво .Ентериерот на Сината џамија е од син и зелен мермер, има 260 прозорци, претежно со кристални стакла, а во неа постои и царска ложа, до која султанот можел да дојде на коњ. Таа е најголема и најубава џамија на светот, чија цел е да ја симболизира силата и големината на отоманските султани.

Џамијата на султанот Сулејман, пак, е градена во периодот од 1550 до 1557 година според проектите на Мимар Синан, по чии нацрти се изградени мостовите на реките Дрина и Неретва. Џамијата на султан Сулејман по површина е поголема од „Аја Софија" и Сината џамија, но нема голем внатрешен декор, ниту високи минариња. Во неа одеднаш можат да се сместат 27.000 верници, што е значајна нејзина карактеристика. Од другите културно-историски споменици во Истанбул го посетивме и Топкапи сарај или палатата Топкапија која била резиденција на султанот, а била градена од 1465 до 1468 година.

Во неа денес се чува најголемото богатство на Истанбул, а можеби и на цела Турција - ако станува збор за подвижни вредности: украсни предмети од злато и дијаманти, колекција на оружје украсено со бисери и смарагди и збирка златни часовници со минијатурни ликови во мозаик. Два златни свеќника се украсени со по 6 282 дијаманта, златна лулка, златен престол тежок 300 килограми, смарагди од кои еден е тежок 3,26 килограми, Коран стар 1400 години - тоа се само некои од чудесните експонати што се чуваат во овој дворец – музеј

Анкара, пак, е главен административен, политички, култу-рен и економски центар чија популација ја достигнува број-ката од три милиони. Во Анкара на 29 октомври 1923 година, Кемал Ататурк беше избран и востоличен за претседател на современа Република Турција, каде го посетивме мавзејот на Ататурк

Нашето патување од Истанбул го продолживме кон Анкара, кон Анадолија, со цел да го витиме и тој дел на современа Турција. Патувајќи читавме интересна туристичка литература што ни беше дадена уште во Истанбул. Така, во кусата историја на полуостровот Мала Азија се вели дека тој е еден од најстарите населени делови во светот со одлична географска положба. Населувањето на Троја започнало во неолитскиот период и продолжил во железната доба. Староседелците на Анадолија зборувале на анадол-ски јазик кој бил дел од индоевропските јазици.

Една од поголемите империи во таа област била Хетската Империја која постоела од XVIII до XIII век пр.н.е. Кралството постоело сè до доаѓањето на Кимеранците во VII век пр.н.е. Почнувајќи од 1200 година пр.н.е. на западното крајбрежје на Анадолија почнале да се населуваат дојденци од соседните земји, најмногу Еолци. Понатака, целата територија била освоена од Персиската Империја, а потоа од Македонската Империја на чело со македонскиот крал Александар Македонски, чии траги можат да се видат и денес. Во средината на I век пр.н.е. целата територија потпаднала под римска контрола за подоцна да биде дел од Источното Римско Царство или Византија.

Во него можат да се видат современи булевари до кои се вишнеат прекрасни модерни архитектонски достигнувања од XXI век, но во исто време и стари квартови изградени на античките цитадели кои имаат тесни сокаци и калдрми со безброј мали куќи. Анкара е градот што бил центар на Хитите уште во 2000-та година пред нашата ера. Тој бил освојуван и од Фригите, како и од Александар Македонски во 333 година п.н.е. Анкара била освојувана и од Галите, Римјаните, а била и еден од главните градови за време на Византиската империја. Од 1360 година потпаднува под Отоманската Империја, додека од 1923 година по конституирањето на Турција како република, станува главен град и втор по големина по Истанбул. Во тоа време го носи името Ангора, а од 1930 година нејзиното име е Анкара.

Оваа значајна метропола се наоѓа во Централна Анадолија. Покрај тоа што е главен град на државата, тоа е главен град и на провинцијата Анкара и резиденцијален град на Владата на Република Турција. Бевме запознати и со бројни значајни и луксузни објекти во кои живеат членовите на државниот апарат. Анкара е и мал центар на индустриски капацитети, меѓу кои е развиена индустријата за кожа, вино, цемент и за килими. Оваа метропола претставува раскрсница меѓу исток и запад, како на железничкиот така и на друмскиот сообраќај. И туризмот како гранка има значаен придонес во економската сфера. Во него има голем број културно-историски споменици, меѓу кои „Музејот на анадолската цивилизација".

Тоа е главниот град на современа Турција, во кој на 29 октомври 1923 година Кемал Ататурк беше избран и востоличен за претседател на Република Турција. Неговото гесло било дека воената победа не била доволна, туку таа требало да биде проследена од големи економски, политички, социјални и културни реформи, кои биле неопходни за модернизација на Турција. Од друга страна, пак, најзначајна работа на Кемал Ататурк во неговото владеење било тој да придонесе за општиот мир, среќата и просперитетот на турскиот народ и на целото човештво со општоцивилизациски вредности.

## 2. ВО АНКАРА – ПРЕСТОЛНИНАТА НА ТУРЦИЈА

Во непосредна близина на Ефес, на западната страна на планината Билбил, се наоѓа куќата на света Богородица. Во денешниот град се вишнее и црквата на свети Јован, еден од составувачите на Библијата. Општината Борнова брои околу 500 илјади жители, меѓу кои, според некои показатели 30 отсто се турски граѓани од Македонија, претежно исламизирани Македонци

Во почетокот на првиот милениум, христијанството започнало да се шири многу брзо во градот Ефес. Меѓутоа, Римјаните биле против доктрините на Апопстол Павле кој прв дошол во Македонија. Тоа го потврдувале граѓаните на Ефес, кои под закани протестирале против ширењето на христијанството, притоа, собирајќи се во најголемиот театар на градот за да го изразат својот бес против „новата" религија. Меѓутоа, како што многумина велат, Ефес бил одбрано Господово место, каде света Богородица заедно со свети Јован ги поминале последните денови од животот. Имено, во непосредна близина на Ефес, на западната страна на планината Билбил, се наоѓа куќата на света Богородица. Во денешниот град се вишнее црквата на свети Јован, еден од составувачите на Библијата.Во исто време Ефес бил место на една од седумте цркви во Азија, во кои свети Јован ја добил својата инспирација кон религијата.

Во историјата на Ефес е забележано дека во 262 година од нашата ера Готите го уништиле градот, заедно со Храмот на Артемис. Оттогаш градот никогаш не се обновил каков што бил во минатото кога имал величествен растеж и напредок. Притоа, значајно за Ефес е тоа што во 431 година по Христа бил одржан Третиот екуменски совет, токму во куќата на света Богородица. Овој Совет, меѓу другото, ја прифатил света Богородица како мајка на Господ Исус Христос.

При нашата посета на Ефес се сретнавме со безброј објекти и предмети од еден долг период на постоење на оваа значајна античка локација. Така, ги посетивме остатоците од Храмот на Артемис, Фонтаната на Трајан, Мермерниот пат, Стадионот и други објекти. Меѓутоа, Големиот театар кај посетителот остава посебен впечаток и доживување. Тој е место во длабнатината на ридот од западната страна и, по својата големина, пространост и величественост човек има чувство и се пренесува во мислите како да се наоѓа многу векови подоцна од сегашноста.

Таму бевме информирани дека во последните години, пред десетици илјади посетители во Театарот своите уметнички вредности ги презентирале Лучијано Паварoти, Хулио Иглесиас и многу други познати светски уметници.

Посетата на куќата на света Богородица, пак, кај нас предизвика посебно чувство на возбуда кое се преточи во спокојство. Во тој прекрасен објект, човек како да е некаде во Македонија, во некои од манастирите на Македонската православна црква. Живописниот предел каде што е изградена куќата на света Богородица посетителот го потсетува на пределите кои се земени за пример при изградбата на христијанските манастири во светот. А, таму, според обичаите, по поклонувањето во Црквата, излегувањето од храмот и миењето со светата вода, според обичаите и верувањата, посетителот станува аџија.

Од друга страна, пак, најзначајна работа на Кемал Ататурк во неговото владеење било тој да придонесе за општиот мир, среќата и просперитетот на турскиот народ и на целото човештво со општоцивили-зациски вредности.

По посетата на мавзолејот на големиот турски реформатор Кемал Ататурк се упативме кон Анадолија, во непрег-ледната територија во која е измешано новото со старото. Нашата нова дестинација беше Кападокија.

Областа во која живеат околу сто илјади жители и која станува туристичка мека или туристичка атракција. Најатрактивно место, сепак, е музејот под отворено небо "Ѓореме", настанат од вулканските ерупции околу дваесетина векови пред нашата ера.

На "Ѓореме" како да се истурила вулканска лава, врз која не влијаат временските услови. Се' што е направено во таа пустелија е дело на човечките раце, на казмата и лопатата, како основни алатки.

Во минатото, голем број луѓе од овие области своите живеалишта ги прилагодиле во пеште-рите, а последните семејства ја напуштиле во 1956 година, за денес таа да биде само атракција за посетителите.

Кападокија е интересен дел на Анадолија во кој некогаш најважното занимање на луѓето било лозарството. Меѓутоа, туризмот си го направил своето. Веројатно богот Бахус се простил со винарите од Кападокија и се преселил кај оние од Тиквеш во Македонија.

Во Кападокија ја посетивме винарската визба со капацитет од 15 000 тони која наликува на онаа во Мелник во куќата во која се криел пиринскиот цар Јане Сандански.

Утрото беше топло а денот пријатен кога сонцето штотуку се појави над азискиот дел, а авионот полета кон Исток, кон Измир. Го продолживме нашиот лет со железната птица („Боинг 747") на „Туркиш ерлајнс". За помалку од еден час стасавме во три и пол милионскиот град Измир. Оваа убава метропола се наоѓа во заливот кој го носи неговото име, а е распространет во низинскиот дел и на околните ридови.

Таму бевме пречекани и добредојде ни посака народниот пратеник во Големото народно собрание на Република Турција, господинот Ќемал Ватан, роден во селото Злеово, Радовишко, лекарот Мелих Инан, директорот на Аеродромот и други турски граѓани по потекло од Маке-донија.

Измир и околните места како да се населиле од долнореканскиот, велешкиот и други региони од Маке-донија. Нив ги има во голем број како турски граѓани од Македонија, Албанија и Косово, меѓу кои најбројни се Македонците – муслимани.

Нив ги има повеќе во Турција отколку во Македонија. Така ни рекоа домаќините, бидејќи, според некои нивни неофицијални податоци, само во Измир и во околните населени места живеат од 300 до 500 илјади турски граѓани од Македонија.

Ги има од Врановци и Оризари, Велешко, од Скудриње, од Жупа и Дебар, од Пехчевско и Делчевско, од Штипско и од други места од Македонија.

Сите тие добро живеат во демократска Турција, во која се прифатени како добронамерници, добродушни и честити луѓе. Многумина станале познати и признати бизнисмени, интелектуалци, лекари, општественици, дуќанџии, лојални граѓани на нивната втора татковина – Турција, но и кон дедовската земја – Македонија, која ја носат во своите срца и души.

Домаќините од Министерството за труд и социјална заштита и градоначалникот на Борнова ни организираа посета на градот Селчук и на античкиот град Ефес.

Во Селчук го посетивме Градскиот музеј во кој се изложени многубројни експонати од Ефес и од други локалитети од Анадолија и крајбрежниот регион.

Музејот претставува неодминливо катче за посетителите на овој дел на Турција. Се упативме кон многу познатата стара античка ризница Ефес, што се наоѓа на помалку од 200 километри јужно од Измир и на 20-тина километри северно од летувалиштето Кушадаси.

Позна-тиот град на минатото и на сегашноста – Ефес е сместен во подножјето на планината Билбил, каде реката Кајстер се влива во Егејското Море и во рамничарскиот дел што е во непосредна близина на морето.

Бил под власта на Персија, Спарта. Александар Македонски во 334 година пред Христа го освоил градот и стратешкото воено место околу градот Ефес, кој постанал дел од Македонската Империја. Ефес бил и под управа на Римската Империја и бил најважен град на тогашната анадолска провинција.

Ефес бил основан како атичко-јонска колонија во 10 век п.н.е. на рид (денес познат како ридот Ајасулук), на три километри од центарот на античкиот Ефес (како што е потврдено со ископувањата на Селџучкиот замок во текот на 1990-тите). Митски основач на градот бил принцот од Атина по име Андроклос, кој морал да ја напушти својата земја по смртта на неговиот татко, кралот Кодрос.

Според легендата, тој го основал Ефес на местото каде што пророштвото на Делфи станало реалност („*Риба и свиња ќе ви го покажат патот*“). Андроклос ги истерал повеќето од домородните кариски и лелегски жители на градот и го обединил својот народ со останатите.

Тој бил успешен војник и како крал можел да ги приклучи дванаесетте градови на Јонија заедно во Јонската лига. За време на неговото владеење градот почнал да напредува. Загинал во битка против Каријците кога ѝ помогнал на Приена, друг град од Јонската лига.

Инаку Ефес е најпознат по музејот „Ephesus Experience“ кој на посетителите им нуди незаборавно патување низ улиците на Ефес каде што ќе научат повеќе за животот во античкото време и ќе ги откријат тајните на тој свет.

Музејот е еден од првите музеи во светот кој комбинира историско раскажување приказни со напредна технологија создавајќи уникатно и привлечно искуство.

Посетителите на музејот во текот на посетата имаат можност да го искусат секојдневниот живот, трговијата, архитектурата и уметноста на древниот Ефес преку тридимензионален приказ кој изгледа како да го опкружува корисникот, овозможувајќи богато аудио-визуелно искуство и оживувајќи ги приказните што се презентираат.

# 3. ВО ИСТАНБУЛ – ПРЕД САРКОФАГОТ НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ

Во Истанбул е саркофагот на Александар Македонски, а копијата во Македонија се резултат на соработката меѓу турските и македонските археолози и израз на добрите и пријателски односи меѓу двете земји. Во Истанбул, за жал, во затворот Једи Куле биле егзекутирани браќата Миладиновци од Струга

За нас од Македонија, беше предизвик да се посети татковината на Кемал Ататурк, земјата на големите контрасти, која се разликува од онаа Турција во минатото, бидејќи таа била освоена од Александар Македонски и приклучена кон Македонската Империја, како и од причини што Македонија била приклучена кон Отоманската Империјата цели пет века. Исто така за нас беше предизвик да го посетиме значајниот и едеинствен саркофаг на Александар Македонски, кој бил донесен тука пред стотина години, од Сидон, во близина на Вавилон, а денес копие се наоѓа во Археолошкиот музеј во Скопје и претставува историски документ за вистината на Македонија.

Овој огромен и по многу нешта карактеристичен историски експонат, на кој се изгравирани стотина фигури што ги симболизираат победите на Александар Македонски, најголемиот и непобеден војсководач беше големата атрак-ција за посетителите што доаѓаат во Археолошкиот музеј на Истанбул од времето кога е пронајден во 1887 година. И покрај тоа што саркофагот е именуван по Александар Македонски, тој не е негов, туку веројатно на кралот Абдолонумис, кој бил последен крал на Сидон (Саида), во денешен Либан, град кој во тоа време бил дел од Отоманската Империја.

Саркофагот е именуван по Александар Македонски поради изгравираните стотина фигури што ги симболизираат победите на Александар Македонски. Исто така, поради големата декорација на релјефот посветена на големиот воин, саркофагот го добива името не по името на владе-телот, туку по името на Александар Македонски. Според пишаните документи дваесет и двата саркофази кои се најдени во 1887 година во Сидон претставуваат најголемо откритие за класичната археологија. Меѓу нив, секако, посебно внимание заслужува саркофагот на Александар Македонски, пронајден од еден селанец од Сидон кој работејќи на својата нива го открил ова значајно дело. Реализацијата на саркофагот на Александар Македонски ја извршил бегот Осман Хамбди, кој во тој период бил директор на Османлискиот музеј.

Пред овој саркофаг останавме подолго време. Го гледавме, го анализиравме, се чудевме, се восхитувавме и се потсетивме на големите подвизи на Александар Македонски, кој заедно со својата војска од Македонија стаса дури до реката Инд. Исполнети со восхит и силни чувства кон минатото на нашите претци силни воини и воопшто на македонскиот човек, го напуштивме музејот во кој се наоѓа саркофагот на Александар Македонски. Инаку, според археолозите, саркофазите со брод биле пренесени во Истанбул и потоа презентирани на јавна изложба во „Отоманскиот империјален музеј“, кој специјално за оваа намена официално бил отворен на 13 август 1891 година. Оттогаш па се до денес, саркофазите се чуваат во Музејот во Истанбул.

Според археолозите, исто така, еден од саркофазите кој бил украсен со бе-релјефни резби на кои биле прикажани сцени од битките на Александар, најпрво

бил интерпретиран како саркофагот на Александар Велики (Македонски). Меѓутоа, по првичната еуфорија, археолозите изразиле сомнеж дека саркофагот му припаѓа на Александар. Иако на саркофагот постојат релјефни декорации кои илустрираат делови од животот на Александар, постојат две претпос-тавки на стручњаците за неговата припадност.. Еден дел од стручњаците сметаат дека саркофагот му припаѓал на последниот по род Феникиски крал на Сидон, Абдалонимус, (умрел меѓу 312 и 306/5 г. п.н.е.), кој бил назначен на таа функција веднаш по битката на Ис, токму од Александар. Според нив, токму тој момент бил основниот мотив за почитта кон делото на Александар Македонски. Другите стручњаци пак, веруваат дека саркофагот му припаѓа на пресискиот благородник Мазеј управник на Вавилон. Меѓутоа, како и да е, до ден денес овој луксузен камен ковчег е познат во светот како саркофагот на Александар Велики (Македонски) и претставува најголема атракција за посетителите кои доаѓаат во Археолошкиот музеј во Истанбул.

Саркофагот на Александар Македонски плени со својот изглед. Овој петнаесет тонски мермерен ковчег бил направен од два блока високо квалитетен пантелиски мермер. Со тек на времето блескавиот мермер добива златникава боја и ја покажуа целата раскошност на релјефните претстави кои укажуваат на значењето и богатството на покојникот. На едната долга страна на саркофагот прикажана е борбата на Александар Македонски со Персијците. Во сцената која ја претставува битката кај Ис, македонскиот крал е прикажан како коњаник, со шлем од лавовска глава, како со копје прободува персиски коњаник.

Од другата долга страна, Александар Македонски е претставен во лов на лавови. Меѓу јавачите кои го пратат се смета дека на убавите релјефни преставі се наоѓаат и ликовите на генералите Пердика и неговиот побратим Хефејстион, но и на кралот на Сидон, Абдалонимус. Двете кратки страни содржат сцени кои го прикажуваат Абдалонимус во битка и лов на пантер, како и битката кај Газа и убиството на Пердика. Копието на саркофагот на Александар Македонски во Македонија, кое е резултат на соработката меѓу турските и македонските археолози, само уште еднаш ги потврдува добрите и пријателски односи меѓу двете земји. Всушност, Турција беше меѓу првите земји која ја призна независноста на Република Македонија и е нејзин најголем лобист за влез во НАТО.

Исто така, нашата посета на Истанбул беше  со цел да се зголемат и продлабочат врските на турските граѓани од Македонија со нашата држава, да се прошират мостовите на соработка, да се изнајдат нови патишта за подобро самоорганизирање, за афирмација на македонската држава, народ, црква, на македонската вистина.

Посетата беше реализирана со помош на Институтот за национална историја “Кемал Ататурк” при Универзитетот “Беазичи”. На покана на оваа значајна турска образовна институција, авторот на овие редови одржа предавање за професори, постдипломци и студенти кои се интересираат за религијата, за МПЦ, за Македонија... Предавањето беше на англиски јазик на тема “*Развојот на Македонската православна црква*”. Инаку, Универзитетот “Беазичи” е формиран во 1963 година како Американски универзитет “Кенеди”, а од 1970 година е државен универзитет на Турција. Комплексот на универзитетот е лоциран на брегот на една височинка на Босфорот на европскиот дел. Од зградата каде бевме сместени,

човек може да ужива во прекрасниот поглед кон Босфорот. Чиниш дека Господ го дарувал овој простор со убавини и раскош.

Во минатото, Македонците оделе во Турција барајќи спас за подобар живот, но, многумина биле прогонувани и ги оставиле коските по Анадолија и на други простори, за што постојат и историски докази. Меѓу нив, секако, е каракте-ристична трагичната судбина на браќата Миладиновци од Струга. Тие биле егзекутирани во затворот Једи Куле, што е дел на одбранбениот градски ѕид, кој се протега долж водената шир на Босфорот. При посетата на затворот размислувавме за голготата, она што им се случувало на браќата Константин и Димитар Миладиновци. Затоа, посакавме што поскоро да  ги напуштиме занданите, да заборавиме на минатото и да размислуваме за иднината. Никогаш повеќе да не се повторат такви трагични судбини. Меѓутоа, вниманието ни го сврте дел од кулата во непосредна близина на влезната порта. Тука, на десетина метри во висина на тврдината е изделкано во еден камен шеснаесеткракото сонце, како она од Кутлеш. Инаку, Кулата била подигната во 1457 година, што говори за долговечноста на Сонцето од Македонија, кое, како нем сведок ја потврдува поврзаноста на Македонецот со Истанбул.

Според некои податоци во Турција живее околу милиони луѓе со потекло од Македонци и тоа Македонци муслимани и македонски Турци. Ги има во сите делови од Турција, но најмногу се населени во егејскиот дел. Иако поголемиот дел од нив се родени во Турција, а нивните предци од Македонија, тие не го заборават своето потекло. Ги негуваат традициите, обичаите, песната, орото, дури и го зборуваат македонскиот јазик, се разбира македонскиот дијалект од каде се дојдени и со голема радост и задоволство доаѓаат во родниот крај на предците во Македонија.

Најмногу населени се во градовите на приморјето, Бурса, Измир, Ајдин и други градови, како и во метрополата Истанбул. Кога се иселувале во педесеттите години најмногу се населувале во приморските градови зашто таму се занимавале со земјоделство, но денес тие Турци од македонско потекло, меѓу кои претежно се Македонци муслимани кои се многу добро организирани со напредни

Исто така, го посетивме и Бејоглу, модерен кварт на Истанбул, кој претежно има резиденцијален карактер и во кој се концентрирани дипломатски претставништва, модерни хотели и вили. Сепак, за туризмот е најважен делот од Бејоглу каде што се наоѓа Долмабахче сарај. Тој е султанов двор, опколен со прочуениот парк на цвеќарницата за рози. Зградата се наоѓа на брегот на Босфорот и по општиот изглед потсетува на Версај.

Во 27 репрезентативни салони и 365 соби со мебел од сите страни на светот, натрупано е толкаво богатство што го восхитува секој посетител. Само за внатрешната декорација се потрошени 14,5 тони злато.  Од 1923 година, кога Турција е прогласена за република, ова била резиденцијата на првиот претседател Кемал Ататурк; овде тој умрел на 10.11.1923 година. На сите часовници во дворецот стрелките се запрени на 9 часот и 5 минути, покажувајќи го времето кога згаснал животот на Кемалпаша, големиот реформатор и најголем син на турската држава, кој се родил во Македонија.

# 4. ОД ИСТАНБУЛ ДО БУРСА И ИЗМИР

Познато е дека Истанбул е многу интересен и по надалеку познатата трговија и невидената бучава поврзана со неа. Така Гранд базар, Капали чаршија или Затворениот пазар, се магични места, каде на површина од 200 000 метри квадратни се слуша рекламирањето на стоката на околу 4 000 трговци. Секако, особено се цени златото и со него со добивка тргуваат во овие квартови.

Донекаде туристички е активиран и источниот, азиски брег на Мраморното Море. Особено се важни неколкуте островчиња покрај источниот брег на водата, на кои одамна се изградени голем број вили, кои претставуваат убав архитектонски прилог и вистински украс.

Тоа е Истанбул на Босфорот кој ги дели Европа и Азија. Двата истанбулски моста ги спојуваат двата континента, но, тука не се спојуваат само континентите, туку се среќаваат Истокот и Западот, во него се ракуваат Европа и Ориентот.Тоа е метропола каде има голем број Македонци од етничка Македонија и Гора.

Меѓутоа, најмногу Македонци се населени во градовите на приморјето, Бурса, Измир, Ајдин и други градови, како и во метрополата Истанбул. Според некои податоци во Турција живее околу милиони луѓе со потекло од етничка Македонци и тоа Македонци муслимани и македонски Турци

При крајот на XIX и почетокот на XX век печалбарството во Македонија станало масовна појава. Голем број население од селата масовно ја напуштале Ма-ке-донија и, меѓу другите градови, заминувале за Цариград и други градови во границите на Турција. Така, по неколку илјади луѓе од Леринско, Тетовско, Преспа, Костурско, Охридско и други места, секоја година оделе во Цариград и Смирна. Поголемиот број биле како сезонски работници, а одреден број засекогаш останале на тие простори. Така, денес во Турција има неколку стотини македонски семеј-ства кои повеќе од пет генерации се наоѓаат, главно, во Истанбул и кои се со православна вероисповед. Верската одредба е една од главните компоненти што ги одвоила од средината во која живеат и ги одржала како компактна етничка група сѐ до денес.

Исто така, според некои податоци во Турција живее околу милиони луѓе со потекло од Македонци и тоа Маке-донци муслимани и македонски Турци. Ги има во сите делови од Турција, но најмногу се населени во егејскиот дел. Иако поголемиот дел од нив се родени во Турција, а нивните предци од Македонија, тие не го заборават своето потекло. Ги негуваат традициите, обичаите, песната, орото, дури и го зборуваат македонскиот јазик, се разбира македонскиот дијалект од каде се дојдени и со голема радост и задоволство доаѓаат во родниот крај на предците во Македонија.

Најмногу населени се во градовите на приморјето, Бурса, Измир, Ајдин и други градови, како и во метрополата Истанбул. Кога се иселувале во педесеттите години најмногу се населувале во приморските градови зашто таму се занимавале со земјоделство, но денес тие Турци од македонско потекло, меѓу кои пре-

тежно се Македонци муслимани кои се многу добро организирани со напредни идеи и прогрес.

Историски гледано иселувањето од Македонија и од македонските простори се одвивало во неколку етапи. Првата поголема миграција се случила по Балканските војни и по Втората светска војна и тоа во име на исламот и ветената турска земја како муслиманска држава која ќе им даде верска помош, иако ова население не го познавало турскиот јазик.

Сепак, најголемата миграција од просторите на Македонија се одиграл од 1950 до 1970 година и тогаш цели села заминаа за Турција. Дел од западна Македонија, централна Македонија и источниот дел на Македонија, сите кои по религија беа муслимани одеа во оваа ветена држава на исламот. Така, тоа население се откажувало од македонското државјанство, се откажувало од своите имоти и оделе со турско државјанство во Република Турција. примено во конзуларното претставништво на Република Турција во Скопје, а потоа биле задржувани во Едрене, во логори, каде им биле менувани нивните презимиња.

Верската активност што словенското население, пак, а меѓу него и населението од Македонија, ја вршеле во Цариград била пресудна за Македонците доселеници да го добијат туѓински атрибутот, како Бугари и до денес да го носат тоа име. Тоа е време кога македонското (словенското) население, заради заедничките интереси за одвојување од Грчката православна црква и создавање самостојна словенска црква, се зближувале во надеж за успешно остварување на целта, да останат како Македонци.

Под притисок на елинизацијата и Грчката црква, во закрилата на Цариградската патријаршија, населението од Македонија во Цариград често е нарекувано и грчко, поради што и се приклучувало кон тогаш единствено самостојната словенска, Бугарска егзархија во чие создавање, всушност, активно учествувале и Македонците. Во Турција верата била идентификувана со етничката припадност и поради тоа само оние народи кои имале своја црква можеле официјално да се наречат со етничкото име. Немајќи своја држава и друг избор во тоа време, и заштитувајќи се да не станат Грци, македонското население се определувало како бугарско зачувувајќи го на тој начин барем своето словенство.

Некогашните градинари, цвеќари и воденичари од Македонија, денес се или сопственици на дуќани, каде што се продава зрнеста храна, жита, семиња, хемиски препарати и помагала за земјоделството, или, пак, се трговци на големо. Поранешните гостилничари имаат модерни ресторани или таверни, некои од нив се многу прочуени во градот. Во поново време, има златари, лекари, електро-инженери и архитекти. Исто така, ги има и во дипломатски претставништва, странски компании, туристички агенции и слично. Овој факт се чини е значаен, бидејќи укажува на добрата имотна состојба, што им овозможува школување во странски колеџи во градот или школување во странство.

Македонците во Истанбул верските обичаи ги спроведуваат во црквата „Свети Стефан", позната како „железна црква". Таа е под јурисдикција на Бугарската

патријаршија, а повеќе е изградена со пари на Македонците во Истанбул. Била зградена во 1849 година, а осветена во 1898 година од егзархиски владици. Таму и денес Македонците, претежно од Егејска Македонија ги задоволуваат своите религиозни потреби.

На 25 јуни 1890 година со султански ферман на Бугар ската Егзархија била дадена дозвола да се изгради нов храм недалеку од местото на поранешната мала дрвена црква. Бидејќи теренот не бил безбеден, архитектот дал предлог храмот да биде изграден целосно од железни елементи, а не со традиционални материјали. Тендерот за изработување на деталите на црквата бил добиен од фирма од Виена. Независно од тоа што таа немала поранешно искуство во градењето на железни објекти за јавна религиозна служба, но имала искуство во областа на железните конструкции.

Камен темелникот за црквата бил осветен од бугарски егзарх на 27 април 1892 година. Елементите со општа тежина 500 тони биле изработени во Виена меѓу 1893 и 1896 и биле пренесени до Цариград со бродови по Дунав и Црно Море. Објектот бил завршен на 14 јули 1896 година, а храмот бил осветен на 8 септември 1898 година.

Целта на нашата посета на Истанбул беше да се зголемат и продлабочат врските на турските граѓани од Македонија со нашата држава, да се прошират мостовите на соработка, да се изнајдат нови патишта за подобро самоорганизирање, за афирмација на македонската држава, народ и црква, на македонската вистина. Посетата беше реализирана со помош на Институтот за национална историја „Кемал Ататурк" при Универзитетот „Беазичи". На покана на оваа значајна турска образовна институција, авторот на овие редови оршжа предавање за професори, постдипломци и студенти кои се интересираат за религијата, за Македонската православна црква, за Македонија... Предавањето беше на англиски јазик на тема „Развојот на Македонската православна црква".

Инаку, Универзитетот „Беазичи" е формиран во 1963 година како Американски универзитет „Кенеди", а од 1970 година е државен универзитет на Турција. Комплексот на Универзитетот е лоциран на брегот на една височинка на Босфорот, на европскиот дел. Од зградата каде бевме сместени, човек може да ужива во прекрасниот поглед кон Босфорот. Чиниш дека Господ го дарувал овој простор со убавини и раскош. Бевме информирани дека одреден број од Македонците биле прогонувани во Турција каде ги оставиле коските по Анадолија и на други простори, за што постојат и историски докази. Меѓу нив, секако, е карактеристична трагич-ната судбина на браќата Миладиновци од Струга. Тие биле егзекутирани во затворот Једи Куле, што е дел на одбранбениот градски ѕид, кој се протега долж водената шир на Босфорот.

При посетата на затворот размислувавме за голготата, она што им се случувало на браќата Константин и Димитар Миладиновци. Затоа, посакавме што поскоро да ги напуштиме занданите, да заборавиме на минатото и да размислуваме за иднината. Никогаш повеќе да не се повторат такви трагични судбини.

Меѓутоа, вниманието ни го сврте дел од кулата во непосредна близина на влезната порта. Тука, на десетина метри во висина на тврдината во еден камен е изделкано шеснаесеткракото сонце, како она од Кутлеш. Инаку, Кулата била подигната во 1457 година, што говори за долговечноста на сонцето од Македонија, кое, како нем сведок ја потврдува поврзаноста на Македонецот со Истанбул.

Исто така, го посетивме и Бејоглу, модерен кварт на Истанбул, кој претежно има резиденцијален карактер и во кој се концентрирани дипломатски претставништва, модерни хотели и вили. Сепак, за туризмот најважен е делот од Бејоглу каде што се наоѓа Долмабахче сарај. Тој е султанов двор, опколен со прочуениот парк на цвеќарницата за рози. Зградата се наоѓа на брегот на Босфорот и по општиот изглед потсетува на Версај.

Во 27 репрезентативни салони и 365 соби со мебел од сите страни на светот, има толкаво богатство што го восхитува секој посетител. Само за внатрешната декорација се потрошени 14,5 тони злато. Од 1923 година, кога Турција е прогласена за република, ова била резиденцијата на првиот претседател Кемал Ататурк; тој умрел овде на 10 ноември 1923 година. На сите часовници во дворецот стрелките се запрени на 9 часот и 5 минути, покажувајќи го времето кога згаснал животот на Кемал-паша, големиот реформатор и најголем син на турската држава, кој потекнува од Македонија. Донекаде туристички е активиран и источниот, азиски брег на Мраморното Море. Особено се впечатливи неколкуте островчиња покрај источниот брег на водата, на кои одамна се изградени голем број вили, кои претставуваат убав архитектонски прилог и вистински украс.

Локацијата на Византион најмногу му го привлекла вниманието на Константин Први Велики во 324 година. Во текот на 3. век, Римското Царство било опфатено со голема криза. Во тогашни услови, старата престолнина Рим немала услови да опстојува како таква во такви услови. Неговиот наследник, Константин I Велики бил прв император кој барал простор за изградба на новата престолнина.

Според него, таа требало да се изгради на Босфорот, на местото каде се наоѓал античкиот грчки град Византион. Ова било местото кое Европа ја делел од Азија. Изградбата на новата престолнина започнала во 324 година. Лично Константин бил оној кој го направил планот на градските ѕидини.

По само шест години, на 11 мај 330 година бил официјално основан градот под името Цариград, градот на Константин. Од тогаш, тој исто така бил нарекуван и *Нов Рим*. Подоцна, градот од страна на Словените бил наречен Цариград.

Тоа е Истанбул на Босфорот кој ги дели Европа и Азија. Двата истанбулски моста ги спојуваат двата континента, но, тука не се спојуваат само континентите, туку се среќаваат Истокот и Западот, во него се ракуваат Европа и Ориентот.

Инаку, најпосетуван градо во светот во 2023 година е Истанбул, кој имал најмногу меѓународни пристигнувања во текот на годината. Така минатата година економскиот политичкиот, административниот и културен центар на Турција пречекал неверојатни 20,2 милиони посетители, а се предвидува дека во 2024 година оваа бројка се зголемила. Сето тоа го прави Истанбул еден од врвните светски метрополи.


AUSTRALIA
LAND BEYOND TIME





*Мелбурн*



# 16. АВСТРАЛИЈА

## 1. ПАТУВАЊЕТО ОД СКОПЈЕ ДО СИДНЕЈ ВО „НЕПОЗНАТАТА ЗЕМЈА“ АВСТРАЛИЈА

Патувањето од Македонија за Австралија го започнавме во едни декемвриски зимски денови. Беше среда, ден Господов. На аеродромот во Цирих вриеше како во кошница. Пред полноќ, кога ги завршивме царинските и другите процедури се најдовме во меѓународната зона на аеродромската зграда.

А, таму многу патници кои брзаа кон своите дестинации. Меѓу нив имаше десетина патници од Македонија. Ние со нетрпение ја чекавме најавата за заминување на авионот за Дубаи, кој потоа продолжуваше за Сингапур, а од таму за Сиднеј, Австралија – на петтиот континент.

Симпатичните сјујардеси во авионот не угостија со пиење и јадење и со муабет, а пред сѐ поради спротивната насока од движењето на Земјата, не почувствувавме кога летна ноќта. Бргу се раздени и започна еден нов ден на Истокот. По околу пет часа летање, авионот ги надлета Обединетите Арапски Емирати. Во Заливот можеа да се видат многу бродови, а на копното во непосредна близина на брегот на видикот се појавија голем број рафинерии, нафтени полиња и непрегледни пустински простори.

Во Дубаи, градот што се простира во полупустинскиот дел, авионот меко се спушти на пистата на аеродромот. И лево и десно се гледаше само песок, а можеа да се видат и забележат контрастите на животот: од пустински делови, до прекрасни оази како рај на поднебјето.

За време на одморот во Дубаи добивме повеќе рекламни материјали, меѓу кои, во еден материјал го пишуваше следното: Економија на Арапските Емирати е многу динамична и брзорастечка.

Затоа оваа држава  се брои на четиринаесетото место во светот и трето место на Средниот Исток, веднаш по Катар и Кувајт. Името на државата Обединети Арапски Емирати е самото описливо. „Обединети“ се однесува на федералниот систем на управување на државата, „арапски“ се однесува на етно-географското потекло на народот и регионот и „емирати“ се федералните единици каде управува емир.

По кусиот одмор го напуштивме Дубаи и авионот се упати кон исток, кон Сингапур. Го гледавме Сонцето како заоѓа кон запад кога се приближивме кон Сингапур, градот на соништата и едно од најзначајните, ако не и најзначајно воздушно пристаниште на тие простори. Во далечината се чувствуваше раздвиженост: се гледаа мали острови, а во бескрајната водена шир некои од големите бродови оставаа трага зад себе во синилата на брановите.

Авионот започна полека да се спушта кон пистата на аеродромот во Сингапур, кога и бевме предупредени дека има простор со воздушна турбуленција. Меѓутоа, и тие непријатни мигови како да ги заборавивме кога се приближивме кон островите. Аеродромот „Чанги“ нуди едночасовно забавно протегнување на нозете по долгиот лет. Поголем дел од аеродромот се наоѓа во морскиот предел од каде на левата страна се гледаа зградите нанижани како бисер на брегот од заливот што ја прават оригинална разгледницата.

И во Сингапур авионот слета безбедно каде требаше да останеме извесно време колку човек да се освежи и одмори. Беше околу 21 часот по локално време кога го напуштивме авионот и се упативме кон аеродромската зграда. Тоа е прекрасен трговски центар, со безброј дуќани од типот на „плазите“ во Канада и САД, со ресторани, фонтани и сè што е последен дизајн, и хит на техниката. Задоволството и уживањето во вкусно уредените мали продавници на аеродромот „Чанги“ траеше кусо време, или така нам ни се причини, кога беше објавено дека нашиот авион заминува за Сиднеј.

Ни се причина дека и ноќта од Сингапур до Сиднеј беше куса. Во утринските часови во далечините се покажаа непрегледни пустински предели на Австралија. Од глетката во пустината човек има чувство дека на песокот и дивината им нема крај и дека таму некаде во близината престанува животот. Меѓутоа, набргу во далечината се појавија првите, веројатно, абориџински живеалишта, потоа помали населби и езерца, рекички, шуми, жито...

Во раните мугри веќе бевме над недогледијата на патот кон Сиднеј. И над овој светски град, веројатно поради големиот авионски метеж на аеродромот, леталото направи круг над Сиднеј. Ова беше можност за миг да се ужива во прекрасната глетка над Сиднеј. Патувањето во Австралија за нас претставуваше вистински и голем предизвик и своевидна авантура.

Беше големо доживување од птичја перспектива да се види мостот „Харбор“, „Операта“, високите облакодери, без-бројните фјордови и новите населби. Авионот слета на Сиднејскиот аеродром, кој е изграден во непосредна близина на заливот „Ботан“, каде од непрегледната водена шир како птица слета на копното.

Тоа ни заличи како она слетување на авионите од над водите на Охридското Езеро кон копното на Охридскиот аеродром. Но, Сиднејскиот аеродром е огромен и преполн со авиони и други летала. Авионот се спушти на аеродром, на местото каде пред околу два и половина века за првпат со брод стасал капетанот Џејмс Кук и ја открил таа „непозната земја“ Австралија.

Инаку за патувањето за Австралија (Tera Australis incognita – Непознатата земја од Југот) како водич ни послужија големиот број литературни дела од бројни бри-тански патеписци, кои детално и точно ги пренесуваат податоците за таа интересна и богата земја на Абори-џините во која прво дошле Холанѓаните, а потоа Британците кои ја населиле.

Според пишаните документи најмалиот, петтиот континент - Австралија зафаќа површина од 7.704.159 километри квадратни, и има повеќе од триесетина

милиони жители, од кои околу 300.000 се по потекло од сите делови на етничка Македонија и кои започнале да се доселуваат пред стотина години.

Се наоѓа зад екваторот, на јужниот дел на Земјината полутопка, меѓу Индискиот и Тихиот Океан, југоисточно од Азија. Таа како континент го зафаќа копното на Австралија и островот Тасманија, а по пространство е колку Европа без скандинавскиот дел.

Поголемиот дел е пустински, со пространи зелени појаси крај бреговите, со услови за живеење од тропска до умерена клима. Тој е чудниот континент којшто пленува со својата природна убавина, богатство и контрасти.

Во стариот и средниот век се претпоставувало дека во јужните морињa постои копно кое средновековните географи на латински го нарекле Terra Australis Incognita, што значи „Непозната јужна земја", од каде го добила името Австралија. Несомнено е дека Индонезијците во Австра-лија дошле пред Европејците, а до нејзините северни брегови прво стасале Португалците и Шпанците (Де Торез околу 1588 година).

Педантните хроничари и аналитичари забележале дека во Тихиот Океан се наоѓа половината од сите води на Земјата. Во него е речиси половината од Земјиниот екватор. Кога на едниот негов брег е ден, на спротивниот е ноќ. Ветровите со месеци дуваат во иста насока без пречки.

Големите долги бранови се тркалаат без застој, а од водите на океанот се издигаат илјадници острови, обраснати со густа тропска шума, поради што личат на расцветани градини што се наоѓаат на пловечки платформи.

Во текот на нашиот престој во Сиднеј бевме инфор-мирани дека еден од најсмелите морепловци во Тихиот Океан бил холандскиот капетан Абел Тасман, кој, пловејќи, ги заобиколил, Австралија и Тасманија.

Во првата половина на XVIII век, пак, почнало истражувањето на океанот од Русите. Беринг го препловил северниот дел на Тихиот Океан, којшто сега се вика Берингово Море и ја открил Аљаска.

Во обемната англиска литература забележано е дека во втората половина на XVIII век европските морепловци извршиле низа смели пловидби. Благодарејќи на нив, човештвото дознало за многу непознати земји.

Многу херои се удавиле, други загинале во битките, а само малкумина умреле дома, во својата татковина. Но, светот нема никогаш да го заборави бестрашниот морепловец Џејмс Кук, кој мечтаел да открива нови земји во Тихиот Океан, во тој огромен непознат простор за Европејците, кој, во исто време бил мамка за храбрите.

Со започнувањето на војната меѓу Англија и Франција во 1755 година, Џејмс Кук како офицер на воената морнарица извесно време бил во Канада, каде што ја проучувал реката Сеинт Лоренц и бреговите на Њу Фаундленд. Затоа, Лондонското географско друштво го примило за свој член.

# 2. ДЕЛ ОД ПРЕСТОЈОТ ВО СИДНЕЈ – ГРАДОТ НА ЏЕЈМС КУК

Според историските податоци Лондонското географско друштво во 1769 година испратило научна експедиција на Тахити во Тихиот Океан, за на 3 јуни да се следи необичната астрономска појава кога Земјата, Венера и Сонцето се нашле на една права линија, а самата Венера била видена на Сончевиот диск. На чело на експедицијата бил Џејмс Кук кому на располагање му бил ставен малиот, но одлично граден воен брод „Истрајност".

Прочитавме многу легенди и се запознавме со различни вистински стории за славниот морепловец Џејмс Кук. Така, во англиската литературата се вели дека Кук го продолжил својот пат кон запад за да го проучи источното крајбрежје на Австралија. Во тоа време за јужниот и западниот брег нешто веќе се знаело, благодарение на Тасман и некои други холандски морепловци. Меѓутоа, за Кук на хоризонтот се појавило австралиското копно токму на 19 април 1770 година.

Ниските планини што го затскривале видикот кон внатрешноста на континентот Австралија го потсетувале Кук на Јужен Велс, па затоа целиот тој простор го нарекол Нов Јужен Велс. Овде Кук бил преокупиран со правење точна карта, во која го внесувал секој р'т, залив, остров...

Пловејќи кон север го минал Екваторот и се пробил меѓу многубројните острови на Големиот корален гребен, не насетувајќи каква голема опасност ги демне членовите на експедицијата. Имено, се случил бродолом на 25 мај 1770 година. Сите топови биле фрлени во морето, а ја истуриле и водата за пиење. По едно денонокие непрекината работа во црпење на водата што навлегувала на бродот, со следниот највисок прилив бродот се ослободил од подводните карпи и запловил кон брегот. Бидејки не биле сигурни на австралискиот брег од непријателски расположените домородци, се упатиле на островот Јава во градот Батавија - холандска колонија, поминувајќи низ протокот меѓу Нова Гвинеја и Австралија.

Патем, многу од патниците умреле од скорбут и маларија. Откако бродот бил оспособен за пловидба, останатите го продолжиле патот по веќе добро познатите мориња. Заобиколувајќи го 'ртот Добра Надеж на југот на Африка, тие запловиле во водите на Атлантскиот Океан и, речиси, по тригодишно отсуство се вратиле во Англија на 12 јуни 1771 година.

Името на Џејмс Кук се прочуло во цела Англија. За него пишувале сите весници. Книгите во кои се опишувало неговото патување веднаш се распродавале, а се преведувале и на многу јазици. Целиот учен свет бил возбуден особено: астрономите, ботаничарите, зоолозите, геолозите, новинарите и другите научници, но најмногу географичарите кои многу одамна немале добиено толку скапоцени податоци. Точно определените брегови на Австралија и Нов Зеланд ја исполниле огромната бела површина на сите мапи и географски атласи.

Во 1770 година, Џемјс Кук подробно ја испитал и ја про-гласил Австралија за англиски посед. Во тоа време во Австралија живееле неколку стотици илјади домородно население кое било изолирано од цивилизацијата со илјадници години и со крајно низок степен на развиток. Осум години потоа, во 1778 година бил испратен  првиот конвој од транспортни и товарни бродови со 717 затвореници под командата на капетанот Филип, со што почнала колонизацијата на таа нова земја - Австралија.

Кога се форматираше сликата за Австралија во која нашите патувања беа врзани со активностите и постигнувањето на Македонците, не е на одмет да се додадат и некои други податоци за оваа земја. Така, главен град на Австралија е Канбера и се наоѓа на територијата на федералната влада. Сиднеј е главен град на Нов Јужен Велс, Мелбурн на Викторија, Бризбен на Квинсленд, Аделаида на Јужна Австралија, Перт на Западна Австралија, Хобарт на Тасманија и Дарвин на Северната Територија. Најголеми планини се Австралиските Алпи и Сините Пла-нини на исток и југоисток.

Прва европеизирана област била Порт Џексон, формирана во 1778 година од англиски затвореници, а на крајот од XVIII век и почетокот на XIX век се доселиле многу колонисти од Европа, особено од Англија и во тоа време се формираат самоуправни колонии како: Нов Јужен Велс (1788), Тасманија (1825), Западна Австралија (1829), Јужна Австралија (1835 - 37), Викторија (1851), Квинсленд (1859) и Северната Територија во 1863 - 64 година.

Почнувајќи од 1855 година колониите стекнувале толкава самостојност, што во секоја од нив постепено се формирала уставна влада со парламент. Во 1901 година сите колонии го формираа Австралискиот сојуз, освен Северната Територија, која се приклучила 10 години подоцна. Тогаш Австралија доби статус на британски доминион

На овој континент има степи, полупустини и пустини (Големата песочна пустина и Големата Викториина пустина). Таму владее тропска клима на север, умерена и суптропска на југ и на југоисток, тропскопустинска и степска во најголемиот дел на континентот, а има мало количество врнежи. Во Австралија има малку реки, најголема од нив е реката Мери со десната притока Дарлинг, долга 3. 490 км и која се влева во Индискиот Океан.

Денес Австралија е една од најразвиените индустриски и економски сили и има значајна улога во светот. Австралиската нација, која на картата на светот постои околу 250 години, а која е составена од многу нации и етнички групи, претставува пример за многу народи и земји. Етничките групи со своето заедничко живеење го градат познатиот австралиски мултинационален мозаик на културите на народите што живеат на тие простори.

Патникот кој бил во Австралија, а не ги видел нејзините пасишта со стадата овци кои обично бројат по неколку десетици илјади, тешко може да каже дека навистина ја запознал оваа земја. Околу 200 милиони овци, а од нив повеќе од 100 милиони од расата - мерино, се темел на сите стопански зафати на австралиската влада и народ.

## 3. ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ВО СИДНЕЈ

Интересно е да се забележи дека бројни македонски семејства, особено од Беломорска Македонија кои живеат во Западна Австралија се занимаваат со овчарство. Според некои податоци ако се смета дека секое семејство просеч-но има по четири членови, тогаш произлегува дека секое семејство во Австралија има стадо од околу 60 овци. Кога ќе се каже дека на секое семејство му припаѓаат по околу 7 говеда, се добива приближно јасна слика за баснословното богатство што Австралија го има на своите пасишта насекаде во државата.

Исто така, во оваа пригода ќе нагласиме дека за молзење на овците во Австралија, ниту стручњаците за овчарство никогаш не слушнале. Кога на еден од нив му кажувавме за нашите шарпланински и пелистерски бачила, за одличното млеко и сирење, солзи му потекле од смеење, бидејќи и самата помисла на молзење овци му беше смешна. По тој наш терк, сите жители на Австралија би морале да се занимаваат со молзење, за да може околу 200 милиони овци секој ден да се молзат. Што би останало од продуктивноста на трудот и имотите кога неговите вработени би се занимавале, меѓу другото и со таа работа - молзење?

Затоа, овчарските фарми во Австралија сè повеќе ги освојуваат ненаселените простори на континентот. Големото „море" со темна боја и засушена трева на тропската горештина во Квинсленд е полно со мекорунести овци и друг добиток што ја прават Австралија земја на месото. На аеродромот во Сиднеј нè пречекаа голем број нашинци како што и во минатото пречекувале голем број гости од Македонија. Средбата беше пријателска и многу срдечна. По пристигнувањето бевме сместени во еден убав хотел од каде можеше да се види голем дел од метрополата. Нашата љубопитност да се сретнеме со Македонците во Сиднеј беше голема. Затоа домаќинот не прошета низ повеќе интересни квартови и делови каде се доселиле голем број Македонци, особено од Битолскиот крај.

Во тие почетни моменти во новата средина, домаќините ни укажаа прилика да присуствуваме и да бидеме гости на концерт на македонски ора и песни што го приреди Македонското културно-уметничко друштво „Илинден" од Рокдеил. Задоволството беше големо. Се интересиравме за историскиот развој на „Илинден", за минатото, сегашноста, за идните планови и перспективи. Притоа, бевме информирани дека тоа е едно од најактивните македонски друштва на петтиот континент, а работи во состав на МПЦО „Света Петка". Во него членови се млади играорци, музичари, пејачи и други ентузијасти, претежно родени во Австралија. Ни беше речено дека членството на КУД „Илинден" учествувало на етнички фестивали, црковни и други манифес-тации и било достоен амбасадор на македонската игра и песна.

Исто така разговаравме и се потсетивме за Културно уметничкото друштво „Илинден" кога гостуваше во Република Македонија, каде учествуваше на бројни манифестации и постигна видни резултати, со бројни успешни концерти, за што учесниците добија награди и признанија. Авторот на овие редови се потсети и евоцираше спомени од гостувањето на „Илинден" во Македонија, кога публика-та постојано ги наградуваше учесниците со аплаузи за успешната изведба на богатиот македонски фолклор.

Ова значајно македонско друштво, за кое со право се вели дека е ороводник меѓу бројните културно-уметнички друштва во државата Нов Јужен Велс беше формирано на 26 ноември 1966 година од група Македонци, ентузијасти, кои, одделени од Македонија, преку орото, песната и музиката ја изразуваа силната љубов кон родната земја. Бевме информирани дека со отворањето на портите на Македонската православна црква „Света Петка", во ноември 1976 година, друштвото „Илинден" навлегло во една нова фаза на постигнување резултати. Имено, во друштвото се формирал Одбор од голем број активисти кои во исто време имале задолженија и во црковната општина и кои решиле тоа да биде во состав на црквата. Членовите на друштвото на најдостоен начин го презентираат богатството на македонскиот фолклор пред македонските доселеници и другите етнички групи кои живеат на петтиот континент, во Австралија, земјата која за Македонците е и далечна и блиска.

Сиднеј е една од првите англиски населби на петтиот континент и е формирана во 1788 година. Денес е најголемото морско пристаниште, град на фјордовите и главен град на државата Нов Јужен Велс. Таму, во близина на Ботани Беј, во минатото се истоварил капетанот Џејмс Кук, поставувајќи ги темелите на денешна модерна и мултикултурна Австралија. По Мелбурн, Сиднеј е втор македонски центар и место каде се зборува и англиски и маке-донски јазик. Во Сиднеј се сретнавме со поголем број Македонци од Битола, Ѓавато, Цапари, Охридско, Љубојно и други прес-пански места од етничка Македонија, од Леринско, Прилеп, Мариово... Со нив разговаравме за животот и нивните постигнувања и проблеми во Австралија. Но, за нив беше поважно да се зборува за Македонија, за нивните родни места, за приликите и неприликите во новите општествени услови, за политичкото милје и за сè она што е интересно околу и за Република Македонија. Сиднеј се наоѓа во југоисточниот дел на австралискиот брег. Изграден е околу заливот Порт Џексон. Сиднеј е најголемиот финансиски центар на Австралија. Водечки економски гранки се деловните услуги, производството, туризмот, медиумите и здравството.

Инаку, Сиднеј е многу важна светска туристичка дестинација, позната по своите плажи и две знаменитости - Сиднејската опера и Сиднејскиот пристанишен мост. Градот е опкружен со национални паркови и бројни заливи, и реки. Според истражувањето од 1999 година, Универзитетот Лафборо го класифицира Сиднеј како бета град со 9 поени - на исто ниво со Сан Франциско, Торонто и Цирих. Сиднеј беше домаќин на многу спортски, културни и политички настани и настани како што се Игрите на Комонвелтот во 1938 година. Во текот на нашиот престој времето во Сиднеј беше врнежливо. Земјата беше жедна за вода и се чинеше дека е зима, а не почеток на летото. Нашите домаќини се потрудија да видиме поголем број знаменитости и карактеристики на Сиднеј, но и да се запознаеме со животот и активностите на Македонците.

Така, уште во почетокот на нашиот престој во Сиднеј ни се укажа прилика да се сретнеме и да разговаравме со претставници на Македонскиот просветно-училиштен одбор. Од тие македонски просветители во Австралија бевме запознати дека Одборот имал за цел да ги координира сите македонски училишта таму каде што живееле Македонци; да изработува годишни наставни планови и програми од I до XII одделение и да одржува семинари по македонски јазик.

Првата настава по македонски јазик се извела во мај 1976 година во населбата Њутаун и дека Македонскиот просветно-училиштен одбор за Нов Јужен Велс со успех започнал да работи од 1978 година. Тој давал голем придонес во образованието и воспитувањето, како и всадувањето љубов кај децата од македонско потекло кон дедовската земја и бил чувар на македонскиот јазик, литера-турата, културата, обичаите, традициите... Бевме информирани дека Одборот бил единствена македонска институција од таков вид надвор од Македонија која опфаќала повеќе од 30 наставници во етничките училишта со околу 1.400 ученици, како и триесеттина наставници, еден координатор и повеќе од 600 ученици во саботните средни австралиски училишта во Сиднеј, Њукасл, Вулунгонг и Квинбијан.

Иницијативата за формирање на Македонскиот просветно-училиштен одбор ја дале наставниците кои ја изведувале наставата по македонски јазик во Етничкото училиште во сиднејската населба Њутаун, која почнала со работа во мај 1976 година. Истата година во јуни во населбата Јагуна, а подоцна и во други училишта во населбите Кенливејл, Анклиф и во Сент Џорџ, се формирале нови училишта. Идејата за формирање на Одбор била поддржана од црковната управа на МПЦО „Света Петка" од Рогдеил и од другите македонски асоцијации во Сиднеј. Затоа Македонците во Рогдеил, предградие на Сиднеј се чувствувале како да се на Широк Сокак во Битола. Исто така, ни беше речено дека Македонскиот просветно-училиштен одбор успеал да го зголеми бројот на ма-кедонските етнички училишта за дополнителна настава по македонски јазик, потоа да го воведе македонскиот јазик во саботните училишта и да воспостави добри врски со австралиското и македонското општество. Така, секоја сабота македонскиот јазик, литература, култура, историја и географија се учеле во 12 етнички училишта во Нов Јужен Велс.

Овие училишта ги посетувале околу 800 ученици, а наставата ја изведувале 24 наставници. Од I до IV одделение учеле во 6 редовни училишта на Министерството за образование на Нов Јужен Велс. Македонскиот јазик како втор јазик го учеле околу 700 ученици, а наставата ја изведувале шест наставници. Исто така, во 7 гимназии од VI до XII одделение, 28 наставници им предавале македонски јазик на околу 600 ученици. Улогата на Македонскиот просветно-училиштен одбор била непроценлива и од големо значење за афирмација на македонскиот јазик и културата во Австралија, каде македонскиот јазик рамноправно се употребува во ова мултикултурно општество како што се практицираат и другите етнички јазици.

Се чини дека наставниците што биле испратени од Министерството за образование и наука на Република Македонија биле од големо значење за работата на Одборот. Така, во 1983 година бил изработен Наставен план и програма од прво до шесто одделение и од седмо до дванаесетто одделение.

За одбележување е тоа што аставниците и членовите на Одборот во соработка со наставниците и професорите од Македонија издале околу петнаесетина учебници и други наставни помагала на македонски јазик, кои претставуваат убав прилог кон македонската книжнина и придонес во наставните процеси во училиштата во Австралија и пошироко каде се учи македонскиот јазик. Овие изданија целосно биле финансирани од австралиската влада.

# 4. МАКЕДОНЦИТЕ ВО МЕТРОПОЛАТА МЕЛБУРН

Во Сиднеј останавме речиси една недела и потоа со авион заминавме за Мелбурн. Бргу стасавме над Мелбурн. Кога авионот почна да се спушта, се восхитувавме на убавата природа, многуте фарми, езера, бројните дрвја еукалиптуси и там-дрвото што е специфично за Австралија и Нов Зеланд.

Исто така, во Мелбурн слушавме за општеството за кое многумина велат дека изобилува во благосостојба. Тука се запознавме со земјата на традиционалните спанковци - коалите и на кенгурите како и земјата на скапоцениот камен - опалот, песочните плажи и прекрасните предели. Во исто време Мелбурн е градот во кој многумина дојденци од светот, преку негативните појави и дејствувања ја изразуваат неможноста да ги прифатат предизвиците на современиот австралиски живот и немилосрдните општествени односи со кои се среќаваат секојдневно.

Во Мелбурн, во тој убав град, привлечен и најзначаен административен, политички, културен, спортски центар и главен град на државата Викторија, според некои неофицијални податоци живеат педесетина илјади Македонци од сите делови на македонската земја, а особено од Леринско, Костурско, Преспанско, Воденско, Битолско, Охридско и од други места. Добро организирани, а во исто време поделени по црковно-имотното прашања, раскарани и без меѓусебна љубов што Господ им ја дал, тие се бројни во далечниот Мелбурн, а многумина од нив имаат важна улога во општественото и во културното живеење и се многу значаен дел на тој австралиски многунационален музеј. Останавме во Мелбурн, главниот град на државата Викторија, но не се почувствувавме како во туѓина, напртив како да бевме дома - во нашата Македонија. Имавме средби со многу наши сонародници. Тие средби беа со многу топли прегратки, изливи на чувства, дури и со солзи радосници. Средбите ќе останат незаборавни, бидејќи тука почувствувавме дека Австралија – „непознатата" јужна земја колку и да е далечна, таа, сепак, за Македонците е блиска.

Во Мелбурн човек може лесно да се снајде, зашто таму покрај англиски се зборува и македонски јазик. Каде и да се појде: на улица, во дуќан, канцеларија, кафеана, библиотека, на натпревар или на некоја манифестација, насекаде ќе сретнете Македонци. Нив ги има од сите делови на Македонија.

Во Мелбурн бројот на македонските доселеници од Беломорска Македонија, од Пелагонија и потпелистерскиот регион се најбројни. Значајна одлика за нив е таа што тие се вредни, трудољубиви, честити и лојални граѓани. Втората и третата генерација се разликува по свеста и образованието, по социјалниот статус, по општествената и материјалната положба. Меѓутоа, заедничка карактеристика за Македонците во Мелбурн е нивната срдечност, гостопримливост, искреност... Иако се чувствуваат како да се најдалеку од татковината, тие се најприврзани за дедовската земја – Македонија. Викторија е држава во југоисточниот дел на Австралија и е најгусто населена. Поголемиот дел од населението е концентрирана во областа околу Филиповиот Залив (Port Phillip Bay), во која е вклучено градското подрачје на нејзиниот главен град и најголемиот град во Викторија, Мелбурн. Инаку, Мелбурн по Сиднеј е втор по големина град во Австралија.

Државата Викторија географски е најмалата држава на австралиското копно. Пред доселувањето на Европјаните Викторија била населена со домородното население Абориџини. Во почетокот на доселувањето на Англичаните, Викторија била приклу-

чена во поширoката колонија на Нов Јужен Велс. Првата населба била формирана во 1803 година во заливот Саливен и голем дел од она што е сега Викторија било вклучен во Филиповиот Залив во 1836 година со административна поделба на Нов Јужен Велс.

Викторија била официјално формирана како посебна колонија во 1851 година, апостана самостојна во 1855 година.  Во текот на златната треска во 1850-тите и 1860-тите години, бројот на населението и богатството значително се зголемиле. Во 1901 година Мелбурн бил најголемиот град и водечки финансиски центар во Австралија. Исто така, Мелбурн бил главен град на Австралија до формирањето на Австралија како федерална држава во 1927 година, кога Канбера била прогласена за главен град. Кога се пишува за Македонците во Австралија, особено во Викторија, тие отсекогаш биле предмет на разни туѓи верски, национални и политички влијанија, кај кои се нашло погодно тло за таквата дејност. Во тој правец активна била бугарската, грчката и српската пропаганда, кои со успех ги вршеле своите замислени цели.

Притоа, во прилог одела и неорганизираноста на македонските доселеници кои, за жал, немале ниту своја држава, ниту, пак, свои македонски православни цркви. Затоа, во периодот од нивното доаѓање во Австралија до конституирањето на македонската држава, Македонците биле предмет на бугарската, грчката или српската пропаганда. Свои пропаганди и влијанија врз македонските доселеници вршела и Католичката, Англиканската и некои протестантски цркви, затоа одреден број од нив се приклучиле и кон овие цркви.

Во периодот меѓу двете светски војни, кога МПЦ не беше конституирана како институција, македонските доселеници во дијаспората, особено во САД и Канада, а и во Австралија, не само што учествувале во организирањето и во изградбата, туку и  ги поддржале, ги финансирале и црквувале, главно, во т.н. македонскобугарски православни храмови и други цркви. Овие цркви биле поттикнати, изградени и контролирани од МПО. И денес мал број Македонци, претежно од постарите генерации, ги задоволуваат своите религиозни потреби во некои од овие христијански храмови. Од деведесеттите години на минатиот век, поголемиот број цркви со македонско-бугарски карактер, од владение на МПО биле предадени и се под целосна контрола и под јурисдикција на Источната православна црква за САД и Канада, која нема никакви врски со македонскиот народ и Македонија.

Исто така, пред конституирањето на МПЦ во лицето на Охридската архиепископија, голем број македонски доселе-ници помогнале материјално и духовно во изградбите и опстојувањето, како и црквувале во српски, грчки, руски, украински, романски и други православни цркви Таков е случајот со Бугарско-македонската православна црква „Свети Кирил и Методиј" во Мелбурн. Меѓутоа, конституирањето на Република Македонија и прогласувањето на автокефалноста на Македонската право-славна црква во лицето на Охридската архиепископија се настани од фундаментално значење и за иселениците во Австралија. Со тоа се отвори процес на создавање автентични македонски организации, македонски православни цркви и црковни општини, културноуметнички, литературни, забавни, спортски друштва и друг вид асоцијации.

Пред да се организира црковниот живот, венчавките и крштевките се вршеа и се заведуваа во протоколите на туѓите цркви и, секако, не од родители со потекло од Македонија и Македонци. Тие беа заведувани како Бугари, Грци, Срби и друго.

Македонските православни црковни општини и културно-просветните центри за Македонците во прекуокеанските земји претставувале и денес се нивна лична карта за нивна препознатливост и афирмација на црковно-духовен, национален и културно-просветен план. До почнувањето со организиран црковно-духовен и културно-просветен живот, штедрите даренија од Македонецот се слевале во касите на другите цркви кои, за жал, биле употребувани за вршење асимилаторска дејност врз Македонците и на тие далечни простори од Македонија.

Денес Македонската православна црква - Охридска архиепископија (МПЦ-ОА) е важен фактор кој игра значајна улога во Република Македонија и меѓу Македонсците од сите делови на етничка Македонија насекаде во светот. Тоа е потврдено со тоа што македонските православни цркви и црковни општини во прекуокеанските земји се национално-духовни јадра кои го одразуваат единството и непосредно придонесуваат за афирмација на прататкованата. Преку културно-просветните, верските и националните форми на собирање во македонските православни цркви и црковните асоцијации, всушност Македонците излегоа од тесните рамки на дејствување и се афирмираат како важна етничка група во новите средини каде имаат развиен општествен живот. Денес Македонците во новите средини со гордост ја истакнуваат својата припадност. Уште повеќе, благодарение на улогата на македонските православни цркви, црковните и други асоцијации и позитивно-ориентираното македонско свештенство, нашите иселени браќа со голем ентузијазам и полет ги одржуваат црковните и народните традиции и со гордост го истакнуваат богатиот фолклор, јазик и традиции, афирмирајќи го македонското минато и сегашноста, а со тоа ја бранат и ја афирмираат Република Македонија.

Исто така, иселеништвото во прекуокеанските земји Австралика Канада, САД, Европската Унија и други земји ширум светот како дел од македонскиот живот, култура, религија, наука и од други аспекти е тема и е истражувано од поголем број ентузијасти, новинари, културолози, политиколози, публицисти, писатели, црковни дејци и друг вид научници. Сите тие придонесуваат да се збогати вистината за Македонците од етничка Македонија во нивните втори татковини.

Ако не беа МПЦ-ОА и Република Македонија, ние, денес, многу малку ќе можевме да зборуваме за успешно црковно-духовно и културно-просветно организирано дејствување во прекуокеанскиот свет. Тоа е од фактот што грчките, српските и бугарските цркви беа порано организирани во тој свет па ги присвојуваа Македонците како нивни пред тамошните фактори. Меѓутоа, преку успешната дејност на македонските црковни општини, се успеа македонските етнички групи да добијат рамноправен третман со сите други етнички групи.

Македонците од сите делови на поделена Македонија во иселеништвото, градејќи го грандиозното црковно-духовно и културно-просветно сенародно македонско дело, се изградуваат, се интегрираат и стануваат чесни, трудољубиви, лојални граѓани на нивните нови татковини. Но, притоа не заборавајќи да си останат горди и верни синови и ќерки на Македонија и на својата мајка – Светиклиментовата македонска православна црква. Со севкупните богати активности тие се трудат да станат, а и се, вистински мост на искрено пријателство и соработка меѓу земјите во кои живеат и родната татковина Македонија

# 5. СПОМЕНИ ОД МЕТРОПОЛАТА МЕЛБУРН

Во исто време Мелбурн е градот во кој многумина дојденци од светот, преку негативните појави и дејствија ја изразуваат неможноста да ги прифатат предизвиците на современиот австралиски живот и немилосрдните општествени односи со кои се среќаваат секој ден.

Во Мелбурн, во таа убава метропола, привлечен и најзначаен административен, политички, културен, спортски центар и главен град на државата Викторија, според некои неофицијални податоци живеат педесетина илјади Маке-донци од сите делови на Македонија, особено од Леринско, Костурско, Преспанско, Воденско, Битолско, Охридско и од други места. Добро организирани, а во исто време поделени и така бројни во далечниот Мелбурн, тие имаат важна улога во општественото и во културното живеење и се многу значаен дел на тој многунационален музеј.

Останавме во Мелбурн, главниот град на државата Викторија, но не се почувствувавме како во туѓина, напротив како во Македонија. Се сретнавме со многу нашинци. Тие беа средби со многу прегратки, изливи на чувства дури и со солзи радосници. Средбите ќе останат незаборавни, бидејќи тука почувствувавме Австралија - “непознатата “ јужна земја и колку да е далечна, таа сепак е блиска.

Во Мелбурн го посетивме еден од значајните црквно-национални и културно-просветни центри, Македон-ската православна црковна општина „Свети Ѓорѓи“. Активноста за изградба на тој прв македонски Божји храм надвор од Македонија датира уште од 1956 година, кога се одржал и првиот јавен собир, на кој со голема љубов и ентузијазам почнала кампањата за собирање средства меѓу доселеници, нивните пријатели и симпатизери од австралиското општество. Во 1960 година бил осветен храмот на светиот маченик Ѓорѓи, настан што бил од извонредно значење за Македонците во Австралија и пошироко, бидејќи црквата „Свети Ѓорѓи“ станала не само црковен, туку и национален темелник што ги поттикнала Македонците низ светот да се зближат, да постигнуваат подобри резултати и да се афирмираат себеси и маке-донската вистина во новата средина.

Бевме информирани дека со некои осцилации, оваа црковна општина претставувала средиште на бројни активности. Во состав на црквата работело КУД „Светлост“, кое било формирано кон крајот на 1960 година, а чии членови покажувале силна љубов и почит кон македонската народ-на песна и оро и многу пати покажале и докажале пред австралиската јавност дека се едни од најдобрите.

Исто така, во состав на црквата работела женската и други секции, неделното училиште и културно-просветниот центар „Епинг“. Овој значаен и голем македонски нов центар се наоѓа во Престон, во еден убав дел на градот каде денес е изградена новата црква посветена на свети Ѓорѓи и на света Богородица. На самиот влез на центарот се извишува споменик на Гоце Делчев, а под платото е распространета црквата и културно-просветниот центар „Епинг“ кој, покрај другото има неколку сали и други придружни простории, од кои големата сала е вистински културен храм и собиралиште на младите. Исто така во Мелбурн

го посетивме и македонскиот центар „Саншајн" кој работи во состав на МПЦО „Свети Или-ја" од Фуцкрај. Тој е сместен на парче македонска земја од неколку хектари. Тој е собиралиште и клуб на бројни Маке-донци што живеат во Мелбурн и претставува место на одржување концерти, приредби и други манифестации.

Инаку, и при посетата на црковната општина „Свети Илија" во Фуцкрај, бевме запознати со бројните постигнувања; таа е втора црковна општина во Мелбурн, сместена на западната страна од градскиот центар, каде што е концентрирана македонска колонија од дваесетина илјади кои дошле претежно од потпелистерските села и од селата на Пелагонија, а ги има и од преспанско-охридксиот регион и од други места на Републиката. Црквата „Свети Илија" била формирана во 1971 година, а во 1974 година била купена постојната зграда која била оспособена за богослужби на православните Македонци. Покрај храмот има две сали и кујан и други простории. Во состав на црковната општина со успех работи КУД „Илинден" во кое членуваат стотина ентузијасти и дополнително македонско училиште кое работи во сабота и недела. Значајни резултати постигнува фудбалскиот клуб, шаховската и другите секции.

Црковната општина, пак, „Свети Никола" е собиралиште на Македонците од Престон. Во овој македонски харам со успех работи КУД „11 Октомври", македонско, училиште, литературно друштво, културнопросветниот одбор и други форми на собирање. Сите тие македонски асоцијации ја афирмираат црквата „Свети Никола". Во Мелбурн го посетивме и македонскиот храм „Свети Димитрија" во населбата Спрингвел, во која покрај храмот работат и неделното училиште, играорната група и женската секција. Исто така, разговаравме и со неколкумина од Македонската православна црква „Света Богоро-дица" во населбата Сеинт Албанс.

Во Мелбурн човек може лесно да се снајде, зашто таму покрај англиски се зборува и македонски јазик. Каде и да се појде: на улица, во дуќан, канцеларија, кафеана, библиотека, на натпревар или на некоја манифестација, насекаде ќе сретнете Македонци. Нив ги има од сите делови на Македонија. Во минатото бројот на македонските доселеници од егејскиот дел на Македонија бил поголем. Меѓутоа, тогаш преовладуваа дојденците од Пелагонија и потпелистерскиот регион. Значајна одлика за нив беше таа што тие беа вредни, трудољубиви, честити и лојални граѓани.

При нашата посета се уверивме дека Мелбурн е центар на широка информативна дејност. Таму се печатат неколку неделни весници, се чини дека во тој период на подрачјето на Мелбурн се емитуваа најголем број радиопрограми на македонски јазик.

Празнувањата во чест на свети Климент Охридски го искористивме да се запознаеме и со други знаменити работи на Македонците во Австралија. Така, наша цел беше да го посетиме манастирот „Свети Климент Охридски" и заедно со нашите пријатели од селото Буф, Леринско, се упативме кон тоа свето македонско катче, кое се наоѓа во непосредна близина на Националниот парк на државата Викторија, на околу осумдесет километри од Мелбурн, во месноста „Кинг Лејк" (Кралско Езеро).

Овој прв македонски манастир во Австралија и во светот бил осветен на 29 јануари 1978 година од првиот поглавар на Македонската православна црква архиепископот охридски и македонски г.г. Доситеј, во сослужение на тогашниот надлежен архијереј митрополитот Кирил и повеќе македонски свештеници во Австралија. Тоа е простор и за други активности во природа. Се чини дека, покрај традиционалниот пикник што по повод празникот Свети Климент се одржува во декември, најголема манифестација била „Денови на македонската култура", што била органи-зирана во декември 1985 година.

На оваа многу значајна манифестација што се одржувала под покровителство на владите на државата Викторија и на Република Македонија, се собрале повеќе од дваесет илјади посетители..

Нашата посета на ова свето македонско катче на петтиот континент беше токму на патрониот ден на свети Климент Охридски, кога и присуствувавме на големиот македонски пикник. Таму вриеше како во кошница. Се чувствувавме како да сме во Охрид, на другата страна на Охридското Езеро, во Свети Наум, кога го посетивме тој македонски храм.

А манастирот „Свети Климент Охридски" е дело претежно на Македонци од егејскиот дел на Македонија кои, за жал, се онеправдани во своето родно место и на дедовската земја. Меѓутоа, за среќа, во Австралија ги уживаат сите национални и социјални слободи. Тоа ги поттикна да изгра-дат македонски манастир за да ги потсетува на Македонија. Ако Австралија е нивни завет, Македонија е нивна неизлечива рана и непреболена болка.

Беше пладне кога се упативме кон меѓународниот аеродром во Мелбурн, од каде се упативме кон Сингапур, а оттаму кон Европа. Времето беше убаво, а небото чисто кога авионот леташе како птица преселница над голем дел од богатиот и пространи континент, од каде понесовме убави спомени за животот и делата на македонските доселеници и нивните поколенија во Австралија

Инаку, Мелбурн е дом на повеќе от 70% од Викторијанците. Мелбурн е голем индустриски и трговски центар. На многу австралиски компании главните седишта им се наоѓаат таму. Најголемиот аеродром во Австралија се наоѓа во Мелбурн. Во градот постојат седум универзитети. Исто така многу развиена е и автомобилската индустрија со производствени погони на Форд, Тојота и друго.

Затоа и се роди кај Македонците од сите делови на Македонија идејата за формирање црковни општини и за изградба цркви во Австралија уште од времето на МАНС, уште пред неговото формално распуштање. Така, како резултат на силните национални чувства и свест кај Македонците во Мелбурн, во 1955 го-дина се преземени почетните подготовки за формирање на првата македонска општина „Свети Ѓорги" во Мелбурн.

Првиот јавен собир се одржал на 14 мај 1956 година, на кој беше решено да се формира македонска црковна општина и да се поведе акција за собирање средства за изградба на македонска црква.






*Нови градби во Москва*



*Ермитаж*




*Ташкенд*

# 17. РУСИЈА

## 1. ВРСКАТА МЕЃУ ГОЛЕМА РУСИЈА И МАКЕДОНИЈА

Беше пладне кога ја напуштивме Прага и заминавме за Москва, главниот град на Русија. А таму ни се потврди она дека кога човек повторно ќе се врати во едно место, држава, град или метропола, дури тогаш најдобро ќе ги осознае реалностите. Таков е и нашиот случај со големата Русија. Ова голема земја отсекогаш била предизвик за секој намерник, патник или вљубеник во нејзините постигнувања на културен и друг план. Таа е држава со најдолга граница, се граничи со Норвешка, Финска, Естонија, Латвија, Литванија. Полска Белорусија, Украина, Грузија, Азербејџан. Казакстан, Кина, Монголија и Северна Кореја.

Русија се доближува до Соединетите Американски Држави, кај Беринговиот Премин. Северната и источната граница ѝ сè до Атлантскиот, Северниот Леден Океан, и Тихиот Океан. Исто така, Русија има излез и на Црното, , Балтичкото и Каспиското Море.

Според географските податоци со кои се запознавме пред нашето тргнување, на територијата на Русија се наоѓаат најразлични природни зони, од пустинските брегови на Каспиското Море до поларните мразеви на Нова Земја и Новосибирските Острови. Широко заста-пени се степите, тајгите и тундрите. Релјефот на Русија е различен. Околу 70% од територијата на земјата е опфатен со рамнини, од кои најголема е Источноевропската Низина. На нејзината источна страна се наоѓа планината Урал со највисокиот врв Народнаја (1895 метри). На исток од Урал се наоѓа Западносибирската Рамнина, Средносибирското Блато и Јакутската Рамнина.

Планинските области се наоѓаат на источниот и јужниот дел од државата, како и на северните делови од Голем Кавказ каде се наоѓа и највисоката точка во Русија, врвот Елбрус кој е висок 5642 метра, Јужносибирските планини вклучувајќи го Алтај со највисокиот врв Белуха од 4506 метри, Западен и Источен Саја. Најголемите реки во Русија се Северна Двина, Печора, Енисеј, Лена, Индигирка, Амур, Анадир, Дон, Кубан, Нева и други. Познати езера во Русија се Каспиското Море, Бајкалското Езеро, Ладошкото Езеро и други.

Нашата посета на оваа интересна и по многу нешта контроверзна земја ја искористивме да се запознаеме со сето она што еден намерник сака да види, да чуе, да се запознае со многу вистини... Затоа се интересиравме за Руската Федерација или Русија, за земјата која се протега на огромни пространства од Источна Европа до Северна Азија. Така, во информациите е запишано дека Русија има површина од 17.075.400 километри квадратни, таа е најголемата земја во светот (зафаќа околу 11,5% од вкупната светска површина), покривајќи речиси двапати поголема територија од Канада, Кина или Соединетите Американски Држави. По

бројот на население (144.526.378 жители) Русија е седма сила во светот, по Кина, Индија, Соединетите Американски Држави, Индонезија, Бразил и Пакистан.

Русија е независна земја и влијателен член на Заедницата на независни држави од распадот на Сојузот на Советските Социјалистички Републики во декември 1991 година. Таа се смета за наследник на Советскиот Сојуз како во економски, така и во политички и дипломатски рамки. Поголемиот дел од површината, популацијата и инду-стриското производство на Советскиот Сојуз, една од двете велесили, се наоѓаат во денешна Русија, поради што, таа игра значајна улога на светската сцена. Оваа улога, иако е значајна, е далеку од улогата на некогашниот Сојуз на Советските Социјалистички Републики. Денес Руската Федерација е земја која прави големи чекори во сите области од општественото живеење; во неа се прават големи стапки на раст во сите државни сфери од која највлијателна е економијата.

Русите се едни од најуспешните спортисти во светот, кои секогаш се наоѓале на самиот врв од Олимписките игри. Доколку се признаат медалите кои Сојузот на Советските Социјалистички Републики ги освоил, и се префрлат на нејзината наследничка Русија, таа на вечната ранг листа е на второ место по бројот на златни медали на Летните олимписки игри и прва на Зимските олимписки игри..

За нас, исто така, беше значајно да ја најдеме врската, блискоста и различноста меѓу Русија и Македонија, меѓу македонскиот и рускиот народ, не само на економски и општествено-политички план, туку и на религиски, јазичен, културен и сестран план. Затоа, почнавме да истражуваме низ литературата од времето на праисториската епоха, кога во огромните степи во Јужна Русија биле населе-ни номадски племиња. Во класичната антика, народите на Понтиските степи биле познати како Скити. Градот Гелон бил опишан од страна на Херодот како еден од најголемите во тоа време во Европа. Помеѓу III и VI век пр.н.е., на тие простори опстојувало Босфорското Царство, кое се растурило по инвазијата на Номадите. Хазарите, пак, долго владееле на територијата помеѓу Каспиското Море и Црното Море.

Се чини дека врската меѓу рускиот и македонскиот народ датира уште од времето на Александар Македонски и трае до ден-денес. Во тоа се уверивме при посетата на споменикот на Бородинската битка во Москва каде е прикажан еден начин на војување како во античко време. Видовме како Наполеон и Кутузов ги воделе своите војски во најпознатата битка, по угледот и тактиката на оние познати битки што Александар Македонски ги водел за да ја прошири границата на Македонија зад Каспиското Море.

Христијанството во Русија, исто така, било пренесено преку Македонија во Русија, по доаѓањето на Апостол Павле за првпат на европска почва во Македонија. Христијанството го прошириле македонските и сесловен-ските учители свети Кирил и Методиј и нивните ученици свети Климент Чудотворец и свети Наум Охридски од Охрид. Затоа, со право се вели дека Охрид е православен Ерусалим од каде зрачело Сонцето на Исус Христос на просторите на голема Русија.

Се чини дека 25 август 2022 година ќе остане запишан со зчатни букви. Имено, на тој ден, на седницата на Свеиот синод на Руската православна црква, беше разгледано соопштението на Неговата Светост Патријархот Московски и на цела Русија-Кирил дека Српската православна црква и додели автокефалност на Македонската православна црква - Охридска архиепископија, како автокефална сестринска црква, објави на својата веб страна Руската православна црква.

Во текстот се вели дека Светиот синод на Руската православна црква донесе одлука да му се заблагодари на Господ Бог што прашањето за статусот на православната црква во Република Македонија се реши врз основа на канонски принципи и да ја признае Македонската православна црква - Охридска архиепископија како автокефална сестринска црква и да го внесе името на својот старешина Архиепископот Охридски и Македонски Стефан во светите диптиси.

Значајно е и тоа што врската меѓу Русија и Македонија е и на јазичен план. Рускиот јазик е најраспространетиот географски јазик на просторот на Евроазија и најзборуваниот словенски јазик. Корените на овој старома-кедонски, сесловенски јазик се протегаат од Македонија до Русија. Темелите на денешниот руски јазик ги поставиле светите браќа Кирил и Методиј од Солун, од Македонија. Затоа блискоста меѓу македонскиот и рускиот јазик, а и со другите славјански јазици е голема.

Треба да се потенцира дека врската меѓу Русија и Македонија имаат реални можности за соработка. Македонските компании имаат огромни можности за бизнис зделки на пазарот од 140 милиони потрошувачи. Иако постојат потенцијали, сепак, размената ниту по обемот, ниту по структурата не е на задоволително ниво. Ова е посочено на деловните средби на Македонско-руската стопанска комора. Компетентните личности велат дека треба да се искористи рускиот е пазар од 140 милиони потрошувачи. Големината е импозантна и дава можноста за бизнис зделки.

Економската соработка помеѓу Република Македонија и Руската Федерација е од заеднички интерес. Затоа, поддршката на македонските компании за промоција на македонските земјоделско-прехрамбени производи на рускиот пазар, е од осебена важност. Притоа, Македонија треба да продолжи со промоција и збогатување на асортиманот со нови македонски производи, за кои има интерес на пазарот во Русија

Во текот на нашиот престој бевме запознати со голем број историски факти кои го отсликуваат минатото на таа славјанска земја. Така, од нашиот водич, во лицето на една убава, културна, знајна Русинка, која прекрасно зборуваше на македонски јазик, а која била само еднаш во Македонија на Семинарот за македонски јазик во Охрид, добивме информации за минатото и сегашноста од историјата, културата, религијата, политиката, напредокот на државата, разликите, предностите и негативностите во живеењето на познати личности, како и на обичните смртници во Русија.

# 2. МОСКВА – СВЕТСКА МЕТРОПОЛА И ГРАД НА ПУШКИН

Иван Грозни ја зајакнал позицијата на монархот до највисоко ниво. Исто така, во негово време биле направени едни од најголемите реформи на Русија. Иван Грозни успеал да ги заземе Казанското, Астраханското и Сибирското ханство. Овие освојувања ја прекинале до тогаш постојната миграција на азиските народи до Европа преку Волга и Урал. По смртта на Иван Грозни, негов наследник станал син му Фјодор I. Во текот на неговото владеење следувал период на граѓански војни и „странска" интервенција позната како „Време на проблемите". Екстремно ладните лета довеле до голем глад и зголемување на социјалната неорганизираност. Владеењето на Борис Годунов, било проследено со големи бунтови и востанија, и покрај тоа што тој извршил големи реформи во Русија. Бевме информирани дека Руската Империја е наследник на т.н. Руско или Московско Царство, во која како цареви владееле наследниците на Иван IV. Но, се чини дека Империјата се родила со Петар I, кој извршил реформи и во војската, а според западните стандарди и реформи во земјоделството и индустријата.

Црквата, исто така, претрпела промени. Патријархот на руската црква бил заменет со Синод, кој бил под директна контрола на царот. Во 1699 година, Петар го напуштил тра-диционалниот руски календар, во кој годината започнувала на 1-ви септември и го прифатил јулијанскиот календар, каде годината започнува на 1-ви јануари. Од доаѓањето на власт, па сè до неговата смрт, Петар без прекин водел војни, од кои зависела целата негова политика.

Тој војувал против Османлиското Царство, за потоа да го освои пристанишниот град Азов и на Русија ѝ осигурил излез на Црното Море. Тој војувал и против Персија, со што освоил и територии на западниот и јужниот брег на Каспиското Езеро. Тие територии, Русија ги загубила многу бргу по неговата смрт. Меѓутоа, најважна од сите војни кои ги водел, била онаа против Шведска, која траела 21 година. Значаен период за руската историографија е, секако, појавата на рускиот престол на еден од амбициозните и безмилосни владетели - Екатерина II, која била германска принцеза и се омажила за руски наследник на престолот. Таа имала право во Русија да ги заштитува интересите на хри-стијаните во Османлиската Империја, а Кримското ханство добило независност од султанот. Екатерина својата земја ја претворила во една од најсилните и најголемите земји во Европа и светот. Територијалните проширувања продол-жиле во времето на нејзините наследници Александар I, кој ја зазел Финска од ослабнатата Шведска и Бесарабија од Османлиската Империја.

При посетата на споменикот на Бородинската битка бевме информирани дека Наполеон Бонапарта направил голема грешка, кога, по конфликтот со цар Александар I пошол во освојување на Царска Русија во 1812 година. Оваа кампања на воени походи на крајот била со катастрофални последици за Наполеон, од причина бидејќи руската армија постојано го избегнувала директниот удар и тактиката на Наполеон. Поради страшно студената руска зима, илјадници француски војници умреле од студ во снегот. Спроведувајќи герилски начин на војување, Русите ги натерале Французите да се повлечат.

Ако во 1812 година бил запоседнат од Наполеоновата наезда на Русија во Втората светска војна во 1941 година, на истото место пред Москва била сопрена германската војска и принудена да се повлекува, а Хитлер го положил оружјето на истото место кое на симболичен начин е одбележано и служи за поттик и сеќавање на рускиот народ, кој на свој многу патриотски начин, карактеристичен и единствен знаел да ја одбрани својата земја.

Во Москва, градот на големиот поет Пушкин е неодминлива посетата на Кремљ. Тој е централен дел на градот подигнат во XV век, кој има основа на триаголник и е опкру-жен со ѕидини 12 метри високи и 2 200 метри долги. Во него, меѓу другото, се наоѓа дворецот Терем, Гранитната палата и Успенската црква во која се крунисани руските цареви. Кремљ во градбата поседува типично руски стил и се разликува од другите акрополи. Во него се наоѓаат зградата на врховната управа на Русија и Конгресната палата, а под ѕидините на Црвениот плоштад е мавзолејот на Ленин.

Денес во Москва можат да се видат огромни промени. Ако во еден период од седумдесетина години се изградија бројни монументи и нови, карактеристични градби за тој период, по 1991 година со распаѓањето на Советскиот Сојуз во Москва можат да се видат радикални промени. Се извишуваат современи градби, трговски центри и ноќни клубови за забава. Затоа Москва наликува на главен град на некоја западна земја. Тоа е град со бурна историја и еден од најстарите градови во Русија кој се споменува во средината на XII век. Во средниот век тој бил престолнина на Руското Кнежевство и на Руското Царство, сè до 1712 година. Тогаш Петар Велики ја преместил престолнината од Москва во Петроград (поранешен Ленинград), денес Санкт Петербург, кој како значаен стратешки центар бил мета на сите воини, војски и освојувачи.

Веројатно е здодевно да се кажуваат примерите дека Русите читаат во јавниот превоз и не фрлаат отпадоци по улиците. Можеби тие се и најбројни во светот кои ги посетуваат театрите и библиотеките, а во овие нови времиња и кафеаните. Таква е руската нација, со сите позитивности и со сите пороци. Ваквите убавини и контрасти, интересни историски настани, споменици на културата, карактеристики и контроверзи на Русија и на рускиот народ, на одреден начин, ги видовме и почувствувавме во Москва. Меѓутоа, сè има почеток и крај, па и нашиот престој кој траеше неколку дена. Ја напуштивме Москва во делник, во вечерните часови кога сонцето тонеше над непрегледните рамни пространства на Русија. На аеродромот „Шереметјево" имаше вообичаена мешаница. Луѓето брзаа за своите дестинации. А патува-њето со авион во Русија е неопходно заради големите оддалечености што ги чекаат патниците по инаку големата земја.

Од авионот беше пријатно да се гледаат панорамите на убавата Москва и на нејзините предградија. Во тие моменти најдовме време да ги резимираме впечатоците за средбите, за настаните, за сè она што го видовме, почувствувавме и доживеавме во московските дни и вечери. Не се задржавме во овој приказ на прошетките низ музеите, во најпознатиот театар „Бољшој" и чудесното „Лебедово езеро" на Чајковски. Ниту на прекрасните Подмосковски вечери, на дружбите и кафетериите. Москва е интересен спој, метропола која дочекува и испраќа на само нејзин своевиден руски начин.

Во главниот град на Русија има неколку стотици музеи. Тоа се меморијални музеи -домови, имоти, уметнички галерии и изложбени сали. Тука може да се најде музеј за сечиј вкус, било да е тоа пчеларство, новогодишни украси или советски автомати за видео-игри.

Запознавањето со Москва најдобро е да се започне од Кремљ - колевката на руската историја. Овде можете да се ужива во архитектурата, да се прошета по територијата и да им се восхитува на кулите и палатите. Посетителот ќе биде фасциниран од грандиозниот Цар-топ и џиновската Цар-камбана. Би требало да се застане и на Соборниот плоштад и да се отиде до трите главни храмови на Кремљ: Успенскиот, Архангелскиот и Благовештенскиот. Во музејот-ризница на Оружената палата се наоѓаат царски круни, кочии и фустани од крунисувања, државни регалии и ордени, како и разни скапоцености од животот на руските цареви, уметнички дела од благородни метали и скапоцени камења.

На Црвениот плоштад буквално ќе се биде опкружен со зградите на Историскиот музеј. Се разбира, пред сè тоа е главната зграда од црвена тула, која наликува на „терем“ (раскошна повеќекатна куќа богато украсена со резба) во руски стил. Напишано е детално за тоа што може да се види  во музејот. Тука се наоѓаат ретки археолошки артефакти од каменото доба пронајдени на територијата на Русија, потоа оружје, слики и стари предмети за домаќинство, како и најретките ремек-дела на дворските златари, кои биле направени за царевите. Покрај тоа, во музејот често се одржуваат интересни изложби.

А од другата страна на Црвениот плоштад е храмот „Покров на Пресвета Богородица“, попознат како храмот „Василиј Блажени“. Тоа е филијала на Историскиот музеј. Во тој еден храм всушност има единаесет храмови.

Покрај тоа, во состав на Историскиот музеј се и Музејот на Татковинската војна од 1812 година и Палатата на бољарите на Романови, посветена на московското бољарство од XVI и XVII век

Третјаковската галерија е еден од најпознатите музеи во Москва и најголема ризница на руското сликарство. Во историскиот корпус во Лаврушинскиот сокак се чуваат икони и слики од старо време до почетокот на XX век. Музејската збирка се базира на приватната колекција на трговецот Павел Третјаков. На свој трошок ја изградил и зградата на галеријата и ја подарил на градот.

Во Новата Третјаковска галерија на Кримскиот бран е изложена колекција на руското сликарство од XX и XXI1 век, во чија експозиција влегоа и руската авангарда како што е „Црниот квадрат“ на Малевич и советскиот социјалистички реализам.

По завршените царински процедури, се упативме кон градот и брзо стасавме во хотелот „Белград“ во централниот дел на Москва, каде ја потврдивме врската помеѓу Русија и Србија. Имавме доволно време да се одмориме и да  се запознаеме со вековните карактеристики и споменици од историјата, културата и повторно да го почувствуваме пулсот на животот на велеградот. Овој пат Москва дишеше со новиот здив на капитализмот.

## 3. ВО МОСКВА КАКО ВО ОХРИД

Пушкинскиот музеј на ликовна уметност, пак, содржи милиони предмети и уметнички дела од древниот Египет, Македонија, Елада, Рим, Асирија и Вавилон. А во посебен дел е сместена голема колекција од европски дела како што се: Ван Гог, Матиз, Пикасо, Сезан, Моне, Кандински, Реноар и други.

Русија е земја во која постојат околу 160 етнички групи кои зборуваат на околу 100 јазици. Рускиот јазик е единствениот официјален државен јазик на земјата, но Уставот овозможува на поединечните етнички групи во републиките да го користат својот мајчин јазик како кофицијален веднаш до рускиот јазик. И покрај неговата голема рашireност, рускиот јазик е во голема мера хомоген во цела Русија. Денес рускиот јазик е еден од шесте официјални јазици на ООН.

Стариот руски фолклор, пак, се заснова на корени од паганските верувања на старите Словени, кој денес најчесто е застапен во руските бајки. Руските епоси заземаат важен дел од словенската митологија. Највавжните и најстарите епоси од времето на Киевска Русија, всушност се создадени во денешниот северозападен руски федерален округ. Голем број на бајки и епоси биле приспособени и претставени во анимациски филмови од страна на многу познати режисери. Некои руски поети направиле голем број познати поетски интерпретации на класичните руски бајки.

Меѓу овие се вклучува и Александар Сергеевич Пушкин кој, исто така, создал целосно оригинални бајски песни кои до ден-денес ја задржале својата голема популарност.

Центар на образованието на државата и пошироко е Ломоносовиот универзитет кој е формиран во 1755 година. Во Москва има и други бројни универзитети, високи воени и други школи, академии, институти и секаков вид институции.

Најпознатата туристичка атракција во градот е, секако, Црвениот плоштад каде што се лоцирани Кремљ, црквата „Свети Василиј", мавзолејот на Ленин, Големиот Кремљиски дворец и многу други мали манастири и споменици на културата и општественото живеење. Оттука може да се види и најголемиот хотел на светот, хотелот Русија, како и седиштето на вселенскиот патријарх-црквата на Исус Христос. Плоштадот е познат и по воените паради кои се одржувале на него во времето на Советскиот Сојуз, особено во времето на Сталин.

Москва е главен град на Русија, а воедно претставува и нејзин политички, економски, образовен и транспортен центар. Во исто време тој е културно, управно и индустриско средиште, тој е најголемиот, најзначајниот, најубавиот, најфреквентниот и главен град на Русија.

Во минатото градот бил престолнина на Царска Русија и главен град на Советскиот Сојуз. Тој е најбројниот христијански веле-град, а во исто време, поради атеизмот и најконтроверзниот центар на православието. Седиштето на Руската православна црква, исто така, се наоѓа во Москва, во манастирот „Свети Данило".

Со повеќе од 10 милиони жители Москва претставува руска убавица и најголем град во Европа.

При нашиот престој во Москва посетивме поголем број цркви и манастири, притоа бевме примени во седиштето на Руската православна црква и разговаравме со нејзините претставници.

Во разговорите посебен акцент беше ставен на односите на Руската православна црква и Македонската православна црква, како и проширувањето на христијанската љубов и заедничката соработка. Притоа, домаќините беа информирани за прашањето или (не) христијанскиот однос на Српската кон Македонската православна црква, како и за други аспекти врзани со христи-јанството во Македонија.

Од посетите на бројните руски духовни храмови во Москва, ќе ја издвоиме визитацијата на црквата на Христос Спасителот која е седиште на Вселенскиот патријарх на Руската православна црква. За неа е врзана долга и интересна историја. Имено, црквата постоела сè до 5 декември 1931 година, кога била срушена со цел на тоа место да се изгради огромна градба - статуа на Ленин. Но, поради недостигот на фондови, а и проблемите со поплавите од околната река, местото било претворено во огромен отворен базен.

Меѓутоа, оригиналната скица на црквата била зачувана и во февруари 1990 година  Руската православна црква добила дозвола за реизградба на храмот, по што се започнало со собирање на средства и донации во 1992 година и со градење на црквата во 1994 година. Црквата конечно била завршена на 19 август 2000 година.

Според информациите што ги добивме од литературата, меѓу другото се вели дека метрополата Москва за првпат се спомнува во пишаните записи како мало гратче во 1147 година.

Десетина години потоа кнезот Јуриј Долгоракиот го изградил првиот ѕид околу градот. Меѓутоа, во 1237 и 1238 година монголската Златна орда  го ограбила и запалила градот, убивајќи го целото население. Благодарение на извонредната местоположба градот бил обновен и бргу закрепнал.

Неговиот подем, сепак, бил ограничен од страна на Монголите, кои во тоа време собирале даноци од најголем дел од руските територии преку своите вазали. Но, поради подемот на Литванија и Полска, Монголите сакајќи да балансираат дозволиле Москва да прерасне во моќ-но кнежество и да биде еден од најважните руски градови во тоа време.

Ослободувањето на Русија од монголска доминација траело сè до 1480 година, кога по Големата битка на реката Угра, татаромонголите се повлекле и засекогаш била отфрлена нивната власт над руските територии, а престолнината на Русија која многупати била менувана, конечно била префлена во Москва.

# 4. СУДБИНАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД БЕЛОМОРСКА МАКЕДОНИЈА ВО ТАШКЕНТ

Уште во XIX век Русија била предизвик за голем број Македонци, претежно интелектуалци, кои таму завршувале академии и како преродбеници се бореле за македонската кауза. Во текот на еден долг период Македонците, главно, заминувале за Москва, Петровград, Одеса и други места. Меѓутоа, најголем број Македонци во поранешниот Советски Сојуз, дошле во текот на Граѓанската војна во Грција и тие се населиле во кавкаските региони.

Така, според неофицијални податоци бројот на политичките емигранти од Грција во Ташкент и околните места во 1949 година, се движел меѓу 19.000 и 20.000, од кои 7-8.000 биле Македонци од егејскиот дел на Македонија. Тој број се зголемил во педесеттите години и достигнал бројка од околу триесетина илјади.

Подоцна тој број рапидно се намалил поради големиот број повратници во Грција, Македонија и во други земји. Се смета дека денес на овие простори живеат околу 2.000 Грци и околу 300 до 500 Македонци, претежно стари лица или мешани бракови. И во Ташкент Македонците ја делеле истата судбина со Грците. Тие, главно, биле организирани во заедничка политичка организација, а информирањето имало едно од важните ролји. Така, улогата на информатор меѓу политичката емиграција од Грција во Ташкент ја вршел весникот „Прости ники" („Кон победата"), кој под ова име излегувал во Грција како орган на Главниот штаб на ДАГ, а под истото име се појавил и пролетта 1951 година и во Ташкент.

Во почетокот излегувал само на грчки јазик, на 4 страници, среден формат и тоа трипати во неделата (вторник, четврток и сабота). Од 1954 година втората страница се печатела на македонски јазик со кирилско писмо. Во 1958 година весникот го сменил името во „Неос дромос" („Нов пат"), во кој, исто така, една страница била на македонски јазик. Весникот бил укинат во 1968 година.

Страницата на македонски јазик била исполнета со материјали за борбата на Македонците во НОБ и ДАГ, нивниот живот и традиција во Грција и во новата средина, како и со информации, вести и други материјали од културата, општественото и политичкото живеење. На македонските страници бројни написи, информации и дргуи текстови го претставувале животот на политичката емиграција од Егејска Македонија, а информирале и за резултатите во производството, школувањето и културно-просветната дејност.

Со разни написи и репортажи тие духовно ги хранеле политичките емигранти со вистини од историјата и културното минато, а најмладите преку детските рубрики, преку песничките, илустрациите и друго го осознавале својот идентитет и вистината за дедовската земја - Македонија. Во Москва, пак, во мај 1944 година, во рамките на радиостаницата „Слободна Југославија", за првпат во етерот се пренесе македонскиот збор. Емисиите на македонски јазик се емитувале два до три пати дневно по петнаесет минути. Потоа, вести на македонски јазик се емитувале на Радио Москва сè до пролетта 1991 година.

Исто така, поголем број Македонци живееле во Русија како градежни работници и стручњаци. Тие оставиле видни траги во градежништвото во Русија и Украина. И денес овде има одреден број работници и стручни кадри, како и бројни интелектуалци и студенти.

Се знае дека предците на Русите биле словенските племиња, чија прататковина (според некои научници) се смета дека се Припјатските Блата. Раните источни Словени постепено се населиле во Западна Русија во две насоки: првите се населиле од Киев кон денешниот град Суздал и Муром, а другите од Попоцк кон Новгород и Ростов. Од VII век па наваму, источните Словени конструирале дел од населението во денешна Западна Русија.

Скандинавските Викинзи, познати и како Варјаги во Се-верна Европа создале едно од најцивилизираните општес-тва во тоа време. Во средината на IX век, тие започнале да се упатуваат од Балтичкото до Црното и Каспиското Море.

Според првиот руски летопис, викингот Рурик бил избран за првиот владетел (Голем кнез) на Новгород во околу 860 година, пред неговите наследници да се преселат на југ кон Киев, каде претходно веќе доминирале Хазарите.

Според историските податоци, во текот на IX век била создадена првата источнословенска држава која се викала Киевска Русија, која се наоѓала по должината на реката Дњепар. До крајот на X век, нордиското малцинство се соединило со словенското.

Киевска Русија одиграла голема улога за воведувањето на христијанството, за православието на тие простори, издвојувајќи ја византиската од словенската култура. Христијанството кое се пренело од Охрид, од Македонија официјално било воведено во 988 година, односно по официјалното крштевање на кнез Влади-мир.

Периодот на владеењето на Владимир I Велики (980-1015.) и Јарослав I Мудриот (1019-1054) го претставува периодот на *златното владеење* на Киевска Русија.

Даниел Московски, најмладиот син на Александар Невски, го основал Московското Кнежество, по кое ги проте-рал Татарите од земјата. Кнежеството дополнително ги затегнало своите позиции кога градот станал центар на Руската православна црква.

До средината на XIV век, моќта на Монголците била во опаѓање, кога, всушност, и биле поразени. Во текот на XV век, големите кнезови на Москва се обиделе целата популација на кнежеството да ја стават под своја контрола. Најуспешен кнез од овој процес бил Иван III кој ги удрил темелите на новата руска национална држава. .

Во Москва пристигнавме во еден пријатен пролетен ден кога овој велеград беше разбуден од зимското белило и на повидок беше периодот на будење на природата кој московјани најмногу го сакаат. Летот од Скопје преку Белград, а од таму во Москва беше пријатен, а задоволството беше големо кога ја надлетавме руската убавица – Москва


BELARUS
POLAND
RUSSIA
HUNGARY
ROMANIA
km


КИЇВ



*Маринската палата*



*Киев*

# 18. УКРАИНА

## 1. ВЕЧНИТЕ ВРСКИ МЕЃУ УКРАИНА И МАКЕДОНИЈА

Македонија и Украина имаат многу заеднички нешта. Двете земји се наоѓаат на стратегиски простори и имаат богато културно-историско наследство интересно и за соседите. Освен тоа, двете земји имаат богата почва за земјоделство, овоштарство и сточарство што во минатото било исклучително значајно за завојувачите. Двете земји биле предмет на распарчување, туѓа домина-ција, а и на денационализација на нивните народи.

И обете стекнале државност со заминувањето на социјалистичката револуција и пренесувањето на суверенитетот на федерацијата: СССР и СФРЈ, од кои, по осамостојувањето, си ја вратија самостојноста и сувереноста. Исто така, Република Македонија со години беше присутна во Украина (сега со намалена динамика) во градежништвото и туризмот, а Украина во Македонија, главно, со челикот за Скопската железарница.

Меѓутоа, се чини дека и двете држави имаат слични непријатности: економско-политички блокади и црковноверски оспорувања, главно, од старите кругови во престолнините на претходните федерации, Москва и Белград.

Прашањето, пак, во однос на црквите, се должи на традицијата и толкувањето која е „мајка", а која „ќерка" црква. Факт е дека директните врски биле Охрид - Киев, почнувајќи од IX век кога од Охридскиот универзитет почнал протокот на идеи, писмо и култура на североисток, исток и север.

Според академик Владимир Мошин, киевскиот кнез Владимир во 987 година, „прв испратил пратеништво кај Самуил во Охрид со предлог за сојуз и молби за организирање на христијанска црква со словенска богослужба". Како резултат на тоа од Охрид во Киев бил испратен епископот Леон на функцијата митрополит на Киевска Русија. Тој таму заминал со многубројни мисионери - свештеници и ѓакони - со голем број богослужбени книги кои се основа за преписи и за создавање своја книжнина.

Откако се покрстил блажениот Владимир, како што е запишано во рускиот летопис на новогородските владици од 991 година, продолжило просветителското ширење на Светото писмо на третиот црковен јазик во Европа излезен од Македонија, старославјанскиот, односно старо-македонскиот јазик, што бил разбирлив наспроти дотогаш елинскиот и латинскиот кои биле неразбирливи.

Така Киев, што ќе рече Украина, станал нов, културен зрачник, пандан на Охрид како „православен Ерусалим", односно Киев како „втор Охрид", а врските, со повратен стремеж, траат во сите следни векови. Особено биле изразени во XVIII и XIX век, по Илинденското востание во 1903 година, по Втората светска војна и особено во Новиот милениум.

Исто така, Киев Киев претставува важен индустриски, научен, образовен и културен центар на Источна Европа. Градот е дом на голем број светски компании, високообразовни институции и светски познати знаменитости. Градот има висока инфраструктура и високо развиен систем за јавен превоз, вклучувајќи го и Киевското метро.

Името на градост се смета дека потекнува од Киј, еден од трите браќа кои го основале градот. Во текот на својата историја, Киев опстојувал како еден од најстарите градови во Источна Европа. Најверојатно, градот постоел пред петтиот век и претставувал трговски центар, како и место кое претставувал трговски град помеѓу Скандинавија и Цариград.  Градот бил престолнина на Киевска Русија, за во 1240   година да биде целосно разрушен во времето на монголската инвазија

Според историските податоци се знае дека охридските архиепископи, односно патријарси, се институирале со името на Јустинијана Прима од 535 година. Затоа уште повозвишено е значењето на македонската културно-духовна престолнина. „Јустинијана Прима“ со едикт на Јустинијан Први, роден во селото Таор кај Скопје, била прогласена за прва по ранг црква која го опфаќала просторот и на пропаднатото Западно Римско Царство. Тој примат траел 10 години, по што „Јустинијана Прима“ била прогласена за еднаква на Рим и Константинопол „за сите времиња“, што никогаш не е отповикано.

Од Охридската архиепископија во 1219 година неканонски се отцепи Смедеревската епархија, која прерас-нала во денешната Српска православна црква. Аналогно на тоа прераснување се случи и со Руската православна црква. Поради тоа сега постојат обиди за присвојување на двата „Охрида“ или „двата православни Ерусалима“, со сето културно, историско, уметничко и книжно наследство од страна на Руската и Српската православна црква.

Се чини дека од сите средби во Киев највозбудлива беше средбата со патријархот киевски и украински, неговата светост г. г. Филарет, човекот кој со својот изглед, харизма и православен дух остава впечаток кај соговорникот. Приемот се одржа во неговата резиденција, при што, на негово барање, разговорот го водевме на украин-ски и македонски јазик. Со тоа ги потврдивме и проши-ривме охридско-киевските врски од пред десет века.

Патријархот г. г. Филарет зборуваше за состојбата на Украинската православна црква и проблемите што ги имаат со Руската православна црква. Притоа, изрази подготвеност да воспостави христијански, православни контакти со Македонската православна црква и да прими нејзини свештени лица кои со украинските владици би сослужувале во некоја украинска црква, што ќе претставува де факто признавање на двете цркви во Република Македонија и Украина.

За време на срдечната средба, на патријархот киевски и украински г. г. Филарет му подаривме литература која го расветлува историскиот развој на Македонската православна црква и на македонските православни црковни општини во Австралија, Канада и САД. Тој изрази голем интерес за македонските цр-

ковни општини во дијаспората, бидејќи, како што рече, и Украинците имаат неколку милионско иселеништво во САД и во Канада.

А, тие преселници од Украина, кои припаѓаа на Римокатоличката црква, особено во Канада, имаат иста или слична судбина како и Македонците, и добро се организирани во дијаспората. На тие простори Македонците и Украинците си нашле заедничка љубов и христијанско зближување преку нивните цркви, црковни општини, културно-уметничките друштва и други асоцијации, кои имаат заедничка цел - да бидат поблиски како многу сродни православни народи.

Така, втората по големина христијанска црква во Украина е Католичката црква. Таа ги обединува верниците со римокатоличка вероисповед и верниците со источноправославен обред кои припаѓаат на Католич-ката, односно Унијатската црква.

Унијатството во Украина, слично како во Македонија се појавило како резултат на општествените, економско-политичките, социјалните, културните, црковните, образовните и други (не)прилики. Притоа, и Украинците и Македонците често се обраќале до римските папи за покрови-телство преку прифаќање на црковна јурисдикција на Римокатоличката црква, наместо Цариградската патријаршија. А унијатството во Украина и во Македонија датира од почетокот на XIX век.

Така, прва унијатска црква во Македонија е формирана во Кукуш во 1859 година, во која членувале голем број видни македонски преродбеници, меѓу кои Константин Миладинов, Рајко Жинзифов, Партение Зографски и други. Тоа, всушност, било движење за еманципација и ослободување од елинизмот (грцизмот), односно црковно-просветно движење против грцизмот што во тој период имал широки размери во Македонија.

Слична е судбината и на Украинците. Во тоа се уверивме при неколкуте посети на Украинската католичка црква „Света Богородица" во Торонто. Таму од надлежниот католички бискуп бевме информирани за судбината на Украинската црква и украинските доселеници на тие канадски демократски простори.

Притоа, се запознавме со огромниот напредок што Украинците го имаат на национално, црковно, духовно, образовно и културно поле во новите средини во Канада, за што се благодарни и горди што припаѓаат на Римокатоличката црква.

Овие значајни историски факти се утврдување на традиционалните односи, кои се уште една голема причина повеќе да продолжат да го одржуваат долготрајното заемно пријателство за двете напатени држави - Македонија и Украина.

Црквата „Света Софија" претставува прекрасен спо-меник, чии 13 куполи покриени со 19 килограми златни листови ги симболизираат 12-те апостоли, заедно со Исус Хри-стос и 13-те области што ги обединува Украина. Киев, пак, често го нарекуваат: град на вечноста, на иднината контрастите, цвеќето, студентите, на минатото, сегашноста, на љубовта...

Киев опстојувал како еден од најстарите градови во Источна Европа. Најверојатно, градот постоел пред петтиот век и претставувал трговски центар, како и

место кое прет-ставувало значаен трговски дел помеѓу Скандинавија и Константинопол.

Градот бил престолнина на Киевска Русија за во 1240 година целосно да биде разрушен во времето на монголската инвазија. Во следните векови, градот го изгубил своето значење и станал провинцијален град во рамките на Големото Литванско Војводство, Кралството на Полска и Руската Империја. Градот значително започнал да се развива кон крајот на деветнаесеттиот век во рамките на Руската Империја. Во 1917 година, откако Украинската Народна Република прогла-сила независност, градот станал престолнина на новата држава.

Во 1921 година, Киев станал дел од Советскиот Сојуз и престолнина на Украинската Советска Социјалистичка Република од 1934 година. Во текот на Втората светска војна, градот бил значително разрушен, а по војната повторно бил целосно обновен. По распадот на Советскиот Сојуз и добивањето на украинската независност, Киев станал главнен град на Украина.

За жал, отворените компоненти на Руската вооружена агресија против Украина, започнаа во 2014 година. Се смета дека револуцијата на достоинството бил изговорот што Русија го искористила за да ја започне агресијата, но не и причината за војната. Постојат дури и верзии дека руските специјални служби намерно работеле на радикализирање на протестите за да ја уништат украинската државност целосно, и дека сѐ уште го користеле мигот на привремено отсуство на претседателот и други високи чиновници, вклучително и агенциите за спроведување на законот, за да го заземат Крим

Така, еден од аспектите на подготовката на Русија за агресија било правното спротивставување меѓу Русија и Украина. Правна поддршка на спротивставувањето од страна на Русија било спроведено на највисоко законодавно ниво со усвојување одредени резолуции за прашања што овозможиле најефективниот, од гледна точка на руската политика, да помогне во решавањето на проблемот со враќањето на управувањето врз Украина. Меѓу таквите прашања, најразвиени биле правниот статус на Крим, нивото на соработка на Украина со НАТО и статусот на рускиот јазик во Украина

Исто така, како причина е земено тоа што голем дел од населението што зборува руски во Источна Украина, силното влијание на руските медиуми и руската црква, како и хибридната природа на руската војна против Украина довело до непосредно и посредно учество на Руската православна црква во вооружена агресија против Украина.

Исто така, како причина за интензитетот на војната се тоа што Украинската војска се потпира на западната поддршка за да се одбрани од руските сили кои се обидуваат да заземат повеќе украинска територија. Така, американскиот претседател во заминување Џо Бајден брза да испорача поголема помош на земјата пред да ја напушти функцијата во јануари. Но, не е јасно како администрацијата на Трамп ќе ја поддржи Украина во 2025 година.

## 2. КИЕВ – ГРАДОТ НА ВЕЧНОСТА И ХРИСТИЈАНСТВОТО

При посетата на Киев патникот намерник се среќава со старата традиција преку црквата „Света Софија" што ја подигнал киевскиот владетел Јарослав Мудри во 1037 година. Црквата претставува вистински споменик и прекрасен монумент чии 13 куполи покриени со 19 килограми златни листови ги симболизираат 12-те апостоли заедно со Исус Христос и 13-те области што ги обединува Украина.

Внатрешниот дел на црквата е многу интересен, особено мозаиците кои се изработени со единствена техника која до денес останува неизменета, а мозаиците воопшто не се реставрирани. Во централниот внатрешен дел на куполата доминира света Богородица, а во долниот дел на црквата се чува саркофагот на големиот градител владетелот Јарослав Мудри.

За време на престојот ја посетивме надалеку познатата Киевско-печерска лавра која е изградена во 1051 година во текот на владеењето на напредниот владетел Јарослав Мудри, кој бил вљубеник во уметноста и културата. Многу се интересни старите пештери, за кои се верува дека во една од нив се наоѓа и гробот на познатиот руски патописец Нестор, кој ја забележал и легендата за градот Киев.

Овој стар интересен манастир во 1926 година бил претворен во голем историско-културен музеј. Денес тој е дел од Киевската патријаршија и во него започнал да се развива украинскиот црковно-духовен живот.

Со право се вели дека  најсвето христијанско место во Киев е Печерската лавра или манастирот на пештерите и катедралната црква „Света Софија",  и истите можеби претставуваат едни од најпознатите места во градот, кои во текот на историјата биле посетувани од страна на милиони аџии. Денеска овие комплекси се вклучени во списокот на светс-кото и културно наследство на УНЕСКО и претставуваат најголеми туристички атракции на градот. Освен во списокот на УНЕСКО, овие две атракции се вклучени и во списокот на Седумте чуда на Украина.

Киев е познат и по театарскиот живот во Источна Европа. За време на нашата посета посетивме неколку од големиот број познати театри, и тоа: Националната опера на Украина, Националниот академски драмски театар „Иво Франк", Националниот академски театар на руската драма, Киевскиот театар на операта, Киевскиот академски куклен театар, Националната филхармонија  на Украина и други.

Во 1946 година, градот Киев имал четири театри, една оперска куќа и една концертна сала. Овие културни објекти во голема мера биле наменети само за најпривилегираните луѓе од градот. Нивниот број денес е значително зголемен.

Други значајни културни центри во градот се Фимското студио и Киевскиот циркус. Исто така, во градот се наоѓаат четириесетина музеи, од кои најпознати се: Националниот музеј на жртвите од Големата патриотска војна, Национал-ниот музеј на уметноста на Украина, Музејот на Богдан и Варвара Карненко, Музејот на народната архитектура, Музејот на културното наследство, Националниот научно-природен музеј на Украина,  а еден од најинтересните во градот е и таканаречениот. Рециклирачки музеј, поради својата единственост, и често пати се нарекува Музеј на бескорисни работи.

Киев, посебно се гордее со Маринската палата која е официјална резиденција на претседателот на Украина. Таа е изградена во стилот на украинскиот барок и претставува значајно архитектонско остварување, со кое граѓаните на Киев се гордеат. Киев е главен и најголем град во Украина, кој се наоѓа во северниот централен дел на земјата на реката Днепар. Тој претставува важен индустриски, научен, образовен и културен центар на Источна Европа. Градот е дом на голем број светски компании, високообразовни институции и светски познати знаменитости.

Според историските податоци, Киев опстојувал како еден од најстарите градови во Источна Европа. Најверојатно, градот постоел пред петтиот век и претставувал трговски центар, како и место кое претставувало значаен трговски дел помеѓу Скандинавија и Константинопол.

Градот бил престолнина на Киевска Русија за во 1240 година целосно да биде разрушен во времето на монголската инвазија. Во следните векови, градот го изгубил своето значење и станал провинцијален град во рамките на Големото Литванско Војводство, Кралството на Полска и Руската Империја.

Градот значително започнал да се развива кон крајот на деветнаесеттиот век во рамките на Руската Империја. Во 1917 година, откако Украинската Народна Република прогласила независност, градот станал престолнина на новата држава.

Во 1921 година, Киев станал дел од Советскиот Сојуз и престолнина на Украинската Советска Социјалистичка Република од 1934 година. Во текот на Втората светска војна, градот бил значително разрушен, а по војната повторно бил целосно обновен. По распадот на Советскиот Сојуз и добивањето на украинската независност, Киев станал главнен град на Украина, Во текот на историјата, Киев претставувал културен центар на Источните Словени и главна лулка за христијанството.. И покрај тоа што градот на неколкупати бил рушен до темел и ограбуван, тој низ вековите го задржал своето културно значење, па дури и во време ан релативно распаѓање, и останал во центарот на Источното православно христијанство, каде до денес има голема улога во православниот свет.

Киев е познат по театралниот живот во Источна Европа. Во 1946 година, градот Киев имал четири театри, една оперска куќа и една концертна сала. Овие културни објекти во голема мера биле наменети само за најпривилигираните луѓе од градот. Други значајни културни центри во градот се Филмското студио Довженко и Киевскиот циркус. во градот се наоѓаат голем број на музеи, од кои најпознати се: Националниот музеј на историјата на Украина во Втората светска војна, Националниот музеј на уметноста на Украина, Музејот на Богдан и Варвара Карненко, Музејот на народната архитектура, Музејот на културното наследство, Националниот научно-природен музеј на Украина, а еден од најинтересните во градот е итн. Рециклаторски музеј, поради својата единственост, и честопати се нарекува Музеј на бескорисни работи.

За жал, во овој период на улиците во ладниот Киев каде температурата овој период е од минус осум до минус 20 степени целзиусови, мнозинство се жените и постарите лица, а речиси е невозможно да забележите млад човек без кој е униформа. Луѓето таму живеат во неизвесност. Состојбата на фронтовите се разгорува, бидејќи војната меѓу Русија и Украина само се разгорува.

# 3. УКРАИНСКИ КОНТРАСТИ НА РАЗВОЈОТ И ОПСТАНОКОТ

Украина е независна држава во Источна Европа. Таа се граничи со Русија на североисток, со Белорусија на север, со Полска, Словачка и Унгарија на запад и со Романија и Молдавија на југозапад. На југ излегува на Црното и Азовското Море.

Украина прогласи независност од СССР на 24 август 1991 година, а нејзината независност е финализирана на 25 декември истата година. Официјален јазик во државата е украинскиот јазик, а доминантни религии се православната и римокатоличката вера. Според руски извори се верува дека името Украина доаѓа од староеловенскиот термин „украина" што значи „гранична област" или „крајина". Многу современи украински историчари поимот „украина" го преведуваат како „во земја", „татковина" или „наша-земја". Овој превод е во согласност со оригиналното значење на предлогот „у-" во украинскиот јазик и именката „краина".

Меѓутоа, треба да се разликува значењето на „гранична земја", кое неконзистентно се презема од бројни научни извори, често од неукраинско потекло, додека преводот како „гранична земја" добро се усогласува со традиционалното значење во рускиот јазик на „у-" и „краина". Украина по територија е 24 пати поголема од Република Македонија. Таа е неколку десетици илјади квадратни километри поголема од целиот Балкански Полуостров. Зафаќа простор колку Франција, Белгија и Холандија заедно или колку Германија, Швајцарија, Австрија, Унгарија и Данска заедно. Или, повеќе од Шпанија и Португалија.

Таа е индустриски развиена земја со огромни капацитети и суровини, но со транзициски и меѓуетнички проблеми и потешкотии. Затоа, често се вели дека таа е земја на контрасти на нејзиниот развој и меѓуетничкиот опстој. Да се биде неколку дена во Киев значи да се доживее нешто ново, недоживеано. Тоа се потврди со посетата на неколкумина од Македонија што учествувавме на конференцијата за религијата во овој велеград. Киев често го нарекуваат: град на контрастите, на цвеќето, на студентите, на минатото, на сегашноста, на иднината, на љубовта...

Овие епитети Киев ги добил зашто во него се измешало и старото и новото, од исток и од запад, од север и од југ. Зашто неговите жители со љубов негуваат цвеќиња по прозорците. Зашто најголемиот број студенти се школуваат токму тука. Зашто во него се случиле бројни историски настани и се потврдила древната историја, денешната вистина и иднина на Киев. Зашто патникот, патеписецот и намерникот во него доживува дел од животот единствен и карактеристичен за украинскиот народ и држава.

Според податоците на голем број аналитичари, Киев започнал да се развива уште во IX век, а е запишан во една повелба на летописот Нестор во почетокот на XII век. Така, во тој документ се вели следното:

*„Си биле тројца браќа, едниот се викал Киј, другиот Шчек, третиот Хорив, а името на нивната сестра било Либед. Тие си живееле сложно како браќа во планините: Киј живеел кај Борич, Шчек живеел во Шчековица, а Хорив на третата*

*планина која се викала Хоревица. Тројцата создале град на кој му го дале името на најстариот брат и го нарекле Киев. Градот се развивал до околната шума од високи борови со голем број ѕверови"...*

Ова е само легенда. Определен број историчари се склони да го прифатат мислењето дека Киј бил историска личност, а можеби е и првиот киевски кнез. Меѓутоа, за ова има и спротивни мислења. Но, се знае дека од IX век Киев почнал да се развива како средновековен центар на Словените и се издигал како културен центар благодарение на просветителската дејност на свети Кирил и Методиј, значајните сесловенски и македонски просветители, за што сведочат многу документи и аргументи.

Оваа посета на Киев и престојот во хотелот „Украина" беше втора наша визитација и со различна цел. Првата посета беше во времето кога Украина беше во состав на Советскиот Сојуз и кога преку Киев летавме до тогашниот Ленинград (денешен Санкт Петерзбург), а оттаму за Москва и назад за Белград, две престолнини преку кои беа насочу-вани контактите на културно-историските врски меѓу Македонија и Украина.

Затоа и денес на двата народа им е заедничко малото познавање на едни со други, а често и непознавањето на сопственото минато. Втората посета, пак, ја остваривме по една деценија, кога на покана на Кабинетот на министри учествувавме на меѓународната конференција на тема: „Религијата и црквата во посткомунистичкиот период" што се одржа во Украинската академија на науките и уметнос-тите во Киев. Киев, со околу четири и пол милиони жители е најзначајниот велеград во над педесетмилионската Украина. Тој ги спојува должините на реката Днепар. Киев со црквите и спо-меници, со своите стари згради, кои се чуваат од канџите на времето, насликани со жолта, бела и зелено-сива боја, со широки улици и огромни паркови, кои во есен имат златна боја во блесокот на сонцето, го викаат град на бајките.

На другата страна на реката Днепар постои уште еден огромен Киев, со бројни станбени згради на бескрајните соништа на нејзините жители. Ова е Киев од помодерниот период на социјалистичката изградба, кога личноста се стопи во колективниот дух на живеење. 1

Ситуацијата во регионот Курск ескалира бидејќи руските сили, зајакнати со присуството на севернокорејските трупи, започнаа сеопфатни напади на украинските одбранбени линии.

Според извештајот на The Washington Post, руската војска формирала група од околу 50.000 војници, вклучително и десет илјади припадници на севернокорејската армија, и очигледно се подготвува за голема офанзива која би можела да ги истисне украинските сили од регионот.

Ваквата концентрација на воени трупи создава сериозен притисок врз украинските бранители и се повеќе се поставува прашањето дали Украинците ќе можат да ги задржат своите позиции во Курск или ќе се соочат со потребата да се повлечат.


SLOVACIA
UCRAINA
R. MOLDOVA
UNGARIA
SERBIA
BULGARIA
MAREA NEAGRĂ
TRANSILVANIA
MOLDOVA
ȚARA ROMÂNEASCĂ
Košice
Uman
Ivano-Frankivsk
Ujgorod
Cernăuți
Miskolc
Salgótarján
Nyíregyháza
Eger
Budapesta
Debrecen
Szolnok
Kecskemét
Békéscsaba
Szeged
Subotica
Zrenjanin
Novi Sad
Pancevo
Belgrad
Kragujevac
Čačak
Niš
Vidin
Montana
Vrața
Pleven
Târgoviște
Ruse
Dobrici
Șumen
Varna
Satu Mare
Baia Mare
Maramureș
Bucovina
Suceava
Botoșani
Bălți
Codru
Chișinău
Iași
Tiraspol
Odesa
Piatra Neamț
Zalău
Bistrița
Oradea
Cluj-Napoca
Târgu Mureș
Miercurea Ciuc
Bacău
Vaslui
Basarabia
Crișana
Arad
Alba Iulia
Apuseni
Sfântu Gheorghe
Cahul
Deva
Timișoara
Sibiu
Brașov
Focșani
Galați
Ismail
Chilia
Banat
Reșița
Vârșeț
Râmnicu Vâlcea
Târgu Jiu
Buzău
Brăila
Tulcea
Drobeta-Turnu Severin
Târgoviște
Ploiești
Pitești
Slobozia
Oltenia
București
Dobrogea
Craiova
Slatina
Muntenia
Călărași
Constanța
Giurgiu
Silistra
Alexandria


SAMSUNG

*Букурешт*



*Триумфална порта во Букурешт*



*Манастирот Куртеа од Арџе*

# 19. РОМАНИЈА

## 1. РОМАНИЈА – ПРИЈАТЕЛСКА ЗЕМЈА НА МАКЕДОНИЈА

Романија е земја во југоисточна Европа, а се граничи со Украина и Молдавија на североисток, со Унгарија и Србија на запад и со Бугарија на југ (по должината на реката Дунав), додека на исток има мал излез на Црното Море. Источните и јужните Карпати минуваат низ централниот дел на земјата, чиј главен град е Букурешт. Таа е членка на НАТО од 2004 година. На 25 април 2005 година, пак, Романија го потпиша договорот за членство во Европската унија, а нејзин полноправен член е од 1 јануари 2007 година, заедно со Бугарија.

Со својата површина Романија е најголема држава во Југоисточна Европа и дванаесетта по големина во Европа. Голем дел од романската земја граничи со Србија и Бугарија,односно  со реката Дунав, а реката  Прут ги дели Романија и Молдавија. Во Романија се влива реката Дунав која ја прави втората најголема и најдобро зачувана делта во Европа. Името Романија доаѓа од романскиот збор - роман (român) кој, пак, потекнува од латинскиот назив Romanus. Во XVI век повеќе автори нагласиле дека населението се нарекувало како „романи". Првиот документ напишан на романски јазик било писмото *неакшу* каде за првпат во пишана форма бил употребен зборот „романски".

Според пишаните историски информации територијата на денешна Романија низ раната историја повеќе пати била населувана од најразлични племиња како Даките, Гетите и голем број други индоевропски племиња.

Во 106 година Дакија била заземена од страна на римскиот император Трајан, за што, според романските историчари, романскиот етнос настанал со мешањето на Даките и римските колонисти по долината на реката Дунав.

Во XIV век било создадено кнежеството Молдавија кое станало центар на романската држава Влашка. Стратешката положба на кнежевствата Молдавија и Влашка во долниот тек на реката Дунав и на планинскиот превез на Карпатите овозможувале големи предности во текот на владеењето на Османлиската Империја.

Бидејќи се наоѓале на север од Балканот, Влашко дури на почетокот од XV век, а Молдавија на крајот од XV век станале должни да плаќаат даноци на Османлиската Империја, а веќе на почетокот на XVI век биле и анектирани. До средината на XIX век, официјален јазик во Влашка било кирилското писмо, додека во 1861 година била воведена латиницата.

Интересно е да се нагласи дека по паѓањето на Берлинскиот ѕид во 1989 година, во Букурешт избувнале демонстрации за поголеми права и слободи на романскиот народ. Диктаторот Чаушеску, заедно со неговата сопруга Елена биле

фатени во бегство и заробени на 25 декември 1989 година. Набргу потоа биле стрелани. Инаку, во Романија има 20 етнички малцинства, на кои им се загарантирани сите права според меѓународните конвенции. Меѓу другото, на секое од нив Уставот им гарантира по едно пратеничко место во романскиот парламент. Меѓу признатите малцинства во Романија се и Македонците.

Романија отсекогаш имала мегаломански ставови спрема ароманското (влашкото) население на Балканот, а тие ставови останале непроменети до денес. Имено, иако Романија ги „признава"Ароманците исклучително како Романци, од друга страна, пак, не им ги признава нивните основни права.

Официјален јазик во Романија е романскиот јазик, кој го зборуваат околу 91% од населението. Покрај романскиот, поголеми малцински јазици се унгарскиот и ромскиот јазик. Таа е секуларна држава и нема национална религија. Најголема религиска организација е Романската право-славна црква во која членуваат над осумдесет проценти од романското население. Покрај православието, други позначајни религии се католицизмот со околу пет посто и протестантството со околу четири посто верници. Во Романија живее и малобројно турско население кое е дел од исламската религија.

Инаку, Романија е доста богата земја, особено со нафта, со што по Русија таа го зазема второто место во Европа. Црното злато особено го има во околината на градот Плоешти, во кој видовме бројни машини за вадење на нафтата од плодното поле на кое му нема крај. Меѓутоа, обработливите површини во Влашко тогаш беа во општествена сопственост и припаѓаа на едно минато поврзано со колективниот систем на обработка на земјиштето. Се очекува во иднина производството да се зголеми и таа да биде житница за Европската унија, во која таа е членка.

Букурешт бил центар на културата, политиката, економијата и севкупното живеење на Романците во минатото. Во 1864 година е формиран универзитетот, а денес е универзитетски центар во кој студираат голем број студенти од Балканот, меѓу кои и неколку од Македонија. Букурешт бил престолнина на нивните владици од XIV век, а престолнина на Романија од 1861 година, за денес да биде и центар на романската индустрија, политика, култура...

Центарот на градот ја отсликува вистината за него и за државата во еден подолг период. Се шетавме по познатата улица „Липскани" која има големо значење. Видовме и стара и нова архитектура која го отсликува минатото и сегашноста, поради што Букурешт во Европа се нарекува „Мал Париз".

Инаку во Романија има 20 етнички малцинства, на кои им се загарантирани сите права според меѓународните конвенции. Меѓу другото, на секое од нив Уставот им гарантира по едно пратеничко место во романскиот парламент. Меѓу признатите малцинства во Романија се и Македонците. Романија отсекогаш имала мегаломански ставови спрема ароманското (влашкото) население на Балканот, а овие ставови остануваат непроменети до денес. Имено, иако Романија ги „признава" Ароманците исклучиво како Романци, од своја страна не им ги признава нивните основни права. Романија има околу 22 милиони жители.

# 2. БУКУРЕШТ – МЕТРОПОЛАТА КАДЕ Е ПОДЕЛЕНА МАКЕДОНИЈА

Романија ја посетивме заедно со министерот Владо Наумовски, како гости на Министерството за религија и соработката на Комисијата за односи со верските заедници, со учество на симпозиум за религијата.

Таму бевме во едно ново, поинакво време, во нови услови, но во различни околности кога се измешало старото со новото, комунистичкото со капиталистичкото... Во Романија, односно во Букурешт престојувавме неколку дена, кога нашето патување се совпадна со посетата на една делегација на Владата на Република Македонија на оваа земја. Пристигнувањето на аеродромот „Венеаса“ во Букурешт, буди спомени за долгите патешествија на македонските печалбари при доаѓањето во оваа, за нас блиска, а за нив далечна, земја по разни траси и патишта.

По сместувањето во вилата во која сопругата на бившиот романски претседател Елена Чаушеску поминала голем дел од својот живот и во која е сè големо: од дневниот простор до спалните соби, бевме запознати дека се наоѓаме во квартот во непосредна близина на плоштадот „Авијато-рилор“ и паркот „Жерастру“ во кој долги години живеел кремот на поранешниот систем.

Зградата е сместена во еден парк во кој со години се одгледувале разновидни цвеќиња и растенија. Вилата беше оградена со високи ѕидини и кога човек е во дворот на прекрасното здание тешко е да каже дали се наоѓа на исток или на запад. Внатрешниот дел, особено приемните простории на вилата, беа исполнети со голем број уметнички дела, резби, скапи килими и класичен мебел, голем дел од нив донесени од странство. Градот лежи на реката Димбовица уште од своето формирање до денес и е распространет во низинскиот дел на Влашко. Тој постојано растел и се развивал и во текот на подолг период претставува значаен центар за Романија и на Балканот. Неговиот напредок се гледа и во тоа што, на пример,

Букурешт имал осветлување на газија уште од 1861 година, пред Париз и Берлин, зад кои тој денес заостанува. Шест години подоцна, градот добил улично осветлување со помош на фабриката за јаглен во Филарет. Истата година за првпат започнал транспортот со трамваи влечени од коњи, за денес по тие улици да се движат покрај тролејбусите и најсовремени колони возила.

Таму ги видовме архитектонските остварувања од минатото кои ја збогатуваат сликата на сегашноста, меѓу кои Националната банка, Музејот на романската литература, Романската академија, Палатата на правдата, Железнич-ката станица,

Палатата на парламентот и други архитектонски градби, кои, главно, се изградени во XIX век и на почетокот на XX век. За жал, голем број од овие споменици биле оштетени во земјотресот во 1977 година, но вредните раце на Романците ги обновиле.

Исто така, зачекоривме по улицата „Викторија", каде и започна револуцијата во декември 1989 година. Се потсетивме на сите телевизиски преноси и на сѐ она што го видовме во тие ладни, но и карактеристични мигови на Романија и пошироко.

Морници ни минуваа по телото кога на плоштадот до Сенатот ги свртевме старите спомени. Но, тоа брзо се заборава, зашто сега таму како да се избришани трагите од минатото.

Букурешт е вистински „град градина", а таквата традиција се негува многу одамна. Широките булевари се исполнети со бројни и различни дрвореди, а има и паркови, не само на периферијата, туку и во централниот дел на градот. Освен тоа, има езера и шуми, стари дворци и замоци. Така манастирот „Снагов", кој потекнува од 1404 година е сместен на брегот на езерото Снагов и претставува пријатно катче за одмор и рекреација на жителите на Букурешт. Таму има и други, повеќе или помалку познати, манастири и дворци што го опкружуваат овој град.

Во текот на нашиот престој го посетивме и манастирот познат како „Циганешти". Тој е лоциран на западната страна на Букурешт во еден живописен предел. Веројатно манастирот своето име го добил по населбата што го опкружува.

Тој е женски духовен центар и еден од најактивните живи манастири во Романија. Всушност, манастирот претставува една скромна текстилна фабрика во која калуѓерките ткаат разни платна, везови, тантели и други фабрикати кои се надалеку познати. Ги видовме производите на вредните раце на калуѓерките, кои љубезно ни го објаснија начинот на производството, познат не само во Романија, туку и пошироко во православниот свет.

Во Букурешт дознавме низа податоци, меѓу кои дека во Романија има 86% Романци, кои претежно припаѓаат на Романската православна црква. Околу два милиона се Унгарци, а останатите Германи, Евреи, Роми и други народи, меѓу кои, со поголеми осцилации, во зависност од состојбите на Балканот, во Романија живеат и повеќе  стотици Македонци, кои денес се раселени во повеќе градови, многумина асимилирани и претворени во дел од романската вистина. Имавме среќа да се запознаеме со неколку современи „печалбари" кои се претставници на фирми од Македонија.

Во оваа два и пол милионска европска метропола во минатото се случувале и се случуваат бројни настани. Така, во Букурешт е потпишан еден од значајните договори за мир меѓу Русија и Турција - таканаречениот Букурешки договор за мир од 1912 година, со кој се потвр-дил поразот на Турција и со што завршила Руско-турската војна, која траела цели шест години.

Ако Букурешкиот договор за некои балкански држави претставува „мировен договор", за Македонија и за македон-скиот народ тој е погубен. Имено, со овој договор од мај 1912 година, Романија ја добила Јужна Добруџа, Србија ја добила Вардарска Македонија, Егејска Македонија ѝ припаднала на Грција, а пирински-

от дел бил даден на Бугарија. Поделбата оставила големи лузни врз историскиот развој на Маке-донија и  на  македонскиот народ.

Во 2013 година, беше одбележана 100-годишнината од поделбата на Македонија. Ако балканските војни во 1912 и 1913 година беа предвесник на ослободувањето на Македонија, тогаш Договорот од Букурешт, од 10 август 1913 година, ја одбележа нејзината трагична поделба меѓу Грција, Србија (поранешна Југославија) и Бугарија.

Кога Договорот од Букурешт од 1913 година беше потпишан, Македонија зафаќаше површина од 66,474 километри квадратни од кои 25.713 километри квадратни (денешна Република Маке-донија) со околу 1,6 милиони македонски народ, беа доделени на Србија (поранешна Југославија). Грција го доби јужниот дел на Македонија од 33,953 километри квадратни, нешто повеќе од половината од Македонија, со население од околу 300.000 жители. Североисточниот дел на Маке-донија, кој опфаќа површина од 6,808 километри квадратни, со околу 200.000 македонско население, ѝ беше доделен на Бугарија.

Нè обзеде тага кога застанавме пред зградата во која бил потпишан договорот за поделбата на Македонија. Со тој неправеден договор македонскиот народ бил распарчен, обесправен, фрлен пред вратите на пеколот за цел еден век да поднесува понижувања и страдања кои, можеби, биле Божја казна или Божја промисла македонскиот народ денес да има среќна иднина. И сè она што било лошо за него, да се претвори во добрина и Божји дар, зашто тој го заслужува тоа. Затоа семето македонско денес се шири во една голема полјана што се вика свет.

Инаку, она што денеска го имаме како проблем со името и интеграциите, нагласува, е резултат на Букурешкиот мировен договор, а и малку пред тоа, почнувајќи од Берлинскиот договор преку Букурешкиот договор, па стигнувајќи сега до политиката на Брисел.За академик Блаже Ристовски Букурешкиот договор и по 100 години нема ново влијание за Македонија.

Тој напиша дека Букурешкиот договор е свршен факт. Состојбите се исти и по 100 години, но и ставовите на одредени сили, за жал, остануваат исти. Букурешкиот мировен договор е акт што е судбоносен не само за Македонија, туку и за поширокиот регион на Балканот. Секако овој договор најмногу ја засега Македонија која со него првпат беше поделена како територија и народ. Со него е определена судбината на Македонија која денеска се најде во позиција да и се негира и вековното име. Дојдовме до тоа дереџе дури да се дискутира и за нашиот идентитет, истакнува Ристовски.

Според него, треба да се знае дека Букурешкиот договор е еден комплот (заговор) против постоењето на тогашната Македонија како самостојна држава иако, како што рече, во тоа време сите се надевале дека Македонија ќе добие независност пред Албанија што не се случило благодарение на некои големи сили.

Македонија во тоа време во своите етно-географски граници не беше помала од Грција и од Србија. Грција успеа благодарејќи на односот на Србија да присвои над 50 проценти и сега токму таа се појавува како земја што го одрекува нашето

постоење како Македонија и Македонци со свој идентитет и ги имаме проблемите кои ги знае целиот свет, посочува академик Ристовски.

Инаку, повеќе од четириесет години поранешниот весник на македонската емиграција  а денес веб портал „Македонска нација“, претставува вистинска национална трибина,  во која учествуваат сите сите оние Македонци или Македонки, кои сакаат да работат за доброто и среќата на својата нација.

Во сите овие изминати години, на секој чесен Македонец, без разлика на неговите идеолошки убедувања или партиска припадност, „Македонска нација“им овозможи да ја застапуваат и да и служат на македонската национална кауза.

Почнувајќи од 1971 година во печатеното издание на весникот, се почитуваат принципите воспоставени на самиот почеток и изнесени во уводникот на редакторот и основач на „Македонска нација“ Драган Богдановски, ќе напише дека весникот не е орган на политичка партија, друштво или организација, туку на сите оние кои ја сакаат Македонија и се борат за македонската национална кауза.

Во 1962 година, македонската емиграција во Шведска го формира Ослободителниот комитет на Македонија (ОКМ) со цел да се создаде семакедонско национално движење за обединување на Македонија во самостојна македонска држава.

Потребата за сопствено гласило кое ќе ги промо-вира ставовите на организацијата се изнесени на Вонред-ниот конгрес во Копенхаген  во 1971 година, кога била донесена одлука за издавање официјален орган - весникот „Македонска нација“.

Во 1972 година, на редовниот Конгрес во Бремен, Германија, Организацијата на ОКМ го менува името во Движење за обединување на Македонија (ДОМ). Набрзо движењето се проширило во Европа (Данска, Шведска, Германија, Австрија, Франција, Белгија) и во прекуокеанските земји (Австралија, САД и Канада).

Престојот во Букурешт го искористивме да се запознаеме со некои особености на овој убав, со многу карактеристики велеград на контрасти. Букурешт е главен град на Романија. Неговото име уште со формирањето во 1459 година е тесно поврзано со името на веројатниот принц Букур, кој можеби бил рибар или овчар, во зависност од легендата.

Меѓутоа, денес во Романија велат дека името на главниот град е поврзано со романскиот збор „букурие“ што значи „задоволство, радост, милост“.

Познато е дека од памтивек влашката земја била „ветена земја“ за голем број Македонци, особено од западниот дел на Македонија, кои со торбата на рамо, тргнале по белиот свет да спечалат и, пак, да се вратат во Македонија на дедовските огништа, на своите корени. Таквите печалбарски движења, според некои пишувани документи и од комуникацијата со бројни раскажувачи, може да се каже дека биле прилично интензивни и оставиле свој белег врз историјата на македонскиот народ.

# 3. ВЛАШКО И ПРЕСЕЛБАТА НА "ВЕТЕНАТА ЗЕМЈА" И ЗА БРОЈНИ МАКЕДОНЦИ

Така, печалбарството во еден подолг период во време-то кога владеела Отоманската Империја, станало масовна појава кај Македонците, особено кај селското население. Ваквата појава ја потврдувала неподносливата состојба во македонските рурални средини од каде голем број од македонското население, па и од другите националности, ја напуштиле Македонија и, за да спечалат по нешто и да им пратат на своите фамилии, меѓу другото, одело и во Романија.

Се знае дека по неколку илјади Македонци од Галичник, Кичевско, Струшко, Тетовско, Мијачкиот крај, Маврово, и од други делови на Македонија оделе на гурбет во Влашко. Таму се занимавале со различни занимања и живееле претежно групирани во тајфи, односно групи, сè со цел полесно да го организираат животот и подобро да се снајдат во новата средина. Таквиот печалбарски живот оставил траги во историјата, културата, обичаите и црковното живеење на македонскиот печалбар. Затоа, не случајно се испеани бројни песни за одењето, живеењето и враќањето од Влашко, меѓу кои, секако, најпознатата е „Влашки моми убави"...

Најголемиот бран доселувања на Македонци во Романија се појавиле по Втората светска војна. Имено, во 1949 година, во виорот на Граѓанската војна во Грција голем број политички емигранти од Егејска Македонија се населиле претежно во Букурешт.

Нивниот дел бил околу 6-7.000 од кои 3.000 Македонци. Тие биле населени претежно во Бостошан, Флорика, Питешти, Хинедоара, Блаила, Галац, Валчеле, Брашов, Клуж, Орадија, Фалтичени како и во детските домови „Синаја", „Тулгеш", „Орадија", „Фалтичени", „Блаж", „Палтениш" и „Трговиште".

Доселениците од Егејска Македонија и од Грција почнале да се организираат во групи уште со самото доаѓање. Македонците започнале да го издаваат списанието „Македонче".

Тоа е прво списание што на македонски јазик било отпечатено во источноевропските земји. Списанието „Македонче", било наменето за македонските деца и за младината. Тоа во Букурешт се појавило во август 1949 година како орган на прогонетите Македончиња од Егејска Македонија. Клишето било на македонски јазик со кирилица со цртеж на борци од Илинден и од НОВ, на 28 страници на формат 20 х 26см.

Во воведот во првиот број, се објаснува целта на весникот. Во него, меѓу другото, се вели: *„Една сурова војна, што ни ја наложија туѓинците, принуди нашите деца за да се спасат, да го земат патот за туѓина. Во народните републики нашите деца најдоа секаков мајчин и човечки прием што може да даде еден народ којшто твори ново општество на работа, на прогрес, мир и радост и ја чувствуваа нивната борба многу близу до нив, како нивна борба...*

*За Македончињата на кои првпат им се дава можност да се образуваат на свој мајчин јазик, благодарение на заедничката и општа борба на грчкиот и македонскиот народ, благодарение на големата и неизмерна грижа и помош на народните републики во кои денес живеат, вакво списание ќе помогне од многу страни. Стремежот, или обидот, да се научат нашите деца на свој јазик, да им се пренесат револуционерните преданија и духот на нашиот народ, да се научат спрема способностите во местото каде живеат и да се подготват за одбрана и заштита на народот, на мирот и напредокот".*

Настојувањата на списанието биле за единство меѓу Македончињата и Грчињата. Имено, како што македонскиот и грчкиот народ се челичеле во борбата против општиот непријател - фашизмот, така тогаш заедно развивале љубов, пријателство и соработка со народите со кои живееле, а особено се стремеле нивните деца, да станат патриоти кои ќе ја сакаат својата татковина и својот народ, да станат луѓе со длабока мисла, а нивен пример да биде нивниот живот, работата, духот и напредокот на социјалистичката младина.

Написите со историска содржина го правеле списанието еден вид прирачник по историја. Од него децата учеле за Илинден, за Народно ослободителната војна и ги развивале своите патриотски чувства. Низ написите од литературата, фолклорот, географијата најмладите се запознавале со минатото, традициите, обичаите на својата поделена татковина.

Исто така, доселениците од Егејска Македонија и од Грција, од почетокот на 1950 година издавале свој билтен „Неа зои" („Нов живот") на грчки јазик, но и со статии на македонски јазик со кирилско писмо. Од декември 1952 година гласилото, како орган на политичките емигранти од Грција започнало да се печати во вид на весник на среден формат, на 4 страници, од кои една на македонски јазик. Сè до 1958 година гласилото излегувало четирипати неделно, кога започнало да се печати на 6 страници излегувало секој втор ден, од кои две страници вметнати како прилог биле на македонски јазик. Тиражот се движел околу 2.000 примероци.

Весникот „Нов живот" бил општо политичко гласило, а се занимавало со прашања од културата, организираното живеење, економијата, со проблемите во Грција. Посебна нагласка се ставало на прашањата и проблемите на Македонците во емиграција и во Егејска Македонија во борбата против дискриминациските закони.

Во него имало и коментари и други информации од севкупното живеење на Македонците ширум светот и од Пиринска Македонија.

Во периодот по 1956 година се објавувале бројни текстови за слободниот дел на Македонија, од нејзината култура, јазикот, а се поместувале и текстови кои се однесувале на организирање на семинари за македонски учители, како и информации за издавачката дејност и печатот во емиграција, квалифи-кацијата на македонските работници, студирањето на младите итн.

# 4. МАНАСТИРИТЕ ВО КУРТЕА ОД АРЏЕС – ПОДДРЖУВАЧИ НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА

Во Букурешт се печатело и списанието „Илинден". Тоа било второ списание на македонски јазик што се печатело во источноевропските земји. Списанието било орган на Централниот совет на организацијата „Илинден". Се печатело на македонски јазик со кирилица, употребувајќи и руски букви, на формат 16,5 x 25,5 см.

Списанието од август 1952 година излегувало на чети-ринаесетина страници, како периодично гласило. Потоа, во 1963 година излегол и првиот број на списа-нието „Маке-донски живот" како периодично издание. Тоа се печатело на македонски јазик и кирилица, на формат 14 x 21 сантиметри, во тираж од 2.000 примероци. Во 1968 година започнала големата преселба на Маке-донците од Романија во Република Македонија, а во мал број и во Грција и во другите земји. Во влашката земја останале многу малку кои, за жал, денес малку се организирани во свои македонски организации, а помошта од матичната земја е мала, а тие се оставени во „котелот на асимили-рањето".

Денес во Романија живеат околу 15. 000 Македонци, населени во различни делови на земјата тие се потомци на доселеници од Македонија, дојдени во различно време и од сите делови на етничка Македонија. Оние, чии предци дошле пред повеќе векови, знаат само дека се од Макдонија, на пример, од Пиринско, Прилепско или од други делови на Македонија. Потомците кои подоцна се доселиле си го знаат и точното место (град или село) на потеклото.

Во Романија не е дозволено формирање на политички организации на етничка основа, но затоа Македонците имаат свој претставник во парламентот. Тие се организираат и преку "Друштво на Македонците во Романија" (Asociatia Macedonenilor din Romania), во кое членуваат поголемиот број Македонци.

Имавме голема чест и предизвик да бидеме примени од патријархот на Романската православна црква, неговата светост г.г. Теоктист, со кого имавме срдечен разговор. Патријархот, кој со својата става, духовност и мудрост остава силен впечаток кај соговорникот, со своите соработници ни посака добредојде во Романија и го изрази своето задоволство што има прилика да разговара со претставници од христијанската Македонија, како што ја нарече Република Македонија.

Во срдечниот разговор стана збор за проширување на соработката на Романската и Македонската првославна црква, како и за други прашања и проблеми, врзани со православието и екуменското живеење. Притоа, истакна дека е запознат со положбата во која се наоѓа Македонската православна црква и дека се разменети подароци и посети меѓу претставници на Македонската и Романската православна црква.

Во текот на престојот го посетивме манастирот во Куртеа од Арџес, една од владетелските резиденции која се наоѓа на 150 километри северно од Букурешт.

Таму бевме гости на владиката Калиник кој има големи симпатии кон Македонската православна црква, македонскиот народ и Ре-публика Македонија. Љубезниот митрополит со одбрани зборови говореше за МПЦ и за сѐ она што тој со голема љубов го има направено за некои македонски свештени лица.

Со владиката Калиник расправавме долго за голем број прашања и проблеми. Меѓу другото, дознавме дека епархијата на која е надлежен има околу 120 манастири. Во градот Куртеа од Арџес постои Теолошки факултет, еден од дванаесетте во Романија, на кој студираа четири студенти од Република Македонија, а со кои имав пеијатна средба и заеднички ручек.

Во пријатната атмосфера и разговор, владиката Калиник нѐ запозна со приликите, условите, можностите и наме-рите во врска со идната соработка на Македонската православна црква со Романската православна црква, особено со епархијата за која е надлежен. Притоа, со ја прифати поканата да ја посети Република Македонија.

Инаку, регионот Арџес се наоѓа во централно-јужниот дел на Романија и го зафаќа горниот базен на реката Арџес, по која и го добил името што го носи до денес. Тој простор е богат со голем број реки, природни и вештачки езера, околу кои се развила интересна флора и фауна, што овозможува Арџес да биде интересен за туристите и намерниците. Патем, тој е главен град на овој регион, кој нуди многу интересни места и културноисториски споменици.

Секако, Куртеа од Арџес е еден од најголемите романски центри на средновековната уметност и архитектура. Сместен во централниот дел на Романија, блиску до Карпатите, на околу 150 километри  од Букурешт, Куртеа од Арџес беше првиот главен град на Романија во 1330 година. Таму има вредни споменици на културата и уметноста, затоа со право се вели дека Куртеа од Арџес е вистински музеј на романската историја.

Нашата посета на Куртеа од Арџес ја искористивме да го посетиме главниот манастир кој е граден во XIV век како византиска класична црква и претставува вреден споменик на културата, религијата, историјата во која има вредни фрески од три различни периоди.

Манастирот е изграден од делкан камен и има интересна архитектура, како и околина. Вредно е да се спомене дека на неколку километри од градот Куртеа од Арџес се наоѓаат дивите, природни и сликовити простори во кои е сместен замокот на Влад Тепеш, денес познат како Дракула.

Престојот во Романија беше уште едно поинакво видување на сегашноста во која чекори оваа пријателска земја на Македонија.За нас со Владо Наумовски, престојот во Романиј беше можност да посетиме бројни интересни места и споменици кои имаат големо значење и кои оставаат вечни траги во сеќавањата на посетителот.

Затоа нашето патување во Романија, во таа пријателска земја на Македонија беше мошне интересно, возбудливо, исполнети со многу искушенија, релаксирачки моенти, сознанија и предизвици.


Denmark
Baltic Sea
North Sea
Hamburg
Berlin
Poland
Neth.
Germany
Belg.
Czech
Rep.
Lux.
Stuttgart
München
France
Austria
Switz.


BERLIN
EAST-SIDE
GALLERY



*Еӣванӣел*



*Св. Меӣодиј*

# 20. ГЕРМАНИЈА

## 1. ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Развојниот пат на иселувањето на Македонците од сите делови на Македонија кон Европа, се совпаѓа со развојот на настаните на Балканот и уште повеќе во зависност од тоа како се одвивале настаните околу Македонија. Затоа се вели дека преселничките движења на Македонците и нивниот интензитет биле условени, пред сè, од економските услови за живеење и работа, а и од причини што имаат национално-политички карактер.

Европа била континент со повеќе печалбарски земји, каде голем број Македонци се стекнале со образование, особено пред Втората светска војна. Меѓутоа, за Македонците и за другите етнички групи во Република Македонија е карактеристичен периодот по 1960 година. Тогаш со отворањето на СФР Југославија спрема светот и со вклучувањето во меѓународната поделба на трудот, паралелно со создавањето на аграрно население во градовите и со либерализацијата на политиката за одење на работа во други земји, дошло до иселување на поголем број работници и интелектуалци од тогашна СР Македонија во Европа

Преселнички движења на привремено (постојано) вработување од Македонија, порано кон западноевропските земји, односно кон Европската Унија се присутни и денес. Меѓутоа, нивниот интензитет е различен, зависно од економско-политичкиот, социјалниот, геостратегискиот и низа други состојби и моменти.

Се проценува дека само од Република Македонија во земјите на стариот континент денес има повеќе од 150.000 Македонци. Исто така, има и неколку десетици илјади етнички Албанци, Турци, Роми и други од Република Македонија, кои таму живеат и работат повеќе од четириесет години. Исто така, има одреден број Македонци од егејскиот и од пиринскиот дел на Македонија.

Уште со доаѓањето во новите средини во повоениот период, Македонците во западно-европските земји покренале иницијативи и правеле низа обиди да се организираат во новите средини. Во почетокот носители на таквите идеи биле поединци - емигранти декларирани како антикомунисти во прифатните логори.

Големо било незадоволството од парцијалното решение на македонското национално прашање по Втората светска војна кое резултирало со голем бран на револт како во Народна Република Македонија (НРМ), која станала дел од новоформираната Југословенска Федерација, така и во останатиот дел на Македонија кој се наоѓал под власт на Бугарија и Грција.

Во периодот по Втората светска војна голем број Македонци започнале да ја напуштаат Југославија и да се пријавуваат како политички емигранти најмногу во Грција, а нешто помалку во Италија и Австрија.

Оние, емигранти во грчките логори кои изјавиле дека се Македонци биле изложувани на посебен режим на тортура и измачување. Затоа од логорите овие емигранти биле раселувани во западните земји – Јужна и Северна Америка, Австралија и Западна Европа.

На тој начин по Втората светска војна започнала да се создава македонската политичка емиграција која била демократски ориентирана и се залагала за интегрално решавање на македонското национално прашање.

Развојниот пат на македонското иселување кон Европа во основа се совпаѓа со тоа, како се одвивале настаните на Балканот и уште повеќе, во зависност од тоа како се движеле настаните околу Македонија. Како резултат на тоа преселничките движења на Македонците и нивниот интензитет биле условени, пред сè, од економските услови за живеење и работа, а во многу случаи и од причини, што имаат национално-политички карактер.

Печалбарството, односно преселувањето од Македонија кон Европа било во помал број, во споредба со иселувањето во САД, Канада и Австралија. Меѓутоа, карак-теристично за иселувањето од Македонија е тоа што се засилило по Илинденското востание во 1903 година, а особено било изразено по Балканските војни и по Првата светска војна, кои наместо слобода од петвековното ропство, на Македонците им донеле тројна поделба, угнетување, асимилација, денационализација и физичко уништување, што ги спроведувале порано ослободените соседи, Бугарија, Кралска Југославија, Грција и Албанија.

Она што се случувало во минатото, особено во текот на Балканските војни и по Првата светска војна, за релативно кусо време во одделни делови на Македонија настанале крупни миграциски движења и етнички промени кои имале катастрофални последици за македонското население.

Така, според некои податоци, од сите три дела на рас-парчена Македонија, 60 отсто од иселените Македонци биле од егејскиот, 25 отсто од вардарскиот и 15 отсто од пиринскиот дел. Според Специјалната комисија на ОН за Балканот, пак, во Извештајот од 13 мај 1949 година, од Егејска Македонија се иселени вкупно 232.000 Македонци, а на нивно место грчките власти доселиле и ја колони-зирале грчка Македонија со грчки бегалци од Мала Азија.

Исто така, иселувањата од сите делови на Македонија биле интензивни меѓу двете светски војни, а особено по светската криза.

Заминувањето од овие простори се засилило по Втората светска војна, посебно по поразот на Демократската армија на Грција во Граѓанската војна во Грција, на чија страна масовно учествувало и македонското население од егејскиот дел на Македонија, со надеж дека конечно ќе ги добие своите национални и социјални права.

Инаку, Првичното групирање на македонските политички емигранти во Европа се случува во периодот од 1956 до 1963 година. Така група македонски студенти – еми-гранти во Париз, пролетта 1956 година ја формираат Организа-цијата „Македонски национален фронт" (МНФ). Организацијата имала своја политичка платформа, во

која било третирано македонското прашање како национално прашање, а не само како политичко. Крајната цел на МНФ била создавање на независна и обединета македонска држава.

На основачкото собрание било одлучено да се формира Централен комитет и да почне да се издава весникот „Македонска искра", кој требало да биде печатен орган на МНФ. За претседател на ЦК бил избран Иван Јанев, а за секретар Драган Богдановски, кој воедно требало да биде и редактор на печатениот орган на Организацијата, весникот „Македонска искра".

По кратко време оваа организација згаснала, за подоцна во текот на 1959 година повторно да се реактивира, но под друго име Македонски национален комитет (МНК) во Шведска.

Весниците „Македонска лоза" и „Слободна Маке-донија" станале значаен медиум на Организацијата, кои биле исполнети исклучително со родољубива содржина и не биле непријателски насочени ниту кон една друга народносна структура. Политичката платформа, а со тоа и целите на МНК биле исти со оние на МНФ, односно создавање на обединета македонска држава.

Овие две организации, се всушност првото политичко групирање на македонските политички емигранти во Западна Европа. Нивна главна карактеристика биле антијугословенството, антикомунизмот и антититоизмот. Тоа било така поради фактот, што во тој период во Западна Европа владеела силна антикомунистичка пропаганда, која влијаела и врз емигрантите од Македонија, на чие чело бил Драган Богдановски.

Крајот на 50-тите и почетокот на 60-тите години на минатиот век бил забележан поголем бран на новодојдени македонски политички емигранти во Западна Европа, односно Скандинавија. Тие иницирале создавање на нова политичка организација „Ослободителен комитет на Македонија" (ОКМ), основана на 23 јуни 1962 година

Оваа организација пред македонското иселеништво се претставила како типична емигрантска организација со антикомунистичка определба чијашто крајна цел била, создавање на независна и обединета македонска држава со демократско уредување по западен тип. На основачкото собрание бил избран Централен комитет со претседател Димко Нечевски од Копенхаген, Данска. Печатен орган на ОКМ станал весникот „Македонија", за кој бил одговорен Миле Илиевски.

Повторното активирање на македонската политичка емиграција во Западна Европа се случува во текот на 1971 година, кога Драган Богдановски започнал да го издава новото списание „Македонска нација", чијшто прв број излегол во јануари 1971 година.

Непосредно пред и по излегувањето на првиот број на „Македонска нација", биле одржани повеќе средби меѓу македонските политички емигранти за нивно политичко реактивирање, односно возобновување на ОКМ. Тие средби резултирале со одржување на Првиот вонреден конгрес на ОКМ на 30 мај 1971 година во Данска.

За претседател на ОКМ, повторно бил избран Димко Нечевски, додека Драган Богдановски станал член на Централниот комитет и редактор на списанието „Македонска нација" кое стана официјален печатен орган на ОКМ

На Вториот вонреден конгрес на ОКМ што се одржал од 30 април до 1 мај 1972 година се променува името на Организацијата во Движење за обединување на Македонија (ДОМ). Организацијата под името Движење за обединување на Македонија дејствувала сé до есента 1973 година, кога повторно името се менува во Движење за ослободување и обединување на Македонија (ДООМ).

Со тоа Организацијата ги поставила на пиедестал исклучително националните интереси, кои требало да бидат натпартиски и над секаква идеологија. Ваквата политика на Организацијата, а, пред сé, на нејзиниот претсе-дател Драган Богдановски, придонела да се создаде една идеолошки хетерогена организација и со тоа станала единствена македонска политичка емигрантска организација која успеала да оствари влијание надвор од континентот каде се формирала.

Во 1984 година бил одржан Петтиот конгрес на ДООМ, на кој името на Организацијата било променето во Народно-ослободителен фронт на Македонија (НОФМ). Промената на името била извршена со цел уште еднаш да се нагласи амбицијата на Организацијата да се транс-формира во единствена сила што ќе ги придобива сите македонски опозициски структури.

Тоа особено се забележува од изгласаната програмска декларација според која, ширењето на Организацијата и проширувањето на соработката, со други македонски политички организации и со црковни, национални, културни и спортски здруженија, станало врвен приоритет. За претседател на НОФМ бил избран д-р Богољуб Андоновски. Последниот конгрес на Организацијата бил одржан во 1989 година, меѓутоа во тие години Организацијата станала само номинална, без активности и без некое посериозно членство.

Организацијата под името Народноослободителен фронт на Македонија дејствувала сé до 1990 година. Имено, со пробивањето на политичкиот плурализам во Република Македонија, се создале нови услови кои подразбирале и нови начини за реализирање на целите, односно активно вклучување на македонската политичка емиграција во политичките збиднувања во Македонија. Токму поради тоа, понатамошното егзистирање на Организацијата станало излишно, по што пред Собранието на тогаш сè уште Социјалистичка Република Македонија била поднесена иницијатива за нејзино трансформирање во политичка партија - Народен демократски фронт на Македонија. Всушност, тоа е и последната активност на Организацијата, а обидот да се трансформира во политичка партија останал неуспешен.

Тогаш, долгогодишниот лидер на Организацијата, кој речиси 11 години одлежал затвор Драган Богдановски, ја започнал иницијативата за формирање на политичката партија Демократска партија за македонско национално единство (ДПМНЕ).

Темелите на оваа партија биле удрени во емиграција и најголем дел од македонската политичка емиграција ја поддржала оваа нова политичка структура која во меѓувреме го добила конечното име ВМРО-ДПМНЕ.

# 2. ЧЕСТВУВАЊЕ НА СВЕТИ МЕТОДИЈА ВО ГЕРМАНИЈА – ЗНАЧАЈНА МАНИФЕСТАЦИЈА

Беше утро кога авионот од Скопје се крена во височините и се насочи кон северозапад, кон Франкфурт на Мајна, метрополата со еден од големите аеродроми. Но, Фракфурт е познат по тоа што е стар царски град во кој се крунисани германските цареви и кралеви; тоа е место каде заседавал првиот германски парламент; град на познатиот поет Гете; град на стари цркви и модерни зданија; град на банки и осигурителни компании; светски центар за одржување на саеми и други манифестации; меѓународен бизнис центар..

Во Франкфурт пристигнавме во попладневните часови, за потоа да го продолжиме патувањето кон Штутгарт, кон Елванген, кај местото, или поточно затворот, во кој темну-ваше сесловенскиот и македонски просве-тител, духовник и учител свети Методиј Солунски – Моравски. Човекот кој ги насочи сите универзални вредности на духовниот, образов-ниот и културниот живот на општословенскиот народ.

Во предвечерието го напуштивме Франкфурт и со автобус појдовме за Штутгарт, а оттаму за Елванген, каде се одржуваше чествувањето од смртта на сесловенскиот и македонски просветител, христијански мисионер и рамно-апостол свети Методиј, во чија чест и се одржа манифестацијата *„Македонија во чест на свети Методиј".* На чествувањето присуствуваше државна и црковна делегација од Македонија.

Патувањето коешто траеше четири часа беше пријатно во удобниот автобус, во кој, бидејќи сите бевме паници од Македонија, се пееше, се пиеше и се веселеше. Помину-вавме низ голем број населени места на кои со својот еко-лошки изглед треба да им позавидат многу нации во светот. Целиот пат помина за миг, како да беше на филмска лента.

При нашата посета на земјите од Европската унија, бевме Делегација во состав архиепископот г.г. Михаил, поглавар на Македонската православна црква; митрополитот Кирил, полошко–кумановски архијереј, митрополитот Горазд, европски архијереј и авторот на овие редови, во својство на потпретседател на Комисијата за односи со верските заедници на Република Македонија, авторот на овие редови, Славе Катин

Во доцните вечерни часови стасавме во градот Елванген што се наоѓа во областа Баден-Виртенберг. Таму се наоѓа местото каде свети Методиј Солунски бил заточеник на тогашните услови и прилики. Инаку, Елванген има околу 15.000 жители и е сместен на околу 110 километри југоисточно од Штутгарт.

Градот се споменува уште во VII век, додека во IX век е седиште на над-бискупијата, епископијата и црковниот суд. Елванген е општински центар на 11 блиски села и мали гратчиња.Градот започнал да се развива околу манасти-рскиот комплекс кој во средниот век претставувал жариште на христијанството. Елван-

ген се наоѓа на една блага висо-рамнина, со бујна вегетација, шуми, родни полиња и лозја.

Тој е препознатлив и по прекрасното вино и пиво. Се смета дека граѓаните на Елванген се многу вредни и дека меѓу првите во Германија започнале да го произведуваат пивото..

При нашата посета бевме информирани дека црковниот суд во градот Елванген функционирал уште во средниот век и по традиција и во денешно време тој суд е сместен во ова мало гратче.

Исто така, за жителите на Елванген посебно е изразено присуството на ликот на свети Методиј и неговото име во народните верувања. Покрај свети Бенедикт, свети Методиј е прогласен за нивни заштитник и патрон.

Во Елванген е сместен манастирскиот комплекс каде поради ширење ерес Регензбурскиот црковен суд го осудил свети Методиј на три години затвор. Меѓутоа, во вековите што доаѓале, трудот и заложбата на свети Методиј да се шири христијанството, покрај на трите мртви јазици (хебрејски, грчки и латински), и на словенски, бил признат и применет од нивна страна во ширењето на христијанството на германски јазик.

Поради тоа, во народните верувања се среќаваат легенди, како, на пример, дека свети Методиј градот го спасил од големи поплави, невремиња и заразни болести. Имало случаи со поклоненија и молепства кон свети Методиј да им се излечат болестите на мали деца или да им „се отвори среќата на младоженците и да добијат пород". Затоа на денот на свети Методиј граѓаните од Елванген не работат.

Свети Методиј Солунски (825- Моравија 6 април 885 година) бил сесловенски (македонски) просветител и постар брат на Костадин Филозофот (Кирил).

Создавајќи ја првата словенска азбука, преведувајќи ги на старословенски (старомакедонски) најпотребните бого-службени книги и формирајќи следбеници, како што беа нивните ученици Климент Охридски, Константин Брегалнички и други словенски просветители, Кирил и Методиј станаа најзаслужни за словенската просвета, богослужба и култура.

Со само 20 години Методиј, син на богатото семејство на Лав и Марија, многу млад се стекнал со слава во византиската армија и веќе бил познат и на царскиот двор во Цариград. Бил награден од царот со војводски чин и го именувал за кнез во брегалничката област во 845 година.

Во непосредна близина на манастирскиот комплекс во Елванген се наоѓа Методиевиот плоштад. До него води Методиевата улица која ја поврзува зградата со Методиевата темница. Малечката тесна уличка е именувана како „Методиева темница". Се верува дека свети Методиј преку ден со часови бил испитуван во манастирскиот комплекс, додека ноќно време бил одведуван во посебна визба, заради безбедност, каде ги минувал затворските маки.

Како резултат на политиката кон сесловенскиот просветител, во црквата „Свети Војт" на витражна слика е претставен свети Методиј со своите ученици, како ги поучува и воведува во христијанството.

Карактеристично за жителите на Елванген е тоа што тие многу внимание посветуваат на заштитата и уредувањето на животната средина, на древната алпска архитектура.

Во разговор со нив дознавме дека се гордеат со името Германи и дека се директни потомци на Германите. Имаат раскошна носија, мелодичен фолклор, исполнет со песни и типични алпски ора и танци.

Инаку, за време чествувањето на свети Методиј, во Католичката црква што се наоѓа во самиот центар на Елванген се одржа богослужба.

По службата поворката од неколку стотини луѓе се упати пред спомен-плочата на местото каде бил затворен свети Методиј Солунски во период од три години.Таму се изврши осветување на плочата, посветена на свети Методиј, на која пишува:

*„Почит и вечна благодарност кон нашиот просветител и христијански мисионер, рамноапостол свети Методиј".*

Со тоа Македонија и македонскиот народ каде и да е во светот изрази вечна благодарност кон човекот кој ја заорал првата бразда во ширењето на христијанството и просветлувањето на целиот словенски род, оттргнувајќи го од многувековниот духовен мрак.

На чествувањето на свети Методиј во Елвангел беше речено дека солунските браќа свети Кирил и свети Методиј се творци на заедничко дело, неизбришлив паметник за словенскиот род, кој има силна вера и љубов кон Бога.

Тие водеа неуморна борба за воведување на старословенскиот, односно старомакедонскиот јазик, меѓу јазиците кои порано биле искачени на пиедесталот на светската култура, писменост и цивилизација, а нивните проповеди биле за создавање на свет во кој народите ќе живеат во мир, слога и благосостојба.

Инаку, делото на светите браќа по смртта на Свети Методиј паднало во голема криза, но благодарение на нивните ученици Свети Климент и Свети Наум Охридски, светители и чудотворци останал жив образец за Светата Црква и за мисионерите во сите времиња.

Во попладневните часови започна семакедонско чествување кон свети Методиј. Се полагаа венци и букети свежи цвеќиња пред спомен-плочата, дар од македонскиот народ, македонската држава и од Македонската православна црква-Охридска архиепископија, при што претставници на македонските клубови, друштва и црковни општини од Германија, Холандија и Австрија, како и од семејства и одделни Македонци вршеа поклонение кон свети Методиј Солунски, не заборавајќи да се фотографираат на ова свето место.

# 3. ВО МАКЕДОНСКИОТ КЛУБ „ВАРДАР“ ОД ЗИНДЕЛФИНГЕН

Тој свечен и светол ден во Елванген беше празник и велики ден и за Македонците во Германија и за македонскиот народ во својата татковина и за Македонците што живеат ширум светот.

Исто така, македонските клубови и друштва, пак, во чест на откривањето на спомен-плочата, организираа спортски натпревари меѓу екипи од повеќе градови на Германија, Австрија и Холандија каде се постигнаа видни резултати во повеќе видови спортски дисциплини. Доделувањето на наградите и благодарниците беше на свечената академија што се одржа во вечерните часови.

Истиот ден започна свечената академија *„Во чест на свети Методиј Солунски“* во една од салите на спортскиот комплекс оддалечен 8 км од Елванген. На манифестацијата присуствуваа повеќе од 1500 македонски граѓани и пријатели речиси од сите места на Германија, Австрија и Холандија, дојдени на откривањето на споменплочата да се поклонат пред истата и да присуствуваат на свече-ностите, дочекани со македонска срдечност и традицио-налниот обичај со леб, вино и сол.

Манифестацијата „Во чест на свети Методиј Солунски“ траеше до доцните вечерни часови и заврши со заедничка веселба во исполнение на македонски песни, ора и танци од познати македонски естрадни уметници и културно-уметнички друштва.

На крајот, Македонците од Германија ветија дека ќе се залагаат во Елванген да се изгради и црква која ќе го носи името на свети Методиј и која ќе претставува свет храм за сите нив и поблиските европски земји.

Исто така, во текот на посетата во Германија престојувавме во Штутгарт, кој често го нарекуваат „градот меѓу шумата и лозјата“ и чија околина Господ ја дарувал со убавини. Тој е главен град на државата Баден- Виртенберг во СР Германија. Основан е во XII век, тој е древен град, со прекрасни споменици кои говорат за неговото бурно културно и уметничко минато.

Во буквален превод името значи „градина на кобили“. Според легендата, во Штутгарт се наоѓала градината - место за кралските ергела. Градот го красат големиот број културно-историски споменици, високи и стручни школи, кулутрно-уметнички друштва и здруженија, музеи, уметнички галерии, театри, архиви, библиотеки, радио и телевизиски центри. Тој е еден од најголемите издавачки центри во Германија.

По Втората светска војна Штутгарт претставувал големо градилиште. Според кажувањата на градските татковци овој град претставува феникс, зашто по војната, пак, изникна од пеплиштата и урнатините и стана седиште на најразвиената автомобилска индустрија, на машинската, електротехничката, прецизната механика, оптичката индустрија, хемиската, текстилната, кожарската, графичката и други индустрии.

Тој е главен железнички и патнички јазол за Југоисточна Германија, со аеродром, речно пристаниште, град со стара традиционална култура, зачувана од многу векови од минатото.

Штутгарт е град со големина речиси како Скопје, во него живеат повеќе од 700.000 жители, од кои една четвртина се странци – гастарбајтери и други емигранти кои нашле засолниште по Првата и Втората светска војна.

Народот во Штутгарт е весел, духовит и со гордост раскажува интересни анегдоти, непосредно поврзани со историјата, културата, уметноста и значајноста на Ариевците, кои се сметаат за покултурни и позначајни од Швабите.

Нашата посета на Штутгарт беше поврзана со одржувањето на Осмата поетска вечер посветена на свети Кирил и Методиј. Притоа, бевме гости на Македонскиот клуб „Вардар" од Зинделфинген и во вечерните часови присуствувавме на оваа значајна поетска вечер која се одржа во преполнетата сала „Воршој".

Импресивен беше дочекот на македонската делегација. Кога пристигнавме бевме пречекани од десетина девојчиња и момчиња, облечени во народна носија, кои ни понудија леб и вино, според старите македонскиот обичај за добредојде.

Во текот на разговорите со статистички показатели беше изнесена состојбата на вработените македонски просветни работници и отворените лекторати по маке-донски јазик, литература и култура на универзитетските центри во Германија, Шведска и другите европски и воневропски земји.

Посебно беше нагласена бројната состојба на оспособените ученици во совла-дувањето на правилниот литературен македонски јазик кој претставува своевидна гаранција и обврска за ната-мошното продолжување со дополнителната настава по македонски јазик, литература и култура кај македонските доселеници кои претставуваат мост за зближување меѓу СР Германија и Република Македонија.

При посетата на Франкфурт се уверивме дека се наоѓаме во еден убав и карактеристичен град не само за вредните и трудољубиви Германци, туку тој е и пример за Европската унија и светот.

Природата му ја подарила реката Мајна, долж која се изградени и се градат извонредно убави згради кои се пример за архитектите во светот. Тоа особено е изразено во стариот дел на градот, каде можат да се видат пре-красни зданија во различен стар стил, додека во центарот на градот се вишнеат облакодери во кои се сместени голем број банки и други значајни светски асоцијации.

Со еден збор, тука е концентрирана финансиската моќ, не само на Германија, туку и на целата Европска унија. Посебен впечаток остава зградата на Германската банка која е обложена со сребрено стакло и која во текот на денот, според бојата на небото, повеќепати го менува својот изглед.

# 4. ВО МЕТРОПОЛАТА НА ГЕРМАНСКАТА ВИСТИНА – БЕРЛИН

Речиси секој дојденец во Хамбург, од повеќе причини, задолжително ја посетува железничката станица. Таа е, буквално, подземна железничка станица сместена во строгиот центар на градот и е поврзана со сите делови од градот, со најголем покрив од сите железнички станици во Германија, којшто е долг 140 метри, широк 120 метри, а висок 35 метри. Под таа железна конструкција има бројни ресторани, киосци, продавници, во кои врие како во кошница, поради нивното работно време. Оттука, посетителот ги има сите врски со подземната и надземната железница, кои како со нож го сечат градот и го превезуваат ефикасно најголемиот број од неговите жители и посетители. За жал, околу железничката станица се собираат и најголемиот број корисници и дилери на современото зло на човештвото - дрогата, во што и се уверивме при нашата посета.

Посебно впечатлива е авенијата „Монкеберг", со многуте стоковни куќи, трговски дуќани и други интересни објекти, какви што се црквата „Свети Јакоб", во која има три цркви посветени на свети Лука, на свети Петар и на свети Тројца, а која е изградена во XIV век. Оваа црква е позната и по фамозната Штитгерова органа од XVII век, на која еднаш свирел и Јохан Себастијан-Бах. Во непосредна близина на центарот е градскиот пазар од кој се пружа прекрасна глетка кон најзначајната и најпознатата зграда на Хамбург - Ратхаус (Градското собрание).

Тоа е најпрепознатливата, најубавата, најсликаната зграда и симбол на градот. Овој значаен и по многу нешта специфичен и интересен објект е изграден кон крајот на XIX век во неоренесансен стил. Ратхаусот е симбол на самодовербата на граѓаните, како и седиште на Сенатот и на Градскиот парламент.

Зградата лежи на мочурлива почва. Затоа при изградбата било потребно да се вложат големи напори и средства за денес таа да се вишнее во небото и да ѝ пркоси на иднината. Кулата што е симетрично поставена во средината на зградата и која е главен влез, од каде се поврзани сите нејзини делови, е висока 112 метри.

А таа зграда - убавица на Хамбург, како често ја нарекуваат, има 647 соби, односно шест повеќе од Бакингемската палата во Лондон. Целата е во преубав мермер, украсена со позлатени предмети, вредни уметнички слики, орнаментика, декорации, мебел и сè што било убаво и значајно во минатиот век.

Хамбург е градот во кој се доселиле жители од европските и другите земји, меѓу кои и неколку илјади Маке-донци, од сите краишта на Македонија. Првите дојденци или „привремено вработени", како често ги нарекуваме (а кои останаа постојано), се доселиле околу 70-тите години на минатиот век, кога кај нив започнал првиот процес на организирање во одреден број асоцијации.

Меѓутоа, се чини дека Македонскиот клуб „Илинден" и Македонската православна црква „Свети Ѓорѓи Кратовски" остануваат да бидат место со најзначајните активности што ги реализираат Македонците во тој дел од Германија.

По Хамбург следната наша дестинација беше Бон, сместен на бреговите на реката Рајна, со околу 200.000 жители. Тоа е родното место на Лудвиг ван Бетовен, градот на старата римска тврдина и на други стари и нови зданија. Во минатото во Бон биле сместени речиси сите дипломатски претставништва од светот, чиј број изнесу-

вал 150, поради што го нарекувале и град на дипломатијата. Меѓутоа, најголемиот број диломатски претставништва се преселиле во Берлин. По кусата прошетка низ Бон се упативме кон хотелот „Холидеј ин", каде се одржа заедничка средба на македонските клубови, друштва и црковни општини со претставници на амбасадата на Република Македонија во Германија. Средбата беше убаво осмислена, организирана и посетена од претставници речиси на сите македонски асоцијации во Германија.

Го напуштивме Бон и се упативме кон Келн.  Како и Хамбург и Келн е град - пристаниште, но на реката Рајна, во близина на Рур, главен град на Северна Рајна Вестфалија, со која Република Македонија има многу добри економски односи.

Кога го гледавме Келн, се потсетивме на податокот дека таму е најстариот универзитет во Германија, основан во 1388 година, дека има бројни готски и романски објекти, вклучувајќи ја и познатата Келтска катедрала. Потоа, заминавме за Берлин, главниот град на Германија кој со својата местоположба е исто толку оддалечен од центарот на Германија како и Бон, со тоа што тој се наоѓа во центарот на Европа. Поблиску е до Прага и до Копенхаген, отколку до Бон и одвај да е нешто подалеку од Варшава, отколку од Франкфурт на Мајна.

Надежта дека Берлин ќе биде во можност да го добие значењето што го имаше за време на Вајмаровата Република е оправдана. Интелектуалниот „лонец за топење" и ковачницата на таленти, кои му ја должеле својата привлечност на судирот меѓу Западот и Истокот можат повторно да бидат создадени. Како и во 20-тите години од минатиот век, Берлин е меѓународен, космополитски град и град на културата, со исклучително жива квалитетна и разновидна театарска, уметничка и музичка понуда.

Во Берлин човек во поголема мера се соочува и со германската историја - со објекти и споменици на Прусија и на германското царство, со архитектура на Вајмаровата Република, со докази за Третиот рајх со места од кои се вршени прогони на Евреите со докази за едно поинакво време и настани. Ова соочување со минатото, исто така, може да предизвика политичарите на новата генерација да бидат предводници на сосема друг курс во модерните текови и предизвици.

Германија, европскиот и светскиот џин и водечката сила во Европската унија, е примамлива дестинација во која се доаѓа, се гледа, се шета или се работи и се заминува, а патеписецот останува со извонредни впечатоци за минатите времиња и времињата што доаѓаат.

Берлин е најголемиот град во Германија, и е центар на метрополитенската област Берлин-Браденбург, во која живеат луѓе од над 190 земји. Географски, градот се наоѓа во Европската рамница и затоа е под влијание на умерената сезонска клима. Околу една третина од територијата на градот ја сочинуваат шуми, паркови, градини, реки и езера. Првите податоци за градот потекнуваат од 13 век. Берлин бил едноподруго главен град на Кралството Прусија), на Германското царство, на Вајмарската Република и на Третиот Рајх.

Во текот на 1920-тите години, Берлин бил трето градско подрачје по големина во светот. По Втората светска војна градот бил поделен на Источен Берлин кој станал главен град на Источна Германија и Западен Берлин, поделен со Берлинскиот ѕид (1961-1989). По германското обединување во 1990, градот си го вратил својот статус како главен град на Германија и домаќин на 147 странски амбасади.

Берлин е светски град на културата, политиката, медиумите и науката. Неговата економија првенствено се заснова на услужниот сектор и опфаќа разновиден мозаик на креативни индустрии, медиумски корпорации, конгресни и конвенциски центри.

Берлин претставува континентален центар за воздушениот и железничкиот сообраќај, и еден од најпосетените туристички центри во Европа. Метрополата е дом на светски реномирани универзитети, истражувачки институти, спортски настани, оркестри, музеи, а во неа живеат и многу познати личности.

Со своето урбано и историско наследство, градот ги привлекува и меѓународните филмски продукции. Берлин е познат по своите фестивали, разновидната архитектура, ноќниот живот, современата уметност, јавната сообраќајна мрежа како и по високиот квалитет на живеење. Либералниот начин на живеење и модерниот дух на времето ги привлекува младите луѓе и уметниците од целиот свет.

Потеклото на името на Берлин не е познато, но се претпоставува дека може да е поврзано со збор од стариот полапки јазик чиј корен е berl-/birl-, а во превод значи мочуриште. По крајот на војната во Европа во 1945 година, во Берлин се населиле голем број бегалци од источните провинции. Победничките сили го поделиле градот на четири дела, соодветно на окупационите зони на кои била поделена Германија.Берлин бил опустошен од бомбардирањето во Втората светска војна, а многу од старите градби во двата дела на Берлин, кои тогаш не биле урнати, биле уништени во 1950-тите и 1960-тите години.

Го напуштивме Берлин и се вративме во Франкфурт каде останавме цел ден, бидејќи авионот за Скопје леташе во вечерните часови. На аеродромот имаше патници кои ги преплавија фри-шоповите каде купуваа стока од цел свет.

За разлика од прекуокеанските летови кои тргнуваат од аеродромската зграда, ние требаше да одиме со автобус до нашиот авион кој беше на една споредна писта, како и други авиони, особено од источните земји на Европа.

За разлика од чествувањето на свети Методиј во Елвангел, поранешниот германски главен град Бон повеќе би сакал да биде идентификуван со институциите на ОН и големите концерни, со рајнската романтика, Бетовенфест и карневалот. Но, во последно време мирниот Бон сè почесто во медиумите се поврзува со салафизам, исламизам, тероризам и џихад.

Токму во Диселдорф во тек е судењето на еден конвертиран исламист од Бон, за неуспешниот бомбашки напад врз железничката станица во Бон. Франк Валендер, уредник во весникот „Бонер Генераланцајгер", кој со години го истражува исламскиот екстремизам во Бон, потсетува и на случајот со џихадистот Бекај Харач, кој беше убиен во 2010 година во Авганистан. Претходно, во интернет-видео ја величеше наводната света војна. Валендер потсетува и на браќата Јасин и Мунир Чука од Бон. И тие во видео-порака од пакистанско-авганистанската граница исто така повикуваа на напади во Германија. Кај бонскиот атентатор овие повици очигледно наишле на плодна почва.

После убавите моменти во Елвангел, се упативме кон аеродромот во Франкфурт од каде полетавме за Скопје. Летот за Скопје беше удобен и безбеден. Слеговме во Скопје каде бевме пречекани од неколку пријатели. Тука се чувствувавме посигурни бидејќи бевме на македонска земја.


REPUBLIC
BELGIUM
Luxembourg
Vienna
Danube
Munich
Salzburg
AUSTRIA
LIECHTEN
STEIN
Vaduz
SLOVENIA
Ljubljana
Trieste
Orléans
Dijon
Bern
SWITZERLAND
Geneva
Lyon
Milan
Po
Venice
Bologna
Turin
Genoa
Florence
SAN
MARINO



*Цирих*



*Женева*



*Локарно*

# 21. ШВАЈЦАРИЈА

## 1. ШВАЈЦАРИЈА – ЗЕМЈАТА НА ФЕДЕРАЛНИ КОНТРАСТИ И НА ЗИМСКИТЕ СПОРТОВИ

Многумина во светот мечтаат да ја посетат и видат Швајцарија, земјата која изобилува со богатство, убавина, контрасти, часовници, земјата на алпското сирење, на дивината, на зимските спортови, земјата на напредокот, на иднината. Оваа држава на тајните банкарски влогови, или како луѓето од бизнисот од светот ја нарекуваат „држава трезор“, за патниците, посетителите и намерниците е предизвик и раскрсница на светот, за еколозите – пример од светски размери од чистота, за богатиот свет – место за одмор и рекреација, а за Македонците – второ катче за живеење, за поголем број нашинци кои свиле гнездо привремено или постојано во Швајцарија.

Таа Конфедерација или Швајцарија е европска земја, - без излез на море, како Република Македонија. Земјата која се граничи со Германија на север, Франција на запад, Италија на југ и Австрија и Лихтенштајн на исток е седиште на голем број меѓународни организации.

Швајцарија има вековна традиција на политичка и воена неутралност, но исто така и на меѓународна соработка. Таа е позната како конфедерација и претставува еден од најдобрите примери за развојот на федералните односи на територијата на Европа.

Според пишаните историски документи, Швајцарија уште во 1291 година била поделена на три подрачја. Тие кантони биле формално дел од Германското царство уште од 1339 година. Договорот кој бил постигнат е познат како Bundesbrief, кој во превод значи федерација. Од тогаш, овој сојуз се нарекува и Голем сојуз.

Овој сојуз во текот на 14 век имал огромни успеси, добивајќи независност од Хаббуршката династија и Германското царство. По победата над германскиот цар Максимилијан II во 1499 година, сојузот уживал во потполна независност, и главно се засновал на принципот на неутралност. Веќе во почетокот на 16 век, сојузот се состоел од 13 кантони, кој како систем на уредување во Швајцарија постоел сè до започнувањето на ерата, на малиот по раст, а голем по сила-Наполеон Бонапарта.

За време на Реформацијата, Швајцарија го избегнала внатрешното разделување и немири, настани со кои биле зафатени соседните европски држави. По падот на Наполеон во 1798 година, Швајцарија го добила својот прв Устав. Така, конфедералното уредување било укинато, а државата станала унитарна, а кантоните станале обични административни единици.

Во 1802 година, Уставот бил променет со нов, кој го ублажил унитарниот режим на власта. Во самата држава владееле недоразбирања помеѓу унитаристите и федералците. Наполеон се обидел да донесе т.н. посреднички акт кој го содржал федералното уредување со некои конфе-дерални елементи кои предвидувале поголеми права и власт на кантоните. Но, системот не се покажал со примена во пракса, затоа во 1815 година, на Виенскиот конгрес, Швајцарија била разделена на 22 кантони со конфедерално уредување.

Исто така, во историските документите се вели дека промената на Швајцарија од конфедерација во федерација била проследено со граганската војна и промената на Уставот. Во 1847 година, католичките кантони формирале свој сопствен сојуз со намера да се одвојат од протестантските кантони. Така започнала и граѓанскатса војна која траела краток период и со мал број жртви. Како последица на тое, во 1848 година бил донесен нов Устав според кој било за-брането било какво делење односно формирање на сојузи.

Швајцарија е интересна земја, особено по своите природни убави. А тоа се должи на климата која е умереноконтинентална, на планините - планинска, претежно алпска. Околу 30% од нејзината територија е покриеа со планини. Во умерените реони околу Алпите, температурите се многу ниски поради висините. На поголемите висини на планините, снегот останува преку целото лето.

Во таа демократска земја нема главен град, но Берн, всушност ја има таа улога. Во него живеат околу сто и триесетина илјади жители, затоа тој е петтиот по големина град, по Цирих, Женева, Базел и Луцерн. Во пошироката урбана зона, пак, таму живеат над 660.000 жители и со тоа Бернската област е четврта најнаселена област во Швајцарија.

Градот Берн веќе со години се наоѓа меѓу неколкуте први места на листата градови по квалитетен живот. Покрај тоа, стариот дел од градот, кој е добро сочуван и извонредно уреден, е ставен на списокот на Светските градови на УНЕСКО. Берн се наоѓа во средишниот дел на Швај-царија, подеднакво оддалечен од Германија, Фран-ција и од Италија.

Најголемиот град во Швајцарија е Цирих и е главен град на кантонот Цирих. Лоциран е во централна Швајцарија на северозападниот крај од Циришкото Езеро. Цирих е раскрсница на железнички, патен и воздушен сообраќај. Циришкиот аеродром и железничката станица се најголемите и најфреквентните во земјата.

Женева, пак, е втор град по население во Швајцарија (после Цирих). Се наоѓа на југоисточниот дел од државата. Градот е претежно населено со французи и се наоѓа блиску француската граница. Во близината на Женева се наоѓа Женевското езеро кое важи за едно од поубавите езера во Западна Европа. Во Женева се наоѓа и едно од седиштата на Обединетите Нации.

# 2. НА МИТРОВДЕН МЕЃУ МАКЕДОНЦИТЕ ВО ТИЧИНО

Ние (делегацијата во состав: тогашниот митрополит Горазд, надлежен за Европската епархија на Македонската православна црква, министерот за иселеништво м-р Мартин Треневски, во времето кога постоеше Министерството за иселеништви, како и авторот на овие редови, Славе Катин престојувавме во посета на Швајцарија, на Ло-арно, главен центар во јужниот кантон, во регионот Тичино.

Таму, во тој убав и туристички град Локарно и во околните места живеат околу илјада македонски семејства, од кои најбројни се од струмичкиот регион. Но, се чини дека селото. Македонците од Ново Коњарево. Струмичко село се најбројни, ги има повеќе од сто фамилии.

Исто така, од овој дел на Струмица има поголем број семејства и од Ново Село, Старо Коњарево, како и од селата Муртино, Моноспитово, Самоилово, Колешино, Мокрино, Босилево, Куклиш и други струмички села. Исто така, во овој дел на Швајцарија се доселиле одреден број Македонци од Скопје, Штип, Кочани, Виница, Велес, но нивниот број во споредба со оние од струмичкиот регион е многу мал.

Тие скромни и благородни Македонци се големи трудбеници и лојални граѓани на двете татковини, Македонија и Италија. Тие се вработени претежно во угостителските објекти на тие простори, а ги има и во градинарството, и здравството. Тоа го потврдивме при нашата посета, при што бевме сместени во хотелот „Корона", чиј сопственик беше скопјанка, една од првите дојденци на тие простори, за кои хотелот беше семеен бизнис.

Ја посетивме Швајцарија и кантонот Тичино за Митров-ден, големиот христијански празник посветен на свети Димитрија Солунски. Тој дел беше значаен бидејќи беше формирана 28 македонска православна црковна општина на Европската епархија под името „Света Бого-родица". Таа покрај Македонската православна општина „Свети Наум Охридски" во Цирих, е втора во Швајцарија.

Свечената богослужба на македонски јазик се одржа благодарение на одговорните на црквата „Света Богородица на фонтаните", која припаѓа на Католичката црква, особено на тогашниот бискуп Дон Гранпа. Тој покажа голема христијанска љубов кон верниците на Македонската православна црква од овој дел на Швајцарија и им дозволи тогаш, а и во иднина да ги вршат своите православни христијански обреди во Католичката црква.

Инаку, црквата „Света Богородица на фонтаните" е сместена во живописното подгорие на познатиот туристички град Аскона, кој заедно со Локарно прават една целина. Аскона е град во кој се одржува познатиот џес - фестивал, како оној во главниот град на Република Македонија - Скопје. Храмот „Света Богородица на фонтаните" бил изгра-ден кон крајот на XVI и XVII век, а во 1882 година бил обновен и дополнет со уште еден објект, кој го користат студенти. А бил изграден и еден параклис сместен пред Црквата. Овој храм е еден од поголемите и поубавите на тие простори.

За време на одржувањето на првата богослужба на македонски јазик како дополнение на Црквата беше поставен олтар како во православните цркви, кој беше збогатен со икони донесени од Македонија. Во таков амбиент, тогашниот надлежниот архијереј на Европската епархија, митрополитот Горазд, во сослужение на прота Ацо Гошевски и еден свештеник на Ерменската православна црква ја отслужи првата богослужба за Македонците од кантонот Тичино.

Голема беше радоста на сите присутни, а ги имаше околу 400 кои ја следеа богослужбата и кои од срце дарија бројни подароци и средства за црквата, како израз на нивната љубов кон својата македонска православна вера, кон својата Македонска православна црква и кон родната Македонија. Во тие радосни мигови им беше подарена една икона – резба и четири копии од виничките теракотни икони, со што се збогати православниот амбиент.

Притоа, голем број верници беа причестени, што за нив претставуваше величествен чин, а со што возвратија со голем број средства како помош за новата Македонска православна црква „Света Богородица", кон која ја изразија својата силна љубов и желба таа да се проширува и промовира со верници – Македонци.

Вечерта се одржа заедничка веселба, во салата што беше оддалечена дваесетина километри од Локарно, на која присуствуваа повеќе од 500 посетители. Во пријатниот амбиент кој беше збогатен со бројни постери од Македонија и со други државни и црковни обележја, гостите ги забавуваа естрадни уметници од Македонија, придружени од македонски оркестар во Швајцарија.

Во текот на целата вечер се пееше и играше до доцна во утринските часови кога и заврши заедничкото другарување на Македонците од овој дел на Швајцарија. Исто така, се одржа средба на гостите со поголема група Македонци уште од првиот ден. Тоа беше прва средба од таков вид, ни рекоа нашите домаќини кои на одреден начин се чувствувале како да се заборавени од Македонија.

Вакви средби тие посакаа да имаат и во иднина. Во разговорите присутните поставија голем број прашања кои беа од интерес за македонската заедница и воопшто за македонските доселеници на тие простори.

Во текот на посетата имавме прилика да ја посетивме Католичката црква „Камена Богородица", која е лоцирана на стрмните падини на планината што се вишнее над Локарно и претставува значаен споменик што го посетуваат голем број туристи од целиот свет.

При посетата на Локарно сите погледи ни беа свртени кон езерото Маџоре, кое започнува од вливот на реката Маџа во Швајцарија, а четириесетина километри се протега низ Швајцарија и Италија и продолжува да ги носи водите кон Милано.

Планините кои се вишнеат над езерото Маџоре и рамната површина кај Лугано наликуваат на Беласица, односно на Струмичкото Поле. Затоа, Македонците во кантонот Тичино се чувствуваат како да се во Струмица, во Македонија.

# 3. ЦИРИХ – НАЈГОЛЕМИОТ ГРАД ВО ШВАЈЦАРИЈА

Цирих (германски: Zürich) — најголемиот град во Швајцарија и е главен град на кантонот Цирих. Сместен е во централна Швајцарија на северозападниот крај од Циришкото Езеро.Додека општината брои околу 380.500 жители, областа на циришката метропола е урбанизирана област од меѓународно значење со близу 2 милиони жители. Цирих е раскрсница на железнички, патен и воздушен сообраќај. Циришкиот аеродром и железничката станица се најголемите и најпрометните во земјата.

Првите населувања датираат од пред 7,000 години, а историјата на Цирих започнува со основањето од страна на Римјаните, кои во 15 година п.н.е. го нарекле Турикум (Turicum). За време на средниот век Цирих се стекнал со независен и привилегиран статус на суверенитет и во 1519 г, бил место на создавање и центар на протестантската преродба предводена од Улрих Цвингли во германското говорно подрачје на Швајцарија

Она што ги спојува деловите на кантоните Шафхаузен и Цирих, како и границата во тој дел со Германија е величествената река Рајна, која извира од Алпите и патува се до базенот на Северното море. А на тој пат како една од најдолгите и најважните реки во Европа нејзиниот пат е долг 1234 км.

Името на реката доаѓа од келтскиот збор Ренос што значи "таа која тече". Рајна и Дунав уште од времето на Римското царство го образувале најголемиот дел од северната граница и од тоа време Рајна е витален пловен дел од водениот пат, низ кој постојано се превезува стока во внатрешноста на континентот.

На својот пат оваа импозантна река поврзува четири држави: Швајцарија, Германија, Франција и Холандија и најмалку 10 големи градови и стотици помали градови и места низ овие држави. Изворите на Рајна се во Алпите во кантонот Граубинден каде се спојуваат нејзините две притоки Фордерајн и Хинтерајн, во близина на местото Рајхенау.

Оттаму како Алпска Рајна тече на север до Линхештајн, потоа во Австрија и се влева во Боденско езеро. Повторно се излева од Боденско езеро и како Горна Рајна поминува низ Водопадите на Рајна каде во неа се влева реката Аре, која и го зголемува нејзиниот водостој. Низ Германија кај Базел преминува во Франција, оттаму во Холандија и се до Северноатланскиот базен.

Највпечатливата природна атракција во овој регион на Швајцарија се наоѓа во околината на градот Шафхаузен, а тоа се водопадот на Рајна, кој е всушност и најголемиот водопад во Европа. Водопадот ја добива својата најголема сила на почетокот на летото и токму во тоа време во Шафхаузен доаѓаат многу туристи кои сакаат да го видат.

Цирих е најголемиот град во Швајцарија, во нејзиниот северен, германски дел. Цирих е и главен град на истоимениот кантон. Градот е и економски и со-

обраќаен центар на земјата, а на полето на банкарството Цирих е важен на светско ниво. Цирих е град со најдобар и највисок животен стандард на светот.

Цирих се наоѓа на северот на Швајцарија, на местото каде што алпската планинска област на југ се спушта во брановидната област на централна Рајна на север. Самиот град се наоѓа на долниот (северозападен) крај на Циришкото Езеро на изворот на реката Лимат. Надморската височина на градот е околу 400 m, но најнаселените населби се искачуваат до 600 m. Цирих се наоѓа во долина помеѓу три рида; на североисток е Цирихберг, на северозапад Алтберг, а на југ градот Уетлиберг. Административната област на градот Цирих се протега надвор од Цирих на север до аеродромот Цирих- Клотен.

Цирих е формиран на долниот, на северозападен крај на Циришкото Езеро, каде од езерото тече реката Лимат. Стариот град Цирих се наоѓа на двете страни на реката Лимат а реката тече низ градот прво на север, потоа во долга кривина свртува кон запад и тече понатаму кон соседниот кантон Аргау. Во градот Цирих, помалата река Сил се влева во Лимат. Тие се среќаваат помеѓу главната железничка станица на Левенплац. Реката Сил извира во северните Алпи од блиското езеро Сил.

Инаку, градот Шафхаузен, пак, бил единствен од независна Швајцарија во Втората светска војна, кој бил бонбардиран од Фашистичка Германија и кој го спасил целото свое население, собирајќи го во тврдината Мунот на северниот брег на Рајна.

Друга атракција на Шафхаузен е тврдината Мунот, која е изграден во периодот од 1564 до 1589 година, проектот бил познат уметник Албрехт Дурер. Дирер бил сигурен дека кружните утврдувања се најнепрегледни, бидејќи тие овозможуваат ефикасна одбрана од сите страни.

Тврдината Мунот секогаш имала одлична одбранбена функција и во два века постоење, не успеа да го одбрани градот и границата само еднаш – во 1799 година кога ја презеле Французите. Неколку години после тоа, тврдината го изгубила своето значење а за нејзината состојба повеќе не се грижел никој и почнала да се урива.

Меѓутоа, после Втората светска војна Мунот е место кое е постојано отворено за бројните туристи како и оние кои живеат во околината и често го посетуваат заради преубавиот поглед и многуте содржини што ги нуди. Од врвот на Тврдината има преубав поглед кон доаѓањето и заминувањето на Рајна кон Боденското езеро.

Околу Циришкото Езеро има откриени населби од неолитскиот и бронзениот период. Траги од предримски келтски населби се пронајдени во близина на ридот Линденхоф. За време на Рим, Турикум, бил центар за собирање данок на границата со Галија Белгика (од 90 година од н.е.Germania superior), а Раетија бил центар за размена на стоки на реката Лимат. По реформите на императорот Константин во 318 година, границата помеѓу Галија и Италија (две од четирите преторијански префектури на римската империја), била сместена источно од Turicum преку реката Линт, помеѓу езерото Вален и Циришкото Езеро, каде се наоѓала тврдина со гарнизон кој се грижел за безбедноста на Turicum. Најраните пишани документи за градот датираат од вториот век пронајдени на надгробна плоча откриена на ридот Линденхоф.

# 4. ДЕЛ ОД ВЕЛИЧЕСТВЕНИТЕ ЕЗЕРА НА ШВАЈЦАРИЈА

Швајцарија често се нарекува „Земја на езерата“. Таа е позната по своите воодушевувачки пејзажи, каде кристално чистите езера се сместени среде високите планини и бујните долини. Овие езера не се само природни чуда; тие се исто така културни и рекреативни центри, кои нудат огромен број активности кои се движат од пловење и пливање до планинарење и истражување на шармантни градови покрај езерото.

Така, Женевското Езеро, или Лак Леман, е едно од најголемите и најпознатите езера во Европа, кое се протега на границата меѓу Швајцарија и Франција. Опкружено со величествените Алпи, езерото зафаќа површина од приближно 580 квадратни километри, што го прави најголемото езеро во Швајцарија.

Градот Женева, сместен на западниот врв на езерото, е раздвижена метропола позната по својата меѓународна дипломатија, луксузниот шопинг и енергичната културна сцена. На северните брегови, се наоѓа Лозана, шармантен град познат по своите стрмни ридови, историскиот стар град и Олимпискиот музеј.

Мирните води на Женевското Езеро се совршени за различни спортови на вода, вклучувајќи пловење, сурфање на ветер и кајак. Околниот регион е исто така дом на некои од најпрестижните швајцарски лозја, особено во регионот Лаво, каде терасовите лозја се признати како светско наследство на УНЕСКО.

Езерото Луцерн често се смета за едно од најубавите езера во Швајцарија. Сместено во срцето на земјата, тоа е опкружен со прекрасни планини. Уникатната форма на езерото, со бројните краци и влезови, создава живописен пејзаж кој со векови ги инспирира уметниците и писателите. Затоа за Луцерн, кој е сместен на брегот на езерото, се  вели дека е една од најпопуларните туристички дестинации во Швајцарија

Езерото Цирих е уште едно од најпознатите езера во Швајцарија, познато по прекрасните пејзажи и живиот градски живот. Езерото се протега од раздвижениот град Цирих, нудејќи мешавина од урбани и рурални искуства.

Цирих, кој се наоѓа на северниот крај на езерото, е најголемиот град во Швајцарија и главен финансиски центар. Шеталиштето покрај езерото во градот е популарно место за локалното население и за туристите, кое нуди прекрасен поглед на водата и околните планини.

Езерото Тун и езерото Бриенц се две прекрасни езера лоцирани во регионот Берне Оберланд, во близина на градот Интерлакен. Иако се во близина, овие езера близнаци нудат секоја посебна атмосфера и збир на атракции.

Езерото Тун, поголемото од двете, е познато по своите длабоки сини води и историските градови кои се прекриени на неговите брегови, како што се Тун и Спиз. Езерото е опкружено со величествени планини, создавајќи драматична по-

задина за активности на отворено. Посетителите можат да истражуваат средновековни замоци, да уживаат во прошетките покрај езерото или да одат на крстарење со брод за да ја искусат убавината на езерото..

Езерото Бриенц, пак, се напојува со глацијална топена вода, што му дава карактеристична боја која е особено впечатлива во сончевите денови. Градот Бриенц, кој се наоѓа на источниот брег на езерото, е познат по својата традиција на резбарење и живописните куќи во стилот на вила..

Езерото Маџоре или Лаго Маџоре е едно од најголемите езера во Европа и го делат Швајцарија и Италија. Швајцарската страна на езерото се наоѓа во кантонот Тичино, регион познат по медитеранската клима, палмите и населението што зборува италијански.

Градот Аскона, кој се наоѓа на северниот брег на езерото, е една од најшармантните дестинации во Швајцарија. Позната по својата блага клима и прекрасниот стар град, Аскона е популарно место за уметници, писатели и патници кои бараат мирно повлекување. Блискиот град Локарно е познат по својот годишен филмски фестивал и прекрасната црква за аџилак Мадона дел Сасо, која нуди панорамски поглед на езерото и околните планини.

Благата клима на езерото Маџоре го прави идеална дестинација за активности на отворено, како што се пешачење, велосипедизам и спортови на вода. Езерото е дом и на островите Брисаго, кои се познати по своите бујни ботанички градини со растенија од целиот свет.

Езерото Констанца, или Бодензе, е уште едно од најголемите езера во Европа, граничи со Швајцарија, Германија и Австрија. Швајцарската страна на езерото се наоѓа во кантоните Тургау и Сент Гален, каде што посетителите можат да истражуваат шармантни градови, историски места и прекрасни природни пејзажи..

Езерото Констанца нуди широк спектар на активности, од пловење и пливање до возење велосипед и пешачење по широката мрежа на патеки на езерото. Благата клима и прекрасните пејзажи на езерото го прават популарна дестинација за посетители од цела Европа.

Езерата во Швајцарија не се само водни тела; тие се порти кон душата на земјата. Секое езеро нуди уникатно искуство, од раздвижениот урбан живот околу езерото Цирих до спокојните, тиркизни води на езерото Бриенц. Без разлика дали барате авантура, релаксација или културно потопување, езерата во Швајцарија обезбедуваат совршен амбиент за незаборавни искуства. Додека ги истражувате овие природни чуда, ќе откриете зошто Швајцарија се слави по својата недопрена убавина и зошто нејзините езера се сметаат за едни од најубавите во светот.


Czechoslovakia
International boundary
Republic boundary
Kraj (region) boundary
Railroad
National capital
PRAGUE
Republic capital
Kraj (region) capital
Road
GERMAN DEMOCRATIC REPUBLIC
POLAND
CZECH SOCIALIST REPUBLIC
SLOVAK SOCIALIST REPUBLIC
FEDERAL REPUBLIC OF GERMANY
AUSTRIA
HUNGARY
SOVIET UNION
ROMANIA
PRAGUE
BRATISLAVA
Vienna
Brno
Ostrava
Liberec
Olomouc
Žilina
Košice
Trenčín
Nitra
Trnava
Tábor
Jihlava
Kladno
Regensburg
Linz
Dresden
Wrocław
Opole
Katowice
Kraków



*Прага*



*Братислава*



*Споменик во Словачка*

# 22. ЧЕШКА И СЛОВАЧКА

## 1. ДЕЛ ОД ИСТОРИСКИОТ РАЗВОЈ НА ЧЕШКА И СЛОВАЧКА

Патувањето во Прага во Чешка беше дел од нашите посети на педесетина различни земји во светот. Но, тоа беше едно од возбудливото патување, исполнето со многу искушенија, сознанија и предизвици да ја запознаеме овој чудесен град еден од значајните центри во Европската унија Притоа имавме можност да посетиме бројни споменици кои имаат значење и кои оставаат траги во сеќавањата на посетителот и патеписецот

Таков беше и нашиот случај и со недозавршени податоци во бележникот се упативме од кантонот Тичино и го продолживме патувањето кон Прага во Чешката Република или скратено Чешка или Чехија, во земјата без излез на море, иста како Република Македонија. Таа е земјата која се наоѓа во Централна Европа, а се граничи со Полска на север, Германија на северозапад и запад, Австрија на југ и Словачка на исток.

Чешка се состои од три историски области: Чешка наречена и „Бохемија", „Моравија" и „Шлезија", тројство кое е присутно и на државниот грб. Таа е членка на НАТО, а од 2004 година и на Европската унија.

Територијата на денешна Чешка била населувана уште од најстарите времиња. Според археолошките истражувања, на овие простори постоел живот уште пред н.е. Чешка била населена со Келти, а од I век ја населиле и германските племиња. Во текот на V и VI век, на територијата на денешна Чешка се населиле словенските племиња.

Важни периоди од историјата на Чешка се националното ослободително движење и антикатоличкото движење во првата половина на XV век. Во 1526 година, Чешка била вклучена во составот на Хабсбуршката Империја, како автономна област, потоа во составот на Австро-Унгарија, а по распаѓањето на Австро-Унгарија во 1918 година се соединила со Словачка образувајќи ја државата Чехо-словачка.

Таа била една од најразвиените земји во Европа поради фактот што во времето на Австро-Унгарија на нејзината теритирија се наоѓале најразвиените индустриски области, а со тоа имала и добра економија. Од нејзиното создавање па сè до Втората светска војна, Чехословачка била демократска земја. Како еден од најголемите проблеми во земјата бил етничкиот проблем.

Тоа се должело на фактот бидејќи втора и трета по големина етничка група биле Германците и Словаците кои не биле задоволни од политичкото господство на Чесите. Освен тоа, повеќе од етничките Германци и Унгарци во Чехословачка никогаш не ја признавале новата држава.

Потоа Чехословачка паднала во рацете на нацистичка Германија. По завршувањето на Втората светска војна, Чехословачка повторно била формирана, сите Германци биле прогонети од државата, а Заткарпатската област била окупирана и подоцна била присоединета кон СССР, под која паднала под силно влијание.

Во 1989 година во Чехословачка повторно била воспоставена демократијата. Со паѓањето на комунизмот, во државата повторно се појавил предлог за промена на името на државата во Чехословачка Република. Во април 1990 година овој предлог бил отфрлен од страна на словачките политичари, бидејќи, според нив, тоа име недоволно ја изразувало застапеноста на Словаците во федерацијата.

Подоцна се постигнал компромис државата да се вика Чешка и Словачка федеративна република. Но, во 1992 година, парламентот на федерацијата решил таа да биде разделена на два дела и од 1 јануари 1993 година се поделила на денешна Чешка и Словачка.

Инаку, бројот на населението во Чешка е околу десет и половина милиони, меѓутоа за одбележување е тоа што Чесите немаат постигнато консензус за официјалниот назив на нивната држава. Предлогот за скратување на нејзиното име во Чешка, или Чехија од страна на министерството за надворешни работи во 1993 не е прифатено од пошироката јавност, и останува нејзиното официјално име – Чешка Република.

Официјалното име на државата било Чехословачка Социјалистичка Република. Конвенционалната мудрост сугерирало дека таа ќе биде позната едноставно како „Република Чехословачка" - нејзиното официјално име од 1920 до 1938 година и од 1945 до 1960 година. Сепак, словачките политичари почувствувале дека ова го намалува еднаквиот раст на Словачка и барале името на земјата да се пишува со цртичка (т.е. „Чехо-Словачка Република"), како што било напишано од независноста на Чекословачка во 1918 до 1920 година, и повторно во 1938 и 1939 година.

Претседателот Хавел потоа го променил својот предлог во „Република Чехо-Словачка" - предлог што не им одговарал на чешките политичари кои во виделе потсетник за Минхенскиот договор од 1938 година, во кој нацистичките Германија анектирала дел од таа територија.

Името исто така значи „Земја на Чесите и Словаците" додека е латинизирано од оригиналното име на земјата – „Чехословачка нација" – по независноста во 1918 година, од чешкиот ендоним Чеси=преку неговиот полски правопис

Името „Чех" потекнува од полскиот ендоним Češi преку полски, од архаичниот чешки Čechové, првично име на западно словенското племе чија династија Пшемисловиќи ги покорила своите соседи во Бохемија околу 900 година од нашата ера. Нејзината понатамошна етимологија е оспорена.

Традиционалната етимологија ја потекнува од истоимениот водач Чех кој го водел племето во Бохемија.. Современите теории го сметаат за нејасен дериват, на пр. од Чета, средновековна воена единица. Во меѓувреме, името „Словачка" е земено од Словаците. За време на постоењето на државата, таа едноставно се нарекувала „Чехословачка", или понекогаш скратено „ЧССР" и „ЧСР"

# 2. ДЕЛ ОД ИСТОРИЈА НА СЛОВАЧКА

Словачка, пак, има население од околу пет милиони луѓе, но и таа нема излезе на море и се граничи со Чешката Република и Австрија на запад, Полска на север, Украина на исток и Унгарија на југ. Најголем град во државата е нејзината престолнина, Братислава.

Во историските документи се вели дека Словените пристигнале и се населиле на територијата на денешна Словачка во 5 и 6 век за време на големата преселба на народите. За време на историјата, различни делови од денешна Словачка припаѓале на Кралството на Само (првата позната политичка единица на словените), Кнежев-ството Нитра, како независно, како дел од Гол-ма Моравија и како дел од Кралството Унгарија, Австро-Унгарија или Хабсбуршкото Царство и Чехословачка.

По Минхенскиот договор, Словачка добила автономија во Чехо-Словачка (како што била преименувана поранешна Чехословачка) и ги загубила своите јужни територии на Унгарија под Првата виенска награда. Додека нацистичкиот фирер Адолф Хитлер подготвувал мобилизација на чешка територија и создавање на неговиот протекторат Чешка и Моравија, тој имал различни планови за Словачка. Германските власти првично биле погрешно информирани од Унгарците дека Словаците сакаат да се приклучат кон Унгарија. Германија одлучила да ја направи Словачка посебна марионетска држава под влијание на Германија и потенцијална стратешка база за германските напади врз Полска и други региони.

Инаку по независноста и заедно со масовното прогонство и депортација на Чесите, Словачка започнале низа мерки насочени против Евреите во земјата. Гардата на Хлинка почнала да ги напаѓа Евреите, а „Еврејскиот законик“ бил донесен во септември 1941 година. Наликувајќи на Нирнбершките закони, кодексот барал од Евреите да носат жолта лента и им забранувал мешање во брак и многу работни места. До октомври 1941 година, 15.000 Евреи биле протерани од Братислава; многумина биле испратени во работни логори.

Словачка била една од земјите што се согласиле да ги депортираат своите Евреи како дел од нацистичкото конечно решение. Првично, словачката влада се обидела да склучи договор со Германија во октомври 1941 година за да ги депортира нејзините Евреи како замена за обезбедување на словачки работници да им помогнат на воените напори. По Конференцијата во Ванзе, Германците се согласиле со словачкиот предлог и бил постигнат договор според кој Словачка ќе плати за секој депортиран Евреин, а, за возврат, Германија ветила дека Евреите никогаш нема да се вратат во републиката. Првичните услови биле за „20.000 млади, силни Евреи“, но словачката влада бргу се согласила на германскиот предлог за депортирање на целото население за „евакуација на територии на исток“, што значи во Аушвиц-Биркенау.

Самостојна Словачка држава кратко постоела и за време на Втората светска војна, во периодот од 1939-1944, со што подоцна Словачка станала независна

од нацистичка Германија. Од 1945 година, Словачка повторно станала дел од Чехословачка. Денешната Словачка станала независна на 1 јануари 1993 со мирен распад на Чехословачка.

Инаку, според пишаните документи, територијата на денешна Република Словачка била населена уште за време на палеолитот. Во 5 век п.н.е., Словачка ја населиле Келтите, а потоа и Дако-Келтите Дако-Гетите, Јазигите и Квадите. Германското кралство кое ги обединило Квадите и Маркоманите, но исто така и Осините и Котините под власта на кралот Ваниус постоело од 8 г. п.н.е. до 179 г. Во првиот век доаѓа до продор на Римјаните, кои на реката Дунав создале неколку војни постави од кои најсилни биле Карнунт и Бригетио. Лаугарици (денешен Тренчин) бил зимски камп каде втората римска легија се борела во Маркоманските војни против Германите. Римјаните успеале да ги протераат Гелидите и Готите во третиот век, како и Хуните и Лангобардите во петтиот век.. Во шестиот век Словените се населуваат на територијата на државата и набргу стануваат најголемиот по број етнички корпус и ја одредуваат судбина на словачките простори.

Крајот на комунистичкото владеење во Чехословачка во 1989, за време на мирната Кадифена револуција, беше проследен со распад на земјата на две земји - наследничкиЗборот „социјалистичка" беше изоставен од имињата на двете републики, т.е. Словачката Социјалистичка Република беше преименувана во Словачка Република. На 17 јули 1992, Словачка, предводена од премиерот Владимир Мечијар, прогласила суверена држава, што значи дека нејзините закони имаат предност пред оние на сојузната влада. Во текот на есента 1992, Мечијар и чешкиот премиер Вацлав преговараат за деталите за расформирање на федерацијата. Во ноември федералниот парламент гласаше официјалното расформирање на државата да се случи на 31 декември 1992.

Словачката и Чешка тргнаа по одделни патишта на 1-ви јануари 1993, настан кој некогаш е нарекуван кадифен развој. Словачка и понатаму останала близок партнер на Чешка. Двете земји ја продолжиле соработката со Унгарија и Полска во рамките на Вишеградската група. Словачка станала членка на НАТО на 29 март 2004 и на Европската Унија на 1 мај 2004. На 1 јануари 2009, Словачка го воведе еврото за сопствена валута.

Словачка е парламентарна демократска република со повеќепартиски систем на владеење. Последните парламентарни избори биле јуни 2006 година и последните претседателски избори биле во 2004 година.

Претседателот на Словачка се избира на претседателски избори за мандат од пет години. Голем дел од власта е во рацете на премиерот на Словачка и кој најчесто е водач на победничката партија на парламентарните избори. Највисоко законодавно тело на Словачка е Националниот совет на Словачка Република со 150 пратенички места. Пратениците се избираат за мандат од четири години. Највисок суд во Словачка е уставниот суд на Словачка.

# 3. ПРАГА - ГРАДОТ НА МИНАТОТО И ИДНИНАТА

Посетата на метрополата Прага во Чешка ја искористивме да се запознаеме со минатото и сегашноста на овој интересен средноевропски центар. Според пишаните документ тој е главен и најголем град на Чешката Република и 14 по големина во Европската Унија. Се наоѓа на север од историската област Чешка на реката В'лтава, во централниот регион, кој е административен центар, но како посебна област е дел од неа. Градот е воедно и главен град на Средночешкиот крај. Тој е културен и економски центар на Чешка повеќе од 1000 години.

Во Прага се наоѓаат голем дел од државните институции и голем број други организации и компании. Во Прага се сместени претседателот, владата, централната власт и органите на Врховниот суд. Покрај тоа, во Прага се сместени голем број други канцеларии и е централно место на единиците на локалната самоуправа. Исто така, таму се наоѓаат и седиштата на повеќето политички партии, седиштето на речиси сите цркви, верски и други здруженија на национално ниво во Чешка.

Денес Чешка може да се пофали со градското Метро линија од 2000 година, која целосно ги замени постарите градски автобуси во 2003 година. Прашката транспортна компанија поседува 53 единици од овој тип возови. кои се направени во Прага во периодот од 2000 до 2003 година и се движат на сите страни на Прага и ги опслужуваат граѓаните на оваа метрополола на иднината.

Прага е економски развиена и богата област со исклучително висок стандард на живеење, и со тоа се издвојува не само надвор од чешките туку и од европските стандарди. Според статичките податоци на „Евростат", таа е шестиот најбогат регион во Европа.

Прага се смета за еден од најубавите градови во Европа. Историскиот центар на градот со уникатна панорама на Прашкиот замок (Прашки град), најголемиот замочен комплекс во светот, кој е наследство од УНЕСКО. Историскиот центар на градот како и многуте атракции го прават привлечен градот за многу туристи и е еден од најпосетените градови во Европа. Во 2006 година се наоѓал на 8-то место на најпосетените градови во Европа. Потоа во 2007 година на 7 место. И во истата година се наоѓал на 19 ранг на најпосетени градови во светот.

Инаку, официјалното име на Прага е дадено во 1920 година, а потекнува уште од 1784 година. Традициално е изведено од зборот „праг". Историчарите велат дека тука реката имала праг, кој се наоѓал некаде на местото кај што се наоѓа Карловиот мост денес.

Се смета дека на територијата на денешна Прага, во праисторијата биле сместени многу различни племиња од кои последните биле Крешлице. Во 6-от век на територијата на Прага се доселиле Словените.

Според историските документи, важно културно место во Прага е реката В'лтава како и градбите што биле изградени од принцот Боривој кон крајот на втората половина од 9-от век, како што е христијанската црква во Чешка посве-

тена на Дева Марија. Синот на кралот Боривој, Спитихнев во почетокот на 10-от век израдил кружна платформа околу палатата и и придонело заштита.

Исто така, една од значајните споменици во Прага е Астрономскиот часовник кои воодушевува. Притоа, шаренилото и вибрантните бои го привлекуваат вниманието на туристите. Лоциран на јужната страна на кулата на стариот градски плоштад, средновековниот часовник отчукува на секој еден час, при што поворката на дванаесетте апостоли тргнува во движење. Во непосредна близина на Часовникот се наоѓа Ста-рата градска кула. Таа е скоро 70 метри висока масивна призматична кула, која датира од 14 век. Таа е доминантна карактеристика на Стариот градски плоштад. Галеријата за гледање на кулата нуди прекрасен поглед на градот; можно е да се видат катедралата. Тин или црквата Свети Никола, а исто така може посетителот да се восхитувате на Прашкиот замок во далечина или да биде изненаден од мноштвото кули, кубиња и куполи наредени во разновидна архитектура на Прага. Кулата на Градското собрание е единствената средновековна кула во Прага која е целосно достапна за инвалидски колички..

На прв поглед Прага. Главниот град на Чешка е многу допадлива метрпола. Не ја викаат бадијала "мајка на сите градови", "град со 100 кули", иако ги има само пет, или "златен град". Изненадувачка е колку Прага ебогата со архитектура од романика до готика и функционализам. Во оваа европска метропола егзистираат различни форми на архитектонски постигнувања. Прага е изградена е на седум ридови и пресечена е со кривулестата река Влтава.

Просторот што ги зафаќаат ѕидините на метрополата Прага е исполнет со убави куќи, голем пазар, убави градби на цркви и манастири. Големината и раскошот на Прага може да се такмичи со таа на најпознатите градови Рим, Фиренца, Париз и др.

На крајот од Втората светска војна, беше прогласена независноста на државата. Во неа уште има симболи од Австриската Империја. Како новоформираниот град на Чехословачка таа беше модернизирана и уште се проширила. Во 1922 година била основана Голема Прага, во која биле вклучени сите населби. Прага станала културен центар. Десетгодишниот период на Арт Нуво бил прекинат од Втората светска војна. На крајот од 20те години од 20 век почна да се манифестира во функционизам архитектурата. Исто така во овој период се појавува кубизмот.

Од 15 март 1939 г Прага е главен град на протекторатот Чешка и Моравија. Културниот живот е осакатен а универзитетите се затворени. За време на Втората светска војна во Прага биле смесени неколку концентрациони логори на т.н „ниски раси" Евреи. На 5 мај 1945г избувнува востание. Воените штети биле мали, уништувањето на градот во тоа време е речиси невозможно, малку посериозна е штетата што е направена од страна на американското бомбандирање.

По паѓањето на Берлинскиот Ѕид во 1989 година, Чехословачка била демократизирана, а во 1993 година се распадна и тогаш Прага останала престолнина на Чешката Република,

# 4. БРАТИСЛАВА – ГЛАВЕН ГРАД НА СЛОВАЧКА

Беше пролет кога го посетивме главниот град на Словачка-Братислава, а бевме гости на едно македонско семејство. Тие ни го покажуваа овој убав град, кој според историските документи, е главниот град на Словачка и се наоѓа на самата граница со Австрија и Унгарија. Градот е поделен на два дела преку реката Дунав, а повеќето од знаменитостите се наоѓаат во самиот центар, блиску до крајбрежјето на реката. Првото нешто што ќе го забележите, веројатно ќе биде Братислав-ски храд, преубав замок сместен на брдо.

Братислава се наоѓа во југозападниот дел од државата на двата брега на реката Дунав. Поради неговата местоположба и блискоста со австриската и унгарската граница, тој е единствениот град во светот кој граничи со две независни држави. Братислава и Виена се едни од најблиските главни градови во Европа кои се оддалечени нешто по-малку од 60 километри.

Братислава е политички, културен и економски центар на Словачка. Градот е седиште на словачкиот претседател. Собрание и Влада. Исто така во Братислава се наоѓаат неколку универзитети, музеи, театри, галерии и останати значајни културни и економски институции. Голем дел од словачките претпријатија и финансиски институции се наоѓаат токму во главниот град.

Низ историјата градот долго време бил познат под германското име Пресбург и самата историја била под влијание на различни народи како на пример Германци, Чеси. Унгарци, Словаци или Евреи. Градот бил главен град на Кралството Унгарија како дел одпоголемата Хабсбу ршка монархија од 1538 до 1783 и дом на голем број истакнати словачки, унгарски и германски историски фигури.

Во 1938 година, Нацистичка Германија ја анексирала Австрија и околните територии на Братислава. Братислава станал главен град на првата независна Словачка на 12 март 1939 година, но оваа новосоздадена држава не траела долго и била под нацистичко влијание. Во периодот од 1941 и 1945 година, од Братислава биле истерани околу 15.000 Евреи и погубени. Братислава била бомбандирана од сојузничките сили, подоцнс окупирана од германски сили и на крај заземена од советските сили. При крајот на Втората светска војна повеќето од Германците од Братислава биле евакуирани и пренесени во Германија.

По завршувањето на војната на власт во Чехословачка дошла Комунистичката партија. Во овој период градот се проширил територијално, но и бројот на населението постепено се зголемувал каде 90% од населението биле Словаци. Набрзо биле изградени голем број значајни објекти, мостови и општествените установи. Во 1945 година, со помош на Црвената армија, Братислава била ослободена и таа станала повторно град на Чекословачка, но овој пат таа била комунистички организирана, под дејство на Советскиот Сојуз, Меѓу реформите кои биле спроведени биле: поголемата слободи на медиумите, говорот, движењето и патувањето. Следната година, државата била окупирана од страна на СССР и нејзините сојузници, кои го задушиле тоа движење.

Една од најзначајните градби во Братислава е Братиславскиот замок кој се наоѓа на едно плато на надморска височина од 85 метри. Овој рид бил акропол на Келтите, римска и словенска тврдина и политички, религиозен и воен центар на Велика Моравија. Камениот замок не бил изграден сè до 10 век кога регионот потпаднал под унгарска власт. Замокот бил повторно изграден во 1649 година во барокен стил. Кога на власт била кралицата Марија Терезија, замокот станал престижен кракски престол. Во 1811 година замокот бил изгорен во пожар и останал како рушевина сè до 1950-те години кога бил повторно изграден во терезиски стил.

Во 1993 година, Братислава станал главен град на ново создадената Словачка Република откако Чехословачка мирно се разделила на две држави.

Според историските податоци, за време на долгата историјата, различни делови од денешна Словачка припаѓале на Кралството на Само, Кнежеството Нитра, Кралството Унгарија, Австро-Унгарија или Хабсбуршкото Монархија и Чехословачка. Самостојна Словачка држава кратко постоела и за време на Втората светска војна, во периодот од 1939-1945 година , по што, повторно станала дел од Чехословачка

Словачка денес има население од околу пет милиони жители, додека нејзината територија била населена уште за време на палеолитот. Териториите на денешна Словачка, во 5 век биле населени од страна на словените која својот Златен век, го доживеала во времето на кнезот Ростислав I.

Словачка по својот релјеф е планинска земја, каде доминираат планински венци на Западните Карпати како дел од алпско-х имaлаите систем и кои се протегаат на северниот дел од државата. Како дел од тие планини е и планината Татра. Највисока точка на Словачка е Герлаховски Штит со висина од 2.655 метри на највисока планина Кривањ.

Словачка е парламентарна демократска република со повеќепартиски систем на владеење. Највисоко законодавно тело на Словачка е Националниот Совет на Словачката Република со 150 пратенички места. Пратениците се избираат за мандат од четири години. Највисок суд во Словачка е Уставниот суд на Словачка.

Во историјата Словаците се именувани како „планински луѓе", кои за прв пат како нација се спомнуваат во 19 век. Поголемиот дел од населението на Словачка се етнички Словаци кои сочинуваат околу 85.8%, потоа Унгарците, како и Роми, Украинци и други. Официјален јазик во Словачка е словачкиот јазик. По својата вероисповед, населението на Словачка е католичко.

Во Словачка, задолжително е основно образование за деца од 6-15 годишна возраст. Неписменоста на населението е околу 0,6% од населението над 15 годишна возраст. Постојат државата, црковни и приватни училишта. Наставата покрај на словачки, исто така се изведува и на јазиците на повеќе етнички малцинства. Сите нивоа на образование, вклучувајќи го и високото, се бесплатни. Во Словачка, постојат неколку десетици колеџи и универзитети. Меѓу најдобрите универзитети и колеџи во рамките на регионот на Источна Европа, во Словачка се: Универзитетот во Братислава, Техничкиот универзитет во Кошице, Техничкиот универзитет во Братислава, Универзитетот за земјоделство и други.


HUNGARY
© 2009 Ezilon.com All Right Reserved
UKRAINE
AUSTRIA
Bratislava
SLOVENIA
CROATIA
SERBIA
ROMANIA
Subotica
BUDAPEST
Győr
Sopron
Szombathely
Zalaegerszeg
ZALA
Keszthely
Nagykanizsa
SOMOGY
Kaposvár
BARANYA
Pécs
TOLNA
Szekszárd
Baja
Mohács
BÁCS-KISKUN
Kecskemét
Kiskunfélegyháza
Kiskunhalas
Hódmezővásárhely
Szeged
Makó
CSONGRÁD
Csongrád
Szentes
Orosháza
BÉKÉS
Békéscsaba
Gyula
Szarvas
Szolnok
JÁSZ-NAGYKUN-SZOLNOK
Jászberény
Cegléd
Nagykőrös
Karcag
Törökszentmiklós
HAJDÚ-BIHAR
Debrecen
Hajdúböszörmény
Hajdúszoboszló
SZABOLCS-SZATMÁR-BEREG
Nyíregyháza
BORSOD-ABAÚJ-ZEMPLÉN
Miskolc
Kazincbarcika
Ózd
Eger
HEVES
Gyöngyös
NÓGRÁD
Salgótarján
PEST
Gödöllő
Érd
Budaörs
Dunakeszi
Esztergom
Komárom
KOMÁROM-ESZTERGOM
Tatabánya
Oroszlány
GYŐR-MOSON-SOPRON
Mosonmagyaróvár
Pápa
VESZPRÉM
Veszprém
Ajka
VAS
Székesfehérvár
FEJÉR
Dunaújváros
Siófok
Balaton
Nagyatád
Komló
Vác



*Будимпешта*



*Унгарскиот парламент*




*„Музејот на убавите уметности“*

# 23. УНГАРИЈА

## 1. УНГАРИА–ЗЕМЈА НА РАЗЛИЧНИ ТРАДИЦИИ И ИЗРАЗЕНА АРХИТЕКТУРА

Кога се пишува за Унгарија, меѓу другото, треба да се каже декакултурата во ова земја има свој специфичен стил, богат со различни елементи и стилови. Поради богатата историја, унгарската култура има значајна фолклорна традиција изразена во архитектурата, начинот на животот, поезијата, литературата и сликарството. Унгарската музика е мошне богата, почнувајќи од класичната до унгарската ромска музика и танци. Исто така, литературата е многу богата и шаренолика со голем број автори меѓу кои има и светски познати писатели и поети.

Унгарија е држава во Средна Европа, што се граничи со Австрија, Украина, Романија, Србија, Хрватска, Словенија и Словачка. Денешната територија на Унгарија во стариот век била провинцијата Панонија, дел од Римската Империја. Во IV век на таа територија се населиле  Хуните под водство на Атила. Подоцна територијата ја населиле и германски племиња. По Германците дошле и Аварите и Словените, што потоа резултирало со доаѓање на Угрите, односно денешните Унгарци. Угрите се населиле во 896 година.

Според историските документи, во 1001 година Унгарците како религија го прифатиле христијанството и тогаш кнезот Иштван I се крунисал во крал. Во 1526 година, за време на Мохачката битка Турците извојувале победа над Унгарија и со тоа престанала таа да постои како држава.

Територијата на Унгарија била поделена на три дела од кои: еден дел целосно потпаднал под власта на Турција, друг дел под власта на Хабсбуршката Монархија и третиот дел бил полунезависна држава во вазалски однос со Турција. Кон крајот на XVII век сите три дела биле дел од Хабсбуршката Монархија и тогаш Унгарците ја менуваат религијата прифаќајќи го лутеранството и калвинизмот.

Во 1848 година Унгарците дигнале востание против Монархијата за национални права, но не успеале во тоа. По востанието политиката на Монархијата кон Унгарците се менува и тогаш е формирана Австроунгарија.

Во Првата светска војна Австроунгарија била дел од Силите на оската заедно со Германија и Италија. Кога Австроунгарија ја изгубила војната, државата била поделена на два дела: Австрија и Унгарија, додека делови потпаднале во рамките на стара Југославија, на Романија и на Чехословачка.

Во Втората светска војна Унгарија повторно ја поддржала Германија и тогаш по вторпат ја загубила војната. По војната Унгарија била под раководство на Комунистичката партија на Унгарија и од 1990 година е демократско повеќепартиско општество.

Унгарија била христијанизирана уште во текот на X век. Така, тогашниот прв унгарски крал Свети Иштван I го зел западното христијанство, иако неговата мајка била крстена по источниот обред. Унгарија останала претежно католичка земја до XVI век, односно до појавата на реформацијата и лутеранството, каде калвинизмот бил прифатен речиси од целата популација. Од XVII век, Унгарија постанала католичка земја. Православието е религија, главно на некои национални малцинства во земјата, особено, Романци, Руси, Украинци и Срби.

Будимпешта е најголемиот, најубавиот и главниот град на Унгарија. Тој е нејзин основен политички, културен, трговски, индустриски и транспортен центар кој ги зафаќа двата брега на реката Дунав  со спојувањето на десниот (западен) брег Будим (или Буда) и Обуда и левиот (источен) брег Пешта. Тој бил и вториот главен град на Австро--унгарија, големата сила која пропадна во 1918 година.

Се смета дека овој град на минатото, сегашноста и иднината -, Будимпешта е еден од најубавите градови на  Европа, нејзиното светско наследство ги вклучува двата брега на Дунав. Во него се наоѓаат замокот Буда, Авенијата Андреси, Плоштадот на хероите и Милениум метрото коешто претставува второ најстаро метро во светот. Исто така, други значајни точки во градот се тоа што таму се наоѓа втората најголема синагога во светот, како и третиот светски најголем парламент.

При нашата посета бевме информирани дека околу една третина од 200.000 Евреи во Будимпешта биле убиени за време на нацистичкиот геноцид за време на германската окупација во Втората светска војна. Будимпешта за време на 80-тите години од XX век ја поделила судбината со градовите во другите европски држави, кога бројот на станари се намалил под дејство на емиграцијата и намалениот наталитет.

За главниот град на Унгарија - Будимпешта често се вели дека, ако Њујорк е препознатлив по Кипот на слобо-дата, Париз по Ајфеловата кула, Пекинг по Затворениот град, Лондон по Биг Бен, Будимпешта својот знак на идентификација го има во Парламентот.Меѓу бројните културноисториски и други знаменитости со кои изобилува овој град, сепак, како негов симбол е зградата на Унгарскиот парла-мент, кој ваквиот епитет го стекнал поради својата голема монументалност и специфичните архитектонски белези.

Историските податоци велат дека е граден од 1885 до 1904 година, по углед на Вестминстерската палата во Лондон, која е седиште на Англискиот парламент и едно од најубавите зданија во Англија. Другите податоци укажуваат на фактот дека Унгарскиот парламент е еден од најголемите во светот, со 691 просторија.

Во Унгарскиот парламент бевме во недела, како учесници на Меѓународниот симпозиум „Улогата на црквите во новите општества". Уште на влезот во зградата бевме импресионирани од големиот број податоци за ова здание. Посетивме повеќе простории, сали, а на крајот влеговме во големата сала во која заседава парламентот, каде ни се обрати неговиот потпретседател и министер за религија. Имавме чувство како и ние да сме дел од тоа значајно политичко светилиште.

# 2. МЕЃУНАРОДЕН СИМПОЗИУМ „УЛОГАТА НА ЦРКВАТА ВО НОВИТЕ ОПШТЕСТВА“ ОДРЖАН ВО БУДИМПЕШТА

Во Будимпешта, градот на Дунав, живеат околу два милиона жители и градот располага со исклучително богата и разновидна туристичка понуда. Во Будимпешта има голем број ресторани, хотели и други угостителски објекти во кои можат да се задоволат вкусовите на сите категории гости. Исклучително богата е и културната забава. Токму затоа, не е воопшто случајно што последниве неколку години Будимпешта прераснува во вистинска туристичка мека за посетителите од бившите социјалистички европски земји, но не само за нив, туку и за голем број туристи и вљубеници во убавината на Унгарија.

Тоа го почувствувавме сите учесници на Меѓународниот симпозиум, бидејќи бевме сместени во хотелот „Хелија“, кој е изграден над една стара бања, хотел од висока категорија во кој покрај бројните сали, национални ресторани, три базени има и друга интересна понуда, за гостинот да се чувствува прекрасно. Не случајно Будимпешта е првиот град во Европа, во кој е направен базен и во кој започнало капењето во топлите води, што за тоа време во минатиот век значело помодарство и снобизам.

Меѓународната конференција на тема „Улогата на црквите во новите општества“ се одржа под покровителство на премиерот на Република Унгарија, на Комисијата за човекови права, за малцинствата и религијата, во соработка со Меѓународната асоцијација за слобода на религиите од САД и други европски асоцијации. На овој значаен научен собир за религијата учествуваа бројни источноевропски експерти, од балкански и европски држави, како и од САД и авторот на овие редови како претставник од Република Македонија.

Официјалните претставници на овој меѓународен форум, претставниците на угледните институции и организации за слободата на религијата и човековите права од Европа и светот, со големи симпатии гледаа на авторот Славе Катин од Македонија и на Македонската православна црква, а беше поднесен рефератот насловен како: „Уло-гата на Македонската православна црква во дијаспората“.

Во рефератот, беше укажано дека, благодарение на мултикултурната политика во Австралија, Канада, САД, Европската унија и други демократски земји, со исклучок на соседните балкански земји, македонските иселеници со голем ентузијазам и инспирација ги негуваат своите национални традиции, богатиот фолклор, своите народни песни, игри и обичаи донесени од нивната дедовска земја Македоија. Мултикултурните програми помагаат да се прошири соработката и еманципацијата на иселениците во многу области на нивното живеење, особено во културата, обра-зованието, спортот, информирањето и во целина во социјалниот и хуманитарниот живот.

Сите овие активности ја зацврстуваат врската на Македонската православна црква-Охридска архиепископија со верниците не само во државата, туку и во Канада, САД, Австралија, Европа и други земји. Во исто време, ваквиот позитивен

црковно-национален напредок и верски живот придонесуваат за развојот на односите помеѓу овие земји и Република Македонија.

За разлика од средините во САД, Канада и Австралија, Македонците во Унгарија цели 40 години немаат свое здружение или некоја слична асоцијација. Не поради тоа што тие не сакале, туку поради приликите што владееле во Унгарија до 1990 година, како и агресивната и негаторската политика на грчкото лоби во оваа денес демократска земја.

За среќа, по започнувањето на демократските процеси, во периодот на транзицијата во Унгарија, се создале услови и Македонците во април 1995 година да формираат Здружение на егејските Македонци, со седиште во Будимпешта. Се претпоставува дека во Унгарија денес живеат од пет до седум илјади, главно, Македонци од Беломорието. Македонската колонија се наоѓа, главно, во Будимпешта, Мишколц, селото Белојанис, Брашов и други места.

Здружението на Македонците во Унгарија во кое членуваат триесетина македонски патриоти, не добива никаква помош од Владата на Унгарија, така што сите манифестации тоа ги организира само со средства на членовите и со помош на македонските иселеници во прекуокеаните.

Нивната најзначајна манифестација  е Средбата на Македонците во Унгарија, што традицонално, секоја година се одржува на 24 мај, на која редовно присуствуваат по стотици Македонци од повеќе градови во Унгарија.

Инаку, во историјата за Македонците во Унгарија е забележано дека во август 1949 година, како нивно гласило излегло од печат списанието „Македонче". По една година се појавил и билтенот „Нов Живот" („Неа зои"), во почетокот на грчки јазик, а подоцна и со подлисток на македонски јазик. Тоа било гласило со политички карактер, а заедно со списанието „Македонче" се занимавало и со прашања од културата, литературата, јазикот, религијата организира-ното живеење...

Денес таа улога ја има весникот „Македонски извор", кој се печати на македонски и унгарски јазик, како издание на Здружението на егејските Македонци во Унгарија и е орган на Македонскиот информативен центар во Будимпешта. Започнало да излегува во 1993 година и во текот на нашиот престој славеше пет години. Весникот се појавил како излив на силната љубов и почит кон Македонија и како информатор на Македонците во Унгарија и афирматор на македонската вистина, особено за Егејска Македонија која, за жал, често е горка и тешка.

Во овој значаен подолг период од постоењето на весникот „Македонски извор" биле отпечатени дваесет и осум броеви, обично на 16 страници, исполнети со прилози од историјата, јазикот, човековите права, црковниот живот, активностите на одборите на децата-бегалци (одродени) од Егејска Македонија во Канада, Австралија, Грција, Република Македонија и за други активности на Македонците во Унгарија и ширум светот. Објавени се и бројни новинарски текстови позајмени од други гласила на македонски јазик.

# 3. ОД БУДИМ ДО ПЕШТА СО ВЕСНИКОТ „МАКЕДОНСКИ ИЗВОР“

Во Будимпешта се сретнавме со главниот уредник на весникот „Македонски извор“, Коста Андреов, кој беше присутен на прес-конференцијата на Меѓународниот симпозиум „Улогата на црквите во новите општества“. Тој нè информира за животот и активностите на Македонците во Унгарија, како и за значајното информативно гласило „Македонски извор“.

Меѓу другото рече: *„Од самото име на гласилото се гледа дека сакаме да ја разлееме нашата вистина како од извор. И покрај скромните можности се трудиме да ги информираме Македонците во Унгарија и другите во светот. Се трудиме на читателите да им ја зацврстиме љубовта кон Македонија и да ги запознаеме особено со настаните кај егејските Македонци раселени ширум светот. Ние сме релативно далеку од Македонија, но со срцето сме во нашата Македонија. Тоа особено го почувствував кога присуствував на иселеничката средба што ја организираше Матицата на иселениците од Македонија. На неа се сретнав со бројни иселеници од сите делови на Македонија, а особено ми беше мило што ги видов и разговарав со највисоките личности на политичкиот и културниот живот на Република Македонија“*, рече Коста.

Будимпешта е град со околу два милиона жители, со исклучително богата и бурна историја, но и со големо културно и градителско наследство. Посебно треба да се одбележи впечатливиот број цркви градени во разни периоди, како и најголемата синагога во Европа, каде го видовме дрвото со имињата на Евреите од холокаустот изградено од родителите на познатиот артист Тони Кертис. Од градителските зафати посебно се издвојуваат деветте мостови на реката Дунав, која минува низ градот, а во неа посебна атракција се двата острова.

Оваа дунавска убавица се состои од два дела, кои некогаш биле посебни градски населби, а тоа се Будим и Пешта. Будим е историскиот, а Пешта деловниот и административно-управниот дел на метрополата. Будим е „претоварен“ и е културно-историски резерват. Според своето историско значење, монументалноста и специфичните архитектонски белези, се издвојуваат царската палата и црквата „Матијас“, една од најпознатите во Будимпешта, па и во Унгарија, стара 750 години. Нејзината највисока купола, која е висока 85 метри, доволно кажува за неа и за нејзиното значење.

Сите места, објекти и други урбани локации од секаков вид до коишто допира окото, тонат во светлина, чиј блесок посебно ја нагласува монументалноста и атрактивноста на мостовите на реката Дунав, зградата на Парламентот, како и некои други впечатливи зданија. Покрај Париз, според многу атрибути, и Будимпешта, без претерување, може да се нарече град на светлината, така барем ја опишуваат некои од патеписците.

Инаку, меѓу другите главни знаменитости на Будимпешта се Неоготскиот парламент, кој ја поседува Светата круна на Унгарија, Базиликата „Свети Стефан“

(или Свети Иштван), каде што се чува Светата десна рака на про-наоѓачот и оформувач на првата унгарска држава (или Иштван), исто така, е голема атракција. Унгарската кuj-на како и кафе културата се дел од главните знаменитости на Будимпешта. Кремеш е првата кремпита направена специјално за кралицата Сиси. Денеска уште посто-јат римски остатоци во „Музејот Аквинкум" како и остатоци од историски мебел во Замок-музејот „Нагитетени" и реката Дунав, како и нејзините два брега кои се официјално признати и заштитени како светско наследство на УНЕСКО.

Поранешната Кралска палата, исто така, е еден од симболите на Унгарија. Денеска на ова место се наоѓаат два импресивни музеја како и „Националната библиотека на Унгарија". Соседната палата содржи канцеларии како и официјалната вила на претседателот на Унгарија. Друго обележје на Будимпешта е црквата „Свети Матијас" која е стара околу седумстотини години. Веднаш до неа се наоѓа споменикот на првиот крал и пронаоѓач на Унгарија свети Стефан, а зад него се наоѓаат Рибарските кули, од каде што се добива голем панорамски поглед врз целиот град. Статуите на Турул, митската птица која е заштитник на Унгарија, се наоѓаат во округот замок и дванаесеттиот округ.

Во Пешта, пак, најголема знаменитост претставува авенијата „Андраси". Булеварите „Кодали" и „Октогон" од двете страни се оградени со големи продавници и згради кои се споени едни до други. Помеѓу нив и Плоштадот на хероите, куќите се одделени и поврзани заедно. Под сево ова се наоѓа најстарата континентална европска метростаница, станица од која повеќето денешни станици го презеле изгледот.

Плоштадот на хероите доминира со статуите на сите унгарски кралеви и врвни луѓе значајни за историјата на Унгарија, како и со Гробот на непознатиот војник. Од страните се наоѓаат „Музејот на убавите уметности" и „Палатата на уметноста", а зад нив е Градскиот парк. Еден од бисерите на авенијата „Андраси" е Унгарската оперска куќа. Паркот на статуите, чија тема се статуите од комунистичката ера е сместен надвор од центарот и до него може да се стигне со јавен транспорт.

Будимпешта ја напуштивме во попладневните часо-ви. Вагонот на Македонски железници беше приклучен за композицијата што се движеше кон Суботица, Скопје и Атина. Не ни остана ништо друго, освен да ги гледаме непрегледните полиња на Панонската Рамнина и да уживаме во убавата глетка што постојано се менуваше како на филм.

Ја напуштаме Унгарија со помислата и желбата нашите браќа Македонци од егејскиот дел на Македонија, што останаа да живеат во оваа богата и демократска земја, да го добијат заслужениот третман и од унгарските и од македонските власти како дел од народот кој припаѓа на една од најстарите европски цивилизации. Зашто Македонците кои останале да живеат во Унгарија ја одбрале оваа демократска земја за свој дом, во кој ќе се множат македонските поколенија.

# 4. ПРОГОНЕТИТЕ МАКЕДОНЦИ ОД ЕГЕЈОТ ВО ИСТОЧНО – ЕВРОПСКИТЕ ЗЕМЈИ

По поразот на Демократската армија на Грција (ДАГ) во август 1949 година еден дел од нејзините сили се префрли во Југославија, а друг дел во Албанија, од каде што се изврши распоред за префрлување во поранешните источно-европските земји и тогашниот Советски Сојуз. Пред тоа, пролетта 1948 година беа евакуирани и околу 28.000 голоноги дечиња од селата на слободната територија во егејскиот дел на Македонија.

Во отсуство на прецизна евиденција, се претпоставува дека вкупниот број на емиграцијата прифатена во источно-европските земји и во Советскиот Сојуз изнесувала околу 55.000 од кои над 20.000 беа Македонци. Македонската емиграција, заедно со грчката живееше и дејствуваше во рамките на сите организирани форми што ги реализираше Комунистичката партија на Грција.

Денес во поранешните источно-европските земји: Романија, Унгарија, Чешка, Словачка, Полска, Русија и други земји живеат неколку илјади Македонци претежно од егејскиот дел на Македонија. Исто така, има и бројни доселеници од мешани бракови на Македонци од сите делови на Македонија.

Бидејќи досега, за жал, никој не водел некоја попрецизна статистика, се претпоставува дека само во Унгарија живеат од 5 до 7 илјади Македонци од Егејска Македонија. Македонската колонија во оваа земја е сконцентрирана, главно, во Будимпешта, Мишколц, селото Белојанис и некои други помали места.

Меѓутоа, според некои нецелосни податоци бројот на политичките бегалци од Грција во Унгарија се движел од 8 до 10 илјади, од кои околу 80% биле Македонци, меѓу кои и илјада деца сместени по детските домови ширум Унгарија. Нив ги имало во Будимпешта, селото Белојанис, потоа во градовите Озд, Мишколц, Балатон, Алмади Балатон Кенеше, Балатон Леле, Искар Сенѓур, Дик, Чурго и други места. Децата беа на возраст од 3 до 13 години, кои во домовите покрај македонскиот јазик учеа и други предмети на мајчин македонски јазик.

Македонците во Унгарија полни 40 години немаа свое здружение или некоја слична асоцијација. Не поради тоа што не сакаа, туку поради приликите што владееја во Унгарија до 1990 година, поради негрижата на македонските власти, но најмногу поради агресивната и негаторска поли-тика на грчкото лоби во оваа земја.

Имено, Грците во Унгарија се далеку од помногубројни од Македонците и редовно материјално помагани од матичната земја. Тие долго време воделе и водат многу агресивна политика, чија основна цел е да ги претопат и да докажат дека во Унгарија (како и во Грција) нема Македонци.

За да ја остварат оваа цел тие не избираат средства и често се служат со нечесни игри и измами. Но, досегашната практика покажа дека и Македонците се цврст орев, дека не постои сила што ќе ги скрши. Господ ги научил тие да бидат и да останат Македонци. Друга алтернатива за нив не постои.

Македонците од Егејска Македонија во поранешна Чехословачка, пак, започнале масовно да доаѓаат по Граѓанската војна во Грција. Така, во тој период бројот на политичките емигранти во тогашна Чехословачка бил околу 12.000 од кои над 2.000 Македонци, претежно од Леринскокостурскиот регион. Македонците живееја, главно, во градовите: Јесеник, Прага, Острава и заедно со грчките поли-тички емигранти дејствуваа во сите организирани форми конституирани од Комунистичката партија на Грција (КПГ).

Информирањето на Македонците и Грците во Чекословаачка се вршеше преку заеднички весник со име "Агонистис" ("Борец"). Ова гласило започна да излегува во почетокот на 1950 година на четири страници, од кои една, а понекогаш и две беа на македонски јазик. Поголемиот број Македонци од Егејска Македонија, меѓу кои беа бројни деца-бегалци - прогонети, при крајот на шеесетите години се преселија, претежно во Република Македонија, а многу мал број заминаа во прекуморските и други земји. Меѓу нив, а и меѓу Македонците кои денес живеат во Чешка и Словачка, има бројни интелектуалци. Со своите постигнувања на различни научни полиња и во културата, Македонците таму оставаат значајни траги во севкупното живеење во нивните средини.

Исто така и во седумдесетите години има Македонци кои времено живееја во Чехословачка. Тие претежно беа градежни работници и стручњаци од неколку македонски градежни фирми. И денес има помал број Македонци, пред сè, од Егејска Македонија, како и од Република Македонија. Веројатно поради малиот број, Македонците во Чешка и Словачка немаа свои македонски организации.

Врските меѓу Полска и Република Македонија, пак, датираат од повоениот период и тие, главно, се базираат на културна, научна, економска и друга основа. Еден од првите лекторати за македонски јазик е отворен токму во пријателска Полска. Но, првата поголема група Македонци што дојде во Полска беше од Егејска Македонија.

Кон крајог па шеесеттите години, голем број Македонци, претежно високо образовани, се преселија од Полска во Република Македонија и во прекуокеанските земји, особено во Канада и Австралија. Како резултат на тоа 1974 година се укинаа страниците на македонски јазик во "Демократ", а кратко време потоа згасна и весникот.

Најголем број Македонци во поранешниот Советски Сојуз, дошле во текот на Граѓанската војна во Грција и тие беа одведени и се населиле во кавкаските региони. Така, според неофицијални податоци бројот на политичките емигранти од Грција во Ташкент и околните места во 1949 година, се движел меѓу 19.000 и 20.000, од кои 7-8.000 биле Македонци од егејскиот дел на Македонија.

Тој број се зголемил во педесеттите години и достигнал бројка од околу триесетина илјади. Подоцна тој број рапидно се намалил поради големиот број повратници во Грција, Македонија и во други земји. Се смета дека денес на овие простори живеат околу 2.000 Грци и околу 300 до 500 Македонци, претежно стари лица или мешани бракови.


FRANCE
océan
Atlantique
La Manche
ROYAUME-UNI
Exeter
Plymouth
Brighton
PAYS-BAS
Duisburg
Dortmund
Essen
Düsseldorf
Kassel
Köln
Bonn
ALLEMAGNE
Frankfurt
Wiesbaden
Trier
Mann-
heim
Karlsruhe
Stuttgart
Brugge
Antwerpen
Brussels
Gent
Charleroi
Liège
Namur
BELGIQUE
Aachen
Calais
Lille
Arras
Dieppe
Amiens
Le Havre
Rouen
Caen
Brest
Bretagne
Rennes
Quimper
Lorient
Vannes
Laval
Le Mans
Versailles
Paris
Meaux
Melun
Reims
Troyes
Metz
Nancy
Strasbourg
Orléans
Angers
Nantes
Saint-Nazaire
Tours
Blois
Auxerre
Dijon
Mulhouse
Basel
Zürich
SUISSE
Bern
Lausanne
Cholet
Bourges
Nevers
Besançon
La Roche-
sur-Yon
Poitiers
La Rochelle
Montluçon
Vichy
Roanne
Limoges
Clermont-
Ferrand
Lyon
Annecy
Saint-Étienne
Bergamo
Novara
Torino
Milano
Grenoble
ITALIE
Genova
Bordeaux
Auvergne
Golfe de
Gascogne
Agen
Cevennes
Santander
Bilbao
Bayonne
Toulouse
Albi
Nîmes
Avignon
Provence
Nice
Montpellier
Béziers
Aix-en-
Provence
Cannes
Marseille
Toulon
Narbonne
Perpignan
Golfe du
Lion
Côte d'Azur
Mar Ligure
Pyrénées
Pamplona
Burgos
Logroño
ESPAGNE
Andorra
Corse
Zaragoza
Lleida
Terrassa
Barcelona
Costa Brava
Mar Maditerráneo


Paris



*Версај*



*Црквата „Света Богородица“ во Париз*

# 24. ФРАНЦИЈА

## 1. ВО ПРЕСТОЛНИНАТА ПАРИЗ – ГРАДОТ НА СВЕТЛИНАТА, ЉУБОВТА...

Франција, е демократска држава која се простира во Западна Европа. По површина е најголема во Европската унија, а по бројот на население е на второ место Земјата е составена од збир на прекуморски острови и територии лоцирани на други континенти.

Франција се граничи со Белгија, Луксембург, Германија, Швајцарија, Италија, Монако, Андора и Шпанија. Франција со своите острови, исто така, се граничи и со Бразил и со Суринам (во делот на границите на Француска Гвајана), со Антилите (во делот на Сен-Мартен) е поврзана со Британија преку Ламанш.

Франција е демократска држава, организирана како унитарна полупретседателска република. Таа е развиена нација чија современа и напредна економија е петта по големина во светот. Нејзините главни вредности се изразени во Декларацијата за правата на човекот и на граѓанинот.

Франција е најголемата франкофонска држава во светот по број на говорители. Франција е една од земјите основачи на Европската унија, една од основачите на НАТО и на ОН и е постојана членка на Советот за безбедност при ОН. Таа припаѓа на еврозоната и на шенгензоната, членка е на Франкофонијата и на Латинската унија, дел од групата Г8 најразвиени земји во светот и на Организацијата за соработка и економски развој (OCDE). Како воена сила, Франција ја поседува главната војска во Европската унија и е една од седумте земји кои официјално поседуваат атомско вооружување. Доколку не ви се вкрстат патиштата во преубавиот Париз, кој не случајно е обележан со предзнакот „Град на светлината" исто како да не сте ја виделе Европа. Многу песни, опери, драми, посвети, ремек-дела, многу воздишки се создале за Париз и останале во него..

*... „Париз е главата на Земјината топка, мозок кој пука од генијалност и ја предводи човечката цивилизација, великан, уметник кој непрекинато твори, далекувиден водител кој мора да има бразди во мозокот, пороци на голем човек, мечти на уметник и рамнодушност на политичар".*

Ова го рекол и го запишал големиот Балзак, кој целиот свој живот го поминал во овој прекрасен град на верата, надежта и љубовта. А парижаните за својот град велат дека е центар на светот. Ако им забележите дека тоа звучи тенденциозно, бидејќи многу велеградови во светот се користат со тој пиетет, ќе ви дадат сосем логичен одговор. Доколку сакате да патувате од која било земја во светот во некоја друга, на друг крај, убаво е да минете низ дванаесетмилионскиот Париз.

И не само тоа, на кого не му е желба да го види градот на соништата; градот кој е далеку од морето, а на грбот има едрилица која потсетува дека трговијата

се одвива само по воден пат. Париз како да е рожба на реката Сена, на чиј остров е изградена галската населба Лутеција, која се споменува во 52 година пред Исуса Христа, кога ја освоиле Римјаните, и која со векови се шири за да биде денес најпозната во светот како метропола  на светлината.

Времето кога го посетивме Париз (министерот во Владата на Република Македонија, Владо Наумовски, митрополитот Горазд, надлежен за Европската епархија на Маке-донската православна црква и авторот на овие редови како заменик-претседател на Комисијата за односи со верските заедници) беше во зима.

Тогаш Македонците во француската престолнина со пригодни манифестации достојно ги одбележуваа петте години од формирањето на првиот мкедонски светиклиментов духовен храм во оваа земја, Македонската православна црква „Свети Климент Охридски“.

Временски скромно врамен јубилеј, но многу значаен по својата духовна, национална и афирмативна мисија и по амбициозните најави на неговите втемелувачи и ентузијасти, кои остварувале богати активности речиси на сите полиња. Тие не пропуштаат, а да не го одбележат секој позначаен настан од историјата на Македонија, на македонскиот народ и Црквата.

Така, 8 декември, патрониот празник на Македонската православна црква „Свети Климент Охридски“ во оваа европска метропола се прослави достоинствено и мошне оригинално.

А одбележувањето на петте лета на оваа национална духовна и културна македонска асоци-јација во Париз беше можност да се проговори за дотогашното работење и бележито дејствување, кое со оглед на околностите и низата лимитирачки фактори, си трасирало свои патеки и обезбедило свое место во еден таков мегаполис каков што е Париз.

Меѓутоа, едновремено, се укажа и на многуте проблеми, тешкотии, слабости и особено делбите, кои се разорни доколку не се надминуваат етапно, разумно и ефикасно.

Прославата и овој пат беше фокусирана на афирмацијата на националните и духовните вредности. Вредните домаќини од Управниот одбор на Македонската православна црковна општина „Свети Климент Охридски“, вложиле големи усилби и понудија ефектни содржини кои побудија видлив интерес кај многуте присутни меѓу кои имаше и Французи и други националности.

Во Париз бевме сместени во хотелот „Холидеј ин“, кој се наоѓа на стотина метри од Ајфеловата кула и реката Сена. А „Дамата на Париз“, како што обично се нарекува кулата на инженер Ајфел, била изградена во 1889 година по повод Париската светска изложба.

Иако оттогаш минало многу време Ајфеловата кула не загубила ништо од својот шарм, од своето техничко значење и од сопствената симболика. Напротив, во текот на сите овие години со старите лифтови до пространите платформи на челичниот џин се искачиле милиони луѓе.

# 2. ПРЕД АЈФЕЛОВАТА КУЛА – „ДАМАТА НА ПАРИЗ“

Без Ајфеловата кула Париз и не може да се замисли. Ајфеловата кула му припаѓа на Париз. Таа е негов бренд, негова атракција и знак. Понекаде сè уште се слушаат протести дека таа ја загрозува сликата на градот. Позната е онаа анегдота за човекот кој не можел да ја поднесе Ајфеловата кула и, само затоа, секој ден се качувал на неа зашто кулата е единственото место во Париз од кое не се гледа Ајфеловата кула.

„Дамата на Париз“ станува објект на литературата и на уметноста. За „смешната креатура која предизвикува бесознание“ не се говори, туку се зборува, пред сè, за еден вид трогателна завист од овој сведок на создавањето на железниот период кој ѝ припаѓа на сликата на градот Париз, иако во ерата на атомската физика и на вселенските патувања веќе не претставува никаква техничка сензација.

Во центарот на Париз крај старите убави зданија, Французите изградиле и по нешто ново, каков што е Културниот центар на Париз. Таа огромна зграда, висока колку десеткатница и сместена на простор колку неколку фудбалски игралишта, по сè има чуден облик. Целата е изградена од стакло и од некакви огромни разнобојни цевки, сите во живописни бои. Низ внатрешноста на зградата се движат разни скали - ескалатори, и тоа во разни правци, пренатоварени со народ.

Луѓето си уживаат низ некакви проѕирни тунели, а во внатрешноста врие од народ. Поради изгледот на градбата и нејзината конструк-ција, главно, од цилиндрични елементи, парижаните ја викаат „Рафинерија“. И, навистина, таа личи на некаква огромна рафинерија. Центарот е изграден како пандан на Ајфеловата кула, но со многу поголема практична примена.

Сега е јадро на богатата култура и културните активности што секојдневно се случуваат во многумилионскиот град. Таму непрекинато се прикажуваат филмови во повеќе киносали, се приредуваат голем број изложби, се одржу-ваат разни приредби, таму има библиотеки, центри за изучување на разни странски јазици, театри, опери и многу други дејности. Накратко, објектот е вистински центар на културата и културните настани во Париз и пошироко.

Во Париз, една ноќ, кога градот се будеше, со автомобил се движевме по десниот брег на реката Сена. Се возевме бавно, полека, крај раскошно осветлените мостови, додека минувавме крај: Гранд Палас, Бурбонската палата, Лувр, Институтот, црквата „Нотр Дам“, Библиотеката... Таму се кејовите поврзани со 36 мостови. Најстар е мостот Понт Неуф, а најблескав е познатиот мост изграден во 1900 година, посветен на рускиот цар Александар Трети.

Меѓутоа, се чини најдобро е човек да остане во Париз подолго и да пешачи секојдневно за да го почувствува здивот на вековите на Елисејските полиња, каде велосипедистите ја завршуваат трката околу Франција, која го спојува египетскиот обелиск на плоштадот Конкорд и грандиозниот Славолук на победата на

плоштадот Етоал, започнат по наредба на Наполеон во 1806 година. Оттаму не е далеку Трокадеро од каде навистина, најубаво се гледа Ајфеловата кула,

Претседателската палата, американската и британската амбасада, како и извонредно убавите паркови на улицата „Риволи". Меѓу булеварите многу чудесно се истакнува „Периферија", најфрекфентната улица во Европа, потоа шестолинискиот прстен околу Париз, долг 36 км во кој се слеваат десетици автопатишта.

Во текот на нашиот престој во градот на спомениците, како често го нарекуваат Париз, неколку пати ја посетивме Триумфалната порта. Сребрено-сивиот џин со височина од 49 м, широчина 45 м и длабочина од 22 м, денес се смета за мајсторско дело на неокласичниот стил. Студена и величествена, оваа градба се стреми кон височините на париското небо, во центарот на Етоал - раскрсница на 12 големи авении, кои со облик на ѕвездени краци тргнуваат од овој плоштад. Река блескави автомобили се слеваат во авенијата „Шанзелизе".

Гробот на незнајниот јунак се наоѓа под сводовите на Триумфалната порта. Од 11 ноември 1920 година, овде пчива непознат војник кој паднал во битката за Верден, каде над гробот гори вечниот син пламен. Идеја која од Французите ја презедоа многу земји, меѓу кои и Македонија и изградија слични или исти градби.

Исто така, го посетивме Монтмартр, посебното собиралиште на сликарите и поетите, каде бројни Македонци ги пробале и понудиле своите знаења, умеења и сопствената среќа. А Пигал и Мулен Руж се предизвик за новодојдениот и го ставаат во искушение!

Меѓутоа, најдолго се задржавме крај Богородичната црква. Таа импозантна катедрала, изградена од делкан камен, ја красат високи камбанарии, со високи шилести врвови во готски стил. Внатре црквата изобилува со прек-расни мозаици од стакло во разни бои и има многубројни оригинални скулптури на Исус Христос, на света Богородица и др. Светата Богородична црква е и своевиден музеј.

И таму забележавме масовно присуство на голем број туристи од разни земји. Најверојатно, за популарноста на таа црква во голема мера придонел и најголемиот француски писател Виктор Иго, опишувајќи ја извонредно во својот роман „Богородичната црква во Париз". Кај нас силен беше впечатокот и восхитот кои засекогаш остануваат колку пати и да ја посетите оваа духовност.

Ја напуштивме Богородичната црква, и продолживме да шетаме низ Париз. Се упативме да го разгледаме уште и Версај. Патувавме десетина километри до Версај, познатото седиште на француските кралеви. Плени огромниот дворец изграден во минатите векови од француските монарси. Пред дворецот има ограден пространа двор поплочен со специјална калдрма, кој некогаш служел за смотра на војската, односно на кралската гарда.

До ден-денес зачувани се просториите каде што биле врзувани и сместувани коњите на посетителите. Сега таму ги паркираат луксузните автомобили. Кралскиот дворец е зграда од четири-пет ката издолжена во благ полукруг, со најразлични уметнички фигури и скулптури на фасадата.

## 3. ВО ВЕРСЕЈ – СЕДИШТЕТО НА ФРАНЦУСКИТЕ КРАЛЕВИ

Предната страна на дворецот, всушност, е неговото лице од каде што доаѓаат посетителите. Низ широк влез како огромна порта поминавме и излеговме од неговата задна страна. Оттаму зданието изгледа како сосема друг дворец, зашто таа страна е градена во друг стил.

Задната страна, всушност, била наменета за одмор и рекреација на кралевите и на нивните семејства. Поради тоа таму има огромни површини од повеќе десетици хектари на кои се протегаат прекрасни паркови и шуми со столетни дрвја, разни спортски терени и игралишта, езерца и фантастично убаво уредени цветни површини.

Посебно е импозантна глетката на огромната ботаничка градина со егзотични растенија од сите делови на светот. Такви езготични растенија, палми и други ретки растенија има во голем број и на повеќе места.

Париз е карактеристичен и по подземната железница во која поминуваат милиони патници на ден. Помалку е познато дека во Париз покрај метрото постојат и рововите од некогашниот каменолом кој зафаќа една десетина од површината на Париз. Париските катакомби, пак, за разлика од римските ги примиле своите вечни жители пред околу 200 години, кога градските власти затвориле десетина градски гробишта и сите коски ги преселиле под нозете на поколенијата.

Исто така, Париз може да се пофали со бројните музеи, галерии, театри, цркви, гробишта, стоковни куќи, ресторани, спортски борилишта и многу, многу други значајни градби во кои однатре пулсира животот на овој мегалополис. Сето тоа заедно го прави севкупното, значајното и незаборавното живеење на градот на светлината - Париз. Но, го прави побогат во доживувањата и секој патник намерник кој престојува во оваа космичка метро-пола, една од најпосакуваните дестинации во светот.

Историјата на Македонската православна црква е тесно поврзана со историјата на македонскиот народ. Тие заедно со векови опстојуваат, но, во исто време, страдаат и се борат против асимилацијата, денационализацијата и неправдата кон македонскиот народ на Балканот и на другите простори ширум светот. Така, Црквата за македонскиот народ одиграла првостепена улога во тешките периоди на ропство, затоа со право се вели дека таа е база за национално осознавање и лулка на преродбата на Македонецот во еден долг период.

Македонската православна црква игра значајна улога во опфаќањето на Македонците надвор од земјата, особено во прекуокеанските и европските земји. Таков е случајот со Македонците во Франција.

Првата  македонска православна црква во Европа е Македонската православна црква во Гетеборг, Шведска и претставува основа за формирање на македонска православна црковна општина и на други православни општини во

Европа, меѓу кои и Македонската православна црква „Свети Климент Охридски“ во Париз.

Иницијативата за формирање на македонско национално-духовно и црковно катче во Париз датира од поодамна. Во отсуство на црковен и духовен живот Македонците во Париз, а и во цела Франција, и пред формирањето на црковната општина имаа организиран културнозабавен и спортски живот. Така, во 1973 година во Париз почна со работа првото училиште на македонски јазик. Исто така, во главниот град на Франција работеле повеќе клубови и други асоцијации, како што се асоцијацијата „Треска“, која се занимавала со хуманитарна дејност и клубовите: „Пелистер“, „Македониија“, „Скопје 63“ и дуги. Сите тие во своите програмски определби имале содржина од културата, спортот, духовното живеење, а во последно време се организирале и разговори со Македонци - бизнисмени за економско дејствување во Македонија. Потоа, редовно се организирале и културни манифестации, прослави на верски празници и на значајни датуми од македонската историја, спортски приредби, како и советувања за економско поврзување со родниот крај.

Често се вели дека Париз не е само Ајфеловата кула и „Лувр“ и долгите редици пред нивните влезови, не е само Триумфалната порта, ниту само Елисејските полиња. Не е само Богородичната црква, ниту пак само Свето Срце.

Париз се сите улички кои мирисаат на кроасани и овошни тартови, улици што мирисаат на „шанел“ и излози обоени во последната висока мода. Париз е онаа специфична стара архитектура со многу познатите лимени покриви и црвени оџаци, но и прекрасните балкони кои се губат во џунгла од саксии и цвекиња. Париз е лицето на уметноста распределена по бројни музеи и уште поголем број галерии, мали и големи, видливи и скриени во тесни улички.

Овој град е полн со историја, замоци, палати и безброј катедрали. Но Париз се и урбаните и модерни квартови, улични музичари и артисти, воодушевувачки графити и мурали, ексцентричен клубски живот и младина која знае да ужива надвор, на трева, на кеј, со жива музика и вкусна храна. А Париз е и онаа необична бруталистичка и футуристичка архитектура која речиси никогаш не се наоѓа на листите на туристичките водичи.

Речиси и да не е возможно патувањето во Париз да започне без посетата на Богородичната црква. Богородичната црква на Париз, градена во периодот од 1163 -1345 година во француски готски стил, е една од најпознатите во светот. Плоштадот пред катедралата е секогаш полн луѓе, особено возбудени туристи кои се обидуваат да ја направат совршената фотографија, а редиците за влез во неа се секогаш предолги.

Париз воодушевува со својата архитектура, па тука мора да се спомене Операта „Гарние“ накитена со златни статуи, веднаш до стоковниот комлекс „Галери Лафајет“ чија магија се чувствува кога ќе се влезе внатре.


Norway, Sweden, and Finland
International Boundary
Road
Minor Road
River
National Capital
City or Town
100
200 KM
100
200 Miles
© 2007 Geology.com
Barents Sea
Hammerfest
Vardo
Murmansk
Inari
Ivalo
RUSSIA
Tromso
Harstad
Narvik
Kiruna
Kandalaksha
Bodo
Rovaniemi
Top Ozero
Norwegian Sea
Mo i Rana
Lulea
FINLAND
Oulu
Oulujarvi
Skelleftea
Umea
Pielinen
Kokkola
Trondheim
Vaasa
Kuopio
Alesund
Jyvaskyla
Floro
NORWAY
SWEDEN
Sundsvall
Gulf of Bothnia
Pori
Tampere
Lappeenranta
Bergen
Lahti
Gavle
Turku
St. Petersburg
Helsinki
Drammen
Oslo
Uppsala
Hango
Gulf of Finland
Stavanger
Narva
Karlstad
Vasteras
Tallinn
Fredrikstad
Stockholm
Orebro
Sodertalje
ESTONIA
Novgorod
Kristiansand
Skagerrak
Norrkoping
Parnu
Tartu
Linkoping
Vattern
Pskov
Goteborg
Gulf of Riga
Boras
Jonkoping
Ventspils
LATVIA
Alborg
Kattegat
Jurmala
Riga
Randers
Halmstad
Gotland
Jelgava
North Sea
Arhus
Kalmar
Oland
Liepaja
DENMARK
Helsingborg
Siauliai
Daugavpils
Esbjerg
Copenhagen
Malmo
Baltic Sea
Klaipeda
Panevezys
Vitsyebsk
Odense
LITHUANIA
Sovetsk
BELARUS
Kaliningrad
Kaunas
Vilnius
Barysaw
Slupsk
Gdynia
RUSSIA
Gdansk
Minsk
Lida
GERMANY
POLAND
Hrodna
Babruysk



*Стокхолм*



*Лунд*



*МПЦ „Свети Наум Охридски“ во Малме*

# 25. ШВЕДСКА

## 1. ВО ШВЕДСКА – ЗЕМЈАТА НА ВИКИНЗИТЕ

Беше утро кога полетавме со авионот од Скопје за Копенхаген, во метропалата која е главен административен, политички, културен и економски центар на Данска. Во оваа данска метропола, чија популација ја достигнува бројката од два милиона, го почувствувавме пулсот на напредокот, престижот, скандинавското живеење и иднината на оваа европска држава.

Копенхаген е престолнина на Данска и морско пристаниште на источниот брег на островот Селанда (Шелана) на мореузот Сунду. Во ова динамично трговско место, развиена е бродоградбата и сите други индустрии. Тој е формиран како населба уште во 1443 година, а универзитетски град е од 1479 година. Има бројни споме-ници на културата кои се дел од богатата културна ризница која датира од времето на Викинзите. Сè до денес е центар со богат културен живот, универзитетски меѓународен центар, престолнина на музиката и убавата уметност, познат по школата на наивците, по анимираните филмови, изложби, концерти, саеми и други манифес-тации.

Го напуштивме овој град со брод, што превезува патници од Данска во Шведска и се упативме кон Малме. Бродот небаре леташе на површината од морската шир. Се движеше кон исток паралелно со мостот Оресунд кој ги поврзува овие две земји. Имено, мостот што ги поврзува градовите Копенхаген и Малме влегува под водата како тунел, и на две места излегува како „забревтан кит" кој ги сече морските бранови. Посетителот понесува впечатлива глетка од тие северни води.

Инаку, според историските податоци со кои се запознавме во англиската литература се вели дека Шведска или Кралството Шведска е држава во Северна Европа на Скандинавскиот Полуостров. Шведска граничи со Норвешка на запад и со Финска на североисток. На југ е поврзана со Данска со Ересундскиот мост. Главен град на Шведска е Стокхолм, што е и најголем град во државата со околу или 2 милиони жители во метрополитенската област.

Шведска е трета најголема држава во Европската Унија според територија и има вкупно население од над 9 милиони жители. Околу 85% од населението на кралството живее во урбаните средини и се очекува овој процент да се зголеми поради урбанизацијата на земјата. Покрај главниот град, втор најголем град е Гетеборг со околу половина милион жители, а трет најголем град е Малме.

Стокхолм е главен и најголем град на Шведска. Тој е основан во 1252 година на спојот на езерото Меларен и Балтичкото Море. Главен град на Шведска службено станал во 1436. Седиште е на, помеѓу другото, Кралската академија на

науките, Карловиот институт и Шведската академија, која ги одбира добитниците на Нобелова награда од физика, хемија, економија, медицина и литература.

Името на градот води потекло од старошведските зборови Сток и Холм што во буквален превод значи „место на островче". Ова има смисла, ако се знае дека најстариот (денес средиштен) дел од градот се наоѓа токму на островот Хелгеандхолмен.

Стокхолм се развил во близината на источниот брег на Балтичко Море. Градот се развил на стратегиско место каде оддалеченоста помеѓу големото шведско езеро Мела- рен и Балтичко Море е најмала. Затоа, дадената положба стратегиски е многу важна - градот е формиран со цел го штити влезот во системот езера, кои е „срж" на внатрешноста на земјата. Градското подрачје, покрај рамничарскиот дел, тоа е претежно бреговито, а надморската височина на градот се движи помеѓу 0-50м.

Подрачјето на градот Стокхолм било населено во раниот среден век. Првото спомнување на градот поврзан со денешното име се поврзува со 1252 година. Првобитно, градот се развил како пристаниште за извоз на железна река од рудникот во градската област Бергслаген. Благодарејќи на ова градот брзо станал значајно средиште на трговијата. Градот наскоро станал ханзетска испорака на доселениците од Германија. Тие ја сочинувале градската власт до 1478 година.

Во втората половина на 19 век, со појавата на индустријата и со изградбата на железничката мрежа, доаѓа до нов преокрет во градот. Стокхолм доживува благосостојба, која трае и ден денес. Како очигледна слика на тоа, тука се одржани Летните олимписки игри 1912.

По втората светска војна градот ги достигнал своите управни граници. Тогаш е започнатата масовна изградба на бројни предградија. Во нив денеска живее скоро исто толку население како и во градот.

Шведска, пак, е уставна монархија со парламентарен систем на владеење и со високо развиена економија, здравство и школство. Шведска е дел од Европската Унија од 1-ви јануари 1995 година. Како независна држава се воздигнала во средновековието. За време на XVII век државата ги проширила своите државни територии и се создало Шведското царство.

Повеќето освоени територии надвор од Шведска биле освоени за време на XVIII и XIX век. Источниот дел од Шведска (денес Финска), пак, бил изгубен во 1809 и потпаднал под власт на Русија. Последната војна во која Шведска директно било инволвирана во 1814 година кога шведската војска ја принудила Норвешка да ја оформат Шведско-норвешката унија која траела до 1905. Оттогаш, Шведска е земја која го поддржува мирот и е неутрална држава.

Интересен е податокот за Викиншката ера во Шведска. Имено, тој период траел од 8 до 11 век кога Шведите ја прошириле својата држава на југ кон Јеталанд. Додека Викинзи од Норвешка и Данска патувале и освојувале на запад и југ (југозапад). Викинзите од Шведска освојувале и на исток и југ (југоисток) кон Финска, балтичките земји, Русија и кон Средоземното Море. Нивниот пат преку

руските реки ги донел дури до Константинопол (денешен Истанбул) којшто го напаѓале и ограбувале неколку пати.

Затоа и византискиот император Теофил бил воодушевен од нивните борбени способности и Викинзите ги вработувал како негова лична гарда (Вараншка гарда). Постои теорија дека викинзите кои тргнале од Шведска ја создале Русија. Во 9 век шведските викинзи биле нарекувани Руси и словенските племиња ги „поканиле" викинзите да ги управуваат и бранат од непријателот. Така станале елитни воини кои владееле и освојувале други племиња и формирале колонии.

Во XVII век Шведска се развила како една од големите сили во Европа. Во ова време таа претставувала најмоќната држава во Северна Европа. Овој период започнува со кралот Густав II Адолф и неговото успешно учество во триесетгодишната војна, се' до 1721 година кога царството се распаднало. Статусот на Шведска како царство во ова интересно време е главно поради економските реформи и воведувањето на протестантството од страна на Густав I.

Најуспешните години за Шведското царство биле од крајот на XVII до раниот XVIII век. Најголеми територијални проширувања Шведска имала за време на Карл X (1622-1660) по Роскилдскиот мировен договор во 1658 год. Но подоцна преамбициозните Швеѓани започнале поход во Русија што завршила со победа на руската војска во одлучувачката битка кај Полтава (1709).

Понатаму, во текот на битките, убиствената руска клима, како и борбените тактики на царот Петар Велики довеле до пораз во битката кај Полтава. Овој пораз значел и почеток на крајот на Шведското царство. Територијалните загуби јасно ја тргнале Шведска од списокот на големите сили на Европа, а Шведска го изгубила и приматот во Северна Европа, препуштајќи ѝ го на Русија. Со тоа Шведска на некој начин ѝ овозможила на Русија да се претвори во голема сила.

Во 18 век, Шведска не била доволно моќна за да ги задржи териториите вон Скандинавскиот Полуостров, па поголем дел од нив биле загубени, а сето тоа кулминирало со загубата на земјата нарекувана „Источна Земја", Естерланд и источните делови од Норланд кои биле припоени кон Русија: овие територии ја основале полуавтономната Финска.

Откако Данска-Норвешка била поразена во Наполе-ононските војни, Норвешка била припоена кон Шведска на 14 јануари, 1814 год. по договорот во Кил. Норвешките обиди за независност биле одбиени од страна на Карл XIII. Тој организирал воен поход против Норвежаните на 27 јули, 1814 год. Која што завршила со Конвенцијата во Мос, којашто предвидела Норвешка да биде во личен сојуз со Шведска. Овој сојуз не бил раскинат сè до 1905 год. Овој поход од 1814 претставува и последна војна во која Шведска учествувала како борец.

Денес во Шведска официјални статистички податоци за етничката припадност на жителите нема, но според Централната статистичка служба на на оваа земја во 2012 година, околу два милиони или околу (20,%) од жители се со имигрантско потекло, односно родени надвор од Шведска, или пак родени во Шведска но имаат родители родени надвор од Шведска. Според оваа дефиниција.

# 2. МАКЕДОНСКИ МАНИФЕСТАЦИИ ВО ШВЕДСКА

Викинзите го освојувале светот, а ние од Копенхаген до Малме, шведската земја стасавме за четириесетина минути, и го продолживме патувањето кон север во Еслев. Повод за нашето патување беше фестивалот на фолклорот во Лунд, во организација на Македонскиот сојуз од Шведска, а домаќин беше Македонското културно и спортско друштво „Пелагонија" од Еслев.

Оваа значајна манифестација на Македонците од Шведска се одржува во различни градови ширум државата каде се формирани фолклорни групи и ансамбли кои го негуваат македонското оро и песна, обичаите, традициите и сè она што е поврзано со Македонија.

На овој празник на фолклорот во Еслев учествуваа пет културно-уметнички друштва, односно седум играорни групи, кои како колоритен букет ја одиграа својата улога на вистински амбасадори на македонскиот фолклор. Во исто време тие беа иницијатори на семакедонската забава што траеше цели 12 часа, а на која се собраа  над илјада дечиња, младинци, студенти, родители, гости и пријатели, вљубеници во фолклорот, почитувачи на македонската песна и оро, на Македонците во Шведска и на Република Македонија.

Еслев се наоѓа на четириесетина километри северно од Малме. Малку необично за Шведска за тој период во годината, меѓутоа како времето целосно да се изменило и, во мајскиот период без дождови и ветришта, чиниш се наоѓаш некаде на југот од Европа. Сонцето чии бои се прелеваа во далечините на Запад, кога завршуваше денот, полека заминуваше зад хоризонтот.

Глетката беше прекрасна. Насекаде зеленило. Голем број парцели како килими со жолта боја од цвеќиња на маслиновата репка, строго геометриски определени форми и негде-годе одреден број ветерници кои се губеа во непрегледните простори на јужниот дел на Шведска.

Градот кој беше домаќин на Македонскиот фолклорен фестивал е индустриски центар. Во него има фабрика за прехранбени производи во која работат најголем број Мкедонци, како и Фабриката за трактори „Фергусон", како и фабрика за хартија, фабрика за стакло и фабрика за филтри. Во Еслев живеат и работат околу илјада Македонци, кои, главно, потекнуваат од битолскиот крај, а само мал број семејства се од други места во Македонија. Тие дошле во    седумдесеттите години како „привремено вработени", а сега како „постојани жители" свиле семејно гнездо во овој убав град.

Во демократска Шведска Македонците ги уживаат сите социјални, политички, човекови права и слободи, а возвраќаат со тоа што претставуваат пример на трудољубивост, работливост, честитост, лојалност... Во гратчето Еслев цветаа јоргованите кога се одржуваше Македон-скиот фолклорен феестивал.

По завршувањето на фестивалот заминавме во Малме. Овој привлечен и интересен град со многу скандинавски специфики и едно од најјужните места

на Шведска, го посетивме во делник. Градот се споменува уште од 1275 година. Благодарение на својата местоположба, овој убав и прекрасен приморски центар во средниот век прераснал во големо и богато трговско место, за потоа да се развие во индустриски, а денес и во многу значаен културен и туристички град.

Често Малме го нарекуваат градот на парковите, бидејќи во него има голем број познати и по многу нешта карактеристични паркови, како што е паркот Кунгспаркен, во кој се наоѓа познатиот дворец што им припаѓал на тогашните управувачи на покраината Сконе, изграден во 1500 година. Стариот дел на градот е опкружен со канали и изобилува со градби што потекнуваат од средниот век. Исто така, овој дел врие од ресторани, кина, дискотеки, бутици и други објекти.

Малме претставува влезно-излезна порта на Шведска која се отвора кон Европа и кон светот, особено со пуштањето во сообраќај на мостот Оресунд кој го поврзува Малме со Копенхаген, односно Шведска со Данска. Преку овој значаен објект поминуваат милиони автомобили, камиони, велосипеди и мотоцикли и преку кој е развиен железничкиот сообраќај.

Во Малме ги посетивме просториите на Македонското спортско друштво (КСД) „Македонија“ што се наоѓаат во центарот на градот и кои претставуваат место на другарување, на забава, пријателство и национално дружење на Македонците од Малме и пошироко. На овие простори има околу две илјади Македонци. Инаку КСД „Македонија“ е формирано на 20 ноември 1969 година од група ентузијасти и вљубеници во фудбалот и фолклорот.

Таму, се сретнавме и со претставници на Македо-нската православна црковна општина „Свети Наум Охридски“, значаен духовен и национален храм, формиран во 1973 година, кој претставува важен центар за Македонците од Малме. Исто така, и средбата со претставниците на Македонското друштво „Македонија ‘92“ ни остана во сеќавање од разговорот за голем број прашања кои се од интерес за националниот, црковниот и културниот напредок на Македонците на тие простори.

А Македонците во црквата, клубовите и друштвата ги одбележуваат сите верски, историски и национални празници, кои претставуваат празнување, зближување, другарување и зачувување на националниот идентитет, верата, обичаите и сите вредности донесени со себе од Македонците во демократска Шведска.

Треба да се нагласи дека современите преселнички движења од Македонија кон Европа во изминатото столетие се одвивале со различен интензитет. Меѓутоа, заминувањето на Македонците на времена работа во западноевропските земји започна во шеесетите години од минатиот век. И покрај нецелосните податоци, сепак, се проценува дека во земјите на стариот континент има околу 300. илјади Македонци, од сите делови на етничка Македонија кои живеат и работат таму околу педесеттина години.

Најголем број од нив се во Германија, потоа во Швајцарија, Шведска, Австрија, Франција, Данска и други земји. Исто така, во Европа има неколку десетици илјади Албанци и Роми и помал број Турци од Република Македонија. Според нео-

фицијални податоци во Европа има и десетина илјади Македонци од егејскиот и пиринскиот дел на Македонија. Овој број македонски граѓани на „привремена работа" и престој во последните десетина години расте или варира со осцилации.

Македонците на времена работа и престој во поголемите центри уште со доселувањето имаат организиран живот преку клубовите и друштвата. Досега се формирани педесетина клубови на граѓани од Република Македонија и други асоцијации, здруженија со македонско национално обележје.

Оваа форма на општествено собирање овозможува значаен придонес во зачувувањето на националниот и културниот идентитет на Македонците и нивната врска со родната земја. Тоа, исто така, придонесува во негувањето на меѓусебната солидарност и соработка, а со тоа и го спречува негативното влијание од соседните балкански земји на кое Македонците се изложени во тамошната средина. Исто така, со различен успех се организираат црковно-просветни информативни, културно-забавни, воспитно-образовни, спортски, и други активности, кои придоне-суваат за зближување на Македонците во новите средини.

Македонците во европските земји сѐповеќе се организираат за изградба на свои цркви под јурисдикција на автокефалноста на Македонската православна црква, кои се духовни и културни домови. Најстара и прва македонска православна црква во западноевропските земји е црквата „Свети Кирил и Методиј", формирана во 1973 година во Гетеборг, Шведска. Денес тој број изнесува над триесет

Инаку, Македонците започнаа да се населуваат во Шведска во седумдесетите години од минатиот век и тој процес трае до денес. Првите форми на организирано живеење се појавија со самото доаѓање во новите средини, каде биле формирани десетина македонски друштва, меѓу кои: „Гоце Делчев" во Гетеборг, „Македонија" во Малме, „Македонија '91" во Халмштад, „Пелагонија", во Еслев, „Пелистер" во Трелеборг, „11 Октомври", Хелсингборг, „Даме Груев" во Стокхолм, „Илинден" во Вахјо, „Вардар" во Скара, „Питу Гули" во Еиславед и други. Во сите овие друштва се одвивал богат културно-просветен и спортски живот, а Македонскиот координативен одбор бил организатор на традиционалниот Македонски фестивал.

Македонците во Шведска се многу добро организирани преку голем број здруженија и тие се признати како македонско малцинство законски. Во Шведска има над 20 регистрирани македонските здруженија.

Македонските здруженија се делумно финансирани од шведската влада. Исто така, постојат посебни одредби утврдени од страна на шведската влада за образование во Македонците. Секоја година различни организации го одржуваат т.н. Zimski Festival. Здруженијата, исто така, организираат многу натпревари за убавина, ноќи на поезијата и диско забави. Организациите исто така имаат контакт со Македонците во Данска. Тие, исто така, организираат саботни училишта и хуманитарни активности.

# 3. ПОСЕТА НА МАКЕДОНСКИТЕ ПРАВОСЛАВНИ ЦРКВИ ВО ШВЕДСКА

Со зголемувањето на бројот на македонските православни црковни општини во западноевропските земји се појави потебата од формирање на нова епархија на Македонската православна црква. По примерот и начинот на работењето на Американско-канадската и Австралиската епархија, започна да се размислува за органи-ираноста на македонските православни црковни општини и во Европа во една епархија што ќе го носи името "Европска епархија на МПЦ".

Така, оваа идеја беше искористена во текот на посетата на високата делегација на МПЦ предводена од поглаварот г-дин г-дин Михаил, прва од таков вид во Германија, во февруари 1994 година. Тогаш се формира и Големоиницијативен одбор за основање на Европската епархија.

Имено, на 27 февруари 1994 година во Мајнц се собраа претставници на МПЦО од СР Германија, Шведска, Данска и Швајцарија, при што беа прифатени одлуките на Црковно-народниот собор на МПЦ од 4-6 декември 1993 година за основање на европска епархија.

Потоа беше избрано времено тело што ќе ги врши сите работи околу основањето на епархијата, а беше формиран и фонд на име на Епархијата. Посебна важност и време делегатите посветија на прашањето околу пополнувањето на црковните општини со редовни свештеници.

Реалноста говори дека Македонците во западноевропските земји своите верски празници ги прославуваат во клубските простории, или, пак, во изнајмени црковни објекти, обично Католичката и Методистичката црква во Германија, кои за среќа, секогаш им излегуваат во пресрет. Меѓутоа, Македонците сѐ повеќе сакаат да се органи-зираат во свои цркви во кои ќе се одржуваат богослужби на македонски јазик, крштевки и други активности сврзани со црковниот живот. Затоа беше неопходно да се формира Европската епархија.

Прв надлежен архиереј за Европската епархија беше владиката Петар, а од 1995 година е избран за надлежен архиереј владиката Гораст,а од 2006 година за надлежен архиереј владиката Пимен, кој и денес е на таа должност.

При нашата посета на Шведска се уверивме дека Македонците се добро организирани на културно и на црковно-национално поле. Притоа, тие се сплотени во македонските православни цркви „Свети Кирил и Методиј" во Гетеборг и „Свети Наум Охридски" во Малме. Затоа, со право се вели дека тие се едни од најорганизираните македонски асоцијации во Европа.

Инаку, Гетеборг, или Јетеборј, е втор град по големина (после метрополата Стокхолм) и претставува важно пристаниште на најсеверната земја во Европа - Шведска. Сместен на утоката на реката Јете, којашто го поврзува морскиот простор Категата со најголемото шведско езеро Ванер, претставува значаен центар на бродоградбата, автомобилската, металната, машинската, текстилната и други индустриски гранки.

Во него уште во 1889 година е основан Универзитетот, а подоцна и други институции од областа на културата и науката, со што се вбројува во еден од најзначајните центри на оваа земја со најнапредно социјално законодавство и со големи перспективи за работа и живеење.

При нашата посета на градот на „Волво", како што често го нарекуваат Гетеборг, инаку оддалечен околу 300 километри северно од Малме на западниот брег на Категата, бевме информирани дека таму живеат повеќе од 700.000 жители. Поради високиот степен на индустриската развиеност во Гетеборг, како и во Векше, Скара и Гиславд се доселиле голем број Европејци, меѓу кои и неколку илјади Македонци, кои се организирани во повеќе македонски асоцијации.

Духовното живеење во Шведска започнало уште во 1972 година, најпрвин во Малме, а подоцна и во Гетеборг, каде се родила иницијативата за формирање македонска православна црква. Наредната година беше формиран Иницијативен одбор кој беше одобрен и благословен од Светиот синод на Македонската православна црква, при што беше испратен свештеник од Богословскиот факултет „Свети Климент Охридски" од Скопје да ги посети Македонците во Шведска.

Тоа, всушност, беше почеток на духовното живеење на Македонците во Шведска. На 16 март 1973 година, Синодот на Македонската православна црква го одобри формирањето на црковниот одбор во Гетеборг, со што започнаа многуте активности, особено за собирање парични средства за изградба на првиот македонски духовен дом во Шведска, и воопшто во западноевропските земји.

Најзначајна е Македонската православна црква „Све ти Кирил и Методиј" што го доби името на сесловенските учители. Црквата во своето опстојување минала бурни времиња и осцилации во зависност од членовите кои управувале со неа. Нејзиниот позначаен дел од историјата започнал на 21 ноември 1981 година, кога било осветено местото, на кое на 7 јануари 1983 година, за време божиќните празници, во присуство на бројни верници била осветена оваа прва изградена македонска православна црква во Шведска и во Европа.

За жал, црквата изгорела до темел во јуни 1987 година. Но, со помош на шведската влада, Како и со помош на Македонците кои вложиле големи напори и средства и за две години на истата локација изградиле нова црква, во која, за време на божикните празнувања во 1988 година е извршено скромно осветување. Оттогаш до денес во црквата се вршат сите црковни богослужења и бројни духовни, национални, културни и други манифестации.

Инаку, Македонската православна црква „Свети Кирил и Методиј" се наоѓа на една височинка меѓу двете приградски населби Картедала и Берша на десетина километри од Гетеборг. Таа се состои од храм, со бројни икони, сала, помошни простории, кујна, библиотека и голем простор околу црквата. Посебно место за изградбата, активностите и црковното живеење во овој македонски црковно-национален дом имаат бројни членови на управите и секциите и многу други верници во вистината за Македонија кои имаат значајна улога и придонес за афирмација на Свети-

климентовата македонска православна црква и на македонскиот народ во новите средини во Шведска.

Втората македонска православна црква што ја посетивме го носи името на „Свети Наум Охридски" и се наоѓа во Малме. А Малме е град и пристаниште на брегот на Сунди на јужниот дел од државата и е еден од најзначајните индустриски, трговски и културни центри на Шведска, на неутралната, демократска и перспективна држава, како често ја нарекуваат таа богата и значајна скандинавска земја.

Во Малме е развиена бродоградбата, машинската, металската, прехранбената, дрвната и други индустриски гранки и претставува „индустриска мека", место каде што се доселиле голем број дојденци од европските и други земји. Градот е формиран во XII век и еден долг период претставувал големо рибарско пристаниште. Малме е град со изобилство на паркови, спортски терени, стари и нови архитектонски постигнувања и е пријатно и интересно место за живеење и работа.

Бевме информирани дека во Малме живеат околу 400.000 жители, меѓу кои повеќе илјади од Република Македонија. Поголемиот број од нив се Македонци, а има голема концентрација од турското национално малцинство, особено од Преспа, како и други малцинства од Републиката. Денес меѓу Македонците во Шведска има бројни стручњаци кои, даваат значаен придонес во напредокот на шведската индустрија и стопанство.

Уште со пристигнувањето во Малме, Македонците започнале да се организираат во Македонскиот клуб „Македонија", каде се застапени фолклорната, спортската и други групи и асоцијации, кои денес се значаен фактор во културното, националното и целокупното живеење и кои претставуваат вистински афирматори, пред сѐна македонските доселеници кои свиле гнездо во демократска Шведска, а потоа и на нивната прва татковина - Македонија.

Македонците во Шведска почнале да се организираат на верска основа, односно преку активностите во Македонската православна црква и да се афирмираат како значајна етничка групација. Како резултат на сѐ поголемото влијание на религијата и пробивот на Македонската православна црква во странство, и во европските земји започнаа да се градат Светиклиментови духовни храмови, во кои покрај словото Божјо, се слуша и македонскиот збор. Еден од таквите македонски духовно-национални центри во Шведска е Македонската православна црква „Свети Наум Охридски" во Малме. Тоа е неодминливо место за собирање, тоа е значајно духовно катче за Маке-донците што живеат во Малме, Хелсинборг, Еслев, Телеборг, Лунд и други места. До формирањето на оваа црква, Македонците во регионот на Малме посетувале други православни светилишта. Но, од 1985 година во времето кога се прославуваше 1100-годишнината од смртта на свети Методиј, кога е купена зградата на црквата, Македонците станаа побогати за уште еден духовен храм над-вор од татковината, сместен во централниот дел на градот.

Македонската православна црква „Свети Наум Охридски", со сиот свој имот е своина на Собранието, односно на членовите на црквата. Таа е исклучително религиозна и културно-просветна установа, која покрај верските обреди, органи-

зира и часови по национална историја, македонски јазик, веронаука, компјутерски курсеви и други активности за сите возрасти, меѓу кои женската секција игра значајна улога. Го напуштивме Малме напладне кога сонцето беше далеку на југ, а на пристаништето каде беше поставен бродот имаше голем број патници за Копенхаген. Велат дека Швеѓаните повеќе го сакаат данското пиво, кое, патем, е и поевтино, затоа тие често „се прошетуваат" кон запад, кон Данска.

Бродот како да лебдеше над морската површина, овој пат, во спротивна насока од Малме кон Копенхаген. Повторно го гледавме мостот Оресунд што ги поврзува овие два града и двете балтички земји. Повторно се одушевувавме на постигнатиот техничко-технолошки напредок и на прекрасната глетка што ја имавме од прозорецот на белата лаѓа. Посакувавме такви и слични мостови да се градат насекаде, па и на нашите простори, за да можат да ги поврзуваат и приближуваат луѓето и земјите во ова наше „глобално село".

Првите форми на собирање меѓу македонските иселеници и на оние Македонци кои привремено или за стално се иселиле во европските земји датираат од времето на масовното доаѓање во новите средини, кога со себе ја носат својата култура, јазик, традициите, религијата и обичаите. Како резултат на тоа, во сите поголеми центри, како што се Гетеборг и Малме, во Шведска, во Копенхаген, во Данска, во Париз, Франција, Минхен, Берлин, Виена во Афстрија и Хановер, во Германија, Цирих во Швајцарија и други индустриски градови, уште на почетокот се формираа заемно-помошни, културни, црковни асоцијации и друг вид друштва.

Тие имаат за цел да ја зачуваат македонската култура, обичаите и верските традиции, да се обезбеди материјална помош на социјално загрозените Македонци, како и да собираат средства за изградба на цркви, училишта и други објекти во новите средини и во нивните родни места, во Македонија.

Македонците во иселеништвото започнале да се организираат во пошироки облици дури по Првата светска војна, а во периодот меѓу двете светски војни кога се чувствувала забележителна раздвиженост и активност на национален план. Во почетокот голем број од македонските доселеници, особено од Егејска Македонија се приклучија кон Македонската патриочтическа организација, позната како МПО. Меѓутоа, со промената на нејзината политичка ориентација и свртувањето кон големобугарската асимилаторска политика, одреден број Македонци започнаа да формираат независни прогресивни групи.

Тие во прв ред се залагале за афирмација на реалните насоки и патишта по кои можела да се движи македонската револуционерна идејна борба, која била нераскинлив дел на борбата на другите напредни сили на Балканот. Овие прогресивни групи се обединиле во организации, чија цел беше. борба за извојување слобода на Македонија, во која ќе бидат гарантирани широки национални, политички и социјални права и слободи на македонскиот народ од трите дела на Македонија. Во реализирање на ваквата политичка платформа се сметало на содејство и поткрепа од сите прогресивни сили и луѓе во светот, особено од оние на Балканот.


©1997 MAGELLAN Geographix℠
(805) 685-3100 www.maps.com
Mur R.
Graz
Fürstenfeld
Raab R.
Austria
Mura
Szentgotthár
Hungary
Wolfsberg
Drava R.
Radkersbur
Villach
Klagenfurt
Tarvisio
Jesenice
Trzic
Bove
Radovljic
Velenje
Slovenske
Celje
Rogatec
Cakove
Varazdi
Lenti
Italy
Tolmi
Kran
Sava R.
Domzale
Trbovlj
Skofja Loka
Udine
Nova Goric
Gorizia
Idrija
Ljubljana
Litija
Most
Sevnic
Krsk
Breznica
Slovenia
Brezice
Ajdovscin
Monfalcone
Novo Mesto
Zagreb
Cerknic
Ribnic
Grado
Trieste
Sezana
Gulf of Trieste
Kupa R.
Sava R.
Metlika
Ilirska Bistrica
Kocevj
Kope
Pira
Izol
Crnomelj
Karlova
Sisak
Delnice
Rijeka
Glina
Croatia
Pore
Labin
Slunj
Adriatic Sea
Senj
Pula
Otocac
Bosnia and Herzegovina
Bihac
47°
46°
45°
14°
15°
16°



*Љубљана*



*Рекаᴛа Љубљаница*



*Бледско Езеро*

# 26. СЛОВЕНИЈА

## 1. ВО СЛОВЕНИЈА – ЗЕМЈАТА ПОД АЛПИТЕ

Беше прекрасен пролетен ден, наоколу со распослани зелени килими, а низ нив опојни разнобојни цветови. На начин на кој животот се буди и развива убаво чувство на љубов кон природата. Сонцето, чии бои се прелеваа во далечините на исток од каде започнуваше новиот ден, беше како огромна топка или балон што едвај се движи во просторот. Глетката беше прекрасна. А автомобилот брзаше од населбата Ченто кон аеродромот „Петровец“, од каде заминавме за Љубљана во Република Словенија.

Во аеродромската зграда вриеше ем аеродром што претставува крстосница за светот. Флотата авиони беше наредена пред аеродромската зграда, небаре е како во кошница. Се чувствувавме како да сме на некој голдел од некој светски аеродром.

Во исто време неколку авиони полетуваа кон повеќе дестинации. Нам ни беше укажана честа да бидеме меѓу првите што влегоа во авионот кој веднаш летна, земајќи го курсот кон северозапад. Стујар-десата нè известуваше за сите неопходни информации на словенечки, англиски и на македонски јазик. Патувањето, кое траеше околу еден и пол час, беше пријатно и просто не почувствувавме кога слетавме на аеродромот „Брник“, што се наоѓа во непосредна близина на Крањ и Љубљана.

Ние (архиепископот г.г. Михаил, поглавар на Македонската православна црква, проф. д-р Ратомир Грозда-новски, секретар на Светиот синод на Македонската православна црква и авторот на овие редови, Славе Катин, во својство на потпретседател на Комисијата за односи со верските заедници на Република Македонија) во Словенија пристигнавме во недела напладне, во месец април.

Времето беше врнежливо, што е вообичаено за Словенија. На аеродромот бевме пречекани од претставници на Амбасадата на Република Македонија во Република Словенија, претставници на Македонската православна црква „Свети Климент Охридски“, на Македонското културно друштво „Македонија“, на претставништва во Љубљана и уште од десетина Македонци од Љубљана и Крањ.

Според пишаните документи, Словенија е планинска земја која се наоѓа под Алпите. Тоа е држава во централна Европа, која се граничи со Италија на запад, Јадранското Море на југо-запад, Хрватска на југ и исток, Унгарија на северо-исток и Австрија на север.

Словенските претци на денешните Словенци се населиле на територијата на Словенија во VI век. Словенското кнежевство Карантанија било формирано во VI

век. Во 745 година Карантанија била приклучена кон Франкската Империја и тогаш Карантанците го прифатиле христијанст- вото. Карантанија ја задржала својата независност дп 828 година. Со бунтовите на локалното население и со помош на Баварија, Карантанија имала своја потполна независност, но била сосема уништена од Унгарците во IX век.

За време на XIV век, повеќето од територијата на Словенија била под раководство на Хабсбуршката монархија и во XV век целата територија на Словенија била под раководство на соседната Монархија.

Во XVI век во Словенија зела замав протестантската реформација. За време на тој период биле публикувани првите книги на словенечки јазик и тоа од Примож Трубар и неговите следбеници. Иако сите следбеници на револуцијата биле протерани од словенечките земји, сепак тие оставиле силни впечатоци на локалното население и ја поставиле основата на словенечкиот литературен јазик.

Во периодот 1805 и 1813 година Словенија потпаднала под раководство на Австриската Империја. Во тој период се развил словенечкиот национализам и се создала идејата за Обединета Словенија.

Инаку, Словенија беше дел од поранешна Југославија од 1945. до 1991 година кога се избори за независ-ност. Стана членка на Европската Унија на 1-ви мај 2004. Таа е исто така член на Советот на Европа, НАТО и има набљудувачки статус во франкофонските држави.

На Словенија чие население е над два милиони му припаѓа многу мал дел од јадранското крајбрежје, само во должина од педесетина километри. Од приморските градови најпознати се Порторож, Пиран, Изола, Копар и други кои секоја година привлекуваат голем број туристи особено од Европската Унија.

Во пишаната литература прочитавме, а и се уверивме дека Словенија е земја која обилува со голем број природни убавини кои придонесуваат за развој на туризмот во оваа земја. Позната е по многубројните скијачки терени. Едни од најпознатите се наоѓаат на Марибор-ското Похорје, каде секоја година се одржува традициноnално Златна Лисица.

Познати се доста и словенските бањи (топлице) кои се уредени со многубројни базени со ладна и топла вода и се атрактивни не само за медицински цели, туку и за рекреативни, особено помеѓу младите.

Една од најубавите природни богатства на Словенија се езерата Блед и Бохињ. Тука се наоѓа и малиот остров со црква на него, кој е еден од заштитните знаци на оваа земја.

Словенците се нација кои важат за работливи луѓе. Тие се горди на својата работа и производите кои произлегуваат како продукт од истата. Посебно се горди на своите вина, во Марибор се наоѓа најстарата винова лоза во Словенија која претставува вистинска туристичка атракција. Доста се познати и крањските колбаси, прекумурската гибаница и традиционалното словенско јадење од кисела зелка, грав и свинско месо.

Според демографските податоци, најголема етничка група во Словенија се Словенците со 83%. Покрај Словенците таму живеат и се вдомиле и народи од поранешната заедница СФРЈ, (Македонци, Срби, Хрвати, Босанци и Црногорци) кои сочинуваат околу 5,3%. Исто така има и Албанци, Роми, Италијанци, Унгарци кои сочинуваат околу 2,8%.

Официјален јазик на Словенија е словенечкиот јазик. Во регионите каде живее унгарско и италијанско население, унгарскиот и италијанскиот јазик се официјални јазици покрај словенечкиот.

Денеска, најголема религија во Слоивенија е Римокатоличката. Според податоците од 2002 година, околу 57% се приврзаници на оваа религија. Помали верски организации се протестантството, исламот и.т.н.

Првите книги во Словенија биле објавени од протес-тантскиот реформатор Примож Трубар, поточно објавил две книги о во 1550 година во Германија. Покрај Трубар, позначајни писатели и поети на Словенија се: Франце Прешерн, Отон Жупанчич, Сречко Косовел, Едвард Коцбек, Дане Зајц, Иван Цанкар, Владимир Бартол и други.

Во Република Словенија за неколку стотини македонски дечиња во просториите на редовните училишта се изведувала дополнителна настава на македонски јазик. Таа дејност засега ја извршуваат неколку наставнички во Крањ, Љубљана, Копар и во Марибор.

Наставата опфаќа: македонски јазик, историја и обичаи – религија. Но, се чини дека испраќањето на македонски свештеник придонесе во подучувањето по веронаука и црковни народни обичаи.

Свештеникот, прво, возрасните ги подучи во верата, па потоа и младите генерации.

Зашто во минатото во некои места во Словенија, сакајќи да бидат крстени во православна вера и црква, Македонците оделе кај српски свештеници, а тие по крштевката веднаш ги запишувале дека се Срби.

За ова има и докази – свидетелства, велат Македонците, и додаваат дека тие сакаат, освен православното, да го задржат и она што е нивно, мајчинско, македонско. Никој нема право нив сега, во ова време, надвор од Македонија, да ги одродува и тоа на таков нехристијански начин.

Една од најзначајните средби во Република Словенија беше онаа со љубљанскиот надбискуп. Таа е историска средба меѓу двајца достоинственици, меѓу претставници на Македонската православна црква и на Римокатоличката црква, архиепископот охридски и македонски г. г. Михаил и надбискупот г. Шустер. Средбата која беше договорена уште во една посета на Ватикан во Рим, сега во Словенија беше срдечна, пријателска, екуменска...

# 2. ЉУБЉАНА – ГРАД СО МНОГУ КУЛТУРНИ СПОМЕНИЦИ

Според пишаните документи Љубљана претставува град со средна големина со околу триста уљади жители. Тој е географски, културен, научен, економски, политички и административен центар на Словенија. Во Љубљана може да се доживеат влијанијата на голем број култури. Градот бил раскрсница на германската, италијанската и на културата на словенечкиот народ, нивниот јазик, манири и навики.

Притоа, индустријата, научно-истражувачките институции и индустриската традиција се фактори кои придонесуваат за нејзината водечка економска позиција во регионот. Љубљана е седиште на централната власт во Словенија, на јавната администрација и сите владини министерства. Градот, исто така, претставува седиште на законодавната власт на државата, а во Љубљана се наоѓа и резиденцијата на претседателот на Словенија.

Љубљана (словенечки: *Ljubljana*, германски: *Laibach*). Не само што е главен град на Словенија, туку тој важи и за еден од најмалите главни градови во Европа. Никогаш не е преполно – но и никогаш досадно. Над педесе илјади универзитетски студенти му даваат младешка привлечност на градот, а како економски и културен центар на Словенија, има што да им понуди на локалното население и на посетителите.

Така, „Љубљанскиот замок", кој стои на рид над градот околу 900 години е главната атракција на Љубљана со бројни меѓународно признати сертификати за одржливост. Замокот нуди едни од најубавите погледи на градот, додека во него се сместени музејска изложба за словенечката историја, музеј на кукли и голем број историски простории како капелата „Свети Ѓорѓи", Затворот и Соба за видео презентации наречена „Виртуелен замок". До овој замок може да се стигне со жичара, а може да се оди и пеш.

„Змејскиот мост", пак, украсен со статуи на змеј, се појавува на најпрепознатливите слики на Љубљана и претставува интересен споменик. На него постојат четири статуи на змејови, кои изгледаат малку застрашувачки и се ремек-дело на овој мост. Мостот е уникатна креација која се смета за извонредно парче на културно наследство. Мостот е зграден помеѓу 1900 и 1901 година. Тој бил првата армирано-бетонска конструкција во Љубљана и еден од најголемите мостови од тој вид изграден во Европа. Во времето на неговото отворање, тој бил наречен Јубилејен мост на императорот Франц Јозеф I. Тоа била првата градба во Словенија што била поплочена со асфалт.

Исто така, плоштадот „Погачарјев трг" е интересно место не само домашното население, туку и за посетителите од целиот свет кој доаѓаат убавиот велеград Љубљана. Тој секој петок од средината на март до крајот на октомври е домаќин на уникатен пазар на храна каде готвачите од словенечките ресторани подгот-

вуваат различни јадења од целиот свет. На овој настан може да се најде секаков вид храна, од традиционална до брза кујна, од солени до благи работи.

Љубљана е веројатно еден од ретките градови во светот чијшто централен градски плоштад е украсен со статуа на поетот, Франс Прешерен (1800–1849), кој пишувал претежно на словенечки и бил еден од најголемите европски романтичарски поети.

Сместен покрај бреговите на реката Љубљаница, Љубљана е град кој беспрекорно ја спојува историјата со модерноста. Додека се пешачи низ неговите улици, се гледаат архитектонски постигнувања, културни богатства и чувство на заедница што ја доловува суштината на овој убав и питом град.

Високо на ридот се наоѓа замокот „Љубљански град“, историскиот замок на Љубљана. Со потекло од 11 век, замокот сведочи за вековната историја. Првично изграден за одбранбени цели, замокот подоцна се трансформирал во седиште на моќ за благородништвото.

Историјата на „Љубљанскиот град“ е врежана во неговите камени ѕидови. Од средновековните утврдувања до ренесансните реновирања, замокот стои како жива хроника на архитектонските стилови. Нејзината кула нуди панорамски поглед на градот, реката и далечните планини, поканувајќи на посетителите да размислуваат за еволуцијата на градот.

Во Љубљана секој агол е натопен со историја. Улиците со калдрма и шарените фасади ја поставуваат сцената за патување низ времето. Зачуваните барокни згради стојат како доказ за различното минато на Љубљана.

Шармот на Љубљана лежи во нејзината способност беспрекорно да ги интегрира старото и новото. Додека ги истражувате неговите историски локалитети и се потопувате во културата на градот, ќе откриете дека Љубљана не е само место за посета; тоа е место за искуство. Од неговиот древен замок до неговите живописни пазари, секој агол има приказна, која ве поканува да бидете дел од тековната приказна на градот.

Во Љубљана, ќе најдете град кој танцува во ритамот на својата историја, ја слави својата култура и ја прифаќа иднината со раширени раце. Тоа е место каде традициите почитувани од времето хармонично се спојуваат со иновациите на денешницата, оставајќи неизбришлив белег на сите кои имаат привилегија да ги истражуваат нејзините улици.

Инаку, Љубљана е срцето на  Словенија, која е сместена во срцето на Европа и која може да се пофали со разновидна и богата историја и култура. Така, еден од споменице за нас  беше „Постојнска јама“, за која бевме информирани дека пештерски систем е долг 24 километри и составен од 4 пештери. Пештерата е откриена уште во 13 – тиот век, за која сведочат некои стари записи. Во 1872 година во пештерата била изградена внатрешна железница, притоа најпрво вовчето го туркање, а потоа истото е заменето со локомотива на гас. Во 1884 година во пештерата е поставено електрично осветлување. Во 1959 година локомотивата

на гас е заменета со електрична локомотива. Од 1967 година во пештерата има инсталирано кружна железница во два колосека (единствена во светот).

Покрај туристичките потреби, пештерата била коридтена и за други цели и намени. Така во 1924 година во "Конгресната Дворана" (Конгресна Сала) е организиран бал. Таа се издвојува по еден огромен кристален лустер кој виси на средината на салата. Потоа за време на Првата светска војна истата сала била користена како затвор. Во истиот период од страна на руските заробеници е изграден мост во пештерата, кој и денес е во употреба, а по нив е наречен „Руски Мост". За време на Втората светска војна, Германците ја користеле пештерата како магацин, бункер и складиште за бензин. Во текот на војната истиот магацин е запален од словенечките партизани. Од предизвиканата експлозија избива пожар кој трае 7 дена и истиот нанесува оштетување на дел од пештерата. Во 1965 година во Конгресната сала бил одржан IV Интернационален спелеолошки конгрес. Симбол на пештерата е сталагмитот "Брилијант" или "Дијамант".

Животинскиот свет во оваа значајна пештера е претставен со повеќе ендемски видови, меѓу кои најпозната и најголема е "Човечката рипка" Таа претставува еден вид на пештерски дождовник (саламандер), кој живее длабоко во темни средини со температура на воздухот од околу 10 °C. *Proteus anguinus* во науката е повеќе позната под името „Човечка рипка", бидејќи има боја на кожа слична со кожата на човекот.

Инаку, „Човечката рипка" нема развиено вид, но затоа пак има добро развиен слух и мирис. Може да порасне во должина до 30 cm, а додека нејзиниот животниот век трае до 70 години, а 10 години може да издржи без храна. „Човечката рипка" не се забележува во туристичкиот дел, бидејќи истата живее во водениот дел од пештерата, но за љубопитните туристи е изложена во аквариум во една од пештерските сали.

Излегувајќи надвор од урбаните пејзажи, се сретнавме со недопрените природни чуда на Словенија. Така, Зеленци е природен резерват познат по живите смарагдни води, нуди поглед во недопрената убавина на земјата. Во близина се величествените врвови на Јулијанските Алпи кои оживуваат во Националниот парк Триглав, кој претставива планинско богатство не само за Словенија, туку и за цела Европска Унија Тој е еден вид рај за планинарите и љубителите на природата. Овде, култната планина Триглав стои како симбол на издржливоста и единството на Словенија.

Она што одушевува е како државата ги негува здравите навики и спортот кој се особено важни за сите подеднакво од млади до стари. Низ планината има направено велосипедска патека каде можеш да се вози велосипед.

Таму се патеките на Планица, познат центар за ски-скокови. Историјата на Планица како лулка на скијањето ја прави задолжителна посетата за љубителите на спортот. Алтернативно, спокојното езеро Јасна, сместено меѓу планините, нуди спокојство и размислување, поканувајќи ги посетителите да се релаксираат и да ја почувствуваат природната убавина.

## 3. НА ГОСТИ ВО ПРИЈАТЕЛСКА ЉУБЉАНА

Средбата на Теолошкиот факултет ќе остане во трајно сеќавање. Таму бевме примени од деканот на факултетот. Се сретнавме и со неколку студенти кои на прашањето што очекуваат по дипломирањето рекоа дека некои ќе бидат калуѓери или калуѓерки, некои учителки за верата, уредници, дописници или новинари во радио и ТВ- центри и списанија, во кои има рубрики за верата, за религијата и етиката или религијата и културата.

Ја посетивме и факултетската библиотека која е сместена во шест простории со современа опрема, со две читални и три вработени лица. Библиотеката постои веќе многу години и има околу четириесет илјади наслови и околу петстотини редовни списанија. Литературата, покрај словенечкиот, главно, е на германски, француски, англиски и италијански јазик.

Средбата заврши со размена на книги и списанија и со ветување дека во иднина ќе се воспостави подобра соработка меѓу библиотеките на двата теолошки факултета во Република Словенија и во Република Македонија.

Попладнето беше приреден прием кај претседателот на Собранието на Општина Крањ, господин Витомил Грос. Тој прекрасен човек љубезно нè пречека и во поздравното слово, меѓу другото, рече дека е претседател на Општина Крањ и голем пријател на Македонците и дека кај нив, како и кај нас, словенечката култура дошла преку свети Кирил и Методиј и преку свети Климент и свети Наум Охридски, а тоа зборува за нашата блискост, и дека сега не ни останува ништо друго, туку да ја продоложиме таа мисија.

Во текот на престојот се одржа првата богослужба на македонски јазик во идниот македонски православен храм во Крањ. Богослужбата ја изврши поглаварот на Македонската православна црква архиепископот охридски и македонски г. г. Михаил. На свечениот чин што се одржа во Католичката катедрална црква „Света Марија Рожевенска“, покрај бројните македонски православни верници од Крањ, Љубљана, Јесеницe, Марибор и многу други места ширум Словенија, присуствуваше и бискупот Алојз со своите свештенослужители, претседателот на Собранието на Општина Крањ, амасадорот на Република Македонија во Словенија, како и бројни пријатели на Македонците од тие пријателски простори.

Македонската православна општина „Свети Климент Охридски“ од Крањ е најновата македонска црковна асоцијација и прва во демократска Република Словенија. Таа е дел од фамилијата црковни општини на Европската епархија на Македонската православна црква, која ги собира Македонците од повеќе градови и места во Република Словенија.

Иницијативата за формирање духовен храм ја започнаа неколкумина ентузијасти од Крањ и Љубљана, кои на 12 март 1994 година ја форми-раа и организираа првата Македонска православна црква во Словенија „Свети Климент Охридски“ со седиште во индустрискиот град Крањ.

По богослужбата се одржа состанок со црковната управа и други Македонци на кој се зборуваше за она што значи раѓање на новата црковна општина и започнување на духовен и црковен живот на Македонците во Словенија. Се искажуваа искрени честитки по тој повод и радост за формирањето на новата црква во Крањ, а се зборуваше и за доаѓање на редовен свештеник, создавање услови за негов живот достоинствено на чинот свештенички кој треба да биде вистински мисионер и матица на Македонците во Словенија.

Последниот ден од посетата имавме средба во Владата на Република Словенија со госпоѓа Даринка (Нина) Чос, претседател на Републичката комисија за верски прашања. Таму беше искажана големата радост и задоволство од пријателскиот однос и со чувство на длабока почит беше констатирано дека Македонците со Словенците се духовни роднини. Потоа домаќинката беше информирана за коректниот однос со римокатолиците во Македонија, и дека таа година, на Велигден, во Католичката катедрала во Скопје, на богослужбата присуствуваше и претседателот на Република Македонија господинот Киро Глигоров.

Госпоѓата Чос изрази задоволство и рече дека е многу радосна што има чест да поздрави една ваква висока црковна и републичка делегација од Македонија. Во разговорот се одлучи Македонската православна црковна општина за Словенија, покрај останатите 25, да биде регистрирана во државниот регистар како посебна верска заедница. На задоволството му немаше крај.

Оттаму, заминавме на прием кај градоначалникот на Љубљана господинот Јоже Стргар. Средбата беше срдечна и пријателска при што беше речено дека Македонците како словенски браќа се многу блиски и по јазик и по род со Словенците и додаде дека само со разбирање и христијанска љубов ќе се постигне посреќна иднина за двата народа и двете самостојни и суверени држави, кои во овие нови историски моменти си подаваат значајна братска рака.

Напладне, делегацијата отпатува во посета на Горењско и Радовлица. Патем, сврати во римокатоличкиот манастир „Света Богородица“ каде беше топло и срдечно пречекана со силно биење на 4 камбани и со најголема почест. Старешината, отец Леополд, беше пресреќен што му се пружи можност да го поздрави поглаварот на Македонската православна црква.

Таму се запознавме со историјата на црквата “Света Богородица“, со активностите на верниците кои припаѓаат на тој верски храм и со многу други карактеристики што го шрават овој црковен храм место за голем број верници од Словенија.

Делегацијата замина од аеродромот „Брник“ во Љубљана за Скопје, за Македонија. Од Словенија понесовме убави и вечни спомени и со документ дека Македонската православна црква-Охридска архиепископија е регистрирана како таква во Словенија, каде ја продолжи својата мисија за изградба на македонски верски објекти кои им служат на Македонците од сите делови на Македонија.


AUSTRIA
Maribor
Cakovec
Kaposvár
HUNGARY
Varazdin
Koprivnica
Pécs
Ljubljana
ITALY
SLOVENIA
Zagreb
Vrbovec
Bjelovar
Durdevac
Virovitica
Batina
Cazma
Pavlovac
Osijek
Nasice
CROATIA
Daruvar
Pakrac
Vinkovci
Karlovac
Sisak
Pozega
Klana
Umag
Rijeka
Ogulin
Vojnic
Novska
Nova Gradiska
Slavonski Brod
Dvor
Hrvatska Dubica
Porec
Baderna
Rovinj
Josipdol
Novi Vinodolski
Plavca Draga
Senj
Bihać
Banja Luka
Pula
Prozor
Jablanac
Bunić
Gospić
Udbina
Karlobag
Lovinac
BOSNIA & HERZEGOVINA
Gracac
Obrovac
Zadar
Knin
Sarajevo
Vodice
Sinj
Sibenik
Trogir
Split
Omis
Imotski
Mostar
Makarska
Ploce
Adriatic Sea
ITALY
Dubrovnic



*Загреб*



*Пула*



*МПЦ „Св. Злата Мегленска“ во Загреб*

# 27. ХРВАТСКА

## 1. МЕЃУ МАКЕДОНЦИТЕ ВО ПРИЈАТЕЛСКА ХРВАТСКА

Хрватска е една од светски познатата и призната пријателска земја за посетителите и патниците - намерници кои доаѓаат од Македонија. Таа е држава на Балканскиот Полуостров која географски е сместена на раскрсницата на патиштата за Средна Европа и Средоземјето. Хрватска граничи со Словенија и Унгарија на север, со Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора на исток, а го зазема најголемиот дел на источниот брег на убавото и светски познатото Јадранското Море.

Хрватска беше една од значајните републиките во рамките на СФР Југославија, а во 1991 година прогласи независност. Таа е полноправен член на организацијата НАТО и членка на Европската унија.

Според историските факти, првите познати племиња на територијата на денешна Хрватска биле Илирите и Келтите во внатрешноста, а Хистрите, Либурните, Далматините и други на јадранскиот брег. Во IX век меѓу Цетине и Велебит се создало јадрото на хрватската држава, од каде за време на владеењето на домашните кнезови од семејството наследници на кнезот Трпимир пос-тепено се проширила на далматинските градови.

Кнезот Томислав го запрел навлегувањето на  Унгарците, меѓутоа во 1102 година унгарскиот крал Коломан со семејството Арпадовиќ ја освоил цела Хрватска. Оттогаш па сè до 1918 година Хрватска се развила како повеќе или помалку автономна државна творба во составот на Унгарската држава.

Хрватска се протега од подножјето на Јулиските Алпи на северозапад и Панонската Низина на исток, преку планината Динара во централниот регион, до јадранскиот брег на југ. Во неа живеат околу 4,5 милиони, главно, Хрвати, со римокатоличка вероисповед, а нејзин главен град е Загреб, во кој живеат околу осумстотини илјади жители.

Ако Загреб е типична, централна европска метропола, со архитектура од XIX век, тогаш Ровин е стар венецијански град, а пристаништа се Пула, Задар, Сплит и Дубровник се значајни морски центри. Затоа, со право се вели дека Хрватска е благословена со славно крајбрежје и прекрасни острови, со што се смета за една од најважните светски туристички дестинации.

А, да се биде во Загреб кој е главен, администртивен, политички, културен и економски центар на Република Хрватска, значи да се почувствува пулсот, напредокот, престижот и иднината на оваа европска држава.

Најголемиот центар на Хрватите – Загреб, е распослан во котлината на реката Сава и во благите падини на подножјето на планината Сљеме, чија местополож-

ба го прави да биде еден од најзначајните европски центри што го поврзуваат Балканот со Европа преку железница, автопат или воздухопловна врска.

Загреб е центар со богат културен живот, универзитетски меѓународен центар, престолнина на музиката и убавата уметност, познат по школата на наивците од Хлебиње, по анимираните филмови...

И покрај тоа што првите пишани документи за Загреб датираат од 1094 година, сепак, овој град отсекогаш постоел на истото место, по должината на реката Сава и зад гребените на планината Медведница. Според историските податоци, по падот на Римското Царство, Загреб бил освојуван од различни племиња, меѓу кои од Хуните и Аварите, за во VII век да дојдат прадедовците на Хрватите од зад Карпатите и засекогаш да се населат на тие простори.

Инаку, македонската црковна историја има многу сличности со хрватската. Имено, ако црковно-националното живеење на Македонците започнало под тврдините на цар Самуил во Охрид и Преспа, во Хрватска црковната историја започнува во Градец, каде е изградена првата тврдина, а на падините, покрај ова значајно здание, ќе никне црква која ќе стане средиште на духовното живеење на северозападна Хрватска. Подоцна, во 1094 година била основана првата бискупија, која заедно со населбата и со црквата станала град чија повелба за камен-темелникот од таа година, всушност, е најстариот документ за градот и се одбележува како година на формирањето на Загреб.

Историјата на Загреб е многу бурна. Така, за првпат се споменува како главен хрватски град во 1557 година, кога бил нападнат од војската на Османлиското Царство, за потоа да биде опожарен и разурнат од неколку земјотреси. Од ноември 1662 година со првото предавање на професор Стјепан Гавач во новата Академија, станува универзитетски град, а со изградбата на железничката пруга Ѕидани Мост – Загреб – Сисак станува и железнички јазол во овој дел на Европа.

Меѓутоа, најважен период за Загреб, па и за Хрватска, секако, е XX век, кога се постигнати врвни резултати на сите полиња во животот и кога се остварени повеќе соништа на хрватскиот народ. Конечно, Хрватска станува самостојна и меѓународно призната држава, а Загреб метропола за сите Хрвати, нејзин главен град кој во 1994 година го прослави своето деветстолетие од постоењето.

Република Хрватска е земја каде што на Македонците им се гарантирани сите права како национално малцин-ство. Таа е земја каде што Владата, преку материјална и финансиска помош, го помага развојот на малцинствата за афирмација на нивните национални, културни и јазични вредности. Со тоа Македонците служат како мост за развивање на пријателството помеѓу Хрватска и Македонија афирмирајќи ја, на тој начин, Република Хрватска како демократска и граѓанска земја.

Во Хрватска Македонците се организирале во Хрватско–македонската заедница, заедничка организација на културно–уметнички друштва во поголемите градови во оваа пријателска земја. Потоа има црковни општини на Македонската православна црква и тоа во: Загреб, Сплит и Пула, а од 1993 година, Заедницата го издава и списанието „Македонски глас“.

# 2. ФОРМИРАЊЕ НА ПРВАТА МПЦ „СВЕТА ЗЛАТА МЕГЛЕНСКА“ ВО ЗАГРЕБ

Преку сите нивни асоцијации, Македонците во Хрватска остваруваат богат културно, просветен, спортски и духовно–верски живот, настојувајќи да го задржат и да го развиваат својот македонски идентитет. Притоа, конечно, Македонците се наоѓаат на најразлични врвни места во науката, високото образование, културата, судството, стопанството и во други подрачја на општественото живеење во Хрватска

Хрватска отсекогаш била интересна земја за Македонците, кои се доселувале времено или постојано. Така, еден од првите доселеници од Македонија во Хрватска е Константин Миладинов, од Струга, којшто се вработил како личен секретар на бискупот Јосип Јурај Штросмајер и со негова финансиска и морална помош, во 1861 година го издал прочуениот „Зборник на македонски народни песни“, преку кој македонското народно творештво му стана достапно на целиот културен свет и битно придонесе за афирмација на вековното македонското литературно народно творештво.

Меѓу двете светски војни Хрватска, како најразвиен индустриски и трговски дел на новосоздадената држава СХС, привлекла многу деловни луѓе од Македонија, како и луѓе кои барале можност за работа. Исто така, многу млади Македонци се упатиле на школување, на студии. Така, на загрепските факултети биле запишани стотина студенти од Македонија, а Загреб станал центар на македонското револуционерно движење, преку студенскиот клуб „Вардар“.

Пред Втората светска војна во Загреб престојувал и големиот македонски поет Кочо Рацин, од Велес, кој, во работничките весници, напечатил повеќе статии. Кон крајот на 1939 година, во Самобор, Кочо Рацин ја отпечатил и првата збирка песни „Бели мугри“ на македонски јазик, која претставува голем придонес за македонскиот јазик и книжевност.

По ослободувањето во 1945 година, и формирањето на Народна Република Македонија, одреден број трговски и интелектуални фамилии од Македонија се преселиле во Хрватска. Исто така, млади луѓе од Македонија се запишале во средните стручни училишта, воените училишта и високите школи и факултети на Загрепското светилиште.

Така, се смета дека по војната во Загреб имало повеќе од илјада студенти од Македонија. Нивниот број, во наредните години, се смалувал, паралелно со отворањето на поодделните факултети во Скопје. И по скопскиот земјотрес, во 1963 година, од Македонија организирано во Хрватска дошле голем број Македонци кои останале сè до денес.

Во Македонската заедница во Хрватска се вклучени друштвата „Илинден“ од Риека, „Македонија“ од Сплит и „Браќа Миладиновци“ од Осиек, како и македонските православни цркви: „Света Злата Мегленска“ во Загреб, „Свети Наум Охридски“ во Сплит и „Свети Јован Осоговски“ во Пула, кои претставуваат со-

биралишта и за млади и за стари, места каде се негуваат македонската песна и ора, традициите и обичаите, христијанската религија и културните вредности донесени од Македонија.

По основањето на Заедницата на Македонците во 1992 година, на денот на светите браќа Кирил и Методиј, во Католичката (Унијатска) црква во Загреб, беше одржана и првата богослужба на македонски јазик во Хрватска.

За првпат во една од републиките на поранешна Југославија, надвор од Македонија, тогаш се слушнаа молитви кон Господа на мајчин македонски јазик. На 11 декември 1993 година, пак, беше формирана и Македонската православна црковна општина, што го доби името на светата великомаченица Злата Мегленска.

Затоа и поводот за нашето патување за Загреб (на свештеникот Ѓорѓи Кацарски, ѓаконот Александар Цандовски и авторот на овие редови Славе Катин како потпретседател на Комисијата за односи со верските заедници на Република Македонија) беше формирањето на црквата „Света Злата Мегленска“.

Таа е првата македонска православна црковна општина во Република Хрватска, која припаѓа на Европската епархија на МПЦ-ОА, како дел од семејството на над осумдесетината македонски духовни, културно-просветни и национални центри надвор од Република Македонија.

Често со право се вели дека Македонците во светот оставаат бројни траги, некаде во сенка, некаде како привид, а некаде како живот кој тече. А трагите на Македонците во Загреб се повеќе од тоа: тие се значаен дел од културното и духовното наследство на Македонија и парче од мозаикот, културата и обичното живеење на суверена и пријателска Хрватска.

Убавиот Загреб, една од европските метрополи на културата, широко ги отвори пазувите за Македонците кои времено или трајно свиле гнездо на тие простори. Според некои податоци во Загреб живеат околу 4.000 Македонци од сите краишта на Македонија, а од 12.000 до 15.000 во цела Хрватска; ги има од фурнаџии до универзитетски професори, но сите се со една мисла – за подобри врски со Република Македонија.

Во Загреб стасавме во еден сончев и убав зимски ден. Градот беше обвиен во дебела снежна покривка, а глетката беше прекрасна. Како и да не биде прекрасна кога зимата како временски период е мошне присутен мотив во хрватската литература и уметност.

Беше сабота, кога патиштата за голем број Македонци водеа кон музејот „Мимара“ во строгиот центар на Загреб, прекрасно здание спроти Хрватското казалиште, формиран од донаторство на хрватскиот сликар и реставратор, познавач на уметноста и колекционер – Анте Топиќ Мимара. Во една од салите на овој значаен загрепски музеј се одржа изборното собрание на Македонската православна црковна општина „Света Злата Мегленска“.

Беше прочитана Одлуката на Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква, потпишана од архиепископот охридски и македонски г.г. Михаил, со која формирањето на македонската православна црковна општина во Загреб се здоби со благослов.

Потоа, авторот на овие редови Славе Катин одржа предавање на тема „Уло-гата и вистината за Македонската православна црква", кое беше следено со големо внимание и наградено со аплауз од присутните.

Напладне во преполнетата црква „Свети Рок" во Заг-реб, се одржа богослужба на македонски јазик.

Присутните ги поздрави и старешината на црквата, а како и на преда-вањето во „Мимара" присуствуваа неколку новинари од Загреб и дописници на странски новински агенции.

Тоа беше прва недела по Денот на Свети Климент. Затоа и литургијата беше посветена на тој наш голем учител и отец, просветител и црковен столб, родоначалник на Охридската архиепископија и првиот охридски епископ.

Огромно беше задоволството што богослужбата се одржа на македонски јазик, тоа се читаше на лицата на присутните на кои тој свечен чин им остави белег на нивните души.

Тоа особено се чувствуваше кога опојниот мирис на темјанот ја исполни црквата, ги возбуди, ги обедини и ги стопли душите на собраните Македонци во тоа, инаку студено, загрепско утро.

Тој опоен мирис, кој многу од присутните не го почувствувале можеби и со децении, им ги замати главите и ги врати сеќавањата на оние далечни денови во родната земја Македонија, во која со години Црквата играла важна улога, ако не и најважна, зашто успеа да ги зачува македонските традиции, обичаи, јазикот, културата и другите обележја на македонскиот народ во еден подолг период.

По одржувањето на богослужбата, заедно со членовите на новата црковна управа на чело со познатиот диригент Тома Прошев, заедно со надбискупот на Католичката црква господинот Кокша, со кого се знаевме уште од Ватикан, имавме срдечна средба, гозба и неколкучасовно другарување на падините на планината Сљеме.

Оттаму, од еден прекрасен ресторан со поглед кон градот, ја гледавме и се насладувавме на убавината на околината и убавите предели на овој рекреативен центар кој по многу нешта наликува на Водно крај Скопје.

Во предавањето ги нагласив најголемиот број историски факти за Македонската православна црква. Притo, посебно се задржав на вистината и историскиот развој на македонските православни цркви и манастири во македонското иселеништво во Австралија, САД, Канада и Европската Унија.

# 3. ПАТУВАЊА И СРЕДБИ ПО ДЕМОКРАТСКА ХРВАТСКА

Токму тие сличности на овие две планини Водно крај Скопје и Сљеме кои се издигаат над двата главни града од двете држави ги прават Загреб и Скопје блиски и ја намалуваат далечината што постои меѓу нив. Во текот на разговорите се правеа споре-дби меѓу Сљеме и Водно, се дискутираше за убавините што мајката природа ни ги дала и за можностите за искористување на тие дарови од природата. На моменти заборавивме дека сме на Сљеме, туку само зборувавме за Водно, за деновите од детството и од студентскиот период, за сѐ она што ги поврзува скопјани со Водно, како и загрепчани со Сљеме.

Беше убав, сончев и пријатен ден кога требаше да прошетаме низ Загреб. Времето за разгледување на некои културно-историски споменици во градот и околината го искористивме за посета на Самобор, градот каде што едно време живееше и твореше големиот македонски поет и револуционер Кочо Рацин.

Тука, пред споменикот останавме подолго време, разговарајќи за животот и делото на еден од најголемите македонски поети – Кочо Рацин. Тие мигови на радост оставија трајни белези кај нас од Македонија, кои за прв пат го посетивме ова значајно гратче кое на најдобар начин се оддолжило на поетот.

Во тој прекрасен дел од Хрватска, уште пред Втората светска војна, Кочо Рацин дошол во овој град и тука ја отпечатил својата позната стихозбирка „Бели мугри" и тоа на македонски јазик.

Тоа зборува за постоењето на маке-донскиот јазик кој, покрај тоа што не бил кодифициран во тој период, сепак, македонските преродбеници од предми-натиот и минатиот век го пишувале и го употребувале маке-донскиот јазик што денес е литературен и официјален јазик во Република Македонија. Во дворот на Музејот во Самобор, кој е сместен на десната страна на брзата планинска река, се издига бистата на Кочо Рацин.

Нашата посета во Хрватска ја искористивме и да ја посетиме Истра – најголемиот и најубавиот полуостров на Јадранското Море, што го запљускуваат морските бранови на Трстјанскиот, Кварнерскиот и Риечкиот Залив. Тоа е карсно, планинско, поморско, индустриско и туристичко подрачје на Република Хрватска. Нејзиниот брег е благ со многу заливи, канали, со високи и стрмни брегови на источната и ниски и рамни брегови на западната страна.

Истра е многу значајно поморско, индустриско и стратешко подрачје на Хрватска и пошироко. Меѓутоа, се чини дека Истра, по воздухот, климатските и другите услови, е привлечен рекреативен центар, или како често ја нареку-ваат „туристичка мека". Во текот на годината, ова прив-лечно и по многу нешта карактеристично подрачје го посетуваат туристи од цел свет, претежно од Италија, Германија, Австрија и други земји.

Првите Македонци на Истра се доселиле по Втората светска војна, а нивниот број се зголемува од година во година. Така, денес во Пула, најважниот центар на

југозападниот брег на полуостровот формиран во 178. година пред нашата ера и во кој има бројни римски и средно-вековни споменици, живеат околу 4.000 Македонци. Нив ги има од сите региони на Македонја, вклучени, главно, во мешани бракови со Хрвати.

Поголемиот број од нив се во Истра, а и во другите приморски градови. Вработени биле претежно во морнарицата и војската, а голем број се афирмирале како деловни луѓе и интелектуалци.

Сите тие уживаат голем авторитет во тамошната средина, а со својата лојалност, трудољубивост и честитост имаат постигнато видни резул-тати на економски, општествен и културен план, со што претставуваат значаен фактор во севкупното живеење. Нивната организираност на национален и културен план е изразена преку активностите на Македонското културно-уметничко друштво „Кочо Рацин“, кое многу години е средиште на најголемиот број активности на Македонците во Истра.

Ја посетивме Пула, како и други туристички места, меѓу кои и Ровињ, Бриони, Пазин, Лабин, Медулин, Дуга Увала, Рабац, Опатија... каде се сретнавме со Македонци, кои својот живот и гнездо го нашле во живописната Истра. Нашиот престој на Истра го искористивме да го посетиме градот Риека и околните туристички места. Патот кој води од Пула до Риека, преку Горски Котор, е нов и претставува вистинска врска на Истра со светот.

Ние ја одбравме делницата преку најдолгиот тунел Учка, кој претставува големо градежно остварување, а во исто време го скратува патниот правец кон Риека и поврзува голем број населени места на Истра. Таму, од излезот на тунелот, како на дланка се гледа Риечкиот Залив кој е испреплетен со поголем број острови, меѓу кои најголемите и најпознатите - Крк и Црес, покрај кои пловат и најголеми прекуокеански бродови, зашто Риека е најго-лемото морско пристаниште во Хрватска и еден од најразвиените градови на Јадранското Море. Риека е раскрсница за средниот дел на Европа, од каде многу поморски патишта водат кон светот.

Во Риека се прошетавме низ центарот, што сега е шеталиште и пријатно катче и за домаќините и за туристите. А, во Риека има туристи во текот на целата година и од сите земји на светот, бидејќи големите бродови чекаат за растовар и утовар подолг период, токму во риечкото пристаниште.

Градот, пак, со својата стара и нова архитектура може да се рече дека е приморска метропола со најмногу архитектонски и други контрасти. Тука се измешало и старото и новото; донесени се бројни новитети од светот, тука се зборуваат сите јазици на светот...

Во попладневните часови се упативме по делницата што ги поврзува приморските излетишта: Волско, Опатија, Ловран, Мошчевишка Драга, па потоа преку Лабин и Рашка продолжува кон Пула. На патот застанавме во климатското лечилиште од светски глас – Опатија, градот што е сместен во Кварнерскиот Залив, а

во подножјето на Учка. Се смета дека Опатија е најдобро уредено летувалиште и туристичко место на јадранскиот брег.

Опатија има суптропска вегетација и блага клима. Тука, бројни морепловци донеле различна флора од сите меридијани. Затоа, човек се чувствува како да е со целиот свет. Ние застанамве на главната улица до морето и имавме среќа да пиеме кафе во ресторанот „Скопје", сопственост на еден нашинец. Се чувствувавме како да сме во Македонија.

Но, ниту од далеку не е кажано сѐ за градовите на Хрватска – Загреб и Риека, како и за другите приморски центри. Она што ќе се каже како порака по сѐ што ќе се види таму е дека треба да се дојде во тие градови и да се почувствува нивното 24-часовно пулсирање, со сите нивни карактеристики пренесени од минатото и оние што ги донесе времето од војната во Босна.

Бидејќи, со секое ново доаѓање во нив посетителот гледа нови нешта, различија во однесувањето и живеењето на граѓаните и, се разбира, многу изненадувања што градовите ги прават интересни и возбудливи за секој посетител.

Затоа, нашата посета на Истра беше многу интересна, возбудлива и исполнета со многу нешта коишто ни ги збогатија нашите знаења, сознанија и видици за тој дел на Хрватска. Во исто време, се запознавме со животот, активностите, со културното и црковното живеење на Македонците во тој дел од Хрватска, каде тие за првпат се организираат на црковен план на поранешните југословенски простори. Тоа е израз на особено добрите односи меѓу двете цркви – Католичката црква на Хрватска и Македонската православна црква-Охридска архиепископи-ја, на двата народа и двете држави.

Македонците во Хрватска со распадот на Југославија, кога почнаа културно да се организираат, почуствуваа дека без духовно организирање и без црковна општина тоа не би било потполно. По стапувањето во контакт со МПЦ, во Загреб во декември 1993 година регистрирана е првата црковна општина Св. Злата Мегленска, а подоцна се формирани и останатите три црковни општини во Пула, Сплит и во Ријека. Во 2003 година по потпишувањето на Договорот меѓу Владата на Хрватска и МПЦ, македонската црква станува рамноправна верска заедница во Хрватска, со што се овозможи вработување и престој на еден редовен парохиски свештеник на овие простори, по што Синодот на МПЦ во 2003 ме испрати како прв редовен свештеник на Македонската православна епархија за Европа, изјави протојереј ставрофор Кирко Велински, од Русиново-Беровско, кој веќе 15 години е.надлежен парохијски свештеник на 4-те црковни општини на МПЦ во Хрватска.

Го продолживме нашето патување кон Риека и преку Горски Котор се упативме кон Загреб. На загрепскиот аеродром „Плесо" бевме испратени од членовите на Македонската православна црква „Света Злата Мегленска", на кои им посакавме тие да бидат мостот за зближување на духовно, просветно, културно и економско поле меѓу хрватскиот и македонскиот народ и меѓу нивните две татковини– Хрватска и Македонија.


HUNGARY
Subotica
0 40 80 km
0 40 80 mi
Vojvodina
CROATIA
Zrenjanin
Novi Sad
ROMANIA
Pančevo
BELGRADE
Smederevo
BOSNIA
AND
HERZEGOVINA
Kragujevac
Bor
Užice
Novi
Pazar
Niš
Midžor
MONTENEGRO
BULG.
KOSOVO
ALBANIA
MACEDONIA
Adriatic Sea



*Калемегдан*



*Српска академија*



*Собранието на Србија*

# 28. СРБИЈА

## 1. ВО БЕЛГРАД НА ДРЕВНИОТ КАЛЕМЕГДАН

Често се вели дека Белград е крстосница на Балканскиот Полуостров и пошироко, меѓународна комуникациска метропола, чии патишта водат на сите страни во светот и од светот, како по сувоземен, така и по воден и по воздушен пат. Тоа се должи на неговата местоположба, природните услови, територијалниот развиток и други карактеристики. Самата местоположба на Белград му дава вонредно и стратегиско значење.

Неговата историја најубаво се гледа во имињата што ги носел, а тоа е историја на една значајна гранична тврдина, место за војување и помирување, место за кое се бореле и Авари и Словени и Австро-Унгарци и Турци и Бугари, Византијци, Унгарци, Германи...

Една од впечатливите посети беше онаа на Калемегдан, симболот на целата историја на Белград. Овој споменик на културата кој крие многу тајни го разгледавме во попладневните часови кога сонцето ја осветлуваше Статуата на победникот од Иван Мештровиќ, што се извишува над Калемегдан.

Калемегдан се издига над устието каде реката Сава се влива во Дунав, заземајќи положба на едно од најубавите места во Европа. Но, тоа е погодно место и за војни и за крвопролевања, место за одбрана, граничен појас, а денес, пак, место – парк за одмор и рекреација, за вистинските љубовни изливи,место за медитирање, за запозна-вање со бројните културно-историски споменици...

Белградската тврдина Калемегдан е симбол на Белград, негово првобитно јадро, сложен спомен комплекс и дел од целокупната историја. Минатото на Белград и на српскиот народ може да се прочита од историските траги на разурнатините на оние кои уривале и оние кои повторно ја граделе тврдината. А таа била едно од важните одбранбени упоришта на Римската Империја. Многу траги се уништени. Така, средниот век ги покрил оние од римскиот период, а многу негови остатоци се покриени со австро-унгарско-турски градби.

Средновековниот Горни Град, изграден на калемегданското плато, е значајно место на Белград. Според еден запис од XVII век, градот бил опкружен со висок ѕид, со кули покриени со олово, полукружни бастиони и со суви ровови. Во рамките на ѕидовите биле стиснати 200 куќи надвишени од џамијата на Сулејман I и Сулејман II.

Тука се наоѓала моќна тврдина од кули одделени со длабок шанец преку кој минувал подвижен мост. По Горниот Град, пак, од подножјето на калемегданскиот брег до реките Сава и Дунав, во облик на кружен исечок, се простирал Долниот Град, од сите страни опкружен со бедеми и кули.

Меѓу значајните траги зачувани од минатото во Горни Град се Деспотовата капија и Деспотовата кула подигнати во почетокот на XV век во времето на Стефан Лазаревиќ. Денес кулата е пренаменета во опсервација. Тука е и Ѕиданата капија со кулите, Сахат капијата и Јакшиќевата кула.

При нашата посета, заедно со министерката Илинка Митрева и проф. д-р Владимир Цветковски бевме информирани дека Белград за време на турското владеење се развил во град со многу жители како административен и воен трговски центар со интензивен промет.

Тоа го кажуваат и зборовите на патеписецот Евлија Челебија кој вели дека поради тоа што градот е жив и прометен, илјадници луѓе од други места се населувале таму. Така и во минатото во Белград доаѓале и се населувале различни народи и нации, меѓу кои и Македонци, чиј број се менува од година во година.

Помеѓу Белградската тврдина и стариот дел на Белград се наоѓа паркот Калемегдан. На турски „кале" значи град, тврдина, а „мегдан" значи поле. Затоа може да се про-толкува дека Калемегдан бил градско поле, празен простор пред тврдината неопходен за одбрана од копнената страна. Сличен или идентичен пример со охридското Самоилово кале, кое градот го штитело од копнениот дел, додека Охридското Езеро бил чуварот од страната каде заплискувале брановите.

Високиот брег на Сава, кој денес е познат како Савско шеталиште, Турците го нарекле „Фиќир-баир" што во превод значи „Брег на река за размислување". Во височините, него го заплискуваат разни струења на ветрови, а со километри го покрива видикот кон запад. Тој е погоден за размислување, за тешки одлуки или лесни љубовни врски, за дружење или за самотија, за многу внатрешни чувства...

Нашата прошетка ја искористивме да ги посетиме ископините од дворецот на Митрополијата, каде се најдени остатоци од мермерниот портал на митрополитската црква „Успение на света Богородица" со ктиторски натпис на деспотот Стефан Лазаревиќ. На самата падина се откриени делови на репрезентативна зграда од XV век со готски портал и други архитектонски елементи, за кои се претпоставува дека припаѓале на Митрополијата. Таму на рамниот дел, пак, кон Сава е Гробницата на народните херои од Втората светска војна, меѓу кои, неколкумина се од Македонија.

Исто така, таму се сместени и Вечниот и Природо-научниот музеј. А, токму таму водичот на нашата група – убавата Србинка, во поетски стил ни рече дека дрворедот до цветната алеја, од ресторанската бавча со поглед на целиот Срем до римскиот бунар, и од детското игралиште до црквата „Света Петка", ни овозможува разгледувањето на Калемегдан да го доживееме како празник за умот, душата и телото.

Според статистичките податоци, во 1820 година Белград имал околу седум илјади жители, за по Првата светска војна тој број да се зголеми на повеќе од сто и десет илјади жители. Во 1948 година градот броел околу 360.000 жители, за денес во поширокото градско подрачје да достигне бројка од околу два милиона жители. Според пописот од 1971 година, кога градот броел околу 750.000 жители, во него 1,3% биле Македонци, односно преку 50.000 доселени пред војната и по неа.

# 2. МАКЕДОНЦИТЕ – ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА НА СРБИЈА

Голем број Македонци од Тетовско, Битолско, Струшко, Прилепско, Кичевско и од други региони на Западна Македонија доаѓале на печалба уште во минатиот век, за тој број да се зголеми меѓу двете светски војни, особено по Втората светска војна, кога во Белград немало само фурнаџии, кафеанџии, семкари, слаткари и други занает-чии, туку дошла и плејада по граѓани на светот. Во тие мигови пред хотелот „Балкан“ со мислите отпатувавме во времето кога Македонците живееле од градот на белината, како често нашите го нарекувале.

Меѓу двете светски војни голем број Македонци оделе да се школуваат во Бугарија, Русија и бројни европски метрополи. Меѓутоа, по Втората светска војна Белград станал центар за голем број македонски студенти кои се стекнале со високо образование, за потоа да работат во својата татковина како професори, лекари, инженери, уметници, новинари, правници итн.

За многу Македонци Белград како главен град на Србија и на сојузната држава, како универзитетски центар останал да биде втората нивна татковина. Така, во текот на нашиот престој бевме со еден наш македонски „преспански белграѓанин“ со кого го посетивме најживиот трговско-деловен дел на градот – улицата „Кнез Михајлова“. Тој ни раскажуваше дека таа улица со закон е заштитена како историски вредна градежна целост.

Од повеќето нејзини објекти, коишто претставуваат дел од минатото на Белград, пак, нашиот пријател ни рече дека најзначајни се: Академијата на ликовните уметности, куќата на Хрисанта Хуманѕди, Српската академија на науките и уметностите, во чиј состав е Библиотеката на Архивот на САНУ, и Задужбината на Никола Спасиќ. Во близина на Калемегдан се наоѓа Конакот на кнегињата Љубица (дворец со оригинален стил), Соборната црква (изградена во неокласичен стил со барокно кубе) и Патријаршијата.

Заедно со нашинецот отидовме до Стариот дел на Белград, до Скадарлија, која со векови е собиралиште на артисти, уметници, поети, новинари – најпознати имиња на културниот живот на Белград, а и денес ја привлекува и младината и туристите. Таму, на Плоштадот на Републиката, се издига споменикот на кнез Михајло подигнат во 1882 година, во знак на сеќавање на конечното заминување на Турците од српските градови.

Вниманието го привле-куваат и Народниот музеј и Народниот театар, што се наоѓаат на Плоштадот на Републиката. На Теразија се наоѓа Палатата „Албанија“ која пред Втората светска војна била највисоката и најубавата зграда во Белград.

Теразија во минатиот век било мочуриште, а денес тука се возвишуваат бројни културни, просветни и трговски институции. На овој простор се наоѓаат и хотелот „Балкан“, оставнината на Мавровчанецот Јаниќ, чија табла, за жал, при нашата посета беше извадена.

Нашиот пријател со кого другарувавме како студенти се потруди со автобус да го разгледаме Белград. Така, од хотелот „Мажестик" преку Теразија се упативме кон плоштадот „Славија" каде се наоѓа споменикот на Димитрије Туцовиќ. Го видовме Собранието на Србија, сместено во некогашниот дворец, го поминавме хотелот „Славија" и Соборната црква „Свети Сава" и од плоштадот на Авто-команда се упативме кон Авала.

Авала е ниска планина лоцирана на 506 метри надморска височина на шумадиската греда, и се протега од Рудник до Калемегдан. Петнаесетте километри ги поминавме за миг и се искачивме на ова значајно белградско излетиште. Го посетивме споменикот на Незнајниот јунак кој се наоѓа на врвот на планината и има облик на мавзолеј, изграден според проектот на Иван Мештровиќ.

Во непос-редна близина под нагорниот дел од кружниот пат се наоѓа Споменикот на настраданите советски воени ветерани, загинати во авионската несреќа во 1964 година. Меѓу зданијата сместени на Авала се и: телевизиската кула, висока 202 метра и угостителските објекти, каде се нагостивме со српски специјалитети и убаво тиквешко вино.

Во попладневните часови преку мостот „Газела" се упативме кон Нов Белград, каде се изградени голем број монументални управни, културни и други објекти. Го посетивме Музејот на современата уметност, што е сместен во близина на сливот на реката Сава во Дунав, потоа Конгресниот центар „Сава" и Студентскиот град, каде и ние сме имале статус на станар, за да стасаме во Земун. Овој стар град до 1918 година бил австро-унгарски пограничен дел. Во него ги видовме Тврдината на градскиот брег со Јанковата кула, Куќата со сончевиот часовник, како и други споменици.

Посетата на Земун беше предизвик за нас од Маке-донија, бидејќи бевме информирани дека во овој убав град, како и во селата Јабука, Качарево, Глогањ и други места живееле и живеат бројни македонски семејства, меѓу кои се познатите кичевски фурнаџии кои го одомаќиниле и бурекот и другите македонски специја-литети, како и Преспанци кои го збогатиле овоштарството.

Во селото Јабука, пак, кое наликува на град, живеат повеќе од шест илјади жители, од кои 80% се Македонци, кои свиле семејни гнезда во рамниот Банат. Таму, „Кочо Рацин", „Гоце Делчев", „Македонија" се најчести имиња на културните, образовните, спортските и другите организации. Така, Домот на културата го носеше името „Гоце Делчев", културно-уметничкото друштво на Македонците се викаше „Васил Хаџиманов", а основното училиште го носеше името „Гоце Делчев". Сето тоа зборува за врската на Македонците во Војводина и пошироко со дедовската земја Македонија.

Ние имавме среќа да ги посетиме тие војводински села во кои пченката е најважната земјоделска култура и каде голем број македонски семејства од сите делови на Македонија, во виорот на големата повоена преобразба, добија земјиште, што беше напуштено и одземено од германските семејства.

# 3. ПРИЗНАНИЈА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ШИРУМ СРБИЈА

Според некои кажувања, во периодот од распадот на Југославија до денес, има бројни измени во културното, политичкото и општественото живеење на Македонците не само во Војводина, туку и во цела Србија. Имено, ако Србите во Македонија се гласноговорници и поборници за добивање на повеќе, отколку што треба, политички, црковни и социјални права, Македонците во Србија беа долго исплашени и неорганизирани, пред сè, поради политичките превирања и појавата на големите национализми. Со распадот на поранешна Југославија сите народи од другите републики, меѓу кои и Македонците што живееја во Србија, станаа малцинства и мораа да се организираат заради остварување на своите малцински права, според Уставот, републичките закони како и актите на локалните самоуправи во Србија. До тоа време никој не прашуваше кој сте и од каде сте, но, сепак, имаше регионални дружења со забавен карактер. Така, на пример, постоеја црногорски, македонски, лички, ромски и други вечери на кои луѓето се среќаваа, веселеа и го ширеа кругот на пријателство.

Во овој период, покрај македонските институции, во Војводина, кои работеле со успех во период од седумдесетина години, Македонците како малцинство во Србија имаат свои нови македонски организации, друштва, клу-ови, училишта, фолклорни групи и друг вид асоцијации, кои влеваат надеж дека состојбата ќе се подобри и дека ќе имаат посреќно утре. Меѓу другите, треба да се споменат следните: Националниот совет на Македонците во Република Србија, Списанието „Македонска виделина", Здружението „Гоце Делчев" - Врање, Пејачката женска група „Тоше Проески" во Качарево, Клубот „Илинден" во Јабука, Здружението „Бели мугри" во Пирот, Домот на културата „Кочо Рацин" и Основното училиште „Гоце Делчев" во Јабука, Здружението „Македониум" од Белград, Здружението „Гоце Делчев" од Врање, Културно-уметничкото друштво „Васил Хаџиманов" во Јабука и други. Се чини дека најголем успех е воведувањето на македонскиот јазик да биде во јавна (службена) употреба во локалната управа на Општината Пландиште кај Вршац и избор на пратеник од македонската заедница во Собранието на Србија.

Во Белград бевме гости на академикот проф. д-р Антоније Шкокљев–Дончо. Тој е еден од оние доблесни Македонци кој својот живот го посветил на науката, на здравјето на луѓето, на напредокот на новите генерации во областа на медицинските науки, на палеолингвистиката и на древните корени на народите на Балканот. Во исто време, тој е посветен на добрите односи меѓу Србија, каде го поминува најголемиот дел од животот и на Македонија, неговата родна земја. Тој, како човек со голема љубов кон своите две татковини - Србија и Македонија, како тој умее да го каже, дал извонредно голем придонес во развивањето на српско-македонските односи и врски, пред сè, на научно и на публицистичко поле.

Животниот пат на академик проф. д-р Антоније Шкокљев-Дончо започнал во познатото македонско револуционерно село Д'мбени - Костурско, во егејскиот дел на Македонија. Селото во кое се родени плејада предвоени македонски борци и интелектуалци, кои се бореле за афирмација на македонските идеали. Во Д'мбени

се родил и најголемиот донатор од македонската дијаспора, Атанас Близнаков, кој живееше во Гери, Индијана, во САД, и кој за иднината на македонската младина, за студентите, ја формира најголемата фондација во Република Македонија, Фондацијата „Близнаков“ на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје.

За академик Шкокљев Белград е градот на животот, љубовта, науката, напредокот... Таму тој го завршил Медицинскиот факултет и специјализирал максилофацијална и орална хирургија на Воено медицинската академија во Белград и станал доктор на медицински науки.

Еден од најпознатите Македонци во Србија е, секако, адвокатот Тома Фила. Тој е роден на 29 јули 1941 година во Битола. Тој е српски адвокат и политичар кој беше пратеник на Народното собрание од 3 август 2020 година. Тој е и член на претседателството на Социјалистичката партија на Србија (СПС) и член на Епархискиот совет на белградско-карловската архиепископија.

Фила е родена на 29 јули 1941 година во Битола, територија на Кралството Југославија, тогаш окупирана од Бугарија (денешна Македонија). Неговиот татко бил етнички Аромански адвокат Филота Фила, а неговата мајка Ели била ќерка на трговец од Белград. Откако бугарските окупаторски власти ги протерале од Битола, родниот град на неговиот татко, тие морале да се преселат во Србија окупирана од нацистите. Воените години Тома ги поминал со мајка му во Неготин, додека татко му работел во Белград и во 1943 година бил уапсен поради член на југословенските партизани, поради што бил затворен во концентрациониот логор Бањица, а потоа одведен во концентрациониот логор Маутхаузен-Гусен.

Основно и средно училиште завршил во Белград, а во 1963 година дипломирал на Правниот факултет на Универзитетот во Белград

По дипломирањето, тој стана најмладиот адвокат во Југославија и продолжи да работи во адвокатската канцеларија на неговиот татко. Фила и неговиот татко биле против смртната казна и често ги бранеле обвинетите за најтешките кривични дела. Тој беше претседател на Адвокатската комора на Србија од 1990 до 1994 година.Двапати беше претседател на Сојузот на Адвокатската комора на Југославија. Во текот на својата кариера ги бранеше Јованка Броз, Слободан Милошевиќ, Жарко Лаушевиќ, Горан Хаџиќ и други.

Неговата политичка кариера започна во 2008 година кога беше именуван за правен советник на Ивица Дачиќ, во тоа време вицепремиер на Србија и министер за внатрешни работи. Во 2017 година, тој се приклучил на СПС и една година подоцна, бил избран во Градското собрание на Белград по локалните избори во 2018 година.Набргу потоа, на 7 јуни, тој поднесе оставка како пратеник во Градското собрание. Во моментов работи како член на Претседателството на Социјалистичката партија на Србија.

По српските парламентарни избори во 2020 година, Фила беше избрана за пратеник во Народното собраниеВо февруари 2022 година, Фила беше именувана за носител на гласачките ливчиња и кандидат на СПС за градоначалник на Белград на претстојните избори за градското собрание на Белград.






*Тирана*



*Корча*



*Пустец*

# 29. АЛБАНИЈА

## 1. ОД ПАТУВАЊАТА НИЗ АЛБАНИЈА

До Втората Светска војна судбината на македонскиот народ во основа била иста во сите делови на поделена и поробена Македонија. Врз македонското население се вршеле, а и денес во Бугарија и Елада (Грција) му се оспоруваат основните човечки права, и се врши асимилација, поделби и раселувања, но и духовно и физичко асимилирање. Од тие причини во некои краишта на етничка Македонија настанале крупни миграциски и етнички измени што имале катастрофални последици за Македонците.

По Втората Светска Војна и ослободувањето на дел од етничка Македонија, се водела посебна грижа за Македонците кои живееле во соседните земји и тие да се воспитуваат и образуваат на својот мајчин македонски јазик. Тоа било изразено особено во периодот од 1945 до 1948 година во Пиринска Македонија и во Албанија, каде постоеле македонски училишта, книжарници, библиотеки, фолклорни групи и други институции со сите македонски национални карактеристики и белези.

Треба да се нагласи дека веднаш по војната Албанија побарала од тогашната југословенска влада да испрати учители за настава по македонски јазик во подрачјата во кои живеело македонско население. Наставниот кадар, пред сѐ, бил потребен во селата Туминец, Пустец, Долна и Горна Горица, Глобочани, Шулини Зрновско, кои се наоѓаат во Мала Преспа, а припаѓаат во корчанскиот регион, како и воселата Врбники Церје во околијата Билиште, потоа во Лин, во поградечкиот регион и во други населени места.

Сите наставници–ентузијасти кои го ширеле, го обновувале, го чувале и го пренесувале македонскиот јазик, културата и традициите особено на младите генерации во Албанија одиграле важна, ако не и најзначајна улога во афирмирањето не само на македонскиот литературен јазик, туку и на македонскиот народ на своите корени и на Република Македонија во целина.

Затоа, со право се вели дека наставниците по македонски јазик во Албанија и во Пиринска Македонија се значаен дел на мозаикот и темелот на литературниот македонски јазик, кој со својата кодификација станал еден од трите официјални јазици на тогашна НР Југославија уште од 1945 година.

Сето тоа се одвивало до периодот на Информбирото, кога сите учители по македонски јазик во Албанија биле отпуштени и вратени назад. Единствено учителот Никола Беровски останал во Албанија. Тој до својата смрт работел на ширењето на македонскиот јазик; напишал бројни учебници, граматика и други школски книги за Македончињата во Албанија, посветувајќи го својот работен век на неговиот мајчин јазик, кој се учел од прво до четврто одделение, а натамошното школување било на албански јазик.

За разлика од Грција и Бугарија, Албанија го признала постоењето на македонското национално малцинство на својата територија и немала негаторски однос кон македонската нација во целина. Тоа било видливо и од нејзините уставни и други прописи, со кои барем формално на Македонците им се дозволувало да ги остваруваат своите национални права. Меѓутоа, поради својата надворешна и внатрешна политика, Албанија во комунистичкиот режим не му дозволувала на македонското малцинство да комуницира со матичниот народ во Република Македонија. Затоа, со право се вели дека Македонците во Албанија биле разделени, но засекогаш останаа неодродени.

Се смета дека Благој Попов, како претседател на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, бил првиот државник кој официјално ја посетил Албанија во октомври 1980 година. Тоа била прва средба на висок претставник на тогашна Југославија со Македонците во Пустец и околните населби, кои по 32 години затвореност се сретнале со Македонец од слободна Македонија.

Во тој период и покрај тоа што било запишано во една декларација дека на Македонците им се „гарантира заштита и развој на националната култура и традиции, потребата на мајчиниот јазик и рамноправност во сите облици". Меѓутоа, во суштина, Македонците во комунистичка Албанија не ги уживале ниту елементарните национални права.

Тие биле изложени на интензивна денационализација, изолација и албанизација. Единствено во регионот на Мала Преспа, во селото Пустец, во првите одделенија на основното училиште наставата се изведувала на македонски мајчин јазик. Но, во повисоките одделенија, како и во средните и високите школи, маке-донскиот јазик воопшто не бил застапен, за разлика од застапеноста на албанскиот јазик во сите образовни институции во Република Македонија.

Според тогашните податоци во Долна Преспа се вели дека имало 10 села со околу 5.000 исклучително Македонци, дека појавата на маларични туберкулозни забо-лувања била искоренета, а смртноста на доенчињата намалена, дека биле освоени многу нови обработливи површини, изградени нови плантажи со овошје и лозја кои се наводнувале и дека било развиено стопанството и риболовот.

Се нагласува дека животниот стандард на луѓето во Долна Преспа бил на повисоко ниво, бидејќи во секое село имало електрично осветлување, водоводи поголем број нови куќи, потоа дека секое семејство имало радиоапарат, а секое село имало телевизор.

Во селото Пустец, пак, имало пошта, универзална продавница, сала за приредби, во која се одржувале и кино претстави, дека вработените во Кооперативата добивале плата по 10-12 лека дневно, дека секое семејство имало право на земја на која се садело зеленчук и лозја, што обезбедувало семејството да има вино и ракија за сопствени потреби.

Исто така, во документите се вели дека немало неписмени и дека покрај осумгодишното училиште во селото Пустец, во другите села имало четиригодишни учи-

лишта во кои наставата се изведувала на македонски јазик. Во училиштето работеле поголем број учители Македонци, а само двајца биле Албанци. Исто така, во тој период од Мала Преспа имало 17 Македонци – студенти на разни факултети во Тирана и Корча и дека поголем број Македонци стекнале факултетско образование и како лека-ри, агрономи, економисти и правници нашле вработување во повеќе места во Албанија. Во Пустец, пак, имало болница која била нов објект и за селски прилики голема, на приземје и на кат, имало амбуланта со интерно, акушерско и стоматолошко одделение, како и аптека, а лекарите, сестрите, фармацевтите и другите вработени биле Македонци.

За Пустец и другите населби, не само локалните жители, туку и албанските раководители од Корча говореле дека таму живеело чисто македонско население и дека немало ниту еден Албанец. Меѓутоа, сите јавни информации, натписи и пароли, со исклучок на две – три пароли, биле испишани на албански јазик. Така, називот на селото бил променет од Пустецво „Ликенас".

Меѓутоа, веројатно вистината е поинаква, бидејќи Македонците од Мала Преспа со децении очајнички се бореле да преживеат како земјоделци и сточари. Како лавови се грижеле за своите семејства да опстојат како Македонци и покрај тоа што нивните имиња биле поалбанчени.

Тие се бореле да ги негуваат вредностите на националната самобитност на македонскиот народ. Накусо, останаа Македонци на својата земја и огниште, со свој мајчин македонски јазик, македонска култура, традиција, историја, македонски нишани...

Во бројни документи во демократските држави во светот, особено во Европската унија е запишано дека националните малцинства, кои и да се, и каде и да се наоѓаат, не еднаш, и не на едно место треба да претставуваат непроценливо богатство за зближување меѓу народите, мостови за воспоставување трајна соработка, што ќе придонесе за бришење на границите и создавање на идниот заеднички европски дом.

Според Васил Стерјовским, Македонската заедница реално брои над 100 илјади на целата територија на Република Албанија и доколку би бил спроведен реален попис тоа ќе се потврди.

„Македонската заедница официјално живее во областите Гора, Голо Брдо, Преспа, Врбник и областа Девол, долж албанско – македонската граница. За жал и ден денес се следи комунистичката политика, која нас, Македонците нѐ признава како малцинство само во областа Преспа, Општина Пустец. Не ги признаваат Македонците во Гора и Голо Брдо. Ним дополнително им се вршеше

притисок и на другите пописи да не се изјаснуваат како она што се – Македонци", рече Стерјовски.

Освен во овие области повеќе од десетина илјади Македонци живеат во Тирана, Елбасан, Драч, Кукс и други градови.

Нас Македонците во Албанија ништо не може да не поколеба на пописот да се изјасниме она што сме, а за Бугари тоа е само идеја која попусто ја пропагираат бугарските власти и здруженија, пак. порачуваат Македонците во Албанија.

# 2. КОНТРАСТИТЕ И ПОСТИГНУВАЊАТА ВО АЛБАНИЈА

Во проучувањето и изнесувањето на многубројните проблеми од оваа област се ангажирани голем број експерти. За жал, ова правило не важи целосно во Албанија, чии сонародници во Република Македонија, наспроти Македонците во Албанија, уживаат толку многу права и благодети, некои и многу повеќе отколку што се пропишани со овие документи, како на политичко, национално, социјално или друго ниво.

И не само еднаш, ваквите демократски права се злоупотребени, особено на политички план, додека на Македонците од православна вероисповед во Мала Преспа и на Македонците од муслиманска вероисповед во Голо Брдо, Гора и на други места ширум Албанија е

Денес во Албанија за голем број Албанци, Македонци и други националности потешко се живее, нема доволно услови за нормален живот. Нема доволно работа, нема пари, нема иднина.... Многу нешта се изградени, но исто така многу нешта се уништени, дури и она што беше стекнато, речиси, е загубено.

Затоа тргнавме од хипотезата дека за нашата посета на Албанија, една од најважните цели се Македонците, особено во Мала Преспа, кои беа тотално отцепени од секаква можност, не само за допир со современото, туку и за контакти со македонскиот народ во слободниот дел на етничка Македонија, чиј дел се и самите тие. Тие слободно можат да се наречат херои, бидејќи со децении очајнички се бореле да преживеат не заборавајќи ги своите македонски корени.

Како резултат на тоа, и покрај прекинот на односите со Југославија, што го наметна Албанија во 1948 година, Македонците во селата од Мала Преспа успеаја да ги негуваат и да ги зачуваат вредностите на националната самобитност како македонскиот народ. Всушност, тоа е прв случај на официјална употреба на македонски јазик во Република Албанија. Тие постојано се бореле да ги негуваат вредностите на националната самобитност на македонскиот народ. Накусо, останаа Македонци на својата земја и огниште, со свој мајчин македонски јазик, култура, традиции, обичаи, вера, историја...

Беше работен ден кога ја преминавме македонско – албанската граница кај Ќафасан и тргнавме по патот за Тирана, главен град на Република Албанија кој се наоѓа во средишниот дел од земјата. Населбата била основана во 1614 година од страна на Сулејман паша, а главен грсд на Албанија станал во 1920 година. Патувањето беше интересно, бидејќи авторот на овие редови како секретар на Здружението на новинарите на Македонија, заедно со група новинари од бројни медиуми од Македонија за прв пат се најдоа на почвата на таа блиска, асепак, далечна земја. Целта на нашето патување во Албанија беше посета на Тирана, Корча и Мала Преспа.

Инаку, делот од Македонија познат како Мала Преспа, или Долна Преспа бил даден на Албанија по потпишувањето на Версајскиот „мировен"договор во 1919 година. Со тој неправеден договор завршила поделбата на етничка Македонија меѓу новоформираните држави: Србија, Грција, Бугарија и Албанија за потоа да започне ерата на денационализација, присилна асимилација и иселување на македонскиот народ од своите вековни корени.

При нашата посета во Албанија бевме информирани дека реалниот број на етнички Македонци во таа соседна земја е оценет на околу 200.000 лица. Притоа треба да се потенцира дека Македонците во Албанија имаат поголема слобода и човекови права од Македонците во Грција и Бугарија, меѓутоа, сепак сè уште постојат бројни прекршувања на човековите права. Албанија го признава статусот на македонското етничко малцинство. Уште од 1945 година во Мала Преспа започнала настава на мајчин македонски јазик во основното образование до петто одделение, образование за кое биле издадени учебници од страна на државата.

Се очекува дека правото на настава на својот мајчин јазик, во согласност со меѓународните стандарди, исто така, да биде продолжено со учениците од македонскака етничка припадност и во другите делови на Албанија. Тоа значи дека Албанија во согласност со договорите за соработка во областа на образованието потпишани пред повеќе години се обврзува да воведе настава на македонски јазик во средното и во високото образование, односно на факултет.

Треба да се нагласи дека Македонците во Албанија имаат неколку организирани и активни здруженија и партијата „Македонска алијанса", но можностите за политичка активност се мали, бидејќи државата не дава финансиска поддршка на нивните организации. Уште од 1993 година започнало да излегува првото периодично списание на македонски јазик, „Мир", а потоа „Преспа"и други, а има радио и телевизиска програма и на македонски јазик.

Меѓутоа, исто така, треба да се потенцира дека позицијата на етничките Македонци во Албанија е далеку од онаа на етничките Албанци во Македонија. Додека во Македонија етничките Албанци се и министри и пратеници во Собранието и нивната голема партија е коалициски владин партнер, Македонците во Албанија сè уште немаат можности за вистинско политичко учество.

Кога се зборува за прашањето на статусот и положбата на етничките Албанци во Македонија и оние на етничките Македонци во Албанија, Македонија досега никогаш не инсистирала на реципроцитет, туку ги сметала правата на албанското малцинство како еден од клучните фактори на нејзината демократија. Но, мора да се разбере дека Тирана не може неограничено да го бара невозможното од Македонија, додека правата на етничките Македонци во Албанија остануваат под најелементарно ниво. И пописот, кој за жал не се спроведува во Република Македонија, а во Албанија и покрај тоа што се изврши со учество на европски и меѓународни институции, не го покажа вистинскиот етнички состав на населението во оваа земја.

# 3. ВО ДОМОТ НА ПИСАТЕЛОТ СТЕРЈО СПАСЕ ВО ТИРАНА

При нашата посета на Тирана бевме сместени во хотелот „Еуропарк" во центарот на градот и тргнавме да го видиме тој за нас непознат град и свет. Се чинеше дека во тој кус период не можевме многу да видиме. Но, во сеќавање ни остана средбата со едно македонско семејство. Имено, во Тирана го посетивме домот на семејството на познатиот и признат писател Стерјо Спасе, во чиј дом бевме примени со љубов и топлина, со големо македонско гостопримство.

Инаку, Стерјо Спасе е еден од најпознатите романсиери во Албанија. Тој е од македонско потекло и е роден во 1914 година во селото Глобочени, Општина Пустец, Мала Преспа. Се школувал во Корча и Елбасан, потоа студирал педагогија во Флоренца во Италија, а магистрирал во поранешниот Советски Сојуз. По Втората светска војна работел како книжевен критичар, а пишувал за бројни албански списанија. Починал во Тирана во 1989 година.

Стерјо Спасе ја започнал својата писателска кариера кога бил наставник во селското училиште во Дервичане во близината на Гирокастро.

Тој е автор на дванаесетина позначајни романи на албански јазик. Романот „Тие не беа сами" ("Ata nuk ishin vetëm") (1952) на Стерјо Спасе е објавен и на македонски јазик во 1989 година во превод на познатиот учител во Мала Преспа, Никола Беровски. Исто така, Институтот за фолклор „Марко Цепенков" и Институтот за национална историја од Скопје, го објавија на македонски јазик делото на Стерјо Спасе под наслов „Македонски народни песни од Мала Преспа" (1992), што го подготви д-р Благој Стоичовски од Скопје.

Посетивме и бројни други културно-историски споменици од минатите времиња кои зборуваат за животот, постигнувањата, тагата... Ја видовме и православната црква во центарот на Тирана и квартот на луѓето од власта кои се школувале по светот, а го оставиле својот народ во мрак.

При нашата посета во Тирана ги потврдивме нашите податоци дека Македонците се едно од малцинствата во Албанија кои претежно живеат покрај албанско-македонската граница во Мала Преспа, Голо Брдо и Гора, а ги има и во Корча (Горица), Елбасан, Драч, Тирана и други места. Така, во областа Голо Брдо во 1924 година, дванаесет години по формирањето на Албанија била поделена меѓу тогашна Југославија и Албанија.

Во Албанија областа Голо Брдо територијално е поделена на три опш-тини: Требишта, Острени и Стеблљево, со 16 села чисто македо-нски. Во општините Острени и Требишта живеат исклучително само Македонци, а во Општина Стеблљево населението е етнички мешано и Македонци и Албанци. Во областа, пак, Долна Преспа, по на север од Голо Брдо во Општината Мачеларе останати се само три македонски села и тоа Горно Крчиште, Долно Крчиште и Ербеле, кои во 1924 година Албанија ги добила од тогашна Југославиа во размената на територии по граничната линија.

Инаку, Македонците муслимани се етнички Македонци кој зборуваат македонски јазик и се познати под повеќе различни имиња. Македонците муслимани живеат во Република Македонија, во Албанија, на Косово, во Турција и на други места.

Македонците со исламска вероисповед се мнозиство и во македонските етнички територии надвор од границите на Република Македонија, особено во областите Гора во Албанија и Косово и во Голо Брдо во Албанија. Поради тоа што овие луѓе се Македонци, нивните здруженија и орга-низации постојано апелираат да се престане со употребата на разните имиња (кои често имаат погрдно значење) и за нив да се користи само името Македонци бидејќи тоа и се.

Главна карактеристика за сите нив е што го зборуваат македонски јазик во дијалектна форма според регионот во кој живеат. Но сепак поради различноста на регионите во кои живеат секоја група има задржано свои специфични етнолошки и други карактеристики.

Првите податоци за исламизирањето во Македонија датираат од средината на XV век. Отпрвин примањето на исламот било доброволно и најчесто во ислам преминувале оние луѓе кои имале големи имоти и кои биле побогати со цел да ги зачуваат своите имоти и богатства од одземање од страна на Турците.

Еден дел од Македонците христијани го примиле исламот со цел да ја задржат земјата и имотот и понатаму братски во задруги да ја обработуваат со своите роднини кои останале христијани. Подоцна имало и присилна исла-мизација, а денес, пак, се јавуваат нови форми на однародување на Македонците – муслимани од своето македонско ткиво, што се врши со големите националистичките апетити.

Денес Македонските муслимани од Гора (Горанци) во Косово официјално побараа да бидат вклучени во новиот предлог за уредувањето на Косово како посебна македонска национална заедница, со гарантирани пратенички места, со овозможено образование на мајчин македонски јазик и давање на културна автономија на областа Гора.

Голо Брдо, пак, е претежно планинска област во источниот дел на Република Албанија. Населението во овој регион е македонско, од кои мнозинството се со исламска вероисповед. Македонците од овој дел на Албанија се организирани во здружение наречено „Мир". Тие се борат за добивање на своите човекови и национални права и имаат надеж и веруваат дека тоа ќе им се оствари во блиска иднина.

Во утринските часови ја напуштивме Тирана и тргнавме кон Корча и Мала Преспа. Беше убав и топол јунски ден кога пристигнавме во Корча, град којшто по многу нешта наликува на Битола. Тој е распространет на јужната страна на плодното Корчанско Поле. Во минатото, овој град бил еден од најзначајните трговски центри на тие балкански простори, со кој луѓето од Лерин, Битола, Охрид, Струга, Поградец, Костур, Ресен, Љубојно, Герман и од други места имале многу блиски и одлични трговски врски со заедничко живеење.

# 4. ВО МАКЕДОНСКАТА ОПШТИНА ПУСТЕЦ

Денес градот Корча е административен и културен центар и еден од поубавите и позначајните поголеми градови во Албанија. Во него има неколку индустриски капацитети, меѓу кои, термоелектрана, фабрика за шеќер и фабрика за пиво, од кои и покрај тоа што некои од капацитетите се со стара технологија и со низок степен на продуктивност, сепак, претставуваат значаен дел на албанската индустрија.

Во Корча останавме една вечер во хотелот што се наоѓа во центарот на градот и претставува единствен туристички објект од таков вид. Таму се сретнавме со група Македонци кои чекале подолг период само да се видиме и да разговараме. Средбата беше блиска, пријателска, но трогателна. Секој сакаше да се поздрави, да каже или да праша нешто. „Јас сум Македонка од Корча; а и јас сум од Корча, ама моите се од Долна Преспа; јас сум Македонец од Билиште од..." се слушаа овие зборови. А потече и некоја солза, но овој пат од радост, од возбудата предизвикана од средбата со свои луѓе.

Вториот ден од нашиот престој во Албанија појдовме за Мала Преспа. Тоа беше нашиот предизвик, а беше навистина пријатно да се гледа плодното поле, кое некогаш било познато како Бешичко Езеро, а од источната страна надвиснала Иван Планина, која се вишнее над Преспанското Езеро и која била репер за временските непогоди од другата страна на Езерото под Пелистер.

Патот што води кон Мала Преспа се дели од делницата Корча – Билиште и свртува кон север. Во тој период дел од патот беше во реконструкција и патувањето од дваесетина километри го направи напорно. Меѓутоа, сè се заборава кога човек ќе пристигне под Иван Планина, над Мала Преспа, каде се наоѓала „единствената порта" и врска со светот за деветте македонски села.

Бевме информирани дека во времето на Балканските војни, кога дошло до поделбата на Македонија помеѓу Грција, Бугарија и Србија, југозападниот дел на Преспанското Езеро бил придодаден кон новосоздадената албанска држава. До вакво решение се дошло наводно поради тоа што жителите биле економски зависни од градот Корча, кој бил населен со православни Албанци, Власи и Македонци.

Ни беше кажано дека до Втората светска војна албанската држава водела силна асимилаторска политика кон малцинствата, вклучувајќи го и македонското малцинство. Ваквата политика била напуштена по војната, кога Македонците во овој дел на Албанија се признати како македонско национално малцинство со право на образование на мајчин македонски јазик. Меѓутоа, со демократизацијата на албанското општество во последната деценија на XX век, за среќа се создадоа услови Македонците активно да се вклучат во општествено - политичките процеси во Албанија.

Инаку, Мала Преспа или Долна Преспа, како Преспанци ја нарекуваат е географска област покрај југозападниот брег на Преспанското Езеро. Целата област се состои од десетина села коишто се организирани во Општината Пустец. Селото Пустец е најголемата населба, а истовремено е и седиште на општината, чиј градоначалник и сите членови на советот на општината се етнички Македонци. Инте-

ресно е да се спомене дека грбот на општината го содржи древниот македонски симбол, 16-зрачното сонце од Кутлеш (Палатица - Виргина) над кое стои натпис на македонски јазик Општина Пустец, а под него и на албански јазик. Во селото работат основно и средно училиште, а овозможено е образование на македонски јазик само до четврто одделение. Во рамките на училиштето во Пустец постои и библиотека со огромен фонд книги на македонски јазик. Всушност, тоа е прв случај на официјална употреба на македонскиот мајчин јазик во Република Албанија.

Во областа Мала Преспа спаѓаат дел од Преспанското Езеро и селата: Глобочани, Горна Горица, Долна Горица, Зрновско (или Зрноско), Леска, Пустец, Туминец, Шулин (Безмиште), Церје, кои ја сочинуваат Општината Пустец, и селата Прогун, Ракицко, Суец, Заградец, во егејскиот дел на Македонија.

Во Мала Преспа живеат околу 5.700 жители, сите од македонско етничко потекло и со православна христијанска вероисповед. Македонците од Мала Преспа се признати како македонско национално малцинство, и како такво тоа има право на образование на македонски јазик. Македонскиот јазик се користи и во општинската администрација и културата. Општината има позитивна демографска слика, и во многуте македонски семејства и домаќинства е карактеристична големата бројка на деца и младо население (по 5 - 6 и повеќе деца). Помал дел од Македонците од Мала Преспа од 1991 година живеат во одморалиштето „Царина" во Република Македонија (во близина на албанската граница), а голем дел од населението има и македонски државјанства.

Треба да се одбележи дека Мала Преспа е еден од најсиромашните предели во Република Албанија. Населението се занимава со риболов, земјоделство и сточарство но во многу мал обем и во примитивни услови. По собору-вањето на некогашниот сталинистички режим и отвора-њето на границите, повеќето жители се преориентирале кон трговија и печалба во Република Македонија и Грција (Елада), а некои работат во поголемите албански градови. Голем број од жителите на Мала Преспа секојдневно мигрираат на пазарите во Скопје, Битола и другите поголеми македонски градови продавајќи разна стока како маслиново масло, коњак „Скендербег", цигари и разни земјоделски производи и рачно изработени производи, како плетени, дрвени и други предмети. Меѓутоа, во исто време има голем број Македонци кои се врвни интелектуалци и на различни општествени и други позиции и кои се дел од сегашниот и идниот прогрес на Албанија.

Тргнавме да го посетиме селото Пустец. По патот срекававме деца, мажи, жени, стари лица... Со сите се поздравуваме, си зборувавме преспански и им посакувавме добра работа на оние коишто работеа во полето. А селото Пустец, пак, се распространило вдолж ридот над самото Преспанско Езеро. Куќите се од камен, македонски, скромни, како и во многу преспански и други села. Во селото вриеше како во кошница од народ. На сред село се сретнавме со многумина. Разговаравме за минатото, за сегашноста и за иднината на овој македонски народ, којшто го зачувал својот национален идентитет. Сите зборуваат убав преспански говор, на училиште четири години учат на мајчин македонски јазик, имаат амбуланта, земјоделска задруга, киносала, културен дом, неколку колонијални

продавници, рибарска задруга. Но, најважно е што имаат чист македонски дух и верба во иднината на македонската нација, на македонскиот јазик, на сè што е македонско. Селото Пустец е единствена македонска општина и една од поголемите населби во Корчанскиот регион и најголемо македонско село во Албанија. А, таму во Долна Преспа се пее, се смее, се игра, се тагува и боледува на македонски мајчин јазик.

Во текот на нашиот престој во селото Пустец, го посетивме островот Мал Град. Тоа беше своевидна авантура. Таму, на прекрасниот и по многу нешта единствен остров на кој, според легендата, живеел цар Самуил, може да се почувствува сета убавина и питомина на Преспанското Езеро и Долна Преспа, која му припаѓа на македонскиот народ, а е поделена на три држави. Островот Мал Град којшто гордо и осамено се вишнее над езерската шир е место за предизвик. Во својата карпеста утроба ја скрил црквата „Свети Петар и Павле" како споменик на патилата и на страдањата на маке-донскиот човек на тој простор.

Во нашите анали ќе остане дека Преспанското Езеро го видовме од Пелистер од Република Македонија и од Долна Преспа, во егејскиот дел од Македонија, а со посе-тата на Мала Преспа во Албанија го видовме од неговите три страни. Овој споменик на природата, како водена маса и како дел од македонската убавина и судбина, како езеро е тивко и питомо, а е поделено исто како што е поделен и македонскиот народ. И поделениот народ со граници што живее на бреговите на ова езеро ја има таа карактеристика на питомост, македонски ментали-тет, јазик, култура и љубов кон татковината, но различна судбина.

Заедничката грчко-албанска археолошка експедиција во Пустец на остовот Мал Град открија десетина нови наоди кои даваат вредност на археолошкото наследство на Мала Преспа. Од ископувањата на албанските и грчките археолози пронајдена е гробница со десетина гробови кој датираат од праисторијата од бронзен до византиски период.

Се пронајдените 10 стари гробови, со скелетни остатоци, се поставени во правец исток-запад. Помеѓу овие гробови има заеднички карактеристики, но, исто така, и посебности кој ке бидат предмет на истражување на археолозите и антрополозите. Гробовите се поставени во гробницата во четири дела. Секој гроб е одвоен од другиот со ѕид, додека целата гробница е опкружена со ѕид, карактеристика од римскиот период.

Проектот за заедничка екпедиција предвидуваше да трае три години, но со оглед дека тука е откриен богат археолошки фонд, раководителите на ова експедиција побараа ископувањата да продолжат уште две години. Со овие ископување се покажа дека островот Мал Град е населен уште од праисторијата а не само од периодот на Цар Самуил, каде тука, се наоѓала летната палата на Цар Самуил.

Исто тала, пред неколку години во водите на Преспанското Езеро, германско-албанска експедиција изврши прво подводно археолошко истражување во Албанија блиску до с.Туминец кај месноста викана "Старо Село", каде се откри подводно живеалиште од Бронзениод период.






*Пела*



*Солун*



*Костур и Костурско Езеро*

# 30. ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА

## 1. ДЕЛ ОД ПАТУВАЊАТА ПО БЕЛОМОРСКА МАКЕДОНИЈА

Патувањето низ егејскиот дел на Македонија во исто време претставува и предизвик и возбуда и задоволство и разочарување за посетителот на оваа несреќна земја. Секој што барем малку се запознал со судбината и со трагедијата на коравиот македонски народ од овој дел на Македонија, кој често е нарекуван со терминот „езерска земја“, го доживува тоа чувство. Затоа, еден смртник на Средбата на децата - бегалци рече дека тоа е судбина над судбините, а ќе остане како трагедија на човечкиот род за која ќе се пишува и прикажува уште многу векови.

Беше есенско неделно утро. Сонцето штотуку се појавуваше од далечините на планината Беласица од исток, а реката Вардар како да потонала во маглата што се јавува од испарувањето на водата. Ја напуштивме Гевгелија и се упативме кон граничниот премин Света Богородица, за потоа да го продолжиме патот кон Солун.

Грција имаше карактер на демократска република и токму во името на таа „демократија“ чекавме три часа на граничниот премин Богородица, кај Гевгелија, грчките царинарници за да удрат печат на некаков неразбирлив „документ“ само за нив, бидејќи грчки печат не се удира на патна исправа што го носи името Македонија. Затоа во тие непријатни моменти помисливме на тиранинот Пизистрат кој, ако се појавеше во третиот милениум, ќе научеше нови методи и тактики во начинот на однесувањето и во борбата за посреќно утро.

Ја преминавме границата и влеговме во граничниот простор на Елада (Грција), односно во егејскиот дел на Македонија, каде што за жал, Македонците не ги уживаат ни основните човечки права пропишани со Декларацијата на Обединетите нации, во која е член и НР Грција.

Инаку, Егејска Македонија е земјата со чие име уште во античките времиња се означувала малата покраина во непосредна близина на Пела – престолнината на античкото Македонско Царство. Во тоа време Македонија го опфаќала просторот меѓу денешното исушено Пазарско Езеро и долниот тек на реката Вардар.

Но, со проширувањето на границите на Македонското Царство, постепено пораснала и областа означена со името Македонија, која античките Македонци ја делеле на Горна и Долна Македонија, пред сѐ, поради нејзините географски

карактеристики на просторот. Сепак, таквата поделба на Македонија има политичко, културно, воено и административно значење.

Македонскиот народ во егејскиот или беломорскиот дел на Македонија, според своите карактеристики и обичаи, јазично и етнички и е туѓ на Грците (Елините). Од тие причини грчката буржоазија од првиот момент кога ја проширила својата власт над Егејска Македонија, изградила политика на физичко истребување на македонскиот народ и менување на етничкиот состав во своја корист. Затоа, националниот состав на населението во овој дел на Балканот има претрпено големи етнички промени, особено по Балканските војни и поделбата на Македонија.

До Балканските војни македонското население во Егејска Македонија било најбројно. Македонците под грчка власт биле и сè уште се изложени на асимилаторска тортура и присилна емиграција, со единствена цел да се измени етничкиот состав на Македонија. Меѓутоа, Македонците не само што постоеле, постојат, туку и ќе постојат, зашто не е лесно да се искорени еден народ, таму каде што живеел со векови и покрај сите негативни мерки на насилие и денационализација.

Во егејскиот дел од Македонија продолжија злосторствата, асимилаторската политика врз Македонците и доселувањата на туѓинци (Туркмени) само со православна вера само за да се смени етничкиот состав на населението и Македонците да бидат што помалку. А на оние илјадници прогонети и иселени им е забрането да ги посетат родните огништа, во таа земја на „чудата"

Ја напуштивме границата  и се упативме кон Метеора. По повеќечасовното возење стасавме во гратчето Каламбака (со околу 6.000 жители) над кое како орли се вишнеат карпите на Метеора. Градот е сместен во тесната долина меѓу Епир (Егејска Македонија) и рамнината на Западна Тесалија, во сенките на големите карпи на Метеора, кои се геолошки феномен. Според добиените податоци, гратчето постои уште од времето пред Исус Христос. Неговото старо име било Стагој, што според Н. Јанополус потекнува од славјанскиот збор „стаја" (соба или вдлабнатина во карпа). Модерното име на градот му било дадено во периодот на турското ропство и е кованица од зборот „калебак" (убава тврдина).

За Каламбака, кој денес е еден од најпривлечните копнени градови кај јужниот сосед, во минатото се воделе бројни битки. Така, градот бил под окупација на Филип I Македонски, под окупација на Римјаните, Византијците, Турците, па дури во 1348 година бил под суверенитет на Стефан Душан, а потоа и на неговиот брат Симеон Урош, кога Стагој доживеал силен подем.

Околу илјада колосални карпести гребени се издигаат вертикално и се надвиснуваат над градот Каламбака и селото Кастраки во западните падини на планината Андиксија, од каде истекува реката Пинеиос која извира од планината Пинд и се влева во Солунскиот Залив. Тоа е единствено место со такви гребени кое се претворило во град на карпите во доцниот византиски период, град на врвот од карпите со стотина монаси кои се заградиле во височините за да ја зачуваат својата приватност. Овие огромни карпи предизвикуваат восхит и чудење кај секој

посетител со нивната монументалност и храброста на нивните први посетители - освојувачи на тие непристапни терени, од кои многумина и го загубиле животот.

Името Метеора значи „средба во воздухот". Тоа е современ збор и не е пронајден кај древните писатели. Прв бил Атанасиус од Метеора, пронаоѓачот на манастирот „Спасител", кој прв се искачил на карпите во 1344 година на „Широката карпа", име што се употребува за сите карпи. Таму, за тие чудесни карпи, тешко може да се најде објаснување за нивното создавање и опстојување со оглед на тоа дека биле изложени на силни ветришта, дождови, земјотреси и други различни природни непогоди.

Денес е многу лесно човек да се искачи до манастирите, пред сѐ, по скалите што се изделкани во периодот од 1922 до 1925 година. Меѓутоа, пред тоа искачувањето било возможно само со јаже и со мрежи.

Се поставува прашањето како дошле првите калуѓери. За тоа постојат многу преданија. Некои велат дека луѓето се искачувале со набивање клинови со чекан во карпите, некои, пак, мислат дека високите дрвја што растеле во карпите им помагале во тоа.

Имало и мислење според кое првото качување било изведено со помош на змејови кои со јажиња биле префрлувани од другата страна.

Никој не знае точно кога првите аскети и монаси свиле гнездо над карпите во Метеора. Но, се претпоставува дека уште во IX век имало монашки живот на тие простори.

Првите монаси живееле во природни пештери, а се претпоставува дека тие се собирале на служби во неделите во Стагој (Костраки) уште во XI век кога и започнале да ги градат манастирите на високите карпи, каде подоцна, во XVI век, е отворено и првото училиште, познато како „училиштето на Метеора", кое и во времето на Отоманската Империја извршувало значајна верска функција.

Кога се искачивме по патот на кој има многу свиоци и угорнини од кои на посетителот му застанува здивот, глетката беше прекрасна. Како од орловско гнездо го гледавме градот и целата околина кон исток, кон Солун.

Секој брзаше да се фотографира, да се овековечи заедно со сета природна убавина на овој манастирски комплекс во кој илјадници калуѓери го поминале својот живот како војници.

Го посетивме манастирот на Спасителот Исус Христос познат како „Голема Метеора", изграден на највисоката карпа што се издига на близу 500 метри од нивото на реката.

До манастирот се стасува преку 150-ина скалила изделкани во карпите. Манастирот е лоциран во многу живописен предел и е исполнет со бројни простории насликани со фрески и икони, исполнети со голем број црковни книги и други предмети од времето на првиот монах Атанасиус, па до денешни дни.

# 2. ВО ПЕЛА – АНТИЧКО- МАКЕДОНСКАТА ПРЕСТОЛНИНА

Во Метеора, меѓу другото, ни се вртеја мислите на монахот кој напишал книга на македонски јазик, но со елинско писмо. Тоа зборува дека одреден број монаси биле Македонци, кои со молитви кон Спасителот Исус Христос на својот мајчин македонски јазик оставиле вечни траги. Исто така, во Метеора разговаравме за тешкиот монашки живот, како оној на архимандритот Никодим Царкњас, кој поучен од своето братство ја изгради Македонската православна црква „Света Злата Мегленска" во селото Соботско, во Меглен, која ја посетивме во текот на нашиот престој во Беломорска Македонија.

Ги напуштивме манастирите на Метеора и се упативме по патот што води кон Солун, градот што го добил името по сестрата на Александар Македонски, а го создал нејзиниот сопруг Касандар. Тој е убав приморски град, кој како трговски центар ги мами, па дури и ги заведува посетителите со својата убавина, медитеранската клима, околните песокливи плажи и, над сè, со гостопримството на локалното население.

Солун е сместен на полуостровот Халкидики и е познат по бројните зелени површини, по Беас Куле, по солунските атентатори, по многуте други културни споменици, како и по манастирите на Света Гора, каде што дел од својот живот минале и извесен број монаси од Република Македонија.

И не само Солун, кој е престолнина на Беломорска Македонија, туку и целата таа македонска земја е прекрасна, започнувајќи од мистичната Пела – древната македонска престолнина – па преку божествените водопади на Воден, пејзажите на Костур, убавините на карпестите цркви и фрески по бреговите на Мала Преспа... Таа питомина и широчина е збогатена и со зелените предели на планините разделени со границата, а меѓу нив, како бисер, патникот оддалеку ужива во сјајот на Кајмакчалан.

Затоа, античките Македонци токму овде ја подигнале својата престолнина. Еден дел од Пела денес е достапен на посетителите, но огромен дел, како што велат и постарите жители на Постол (Пела), за жал, сè уште лежи под земјата.

Токму поради славата на древната престолнина на Филип и Александар Македонски, кои го посеаја македонското семе, во туристичките проспекти целиот тој регион Грците го нарекуваат Пела со главен град Воден (Едеса). Секојдневно низ Пела минуваат голем број туристи, кои потоа со години ги носат спомените и мирисот на мермерот по кој чекорел големиот војсководец Александар Трети Македонски.

Од Пела, патувајќи крај широките полиња со памук, кои постепено се заменуваат со овошни насади од праски и црешни, за кратко време стасавме во Воден. Тој се наоѓа во средината на патот меѓу Солун и Битола, на висорамнината која како голем чардак се надвиснува над полето кон Пела.

На тој „чардак“ веќе две илјади и седумстотини години опстојува Воден и исто толку време, течејќи кон него, од работ на „чардакот“ во полето се истураат бујните води на прочуените водопади. Во засекот на карпите може да се слезе десетина метри под брегот и да се помине под водопадите.

Тоа доживување не го пропушта никој кој дошол во Воден. Кулминација е, секако, моментот кога ќе се стигне до најдолната топка под водопадот, каде што пред нозете на посетителите водата, буквално, паѓа во коритата што низ векови се издлабиле. Познат по реките и водопадите, по македонското виножито што се издига од рамниот дел, истовремено, Воден претставува и едно од најпривлечните места во Егејска Македонија.

Воден е градот за вљубениците во природата, но и за заљубените и град на љубовта. Затоа Воден често се нарекува и место на природата и на историјата; тој е град на водата, град на убавината...

Тоа е само дополнување за Беломорска Македонија која е уште поубава во пролет, кога цутат овошките во Воденско, Мегленско и Преспанско, во лето, кога морскиот брег е преполн со гости од целиот свет, во есен, кога златните лисја ги покриваат планините од Лерин до Костур, и во зима, кога Кајмакчалан покриен со снег се вишнее над убавиот Меглен.

Во Егејска Македонија има многу прекрасни места што треба да се видат. Меѓу нив особено се издвојува градот Костур и раскошната природа што ја нуди овој убав град. Градот на крзното и на кожарската индустрија се наоѓа на полуостровот што го дели Костурското Езеро на две подеднакво убави половини.

Едниот дел од градот што се издигнува на полуостровот се огледува во едната, а другиот дел во другата половина на езерото. Куќите се извишуваат една над друга, па навечер, ако се гледа од брегот на езерото, сето тоа изгледа како некоја огромна новогодишна елка со илјадници лампиони кои се огледуваат во позлатеното езеро.

Со својата географска положба, со плодната котлина полна со овошки, со блескавото сино Костурско Езеро и културно-историските споменици, Костур претставува важен туристички, културен и стопански крај, привлечен во сите сезони. Тој е убав и за живеење и за одмор и за рекреација.

Поради добрите климатски услови: чистиот и свеж воздух, надморската височина и сите убавини што природата му ги подарила на Костурското Езеро и неговата околина, угостителско-туристичкото стопанство од година во година зазема сè позначајно место.

Костурското Езеро, пак, е типичен пример на езерата од егејската зона, спаѓа во групата на десаретските езера и ги има сите својства на езерата од овој тип: висока температура на водата во летниот период, широко крајбрежно подрачје во кое се развива буен животински и растителен свет, карактеристична конфигурација, својствен изглед, посебни климатски услови и интересно историско минато.

# 3. ВО КОСТУР КАКО ВО ОХРИД

Кога човек е во Костур и на брегот на Костурското Езеро има чувство дека се наоѓа во Охрид и на Охридското Езеро, бидејќи Костур наликува на Охрид и по својата местоположба и по природните убавини. Тука природата подарила многу убавини кои, за жал, не се целосно искористени.

Инаку, градот Костур се наоѓа на југозападната точка на Македонија, на брегот на Костурското Езеро. Некои учени луѓе мислат дека името дошло од реткото животно кастор што се одгледувало во Костурското Езеро и од чија кожа се правеле многу убави и раскошни бунди. Исто така, во Костур има многу цркви, познати базилики и други споменици од историјата и културата.

Направивме круг околу градот и езерото, а потоа пеш се упативме кон старият дел на градот во кој се мешаат старата и новата архитектура. Видовме бројни дискотеки и многу дуќани за крзно и крзнени производи, а крзното е животот на Костур. По тесните улици пешаците тешко се движеа поради густиот сообраќај, кој како да им пркосеше на гостите да ги видат и доживеат убавините на овој езерски град, град кој е убав во сите годишни времиња.

Се упативме кон источниот дел на градот и на самиот брег на езерото, во летната бавча на еден пристоен ресторан, седнавме да ручаме, да се одмориме, да уживаме и да се восхитуваме на убавините на градот. Секој од нас беше љубопитен да види и да разбере нешто повеќе за костурските ќурчии, за раскошните и скапи крзна што висеа во безбројните дуќани во градот, за езерото и лебедите кои ја дополнуваа убавината на езерската шир, за македонското население...

По неколку пријатно поминати часови во Костур се упативме кон Лерин, но овој пат од другата страна, од кај Грамос за да го видиме и тој дел на Егејска Македонија каде што голем број Македонци загинаа во текот на Граѓанската војна. Појдовме по патот за легендарното село Д'мбени, родното село на големиот донатор и хуманист Атанас Близнаков, кој живееше во Гери, Индијана во САД и кој ја формираше најголемата Фондација за македонската младина – студентите на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" во Скопје.

Селото Д'мбени се наоѓа 22 километри северозападно од Костур, во јужните пазуви на планината Локвата и Вињари, на надморска височина од 980 метри. Оградено е со планини покриени со варовит камен, поради што се смета дека се дел од западниот македонски планински синџир и продолжение на далматинските алпи.

Грчките официјални власти отсекогаш настојувале да ги избришат трагите што потсетуваат дека Македонија е античко-словенска земја. Постојано измислуваат закони, декрети, правила, амандмани... По Балканските војни и Букурешкиот „мировен" договор и поделбата на Македонија, сите имиња на населените места во егејскиот дел на Македонија ги заменија со елински (грчки). Како резултат на тој акт на таа влада од ноември 1926 година, селото Д'мбени беше преименувано во Дендрохорион.

Селото Д'мбени влегува во состав на реонот Корештата во кој во минатото имало 34 села распослани по источната и западната страна на реката Бистрица. Сите села во Корештата се исклучително македонски, освен едно од кое во немирните години неговото македонско население било сосема иселено, а на нивно место биле населени Албанци-муслимани.

Д'мбени никогаш не го загубило македонскиот дух и белег, иако постојано било под туѓинско ропство. Неговото население со векови го пренесувало борбениот дух и љубовта кон родната земја и дедовските огништа, чиј магнетизам постојано ги привлекувал Македонците распроснати по светот. Благодарение на тоа, населението од овој крај на Егејска Македонија докрај им остана верно на борбените револуционерни и патриотски традиции.

Широкиот асфалтен пат што се искачува по ридот на северната страна на Костур, на само десетина километри, поточно откај патот што се дели за селото Д'мбени, продолжува кон Габреш, Дреновени и други села. Тие се македонски села, меѓутоа, најголем број од жителите се иселиле по Граѓанската војна. Сега тие се места каде се гледаат високите ѕидови на куќите со искршени прозорци и без покрив. Се јавува глетка што оддава тага, страв и ужас. Застанавме на патот и ги гледавме куќите во кои зјаеја отворени долапи и искршени балкони кои тагуваат за своите стопани. Од таа тажна слика на минувачот му се крева косата и што побргу сака да ја заборави. Го продолживме патувањето по патот што води низ некогашните селски градини и зелени ливади. Чувствувавме дека отворените прозорци нè поздравуваат и ни кажуваат дека во минатото овде имало живот, а ѕидовите од старите македонски куќи плачеа заедно со урнатините и со бучењето на реката што одѕвонуваше во дивината за да нè потсетат на војните на Грамос.

Го напуштивме просторот на Габреш од каде долго ја гледавме долината и појдовме по патот кон Желево, кое е лоцирано на границата на Леринско-костурската општина, припаѓајќи административно кон Костур. Тоа е едно од најголемите села на овие простори. Желево е сместено во подножјето на планината Бигла и се наоѓа на надморска височина од околу илјада метри. Желево отсекогаш било чисто македонска населба. Меѓутоа, поради политичките и економските причини, голем број желевци се преселиле во прекуокеанските (Канада, САД и Австралија) и други европски земји по Илинденското востание и Првата светска војна, но особено по поразот на Демократската армија на Грција во Граѓанската војна.

Желево е живописно планинско село сместено на патот Лерин-Костур. Таму, во планината Бигла, над селото, извира реката Бистрица што ја сече областа Корешта и се влева во Солунскиот Залив. Тоа е планинска река со мали водопади и пастрмки, чија вода се користи за наводнување на зелените и сочни ливади и плодните ниви од двете страни во подножјето на планината.

Желево е село од збиен тип со типични македонски куќи на кои висат пространи балкони. Тоа наликува на другите македонски села од леринско-костурскиот дел, како што се: Ошчима, Руља, Бесфина, Брезница, Смрдеш, Габреш, Поздивиште, Д'мбени, или наликува на селата од другата страна на Превал кон Преспа.

# 4. ПАТУВАЊЕ ОД КОСТУР ДО ЛЕРИН

Молчешкум го напуштивме Желево и се упативме кон кафеаната што е единствениот нов објект на патот кон Костур, се поздравивме со стариот желевчанец кој со љубопитност прашуваше и сакаше сè да знае за нас и за нашата посета, а потоа се упативме кон Лерин.

Пред да стасаме до планинскиот превој, застанавме на една ширинка од каде што се гледаше голем дел од Лерин, селото Арменско, дел од Пелагонија и неколку села што се нанижани на патот што води од Лерин кон Воден и Солун. Тука, нашиот познајник ни раскажуваше за неговиот дедо - комита кој ја пролеал крвта за Македонија некаде на Бигла, предаден од попот Ставрос од селото Псодери. Потоа ни кажа дека македонските комити не му останале должни на попот Ставрос – го заклале, осветувајќи му се за неговите зли дела.

Посебна епизода во приказната за убавините на Егејска Македонија, секако, е Мала Преспа, природен резерват на убавина и на бројни историски и културни знаменитости. Тука е островот „Свети Аил“ на којшто уште живеат околу дваесетина Македонци што останале на родните огништа и со столетија ги чуваат спомените за големиот македонски цар Самуил.

Имено, на овој остров некаде околу 970 година живеел Самуил и тука го изградил огромниот манастир и црква посветена на светецот Аил, чии коски ги донел од Лариса. Сè уште стојат делови од таа црква, заедно со една помала црква на задниот дел на островот.

Меѓутоа, за жал, од другите петнаесетина цркви што биле изградени за време на Самуил не е зачувано ништо. Прастарите фрески насликани на камен и црквите изградени во дупките во карпите крај Преспанското Езеро, навистина, се нешто што кај секој патник предизвикува восхит. Особено црквата „Света Богородица“, која, како гнездо, виси на врвот од една карпа во непосредна близина на јазолот каде што се допираат границите на Република Македонија, Албанија и Грција. Црквата некогаш била блиску до водата, но по повлекувањето на езерото, сега таа е високо горе и до неа се стигнува по подолго качување по скалите засечени во карпата.

Инаку, во егејскиот дел на Македонија, а особено во Долна Преспа, грчкиот режим ја покажа својата вистинска суровост кон македонскиот народ кога испрати многу Македонци во затвор, во затворските логори на грчките острови, едноставно затоа што зборуваа на својот мајчин јазик; единствениот јазик што го познаваа.

Сите тие држави - Грција, Србија, Бугарија и Албанија - се мешаа во македонските работи во Преспа и во текот на Втората светска војна и во текот на Грчката граѓанска војна. Но, конечната навреда врз македонскиот народ е зададена кога Грција, во 80-тите години на минатиот век, го воведе Законот за репатријација, кој дозволува само „Грци по раѓање“ да се вратат во своите места на потекло, односно во местата каде биле родени.

Меѓутоа, во Долна Преспа постои вековно мислење дека преспанчани се Македонци затоа што тие, нивните татковци и мајки, нивните дедовци и баби и многу генерации мажи и жени пред нив, кои биле родени во Преспа, биле Македонци.

Од Преспа заминавме кон Лерин, град што е сместен меѓу шумовитите планински врвови на планината Бигла и пространото плодно Пелагониско Поле на исток. Тој е трговски и административен центар на Леринската околија. Лерин е еснафски град. Тоа се гледа по бројните дуќани кои се душата на градот.

Во Лерин посетивме еден наш добар пријател кој потекнува од едно преспанско село, а живее и работи во градот. Тој е еден од многуте Македонци кои имаат дуќани во центарот на Лерин. Таму, домаќинот нѐ почести со ракија и локум во својот убав дом што е во непосредна близина на центарот на Лерин, а ни раскажуваше за својата посета на Перт, Австралија, каде што престојувал три месеци кај своите блиски – ќерката, зетот и двете внучиња. Ни раскажуваше за животот на нашинците во таа далечна демократска и мултикултурна земја, каде што Македонците зборуваат на својот мајчин јазик и одат во македонски цркви, а децата учат англиски и мајчин македонски јазик.

Тоа го кажуваше и со радост и со восхит, но, во исто време, и со голема тага, бидејќи, како што рече, неговите две внучиња од синот кои учат во Лерин ја немаат таа среќа во својот роден град и својата земја. Е, затоа, домаќинот рече дека неговата тага е голема и таа тага и болка ќе ги однесе на другиот свет. Но, овде Господ е голем! Тој наградува и казнува, а во исто време и го чува семето македонско на сите страни во светот, зошто тоа се раширило од пред времето на Филип и Александар, од времето на Апостол Павле, па сѐ до денес.

Сите кои ја опишувале Македонија било низ преданијата и легендите, низ трагите на камењата, градбите, археолошките предмети, папирусите и потоа, патеписците и историчарите, ја доживуваат земјата како библиска, фасцинирани од нејзиното богатство и убавина, вол-шебност и гордост. Силна е националната свест кај Маке-донците во Егејска Македонија, а битката се води дома и пред меѓународните организации на Европа и Обединетите нации. Формирањето на партијата на Македонците „Виножито“ е голем чекор напред и постоење на едно јадро, чии членови лавовски се борат, а партијата  исклучително многу значи за зачувувањето на идентитетот и борбата за права, човекова правда и вистина.

Но, вистината е сосема друга. Имено, во егејскиот дел на Македонија продолжуваат уште повеличествено да се слават духовните и националните празници по македонските села и градови. Се прават свадби и венчавки со две рала тапани и многу сватови и стари обичаи кои се пренесуваат од генерација на генерација. На Илинден во селото Овчарани се собираат и се веселат илјадници Македонци кои стануваат препознатливи по најголемото оро кое тие го вијат. Во Нерет и на други места, исто така, народот се збира на свои слави. На овие свечености се собираат Македонците од Егејот, од Република Маке-донија, од целиот свет.

Исто така, Македонците го имаат Домот на културата во Лерин кој уште опстојува со многу пречки и подметнувања од властите. Таму постои и Редакцијата на весникот „Зора". Македонците имаат свои ресторани и хотели каде ечи македонска музика.

Во 2006 година ентузијастите, борците и храбрите, и покрај сè, по цели осумдесет години успеаја да го отпечатат Букварот на македонски јазик. Беше извршен силен притисок од тогашната влада во Атина, меѓутоа, таа мораше да попушти пред Лигата на народите. За жал, со манипулации и подметнувања „случајно" избувнал пожар токму на возот кој го пренесувал Букварот до Солун и така заврши неговото појавување, односно, потаманување. Но, тој Абецедар со современата азбука и јазик, иако по многу време, сепак ја дочека светлината на денот. Тој беше промовиран во Солун и Атина и покрај антимакедонските фашистички екстремистички побуни.

За жал, во „демократска" Грција на Македонците сè уште и во XXI век на пописите не им се дава право да можат да се изјаснуваат тоа што се во Егејска Македонија. Според многу податоци од Егејска Македонија има повеќе од еден милион население, а сега во тој јужен дел на Македонија една половина се Македонци. Грчката власт не го признава нивното постоење. Многу експерти од светот дошле и самите на лице место се увериле дека Македонците се во огромен број, со свој јазик, традиции, култура, религија, обичаи и, воопшто, со посебни национални обележја, поразлични од грчките, поразлични од другите.

Делбите на Македонија почнале на карта 1912 година, а практично на терен завршиле во 1924 година. Така сега од вкупната површина на хидролошкиот слив на Преспанска Котлина, 56,42 % припаѓа на Република Македонија, 23,82% на Република Грција и 19,76% припаѓа на Република Албанија.

Инаку, Големото и Малото Преспанско Езеро поврзуваат две историски значајни точки. Во Преспа на островот Ахил во Малото Преспанско Езеро, 976 година се создало по втор пат Самуиловото Царство, коево 1014 година имало неславен крај кај селото Клуч на подножјето на планината Беласица. Самуиловата војска била поразена од војската на Василие Втори (Македонецот н.з.). Притоа настрадале 14 илјади војници кои биле ослепени и од кои голем број биле вратени во Долна Преспа.

Патувањето го продолживме од Лерин кон Битола, по патот кој минува низ Пелагонија, низ нејзиниот југозападен дел. А, таму поради познатите миграциски процеси и иселувањето на Македонците, голем дел од плодните површини се останати како неми споменици на времето. Таму се сместени селата Света Петка, Клабучиште, Долно и Горно Клештино, Кладораби, Кабасница, Буф и др. Овие села се познати по тоа што од нив голем број Македонци започнале да заминуваат на печалба во прекуокеанските земји, САД, Канада, Австралија уште пред Првата светска војна, а особено тоа било изразено по Граѓанската војна. Таму, во новиот свет, далеку од својата родна земја, за среќа Македонците ја почувствуваа слободата, правдината и ги уживаат човековите права и слободи.






*Благоевград*



*Пред споменикот на Гоце Делчев во Благоевград*



*Сандански*

# 31. ПИРИНСКА МАКЕДОНИЈА

## 1. ВИСТИНАТА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ВО БУГАРИЈА

Во историјата за Пиринска Македонија се вели дека таа е дел од етничката територија на Македонија, кој дел по Букурешкиот „мировен" договор во 1913 година припаднал на Бугарија. Во антиката Пиринска Македонија најпрвин била дел од Панонија и Тракија, а подоцна станала дел од Царството Античка Македонија. Во римскиот период Пиринска Македонија доживува своевиден процут, за што сведочат повеќето археолошки ископини на антички градови во близината на денешните градови Благоевград, Сандански, село Рупите и др.

Во средновековниот период Пиринска Македонија била под власта на царот Самуил, Византија и балканските феудалци. Со доаѓањето на Турците, Пиринска Македонија бележи одредена стагна-ција, но сепак не го напушта својот непокорлив македонски дух.

За време на Руско - турската војна во 1877-78 година, северниот дел на Пиринска Македонија ќе потпадне под руската окупациска зона, но по Берлинскиот конгрес ќе ѝ биде вратен на Турција. На под-рачјето на Пиринска Маке-донија е кренато Кресненското (Македонското) востание против османлиската власт во 1878/79 година со центар во Кресна, кое имало силен маке-донски национален карактер и цел да создаде независна автономна македонска држава.

Кон крајот на XIX век на територијата на Пирин со својата чета ќе царува големиот македонски револуционер и великан Јане Сандански, кој бил близок соработник на Гоце Делчев и најголем борец против врховизмот. Тој е познат под прекарот „Пирински цар" кој ќе го изврши познатото грабнување на протес-тантската мисионерка Мис Стоун. По Втората Светска Војна во времето на владеењето на Георги Димитров, Македонците од Пиринска Македонија ќе добијат целосна културна автономија која требала преку законска рамка да прерасне во територијална и Пиринска Македонија да се обедини кон тогашната НР Македонија како кон матична држава во рамките на Балканската федерација.

Македонците во Бугарија, или како Пиринци или бугарски Македонци, се староседелско население кое, главно, живее во Пиринска Македонија, во југозападниот дел на денешната Република Бугарија. Во определени периоди постоело и иселување од политички и економски причини, од другите делови на македонската регија.

Иселувањето се одвивало во неколку поголеми бранови: средниот век, во ренесансата, по ослободувањето на Бугарија од турската власт, по Илинденското

востание, по Балканските војни и Првата Светска Војна. Македонската емиграција од сите делови на етничка Македонија во Бугарија е најголема македонска емиграција во светот, со огромен интелектуален потенцијал и големо културно наследство. Невозможно е да се каже колкав е точниот број на ет-ничките Македонци во Бугарија, особено поради фактот што различни извори даваат спротивставени податоци. Сепак, сите се согласуваат дека голем број (над два милиона, вклучувајќи и од мешани бракови) од граѓаните на Република Бугарија се потомци на доселеници од Македонија, кои како емигранти или бегалци својот дом го нашле во Бугарија.

Според пописот на населението во декември 1946 година, во Народна Република Бугарија од вкупно 252.908 жители во Пиринска Македонија 160.541 лице, односно 70% се изјасниле како етнички Македонци. Изнесените факти ја потврдуваат вистината за Македонците во Бугарија, кои Бугарија вешто се обидува да ги изманипулира. За жал, и за голем демократски срам, според пописот на населението во Република Бугарија од 2011 година таму живеат само 1.654 Македонци, од нив: 561 се населени во Благоевградска област, а 1.163 се со мајчин македонски јазик, додека 1.091 се државјани на Република Македонија кои живеат во Бугарија.

Исто така, во 1947 година биле создадени печатени медиуми, „Пирински весник" и Печатницата „Македонска книга". Тие биле дел од остварените ветувања за правата на Македонците во Бугарија, кои би го зајакнале македонскиот јазик и култура. Медиумите биле укинати и затворени во 1958 година, поради политички причини и мену-вање на власта. Меѓутоа, во 1990 година, бил создаден нов весник за македонското малцинство во Бугарија, со име „Народна волја". Весникот се уредува и печати во Горна Џумаја.

Исто така, во Благоевград е формирана Обединетата македонска организација „Илинден" - Пирин е партија за економски развој и интеграција на населението во Република Бугарија. Таа е демократска партија која ги штити правата на малцинствата и се залага за децентрализација на земјата.

Таа е единствената политичка партија која се бори за правата на македонското малцинство во Бугарија. Партијата работи главно во југозападниот регион на земјата, исто така познат како Пиринска Македонија. Таа беше регистрирана како политичка партија во 1999 година и учествуваше во општинските избори. Меѓутоа, на 29 февруари 2000 година, Уставниот суд во Бугарија прогласи дека таа е неуставна, повредувајќи го правото на слобода на здружување и правото на слобода од дискриминација.

За голема жал и човеков срам, бугарската влада одбива да признае постоење на македонско малцинство во Пиринска Македонија и продолжува да ги крши основните човекови права. Членовите и симпатизерите на ОМО „Илинден" – ПИРИН, политичка партија и организација за човекови права и ОМО Илинден, организација за човекови и малцински права се малтретирани, тепани, казнувани, па дури и затворани, едноставно за прогласување на својот македонски идентитет.

## 2. ВО НАЈГОЛЕМИОТ ПИРИНСКИ ГРАД – БЛАГОЕВГРАД

Причината за упорното негирање на Македонците во Бугарија доаѓа од бугарската националистичка догма дека нема, не може и не треба да има Македонци. Меѓутоа, вистината е друга не само со пописот, туку и со вистинското постоење на народот. Затоа ние сакавме да се увериме, да го потврдиме тоа и да ги информираме читателите за дел од вистина на Пиринска Македонија.

Така, во утринските часови на едно ноемвриско утро, тргнавме кон Горна Џумаја, денешен Благоевград. Во далечината горделиво се издигаше Пирин, убавецот и највисоката од сите планини во Македонија. Чиниш со раце ќе ја допреш славната планина на Јане Сандански за која се врзани безброј легенди на Македонците од овој крај.

Под Пирин Планина, во рамниот простор што реката Струма го дели на два дела, се вгнездил градот Благоевград (порано Горна Џумаја). Бргу се спуштивме низ густата шума на патот за Благоевград. Овде-онде среќававме по некој автомобил и трактор. Влеговме во градот и откај автопатот што води кон Софија се упативме по улицата која води во центарот на градот, каде што е подигнат споменикот на Гоце Делчев, големиот македонски син, кој за жал, неправедно и грубо, во пиринскиот дел на Македонија, од страна на Бугарите, се прикажува како борец на бугарскиот народ. Но, бугарските националисти ќе го поставеле споме-никот на Гоце Делчев во Варна, ако бил Бугарин, туку го поставиле во Благоевград, во Пиринска Македонија, бидејќи бил Македонец.

Со чувство на непријатност, подзатскривајќи се, направивме неколку фотографии од споменикот на Гоце Делчев и се упативме на спротивната страна од паркот, од кај реката во тесната уличка, каде што живее еден наш роднина роден во Воден, во егејскиот дел на Македонија, а бил донесен во Бугарија заедно со уште многу илјади Макдонци, кои како стебла беа откорнати од родната грутка и преселени со грчко - бугарскиот договор за размена на пограничното население од дваесеттите години на минатиот век.

Лесно ја пронајдовме куќата и влеговме во дворот. Нашиот роднина е црномурест, со крупни веѓи натежнати над очите од кои зрачи пријателство, светлина, тага... Тој е со карактеристични црти на лицето на кое времето оставило трајни белези. Поради својата национална определеност како Македонец немал успеси во животот во Бугарија, но тоа не ја променило неговата определба во врска со националното прашање. Кога се сретнавме почна да нè гушка и да плаче од радост.

Инаку, како старец, изнемоштен, со мала пензија и во тешки услови за живот, тој бил учесник во културно-просветната дејност кога по Втората светка војна во пиринскиот дел на Македонија беа отворени македонските училишта, книжарници, весници. Ни раскажуваше за минатото, за тешкиот живот, за својата тага која, како што рече тој, е голема како Пирин Планина.

Кај него, веројатно, носталгијата беше поизразена, така што постојано ни зборуваше за својот роден град Воден. За жал, откако го прогониле од родната земја, никогаш повеќе не го видел родното место и гробовите на своите предци. Неговата тага беше уште поголема што не се здобил со национална слобода, но беше горд што останал Македонец. Ја чуваше личната карта од времето кога во Бугарија беа признати правата на Македонците и кога во документите можеше да се напише дека по националност е Македонец.

Со тага се разделивме со нашиот роднина, а потоа го продолживме нашето патување кон градот Симитли, кон Разлог и Банско. Патот што води кон исток се искачува долж реката Елвица, која извира од северните падини на Пирин Планина и се слива во Струма. Патот е тесен, асфалтиран, но не многу пријатен за возење. Меѓутоа, живописната природа: брзата река, високите букови шуми и прекрасните елки што се издигаат над голем број падинки вдолж патот, го тераат човека да заборави сè што се случува во не многу контролиран сообраќај.

Исто така, целта на нашето патување беше градот Разлог кој го посетивме во делник напладне, кога летото се чувствуваше со сета силина и убавина. Затоа, во градот владееше мртвило: многу продавници беа затворени. Седнавме во еден ресторан за да го почувствуваме мирисот на пиринската кујна. Од кога се нагостивме, направивме куса кружна прошетка низ градот и се упативме кон Банско.

Банско, пак, е сместено на јужната страна на Разлошката Котлина под падините на Пирин Планина. Распослано е на двете страни на реката Глазне. За првпат се спомнува во турски документ од 1576 година, а силен растеж и процут доживеал во втората половина на XVIII век, кога станал познат трговски центар за тој дел на Македонија. Караваните на банскалиите, како што обично ги нарекувале жителите на ова питомо место, секојдневно тргнувале кон Белград, Дубровник, Виена, носејќи го надалеку познатиот по квалитет бански тутун. Исто така, афионот стигнувал до европските пазари. Меѓутоа, за тоа време особено на добар глас биле предметите изработени од дрвјата од витите стебла на белиот и црниот бор што виреат на просторите на убавата, богата и висока Пирин Планина.

Македонците од Банско по многу нешта се специфични луѓе, со особено задоволство ќе ви говорат за Банско и Пирин, за богатствата што им ги оставила историјата. За она што нивните предци го вградиле во македонската национална историја. Горди се поради тоа што во последната деценија на XIX век, или поточно во 1896 година, во Банско допатувал Гоце Делчев како учител на македонските деца. Беше пладне кога пристигнавме на широкиот плоштад во Банско.

Десно е Културниот дом, а до него нанижани неколку продавници и кафеани во стилот на старата банска архитектура. Градени се, главно, од камен. Лево е куќата на Елена и Јонко Вапцарови, во која детството и дел од младоста поминал големиот македонски, бугарски и интернационален поет Никола Јонков Вапцаров.

# 3. ОД КРЕСНА ДО СТРУМА

Предниот дел е претворен во музеј. На мермерната плоча, поставена на споменикот, забележани се зборовите изречени од големиот поет: „Да умреш кога земјата се дели од својата вемла, кога милиони се раѓаат... тоа е чест, да, тоа е чест..." И од бронзата извира питом поглед и поетски жар. Се поклонуваме пред споменикот на Вапцаров. Перчето бујна руса коса му паѓа врз слепоочницата на овој интернационален поет и чиниш поигрува галено од питомото ветре што се задава откај врвовите на Пирин.

Музејската поставка во куќата-музеј впечатливо говори за животот на поетот, за неговото творештво и за трагичниот крај во тунелите на софиското стрелиште, откако претходно беше осуден на смрт со стрелање, заедно со неговите сонародници, собраќа и соборци, македонските патриоти Антон Попов и Атанас Романов. Се присетивме на средбата со неговата мајка Елена. Како тогаш да ги слушнавме нејзините зборови во кои беше измешана и тагата и радоста. Црната шамија ѝ ги скриваше белите коси, а длабоко од неа извираше гордоста што е мајка на такво чедо.

Ја напуштивме куќата музеј на Вапцаров и кинисавме да чекориме по калдрмисаните улички на Банско. Во ова пиринско-македонско планинско гратче, куќите се градски, убави, молерисани со млечно бела боја, а луѓето се љубезни, горделиви, разговорливи и мошне пријатни. Слушнавме дека семејното гнездо е свето катче, а чесноста е нивната одлика. Тие бесконечно ги почитуваат белезите на традицијата и своите корени, а со посебно чувство го негуваат македонско-пиринскиот фолклор. Песната и песнопојноста им е знак за распознавање меѓу Пиринците... Над Петрич се издига Пирин Планина која е чудна и волшебна, а во исто време е неизмерно питома и безгранично дива. Таа е опевана интернационално од девојки и од невести, од поети и од комити. Додека се спуштаме кон водите на реката Струма, со мислите се вратив ме во минатото. Се потсетивме на страниците од времето на македонската револуција, од времето кога Пирин Планина во своите зелени пазуви ги прибираше и чуваше четите на комитите од Банско, Белица, Разлог, Неврокоп, Мелник, Петрич...

А реката Струма е се` така бучна и пенлива. Удира во карпите и рие низ коритото, пробивајќи се низ Кресненската Клисура. Лево и десно, суви назабени ридишта. Погледот се впива во уште едно обележје. Наидуваме на споменикот на загинатите борци во Кресненско-разлошкото востание во 1878 година. А горе се извишуваат врвовите на Пирин Планина и легендарниот Елтепе, опеан, овенчан и овековечен во песните на Никола Вапцаров и на други знајни и незнајни поети и патеписци. Патувањето го продолживме кон Кресна, еден од најма-лите градови во Пиринска Македонија. Тука, напладне и поп-ладне човек има чувство дека целокупниот живот се одвива само на еднау лица, која во должина од неколку километри, слично како во Гевгелија, влегува од северната страна на гратчето, оди паралелно со железничката пруга по реката Струма и се губи на излезот од населбата.

Кресна, чие поранешно име беше Гара. Пирин е мала населба во која се згнездиле неколку илјади жители. Населбата е распослана на двете страни на реката Струма,

јужно од Кресненската Клисура, од каде се шири плодното Пиринско Поле, додека старото село Кресна се наоѓа во прегратките на Пирин Планина. Ова мало место е особено познато по големото и значајно Кресненско-разлошко востание од 1878 година, кога македонскиот народ се кренал на вооружена борба за слобода и човечки права ипротив неправдите што му беа нанесуван и под ропството во Отоманската Империја. Нашето патување го продолживме кон градот Сандански (поранешен Свети Врач). На половина пат за Сандански ес местено селото Струмјани, низ кое минува главниот пат, а е распослано на двете страни на реката Струма. Тоа е едно од поголемите села во Пиринска Македонија. Во него живеат околу три илјади жители. Името го добило од славјанското племе Струмјани, кое, главно, живеело по течението на реката Струма и околните места.

На патот, пак, кон градот Сандански – пирински убавец, како што често го нарекуваат, од далечините ги гледавме стабените згради лоцирани на една височинка, чиј број се зголемуваше со самото приближување. Влеговме во Сандански, чија популација брои околутриесет илјади жители и се движиме по живописниот булевар во чија средина има зимзелени дрвја кои ја разубавуваат глетката и градот го прават пријатно катче за посетителите.

Тука го видовме споменикот на Спартак. Како што не` информира еден нашинец, со кого се сретнавме во центарот на градот, според еден германски научник долината на реката Струма меѓу Пирин и Малешевските Планини е место од каде што потекнува овој водич на робовите, за кого се напишани многу легенди.

Во еден од рестораните лоциран на плоштадот минавме неколку пријатни часови. Таму имаше еден стар чинар кој не потсети како на оној во Охрид. Градот е доста чист, а се градат и многу нови куќи. Големо богатство за Сандански се минералните извори кои течат од памтивека. Нив ги има повеќе: едни во Градскиот парк, а други на десниот брег на реката Санданска Бистрица, чија температура достигнува и над 80°C, а има и лековита кал. Градот Сандански со околината е едно од најтоплите и најсончевите места во Пиринска Македонија. Овде многу ретко врне снег и речиси никогаш не паѓа магла и, поради поволните климатски услови и природните бањи, тука се лекуваат хронични и бронхијални болести.

Сандански го напуштивме во попладневните часови и се упативме на југ кон селото Лешинца. По дваесетина минути возење стасавме на раскрсницата каде што се свртува кон исток на асфалтниот пат што води кон селата Ново Делчево и Леуново, а натаму се минува низ селата Статово, Џотово и Лозеница, кои како да се нанижани на патот за Мелник. Брзо стасавме во Мелник, кого често случајните намерници го нарекуваат „град легенда“, „град на виното“, „град на минатото“, а тој, всушност е најмалиот град во Пиринска Македонија и на Балканот, ако не и во Европа. Во него живеат едвај 400-500 жители. Меѓутоа, Мелник пленува со својот необично живописен изглед и архитектонски остварувања. Сместен е меѓу песочните пирамиди на двете страни на Мелничката и Роженската река, претставува градмузеј, бидејќи секоја куќа е музеј за себе, а се зачувани и манастирот „Света Богородица“ и црквата „Свети Никола“, кои зборуваат за богатиот црковен живот на овие простори.

# 4. ПАТУВАЊЕ ДО ГРОБОТ НА ЈАНЕ САНДАНСКИ

Исто така, Мелник пленува особено со старите куќи кои се ремек дела и ретки примероци во архитектурата. Тие се пространи, на два ката со големи чардаци и еркери, а во чии песочни почви се ископани огромни депоа, во кои се чуваат бочвите со прочуеното мелничко вино. Најкарактеристична, најголема и најубава од сите куќи во Мелник е, секако, куќата на еден голем трговец со вино, сместена на највисоката кота на градот во песочниот брег. Бевме информирани дека во таа куќа се` уште постои бочва која собира до 30.000 оки вино и во која, како што ни рече нашиот познајник, во текот на Илинденското востание, по потреба, можело да се скрие целата чета на Јане Сандански. А сезнае дека овој трговец бил најдобриот пријател на пиринскиот војвода.

Мелник има многу интересно минато. Уште во времето на цар Самуил бил важен воен центар, а подоцна станал привлечно место, бидејќи тука континенталната клима се преточува во планинска, а и во алпска погоре кон Пирин Планина. Во минатиот век Мелник бил многу значаен трговски центар и град на престиж меѓу трговците каде што се отворале широки перспективи. Затоа во него, покрај Македонци – Пиринци се доселиле бројни Елини (Грци), Турци, Ерменци, Власи и други, чиј број на крајот од XIX век достигнал до 20.000. Во тој период градот доживува голем растеж и напредок на трговско поле; карвани од коњи и камили натоварени со буриња и мешини мелничко вино секојдневно заминувале на сите страни на светот. Така, карваните на југ оделе до Египет, на запад до Париз и Мадрид, а на север до Будим и Пешта. При враќањето трговците донесувале многу производи од богатите европски пазари, а ја пренесувале и најновата мода во облекувањето. Затоа, често се вели дека Мелник е огледало на едно убаво минато, на големи богатства и раскош. Ваквиот живот бил особено изразен преку богатите куќи, ремек дела на дебарските мајстори, кои големо внимание посветиле на надворешноста и фасадниот изглед, во чии визби со иста температура се чувале големи количества вино.

Во Роженскиот манастир се оди по асфалтниот пат што стрмно и како змија се извива кон ридот на чија рамна височина се наоѓа манастирот и гробот на Јане Сандански. Прво го посетивме манастирот кој датира уште од 1220 година, на чија основа е изградена црквата „Раѓање на Света Богородица". Манастирот е заграден од сите страни со високи манастирски конаци, чии чардаци го привлекуваат секој посетител, а се влегува само од источната страна низ дебелата дабова врата. Црквата има интересни фрески и икони, а највреден е иконостасот направен од рацете на македонските мајстори од Дебарската школа..

На оддалеченост од стотина метри од манастирот кон исток се наоѓа црквата „Свети Кирили Методиј", пред чиј олтар е гробот на Јане Сандански. Се поклонивме и му оддадовме почит на македонскиот легендарен војвода, кого што често го нарекуваат „Пирински цар". Бевме информирани дека во минатото гробот на Сандански на кој пишувало дека Јане се борел за човекови права и слобода на Македонија и, особено на македонскиот народ во пиринскиот дел на Македонија,

бил на неколку километри далеку од црквата „Раѓање на Света Богородица". Меѓутоа, ние се уверивме дека на сегашната надгробна плочана „Пиринскиот цар" Јане Сандански го пишува следното:

**Јане Сандански 1872-1915**

*„Да живееш, значи да се бориш -*
*Робот за слобода, а слободниот*
*за совршенство".*

Повторно се поклонивме пред големиот „Пирински цар" и без збор го напуштивме гробот на војводата. Потоа, се упативме кон Петрич каде уште од кај реката Струма, на самиот премин во Петричкиот округ, како на дланка се гледа најјужниот град на овие македонски простори. Петрич е сместен во пазувите на северните падини на питомата Беласица, а е лоциран во непосредна близина на устието на реката Струмешница во Струма и на делницата што го поврзува градот со Солун, Софија и со Струмица. Таму планината Беласица со највисокиот врв Радомир (2.029 м) и врвот Поле (1.888 м) што се наоѓа на тромеѓето, стрмно и горделиво се издига над Петричката Котлина, спречувајќи го директното влијание на приморската клима што доаѓа од Егејско Море. Меѓутоа, по долината на рекатаСтрума, сепак, навлегуваат благи струи кои условуваат умерена клима на овие питоми простори, овозможувајќи поволни услови за одгледување суптропски култури, како памук, тутун, сусам, ран зеленчук и разновидно овошје. Според пишаните документи Јане Сандански, познат како Пиринскиот Цар, Сан-ден-паша и Старикот (18 мај 1872–22 април 1915)- македонски национален херој, војво да и водач на Македонската револуционерна организција.

Роден е во селото Влахи, Пиринска Македонија. во семејството на Иван Сандански. Во текот Русјо-турската војна од 1877 година неговите родители и соселани биле принудени да избегаат во Горна Џумаја.  Неговиот татко бил знаменосец на една од македонските чети во Креснен- ското востание. По задушувањето на востанието, семеј-ството Сандански се засолнало во Дупница, каде Јане го минал детството. Таму, тој завршил основно училиште и два класа од прогимназијата, а подоцна станал кондураџиски чирак и му помагал на татко му во полските работи. Во 1892 година бил регрутиран во бугарската армија.

Во 1895 година дошло до раздвижување на македон- ската емиграција во Бугарија и, под налет на настаните, Сандански како четник активно учествувал во Мелничкото востание. Во текот на Грчко-турската војна  од 1897 година, Врховниот комитет режирал втора прошетка по Македонија. Притоа била формирана чета под водство на Крсто Захариев, а Сандански бил еден од четниците кои требале да навлезат во Македонија. По враќањето во Бугарија, тој влегол во друштвото *Младост* кое имало за цел самообразование на своите членови и будење на регионот. Во февруари 1899 година бил назначен за управник на дупничкиот затвор. Истата година, Никола Малешевски го детално го информирал за дејноста на Македон- нската револуционерна организација и ја организирал првата негова средба со Гоце Делчев.. Малешевски и Гоце успеале да го привлечат Сандански кон Внатрешната организација и нејзините цели.


Србија
Софија
Косово
Прешево
К. Паланка
Скопје
Тетово
Република Македонија
Велес
Штип
Горна Џумаја
Бугарија
Пиринска Македонија
Дебар
Вардарска Македонија
Струмица
Прилеп
Струга
Охрид
Битола
М А К Е Д О Н И Ј А
Сер
Драма
Кавала
Грција
Кукуш
Воден
Лерин
Пазар
Солун
Корча
Костур
Бер
Албанија
Егејска Македонија
Грција



*Скопје*



*Дел од Скопје*



# 32. МАКЕДОНИЈА

## 1. МАКЕДОНИЈА ПОСТОЕЛА, ПОСТОИ И ЌЕ ПОСТОИ

Нашата мила и напатена МАКЕДОНИЈА во историјата поминала низ многу виулици и невремиња. Така, на територијата на Македонската земја поминале многу непријателски војски но никој неможел да ја покори Македонија и македонскиот народ оставајќи ги своите коски на Македонската земја. Непријателите на Македонија низ вековите на најразлични начини се обидувале да го покорат Македонскиот народ и со тоа да загосподарат со народот и земјата Македонска.Но Македонија одсекогаш имала чесни и храбри синови да ја бранат својата татковина и дедовина.

Непобитен е фактот дека Македонецот, и покрај сите обиди и притисоци за негова асимилација се одржал и опстојал. Тоа покажува дека овој народ како библиски, успеа да се спротивстави и да ги издржи сите освојувања, угнетувања и негирања. Македонија е единствената земја со најдолга и најстара историја од која било друга земја во светот. Нејзиниот корен се античките Македонци, а нејзините водачи беа Филип II Македонски и Александар III Македонски (Велики).

Инаку, за вистината за Античка Македонија, Стив Пљакас, Македонец од Канада вели дека заповедта „Сакај го ближниот како што се сакаш себе си", не се однесувала на времето на Филип II Македонски, особено после битката кај Хиронеја (Хајронеја) во Беотија. За жал, оттогаш, од условно речено Првиот Илинден за Македонците, кога Филип ја изволува најголемата победа против градовите Атина и Теба, баш на 2-ри август 338 година п.н.е. до денес, постои антагонизам меѓу Македонците и Грците. И во литературата е запишано дека, меѓу овие два различни народи и по култура и по јазик, обичаи, боја и по ген, има и омраза и љубов, и верба и борба, омаложување и соработка, и лоши и задни мисли кон ближниот, а, во исто време се негира сè што се поседува, и сето тоа само продолжува да трае на свој начин, за жал кај овие два соседни и христијански народа - грчкиот и македонскиот.

Од тоа време, преку владеењето на Рим и Византија, и преку големите миграции на народи на југ, потоа отоманскиот и другите периоди, Македонија секогаш била меѓник и крстопат на различните цивилизации, култури, јазици и религии. Непобитен е фактот дека кога Европа била во мрак, единствено ја осветлувал факелот на македонската култура. Меѓу другото, Охридскиот универзитет на свети Климента, зрачел како симбол на една од најстарите цивилизации на континентот.

Голем број досегашни историски и археолошки наоди потврдиле значаен број факти од балканско, европско и светско значење. Бројните карактеристики за Македонија почнувајќи од Античка Македонија која била прва организирана држава на Балканот и пошироко, до денешно Скопје, каде е родена света Мајка Тереза, една од најхуманите жени во светот

Монографско дело „Ѓорѓија Џорџ Атанасоски“ на авторот Славе Николовски – Катин, кое има две изданија, во 2012 и 2015 година, со 470 и 500 страници, во издание на „Македонска искра“, „Македонско сонце“ и „ТВ Сонце“, Скопје, е на македонски и на англиски јазик, е посветено на доблесниот Македонец, истакнат хуманист, голем донатор, докажан бизнисмен, духовен-посветеник и горд припадник на својот библиски род и македонската земја, господинот Ѓорѓија Џорџ Атанасоски.

Во ова значајно монogравско дело е забележано дека голем број досегашни историски и археолошки наоди потврдиле голем број факти од балканско, европско и светско значење на коишто изворите им се од Македонија и за кои ние Македонците треба да бидеме горди. Затоа, може да се заклучи дека Македонија постоела, постои и ќе постои

Така, меѓу бројните карактеристики за Македонија се следните:

- Античка Македонија била првата организирана држава на Балканот и пошироко која имала утврдени граници;
- Филип II Македонски и Александар III Македонски (Велики), први ги вовеле војничките родови: пешадија, коњица и морнарица;
- Македонската фаланга била најдисциплинирана и најобучена војска и била наоружана со дотогаш непознатото долго копје. Таа војувала неколку децении, често во битки со неколкукратно побројни војски, меѓутоа не изгубила битка;
- Античка Македонија како прва европска империја воспоставила специфични цели и однесувања со потчинетите народи, како: почитување на културите на покорените, неприменување насилство и грабежи на оние кои доброволно се согласиле да се приклучат кон Империјата, утврдување карактеристични државни обележја и организирање посебна одбрана на териториите;
- Македонците биле првите во Европа кои го прифатиле христијанството како религија и преку кои се проширило во Еврпа и Азија;
- Од Македонија потекнуваат браќата свети Кирил и свети Методиј кои ги превеле црковните христијански книги на посебно славјанско писмо (старомакедонското), со корени од Македонија;
- Во Охрид е отворен првиот словенски универзитет, од кој, покрај христијанството се формирала и ширела посебната славјанска култура;
- Во Македонија е нацртана првата ренесансна слика која и денес стои во манастирот Свети Пантелејмон во Нерези, Скопско;
- Кокино кај Куманово е една од ретките неолитски опсерватории во светот;
- Македонија е една од ретките територии со карпести уметности;
- Алшарот е еден од ретките минерали, преку кој науката може да ги открие тајните на постанокот на вселената;

- Во Македонија е роден Аександар III Македонски (Велики), кој заедно со својот татко Филип II Македонски претставува меѓник на историјата на војувањето, тактиката и досега е ненадминат војсководец;
- Во Македонија е роден Аристотел, „таткото" на науката и филозофијата;
- Од македонско потекло е и најпознатата жена во историјата на човештвото – кралицата на Египет – Клеопатра;
- Во селото Таор, Скопско е роден и најпознатиот византиски владетел Јустинијан, чии правни одредби се учат и денес во сите светски универзитети;
- Во Македонија е роден свети Димитрија, познат христијански мачени;
- Во Македонија е роден „таткото" на современа Турција, Кемал Ататурк;
- Во Скопје е родена света Мајка Тереза, една од најхуманите жени во светот.
- Македонија е карактеристична и по народно пресметување на времетраењето на месеците.

Така, според истражувањата на етнолозите и антрополозите, времетраењето на месеците во народната култура на Македонците, најчесто се пресметувало и одредувало според одредени празнични денови, нарекувани меѓници или синори. Тоа се големите христијански празници кои ги има во секој месец од годината. Времетраењето на месеците во народното живеење на Македонците изгледало вака:

Период:

Јануари од Вртолом до Василица

1. Јануари – Коложег од Василица до Свети Трифун.
2. Февруари – Сечко од Свети Трифун до Летник.
3. Март – Цутар од Летник до Благовец.
4. Април – Тревен од Благовец до Еремија.
5. Мај – Косар од Еремија или Ѓурѓовден до Духовден или до Петрови поклади.
6. Јуни – Жетвар од Духовден или Петровденски поклади до Иванден.
7. Јули – Златец од Илинден до Голема Богородица.
8. Август – Житар од Голема Богородица до Крстовден.
9. Септември – Гроздобер од Крстовден до Петковден.
10. Октомври- Листопад од Петковден до Митровден.
11. Ноември – Студен од Митровден до Богородица Пречиста.
12. Декември – Снежник од Богородица Пречиста до Света Ана или Свети Игнат.

Според ваквото времетраење на месеците, може да се забележи дека годината има 13 месеци, што всушност се поклопува со бројот на месечевите мени во текот на една година. Ова, пак, укажува дека луѓето во минатото ги одредувале месеците и се ориентирале според бројот на промени на Месечината во една година.

## 2. СКОПЈЕ – ГЛАВНИОТ ГРАД НА МАКЕДОНИЈА

Скопје е главен и најголем град во Македонија и претставува административно-политички, стопански, културен и образовно-научен центар. Се наоѓа во северниот дел на државата, поделен на два дела од реката Вардар. Градот во текот на своето постоење, во зависност од историските прилики, бил именуван со различни имиња.

Тој е град во централниот дел на Балканскиот Полуостров, а датира од пред античкиот период. Овој град имал стратешко значење во античкиот период, кога бил познат под името Скупи. Ископини од античкиот град Скупи се наоѓаат во месноста Зајчев Рид над утоката на реката Лепенец во Вардар, кај денешното село Злокуќани. Скупи бил главен град на тогашната Дарданија.

Скопје, пред ослободувањето на Македонија од фашистичките окупатори во Втората светска војна беше окупиран од Бугарија, сојузник на нацистичка Германија, кои го ставија Скопје под нив џизма 22 април 1941 година. Така бугарската Петта армија го окупира Скопје и остана во градот сè до 9 септември 1944 година, кога испратија околу седум илјади македонски Евреи во Треблинка. Меѓутоа, на 13 ноември 1944 година борците од 42-та и 50-та народноослободителна дивизија на Македонската војска и 16-та Македонска бригада го ослободија Скопје од германската и бугарската фашистичка окупација.

Од гледна точка на демографските движења на населението Скопје има позитивна популациона слика. Населението на градот постојано се зголемува пред сè поради големиот број доселувања, најчесто од градовите и селата од внатрешноста на Македонија, но и поради наталитетот. Исто така бројот на населението особено се зголеми со албанско население по земјотресот и по нападот на Србија на Косово во деведесетите години Мора да се спомене дека како и во целата земја и во Скопје бројот на раѓањата (наталитетот) драстично опаѓа меѓутоа како најголем и најразвиен град во државата стапката на раѓање сепак е највисока. Инаку доселувањата во Скопје се во постојан подем и континуитет и денес.

Скопје повторна трагичната судбина го снајдде во 1962 година кога обилните дождови во реката Вардар го поплави. Поплавата беше предвесник на најголемиот земјотрес кој градот се случи на 26 јули 1963 година во 5:17 часот, кога градот беше разурнат од земјотрес со јачина од 9 степени по Меркалиевата скала (6,1 според Рихтеровата сеизмичка скала). По земјотресот, градот почна да се гради по урнек на проектите на Кензо Танге и Адолф Циборовски. Старата железничка станица, денес е музеј на градот Скопје и симбол на големиот земјотрес. Часовникот на станицата е засекогаш сопрен на фаталните 5 часот и 17 минути наутро.

Скопје денес се смета за град на солидарноста поради фактот дека токму со солидарност градот успеал да се возобнови. Прва помош за граѓаните пристигна од сите тогашни југословенски републики, а неколку дена по земјотресот пристигна помош и спасувачки екипи од целиот свет. Точно 87 нации во светот испратија помош и помогнале тој да се изгради повторно.

Инаку, за Скопје треба да се споменат повеќе значајни споменици, меѓу кои е Камениот мост на реката Вардар, кој е симбол на Скопје. Тој датира од XV век и претставува врска помеѓу новиот и стариот дел. Тврдината Кале, пак, и првите ѕидини биле изградени на почетокот на VI век. Калето доминира над левиот брег на реката Вардар со поглед на стариот дел на градот. Се смета дека просторот на тврдината Кале, познат како Скопско Кале, бил населен уште во времето на неолитот и раното бронзено бреме, за што сведочат бројните археолошки наоди.

„Портата Македонија" е изградена во 2011 година, а пуштена во употреба на Божиќ 2012 година. На нејзините релјефи се прикажани сцени од праисторијата, преку наколната населба во Заливот на коските, од антиката со Филип II и Александар III Македонски, од римскиот период со Јустинијан I, од средниот век со Цар Самоил, Крале Марко и Карпош, па до XX век со Илинден, АСНОМ, како и егзодусот од Егејска Македонија и 8 септември 1991 година – прогласувањето на независна и самостојна Македонија.

Посебно значење за Скопје има  бронзениот споменик на Александар III Македонски („Воин на коњ") кој е висок 14,5 метри и тежи 30 тони. Во средината на десет метри високиот столб е поставен воинот Александар III Македонски, познат како Александар Велики, со поглед кон изгревот на сонцето. На тој постамент има три прстени со монтирани плочи, на кои се претставени три битки. Меѓу нив има три прстени од бронза, со декорација и украсни релјефи. Околу столбот е фонтаната, надополнета со осум македонски војници од бронза, високи по три метри и осум лавови високи по два и пол метри, од кои четири се свртени кон фонтаната.

Скопје има уште голем број споменици, меѓу кои е тоа што Плоштад Македонија кој во периодот од 2010 до 2012 година е збогатен со неколку споменици на познатите македонски револуционери, од времето на Илинден 1903 и АСНОМ 1944 година. Непосредно покрај Камениот Мост, се издигаат спомениците на македонските револуционери Гоце Делчев и Даме Груев. Наспроти нив е споменикот на првиот претседател на Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија, Методија Андонов – Ченто. Спроти, а веднаш до грандиозниот Воин на коњ, се издига пет метарската мермерна статуа на Цар Самоил, поставена на постамент во висина од 3,5 метри. На самиот плоштад е поставен споменикот на Димитрија Чуповски, а во паркот "Жена борец" спроти Собранието на Република Македонија, поставено е спомен -  обележје на Првото заседание на АСНОМ.

На кејот на Вардар, се споменикот на Јустинијан Први, висок пет метри, поставен на постамент од 3,5 метри. Наспроти него се поставени фигурите на Гемиџиите, изработени од бронза. Близу Камениот Мост, од страната на Старата Чаршија се поставени бронзените споменици на ајдутскиот војвода Петар Карпош и на Ѓорѓија Пулевски, како и на Св. Кирил и Методиј и Св. Климент и Наум Охридски.

Спомен – куќата и споменикот на света Мајка Тереза (1910 – 1997 ) се лоцирани на улица Македонија, во центарот на градот Скопје. Посветен е на големата хуманистка Агнеса Гонџа Бојаџиу – Мајка Тереза, родена во Скопје, добитник на Нобеловата награда за мир во 1979 година, а почина во Калкута во 1997 година. Таа е прогласена

за почесен граѓанин на нејзиниот роден град Скопје, кој од своето заминување во хуманитарна мисија за помош на гладните и осамените го посетила четири пати.

Во Скопје, од левата страна на Вардар, преку Камениот Мост се наоѓа Старата скопска чаршија. Дел е од градот со разновидна и богата историја, традиција, култура и архитектура, денес со направен спој меѓу старото и новото, стопанството и трговијата, културата и традиција. Во духот на историските временски и развојни прилики, културата на организација и традиција на живеење, во Старата скопска чаршија се сочувани бројни функционални објекти од османлискиот период, а изградени се и нови објекти како одлика на модерното време. Станува збор за Скопскиот безистен, Капан ан, Сули ан, Куршумли ан, Даут – пашиниот амам, Чифте амам, црквата Св. Спас, црквата Св. Димитриј и комплексот музеи на Македонија.

Така, Даут – пашин амам е импресивен споменик на исламската архитектура и уметничка галерија. Тој е бања подигната во текот на XV век од големиот везир на Румелија. Најверојатно го граделе мајстори од познатата дебарска ѕидарска школа. Изграден во центарот на Скопје, на стотина метри од Камениот Мост, амамот е детално реставриран во 1948 година. Највпечатлив дел е покривот, составен од 13 нееднакво распоредени куполи. Во внатрешноста постојат 15 простории, различни по големина, меѓусебно поврзано со сводести премини украсени со ориентална орнаментика. Покрај Чифте Амам и Мала Станица, денес тој е дел од Националната галерија на Македонија. Даут – пашиниот амам располага со збирка од XV и XVI век, со богата колекција на слики од XVIII  и XIX век, како и од современото македонско сликарство.

Исто така, Куршумли ан е препознатливо историско наследство на Скопје. Се претпоставува дека Куршумли ан (оловен ан) бил изграден во средината на XVI век. Се состоел од два дела – едниот за сместување на трговците и стоката, а во другиот била шталата, помошните соби и собите за послугата. Долго време служел како собиралиште за трговците и нивните каравани и одиграл важна улога во развојот на трговскиот живот во градот. Улогата на преноќиште ја задржал до крајот на XIX век, а потоа бил претворен во затвор. Се верува дека името го добил во текот на XIX век, поради покривот кој бил изработен од олово. Импресионираат полукружните ѕидови на вториот кат и шадраванот во средина на анот. Денес во анот се наоѓа лапидариумот на Археолошкиот музеј, сместен во ќелиите на приземјето. Секоја ќелија содржи споменици кои потекнуваат од иста област и од ист период, кога Македонија била римска провинција.

Една од спомениците на Скопје е, секако, **п**равославната црква „Св. Спас", во стариот дел од градот која е изградена во XIX век. Иконостасот содржи прекрасни дрвени резби, изрезбани од мијачките резбари Петре и Марко Филиповски и Макарие Фрчковски, а веднаш до неа е и Старата турска чаршија, каде има стари занаети, Безистен, Чивте-амам и други значајни објекти.

Црквата „Св. Спас", како македонски споменик е значаен што во нејзиниот двор се наоѓа гробот на најголемиот македонски револуционер Гоце Делчев, на кој секоја година се поклонуваа сите државни претставници и му оддаваат почит на големиот револуционер, кој се бореше за слободна Македонија

Меѓу другите споменици во Скопје треба да се споменат и оние на ојводата Васил Чакаларов на коњ кој се издигна кај кружниот тек кај католичката црква. Потоа споменикот на Кузман Јосифовски Питу во паркот Жена борец. Од двете страни на порта Македонија поставени се споменици на Павел Шатев и Христо Татарчев седнати на столици. Во близина на Рекорд кај поранешен Ловец е поставен споменикот на војводата и учител Христо Узунов. Паметник од бронза на револуционерот Борис Сарафов поставен е кај МНР.

Од другата страна на Вардар, пак, се поставени три нови скулптури на Пресвета Богородица и на Свети Петар и Павле. Потоа, скулптури кои асоцираат на антиката се поставени и на мостот кој води кон влезот на Археолошкиот Исто така, дел од спомен – обележја во центарот на Скопје се спомениците за генералот Михајло Апостолски, Пере Тошев, Никола Петров Русински, Андон Лазов Јанев – Ќосето и Ѓорѓи Сугарев

Во Скопје е поставен споменик на Јосип Броз Тито, непосредно пре гимназијата во центарот на градот која го носи неговото име. Поставен е следбениците на Маршалот кои го подигнале во пресрет на 29. Ноември - југословенскиот ден на Републиката. Споменикот стои веднаш до бистата, а личи на препознатливите споменици на Тито кои некогаш ги имаше низ цела Југославија. Според асоцијата Титови леви сили, споменикот го поставиле граѓани, а неговите сопартијци го одбележаа празникот. Всушност споменикот е поставен кога се навршија 70 години од Второто заседание на АВНОЈ во Јајце, кога беше донесена одлука за федерално уредување на Југославија.

Постои една тајна сврзана со Скопје и со Старата скопска чаршија, која сè уште не е разгатната. Тоа не е каква било тајна. Станува збор за сè уште неоткриената местоположба на најголемиот и најзначаен средновековен верски храм, катедралната црква „Св. Богородица Троерачица". Каде точно се наоѓала таа? Од духовен аспект, црквата била исклучително значајна, во неа биле крунисувани цареви, а големо било почитувањето на народот кон култот на св. Богородица Троерачица. Средновековните сведоштва зборуваат дека таа била „една од најубавите цркви во градот".

Тоа само зборува за богатата историја на Скопје, верска и световна, при што многу често се откриваат непознати факти. Нема да биде ништо невообичаено ако еден ден се појават нови артефакти за една од најпознатите и најубави скопски цркви – катедралниот храм „Св. Богородица Троерачица"

На крајот ќе го споменам соборната црква „Св. Климент Охридски" кој е објект од поновата историја на македонското црковно градителство. Нејзината градба се одвиваше во седумдесетите и осумдесетите години на XX век. Осветена е во 1990 година. До оваа значајна црква се наоѓа седиште на Македонската православна црква – Охридска архиепископија. Ете тоа е центарот на Скопје и Плоштадот Македонија каде по катастрофалниот земјотрес од 1963 година, дел од објектите се срушија, за денес плоштадот да има поинаков распоред, но и натаму до него или во негова непосредна близина се наоѓаат важни управно-административни, културни, трговски, банкарски, угостителско-туристички и други објекти.

# 3. НА ВАСИЛИЦА ВО ВЕВЧАНИ

На пат од Охрид за Вевчани, неизбеѓнп е да прокрстари и Струка. Така, ната посета ја искористивме да ја посетиме црквата посветена на Великомаченикот Свети Ѓорѓија во Струга, која е единствена соборен храм во градот. Се наоѓа на западниот, некогаш христијански дел на градот, а сега во неговото централно градско подрачје. Нејзиниот патронен празник е вториот ден од Ѓурѓовден и таа е најстарото литургиско седиште во градот во кое редовно се одржува црковна богослужба. Црквата импонира со својата големина која доаѓа до израз во нејзината внатрешност, а особено со својата акустичност. Најстаро познато сликарско дело е иконата „Свети Ѓоржи" која датира од 1267 година од истоимената црква. Иконата Св. Ѓорѓија го претставува патронот на угледната Струшка црква во цел раст, насликан фронтално со меч и копје во рацете.

Потоа се упативме кон Вевчани кога целиот Дримкол, сите населени места под Јаланица — Венчани, Октиси, Подгорци и Лабуништа, а и другите струшки печалбарски села и Струга, се празнично расположени во текот на јануари. Овој живописен крај широко ги отвора вратите за печалбарите, да се вратат во своето родно место, на своето огниште. Голем број од тие „талкачи по светот" доаѓаат да се видат со своите најблиски, за карванот на „Василичарите", на „Печалбарските денови", манифестација што се одржува на 12 и 13 јануари секоја година во дримколското село Вевчани.

Дримкол како и многу други места од Западна Македонија најмногу е познат по печалбарството. Од памтивек од овој крај се одело на печалба. Мајсторите на Дримкол се надалеку познати по своите фасадерски и гипсарски мајстории. Мајсторите од Вевчани, од Бороец. Вишни. Луково, Радожда и другите дримколски села го вградувале целото свое знаење и вештина на најубавите фасади во Белград и многу други градови ширум Балканот и пошироко.

Печалбарството во Дримкол оставило многу траги кои збоуваат за тагата на разделбата, за неостварените желби, за тешкиот живот, зборуваат за неизносените невестински руби и за детството родителска љубсв. Така, се јавија новите топоними „женски мост", „плачи камен", „плачи круша" итн. Тоа се места на разделбите на штотуку мажените невести, на родителите од синовите, на децата од родителите Тоа се места оплакани со солзи; места на разделби.

Денес дримколските мајстори имаат своја организација кои сами со својот труд и мајсторски алат ја формираа во далеч ната 1956 година, за да ги градат зградите на новиот живот во кои ќе бидат господари на својот труд Тоа е ГРО ‚Дримкол". Оваа работна организација имала свои градилишта ширум цела Југославија, а заедно со други градежни организа. Таа била носител на развојот во општината, особено со отворањето на рудникот за јаглен „Пискупштина" и разво јот на индустријата за градежни материјали. Со тоа, а посебно со изградбата на Хидроцентралата „Глобочица", дримколскиот крај од чин пазуви се родија и растеа македонските револуционери и творци Арсение Јовков и Војдан Чернодрински. повторно оживеа, но овој пат со еден нов живот.

Кога се патува од Струга кон Дебар, на десетина километри во месноста Суво Поле, недалеку од Црн Дрим, лоцирана е фабриката за терацо и плочки што работи во состав на Грдежната работна организација „Дримкол". Оттука уште четири километри по широкиот асфалтен пат се стасува до Венчани, едно од најголемите, најубавите и најнапредните населени места во Струшко.

Секој што ќе го посети убавото Вевчани Ке види дека таму се живее градски. Велат дека печалбарите се познати по убавите, големи и раскошни куќи. Тој пример е типичен за Вевчани, каде осумдесет посто од куќите се нови, а многу од нив служат за пример за зачување на македонската архитекстура.

Во Вевчани е убаво во пролет кога кокичињата надвиснуваат на планината Јабланица, во лето кога од изворите над селото блика од изворите чиста, здрава и ладна вода, во есен кога се збира грозјето, но најубаво и најпривлечно е во зима за големиот празник „Василица"кога се одржуваат денес Вевчанскиот карневал, кои во минатото беа познати како „Печалбарските денови".

Инаку, манифестација „Вевчанскиот карневал" е културна, но, и туристичка актракција која е од големо значање и за Вевчани и за цела Македонија. Со своето илјадагодишно постоење е повеќе од традиција, еден од најавтентичните симболи на нашето културно наследство кое и покрај предизвиците кои ги имаше и недостигот на континуирана поддршка во изминатите години сепак опстојува како симбол на нашата култура и традиција.

Тоа е потврда на посветеноста и љубовта на Вевчанци кон своето наследство кои со својата упорност и страст се повеќе и повеќе и посилно го поддржуваат овој карневал, го одржуваат жив и ја потврдуваат секогаш неговата важност. Креативните маски изработени со големо мајсторство се повеќе од уметнички дела, тие се огледало на времето, носат пораки, ги поврзуваат минатото и сегашноста, но и најважно од се го критикуваат општеството, сѐ тоа што се случило во изминатите 12 месеци. Вевчанскиот карневал како национален бренд нуди уникатно искуство и кој како спој на културата и туризмот привлекува и ќе привлекува уште поголемо меѓународно внимание и посветеност.

Вевчанскиот карневал кој традиционално го слави доаѓањето на Новата година, но, по стариот календар за Василица, карневал кој ги исмејува сите општествени негативности и појави кои се случуваат преку целата година, но од друга страна ја негува и традицијата, има забавна и научна нитка, зошто Вевчанскиот карневал по својата архаичност, уникатност, особено во маските и изведбата на танците е спој на старото и новото, паганското и тоа што се случува во современиот свет. Секоја година програмата започнува ден порано на 12 јануари, при што првата вечер на сцената настапуваат познати уметници. На 13 јануари по сите карневалски случувања е денот кога се одржува „Вевчанскиот карневал", со сета убавина, раскош и пораки, со цел да ја зајакне печалбарската нитка, особено на печалбарското минато, сегашност и иднина.

# 4. ПРЕСПАНСКА РАЗГЛЕДНИЦА

Нашето патување беше од Битола кон манастирот „Света Мала Богородица“ во Сливница, Преспа. Откако го преминавме превојот Ѓавато, како на дланка видовме дел од Преспанската Котлина. На прв поглед ни падна в очи Ресен, општествено-политичкиот и културниот центар на Преспа. Се гледаа од далеку неколкуте фабрички оџаци во градот, од кои во минатото чадот како долга кадела пливаше по чистиот воздух на Преспа.

Исто така, впечатливи се црвените покриви на новите куќи, што како печурки никнат на сите страни во Ресен. Посебно глетката се збогатува со куќите што го поврзуваат селото Јанковец со Ресен. Од далечина, Јанковец изгледа како низа тутун што виси над патот за селото Кривени, а Златари и Избишта се скриле во густата шума и јаболковите насади.

Многу посетители на Преспа велат дека најубаво да се биде таму е во пролет. Тогаш длабоко се чувствува свежиот воздух што доаѓа од високите букови и борови шуми на Баба и Бигла Планина. Секој патник би сакал да се одмори во овој планински дел, да вдише чист воздух, да се восхитува на убавината и на природата и да ја почувствува свежината на Преспа.

Се спуштавме по патот што како змија вијуга низ густата шума и негде-годе покрај зелените ливади. Оттука во далечината се гледа дел од Преспанското Езеро. Човек кој не бил порано во Преспа, ќе помисли дека природата си поиграла со минатото и направила еден половичен круг меѓу планините и истата подоцна ја исполнила со вода. Од северната страна на тој дел од езерото се забележуваат непрегледни плантажи со јаболка, а од западната страна – надвиснала Галичица која со својата природна убавина ја дополнува езерската привлечност.

Од месноста Макази, од каде што се делат патиштата за Ресен, од десната страна, потоа за Горна Бела Црква, Подмочани и Претор, па продолжува кон Крани, Љубојно, Долно Дупени и Граничниот премин „Маркова Нога“ од левата и третиот кој води право кон Отешево и Царина, автомобилот како да пропадна во непроодна шума. Таа џунгла ја создал вредниот човек на Преспа. Од двете страни на патот од кај селата Козјак и Долна Бела Црква се гледаат овошни насади, прецизно наредни во должина и ширина.

Подзастанавме на кривината пред селото Царев Двор. Уште во влезот на селото се гледаат нови куќи, заградени со ниски бетонски и железни огради, а во дворовите убави цвеќиња. Во селото има и многу стари куќи кои со својата архитектура зборуваат за неговата бурна историја, за печалбарството, за минатото...

На излезот од Царев Двор, од десната страна на реката, се гледа зградата на Централното основно училиште „Браќа Миладиновци“, а веднаш зад училиштето, во продолжение на патот, започувна редица од нови куќи на селото Дрмени. И Дрмени е едно од печалбарските села на Преспа. Овдешните селани велат дека царевдворчани и дрменчани можат да се сретнат на сите континенти во светот. Но, тие во срцата секогаш го носат родниот крај – Преспа. Затоа многуми-

на печалбари се вратиле тука – во својата родна грутка да изградат нови, убави и високи куќи.

По десетина минути, се приближи кон Перово, Покрвеник и Сирхан – нова крајбрежна населба во која на ридот можат да се видат различните градителски достигнувања на македонската архитектура во повоениот период. Тука, езерскиот брег е на оддалеченост од асфалтниот пат само петнаесеттина метри. Тој е покриен со ситен песок, кој одвреме-навреме се мие со чистата езерска вода. На овој дел од езерскиот брег може јасно да се забележи промената на езерското ниво на водата кое се менува, во зависност од временските прилики и годишните времиња.

Песокливите плажи од кај рибарското стопанство „Сирхан" се простираат кон Отешево, најпознатото летувалиште на Преспанското Езеро и првата туристичка населба што во Преспа која беше изградена по војната. Беше составено од многу вили и хотели кои се протегаа долж езерскиот брег, скриени во густата дабова шума.

Прошетката со брод по Преспанското Езеро е посебно доживување, задоволство, одмор... А, ние имавме прилика да направиме прошетка по ова убаво и интересно езеро. Бродот беше преполн со гости, кои со нетрпение чекаа да се најдат на пространата езерска шир. Забоботија моторите на бродот а перките веднаш почнаа да ја сечат водата пред пристаништето во Отешево, со насока кон Царина. Езерото како да спиеше кон средината на заливот, а само негде-годе кон селото Стење се гледаа мали бранови, предизвикани од тивкиот ветер што доаѓаше од кај Галичица.

Рибарите велат дека заливот кај Царина и Стење е „заветарничав", така што во трската покрај брегот може да се уловат поголеми примероци: мрена, скобус или крап, кој е највкусна слатководна риба, а чија популација, за жал, се намалува.

По одминувањето на заливот, се стигнува до месноста Казан каде, веројатно поради големата длабочина на Езерото, професионалните рибари ги полнат своите кајчиња со преспански риби. Езерскиот брег тука е стрмен и негде-годе со широки плажи покриени со ситен песок, а другите места се напластени со големи карпи што стрмно се спуштаат и се губат во езерската длабочина. Овој дел на Преспа е рајот на пеликаните кои гордо пливаат по езерската шир – далеку од човековата неправда.

Тука, во Преспанското Езеро, и на дното и во плитките делови на коритото, има повеќе отвори и поврзаноста, односно хидролошката врска помеѓу него и Охридското Езеро е докажана и научно со помош на методата на радиоактивни изотопи. Тука Преспанското Езеро тече и го напојува со својата вода Охридското Езеро. Поточно, со водата која тоа самото ја добива од малото Преспанско Езеро. Оваа прекрасна водена врска меѓу Малото и Големото Преспанско Езеро и Охридското, во Завир е највидлива и човека го заплиснува со вечното чудо на природата.

На југ од Казан сместено е селото Коњско, можеби најубавото село на тој дел од брегот. Тоа е типично македонско рибарско село со куќи долж брегот. Недалеку од Коњско, пак, кон селото Нивици, кое се наоѓа во егејскиот дел на Македонија, е островот Голем Град, најголемиот езерски остров во нашата земја. Бујната

вегетација и густата шума го прават Островот егзотичен, кој потсетува на заборавен тропски предел. Според народните преданија, Островот бил дворец на првиот македонски цар Самуил, кој по напорните борби доаѓал да се одмара тука.

Од Островот, посетителот може да види три држави, зашто граничната тромеѓа што ја кроеле Големите сили се наоѓа во непосредна близина. Тука, над сината и бистра вода, уште од Првата светска војна го спуштиле белото буре што треба да потсетува на безмилосното касапење на Македонија.

И секој би се запрашал што се друго се крие во бистрата вода што со векови ги рони бреговите на Галичица и на Иван Планина, за да навлезе во нивните карсни предели и да се појави кај Свети Наум или Подградец. Од Островот се гледаат многу преспански села во Албанија, како и Нивици на јужниот преспански брег од Егејска Македонија, прочуено надалеку по вкусната белвица што ја ловат дури и жените нивичанки.

Кога бродот свртe кон исток, паралелно со граничната линија во правец на Маркова Нога, Нивици се скри зад Р'тот, а се појави заливот кон југ кој се стеснува кај „мостот" Перово, каде водите од Мала Преспа се влеваат во големото Преспанско Езеро. Во далечината се гледа островот Ахил како да се споил со селото Винени. Граничната линија од бели буриња не ни дозволи да се восхитуваме на тоа историско место и на убавината на Долна Преспа.

Од далечина, како нанижани долж езерскиот брег се гледаат селата Оровник, Папли, а во линија кон Маркова Нога продолжуваат: Рудари, Штрково, Медово и Раби. На исток од Раби се наоѓа селото Герман, село свидетел на македонската историја. Тука е најден најстариот мекедонски споменик, спомен-плочата од цар Самуил на своите родители.

Бродот се движеше долж песочното крајбрежје, а ние патниците се насладувавме на убавината на овој македонски дел. Нашата дестинација беше Претор, а оттаму отидовме во Сливница, село со неповторлива убавина, убавина на која секој што потекнува од тој питом крај треба да и се навраќа.

Таму, во пазувите на Баба Планина, недалеку од Езерото, а на неколку километри од границата, се наоѓаат живописните села Долно Дупени, Наколец, Љубојно и Брајчино, а во продолжение нанижани се Штрбово, потоа Крани, Арвати и Сливница.

Тие се дел на Долна Преспа и типични преспански, печалбарски места од кои, од голем број села под Пелистер, многумина заминале и се здомиле во САД, Канада, Австралија и во некои европски земји. Меѓутоа, одреден број иселеници чија цел за враќање е кристално чиста, доаѓаат во родните места кои ги привлекуваат со невидена сила за да воздивнат во своите стари домови, за да ги реновираат старите или да изградат нови куќи, да ги обноват спомените од младоста...

Од Претор со возило заминавме за Сливница, селото над кое е сместен еден од најзначајните црковно-национални споменици во Преспа и во Македониаја, црквата „Пресвета Богородица Слимничка", која е чувар на Македонците од етничка Македонија.

# „РЕПОРТАЖИ ЗА СВЕТСКИ МЕТРОПОЛИ“

ВОВЕД 5

ДЕЛОТО „ПАТУВАА ОКОЛУ СВЕТОТ“ – ГОЛЕМ ПРЕДИЗВИК 8

1. БРАЗИЛ 15

   1. БРАЗИЛ – ЗЕМЈАТА НА КАФЕТО, ТАНЦОТ, ФУДБАЛОТ, УБАВИТЕ ЖЕНИ . . . . 15
   2. РИО ДЕ ЖАНЕИРО – НАЈПОСЕТУВАНАТА МЕТРОПОЛА ВО ЈУЖНАТА ХЕМИСФЕРА 18
   3. ПЕТРОПОЛИС – ЦЕНТАРОТ НА ИМПЕРИЈАТА И БОГАТСТВОТО . . . . . . . 22
   4. ПРЕД СПОМЕНИКОТ НА ИСУС ХРИСТОС – СПАСИТЕЛОТ НА РИО ДЕ ЖАНЕИРО . 25

2. АРГЕНТИНА 31

   1. АРГЕНТИНА – ЗЕМЈАТА НА БОГАТСТВО, КОНТРАВЕРЗИ И НА ТАНГОТО . . . 31
   2. БУЕНОС АИРЕС (РИО ДЕ ЛА ПЛАТА) – ГЛАВНИОТ ГРАД НА АРГЕНТИНА. . . 34
   3. ДЕЛ ОД ПРВИТЕ МАКЕДОНЦИ ВО АРГЕНТИНА . . . . . . . . . . . . . . . 37

3. КУБА 41

   1. КУБА – СВЕТСКА ДЕСТИНАЦИЈА ЗА ОДМОР И РЕКРЕАЦИЈА. . . . . . . . . 41
   2. ХАВАНА – ГЛАВНИОТ ГРАД НА КУБА. . . . . . . . . . . . . . . . . . . 44
   3. ВО ЗЕМЈАТА НА КОЛУМБО И КАСТРО . . . . . . . . . . . . . . . . . . 47
   4. КУБА – ЗЕМЈА НА КУЛТУРАТА, МУЗИКАТА, ИГРАТА, СПОРТОТ . . . . . . . . 49

4. МЕКСИКО – ВАЛЈЕРТА 53

   1. ВО КОЗУМЕЛ – ЈУЖНОТО МЕКСИКАНСКО ТУРИСТИЧКО ПРИСТАНИШТЕ . . 53
   2. ВО ЛЕТОВАЛИШТЕТО ПОРТО ВАЉАРТА НА ТИХИОТ ОКЕАН . . . . . . . . 56
   3. НА ПЕСОЧНИТЕ ПЛАЖИ НА ТИХИОТ ОКЕАН . . . . . . . . . . . . . . . . 60
   4. ТУРИСТИЧКИ ПРОШЕТКИ ВО МЕКСИКО И ВРАЌАЊЕ ВО КАНАДА. . . . . . 63

5. ФЛОРИДА 69

   1. ВО ПОСЕТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ФЛОРИДА . . . . . . . . . . . . . . . 69
   2. ОД ПАТУВАЊЕТО И ПРЕСТОЈОТ ВО НЕЈПЛС . . . . . . . . . . . . . . . . 72
   3. НАЈДОЛГОТО ПАТУВАЊЕ ОД ФОРТ ЛОДЕРДЕЛ ДО ХАИТИ, ЈАМАЈКА И МЕКСИКО . 75
   4. НА ПАТ ОД ФЛОРИДА ДО НИЈАГАРА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 78

6. САД 83

   1. ВО ПОСЕТА НА СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ, ВО ВАШИНГТОН И ЊУЈОРК . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 83
   2. МАКЕДОНЦИТЕ ВО СВЕТСКАТА МЕТРОПОЛА ЊУЈОРК. . . . . . . . . . . . 87

3. ДЕТРОИТ – НАЈГОЛЕМАТА МАКЕДОНСКА КОЛОНИЈА . . . . . . . . . . . . . 90
4. МЕЃУ МАКЕДОНЦИТЕ НА ЦРКОВНИОТ СОБОР ВО КЛИВЛЕНД . . . . . . . 94

7. КАНАДА 99

1. НА ПАТ ОД МАКЕДОНИЈА ДО КАНАДА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 99
2. ТОРОНТО – ВТОРАТА МАКЕДОНСКА ПРЕСТОЛНИНА . . . . . . . . . . . . 102
3. НА НЕЗАБОРАВНИТЕ И ВЕЧНИ НИЈАГАРИНИ ВОДОПАДИ. . . . . . . . . . 104
4. ДЕЛ ОД ПАТУВАЊЕТО ОД ТОРОНТО ДО ЧИКАГО . . . . . . . . . . . . . . . 107

8. ШПАНИЈА 111

1. ШПАНИЈА – ЗЕМЈАТА НА ЦИВИЛИЗАЦИИТЕ, УБАВИНАТА, ФУДБАЛОТ . . . 111
2. ПОВРЗАНОСТА НА ШПАНИЈА И МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ АЛОНСО ДЕ ОХЕДА – ДРАГАН ОД ОХРИД, ЕВРЕИТЕ И ШПАНСКИТЕ БОРЦИ . . . . . . . 114
3. ВО МАДРИД – ПРЕСТОЛНИНАТА НА ПИРИНЕЈСКИОТ ПОЛУОСТРОВ . . . . 116
4. ВО БАРСЕЛОНА – ПРЕСТОЛНИНАТА НА КАТАЛОНИЈА И ГРАДОТ НА ФУДБАЛОТ 118

9. ИТАЛИЈА 123

1. ИТАЛИЈА – ЗЕМЈАТА НА МИНАТОТО, РЕПИГИЈАТА, ЉУБОВТА . . . . . . . . 123
2. РИМ – ГРАДОТ НА СВЕТЛИНАТА, УБАВИНАТА, ШАРМОТ И АРХИТЕКТУРАТА . 126
3. ВАТИКАН – ЦЕНТАРОТ НА РИМОКАТОЛИЧКАТА ЦРКВА . . . . . . . . . . . 128
4. НА ГРОБОТ НА СВЕТИ КИРИЛ СОЛУНСКИ ВО РИМ . . . . . . . . . . . . . 132

10. ВЕЛИКА БРИТАНИЈА 137

1. ВЕЛИКА БРИТАНИЈА – ЗЕМЈАТА НА МИНАТОТО И ИДНИНАТА . . . . . . . 137
2. ДЕЛ ОД ИСТОРИСКИОТ РАЗВОЈ НА БРИТАНСКОТО КРАЛСТВО . . . . . . . 140
3. ВО СВЕТСКАТА МЕТРОПОЛА ЛОНДОН . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 142
4. ОДГЛАСИ НА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ВО ВЕЛИКА БРИТАНИЈА . . . . 145

11. ЕГИПЕТ 149

1. ЕГИПЕТ - ЗЕМЈАТА НА ФАРАОНИТЕ И ДРЕВНАТА КУЛТУРА . . . . . . . . . 149
2. ВО КАИРО – ПРЕСТОЛНИНАТА НА ЕГИПЕТ. . . . . . . . . . . . . . . . . . . 152
3. АЛЕКСАНДАР ТРЕТИ МАКЕДОНСКИ ВО ЕГИПЕТ. . . . . . . . . . . . . . . . 154
4. МАКЕДОНСКО – ЕГИПЕТСКА КРАЛИЦА - УБАВИЦАТА КЛЕОПАТРА . . . . . 157

12. ЕМИРАТИ 161

1. ВО ДУБАЈ – НОВАТА СВЕТСКА МЕТРОПОЛА . . . . . . . . . . . . . . . . . 161
2. ДОЛГИ И ИНТЕРЕСНИ ПУСТИНСКИ ВОЗБУДУВАЊА . . . . . . . . . . . . . 164

13. ИНДИЈА 169

1. ИНДИЈА – ЗЕМЈАТА НА СКОПЈАНКАТА МАЈКА ТЕРЕЗА. . . . . . . . . . . . 169
2. АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ ВО ИНДИЈА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 171

3. МАКЕДОНСКА ДЕЛЕГАЦИЈА ЗА ПОГРЕБОТ НА МАЈКА ТЕРЕЗА ВО КАЛКУТА . 173
4. СВЕЧЕН ПОГРЕБ ЗА ГОЛЕМАТА МИСИОНЕРКАТА . . . . . . . . . . . . . . . 175
5. СТЕВО И ЕСМА ПО ПАТОТ НА АЛЕКСАНДАР ДО ИНДИЈА . . . . . . . . . . . 177

14. ИЗРАЕЛ 183

1. ИЗРАЕЛ - ВЕТЕНАТА БИБЛИСКА ЗЕМЈА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 183
2. ВИТЛЕЕМ – РОДНОТО МЕСТО НА ИСУС ХРИСТОС . . . . . . . . . . . . . . . 185
3. СУДБИНСКАТА ПОВРЗАНОСТ НА ЕВРЕЈСКИОТ И НА МАКЕДОНСИКИОТ НАРОР . 188
4. ЕРУСАЛИМ – „ГРАДОТ НА МИРОТ" И ВОЈНАТА. . . . . . . . . . . . . . . . . . 190

15. ТУРЦИЈА 195

1. ВО ЗЕМЈАТА НА ГОЛЕМИОТ КЕМАЛ АТАТУРК. . . . . . . . . . . . . . . . . . 195
2. ВО АНКАРА – ПРЕСТОЛНИНАТА НА ТУРЦИЈА. . . . . . . . . . . . . . . . . . 199
3. ВО ИСТАНБУЛ – ПРЕД САРКОФАГОТ НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ. . . . 202
4. ОД ИСТАНБУЛ ДО БУРСА И ИЗМИР. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 205

16. АВСТРАЛИЈА 211

1. ПАТУВАЊЕТО ОД СКОПЈЕ ДО СИДНЕЈ ВО „НЕПОЗНАТАТА ЗЕМЈА" АВСТРАЛИЈА . 211
2. ДЕЛ ОД ПРЕСТОЈОТ ВО СИДНЕЈ – ГРАДОТ НА ЏЕЈМС КУК . . . . . . . . . . 214
3. ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ВО СИДНЕЈ. . . . . . . . . . . . . . 216
4. МАКЕДОНЦИТЕ ВО МЕТРОПОЛАТА МЕЛБУРН . . . . . . . . . . . . . . . . . 219
5. СПОМЕНИ ОД МЕТРОПОЛАТА МЕЛБУРН. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 222

17. РУСИЈА 227

1. ВРСКАТА МЕЃУ ГОЛЕМА РУСИЈА И МАКЕДОНИЈА . . . . . . . . . . . . . . . 227
2. МОСКВА – СВЕТСКА МЕТРОПОЛА И ГРАД НА ПУШКИН . . . . . . . . . . . . 230
3. ВО МОСКВА КАКО ВО ОХРИД . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 233
4. СУДБИНАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД БЕЛОМОРСКА МАКЕДОНИЈА ВО ТАШКЕНТ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 235

18. УКРАИНА 239

1. ВЕЧНИТЕ ВРСКИ МЕЃУ УКРАИНА И МАКЕДОНИЈА. . . . . . . . . . . . . . . 239
2. КИЕВ – ГРАДОТ НА ВЕЧНОСТА И ХРИСТИЈАНСТВОТО . . . . . . . . . . . . 243
3. УКРАИНСКИ КОНТРАСТИ НА РАЗВОЈОТ И ОПСТАНОКОТ . . . . . . . . . . . 245

19. РОМАНИЈА 249

1. РОМАНИЈА – ПРИЈАТЕЛСКА ЗЕМЈА НА МАКЕДОНИЈА. . . . . . . . . . . . . 249
2. БУКУРЕШТ – МЕТРОПОЛАТА КАДЕ Е ПОДЕЛЕНА МАКЕДОНИЈА. . . . . . . 251
3. ВЛАШКО И ПРЕСЕЛБАТА НА "ВЕТЕНАТА ЗЕМЈА" И ЗА БРОЈНИ МАКЕДОНЦИ. 255
4. МАНАСТИРИТЕ ВО КУРТЕА ОД АРЏЕС – ПОДДРЖУВАЧИ НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА. . . . . . . . . . . . . . . . . . . 257

20. ГЕРМАНИЈА 261

1. ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА . . . . . . 261
2. ЧЕСТВУВАЊЕ НА СВЕТИ МЕТОДИЈА ВО ГЕРМАНИЈА – ЗНАЧАЈНА МАНИФЕСТАЦИЈА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 265
3. ВО МАКЕДОНСКИОТ КЛУБ „ВАРДАР“ ОД ЗИНДЕЛФИНГЕН . . . . . . . . . 268
4. ВО МЕТРОПОЛАТА НА ГЕРМАНСКАТА ВИСТИНА – БЕРЛИН . . . . . . . . . 270

21. ШВАЈЦАРИЈА 275

1. ШВАЈЦАРИЈА – ЗЕМЈАТА НА ФЕДЕРАЛНИ КОНТРАСТИ И НА ЗИМСКИТЕ СПОРТОВИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 275
2. НА МИТРОВДЕН МЕЃУ МАКЕДОНЦИТЕ ВО ТИЧИНО . . . . . . . . . . . . 277
3. ЦИРИХ – НАЈГОЛЕМИОТ ГРАД ВО ШВАЈЦАРИЈА . . . . . . . . . . . . . . 279
4. ДЕЛ ОД ВЕЛИЧЕСТВЕНИТЕ ЕЗЕРА НА ШВАЈЦАРИЈА. . . . . . . . . . . . . 281

22. ЧЕШКА И СЛОВАЧКА 285

1. ДЕЛ ОД ИСТОРИСКИОТ РАЗВОЈ НА ЧЕШКА И СЛОВАЧКА . . . . . . . . . . 285
2. ДЕЛ ОД ИСТОРИЈА НА СЛОВАЧКА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 287
3. ПРАГА - ГРАДОТ НА МИНАТОТО И ИДНИНАТА . . . . . . . . . . . . . . 289
4. БРАТИСЛАВА – ГЛАВЕН ГРАД НА СЛОВАЧКА . . . . . . . . . . . . . . . 291

23. УНГАРИЈА 295

1. УНГАРИА–ЗЕМЈА НА РАЗЛИЧНИ ТРАДИЦИИ И ИЗРАЗЕНА АРХИТЕКТУРА. . 295
2. МЕЃУНАРОДЕН СИМПОЗИУМ „УЛОГАТА НА ЦРКВАТА ВО НОВИТЕ ОПШТЕСТВА“ ОДРЖАН ВО БУДИМПЕШТА . . . . . . . . . . . . . . . . . 297
3. ОД БУДИМ ДО ПЕШТА СО ВЕСНИКОТ „МАКЕДОНСКИ ИЗВОР“. . . . . . . . 299
4. ПРОГОНЕТИТЕ МАКЕДОНЦИ ОД ЕГЕЈОТ ВО ИСТОЧНО – ЕВРОПСКИТЕ ЗЕМЈИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 301

24. ФРАНЦИЈА 305

1. ВО ПРЕСТОЛНИНАТА ПАРИЗ – ГРАДОТ НА СВЕТЛИНАТА, ЉУБОВТА . . . . 305
2. ПРЕД АЈФЕЛОВАТА КУЛА – „ДАМАТА НА ПАРИЗ“ . . . . . . . . . . . . . 307
3. ВО ВЕРСЕЈ – СЕДИШТЕТО НА ФРАНЦУСКИТЕ КРАЛЕВИ . . . . . . . . . . 309

25. ШВЕДСКА 313

1. ВО ШВЕДСКА – ЗЕМЈАТА НА ВИКИНЗИТЕ . . . . . . . . . . . . . . . . 313
2. МАКЕДОНСКИ МАНИФЕСТАЦИИ ВО ШВЕДСКА . . . . . . . . . . . . . . 316
3. ПОСЕТА НА МАКЕДОНСКИТЕ ПРАВОСЛАВНИ ЦРКВИ ВО ШВЕДСКА . . . . 319

26. СЛОВЕНИЈА 325

1. ВО СЛОВЕНИЈА – ЗЕМЈАТА ПОД АЛПИТЕ . . . . . . . . . . . . . . . . 325
2. ЉУБЉАНА – ГРАД СО МНОГУ КУЛТУРНИ СПОМЕНИЦИ . . . . . . . . . . 328
3. НА ГОСТИ ВО ПРИЈАТЕЛСКА ЉУБЉАНА . . . . . . . . . . . . . . . . . 331

27. ХРВАТСКА 335

1. МЕЃУ МАКЕДОНЦИТЕ ВО ПРИЈАТЕЛСКА ХРВАТСКА . . . . . . . . . . . . . . . 335
2. ФОРМИРАЊЕ НА ПРВАТА МПЦ „СВЕТА ЗЛАТА МЕГЛЕНСКА“ ВО ЗАГРЕБ . . 337
3. ПАТУВАЊА И СРЕДБИ ПО ДЕМОКРАТСКА ХРВАТСКА . . . . . . . . . . . . . 340

28. СРБИЈА 345

1. ВО БЕЛГРАД НА ДРЕВНИОТ КАЛЕМЕГДАН. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 345
2. МАКЕДОНЦИТЕ – ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА НА СРБИЈА . . . . . . . . . . . . . . . 347
3. ПРИЗНАНИЈА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ШИРУМ СРБИЈА . . . . . . . . . . . . . . . 349

29. АЛБАНИЈА 353

1. ОД ПАТУВАЊАТА НИЗ АЛБАНИЈА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 353
2. КОНТРАСТИТЕ И ПОСТИГНУВАЊАТА ВО АЛБАНИЈА. . . . . . . . . . . . . . . 356
3. ВО ДОМОТ НА ПИСАТЕЛОТ СТЕРЈО СПАСЕ ВО ТИРАНА . . . . . . . . . . . 358
4. ВО МАКЕДОНСКАТА ОПШТИНА ПУСТЕЦ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 360

30. ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА 365

1. ДЕЛ ОД ПАТУВАЊАТА ПО БЕЛОМОРСКА МАКЕДОНИЈА. . . . . . . . . . . . 365
2. ВО ПЕЛА – АНТИЧКО- МАКЕДОНСКАТА ПРЕСТОЛНИНА . . . . . . . . . . . 368
3. ВО КОСТУР КАКО ВО ОХРИД . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 370
4. ПАТУВАЊЕ ОД КОСТУР ДО ЛЕРИН . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 372

31. ПИРИНСКА МАКЕДОНИЈА 377

1. ВИСТИНАТА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ВО БУГАРИЈА . . . . . . . . . . . . . . . . . 377
2. ВО НАЈГОЛЕМИОТ ПИРИНСКИ ГРАД – БЛАГОЕВГРАД. . . . . . . . . . . . . 379
3. ОД КРЕСНА ДО СТРУМА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 381
4. ПАТУВАЊЕ ДО ГРОБОТ НА ЈАНЕ САНДАНСКИ . . . . . . . . . . . . . . . . . 383

32. МАКЕДОНИЈА 387

1. МАКЕДОНИЈА ПОСТОЕЛА, ПОСТОИ И ЌЕ ПОСТОИ . . . . . . . . . . . . 387
2. СКОПЈЕ – ГЛАВНИОТ ГРАД НА МАКЕДОНИЈА . . . . . . . . . . . . . . 390
3. НА ВАСИЛИЦА ВО ВЕВЧАНИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 394
4. ПРЕСПАНСКА РАЗГЛЕДНИЦА. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 396



**Славе Николовски – Катин** кој е познат како **Славе Катин** е публицист, журналист, преведуцач и аналитичар на македонското иселеништво. Тој е познат на македонската и на меѓународната јавност по неговите бројни публикации, новинарски и научни трудови кои се посветени, главно, на етничка Македонија и на животот на Македонците во дијаспората. Исто така, неговата работа и творештво се однесува и на низа други аспекти поврзани со македонската дијаспора, како и со културата, литературата, јазикот, историјата, журналистиката и религијата. Тој е автор на шеесет публикации, на околу пет илјади објавени новинарски текстови и други единици од науката, фељтони, репортажи, осврти, портрети, преводи од литературата, јазикот, религијата и културата на англиски и на македонски јазик, како и на друг вид текстови и материјали што се објавени во земјата и во светот, од кои дел можат да се видат или да се прочитаат на неговата Веб – страница: www.slavekatin.com

Славе Катин бил акредитиран новинар од Македонија за *„Австралиско-македонски неделник“* од Мелбурн и за *„Меѓународна политика“* од Белград. Како активен новинар бил избран за секретар на Здружението на новинарите на Македонија, на која должност остана пет години. Потоа бил член на Претседателството и на Комисијата за меѓународна соработка на Здружението. Бил член и на Советот на *„Центарот за странски јазици‘* во Скопје, на Издавачкиот совет на *„Меѓународна политика“* од Белград и член на *„Друштвото на литературните преведувачи на Македонија“*. Почесен член е на Литературното друштво *„Браќа Миладиновци“* и на *„Канадско-македонското историско друштво“* од Торонто, Канада, на *„Обединетата македонска дијаспора“* од Вашингтон, САД, како и на Литературното друштво *„Григор Прличев“* од Сиднеј, Австралија, а е член на Друштвото за наука и уметност од Битола, Република Македонија.

Славе Катин е добитник на голем број награди и признанија од бројни организации, друштва, установи, цркви и црковни општини во Република Македонија и во странство. Тој, меѓу другото, е добитник на наградата ***„Крсте Петков Мисирков“*** на Здружението на новинарите на Македонија од областа на журналистиката, наградата ***„Признание за животно дело“*** на „48-те Љубански илинденски иселенички средби“ (2021), наградата ***„Повелба за животно дело“*** на манифестацијата *„Пелагонските културно-научни средби“* (2022) во Новаци, Битола, како и на најпрестижната ***„Награда за животно достигнување“*** на *„Обединетата македонска дијаспора“* од Вашингтон, САД, за постигнувањата на полето на дијаспората.

ISBN XXXXXXXXXXX